УНИВЕРЗИТЕТ СВ. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР СТОЈМИЛОВ
ПРОФ.Д-Р БИЛЈАНА АПОСТОЛОВСКА – ТОШЕВСКА

# СОЦИОЕКОНОМСКА ГЕОГРАФИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(второ дополнето издание)



СКОПЈЕ 2016 год.

УНИВЕРЗИТЕТ СВ. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР СТОЈМИЛОВ

ПРОФ.Д-Р БИЛЈАНА АПОСТОЛОВСКА – ТОШЕВСКА

# СОЦИОЕКОНОМСКА ГЕОГРАФИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**(второ дополнето издание)**

**СКОПЈЕ 2016 год.**

**Рецензенти**

**Д-р Ристо Мијалов, редовен професор**

**Д-р Мирјанка Маџевиќ, редовен професор**

**Лектор**

**Станка Дамјановска**

Со одлука бр.07-1294/7 од 12.V. 2005 година на Наставно-научнот совет на Природно-математички факултет во Скопје, печатено како универзитетски учебник.

Со одлука бр 07-698/2 од 23. 05. 2014 година на Наставно-научнот совет на Природно-математички факултет во Скопје, печатено како универзитетски учебник.

CIP – Категоризација на публикација

Народна и универзитетска библиотека

-„Св. Климент Охридски“, Скопје 911.3 (497.7) (075.8)

Стојмилов Александар

Социоекономска географија на Република Македонија

(Универзитетски учебник)- Александар Стојмилов-Скопје

Природно-математички факултет 2005, 373 страни и илустрации

24 см, ( Едиција Универзитетски учебници)

Библиографија: стр.353-366

ISBN 9989-668-50-7

а.Македонија-геграфија високошколски учебници

COBISSMK-ID106297.4218

## *П Р Е Д Г О В О Р*

Во учебникот е опфатена целокупната, демографска и економско-географска проблематика на Македонија. Пишуван е врз современа географска концепција и во него е презентиран материјал од повеќегодишното наставно и научно искуство на авторот стекнато во научното истражување на социоекономската географија и изведувањето на универзитетската настава. При пишувањето користени се најновите резултати од социоекономската географија и сродните дисциплини на неа.

Во текстот, географските објекти, процеси, појави и проблеми се следени и прикажани од просторен и од временски аспект. Сето тоа е придружено со доволно факти. Материјалот е изложен во два тематски дела:

социо-географски и економско-географски дел.

Материјалот во првиот дел е изложен во следните две поглавја:

1. Население и 2. Населби.

Во поглавјето за населението е разработено населувањето на територијата на Македонија и етногенетските процеси кои се одвивале во минатото на овој простор. При тоа особено внимание е посветено на населението и населеноста во Македонија во одделните историски периоди и етно-генетските влијанија, со цел да се објасни етногенезата на македонската нација и денешното бројно присуство на малцинствата кои овде живеат. Потоа детално се разработени демографските карактеристики на населението во Република Македонија, преку податоци од сите званични пописи заклучно со 2002 година. Одделно се прикажани миграционите движења и тоа како внатрешните така и надворешните миграции.

Второто поглавје се однесува за населбите во Република Македонија. Во него е изнесен развитокот и поделбата на населбите и се прикажани карактеристиките и специфичностите на градските и селките населби.

Во материјалот од третиот дел е презентирано:

1. Земјоделството, 2. Шумарството, 3. Индустријата и рударството

4. Сообраќајот, 5. Трговијата и 6. Туризмот во Република Македонија.

Во почетокот на овој дел, освен природно-географските фактори изнесени се и општествено-економските услови во минатото на Македонија и изложено е нивното значење за развој на стопанството. Развојот е анализиран во одделни историски периоди, при што најголемо внимание е посветено на периодот по Втората светска војна.

Во поглавјето за земјоделството, одделно е презентирана географската разместеност и производството на житните, индустриските, градинарските и фуражните култури, потоа овоштарството, лозарството и сточарството. Кај шумарството во Република Македонија изнесени се прво природните услови за развој на шумарството, потоа видовите на шуми и посебно внимание е посветено на подигањето и обновата на шумскиот фонд.

На географијата за индустријата и рударството е даден најголем простор во трудот. Овде најпрво опширно е разработен историскиот развој на индустријата во Република Македонија. Потоа следува развојот и карактеристиките иа енергетското стопанство, на црната и обоената металургија, производството и преработката на неметалните минерали, металската индустрија со сите свои гранки, хемиската индустрија, индустријата за преработка на дрво и добивање на хартија, текстилната индустрија, индустријата за кожа, гуми и обувки, прехранбената индустрија, индустријата за тутун и графичката индустрија. Направен е обид за секоја индустриска гранка да се прикаже нејзиниот развоен пат од основањето на првите фабрики сè до денес. Енергетиката како услов за развој на целото стопанство: најпрво е презентирано и јасно е нагласено дека Република Македонија нема доволно енергетски ресурси. Рударството не е разработено одвоено бидејќи во современиот географски приод тоа се врзува со индустриските гранки во кои се јавува како нивен составен дел.

Во поглавјето за сообраќајот запазен е географскиот принцип на тој начин што најпрво се изнесени факторите за развој на сообраќајот, а потоа се изложени сообраќајните гранки и нивната територијална разгранетост во државата.

На крајот се поместени географските особености на трговијата и туризмот во Република Македонија. Во одделот за трговијата посебно е прикажана внатрешната трговија, но адекватно внимание е посветено и на надворешната трговија. Кај туризмот пак, најпрво се разработени развојните фактори, потоа е презентиран историскиот аспект, па денешната состојба и на крајот се опишани одделните туристички простори во Републиката.

Трудот првенствено е наменет за студентите по географија. Меѓутоа, тој може корисно да послужи и за други студенти кои ја изучуваат оваа проблематика, како и на сите оние кои ги интересира географијата на Македонија и сакаат да дознаат повеќе за неа. На професорите и наставниците по географија, изложената материја овде, ќе им го олесни подготвувањето и изведувањето на наставата по географија на Република Македонија во училиштата од сите степени на образованието.

Овде чуствуваме потреба да ја изразиме својата благодарност на рецензентите *д-р Ристо Мијалов и д-р Мирјанка Маџевиќ,* кои со своите сугестии помогнаа многу во стручното и методското оформување на трудот.

Покрај сите настојувања трудот да биде издржан, заради сложената проблематика што се разработува во него, а некои делови од него како на пример стопанско-географските карактеристики на Република Македонија кои за првпат се презентираат на ваков начин, можно е да има одредени недостатоци и пропусти. Затоа, однапред им изразуваме благодарност на сите оние кои добронамерно ќе укажат на нив.

*Авторите*

# I. НАСЕЛЕНИЕ И НАЦИЈА

## 1. НАСЕЛУВАЊЕ И ЕТНОГЕНЕТСКИ ПРОЦЕСИ

Погодната територијална сместеност на Македонија на Балканскиот Полуостров ѝ овозможила да биде населена многу векови пред нашата ера. Уште во раните етапи на праисторијата таа имала посебно значајно место во културниот развој на стариот Балкан и во поврзувањето на двете големи културни сфери: егејско-анадолската како извориште на најраните земјоделски култури со внатрешно балканската и средноевропската културна сфера. Поволната географска положба, со широкиот излез на Егејското Море и текот на значајните меѓународни патишта допринеле населението во Македонија рано да ги почувствува влијанијата на развиените медитерански народи, но исто така да ги осети и последиците од навлегувањето на разни завојувачи.

Од праисторијата па наваму на територијата на Македонија, во зависност од историско-општествените, политичките и социоекономските состојби, се одвивале низа промени во населеноста и населението. Античките извори како најстаро население во Македонија ги наведуваат неолитските племиња, кои биле неиндоевропско население. После нив на нашата територија се населиле древните Македонци како индоевропско население. Значајни промени настанале за време и непосредно по доселувањето на Словените. Подоцна, повеќе туѓи народи настојувале да ја освојат Македонија, а македонскиот народ да го покорат и асимилираат. Така, во неа воспоставувале византиска, српска, бугарска и турска власт, во подалечното минато, па повторно српска, бугарска и грчка власт во поновото минато. Тие се стремеле во тоа да се негира самобитноста на македонскиот народ, но и да се оттуѓи дел од просторот на Македонија (Панов, 1976).

Овие процеси и влијанија силно се одразувале врз етничките промени, миграциските движења и демографската структура на населението во Македонија. Така во етничкото обликување на македонскиот народ учествувале и други народи, но сите тие не влијаеле позначително врз етничката состојба кај локалното население. Во рамките на таквите етнички односи, сепак Македонците успеале да останат посебна народна целина која како нација е заокружена во текот на XIX век.

По петвековното ропство под Турците, во 1913 година со Букурешкиот мировен договор, територијата на Македонија била поделена помеѓу победничките сили во Балканските војни: Србија, Грција и Бугарија, така што Вардарскиот дел на Македонија (26.440 $km^2$ или 38,6%) бил окупиран од Србија, Егејскиот дел (34.411 $km^2$ или 50,3%) од Грција и Пиринскиот дел (6.798

km$^2$ или 9,9%) од Бугарија, а одредени подрачја (со површина од 802 km$^2$ или 0,2%) и биле дадени на Албанија. За време на Втората светска војна, во 1943 година, на Второто заседание на АВНОЈ, македонскиот народ за прв пат во својата историја, како резултат на сопствената борба за слобода е признат како посебна нација и е решено Македонија да влезе во состав на Демократска Федеративна Југославија, како посебна федерална единица. Во 1944 година на 2 Август, за време на Првото заседание на АСНОМ, Вардарскиот дел на Македонија бил прогласен за Република и таа станала рамноправна федерална република во составот на Југославија. Во 1991 година со референдум се одделила од Југославија и се прогласила за самостојна држава под името Република Македонија, која во 1993 година е примена како 181 држава - членка на Обединетите нации.

## 1.1. НЕОЛИТСКО НАСЕЛЕНИЕ И НАСЕЛБИ

Според досегашните проучувања, Македонија поради својата мошне поволна географска положба, како поморска земја, била населена уште од периодот на постариот неолит. Тоа е епоха на примитивно земјоделство со почетоци на сточарството, со постојано населување и развиток на домашната преработка, особено грнчарството. Всушност тоа е период кога првобитното општество преминало од најраната фаза на својот развиток- дивјаштвото, во нова поразвиена фаза-варварството. Населеноста во Македонија во тоа време била значителна. Ширењето на материјалната култура доаѓала од Анадолско-тракиската област и тоа веројатно по пат на миграциски движења на населението кое барало нови обработливи површини.

Во етнички поглед неолитското население во Македонија го сочинувала една група која претставувала дел од останатото население на Источен Медитеран. Таа етничка заедница во доцниот неолит е разбиена со продор на народи од подунавјето, а на почетокот на бронзената доба и со навлегување на елинските народи од југ. Античките извори од овој период како посебни групи кои живееле во Македонија ги издвојуваат: 1. Десаретите-кои живееле покрај брегот на Охридското езеро; 2. Пенестите-го населувале просторот северно од нив, веројатно во сливот на Треска; 3. Линкестите-живееле во околината на Битола; 4. Деурипите-ја населувале околината на Прилеп; 5. Пелагонците-во Пелагонија помеѓу Линкестите и Деурипите; 6. Пеонците-живееле во долината на Вардар; 7. Дарданци-во Скопско, Полог и Кумановско и др.

Неолитското население во Македонија живеело пред 4,5 илјади години пред нашата ера. Тоа било неиндоевропско население кое претходело на древните Македонци. Луѓето биле со среден раст, имале тркалезна глава, а по боја биле црномурни. Се смета дека генетски влијанија од ова древно население се пренесени на подоцнежното македонско население. Така,

црномурната боја на кожата кај денешните жители, потоа некои географски имиња (топоними), водат потекло од овие стари народи.

Основната економска гранка на неолитското население претставувало земјоделството и тоа одгледувањето жита. Како орудија биле употребувани мазните камени секири, повеќето со сплескан или трапезоиден облик. Ова население историски тесно било поврзано со Тракија, како и со разни културни групи во Анадолија. Тоа го потврдуваат пронајдените материјални траги од керамика и разните видови камени орудија.



Од Анадолија потекнува пченицата, како и прачката како оружје типично за егејско-предноазиската област. Појавата на монархоините сиви садови на повеќе ногалки се објаснува како премин на македонското неолитско население кон повисок културно-економски степен кој уследил со развојот на земјоделството и други придружни придобивки на материјалната култура.

*Култ за почитување кај неолитскиот човек. Датира од крајот на средниот неолит 5300 год. п. н. е. Откриен е во вториот култен хоризонт на неолитската населба Барутница во с. Амзибегово, Светиниколско*

Месноста Вршник кај штипското село Таринци, за сега несомнено е најстаро познато неолитско наоѓалиште во Македонија. Познато е како Вршничка група која припаѓа на поширокиот источно-балкански културен комплекс. Овде се утврдени четири фази на неолитска еволуција, што ја потврдува неговата долготрајна населеност.

Многу значајно место за проучување на населението во Македонија од овој период зазема и Породинската група во Пелагонија. И таа потекнува од неолитот, но по типот на населбите се разликува од оние во другите делови на Македонија. Имено, населбите во Породинската група имаат облик на тумби кои се настанати со напластување на слоеви од населби на едно место. Така се формирани вештачки височинки кои и денес се издигнуваат од околното земјиште во Пелагонија. Тие биле постојани земјоделски населби чие население живеело во куќи со четвртест облик во кои имало и примитивни печки. Тоа добро го покажуваат наодите на куќи најдени во Породин.

Има и други неолитски наоѓалишта во Македонија како во Скопско: Тумба кај Маџари, Говрлево, Зелениково; во Овче Поле-с. Амзибегово, во Охридско-Струшко и на други места, што несомнено потврдува дека во неолитот на целата територија во Македонија се одвивал интензивен живот.

## 1. 2. НАСЕЛУВАЊЕ НА ДРЕВНИТЕ МАКЕДОНЦИ И ФОРМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА

Во почетокот на вториот милениум пред нашата ера настанал преод од неолитската во металната епоха. Таа во Македонија траела од 1900 до 1200 година пред нашата ера. Првиот период од металната епоха се карактеризира со појавата на најраните индоевропски миграциски навлегувања во нашите простори. Тие претставуваат зачетоци на индоевропеизацијата на населението во Македонија. Тогаш на Балканскиот Полуостров се доселиле Илирите, Трачаните, Елините и древните Македонци. Илирите се населиле на западниот, Трачаните на источниот, Елините на јужниот, а древните Македонци во средишниот дел на Балканскиот Полуостров, поточно во долините на реките Вардар, Бистрица, Струма и Места. Во овие области на територијата на Македонија, во текот на повеќе столетија се населувале наизменично повеќе племиња. За некои од нив и денеска не е утврдена нивната етничка припадност.

Малку се знае и за древните Македонци. Тие во историјата рано се појавиле и релативно брзо се асимилирале со затекнатото население. Живееле на територијата меѓу Илирите, Трачаните и Елините и биле под силно влијание на елинската култура. Од почетокот живееле во племиња, а на чело на секое племе се наоѓал племенски водач. Меѓу поголемиот број македонски племиња познати биле: 1. Линкеститите, кои што се сметале за вистински Македонци; 2.Дерзеите; 3. Одомантите; 4. Синтите; 5. Крестоните; 6. Елимеите; 7. Еордеите; 8. Триклорите; 9. Орестите; 10. Дероните и др. (Константинов, 1998).

Подоцна со тек на времето била извршена консолидација на племињата и племенските водачи од нивната средина во присуство на народот избирале цар. Така како први македонски владетели се јавуваат: Каран, Пердика I, Аргеј I, Филип I, Аерот I и др.

Земјата во Македонија била општосопствена. Таа била племенска, односно државна. Земјата, пак, што била освојувана надвор од границите на Македонија му припаѓала на царот.

Древните Македонци се занимавале со земјоделство, сточарство, лов и риболов. Од житните растенија за исхрана најмногу одгледувале просо, јачмен и пченица. Одгледувале и овошје, а било развиено и лозарството. Од грозјето освен за храна, правеле и многу квалитетни вина.

Сточарите најмногу одгледувале овци и кози (прчот бил свето животно). Од крупен добиток одгледувале говеда и коњи. Коњите особено биле одгледувани од страна на племенската аристократија, бидејќи во војска се одело задолжително со коњи.

Шумарството било исто така доста присутно. Дрвениот градежен материјал особено се користел за изградба на бродови, потоа од шумите добивале смола и катран, суровини многу барани од поморските народи.

Ловот и риболовот заземале важно место во животот на древните Македонци. Развиено било и занаетчиството особено производството на керамички садови, накит и оружје.

Древните Македонци се занимавале и со рударство. Тие добивале злато со водно миење, а експлоатирале и железна руда. Филип II ковал златни пари познати под име *филипики*. Древните Македонци не ползувале ропски труд. По тоа се разликувале од Елините, кај кои целото стопанство се базирало врз ропскиот труд.

Облеката кај древните Македонци зависела од карактерот на стопанисувањето, потоа од климатските услови, од верските сфаќања и од општата култура. Така, жителите на планинските села носеле облека од кожа, а од полските села носеле облека од полесен материјал (обработена волна). Позната македонска облека биле убавите *хамиди*-заоблено парче ткаенина, префрлена преку левото рамо, а над десното прицврстено со петлици. Хамидите со својата едноставност ја зголемувале физичката убавина на луѓето, а овозможувале слободно движење за време на верски свечености. Жените преку долгата облека на плеќите префрлувале кожи од срни, а на главата ставале венци од свежи цвеќиња. За заштита на главата мажите носеле таканаречена *македонска капа*. Таа имала необично широк раб и била слична на капата која и денес ја плетат од слама жетварите во Битолско и Прилепско Поле.

Древните Македонци и по верата се разликувале од своите балкански соседи: Илирите, Елините и Трачаните. Македонците имале сопствени божества и повеќе домашни култови (почитување на нешто и обожавање на некого).

Главно божество било Сонцето. Тоа е аплицирано и на амблемот на македонската династија. Многу почитуван бил култот спрема кучето, волкот и прчот. Тие верувале дека во овие животни живеат душите на нивните предци. Главен бог на древните Македонци бил *Каран-бог прч.* Во него, според нивните верувања живеела душата на племенскиот водач. Во чест на богот прч македонските цареви како украс врз облеката носеле козја кожа. Подоцна, кожите како непрактични се отфрлени, но останале роговите врз македонските воени шлемови. Симболот на богот прч бил носен и како знаме пред македонската војска. За популарноста на овој бог зборуваат старите македонски монети со релјеф на јарец (прч) со еден рог. Според д-р Ригз, тоа бил „народен белег" на древните Македонци. Името на богот Каран всушност доаѓа од именката рог (Каран). Во старо еврејскиот јазик Каран значи и рог и светлина.

Други познати богови кај древните Македонци биле: Дарин-бог лекар; бог на здравјето; Диос-бог на земјата и небото; Кандаин - бог на војната и др.

Древните Македонци јаделе легнати, а не седнати, слично на старите Евреи. Лежеле врз градите, со рацете потпрени на лактите. Храната обично се наоѓала на земја на послано парче ткаенина.



*Ликот на Александар III Македонски и амблемот на македонската династија*



Формирањето на Македонската држава бил долготраен процес. Тој започнал во VII век пред н.е. со слегувањето на македонските племиња од планинските делови на Горна Македонија, во централниот дел на рамнината на Долна Македонија. Тој процес продолжил со нивно ширење во околните области и завршил некаде во почетокот на V век п.н.е. Основач на првата македонска држава бил кралот Пердика (707-645 пред н.е.). За јадро на старата македонска држава се смета областа меѓу реките Мегленица и Вардар (Лудија и Аксиј). Како први престолнини биле Ајга, Воден (Едеса) и Пела.

Од средината на IV век пред н.е. Македонија започнала брзо да се шири и во неколку наредни децении станала главна сила на Балканот, а потоа и „господарка на светот", како што ја нарекуваат античките автори. Најзначајна улога во тоа одиграл Филип II (359-336). Тој извршил две значајни реформи во Македонија: *воена* и *финансиска*. Со воената реформа ја реорганизирал војската во која главно место ѝ е дадено на тешковооружената пешадија-*македонската фаланга*. Финансиската реформа се состоела во воведувањето на златната монета-*статер.* Оваа реформа имала големо значење за развивањето на трговијата, а преку неа и за закрепнување на економското и политичкото влијание на Македонија надвор од нејзините граници. Воените реформи му овозможувале тој лесно да ја прошири Македонската држава кон северозапад до Охридското (Лихнидско) езеро, а кон исток освојување на повеќе градови од македонско-тракиското крајбрежје како Амфипол, Пидна, Потидија, Кренида и др. На Кренида ѝ го дал своето име.




*Државата на Александар Македонски (334-323 г.п.н.в.)*

Македонската држава најголем просперитет и ширење доживеала за време на Александар Македонски, кој владеел од 336 до 323 година пред н.е. Тој преку бројни војни успеал од мала Македонија да формира огромна држава која се протегала од западното крајбрежје на Балканскиот Полуостров до Индија на исток и од Дунав и Црно Море на север до Египет на југ.



*Хунза, скриена во пазувите на Хималаите на 2100 метри надморска височина. Нејзините жители Хунзаканците и по толку векови длабоко веруваат дека се потомци на Александар Македонски*

Големите и брзи успеси на Александар му влевале надеж дека лесно ќе го освои „целот свет", зашто според тогашните знаења Индија се граничела со Океанот, каде што бил „крајот на светот". Меѓутоа, обидот на Александар за создавање на „светска држава" не можел да успее бидејќи таа во себе вклучувала големи територии во кои напоредно со високоразвиените робовладетелски односи влегувале и такви во кои сè уште се распаѓало првобитното општество. Сепак извонредната личност на Александар, неговите сјајни победи, направиле од него пример за херој и предмет на многу легенди. Неговите походи го рашириле и закрепиле името на Македонија до такви размери што тоа наполно му се наметнало на целото човештво.

## 1.3. МАКЕДОНИЈА ПОД ВЛАСТ НА РИМЈАНИТЕ

По смртта на Александар Македонски, Македонија била разделена на повеќе државички кои меѓу себе често војувале. Со тоа биле создадени поволни услови за римското навлегување на Балканот. По неколку војни, конечно во 168 година п.н.е. Македонија наполно била потчинета од Римјаните. Тие најпрво ја поделиле на четири области -„мериди". Тие биле автономни и автархични републики и немале право меѓу себе да одржуваат политички и економски врски. На чело на секоја Република постоел главен магистрат и едно пошироко тело слично на собрание (Папазоглу, 1957). Вака вешто конструирана поделба на Македонија, имала за цел да спречи повторно обединување на македонскиот народ и да се оневозможи секаква реставрација на политичката и економската моќ на Македонија.

Во првата област влегувале 5 провинции кои се наоѓале помеѓу реките Струма (Стримон) и Места (Нест): 1. Бисалтија; 2. Одомантика; 3. Едонија; 4. Пиерија и 5. Сантика. Во оваа област влегувале и островите Тасос и Самотраки, а главен град на областа бил Амфипол. Втората област ги опфаќала провинциите помеѓу реките Струма и Вардар и дел од Пајонија што лежел источно од Вардар. Во неа влегувале следните три провинции: 1. Пеонија, 2. Мигдонија и 3. Халхидик.

Главен град на провинцијата бил Солун. Третата ја сочинувале територијата помеѓу реките Вардар и Пенеј кон кои бил приклучен и дел од Пајонија западно од Вардар со главен град Пела. Таа се состои од три провинции: 1. Алкопија, 2. Беотија и 3. Пиерија. Во четвртата област влегувале западните делови односно Горна Македонија во кои живееле Еордајците, Линкеститите, Пелагонците и други со главен град Пелагонија. Таа била поделена на 8 провинции: 1. Пелагонија; 2. Линкестида; 3. Орестида; 4. Еордел; 5. Елимеа; 6. Парауе; 7. Атинтанија; 8. Десаретија (Папазоглу, 1957). Подоцна, при крајот на VI век Македонија била поделена на две провинции: Македонија Прима и Македонија Секунда. Главен град на Македонија Прима бил градот Солун, а на Македонија Секунда градот Стоби. Во повеќе македонски градови функционирала локална самоуправа. Градовите: Филипи,

Касандра, Пела и др. ги имале привилегиите на римски колонии. Градот Стоби, пак, бил единствен македонски град со статус на муниципиј, додека Солун бил слободен град.




*Границите на Македонија за време на Римјаните*

Со честите менувања на границите во Македонија се менувал и етничкиот состав на населението. Така покрај претходната силна елинизација, во неа почнале да се доселуваат италски колонисти, а покрај Трачаните и Илирите кои заедно со древните Македонци веќе живееле на нејзината територија, се доселувале и разни варварски племиња.

Карактеристично е што за време на Римјаните значително пораснало градското население. Во тоа време во Македонија постоеле околу 90 градски населби, кои обично лежеле на важни патишта. Таков бил патот Виа Егнација, потоа патот Солун-Стоби-Скопје и др. Освен сообраќајот силно биле развиени и трговијата и рударството. Многу денешни рудници во Македонија биле експлоатирани уште во времето на Римјаните.

## 1.4. НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ

Најголеми промени во населеност на Македонија настанале кон крајот на стариот и почетокот на средниот век со доаѓањето и населувањето на Словените. Тие се доселиле од својата прататковина која најверојатно била помеѓу реките Висла, Дњепар, Дњестар, Западна Двина и Карпатите односно во Полесје, помеѓу Брест-Литовск-Мохилев и Киев. Биле познати под повеќе

имиња како: Венети, Венеди, Склавини, Анти и др. Во прататковината тие живееле во родовски организации и се занимавале со лов и примитивно земјоделство. Имале постојани селишта со куќи изградени главно од дрво. Тие ги познавале железните орудија. Во походи оделе организирано во поголеми заедници.

Словените извесно време биле под власт на Источните Готи, кои имале своја држава помеѓу утоките на Дунав и Дон. Во 375 година, Хуните ја уништиле државата на Источните Готи, па Словените потпаднале под нивна власт. Со создавањето на поголеми племиња и племенски сојузи Словените се засилиле и од својата прататковина почнале да се шират во сите правци. По распаѓањето на Хунската држава Словените заедно со Хуните воделе повеќе борби против Византија. Така за време на Јустинијан I (527-565), (императорот што ја основал Јустинијана Прима), тие скоро секоја година ја поминувале реката Дунав и ги пустошеле сите краишта од Јадранското Море до Цариград. Во почетокот нападите имале ограбувачки карактер, но потоа почнале и постојано да се населуваат на Балканските територии.

Како и во другите делови на Балканскиот Полуостров населувањето на Словените во Македонија исто така траело подолго време и по пат на повеќе борби. Се смета дека словенската колонизација на Македонија најинтензивно се одвивала помеѓу 80-тите години на VI век и 20-тите години на VII век, кога цела Македонија веќе била населена со голем број словенски племиња. Веродостојни податоци за имињата на одделните племиња дава таканаречената „Солунска легенда“ од Св. Димитрија. Во неа се наведува дека племето Драговити се населило западно од Солун до Бер по текот на реката Бистрица. Дел од нив подоцна се преселиле во Полог. Веднаш до нив се сместиле Велегзитите кои подоцна преминале во Тесалија. Северно од Драговитите на просторот помеѓу Охрид, Битола и Велес се населиле Берзитите или како што денеска се нарекуваат Брсјаци. Во околината на Солун живееле Сагудатите, а источно од Солун кон Струма и Халкидичкиот Полуостров, се населиле Ринхините. По долината на Струма и Струмашница се населиле Струмјаните, а источно од нив по долината на реката Места - Смолјаните. Некои словенски племиња како Милинзите и Езерците се спуштиле најјужно на Балканскиот Полуостров - се населиле на Пелопонез. Освен дел од Драговитите во Полог не е познато кои племиња ја населиле Северна Македонија. И Мијаците, едно од племињата во Западна Македонија не се споменува во старите извори иако и денес е во употреба тоа име.

Името на римската провинција Македонија, словенските племиња кои се населиле на таа територија го зеле за свое етничко име. Словенските племиња во Македонија најмногу и најчесто се населувале по рамнините покрај реките и езерата. Обично се населувале покрај старите, а формирале и нови населби. Живееле во мали населби, во куќи земјанки. Правеле по повеќе излези од населбата поради страв од опколување од непријателот.

Населувањето на Словените во Македонија довело до длабоки етнички и социјални промени во неа. Еден дел од староседелците изгинале во борбите, некои се повлекле во приморските градови и планинските места, а пак некои биле покорени и вклопени во словенската симбиоза. Ова мешање на Словените со затеченото месно население имало доста важно значење за понатамошниот општествено економски развој на Македонските Словени.

Во текот на VII, VIII и IX век Македонските Словени, кои според Византиски извори живееле во склавини, воделе повеќе борби со Византијците. Најжестоки и најдолготрајни биле борбите за освојување на Солун. Тој преставувал многу важно воено-стратешко место за Византијската империја на Балканот. Солун бил најголем град на полуостровот, а по Цариград, втор во империјата. Подигнат амфитеатрално во една од благите падини на Хортаското возвишение, на крајот на питомиот Солунски залив и на излезот од Вардарска долина, тој претставувал основна раскрсница на најважните сувоземни и водни патишта, преку кои Византија комуницирала со своите северни и западни провинции. Затоа Солун бил силно укрепен и постојано бранет, поради што за време на сите напади на Македонските Словени тој останал неосвоив. Во текот на повеќето борби, кои со прекини траеле скоро сто години, дошле до најостар израз тогашните македонско-византиски противречности. Додека Македонците со завладувањето на градот се стремеле да ја истиснат Византија од едно од најважните места на Балканот, Византијците пак во неговото задржување гледале излезна точка за повторно обновување на својата изгубена власт на Балканскиот Полуостров. Но и покрај неуспесите во заземањето на Солун, македонските Словени ја населиле целата територија на Македонија, а Византија немала сили да ги спречи во тоа. Под дејство на економските фактори македонските Словени подоцна успеале да се населат и во Солун.

Со населувањето македонските Словени на населбите, реките, езерата и планините им дале свои имиња. Така Скупи го нарекле Скопје, Астибо-Штип, Хераклеа-Битола, Лихнидос-Охрид, Лихнидско Езеро-Охридско Езеро, Празиос-Дојранско Езеро, реката Хамјамион-Бистрица, Еригон -Црна Река, Аксиос-Голема Река (денешен Вардар) и др.

Македонските Словени по населувањето во Македонија живееле во *склавинии*. Главно занимање им било земјоделството и сточарството, а земјиштето било обработувано со дрвено рало, плуг, дикеа и сл. Во освојувањето на нови обработливи површини, покрај копачењето се применувал и стариот начин, палевински систем. Одгледувале разни житни култури, зеленчук и винова лоза, а се занимавале и со пчеларство. Богатите пасишта, со кои изобилувала Македонија, пружале одлични можности за развој на сточарството. Главно се одгледувале говеда, овци и кози. Исто така било развиено и занаетчиството. Најзастапени биле: ковачкиот, ткајачкиот, дрводелскиот, кожарскиот, јажарскиот и други занаети. Македонските Словени биле вешти и во правењето чунови изработени од едно дрво - *моноксили*. На

Халкидик кај Ринкините, било развиено рударството и топењето на железната руда.

Македонските Словени, по населувањето, од почетокот биле многубошци. *Богот на громот Перун* бил највисоко божество. За него верувале дека е единствениот творец господар на светот. Покрај него ги боготвориле, реките, самовилите и сл, на кои им принесувале жртви.

Многу важен настан во историјата на македонските Словени преставува ширењето на христијанството и создавањето на писменост и книжевност. Тоа било важен момент за формирањето на нивната културна самобитност. Веќе во VIII век меѓу другите балкански епархии, постоела *Македонската епархија*, управувана со митрополит со седиште во Солун. На оваа епархија им биле потчинети епископи на 18 македонски градови. Тоа покажува дека тие уште тогаш веќе ја примиле христијанската религија.

Македонските Словени и по покрстувањето пишувале на словенски јазик, но со грчки букви што било многу тешко. Од тие причини, посебна *словенска азбука* создал Кирил (Константин), кој заедно со својот брат Методиј ги превеле богослужбените книги од грчки на јазикот на кој говореле македонските Словени од околината на Солун. Од Македонија писменоста се раширила и кај останатите словенски народи Србите, Бугарите, Русите и др. Ширењето на старомакедонската писменост и кај другите словенски племиња било можно, бидејќи во тоа време уште не постоеле значителни разлики меѓу словенските говори. Подоцна големо име врзано за словенската писменост претставувал Климент Охридски. Тој во текот на 23 години, најпрво како учител во Кутмичевица до 893 година, а потоа како епископ во областа Велика, успеал да описмени околу 3500 луѓе, учители и свештеници и да го воведе во богослужба, јазикот на македонските Словени. Неговото дело го продолжил исто така познатиот просветител Наум, кој го изградил денешниот манастир Св. Наум на јужниот брег на Охридското Езеро.

Во IX и X век македонските Словени потпаднале под бугарска, а потоа под Византиска власт. Со тоа се забрзал процесот на распаѓање на племенската самоуправа, бидејќи и Бугарија и Византија биле држави со веќе формирани феудални општествени односи.

## 1.5. СОЗДАВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА САМОИЛОВАТА ДРЖАВА (978-1018)

Многу важно значење за македонското население и воопшто за Македонија било формирањето на првата македонска држава на чело со Самоил. Тоа всушност било завршен акт на еден долг процес започнат уште со создавањето на првите племенски сојузи, но успорен поради паѓањето на Македонија под византиска власт.


Цар Самуил (976-1014)

Самоил бил еден од четирите синови на Никола, кнезот на македонското племе Брсјаци. Во почетокот со државата раководеле сите четири браќа-Давид, Мојсеј, Арон и Самоил, но во текот на борбите за зацврстување на државата и личниот престиж, Давид и Мојсеј погинале, а пак Арон бил убиен по налог на својот брат Самоил. Така, со државата останал да раководи само Самоил.

Востанието било кренато во 976 година, а Самоиловата држава опстојувала до 1018 година.

Во почетокот Самоил ја користел византиската ангажираност на исток и почнал да ги напаѓа и да освојува области и градови во Тракија, Тесалија, Грција и Пелопонез. При тоа зазел многу утврдени градови, а меѓу нив и Лариса, чија опсада траела неколку години. Жителите на освоената Лариса, Самоил ги раселил во внатрешноста на Македонија. Од Лариса ги пренел и моштите на Св. Ахил во Преспа, каде што имал своја престолнина и прекрасен дворец.

Откако кај Трајановата врата (денеска Ихтимон) во 986 година извојувал голема победа над Василиј II, Самоил, во летото 989 година ја зазел Верија (Бер). Потоа навлегол во Далмација, ги разрушил Котор и Дубровник, а доста ги опустошил Босна и Рашка. Во следните години Самоил водел повеќе војни против Василиј II, при што се познати оние за ослободување на Солун. Кон крајот на X век, од страна на римскиот папа Гргур V, Самоил бил крунисан за крал. Со тоа неговото кралство добило меѓународно признание. Меѓутоа, Василиј II започнал да се подготвува дефинитивно да ја уништи и покори Самоиловата држава. Тоа го сторил во познатата Беласичка битка во 1014 година, на тој начин што еден одред Византијци ја преминале планината Беласица и зад грб го нападнале Самоил. Победен тој побегнал во Прилеп, каде починал од срцев удар, кога му ја довеле неговите ослепена војска од 15 000 војници.

По смртта на Самоил и убивањето на неговиот син Радомир, на престолот на Самоиловата држава дошол Иван Владислав, но при крајот на 1018 година царот Василиј II дефинитивно ја покорил Самоиловата држава.

Самоиловото царство ја опфаќало цела Македонија (освен Солун), Тесалиија, Епир, Албанија и некогашните приморски склавини: Дукља, Травуња, Захумље и неретванската област (без островите) до Цетина, потоа Србија (односно Рашка) и Босна, како и еден поголем дел од Бугарија. Државата се простирала од Јадранското Море на запад, до Црно Море на

исток. Нејзина северна граница била реката Дунав, а на југ започнувала под островот Крф на Јадранскиот брег, потоа водела под градот Јанина, до под Лариса каде свртувала кон север и водела западно од Солун и Сер, се искачувала на планината Пирин од каде свртувала кон североисток кон Балкан Планина и под Варна избивала на Црно Море. Во државата имало неколку царски престолнини како: Преспа, Охрид, Прилеп и други градови. Во ова големо царство покрај Македонците, кои биле најбројни, живееле Бугари, Срби, Хрвати, потоа Ромејци (Византијци), Албанци и Власи. На територијата на царството живееле уште и Турците-Вардариоти, Ерменците кои што Самоил ги населил во Пелагонија, Преспа и Охрид, а во приморските краишта биле и Романите.




*Македонската држава за време на Цар Самуил (976-1014 г.)*

Во Самоиловото царство имало повеќе видови населби. Едни биле вистински градови како: Скопје, Охрид, Касторија, Верија и други. Некои градови биле утврдени со ѕидови, како Меглен, Воден, Перник, Прилеп, Штип, Просек, Струмица, Мелник и сл., а некои претставувале тврдини. На пример само околу Перник имало 35 тврдини. На чело на градовите и пределите стоеле заповедници со разни називи, како филатон, топорх и сл.

Селаните биле слободни и зависни. Зависните селани се делеле на парици, кои работеле и на црковните и на световните имоти и клирици кои работеле само на црковните имоти. Посебна феудална класа биле велможите и бољарите. Мнозина од болјарите постојано престојувале на Самоиловиот двор и му биле верни нему. Даноците се плаќале во натура - жито, просо, вино и сл. Парите во Самуиловото царство биле византиски, бидејќи Самуил не

ковал свои. Службен јазик во државата бил словенскиот, а од црковните институции најзначајна била *Охридската архиепископија*. Седиштето на архиепископијата отпрвин било во Преспа, а подоцна кога Самоил минал во Охрид, таму се преселил и црковниот поглавар. Во состав на Охридската архиепископија се наоѓале епископиите: Средечката (Софиската), Дретарската, Мегленската, Велбуждската, Ќустендилската, Главиничката, Белградската, Нишката, Призренската, Липљанската, Рашката, Скопската, Морозвитската, Битолската, Воденската, Драмската, Србичката, Вериската, Струмичката и Костурската епархија. Независни од Охридската архиепископија во Самуиловата држава биле само Драчката архиепископија и Дубровничката надбискупија, чие основање било извршено со одобрение на Самоил.

По заземањето на Македонија, Василиј II неа ја претворил во византиска провинција со воено-административно уредување. За време на долготрајната византиска власт најпрво почнале да се распаѓаат селските општини и се формирале крупни феудални имоти. Меѓутоа најголем број од феудалците биле Грци, Ерменци, а помалку домашно население. Македонското население станало феудално зависно. Биле поделени на парици кои живееле на своите наследени имоти, но биле зависни од феудалците. Потоа отроци кои биле лична своина на феудалците и тие можеле заедно со земјата да ги продаваат и селаните. Клириците биле селани кои работеле на црковен имот поради што имале одредени привилегии што им ги давала црквата, а располагале со сопствена земја. Жителите кои не можеле да ги подмират давачките кон државата и феудалците постанувале робови. Давачките на македонското население према државата биле големи. Постоеле три вида феудална рента: работна, натурална и парична. Не можејќи да ги поднесе тешките животни услови македонското население кревало востанија против византиската власт. Такви биле востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех.

Македонското население освен од Византијците, доста страдало и од надворешни освојувачи на Македонија. Така, во втората половина на XI век во Македонија навлегле и ја ограбиле Норманите. Потоа населението многу страдало и од крстоносците кои низ неа поминувале на пат кон Ерусалим.

Во 1282 година, голем дел од Македонија била освоена од Србија, на чие чело стоел кралот Милутин. Најпрво граничната линија била Дебар-Демир Хисар-Велес-Штип. Подоцна за време на цар Душан цела Македонија, освен градот Солун, била наполно освоена. Самиот Душан за цар бил прогласен во Скопје во 1346 година. Во Скопје бил издаден и неговиот познат законик.

За време на владеењето на цар Душан, административната поделба на Македонија, била изменета. Поранешните византиски теми биле претворени во жупи. Со овие жупи владееле одредени феудалци кои често имале големи имоти. Овие феудалци во одреден период почнале да не ги плаќаат обврските према државата и да се осамостојуваат. Тоа било главна причина да опадне централната власт, а по смртта на цар Душан во 1355 година овие жупани почнале и самостојно да владеат. Така, со областите на Западна Македонија

владеел феудалецот Гргур, во голем дел од Источна Македонија владееле браќата Константин и Јован, синови на Дељан, а како најпознати феудалци во Македонија биле браќата Волкашин и Угљеша. Волкашин прво бил жупан во прилепско, а во 1365 година се прогласил за крал. Угљеша бил деспот кој владеел во Струмичката област. Со ваквата поделба се распаднало Душановото царство, а Македонија многу лесно била освоена од Турците.

## 1.6. ПРОМЕНИ КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО И НАСЕЛБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ТУРСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ

По битката на Марица во 1371 година, во којашто загинале македонските владетели Волкашин и Углеша, Турците навлегле во Македонија и освоиле повеќе градови. Во битката кај Ровињ, во 1395 година, во која учествувале како турски вазали Крали Марко и Константин Дејановиќ и во која битка загинале, Македонија целосно потпаднала под турска власт.

Како и во другите освоени области, така и во Македонија Турците воспоставиле нивна државна управа. Така, најпрво извршиле нова управно-територијална поделба. Со неа Македонија била поделена на четири санџаци: Скопски, Солунски, Охридски и Ќустендилски. Отпочнал период на продирање на ориентални влијанија во Македонија кои силно се одразиле врз структурните промени на населението и типот на населбите. Се јавиле значајни промени во населеноста, се омасовиле миграциските движења, настанало преразместување на селските населби, се менувала етничката структура на населението, а се јавиле и промени во занимањето на луѓето.

Општествено-економските односи во турската држава биле обликувани преку феудалниот поредок. Основа на тој поредок бил тимарско- спахискиот систем, според кој сопственик на земјата била државата, односно султанот. Како основен феудален сопственик се сметал спахијата, а земјата ја обработувала рајата. Султанот прибирал приходи од царските хасови кои зафаќале посебни комплекси на земја. Постоела и раетска земја, која претставувала мала обработлива површина во сопственост на феудално зависниот селанец. Преку феудалната рента македонското население било изложено на голема економска експлоатација. Тоа морало да плаќа натурална рента во вид на десеток, работна рента позната како ангарија, арач како данок за воени потреби и др.

За да ја зајакнат својата власт и посигурно да владеат, Турците уште во XV век почнале да вршат колонизација во Македонија. За таа цел тие доселувале турско население од Мала Азија. Дел од доселените Турци се населиле во градските населби, а дел во Овчеполието и западните падини на Плачковица, Струмичко-радовишката котлина, Тиквешијата, Солунско и на други места. Како резултат на таа колонизација се создал еден појас од населби на турски сточари Јуруци и Коњари. Јуруците главно биле овчари номади, преселени од сувите степи на Мала Азија и се населиле во соодветна средина во

Македонија, односно во нејзините најсеверни делови. Коњарите пак потекнувале од околината на малоазискиот град Коња, а главно се населиле во Овчеполието.

За време на турското владеење, многу поголема опасност од коло- ни- зацијата претставувала асимилацијата, односно процесот и намерата за по- турчување на македонското население. Еден од главните начини за прето- пување била исламизацијата, поточно наметнување и прифаќање на ислам- ската вера од страна на Македонците. Овој процес е започнат уште во XVI век, кога исламот најпрво го примиле некои стари благородници со цел да го зачуваат својот имот. Помасовна исламизација подоцна е извршена во Западна Македонија во Дримкол, долината на Радика и во Гора. Со тоа е создаден втор појас на население со исламска вероисповед во Македонија. За разлика од претходниот појас, кој се протегал од Солунската низина до Овче Поле и бил формиран по пат на колонизација на населување од Турција, овој појас, кој се протегал од Струшки Дримкол на југ до Гора на север, бил формиран преку исламизација на месното население. Целта и на двата „клина" била да се разбие компактноста на македонското христијанско население. Меѓутоа, мнозинството од исламизираните Македонци го задржале својот мајчин јазик и многу од народните и верските обичаи.

За време на петвековното турско владеење во Македонија, Турците населувале и други колонисти. Така, после Кримската војна (1853-1856) со покорувањето на Кавказ од страна на Русија, во 1863 година во Македонија биле населени голем број на Татари и Черкези кои побегнале од својата татковина. Татарите масовно биле населени вдолж турско-српската граница, потоа во струмичко и посебно во јужна Македонија каде се сместиле околу 26.000 Татари. Меѓутоа, нигде не останале подолго. За разлика од нив Черкезите биле населени во повеќе делови на Македонија и тоа со повеќе илјади фамилии. Најголем број биле населени во околината на Куманово, Скопје, Велес и други места. Потоа и тие, како и Татарите, се иселиле од нашите краеви. Во Кумановско како спомен од тоа време и денес постои селото Черкези.

Во втората половина на XIX век, поточно по Руско-турската војна од 1878 година, од ослободените територии на Србија и Бугарија, како и од окупацијата од страна на Австро-Унгарија на Босна и Херцеговина во Маке- донија се населиле голем број Турци повратници наречени Маџири. Тие се населиле претежно во македонските градови кои територијално се прошириле бидејќи формирале посебни маџирски маала. Во некои градови имињата на овие маала, како, на пример, Маџир маало во Скопје, Кочани и други градови и денеска се запазени. Освен во градовите Маџири се населувале и во селата. На пример, во селата на Скопската котлина ги има населено околу 2672 Маџири, во околината на Штип околу 3500 лица и.т.н.

Во текот на XVI век во Македонија се населил и значаен број Евреи, иако тие во нашата земја живееле и порано. Така, уште во првиот век од н.е. во

Стоби се споменува дека имало Евреи. Во византиско време во Охрид постоела напредна еврејска колонија. Како Охридска еврејска општина постоела до 1453 година кога султанот Мухамед II ги преселил охридските Евреи во Цариград. За време не турското владеење, поточно во XVI век, по протерувањето на Евреите од Шпанија и Португалија, дел од нив се населиле и во Македонија, кадешто во сите наши поголеми градови формирале свои квартови. Така, на пример, во 1544 година во Битола биле населени 87 еврејски семејства, а доста се населиле и во Скопје, Штип и Струмица. Во овие градови тие имале свои општини кои освен во Струмица постоеле сѐ до 1943 година, кога сите Евреи од Македонија биле депортирани во логори и уништени.

Во втората половина на XVIII век, кога во Албанија бил разурнат градот Москополе, голем број влашко население се доселило во Македонија. Најмногу се населиле во Битола и во некои села во нејзината околина, потоа во Крушево, Охрид, Велес, Штип, Кочани и други градови во кои основале свои влашки маала. За македонските Власи историски е утврдено дека водат потекло во најголем дел или од Москополе и неговата околина или од планината Грамос. Нивното населување станало главно кон крајот на XVIII и првата половина на XIX век.

Големите етнички промени на територијата на Македонија за време на турското владеење настануваат со доселување на Албанците. Населувањето на предците од кои води потекло денешното албанско население во Македонија започнало кон крајот на XVIII век, поточно во 1780 година. Подоцна тоа преселување се вршело во етапи и се одвивало сѐ до најново време.

За време на турското владеење нивната колонизација во Македонија била широко поттикнувана и поддржувана од турската власт. Во албанското муслиманско население Турците гледале своја главна сила во борбата против непокорноста на македонското население. За населувањето на Албанците во Македонија постои силна народна традиција. Многумина Албанци ги знаат не само фисот или племето од кое потекнуваат, туку ги знаат и областите во Албанија од каде се иселиле нивните предци. Така, најголем дел од македонските Албанци припаѓаат на Гегите и тоа од областите: Малесија, Дукаѓин, Мирдит, Мат, Љума и др. Мал дел од нив околу 10% им припаѓаат на Тоските, кои се дојдени од јужна Албанија, областите Черменика, Колоња, Мокра, Подградец, Корча, Елбасан и Берат. Во Македонија тие главно се населиле во нејзиниот југозападен дел и тоа во околината на Струга, (лево од Црни Дрим), Ресен и Битола.

Меѓу денешните македонски Албанци има и родови кои себеси се сметаат за староседелци. Тоа е главно македонско население кое во текот на турското владеење примило ислам и постепено се албанизирало. Меѓу нив понекаде и по некој род има и кои потекнуваат од некогашните Турци, Роми и Черкези.

Турците ни донеле или поточно во нивно време се раширил уште еден туѓ етнички елемент - Ромите. Утврдено е дека тие водат потекло од Индија, поконкретно индиската држава Пенџаб, а во Македонија дошле преку Персија и Мала Азија. На Крит се споменуваат во 1322 година, на Крф во 1346, а во Романија 1370 година. Сигурно биле и во Македонија и пред доаѓањето на Турците. Меѓутоа, нивното ширење главно се одвивало за време на турското владеење така што денес ги има во сите градови и во голем број селски населби. Македонските Роми главно припаѓаат на групата невлашки или Турски Роми. За нив е карактеристично што успеале да си го зачуваат јазикот, за разлика од нивните влашки сонародници кои автентичниот јазик го замениле со романскиот.

Со појавата на стоково-паричните односи почнал да слабее тимарско-спахискиот систем во Турција. Османлискиот феудализам го зафатиле внатрешни промени и кризи. Во XVII век почнале да се создаваат чифлигарските односи кои особено биле важни за развитокот на селските населби. Богатите Турци во македонските полиња формирале свои чифлици на кои за нивна обработка населувале македонско население формирајќи така посебен тип села-чифлички села. Истовремено луѓето бегајќи од зулумите, поголема сигурност наоѓале во планинските предели во кои продолжиле да живеат и формирале нови населби. Села кои настанале на некогашните чифлици има во сите краеви на Македонија. Некои од нив и денеска го носат името „чифлик", а како чифлигарски села на пример во Скопската котлина се сметаат Бардовци, Јурумлери, Драчево, Белимбегово, Идризово и други.

За време на чифлигарството давачките биле тешки и животот на селаните станувал сé понеподнослив. Од тие причини се јавувале различни форми на отпор како што се востанија, ајдутство и друго. Едно од најзначајните востанија кон крајот на XVII век било Карпошовото востание дигнато во 1689 година во времето на Австро-турската војна. Отпорот на македонскиот народ продолжил и во следните векови. Такво е Разлошкото востание во 1876 година, Кресненското востание во 1878 година и на крајот Илинденското востание во 1903 година. Меѓутоа, сите тие биле во крв задушувани, а народот бил изложен од страна на турската власт на големи страдања. На пример по задушување на Илинденското востание биле запалени и уништени околу 200 села во Македонија, а 30.000 луѓе ги напуштиле своите родни огништа и се отселиле во други краеви.

За македонската територија која била под турска власт голем интерес покажувале околните балкански држави. За да ја поделат тие морале прво да ја ослободат од Турција. За таа цел Србија и Бугарија на 13 март 1912 година потпишале меѓусебен договор и се спогодиле кои делови од Македонија на кого да припаднат. Овој договор подоцна бил проширен со Грција и Црна Гора. Така Првата балканска војна започнала на 18 октомври 1912 година, а Македонија од Турција била ослободена на 4. XII 1912 година и поделена

помеѓу Грција, Србија и Бугарија. Така македонскиот народ од власта на еден, потпаднал под окупација на соседните држави-Грција, Србија и Бугарија.

## 1.7. ЕТНОПОЛИТИЧКИ И СОЦИОЕКОНОМСКИ СОСТОЈБИ ВО МАКЕДОНИЈА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Првата светска војна траела од 1914 до 1918 година. Во 1915 година со помош на Австро-Унгарија, Бугарија ја окупирала цела Вардарска Македонија и источниот дел на Егејска Македонија. На крајот од 1915 година на Бугарско-грчката граница е формирана фронтова линија од Охрид до Орфанскиот Залив познат како македонски или Солунски фронт. На тој фронт, кој минувал низ средишниот дел на Македонија се воделе долготрајни и жестоки битки помеѓу силите на Антантата и Бугарија и нивните германски сојузници. Од тие борби најмногу страдало македонското население. Околу фронтовата линија биле раселени цели села. Војната завршила во 1918 година со што Вардарска, Пиринска и Егејска Македонија пак ги зазеле и окупирале завојувачите од 1913 година. Во 1919 година за Македонија се водела значајна дискусија на Мировната конференција во Париз. Меѓутоа, не биле прифатени барањата Македонија да добие автономија и таа останала поделена меѓу трите балкански држави-Грција, Србија и Бугарија.

Стопанството во Македонија во овој период било крајно заостанато. Најголем дел, скоро 70% од населението се занимавало со земјоделие кое било исклучиво екстензивно. Со повлекување на границите се прекратиле патиштата на номадското сточарење поради што сточарството било максимално уназадено.

Во Вардарскиот дел на Македонија, со воведување на Шестојануарската диктатура во 1929 година, отпочнала силна асимилаторска политика врз македонскиот народ од страна на власта во Белград. Еден од начините да се измени етничката структура на населението во Македонија била колонизацијата. Така, според едни податоци во Вардарска Македонија до 1941 година биле доселени 4167 колонистички домаќинства и населени низ сите нејзини краеви, односно во 280 населени места со вкупно 25.000 колонисти. Најголем дел од колонистите бил од Србија, а се населувале главно плодните котлини на Повардариeто и Пелагонија.

Во овој период најголеми етнички промени се извршени во Егејска Македонија. Грците го претвориле овој дел на Македонија во посебна губернија, а територијата била поделена на три дирекции: централна со седиште во Солун, источна со седиште во Кавала и западна со седиште во Кожани. Преземени се низа мерки за менување на етничката состојба кај населението. Така се смета во 1913 и 1914 година поради тешките економски услови околу 100.000 Македонци од Егејскиот дел на Македонија мигрирале во странство. Интензивно иселување на македонското население се јавило со потпишување на Нејскиот договор склучен меѓу Бугарија и Грција за меѓусебна

размена на населението во 1919 година, кога во Бугарија се преселиле 66.126 лица и по Лозанскиот договор склучен меѓу Грција и Турција, исто така за меѓусебна размена на населението во 1923 година по кој во Турција се преселиле 395.000 муслимани, од кој најголем број биле Македонци со исламска вероисповед. Според истиот договор, на нивно место биле колонизирани 650.000 доселеници од Турција со грчко потекло главно од Мала Азија, Кавказ и Црноморието. Поголем дел од нив 427 000 биле населени по селата на Егејска Македонија и влијаеле покрај менување на етничката структура и за создавање вишок на работна сила во земјоделството.

За проширување на обработливите површини Грција презела мелиоративни зафати. Со нив се исушени петте езера во Егејска Македонија: Арџанско, Аматовско, Ениџевардарско, Техинско и Берекетлиско Езеро, со што се добиени 46.200 ha обработливо земјиште, кое главно е доделено на доселениците, но и значајно е променета географската средина. Истовремено променета е топонимијата на местата и македонските имиња на селата и градовите се заменети со грчки. Иселувањето продолжило и во следните години така што само во 1928 година биле преселени преку 32.000 Македонци од Грција во Бугарија. Со тоа постојано се намалувал бројот на Македонците, а се зголемувал бројот на Грците. Така на пример, во 1920 година населението во Егејска Македонија броело 1.090.000 со мнозинство на Македонци. Во 1928 година тоа достигнало 1.418.000 благодарејќи на неколку стотините илјади доселени Грци.

Ползувајќи ги спротивностите и ривалската борба на балканските држави околу Македонија, грчките власти постојано и темелно ја спроведувале денационализаторската и асимилаторската политика спрема Македонците во овој дел на Македонија. Во 1938 година со посебен закон, најостро е забранета секаква употреба на македонскиот јазик. За учење на грчкиот јазик на старите лица по селата биле отворени специјални вечерни училишта.

Меѓутоа, покрај систематската колонизација и други мерки на грчките властодршци за менување на етничката структура и физиономија на Егејска Македонија, македонското население и понатаму останало да преовладува во леринскиот, воденскиот и костурскиот крај.

Со тројната поделба на Македонија, нејзиниот Пирински дел влегол во состав на Бугарската држава. По Балканските војни, животот во Пиринска Македонија исто така бил многу отежнат. Со вештачката гранична линија биле прекинати природните патишта по долините на Струма и Места кои ја поврзувале Пиринска Македонија со нејзините главни пристаништа Солун и Кавала. Бугарската влада, гледајќи го својот интерес, не ги признавала националните права на Македонците, иако 96% од вкупното население или вкупно 235.000 жители во Пиринска Македонија биле Македонци. Административно Пиринска Македонија била формирана како округ со седиште во Петрич, меѓутоа во 1934 година овој округ бил укинат и приклучен кон Пловдивската област. Со тоа смислено е разбиена компактноста на Пиринска

Македонија како покраина. Така балканските држави во сите три дела на Македонија плански ја потиснувале националноста, негирајќи ги националните карактеристики на македонскиот народ и го оневозможувале процесот на создавањето на македонската нација.

## 1.8. ФОРМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА

Формирањето на македонската нација траело долго и е заокружено во текот на 19 век. Тој процес се одвивал под влијание на многу сложени општествено-економски и историски услови. Создавањето на самосвеста за етничката посебност на македонскиот народ, настанала како резултат на тоа што Македонците живееле на една компактна територија, се служеле со еден ист јазик, различен од јазиците на другите јужнословенски народи и што имале исти психофизички карактеристики и духовна култура.

Со конституирањето на другите балкански држави: Грција, Бугарија и Србија, по етнички принцип, тие поставиле специфични цели на своите политики во однос на другите народи и национални малцинства на нивните државни територии. Во рамките на таквата државна политика овие држави развиле механизми за асимилирање на претставниците на другите народи и малцинства. Во таа смисла кон Македонците чија етничка територија била окупирана од соседните држави, се применувале разни методи и репресии како: присилна асимилација, физичко истребување, масовно преселување, размена на население меѓу балканските држави, забрана за употреба на мајчиниот јазик, промена на нивните имиња и презимиња, промена на македонската топонимија и сл.

Сите овие процеси биле поддржувани и од страна на големите сили со што се отежнувал и така сложениот процес за признавање на националниот идентитет на Македонците и нивната борба за основање своја држава. Како резултат на овие процеси во одделни делови на Македонија значително се изменила етничката состојба така што од мнозинско македонското население станало малцинско. Во Македонија особено значајна пропагандна активност, соседните држави развиле по Берлинскиот конгрес. Македонскиот народ тогаш бил изложен на голема несигурност за својата гола егзистенција. Бројно население било принудено да замине на печалба во некои од европските држави или да емигрира во прекуокеанските земји.

Во таквата општествено економска и политичка состојба кај македонското население се појавиле разни форми на отпор и политичко организирање за одбрана на своите имоти и национален идентитет. Главни иницијатори и предводници на овие настани биле македонските интелектуалци во прв ред учителите и поповите. Дотогашните културно просветни центри лоцирани во црковните објекти и манастирите во кои освен описменувањето се учеле само црковни предмети, не ги задоволувале потребите на трговците и занаетчиите за школување.

Така, веќе во триесетите години на XIX век во Македонија биле отворени повеќе народноопштински училишта. Во нив наставата се изведувала на македонски јазик, а школувањето било бесплатно за сите ученици. Со тоа започнала масовна просветна дејност меѓу македонското население, во прв ред по градовите, а потоа вакви училишта се отворале и по поголемите села. Во период од 1835 година кога било отворено првото народно училиште во Скопје, па до 1852 година вакви училишта се отворени во Велес, Прилеп, Битола, Куманово, Тетово, Штип, Банско, Неврокоп и уште некои други градови и поголеми села. Во втората половина на XIX век, во Македонија веќе постоеле и гимназии, учителски школи, трговски и земјоделски училишта како и една богословија.

За потребите на наставата во народните училишта, се појавила и потреба од учебници на македонски јазик. Со свои дела наскоро се појавиле повеќе истакнати учебникари како: Партение Зографски, Димитар Македонски, Ѓорѓи Пулевски, Венјамин Мачуковски и други. Книгите за потребите на македонските училишта од почеток се печателе во Виена, Белград или Цариград, односно сѐ до 1838 година, кога во Солун дојранчанецот Теодосие Синаитски ја отворил првата македонска печатница.

Значајна улога во будењето на македонската национална свест одиграле и собирачите на македонското народно творештво. Во таа дејност посебно се истакнале преродбениците Јордан Хаџи Константинов Џинот од Велес, Партение Зографски од Галичник, Димитар и Константин Миладинови од Струга, Кузман Шапкарев од Охрид, Марко Цепенков од Прилеп и други. Меѓу нив од посебно значење за нашата преродба била појавата на зборникот од македонски народни песни од браќата Миладиновци, објавен во Загреб во 1861 година.

Не била запоставена во овој период ни науката, особено проучувањето на македонскиот јазик, историјата, географијата, етнографијата и сл. Така, покрај споменатите собирачи на македонското народно творештво, најзабележителна е појавата на најистакнатиот славист, филолог, историчар, фолклорист, етнограф, публицист и доследен борец за македонската национална афирмација Крсте Петков Мисирков (1874-1926). Тој во 1903 година во Софија ја објавил студијата „За македонцките работи" која означува цела една епоха во македонската преродба.

Причини што кај Македонците, за разлика од другите соседни народи, подоцна созреала националната свест секако е долготрајниот живот под турска власт. Така, додека Србија добила автономија од Турција уште во 1815 година, Грција се ослободила во 1829 година, Бугарија во 1878 година, Македонија под турска власт останала сѐ до 1912 година. Меѓутоа и тогаш македонскиот народ не успеал да формира своја држава. Територијата на Македонија тогаш била поделена и одделните нејзини делови окупирани од соседните држави: Грција, Србија, Бугарија и Албанија. Дури за време на Втората светска војна, во 1943 година, на Второто заседание на АВНОЈ,

македонскиот народ за прв пат во својата историја, како резултат на својата борба за слобода е признат како посебна нација и е дозволено Македонија да формира своја држава која ќе влезе во состав на Демократска Федеративна Југославија како посебна федерална единка.

Со оглед дека на територијата на Македонија отсекогаш живееле освен Македонците и други малцинства, во етничкото обликување на македонскиот народ, одредено влијание имале и тие. Така во создавањето на етничките особини на Македонците учествувале: Турците, Власите, Евреите, Ерменците, Грците, Ромите, Србите, Албанците, Бугарите и уште некои други народи односно малцинства. Меѓутоа сите тие не влијаеле позначително за етничкото менување на месното македонско население. Етничките примеси главно зависеле од различните културно историски процеси и колонизацијата на немакедонското население во одделните краеви на Македонија.

Во рамките на таквите етнички односи, Македонците примиле и некои туѓи етнички примеси, но останале посебна народна целина со свои изразито специфични македонски етнички карактеристики. Аналогно како што примале Македонците така и давале, односно вршеле етнички влијанија врз народите со кои живееле или доаѓале во контакт.

# 2. НАСЕЛЕНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 2.1. ВКУПНО ДВИЖЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Населението е еден од најважните фактори во општествено-економскиот развој на секоја земја. Тоа има големо значење за обемот, структурата и развојот не само на производството, туку и на целокупната општествено-економска активност во една земја. Населението во социоекономскиот развој има двојна улога. Економската активност, дел од населението ја сочинува производната функција, додека вкупното население ја претставува потрошувачката функција. Со деталните анализи и проучувања на популацијата во Македонија се откриваат сите демографски елементи кои претставуваат важни фактори во оценувањето на производните сили, но и на вкупното население како потрошувач. Сето тоа влијаело врз порастот на интересот за проучување на населението со сите негови демографски структури.

Динамиката на порастот на населението во секоја земја главно се следи врз основа на резултатите од редовните пописи на населението и податоците за природниот прираст и миграциските движења, а како извори за податоци се користат: пописите, матичните книги, регистрите на населението и други извори.

Основни и најзначајни податоци се добиваат од **пописите на населението**. Со нив се прикажува состојбата на населението на целата територија на државата во точно определен критичен момент, обично на избраниот ден за попис. Од пописите се добиваат основните податоци за бројот на населението, било вкупно или по пооделни подрачја и структурните белези на населението како: пол, старост, националност, образование, занимање, брачна состојба, културни белези и др.

**Матичните книги** претставуваат основен извор на податоци за виталните настани: раѓање, умирање и стапување во брак. Во нашата земја се воведени во 1946 година, а до тогаш природното движење на населението се водело врз база на црковните тефтери. Според овој Закон за водење на матичните книги од 1946 година во Македонија е воведено задолжително регистрирање кај надлежните органи на секое раѓање, умирање и венчавање. Од овие книги можат да се анализираат положбата и промените што настануваат во природното движење на населението.

Во низа земји се водат и таканаречени **регистри на населението.** Во нив се бележат сите промени кај постојаното население како: раѓање, умирање, иселување, доселување и други витални настани, така што, врз основа на регистарот на населението во секое време е позната бројната состојба и структурата на населението. Во Македонија сé уште не се водат вакви регистри. Затоа,

меѓу другото, имаме и појава на сомнежи и во пописните резултати, бидејќи истите нема можност на друг начин да се проверат.

Вкупното население во Македонија претставува број на лица кои живеат во неа. Тој број се утврдува со пописите. Првиот официјален попис на населението во нашата земја е извршен во 1921 година. Потоа пописи се изведувани во 1931, 1948, 1953, 1961, 1971, 1981, 1991, 1994 и 2002 година. Постојат податоци, на пример за 1900 и 1913 година, како и за одредени години пред тоа, но тие во целост не може да се прифатат како точни, бидејќи на пример, за време на турското владеење пребројувањето се водело само за машкото население. Корисни податоци за бројот на населението во Македонија од XVIII и XIX век имаме и од некои патеписци, но и тие не се целосни. Сите демографски елементи не се прикажани ни во пописите од 1921 и 1931 година, така што комплетни податоци за сите демографски елементи има дури со пописите од 1948 година па наваму.

Првите податоци за вкупниот број на жители во Македонија датираат од 1900 година. Нив ги објавил В. К'нчов, додека вторите од 1913 ги објавил М. Вуичиќ. Тие главно се собирани од учители, свештеници и други лица, поради што не може да се сметаат за многу веродостојни.

*Движење на вкупниот број на жители во Република Македонија*

| Година | Број на жители | Годишен прираст | Прираст меѓу пописите | Верижен индекс |
|---|---|---|---|---|
| **1900** | 908.904 | - | - | 100 |
| **1913** | 938.000 | 2238 | 29.096 | 103,2 |
| **1921** | 797.841 | 17.52 | 140.159 | 85,0 |
| **1931** | 937.643 | 13.980 | 139.802 | 117,5 |
| **1948** | 1.152.986 | 12667 | 215.343 | 123,0 |
| **1953** | 1.304.514 | 30.306 | 151.528 | 113,4 |
| **1961** | 1.406.003 | 12.686 | 101.489 | 107,7 |
| **1971** | 1.647.308 | 24.130 | 241.305 | 117,1 |
| **1981** | 1.909.136 | 26.182 | 261.828 | 115,9 |
| **1991** | 2.033.964 | 12.482 | 124.882 | 106,5 |
| **1994** | 1.945.932 | 22.000 | 88.032 | 95,6 |
| **2002** | 2.022.547 | 9.577 | 76.615 | 103.9 |

Извор: Македонија во бројки ДЗС, 2003 стр. 6, и Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 дефинитивни податоци, ДЗС, Скопје, 2003 стр. 17

Од изнесените податоци се гледа дека во периодот од 1900-2002 година, бројот на населението во Република Македонија се зголемил од 908.904 жители на 2.022.547 или за 2,2 пати, што не е многу во споредба со зголемувањето на населението во светот. Ваквото мало зголемување не одговара ниту на високиот природен прираст, што значи дека во анализираниот период Ма-

кедонија дала голем број иселеници. Податоците покажуваат дека динамиката за бројното движење на населението во Македонија е доста неизедначено.




*Движење на населението и годишен прираст според определени пописни години*

Така, во периодот од 1900 до 1913 година, бројот на населението во нашата држава се зголемил само за 29.096 жители, односно годишниот прираст изнесувал 2.238 жители што во споредба со природниот прираст (околу 15‰) е незначително. Причина за тоа се тешката општествено-политичка и економска состојба во Македонија по Илинденското востание и Балканските војни, како и поделбата на Македонија, кога нејзината територија неправедно е разделена меѓу Србија, Бугарија и Грција. Тогаш дел од македонското население било принудено да емигрира надвор од својата татковина, а еден дел од муслиманското население се населило во Турција. Особено големо намалување во вкупниот број на население во Македонија се јавува во следниот период 1913-1921 година. Тогаш населението се намалило за повеќе од 140.000 жители или за 15%. Причина за тоа, во прв ред, е масовното иселување на муслиманското население во Турција, а во извесна мера и Првата светска војна која делумно е водена на територијата на нашата држава.

Почнувајќи од 1921 година наваму, бројот на жителите во Македонија почнал да се зголемува. Во периодот 1921-1931 година, тој прираст изнесува 139.802 жители или 17.5%. Ова зголемување првенствено се должи на големиот број доселеници како колонисти од тогашна Југославија, потоа на зголеме-

ниот природен прираст, како и на враќањето на еден дел од порано емигрираното македонско население.

Во периодот од 1931-1948 година, годишниот пораст на населението е понизок од природниот прираст, така што вкупното население во Македонија се зголемило за 215.343 жители или по 12.667 жители годишно. Понискиот годишен пораст од природниот прираст предимно се должи на: човечките жртви во текот на Втората светска војна, на емиграцијата на поголемиот дел од Србите доселени по Балканските војни, потоа на иселувањето на дел од Власите во Романија и извесен број Македонци во Војводина (по ослободувањето), како и на присилното иселување на Евреите и нивното ликвидирање од Германците во концентрационите логори.

Меѓу сите анализирани периоди, населението во Република Македонија растело со најбрзо темпо во периодот од 1948 до 1953 година. Ваквиот висок пораст во овој период (просечно годишно по 30.306 жители), се должи не само на зголемениот природен прираст (кој изнесувал 24,2 % годишно), туку и на доселувањето на голем број Македонци од Егејскиот дел на Македонија.

Следниот период, пак, од 1953 до 1961 година се карактеризира со доста низок годишен пораст - само 12.686 жители. Основната причина за вака малиот пораст е масовното иселување на Турците и друго муслиманско население од Република Македонија во Турција.

Во наредните периоди, најголемо зголемување на населението во Македонија има меѓу 1971 и 1981. Во тој период годишниот пораст на населението изнесувал по 26.182 жители или вкупно нашето население во овој период е зголемено за 261.828 жители и изнесувало 1.909.136 жители.

Во 1991 година вкупното население во Македонија ја поминало бројката од 2.000.000 и изнесувало 2.033.964 жители. Годишниот пораст во периодот од 1981-1991 година, во однос на претходниот период е преполовен и изнесува 12.482 жители, па според тоа и вкупното зголемување на населението е намалено и изнесува 124.882 жители. Ваквиот мал пораст е последица освен на намалениот природен прираст, во добар дел и на зголемената емиграција на населението од Република Македонија во европските и прекуокеанските држави.

Во 1994 година, во Република Македонија за прв пат после 1921 година се јавува намалување на вкупното население. Во однос на претходниот попис од 1991 година населението е намалено за 88.032 жители или за 4.4% и изнесува 1.945.932 жители. Тоа намалување главно е последица на сменетиот начин на попис, според кој во вкупното население не се вклучени жителите од Македонија кои за време на пописот во странство престојувале повеќе од една година.

По истата методологија е извршен и пописот во 2002 година и според податоците од истиот, меѓу сите официјални пописи од 1921 до 2002 година се јавува најмало годишно зголемување кое изнесува само 9.577 жители, однос-

но вкупен пораст на населението од 76.615 жители. Така, вкупно во Република Македонија во 2002 година живееле 2.022.547 жители.

Причините за вака нискиот пораст, освен новиот начин на изведување на пописот, секако се постојаното опаѓање на природниот прираст и засилениот бран на иселување на сé поголем број жители од Република Македонија во странство.

Од прегледот на пописните резултати се забележуваат и одредени тенденции во просторното преразместување на населението во Република Македонија. Така, во однос на состојбата во 1953 година зголемено е учеството на населението во Повардарието и тоа од 38,2% на 44,3% во 2002 година, а намалено е учеството на населението во Источна Македонија од 23% на 18%. Учеството пак на населението од Западна Македонија во вкупното население во 2002 година останало скоро на исто ниво како и во 1953 година.

*Разместеност на населението во Македонија*
*по одделни просторни целини*

| Година | 1953 | % | 1971 | % | 2002 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Западна Македонија** | 565 032 | 38,8 | 537.854 | 32,6 | 736 805 | 37,7 |
| **Повардарие** | 440 960 | 38,2 | 782.940 | 47,6 | 895 725 | 44,3 |
| **Источна Македонија** | 298 522 | 23,0 | 326.514 | 19,8 | 363 017 | 18,0 |
| **Вкупно** | 1.304.514 | 100,0 | 1.647.308 | 100,0 | 2.022.547 | 100 |

Од изнесените податоци се забележува дека најголема концентрација на население во Република Македонија има во Повардарието, каде во 2002 година живееле 895.725 жители или 44,3% од вкупното население во државата. Потоа следува Западна Македонија во која живееле 763.808 жители или 37,7%, а Источна Македонија со концентрација од 363.017 жители или 18,0% од вкупното население во Македонија е на трето место.

## 2.2. ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ

Густината на населеност е доста значаен податок, бидејќи покажува колку жители до сега наоѓале средства за опстанок на единица површина (километар квадратен) во државата. Таа е важен елемент за оценување на разместеност на производните сили, а со тоа и за вреднување на можностите за живеење на луѓето во одреден простор.

Република Македонија во однос на густината на населеност сé уште е населена релативно ретко. Густината на населеност од првите пописи па до де-

нес, во зависност од динамиката на вкупното население, постојано се менувала, односно зголемувала. Така, во 1921 година според податоците од првиот официјален попис, на еден $км^2$ во Македонија живееле по 31,0 жители, во 1961 година таа густина се зголемила на 54,7 жители, додека во 2002 година изнесува 78,6 жители.

*Просечна густина на населеност во Република Македонија*

| Год. | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1991 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ж /$км^2$ | 31,0 | 36,4 | 44,8 | 50,7 | 54,7 | 64,2 | 74,2 | 79,1 | 76,0 | 78,6 |

Според густината на населеност нашата држава се изедначува со Шпанија - 78, а се доближува до Грција - 80 жители на $km^2$. Поретко е населена од Албанија - 118, а многу погусто од Норвешка - 14 жители на $km^2$.

Меѓутоа, густината на населеност во сите делови на Република Македонија не е рамномерна. Таа е условена од природните погодности, потоа од природниот прираст на населението и од развиеност на стопанството во одделните делови на државата.

Во однос на поголемите просторни целини, најгусто е населено Повардарието[1]. Во него на површина од 7.520 $km^2$ живеат 895.725 жители или по 119 на $km^2$. Потоа следува Западна Македонија[2] во која на површина од 10.943 $km^2$ живеат 763.805 жители, односно по 70 жители на $km^2$. Источна Македонија[3], со 6.970 $km^2$ е најмала по површина и е населена со најмал број на население 363.017, поточно има најмала густина на населеност од само 52 житела на $km^2$.

Најгусто населена област во Република Македонија е Скопската Котлина. Во неа во 2002 година живееле 578.144 жители или по 318 жители на $km^2$. Во однос на 1961 година кога густината изнесувала 147 жители, овде населеноста е зголемена за 100%. Ваквата густина на населеноста ја зголемува секако присуството на градот Скопје. Така во скопските општини густината изнесува 1358 жители на $km^2$. На второ место по густина на населеноста доаѓа Полошката Котлина. Во неа на $km^2$ живеат по 184 жители. Третото место по густина на населеност го зазема струшкиот дел од Охридско-струшката Котлина. Во неа жи-

[1] Во Повардарието спаѓаат: Кумановската, Скопската, Велешката, Тиквешката и Гевгелиско-валандовската област

[2]Во Западна Македонија спаѓаат: Полошката, Кичевската, Поречката, Дебарската, Охридско-струшката, Дебарца, Преспанската, Пелагониската и Мариовската област.

[3]Во Источна Македонија спаѓаат: Славишката, Кратовско, Пробиштипската, Овчеполската, Кочанската, Пијанечката, Малешевската, Криволакавичката и Струмичко-радовишката област.

веат по 130 жители на $km^2$, а на четврто место со 113 жители на $km^2$ е Кумановската Котлина. Во овие четири котлини кои зафаќаат површина од 5.143 $km^2$ во 2002 година живееле 1.076.831 жители односно на 1/5 од територијата на Република Македонија живеело 1/2 од населението на државата. Во нив густината на населеноста е над 100 жители на $km^2$. Над просечната густина на населеноста во Републиката уште имаат Струмичката Котлина-97, Дебарската-88 и Кочанскиот дел од Кочанската Котлина со 86 жители на $km^2$. Сите останати подрачја се поретко населени од просекот на Републиката. Така Кичевската Котлина е населена со просечна густина од 66 жители, штипскиот крај со 63, Пелагонија со 58 (Битолскиот со 59, а Прилепскиот со 56 жители), Охридската со 57, Гевгелиско-валандовската Котлина, Велешката Котлина, Радовишкиот дел од Струмичко-радовишката Котлина и Делчевската Котлина се населени со просечна густина од 43 жители на $km^2$.

Останатите делови во нашата земја поретко се населени од 40 жители на $km^2$. Тиквешијата, на пример, има просечна густина од 35,7 жители на $km^2$ (Кавадаречкиот дел 37,8, а Неготинскиот 32,5), Славишката Котлина со 35, Овче Поле 33, додека најретко населена во Република Македонија е Поречката област. Во неа на $km^2$ живеат само по 12,7 жители. Потоа следува Демирхисарскиот крај кој е нешто погусто населен бидејќи во него живеат по 21,5 жители на $km^2$, а скоро со иста густина на населеност е и Преспа-23, а Малешево со 24 жители на $km^2$. Одредени подрачја во Републиката се потполно раселени, односно во нив останало да живее само мал број на население, така што и густината на населението е минимална. Такви се Мариово и Бошавијата во кој живее само по еден жител на $km^2$, потоа Мавровскиот крај со по два, Азот со четири, Дебарца со осум жители и слично.

Поинаква слика за густината на населеност на Република Македонија ќе добиеме ако го земеме во предвид само земјоделското население, односно населението кое живее од обработување на земјата, а тоа е аграрната густина. Иако релативно слабо населена Македонија имала, а и сега има релативно голема аграрна густина. Како се движела таа густина се гледа од следната табела:

*Број на земјоделци на 100 ha обработлива површина*

| Година | 1921 | 1931 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1991 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на земјоделци** | 176 | 120 | 133 | 101 | 97 | 60 | 36 |

Од прегледот се забележува дека со мигрирањето на селското население во градовите и со процесот на деаграризацијата, аграрната населеност во

Републиката станува сé поретка. Во анализираниот период таа се намалува за околу пет пати. Така, на пример, во 1921 година на сто хектари земјоделска површина доаѓале по 176, во 1961 по 101, а во 1991 година тој број се намалил на 36 земјоделци. Најголема аграрна населеност има во Полошката, Струмичката и Кумановската Котлина, а најмал во Велешката, Овчеполската, Малешевската и Тиквешката. Општо земено аграрната густина многу е намалена во планинските и ридските подрачја, а сé уште е голема во котлините. Недефинираната политика кон аграрот и селото, а под притисок на демографските движења, доведува и до осетно раситнување на имотот на селското население, а тоа уште повеќе ја усложнува состојбата во аграрната пренаселеност.

## 2.3. СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО СПОРЕД ПОЛОТ

Структурата на населението според полот го укажува квантитативниот однос на машкото и женското население во вкупното население. Таа е значајна за оценување на репродукцијата на населението во Македонија, но и за познавање на производните можности. Најважните показатели преку кои се анализира половата структура се **коефициентот на маскулинитетот**, кој го изразува бројот на машкото население на 1000 женски лица, и **коефициентот на феминитет** кој го покажува бројот на женското население на 1000 машки лица.[4]

Структурата на населението според полот главно е условена од половата структура на живородените деца, потоа од разликите во возраст на половите, од миграциските движења и некои други недемографски фактори како војни, природни непогоди, несреќи на работа, сообраќајни несреќи и др.

Од досегашните проучувања на половата структура на населението во Република Македонија може да се забележи дека помеѓу машкото и женското население постои одредена рамнотежа и покрај случајното раѓање на машки и женски деца. Сепак, од анализите на пописните години се забележува дека преовладувало, не во големи сразмери, машкото над женското население.

Од прегледот се забележува дека во сите пописни години се забележува поголемо присуство на машко население. Така, во 1931 година на 1000 женски доаѓале по 1.015 машки, во 1961 година 1.020, во 2002 година тој соодност се намалил на само 1.008 машки лица. Единствено отстапување од оваа скоро законита појава се јавила во 1921 година што може да се објасни со долгите претходни воени години со кои Македонија била зафатена, а во кои изгинал значаен дел од машката популација. Мошне интересни се и показателите со кои се квантифицира процентуалното учество на машкото или женското население по поодделни старосни групи. Така, кога се анализира половата структура по пооделните старосни групи на населението, според резултатите на пописот од 2002 година се забележува дека сé до 45-49 година на старост, постои

[4] Коефициент на маскулинитет    $К_m=(П_м/П_ф)*1000$    $P_m$= број на машки лица
Коефициент на феминитет    $К_f=(П_ф/П_м)*1000$    $P_f$= број на женски лица

вишок на женско население. Најголем вишок на машко население се јавува помеѓу 20-24 година (5.147), а најголем вишок на женско население се јавува помеѓу 70-74 возрасна група (6.113 жители).

*Население по пол според пописите од 1921 до 2002 година*

| Година | Вкупно | Мажи | % | Жени | % | Коефициент на маскулинитет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1921** | 808.724 | 401.468 | 49,6 | 407.256 | 50,4 | 986 |
| **1931** | 949.958 | 478.519 | 50,4 | 471.439 | 49,6 | 1.015 |
| **1948** | 1.152.986 | 584.002 | 50,6 | 568.984 | 49,4 | 1.026 |
| **1953** | 1.304.514 | 659.861 | 50,5 | 644.653 | 49,5 | 1.024 |
| **1961** | 1.406.003 | 710.074 | 50,5 | 695.629 | 49,5 | 1.020 |
| **1971** | 1.647.308 | 834.692 | 50,6 | 812.616 | 49,4 | 1.027 |
| **1981** | 1.909.136 | 968.143 | 50,7 | 940.993 | 49,3 | 1.029 |
| **1991** | 2.033.964 | 1.027.352 | 50,5 | 1.006.612 | 49,5 | 1.020 |
| **1994** | 1.945.932 | 974.255 | 50,0 | 971.617 | 50,0 | 1.003 |
| **2002** | 2.022.547 | 1.015.377 | 50,2 | 1.007.170 | 49,8 | 1.008 |

Извор: Македонија во бројки ДЗС, 2003 стр. 6, и Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 дефинитивни податоци, ДЗС, Скопје, 2003 стр. 17

Следна специфика за половата структура на нашето население е дека повеќе се раѓаат машки отколку женски лица. Како резултат на тоа, во помладите години редовно се јавува вишок на машко над женско население. Меѓутоа статististичките истражувања покажуваат дека машките деца во првите „детски“ години повеќе умираат од женските деца. Исто така, е констатирано дека машките живеат пократко, односно умираат порано од женските. Како последица на тоа се јавува диспропорција во половата струкура според која до 49–та година на старост е во полза на машкото, а потоа во следните години е во полза на женското население. Доколку се анализира населението по пол, според изјаснувањето за националната припадност се забележува дека нема голема разлика. И кај македонскиот народ и кај малцинствата кои живеат во Република Македонија е поголем бројот на населението од машки пол, со исклучок на населението од албанското малцинство каде што поголемо учество има населението од женски пол.

Разместеноста на населението по пол, по општини покажува дека, освен во оние општини во кои преовладува албанското малцинство (но не насекаде), во сите други општини побројни се машките над женските лица.

## 2.4. СТАРОСНА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Старосната структура на населението е важен демографски елемент бидејќи староста е основен биолошки белег на населението. Таа претставува резултат на развојот на населението во минатото и во исто време детерминанта на неговиот иден развој. Преку старосната структура се согледуваат какви се можностите за репродукција на населението, од неа зависи обемот на работната сила и структурата на потрошувачкиот дел на населението. Таа ја искажува состојбата и односот меѓу активното и издржуваното население, а исто така, и односот меѓу старото и младото население што е значајна база за решавање на бројни социоекономски проблеми. Врз основа на возраста и старосната структура на населението се планираат и градат образовни и здравствени објекти, детски градинки, старски домови и уште низа други објекти.

Структурата на населението според возраст зависи од повеќе фактори. Тие може да бидат **егзогени** и **ендогени**. Во егзогените фактори кои не се постојани ги вбројуваме економските кризи, војните, епидемиите, природните катастрофи, миграциите и др., а во ендогените фактори кои се постојани, спаѓаат наталитетот, морталитетот и природниот прираст. Од интензитетот на влијанијата на овие фактори зависи типот на старосната структура.

Има три основни типа на старосни структури: **експанзивен, стагнантен** и **регресивен или опаѓачки тип.** Експанзивниот тип се јавува кога има висок природен прираст на населението. Стагнантниот тип се карактеризира со низок или нулти природен прираст, а регресивниот тип кога стапките на наталитетот се на ниво на стапките на морталитетот или се под него. Таа укажува дека населението е зафатено со процес на депопулација.

Старосната структура на населението се искажува преку групирање на вкупното население на поголеми или помали старосни групи зависно од потребите и целите на анализите. Така на пример, кога се анализира репродуктивниот потенцијал на населението во Република Македонија, тогаш вкупното женско и машко население се групира според старост во три старосни групи:

1. Предфертилна старост од 0 до 14 години,
2. Фертилна старост од 14 до 49 години,
3. Постфертилна старост од 50 и повеќе години.

За оценка на работната способност на населението и потецијалот на трудовите ресурси, вкупното население исто така, се дели во три старосни групи:

1. Предработен контингент од 0 до 14 години,
2. Работен контингент од 15 до 64 години,
3. Постработен контингент од 65 и повеќе години.

Во врска со процесот на образованието, старосната сруктура се дели на следните четири групи:

1. Предшколска старост од 0 до 6 години,
2. Школска задолжителна старост од 7 до 14 години,
3. Средношколска старост од 15 до 19 години,
4. Редовна студентска старост од 20 до 24 години

Во Република Македонија од 1921 до 2002 година, старосната структура на населението, по група на старост покажува значителни промени. Тие промени се манифестираат прво преку демографската транзиција и потоа преку процесот на демографското стареење.

*Население по возрасни групи според пописите од 1921 до 2002 година*

| Попис | Вкупно | Старосни групи | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-14 год | % | 15-64 год | % | 65 и повеќе | % | Непознато |
| **1921** | 797.841 | 713.773 | 39,4 | 426.653 | 53,4 | 57.444 | 7,2 | — |
| **1931** | 949.958 | 364.277 | 38,3 | 526.798 | 54,5 | 58.853 | 7,2 | 30 |
| **1948** | 1.152.986 | 437.986 | 38,0 | 643.313 | 55,8 | 71.635 | 6,2 | 52 |
| **1953** | 1.304.514 | 481.713 | 36,9 | 745.535 | 57,2 | 77.127 | 5,9 | 139 |
| **1961** | 1.406.003 | 522.919 | 37,2 | 806.761 | 57,5 | 74.891 | 5,3 | 1.432 |
| **1971** | 1.647.308 | 535.713 | 32,5 | 1.012.359 | 61,5 | 94.859 | 6,0 | 4.377 |
| **1981** | 1.909.136 | 555.177 | 29,1 | 1.221.155 | 64,0 | 128.261 | 6,9 | 4.543 |
| **1991** | 2.033.964 | 487.952 | 24,0 | 1.365.390 | 67,2 | 165.716 | 8,1 | 14.906 |
| **1994** | 1.945.932 | 483.923 | 24,9 | 1.294.028 | 66,5 | 164.678 | 8,5 | 3.303 |
| **2002** | 2.022.547 | 426.280 | 21,2 | 1.381.388 | 68,3 | 213.712 | 10,5 | 1.203 |

Извор. СГРМ /2001 стр. 51 (сопствени пресметки) и „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година, бр.2.1.3., 30 дефинитивни податоци" стр.17

Преку процесот на демографската транзиција значително се менува старосната структура на населението, при што на почетокот на тој процес, кој започнал околу 1921 година, големо е учеството на младото население од 0-14 години и изнесува 39,4%, додека најмало е учеството на старото население од 65 и повеќе години кое изнесува 7,2%. Во подоцнежните години учеството на младото население постепено се намалува и во 2002 година изнесува 21,2%.

Процесот на демографско стареење се манифестира преку постојаното зголемување на учеството на старосната група од 15-64 години кое се зголемува од 53,4% во 1921 година на 68,3% во 2002 година, и посебно порастот на на-

селението во старосната група над 65 години чие учество во вкупното население е зголемено од 7,2% во 1921 година на 10,5% во 2002 година.

Денеска во Република Македонија има краеви во кои возрасната група од „65 и повеќе години" учествува со над 20% во вкупното население, а учеството на младото население е до 20%. Тоа покажува дека тие краеви значително се зафатени со *процесот на демографско стареење.* Такви краеви се: Демирхисарскиот, Кратовскиот, Преспа, Порече и др. Наспроти овие делови од Републиката, се наоѓаат краеви во кои учеството на младото население е поголемо од 30%. Такви се: Липковскиот крај, Полог, Дебарско и др.

*Старосна структура на населението во Република Македонија по старосни групи и пол (1961, 1981 и 2002 година)*

| **Старосни групи** | **1961 год.** | | | **1981 год.** | | | **2002 год.** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **М** | **Ж** | **Вкуппо** | **М** | **Ж** | **Вкуппо** | **М** | **Ж** |
| **0 - 4** | 187.535 | 96.528 | 91.007 | 191.624 | 98.709 | 92.933 | 122.757 | 63.279 | 59.478 |
| **5 - 9** | 177.020 | 90.927 | 86.093 | 184.854 | 95.307 | 89.547 | 143.184 | 73.816 | 69.368 |
| **10 - 14** | 158.364 | 81.287 | 77.077 | 178.681 | 92.120 | 86.561 | 160.339 | 82.553 | 77.806 |
| **15 - 19** | 122.834 | 62.205 | 60.669 | 178.205 | 91.653 | 86.552 | 165.422 | 84.902 | 80.520 |
| **20 - 24** | 120.121 | 60.491 | 59.630 | 174.352 | 89.734 | 84.618 | 161.945 | 83.546 | 78.399 |
| **25 - 29** | 118.901 | 59.153 | 59.748 | 165.074 | 84.962 | 80.112 | 153.461 | 78.351 | 75.110 |
| **30 - 34** | 102.826 | 50.539 | 52.287 | 146.028 | 74.456 | 71.572 | 148.281 | 75.193 | 73.088 |
| **35 - 39** | 85.354 | 41.659 | 43.695 | 113.784 | 57.660 | 56.124 | 149.837 | 76.222 | 73.615 |
| **40 - 44** | 56.432 | 27.987 | 28.445 | 113.549 | 57.051 | 56.498 | 146.902 | 75.027 | 71.875 |
| **45 - 49** | 62.822 | 32.660 | 30.162 | 111.127 | 55.365 | 55.760 | 142.688 | 72.940 | 69.748 |
| **50 - 54** | 56.828 | 29.872 | 26.956 | 94.365 | 46.126 | 48.239 | 127.760 | 63.202 | 64.558 |
| **55 - 59** | 46.411 | 24.279 | 22.132 | 76.438 | 36.754 | 39.684 | 95.234 | 46.406 | 48.828 |
| **60 - 64** | 34.192 | 16.469 | 17.723 | 48.233 | 23.491 | 24.742 | 89.822 | 43.208 | 46.614 |
| **65+** | 74.891 | 35.308 | 39.583 | 128.261 | 62.753 | 65.508 | 213.712 | 96.428 | 117.284 |
| **Непо знато** | 1.432 | 710 | 722 | 4.543 | 2.000 | 2.543 | 1.203 | 324 | 879 |
| **Вкупно** | 1.406 003 | 710.074 | 695.929 | 190.9136 | 968.143 | 940.993 | 2.022.547 | 1.015.377 | 1.007.170 |

Извор: СГРМ /2001, стр. 51., „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 год., бр. 2.1.3., 30, дефинитивни податоци", стр. 17

Одредени промени кај старосната структура на населението во Македонија се забележуваат и во однос на половите групи. Од бројните споредбени показатели, за 1961, 1981 и 2002 година, по групи на старост и по пол, во Република Македонија се забележува дека само во старосните групи од 0-4 и 5-9 години во 2002 година во однос на 1961 година имаме намалување на населението, а во сите останати старосни групи се јавува пораст на населението. Тој

пораст е најизразен во старосната група од 65 и повеќе години. Кај старосните групи од 0-4 и 5-9 години намалени се и бројот на машкото и бројот на женско население во 2002 година во однос на 1961 година.

Според расположивите податоци, значајно е изменета и просечната старост на населението. Така, на пример, додека во 1953 година просечната старост на машките лица изнесувала 26,2 години, а на женските 26,7 години, во 2000 година просечната старост на машките лица се зголемила на 33,5, а на женските лица на 35,1 година. Во 2012 година просечната старост изнесувала 37,7 и тоа 36,9 за машките лица и 38,6 за женските лица. Оваа појава е последица од позитивното движење на средното траење на животот. Така на пример, додека во периодот од 1952-1954 година средното траење на животот на машките лица изнесувал 54,95 години, а на женските лица 55,06 години, во периодот од 1998-2000 година, средното траење на животот е помало кај машките лица на 70,48, а на женските лица на 74,77 години, додека просечното очекувано траење на животот и за двата пола изнесува 72,68 години. Во 2010-2012 година средното траење на живот изнесува 74,98 и тоа 72,97 кај машките лица и 77,05 кај женските лица. Во сите три периоди се забележува дека е поголемо средното траење на животот на женскиот пол, затоа и просечната старост на женскиот пол е поголема од просечната старост на машкиот пол.

Во демографијата често се употребува терминот **коефициент на старост**[5]. Преку него се искажува учеството на лицата стари 60 и повеќе години во вкупното население. Кога учеството на лица стари 60 и повеќе години достигне 12% од вкупното население, се смета дека населението на таа земја или подрачје почнало да старее. За населението во Република Македонија според пописот од 1981 година, тој изнесува 9,2%, додека во 2002 година е пораснат на 15,0%, односно бележи зголемување од 5,8%.

Следен податок кој често се употребува во демографската статистика е **индексот на стареењето**[6]. Преку него се искажува односот на старо население 60 и повеќе години, спрема населението до 20 години старост. Граничната вредност на индексот на стареењето е 0,40 или 40% и кога индексот ќе ја надмине таа граница, се смета дека населението го зафатил процесот на стареење. Во периодот од 1953 до 2002 година, кај населението во Македонија се забележува постојан пораст на стареење и тоа од 17,28% во 1953 преку 24,0% во 1981 на 51,3% во 2002 година. Тоа покажува дека во 2002 година индексот на стареењето во нашата земја ја надминува граничната вредност од 40% за 11,3%, односно населението во Република Македонија во голема мера е зафатено со процесот на стареењето.

[5] Се пресметува според формулата: $K_s=(P_{60+}/P)*100$

[6] Се пресметува според формулата: $I_s=(P_{60+}/P_{20})*100$

Старосната структура на населението често се прикажува освен преку бројки и на графички начин. Како графичко средство за нејзино прикажување обично се користи старосната пирамида.




*Старосни пирамиди на населението во Република Македонија според пописите во 1971, 1981, 1994 и 2002 година*

Анализирајќи ја нејзината форма по пописни години во Република Македонија сликовито се забележуваат значајните промени во старосната структура на населението. Во постарите пописни години и тоа 1953, 1961 и 1971 година, пониските старосни групи имаат поголема, а повисоките помала фреквенција и тогаш пирамидите имале широка основа и преку врвот постепено се стеснувале. Од 1981 година таа состојба се менува и пирамидите добиваат неправилна форма, односно базата постепено се стеснува и во 1991 година се изедначува со следните повисоки групи, а во 2002 година веќе е значајно стеснета, бидејќи пониските старосни групи се помали од повисоките.

## 2.5. ПРИРОДНО ДВИЖЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Врз основа на причините што влијаат врз промените на обемот на населението, движењето на населението се дели на **природно** и **механичко движење.** Овие две основни детерминанти го условуваат развитокот на населението во една земја. Со раздвојувањето на природното од механичкото движење се прави квалитативна разлика меѓу оној пораст или опаѓање на населението кои просторно и временски настанале под влијание на природното движење, од оној пораст или опаѓање на бројот на населението кои настанале под влијание на механичкото движење.

Природното движење на населението е важен елемент во виталната статистика на Република Македонија, бидејќи преку него се следи движењето на општата популација во Републиката. Нашата земја и денес спаѓа во редот на оние земји во кои природното движење на населението сé уште претставува основна детерминанта која ги условува промените на населението. Природното движење на населението го сочинуваат две основни компоненти: наталитетот и морталитетот. Наталитетот (раѓањето) придонесува за квантитативно зголемување на населението, додека морталитетот (умирањето) доведува до смалување на населението.

### 2.5.1. НАТАЛИТЕТ НА НАСЕЛЕНИЕТО

За одредување на оваа компонента на природното движење се зема општата стапка на наталитетот која главно се изразува во промили и се однесува на вкупниот број на живородени во една година во Републиката[7]. Преку бројот на родените се искажува стварната плодност на населението во Македонија за една година. Како основни фактори кои го одредуваат степенот на наталитетот се сметаат: **биолошките, социјалните, економските и психолош-**

[7] Се пресметува според формулата n= (N/P)*1000 каде N е број на живородени деца, P е вкупно население во средина на годината и се изразува во промили

**ките фактори**. Во биолошките фактори спаѓаат: старосната структура на населението, стерилитетот, просечното време на стапување во брак, факондитетот, не учествување на жените во репродукцијата и разни други биолошки и медицински чинители кои влијаат врз раѓањето на деца во нашата држава.

Економско-социјалните фактори исто така, се претставени со бројни елементи меѓу кои поважни се: достигнатиот степен на економски развој, економските услови за склучување на нови бракови, општествено-политичката положба на жената степенот на образование, степенот на вработеноста во Републиката и др.

Влијанието на овие фактори може да биде непосредно и посредно, односно долгорочно и краткорочно. Нивниот интензитет не е секогаш еднаков поради што е различна и стапката на наталитетот.

Врз основа на **физиолошките можности** на жените се смета дека **стапката на наталитетот**, може да се движи помеѓу 50 и 60 новородени деца во текот на една година на 1000 жители. Меѓутоа, реалната стапка на наталитетот претежно се наоѓа под физиолошките можности и варира од земја до земја. Гледано од тој аспект земјите во светот се класифицирани во три категории: земји со низок наталитет кои имаат стапка на наталитет до 20‰, земји со среден наталитет кои имаат стапка на наталитет помеѓу 20 и 30‰ и земји со висок наталитет над 30‰. Стапката на наталитет во светски размери варира помеѓу 10‰ (Германија) и 54‰ (Уганда). Во споредба со земјите во светот Република Македонија со стапка на наталитет од 13,7‰ во 2002 година, спаѓа во групата на земји со низок наталитет.

*Движење на наталитетот на населението во Република Македонија за период 1948-2002 година*

| Година | Население во средина на годината во илјади | живородени | живородени на 1000 жители |
|---|---|---|---|
| **1948** | 1162 | 47.352 | 40,7 |
| **1953** | 1310 | 49.665 | 37,9 |
| **1971** | 1653 | 37.904 | 22,9 |
| **1981** | 1906 | 39.488 | 20,6 |
| **1991** | 2039 | 34.830 | 17,1 |
| **1994** | 1946 | 33.487 | 17,2 |
| **2002** | 2022 | 27.761 | 13,7 |

Следејќи го текот на наталитетот во годините од Втората светска војна наваму, во Република Македонија се забележува дека наталитетната стапка е во постојано опаѓање. Така на пример, додека во 1948 година биле живородени вкупно 47.352 деца (од вкупно население 1.162.000), во 1981 година тој број се намалил на 39.488 (од вкупно население 1.889.000), за во 2002-та година да се спушти на 27.761 (вкупно население од 2.022.000 жители).

Најголем наталитет во нашата Република имало во 1948 година, кога на 1000 жители стапката на живородените изнесувала 40,7, потоа таа постепено опаѓа за во 2002 да се спушти на 13,7 *‰.*




*Дијаграм на фактори кои влијаат врз фертилитетот*

Посебен показател на наталитетот претставува **фертилитетот**[8] **или плодност на населението**. Стапката на фертилитетот се пресметува во однос на женското население кое е способно за раѓање. Годините во кои жената е способна за раѓање се нарекуваат фертилен период, а бројот на жените во овие години го сочинува фертилниот контингент. За фертилен период во Република Македонија се смета интервалот на старост кај жените од 15-49 години. Како мерка на фертилетот на населението се смета стапката на женскиот фертилитет. Таа претставува однос помеѓу бројот на живородени деца и бројот на фертилните жени. И стапката на фертилитетот во нашата земја е во постојано опаѓање. Во 1990 година изнесувала 64,6‰, во 2000 година намалено е на цели 9‰ и изнесувала 55,6‰, а овој тренд на намалување продолжува и понатаму. Во 2010 година изнесувала 46‰, а во 2012 година 44,9‰.

При анализирање на фертилитетот треба да се има во предвид и староста, бидејќи тој во најголема мерка е детерминиран од старост на мајката. Плодноста според старост се менува во текот на животот на жената. Најголема стапка на фертилитет, поточно најголема способност за раѓање во 1990 година имале жените помеѓу 20-24 години на старост, во 2000 година таа е поместена меѓу 25-30 години. Меѓутоа, и таа стапка на фертилитет во нашата држава е во

[8] Се пресметува според формулата $F_e = (N/Pf_{15\text{-}49})*1000$ каде N е број на живородени деца, $Pf_{15\text{-}49}$ е женска популација на возраст од 15 до 49 години (фертилен период) и се изразува во промили.

опаѓање. Во 1990 година старосната група од 20-24 години учествувала со 161,0‰, во 2000 е намалена на 127,1 ‰, а во 2010 година изнесува 76,4‰. Поголемо зголемување на стапката е забележливо кај жени на возраст од 30-34 и од 35-39, посебно во однос на последната анализирана година.

*Специфични стапки на фертилитет*

| **Година** | **1990** | **2000** | **2010** |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 64,6 | 55,6 | 46 |
| **Возраст на мајката** | | | |
| **Под 15 год.** | 0,4 | 0,6 | / |
| **15-19** | 43,1 | 31,4 | 19,6 |
| **20-24** | 161,0 | 127,1 | 76,4 |
| **25-29** | 130,7 | 132,9 | 108,8 |
| **30-34** | 54,5 | 61,5 | 75,2 |
| **35-39** | 18,9 | 19,5 | 27,4 |
| **40-44** | 3,9 | 3,3 | 3,9 |
| **45-49** | 0,3 | 0,2 | 0,2 |
| **50+** | / | / | / |

Извор: Статистички годишник на Република Македонија 1993-2014 година. ДЗСРМ, Скопје

Освен истражувањата на фертилитетот според старост од особено значење се и неговото проучување според други социоекономски белези како: етничката, образовната, професионалната и други демографски структури. Така врз база на етничката структура може да се види кој го создава високиот наталитет во Републиката. Во периодот 1961-1972 година во Македонија просечно годишно се раѓале по 44.184 деца, односно била формирана средна годишна стапка од 26,8‰. Во неа Македонците учествувале со 55,4‰, македонските Албанци со 30,2‰, македонските Турци со 9,5‰, македонските Роми со 2,7‰, и останатите малцинства со 6,4‰. Во периодот од 1997-2002 година во Македонија просечно годишно се раѓале по 28.351 деца или била формирана средна годишна стапка од 14,0‰. Во неа Македонците учествувале со 47,3%, а малцинските заедници и тоа македонските Албанци со 33,3%, македонските Турци со 4,2‰, македонските Роми со 4,3‰ и останатите со 10,9‰. Ако сега го споредиме учеството на малцинствата во вкупното население со вкупно родените деца, ќе видиме дека постои неусогласеност помеѓу нивното учество во вкупното население и вкупно родените деца. Така Македонците, кои во вкупното население имаат најголемо учество од 64,18% (2002 год.), логично имаат и најголемо учество во вкупно родените деца (47,3%).

Меѓутоа, нивното учество во родените деца е помало за 16,9% отколку во вкупното население што не е случај за ниту едно од малцинствата. Македонските Албанци кои во вкупното население на Република Македонија учествуваат со 25,17‰, во вкупно родените деца учествуваат со 33,3% или за

7,6% повеќе отколку во населението. Македонските Турци имаат поголемо учество за 0,4% во однос на нивното учество во вкупното население на Републиката, македонските Роми 1,7% и сл.

Врз основа на наведените податоци се заклучува дека во создавањето на големината на наталитетот, големо е учеството на малцинствата (47,3:52,7%), меѓу кои посебно се истакнува албанското и ромското малцинство.

Интересно е да видиме како влијае степенот на образованието на висината на наталитетот. Бројот на родените деца по образовни групи покажува дека колку е повисок степенот на образованието на мајките, толку и бројот на децата е помал и обратно. Кај мајките без образование и со непотполно основно образование се забележува дека бројот на родените деца е поголем-голем е бројот на 9 и повеќе деца. Кај жените со повисоко образование, средно и високо, бројот на децата се сведува на четири, односно на три и две деца. Тоа покажува дека високиот наталитет кај одредени заедници е резултат на недоволната просветеност, како и сé уште присутните патријахални сфаќања.

Состојбата по одделни делови во Републиката во однос на наталитетот е исто така, различна. Таа главно е условена од нивната етничка структура. Во некои краеви стапката на живородените на 1000 жители е повисока, а во други пониска од просекот на Републиката. Поголем наталитет од републичкиот (13,7) имаат општините: Арачиново 27,4‰, Студеничани 26,0‰, Плашница 25,7‰, Липково 25,2‰, Желино 24,0‰ и др., а од оние со помал наталитет се истакнуваат: Конопиште 2,2‰, Витолиште 4,1‰, Сопотница 4,7‰, Старавина 4,9‰, Белчиште 5,4‰ и др.

Мал наталитет покажуваат особено оние општини каде емиграцијата на младото население е значителна. Тие се карактеризираат и со зголемен број на домаќинства, со постари лица.

### 2.5.2 МОРТАЛИТЕТ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Под **морталитет** се подразбира бројот на смртни случаи што се јавуваат кај населението во текот на определен временски период, најчесто за време од една година. Тој претставува негативна компонента на природното движење на вкупното население и најмногу влијае врз неговото намалување. Висината на морталитетот зависи од билошките, социјалните и економските фактори во една земја. Во групата на биолошки фактори влегува пред сé, старосната структура на населението, а во економско-социјалните фактори: достигнатото ниво на животниот стандард, нивото на образованието на населението, здравствените услови на животот и други фактори.

**Стапката на морталитетот** претставува однос на бројот на умрените во текот на една година (М), спрема просечниот број на жители (Р)[9].

Од Втората светска војна па наваму, стапката на морталитетот во Македонија е доста намалена. Пред војната таа била многу висока.

*Движење на морталитетот на населението во Република Македонија за периодот 1948-2002 година*

| Година | Население во средината на годината во илјади | Умрени | Умрени на 1000 жители |
|---|---|---|---|
| **1948** | 1162 | 16.764 | 14,4 |
| **1953** | 1310 | 19.312 | 14,8 |
| **1971** | 1653 | 12.447 | 7,5 |
| **1981** | 1916 | 13.383 | 7,0 |
| **1991** | 2039 | 14.789 | 7,3 |
| **1994** | 1946 | 15.771 | 8,1 |
| **2002** | 2022 | 17.962 | 8,9 |

Извор: СГРМ од 1997/2003 година. Скопје

На пример, во 1931 година на 1000 жители се паѓале 22,3‰ умрени. Тоа е најголема забележана морталитетна стапка во Македонија. Во 1948 година таа се симнала на 14,4 ‰, а тој тренд на намалување се задржува и во следните години. Во периодот од 1971-1991 година стапката на морталитетот се стабилизирала на околу 7‰. Потоа во следните години е нешто зголемена и во 2002 година изнесува 8,9 ‰[10].

Морталитетот на населението во Македонија варира по одделни демографски белези. Така стапката на смртност спрема полот покажува дека таа е повисока кај машката отколку кај женската популација. Во 2000 година од вкупно 17.253 умрени лица, 9.327, или 54% биле од машки пол, а 7.962, односно 46% биле од женската популација. Скоро ист соодност во структурата на умрени по пол се забележува во 2010 година (53,2% мажи, 46,8% жени).

Мошне карактеристични се и движењата на морталитетот според старост. Во тој однос се забележува дека смртноста е многу повисока во првата година од животот. Потоа морталитетот брзо опаѓа и во 12-тата година од животот го достигнува својот минимум. Во следните години почнува повторно да расте, најнапред побавно, а потоа се побрзо, за својот максимум да го достигне во најстарите години во човечкиот живот.

[9] Се пресметува според формулата m = (M/P)*1000 каде M е број на умрени, P е вкупно население во средина на годината и се изразува во промили

[10] Во светски размери, стапката на морталитетот варира помеѓу 4‰ Костарика и 25‰ Гвинеа Бисао *(New World Development Report, 1994, p. 212. 213).*

*Умрени по возраст во Република Македонија*

| Година | Вкупно | Под 1 год. | 1-9 год. | 10-64 | 65 + |
|---|---|---|---|---|---|
| **1971** | 12.447 | 3.115 | 566 | 3.209 | 5.546 |
| **%** | 100,0 | 25,0 | 4,6 | 25,7 | 42,3 |
| **1991** | 14.789 | 984 | 175 | 4.433 | 9.197 |
| **%** | 100,0 | 6,6 | 1,2 | 30,0 | 62,2 |
| **2000** | 17.253 | 346 | 86 | 4.658 | 12.163 |
| **%** | 100,0 | 2,0 | 0,5 | 27,0 | 70,5 |
| **2010** | 19113 | 185 | 35 | 4637 | 14256 |
| **%** | 100,0 | 1,0 | 0,2 | 25,4 | 73,6 |

Во Македонија, демографските анализи покажуваат дека **стапката на морталитетот на доенчињата**[11] е доста намалена. Така, во 1950 година таа изнесувала 112‰, во 1994 година 22,5‰, во 2000 се спуштила на 14‰, а во 2010 година на 8‰.

Од прегледот се забележува дека многу е намалено учеството на смртност кај доенчињата во вкупно умрените лица, и тоа од 25% во 1971 година на само 2% во 2000 и 1% во 2010 година, а осетно зголемена е смртноста кај популацијата од 65 и повеќе години, и тоа од 42,35 во 1971 година на 70,5% во 2000 и 73,6% во 2010 година.

Во Република Македонија многу е различен морталитетот во поглед на етничкиот состав на населението. Имено, учеството во морталитетот од страна на Македонците е многу повисоко додека кај малцинствата тоа е значително पониско, што е последица секако од старосната структура на населението.

*Учество на умрените во Република Македонија според етничкиот состав на населението за периодот 1997-2002 година*

| Период | Вкупно | Македонци | м.Албанци | м. Турци | м.Роми | Останато |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1997-2002** | 102.386 | 75.610 | 16.248 | 2.524 | 2.590 | 5.377 |
| **%** | 100,0 | 73,8 | 15,9 | 2,4 | 2,5 | 5,5 |

Се забележува дека во периодот од 1997-2002 година, учеството на Македонците во вкупниот број на умрените во Републиката изнесувало 73,8%, иако тие во вкупниот број на населението учествуваат со 64,18%. Македонските Албанци пак, кои во вкупното население учествуваат со 25,17% во бројот на умрените учествуваат со 15,9% што е помало за 9,27%.

[11] Се пресметува според формулата mol = (Mol/N)*1000 каде Mol е број на умрени доенчиња во една година, а N е број на живородени деца и се изразува во промили

Според статистичките податоци може да се забележи дека поголем е бројот на умрените во селските, отколку во градските населби. Меѓу градските населби најголем број на умрени се регистрираат во Скопје, што е и природно, бидејќи тој е најголема градска населба во Републиката.

Со намалување на стапката на морталитетот се продолжува **траењето на животот.** Траењето на животот зависи и од социоекономските услови, место на живеење (село-град), од брачната положба, полот и сл. Така, статистички е утврдено дека оженетите лица подолго живеат од неоженетите, а жените подолго од мажите**.**

Морталитетот како во вкупниот број на умрените, така и по умрените на 1000 жители, се разликува по општини. Во 2010 година најголема стапка на морталитет се јавува во општина Вранештица 26,7‰, а најмала во општина Арачиново 3,7‰.

### 2.5.3.ПРИРОДЕН ПРИРАСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Природниот прираст на населението претставува **однос помеѓу наталитетот** и **морталитетот на населението.** Разликата помеѓу живородените и умрените претставува апсолутен природен прираст на населението[12]. Зголемениот наталитет придонесува за зголемување на населението, додека зголемениот морталитет доведува до смалување на населението. Кога пак, наталитетот и морталитетот се изедначени во одреден период се јавува природна стагнација на населението.

Природниот прираст на населението во Македонија главно е зависен од **биолошките фактори, но тој е под силно влијание и на социоекономските, културните, етничките и другите фактори.** Со промените на стапката на наталитетот и морталитетот се менувал и природниот прираст на населението во нашата држава. Во втората половина од минатиот век, стапката на природниот прираст на населението во светот и кај нас бележи тенденција на опаѓање. Во нашата Република таа се намалила од 26,3‰ во 1948 година, преку 13,6‰ во 1981 година, на 4,8‰ во 2002 година.

Најголемо опаѓање во природниот прираст на населението се забележува во последните десетина години. Така, додека во 1991 година природниот прираст изнесувал 9,8‰, во 2002 година тој се преполовил и се намалил на само 4,8‰.

[12] Апсолутен природен прираст N-M; Стапка на природен прираст Pp= (N-M)/P*1000 каде Pp = стапка на природен прираст, P = број на население во средина на годината, N= број на живородени, M= број на умрени. Се изразува во промили.

*Движење на природниот прираст на населението во Република Македонија за периодот 1948-2002 година*

| Год. | Вкупно население во илјади | Живоро-дени | Умрени | Природен прираст | На 1000 жители | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Живоро-дени | Умрени | Природен прираст |
| **1948** | 1 162 | 47.353 | 16.764 | 30.588 | 40,7 | 14,4 | 26,3 |
| **1953** | 1 310 | 49.665 | 19.312 | 30.353 | 37,9 | 14,8 | 23,1 |
| **1961** | 1 406 | 42.040 | 13.070 | 28.970 | 29,9 | 9,3 | 20,6 |
| **1971** | 1 653 | 37.904 | 12.447 | 25.457 | 22,9 | 7,5 | 15,4 |
| **1981** | 1 916 | 39.488 | 13.383 | 26.105 | 20,6 | 7,0 | 13,6 |
| **1991** | 2 039 | 34.830 | 14.789 | 20.041 | 17,1 | 7,3 | 9,8 |
| **1994** | 1 946 | 33.481 | 15.771 | 17.716 | 16,1 | 7,6 | 8,5 |
| **2002** | 2 022 | 27.661 | 17.962 | 9.699 | 13,7 | 8,9 | 4,8 |

Извор: СГРМ од 1997/2003 година. Скопје

*Природниот прираст на населението во Република Македонија според етничката припадност*

| Година | Пр.прир. (годишен) | Учество во природниот прираст според етничката припадност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Останати |
| **1990** | 20.758 | 8.082 | 8.929 | 1.471 | 1.346 | 930 |
| **1991** | 20.041 | 7.269 | 9.306 | 1.359 | 1.108 | 999 |
| **%** | 100,0 | 36,3 | 46,4 | 6,8 | 5,5 | 5,0 |
| **1992** | 17.216 | 5.497 | 8.989 | 1.208 | 749 | 773 |
| **1993** | 16.783 | 5.107 | 9.016 | 1.102 | 900 | 658 |
| **1994** | 17.716 | 5.186 | 9.540 | 1.171 | 1.051 | 768 |
| **%** | 100,0 | 29,3 | 53,8 | 6,6 | 5,9 | 4,3 |
| **1995** | 15.816 | 3.912 | 8.997 | 1.116 | 1.257 | 534 |
| **1996** | 15.340 | 3.391 | 8.890 | 983 | 1.257 | 919 |
| **1997** | 12.982 | 2.019 | 7.864 | 1098 | 1.265 | 736 |
| **1998** | 12.374 | 1.549 | 7.979 | 968 | 1.240 | 638 |
| **1999** | 10.520 | 949 | 7.161 | 994 | 1.142 | 274 |
| **2000** | 12.055 | 1.323 | 8.115 | 813 | 1.438 | 366 |
| **2001** | 10.090 | 849 | 6.994 | 833 | 1.130 | 187 |
| **2002** | 9.799 | 384 | 7.081 | 807 | 1.238 | 290 |
| **%** | 100,0 | 3,9 | 72,3 | 8,2 | 12,7 | 2,9 |
| **1990/2002** | 14.730 | 3.501 | 8.374 | 1.071 | 1.163 | 613 |
| **%** | 100,0 | 21,1 | 58,9 | 7,4 | 8,5 | 4,0 |

Извор: РЗС, Природно движење на населението во Р. Македонија, Статистички преглед бр. 211, 225, 243, 254, 263, 275, 290, 446 и СГРМ од 1997/2003 година. Скопје

Следна карактеристика на природниот прираст на населението е тоа што тој не е ист во сите делови на Републиката.

Разлики постојат не само меѓу одделните региони и општини, туку и помеѓу одделни делови и населби во иста општина. За тоа значајна улога игра **етничкиот состав** и **верската припадност на населението.** Набљудуван од тој аспект, природниот прираст е многу повисок кај малцинствата што живеат во Македонија отколку кај Македонците.

Во учеството на природниот прираст според етничката припадност се јавуваат значајни разлики. Природниот прираст реализиран од Македонците бележи континуирано намалување и тоа од 36,3% во 1991 година, преку 29,3% во 1994, се намалува на само 3,9% во 2002 година. Учеството пак, во природниот прираст на македонските Албанци, забележително се зголемува, и тоа од 46,4% во 1991 преку 53,8% во 1994, на 72,3% во 2002 година. Кај македонските Турци тоа е зголемено од 6,8% во 1991 година, на 8,2% во 2002, а кај македонските Роми од 5,5% во 1991 на 12,7 во 2002 година. Реализираниот природен прираст во периодот 1990-2002 година, 58,9% е од припадниците на македонските Албанци, 21,1% од Македонците, 8,5% од македонските Роми, 7,4% од македонските Турци и 4,0% од останатите малцинства.

Споменатите процеси се рефлектираат врз промената на вкупната популација каде што поради малиот прираст на Македонците, има и намалување на вкупната популација.

Гледано од просторен аспект во природниот прираст се јавуваат значајни разлики и во одделните делови на државата. Истите произлегуваат од различната етничка структура на населението. Во западниот дел на Македонија, каде што бројот на припадниците на малцинствата е доста голем, посебно на македонските Албанци, природниот прираст е значително висок. Такви се: Полошкиот, Кичевскиот, Дебарскиот и Струшкиот крај. Овие простори се одликуваат со висок природен прираст. Станува збор за делови од Републиката кои имаат стапка на наталитет од над 20‰, а истовремено се одликуваат со ниска стапка на морталитет. Тоа наметнува потреба за решавање на низа проблеми од сите сфери на човечкото живеење, бидејќи приливот на младо население бара задоволување на стандардите за домување, школување, здравствена заштита, вработување и др.

Наспроти нив во источниот дел на Македонија каде што присуството на малцинствата е незначително, природниот прираст е низок, а одредени општини имаат нулти или негативен природен прираст. Овде видно е нарушена и старосната структура која условува повисока стапка на морталитет, што понатаму само се рефлектира на нивото на природниот прираст.

Ваквата издиференцираност на просторот во поглед на природниот прираст неминовно наложува и водење на соодветна популациска политика која треба да овозможи рамномерен и усогласен демографски развој.

## 2.5.4. ПОРАСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Порастот на населението го сочинуваат **природното** и **механичкото движење на населението,** односно **наталитетот, морталитетот, имиграцијата** и **емиграцијата на населението.** При тоа наталитетот и имиграцијата влијаат во правец на зголемување на бројот на населението, а морталитетот и емиграцијата во правец на намалување на населението во државата или во одреден нејзин дел. Така прецизна слика за промените што настанале во бројот на населението во одредено време и простор може да добиеме ако располагаме со податоци за големината на сите четири компоненти на вкупното движење на населението. Поради не располагање со прецизни податоци за овие четири компоненти, од нашите пописи не се добива целосна слика за вкупното население во одредено време и простор.

Во 2002 година вкупниот пораст на населението во Македонија изнесува 10.915 жители[13]. Тоа е повеќе за 1116 жители отколку природниот прираст на вкупното население во Македонија.

Во нашата Република за добивање претстава за бројот на населението во одредена година во периодот помеѓу два пописа, се врши со **проценување** што се базира врз резултатите од тие пописи. Така, нашата официјална статистика дава податок дека на 31.12.2012 година Македонија имала 2.062.294 жителa[14] .

Покрај потребата за добивање на податоци во периодот помеѓу два и повеќе пописа постои и потреба за **прогноза на населението** во идниот временски период. Процената и промените помеѓу пописите и прогнозите за бројното движење на населението во одреден иден временски период се врз основа на резултатите што се добиени од пописите. Тоа се пресметува преку математичките методи (аритметичкиот и геометрискиот метод) и аналитичкиот метод. **Математичките методи** тргнуваат од резултатите на пописите и со нив се претпоставува дека иднината ќе биде идентична на минатото, а се употребуваат за пократки временски периоди. На пример, во Македонија според пописот во 1981 година, бројот на населението изнесувал 1.909.000 жители, а десет години подоцна во 1991 година 2.034.000 жители, што имало пораст од 125.000 лица. Средното годишно зголемување (125.000:10 год.) изнесува 12.500 лица. Месечниот просек во овој период изнесува 1.042 лица. Тоа значи дека населението во Македонија средно годишно растело со стапка од 0,636%. Добиената стапка (со геометрискиот метод), претставува основа за проекција на населението во целиот период.

---

[13] Со примена на формулата во 2002 година се добива:

$\Delta P_t = (N\text{-}M)_t + (I\text{-}E)_t$

(27761 – 17962) + (1257 - 141) = 9799 + 1116 = 10915 жители

$\Delta P_t$ = пораст, N = живородени, M = умрени, I = доселени, E = отселени

[14] Статистички годишник на Македонија– Македонија во бројки 2013 год., стр. 12, ДЗСРМ

**Аналитичкиот метод** се засновува на компонентите кои влијаат на вкупното движење на населението. Кај него во прогнозирањето на вкупното население се тргнува од староснатa и половата структура на населението според последниот попис и тоа диференцирано за машкото и женското население, а се прифаќаат и претпоставените, фертилитет и морталитет како и миграциските движења. Оваа метода најчесто се употребува за прогнозирање на населението за подолг временски период.




*Проекција на населението во Македонија според процена на Меѓународното биро за население*

Според направената проекција од познати меѓународни институции се предвидува населението во Република Македонија во наредниот период да стагнира па дури и да се намалува. Така според процената на Меѓународното биро за население нашата држава во 2050 година ќе има 1,9 милиони жители. Тоа е 145.000 или 9% помалку отколку сегашните 2.022.547. Намалувањето на бројот на жителите ќе биде првенствено резултат на раѓањето помалку деца во семејството. Проценето е дека жените ќе раѓаат просечно по 1,5 дете, што не е доволно да се одржи сегашниот број на жители. Се предвидува дека ќе има 11 новородени и 9 починати на секои 1000 лица. Во анализата се посочува дека миграцијата на населението нема значајно да влијае врз бројност на нашето население. Меѓутоа, најновите емигациски движења од Република Македонија покажуваат дека тие доста се засилени. Така Светската банка објави

дека од Република Македонија заклучно со 2010 година се иселиле 447.000 македонски граѓани. Тоа е 22% од вкупното население во Македонија. „Евро-истат“ пак излезе со податок дека државата ја напуштиле 230.000 жители и тоа претежно млади луѓе. Ваквите различни податоци сигурно може да се потвдат само преку еден реален попис на населението. Сега може само да се даваат претпоставки, но состојбата најверојатно ќе биде во голема мера изменета и тоа во негативна смисла.

## 2.6. СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО СПОРЕД ОБРАЗОВАНИЕТО

Во проучувањето на демографската структура на населението важно место зазема анализата за образовната структура на населението. Тоа е значаен фактор за културниот развој на популацијата, а преку него и за општествено-економскиот развој на државата. Всушност од **степенот на образовното ниво** зависи унапредувањето на ред дејности, а особено науката, културата, уметноста, во стопанството обемот и квалитетот на производството и сл. Затоа многу се важни мерките што државата ги презема за унапредување не само на квантитетот, туку и на квалитетот на образованието.

Анализите на писменост не се вршат на целокупното население, туку само за возраст до 10 и повеќе години. При тоа, одделно се прикажуваат состојбите и промените на она што има школска подготовка и на неписменото население. И во двата случаја се разгледува писменост по пол, возраст и активност и школската подготвеност на градското и селското население.

Од историјата е познато дека просветната дејност во Македонија започнала многу рано. Создавањето на македонскиот литературен јазик тесно е поврзано со појавувањето на првата словенска писменост од солунските браќа Кирил и Методиј, кои живееле во IX век. Тие ја составиле првата словенска азбука ***глаголицата*** и превеле црковни книги од грчки на словенски јазик. Подоцна од Македонија писменоста се ширела во Србија, Бугарија, Русија и други делови, а нивните ученици Климент и Наум, го прошириле и развиле нивното дело. Тие, со своите ученици, преку Охридската книжевна школа, ја ширеле словенската писменост и литература и во Охрид е формиран првиот словенски универзитет.

Во подоцнежните векови во Македонија биле формирани повеќе препишувачки школи како Охридската, Кратовската и други од кои зрачела писменост и просветата за сите словенски народи. Во XII, XIII и XIV век во Македонија биле создадени бројни вредни дела од областа на книжевноста како: Добромировото евангелие, Слепченскиот апостол, Охридскиот апостол, Битолскиот триод, Драгановиот минеј, Загребачкото евангелие, Лесновскиот псалтир и др.

Во XIX –от век се јавила потреба за воведување на македонскиот јазик во наставата. Првите луѓе што издавале книги на народен јазик, потекнувале

од свештенството, кое единствено го сочувало писмото во текот на долгото турско ропство и од нападите на грчките фанариоти. Како пионери во македонската културна преродба се јавуваат Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ. Со печатените книги на македонски јазик отпочнало и отварањето на македонски училишта. Тие не се веќе во манастирите, туку во градските центри. Развитокот на образованието нераздвојно е поврзан со истакнатите македонски просветители браќата Димитар и Константин Миладинови, Јордан Константинов-Џинот, Марко Цепенков и подоцна неодменливиот Крсте Петков Мисирков. Меѓутоа, нивните напори не можеле наполно да се реализираат, бидејќи денационализацијата на македонскиот народ се вршела главно преку просветната и културната политика од велико бугарската, српската и грчката буржоаска пропаганда. За тоа, доволно е да се спомене само податокот дека во 1921 година, од сето население во Македонија на возраст повеќе од 10 години 77,4% било неписмено. Правото на свој просветен и културен развој народот во Македонија почнал да го стекнува во Народно-ослободителната војна, кога во 1943 година на слободната територија во Западна Македонија почнала да се изведува настава на македонски јазик. Кон крајот на 1944 година почнале да се формираат гимназии и средни стручни училишта, а оттогаш наваму училишната мрежа постојано се ширела и образовната дејност е во перманентен развој.

Според податоците од 2011/2012 година, во Република Македонија вкупно имало 986 основни училишта, во кои учеле 197.859 ученика, 115 средни училишта со 91.167 ученика, виши школи 4 со 1.874 студента и 14 универзитета со 115 факултети во кои студирале 58.747 студенти. Вкупно во сите степени на образованието имало 347.773 ученици и студенти.
Како се движел бројот на учениците и студентите во изминатите години се гледа од следниот споредбен преглед.

*Образовни институции и број на ученици и студенти*
*во Република Македонија*

| **Учебна година** | **1990 / 91** | **1999/2000** | **2011/2012** |
|---|---|---|---|
| **Основни училишта** | 1067 | 1036 | 986 |
| **Ученици** | 266813 | 252212 | 197859 |
| **Средни училишта** | 90 | 96 | 113 |
| **Ученици** | 70696 | 89775 | 91167 |
| **Универзитети и Факултети** | 2-28 | 29 | 14-115 |
| **Студенти** | 26515 | 40246 | 58747 |

Извор: СГРМ,2013г.стр. 188. (Опфатено е само редовното основно и средно образование)

Од изнесените податоци за учебните 1990/91, 1999/2000 и 2011/2012 година се забележува опаѓање на основните, а зголемување на бројот на средните училишта и факултетите. Бројот на учениците во основните училишта во учебната 2011/2012 година во однос на учебната 1990/91 година е намален за 69.054 ученика. Зголемен е бројот на учениците во средните училишта и тоа за 20.471 ученик, а уште повеќе е зголемен бројот на студентите и тоа за 32.232 студента. Опаѓањето на бројот на основните училишта е резултат на реорганизацијата што е вршена во овој вид образовни институции при што се интегрирани повеќе училишта со централните училишта, но и со затворањето на бројни училишта во малите села посебно во планинските и неразвиените подрачја. Опаѓањето пак на бројот на ученици е последица на намалениот наталитет и секако зголемените емиграциски двиижења на населението во странство. Тоа имало многу негативно влијание во однос на демографското празнење како и врз општиот стопански развој на тие краишта.

Денес состојбата во поглед на писменост на населението е подобрена. Бројот на неписменото население и неговото учество во населението со возраст од 10 и повеќе години во периодот од 1953 до 2002 година се намалил од 35,7% на 3,6 %.

*Писмено и неписмено население во Република Македонија*

| година | Вкупно население над 10 години | писмено | % | неписмено | % |
|---|---|---|---|---|---|
| **1953** | 958974 | 616219 | 64,3 | 342755 | 35,7 |
| **1961** | 1041448 | 785775 | 75,5 | 255673 | 24,5 |
| **1971** | 1288223 | 1055237 | 81,9 | 232986 | 18,1 |
| **1981** | 1532640 | 1365215 | 89,1 | 167425 | 10,9 |
| **1994** | 1629930 | 1542181 | 94,6 | 87749 | 5,4 |
| **2002** | 1756606 | 1693044 | 96.4 | 63562 | 3.6 |

Извор: СЗС (1968): Попис на населението од 1961, кн. VII Белград; РЗС: Статистички преглед, 148 и 226, Скопје; ЗСРМ (1996): Попис на населението од 1994, кн. 1, Скопје; ДЗСРМ (2004): Вкупно население, образовни карактеристики кн. V, Скопје

Следна карактеристика е што иако учеството на неписмените лица во вкупното население е мало тие се застапени во сите возрасни групи со над 10 години старост и учеството на женските лица е многу поголемо отколку на машкото население.




Соодност помеѓу писменото и неписменото население по пописни години




*Неписмено население во Република Македонија според пол и возраст (1953, 1994, 2002 година)*

| година | Вкупно неписмено население | пол | | возраст | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | машки | женски | 10-19 | 20-34 | 35-64 | Над 65 години |
| **1953** | 342755 | 112648 | 230107 | 43243 | 73521 | 16502 | 60989 |
| **%** | 100 | 32,9 | 67,1 | 12,6 | 21,5 | 48,1 | 17,8 |
| **1994** | 87749 | 20495 | 67254 | 3171 | 8365 | 45336 | 30877 |
| **%** | 100 | 23,4 | 76,6 | 3,6 | 9,5 | 51,7 | 35,2 |
| **2002** | 63562 | 14993 | 48569 | 3678 | 5459 | 16860 | 37350 |
| **%** | 100 | 23,6 | 76,4 | 5,8 | 8,6 | 26,5 | 58,8 |

Извор: Пресметано врз податоци од СЗС (1968): Попис на населението од 1961, кн. VII Белград; РЗС: Статистички преглед, 148 и 226, Скопје; ЗСРМ (1996): Попис на населението од 1994, кн. 1, Скопје; ДЗСРМ (2004): Вкупно население, образовни карактеристики кн. V, Скопје

Во поглед на половата структура се забележува дека учеството на машките лица во вкупното неписмено население во 1994 година во однос на 1953 година се намалило од 32,9% на 23,4%, а на женскиот пол се зголемило и тоа од 67,1% на 76,6%. Скоро исто учество бележи и во пописот од 2002 година. Тоа е секако последица што женската популација од одредени малцински заедници не се вклучува во образовниот систем и останува неписмено.

Гледано по возрасни групи, најголемо е учеството на неписмените лица во групите од 35 до 64 и над 65 години. Кај возрасната група од 35-64 години учеството се зголемува од 48,1% во 1953 година на 51,7% во 1994 година и

интензивно опаѓа во 2002 година поради намалениот прилив на неписмени лица од претходните старосни години.

Во 2002 година 17,2% од вкупното неписмено население било евидентирано во Скопје (посебно во општините Чаир - 21,9% од вкупното неписмено население во Скопје, потоа Гази Баба-18%, Шуто Оризари - 16,6%, Кисела Вода-11,4% и Сарај-11,4%). Во останатите делови од Република Македонија општините во Полошката Котлина опфаќаат 14,2% од вкупната неписмена популација во земјава, а потоа следат Куманово (6,6%), Прилеп (4,1%) и т.н.

Со измената на бројниот однос меѓу писмените и неписмените лица, настанале квалитетни промени на населението по школска подготовка. Овде, за сметка на населението без школска подготовка и непотполно основно образование, бројно се зголемиле структурите со повисоко образование.

*Структура на населението според школска подготовка (во %)*

| Год. | Без школска подготовка | Непотполно основно образование | Основно образов. | Средно образов. | Више и високо образов. | непознато |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1953** | 52,2 | 40,3 | 3,5 | 3,7 | 0,3 | 1,4 |
| **1961** | 36,8 | 49,5 | 7,0 | 5,5 | 1,2 | 0 |
| **1971** | 24,9 | 44,8 | 16,5 | 11,1 | 2,6 | 0,1 |
| **1981** | 17,5 | 27,8 | 28,1 | 21,2 | 5,1 | 0,3 |
| **1994** | 6,6 | 18,4 | 33,4 | 32,3 | 8,7 | 0,6 |
| **2002** | 4,2 | 13,7 | 35 | 36,9 | 10 | 0 |

Извор: Д. Герасимовски (1997): Демографски карактеристики на Република Македонија, ЗСРМ, Скопје стр. 49; ДЗСРМ (2004): Вкупно население, образовни карактеристики кн. V, Скопје

Податоците посочуваат на изменета образовна структура на населението во Македонија. Таа квалитативно е доста подобрена, иако се уште постојат разлики во поглед на дистрибуцијата на населението кога станува збор за полот или урбаното и руралното население и сл.

## 2.7. ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Структурата на населението според економските белези на одреден начин го детерминира целокупниот општествен живот, почнувајќи од биолошката репродукција, преку производниот процес до социјалните процеси. Преку неа се следи составот на населението по економска активност, како и структурата на населението по дејности и занимање.

Состојбата и бројните промени на населението по активност се важни елементи преку кои се гледа, од една страна, контингентот на работоспособното население, а од друга, обемот на неангажираното население во работна-

та дејност, односно издржуваното население. Тоа е многу битен фактор за планирање на кадрите и за професионалната ориентација на работоспособното население. Структурата на населението по активност се дели во три основни групи: **активни лица, лица со лични приходи** и **издржувани лица.**

Како активни лица се сметаат оние кои вршат некое занимање и преку тоа остваруваат средства за живот. Лицата со лични приходи се оние кои имаат свој приход од кои се издржуваат. Тие не се во работен однос, но обезбедуваат средства за живот врз основа на минатиот труд, како пензионери, инвалиди и други лица или врз основа на личен имот, потоа социјална помош, стипендии, алиментација, приходи од закупнина и сл. За издржувани лица се сметаат оние кои живеат од работата на активното население или од лицата со лични приходи. Во оваа група спаѓаат децата, учениците, студентите, неспособните за работа и други слични категории.

Економската стуктура на населението е во тесна врска со составот и движењето на работоспособното и активното население. Така работоспособното население зависи од старосната структура на населението, а активното население се формира од работниот контингент. Ангажираноста пак на работната сила зависи од степенот на економската развиеност и од структурата на стопанството.

Во Република Македонија, населението по активност во подолг временски период, покажува променливи вредности. Активното население од попис до попис постојано се зголемува, но тоа не е следено и од неговото учество во вкупното население. Или учеството на активните лица во вкупното население според пописите е скоро стагнантна, односно се движи околу 40%.

*Движење на активните, лицата со лични приходи и издржуваните лица во Република Македонија (во илјади)*

| **Година** | **1953** | **%** | **1961** | **%** | **1971** | **%** | **1981** | **%** | **1994** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активни лица** | 532 | 40,8 | 554 | 39,4 | 630 | 38,3 | 750 | 41,5 | 779 | 40,6 |
| **Лица со лични приходи** | 18 | 1,3 | 24 | 1,7 | 56 | 3,4 | 100 | 5,5 | 246 | 12,6 |
| **Издржувани лица** | 755 | 57,9 | 828 | 58,9 | 961 | 58,3 | 958 | 53,0 | 899 | 46,8 |

Населението пак со лични приходи бележи постојан пораст. Тој процентуално се зголемува во однос на целокупното население. Така, на пример, додека во 1953 година оваа категорија население учествувала со 1,3%, во 1994 година се зголемува на 12,6%.

Во Македонија и порано па и денеска, најголемо е учеството на издржуваното население. Сепак учеството на издржуваните лица од година во година има тенденција на опаѓање. За добивање на реална претстава за активното население треба да се анализира неговата структура според **полот и старост, потоа според дејност, секторот на сопственост, образованието и квалификациската структура** и слично. Сите тие се важни фактори од кои зависи улогата и значењето на активното население во општествено-економскиот развој на земјата.

Со развојот на стопанските и вонстопанските дејности во Република Македонија настанале значителни промени во структурата на активното население по сектори на дејности. Така, на пример, од 1953 година наваму, бројот на активното население во секундарната дејност е во постојан пораст, додека во примарната и секундарната дејност варира.

*Движење на активното население по сектори на дејности во (000)*

| Сектори на дејност | 1953 | % | 1961 | % | 1971 | % | 1991 | % | 2002 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Примарни** | 361 | 72,3 | 327 | 62,5 | 280 | 50,0 | 103 | 20,0 | 141 | 25,1 |
| **Секундарни** | 75 | 15,0 | 109 | 20,8 | 163 | 29,0 | 231 | 44,0 | 296 | 52,8 |
| **Терцијални** | 63 | 12,7 | 87 | 16,7 | 118 | 21,0 | 196 | 36,0 | 123 | 22,0 |

Кај примарната дејност од 1953 година до 1991 година опаѓа, односно учеството се намалило и тоа од 72,3% во 1953 година на 20% во 1991 година, за во 2002 година повторно да се зголеми на 25%. Во терцијалната дејност од 1953 до 1991 година бележи тенденција на зголемување и тоа од 12,7% на 36,0% за да во 2002 година бележи опаѓање на 22,0 %.

Активно население во Република Македонија во 2012 година имало вкупно 943.055 лица. Од нив вработени биле 650.554 жители, односно стапката на вработеност изнесувала 39,0. Бројот пак на невработени бил 292.502 житела или стапката на невработеност изнесувала 31,0.

Најголем дел од вработените во 2012 година работи во преработувачката индустрија (126.692 лица). Потоа следуваат земјоделството и шумарството (112.623), трговијата на големо и мало (92.822), јавната управа и обраната (43.915), образованието (42.514), градежништвото (41.024), здравството и социјалната заштита (36.091) и други. Од 1990 година наваму најголемо опаѓање во бројот на вработените имаме во индустријата, каде тој број скоро се преполовил од 213.525 лица во 1999 година на 126. 692 лица во 2012 година[15]. На поделбата на населението според економските структури се надоврзува и поделбата на населението на земјоделско и неземјоделско население. Учеството

[15] Македонија во бројки 2013, стр. 35

на земјоделското население во вкупното население се користи како индикатор за степенот и темпото на економскиот развој на земјата или одредено подрачје во неа. Неповолна економска стуктура, по правило се смета онаа, во која доминантно место зазема земјоделското население. Основните карактеристики на оваа структура претставуваат неразвиеност на неземјоделските дејности и ниската продуктивност на трудот. Стопанскиот развој на Македонија во повоениот период ги потврдува овие карактеристики. Сепак забрзаниот економски развој овозможил доста да се намали процентот на земјоделското население. Најголем дел од земјоделското население е сконцентрирано во поразвиените аграрни региони како во: Пелагонија, Полог, Струмичко-радовишката, Скопската, Кумановската и Гевгелиско-валандовската Котлина. Неземјоделското население пак е сконцентрирано во оние подрачја во кои се наоѓаат функционално поразвиените градски населби. Такви се на пример: Скопје, Битола, Прилеп, Куманово, Штип и други градови.

## 2.8. ЕТНИЧКА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО

За повеќенационалните земји како што е нашата, проучувањето на етничката структура на населението има важно значење. Познавањето на особеностите што го карактеризираат народот во државата и одделните етнички заедници како националност, јазикот, верската припадност, традицијата, обичаите и сл. имаат големо значање за демографскиот развој.

Во Република Македонија отсекогаш и денес, најголем број од населението го сочинува **македонскиот народ**. Меѓутоа, во неа живеат и припадници на повеќе малцинства и етнички групи. Нивната застапеност е резултат на преселбите на населението во историското минато, предизвикани од политички, економски и други причини. Во минатото едни етнички малцинства биле повеќе застапени, а други помалку. Односите се менувале во зависност од миграциските движења и од природниот прираст на населението.

Според податоците, во 2002 година во нашата држава, покрај македонскиот народ кој е најбројно застапен, живеат уште претставници на 22 етнички малцинства и 4 етнички групи, додека некои воопшто не се изјасниле и се регистрирани како останати.

Уставот на Република Македонија како малцинства-заедници ги определува граѓаните што живеат во границите на Македонија, кои се дел од албанскиот, турскиот, влашкиот, српскиот, ромскиот, бошњачкиот и другите народи. Место терминот малцинство, се употребува поимот заедница, не во јазична или културна смисла, туку етничка заедница како клучен концепт за трансформирање на мултиетничкото општество во мултиетничка држава. Така се означени и графите за етничка припадност во пописот од 2002 година, според кои од вкупно 2.022.547 жители на Република Македонија, 1.297.981 се изјасниле како Македонци, 509.083 како Албанци, 77.959 како Турци, 53.879 како Роми,

35.939 како Срби, 17.018 како Бошњаци, 9.659 како Власи и 20.993 како други. Потоа како православни се изјасниле 1.310.184, како муслимани 674.015, католици 7.008, протестанти 520 и останати 30.820 жители. На македонски мајчин јазик зборувале 1.344.815 жители, на албански 507.989, турски 71.757, ромски 38.528, српски 24.773, бошњачки 8.560, влашки 6.884 и други јазици 19.241 жител.

Од пописите јасно се гледа дека отсекогаш најголем број на населението што живее на територијата на Република Македонија го сочинувал македонскиот народ. Од 1900 до 2002 година бројот на Македонците е во постојан пораст. Така во 1900 година нивниот број изнесувал 534.000, во 1961 година 1.000.854 или 71,18%, а во 2002 година 1.297.981 или 64,18 од вкупното население во Републиката. Во 2002 година во однос на 1961 година нивниот број е зголемен за 297.127 жители.

*Национална припадност на населението во Македонија спрема пописите од 1900 до 2002 година*

| Година | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1900** | 909.000 | 534.000 | 88.000 | 175.000 | 20.000 | 30.000 | | | 62.000 |
| **%** | **100,00** | **59,00** | **9,00** | **19,00** | **2,00** | **4,0** | | | **7,00** |
| **1921** | 797.841 | 540.000 | 111.000 | 119.000 | 7.800 | 9.000 | | | 11.041 |
| **1948** | 1.152.986 | 789.648 | 197.389 | 95.940 | 9.500 | 9.511 | 29.721 | | 11277 |
| **1953** | 1.304.514 | 860.699 | 162.524 | 203.938 | 20.462 | 8.668 | 35.112 | | 13.111 |
| **1961** | 1.406.003 | 1.000.854 | 183.108 | 131.481 | 20.606 | 8.046 | 42.728 | | 19.180 |
| **%** | **100,00** | **71,18** | **13,02** | **9,35** | **1,47** | **0,60** | **3,04** | | **1,34** |
| **1971** | 1.647.308 | 1.142.375 | 279.871 | 108.552 | 24.505 | 7.190 | 46.465 | | 38.350 |
| **1981** | 1.909.136 | 1.279.323 | 377.208 | 86.591 | 43.125 | 6.384 | 44.468 | | 79.037 |
| **1991** | 2.033.964 | 1.328.187 | 441.987 | 77.080 | 52.103 | 7.764 | 42.775 | | 84.086 |
| **1994** | 1.945.932 | 1.295.964 | 441.104 | 78.119 | 43.707 | 8.601 | 40.228 | 6.829 | 31.480 |
| **2002** | 2.022.547 | 1.297.981 | 509.083 | 77.957 | 53.875 | 9.695 | 35.939 | 17.018 | 20.993 |
| **%** | **100,0** | **64,18** | **25,17** | **3,85** | **2,66** | **0,48** | **1,78** | **0,84** | **1,04** |

Извор: РЗС, Природно движење на населението во Република Македонија, статистички преглед бр. 211, 225, 243, 254, 263, 275, 290, 446 и СГРМ од 1997/2003 година. Скопје

Опаѓањето на учеството во вкупниот број население од 71,18% во 1961 година на 64,18% во 2002 година е резултат на смалениот природен прираст кај Македонците, а зголемен кај малцинствата, особено кај албанското малцинство, како и од иселувањето на Македонците или заминување на привре-

мена работа во странство. Просторно Македонците живеат во сите општини на Републиката. Учеството се движи од 0,1% во општина Боговиње до 99,7% во општина Облешево. Повеќе од 90% од населението го сочинуваат Македонци во 25 општини. Уште во 10 општини повеќе од 80% од населението се Македонци, а во 12 општини Македонците учествуваат со повеќе од 50%. Вкупно во Македонија од 47 општини повеќе од 50% од населението го сочинуваат Македонци. Во осум општини живеат помалку од 10% Македонци. Во Скопје, во целокупното население, Македонците учествуваат со 71,22%. Најзастапени се во општината Кисела Вода - 90,17 %, а нивното учество е најмало во општината Чаир - 48,60 %.

Меѓу малцинствата[16] (по Уставот етнички заедници) најбројни се македонските **Албанци**. Нивниот број од 88.000 во 1900 година, се наголемил на 183.108 во 1961 год. за во 2002 год. да изнесува 509.083 жители. Во 2002 година во однос на 1961 година бројот на ова малцинство е зголемен за 359.975 жители. Во сите пописни години бројот на албанското малцинство бележи пораст. Единствено во пописот од 1953 година е забележано опаѓање на ова население. Тоа не е реално намалување на бројноста на македонските Албанци, затоа што тогаш голем дел од нив се декларирани како Турци за да можат да земат учество при иселувањето во Турција.

Најголема застапеност на македонски Албанци има во општината Желино 99,20%. Потоа следуваат општините Липково со 97,42%, Боговиње со 95,23%, Сарај со 91,53%, Теарце со 84,39% и др. Меѓу градските општини најголема е застапеноста на македонските Албанци во Тетово со 70,32% и
Гостивар со 66,37%. Високо е учеството на македонските Албанци во Струга - 54,75%, Кичево -54,53%, Дебар - 45,54% и др. Во општините: Струмица, Старо Нагоричане, Ранковце, Пробиштип, Облешево, Ново Село, Македонски Брод, Македонска Каменица, Кочани, Виница и Берово не е регистрирано присуство на население од албанското малцинство. Во Скопје македонските Албанци учествуваат со 15,30%. Најголемо е учеството во општина Чаир со 38,39%, а најмало во општината Кисела Вода само со 1.0%.

Албанците населени во Македонија припаѓаат на две групи, Геги и Тоски. Најголем дел, околу 90% им припаѓаат на Гегите. Тие се дојдени од повеќе области на Средна и Северна Албанија како: Малесија, Дукаѓин, Мирдит, Љума и др. Мал дел од Албанците, околу 10%, им припаѓаат на Тоските кои се дојдени од Јужна Албанија, областите Черменика, Колоња, Мокра, Подградец, Корча, Елбасан и Берат. Во Македонија тие главно се населиле во југозападниот дел од Републиката и тоа во околината на Струга (лево од Црни Дрим), Ресен и Битола.

[16]Во географиите на европските држави за етничките заедници се употребува терминот малцинство. Потоа истите се именуваат спрема државите во кои живеат. Во швајцарската географија е отидено чекор напред. Во неа французите се именуваат како Франкошвајцарци, италјаните како Италошвајцарци и германците како Германошвајцарци

Колонизацијата на Албанците во Македонија била широко потиснувана и подржувана од турската власт. Во албанското муслиманско население турската управа гледала своја главна сила во борбата против немирното македонско население. За населувањето на Албанците во Македонија постои нагласено сочувана народна традиција. Многумина од денешните македонски Албанци го знаат не само фисот и племето од кое потекнуваат, туку ги знаат и областите во Албанија од каде се иселиле нивните предци. Дека македонските Албанци во македонските простори не се одамна населени, се гледа и од фактот што речиси сите имиња на селата во кои денеска живее албанско население се со словенско македонско потекло, и имињата на цели области, или нивни делови не се албански, туку македонски (Трифуновски, 1988).

Второ, по бројност, национално малцинство во Република Македонија се македонските **Турци**. Интересно е да се следи нивното бројно движење во Македонија. Тие по маса на население биле далеку побројни до Балканските војни, а нивниот број особено е зголемен во втората половина на XIX –от век, кога во Македонија се населиле многу Турци повратници, наречени Мухаџири. Тие по Руско-турската војна во 1878 година побегнале од ослободените територии во Бугарија и Србија и од окупираната, од страна на Австро-Унгарија, Босна и Херцеговина. Мухаџирите се населувале главно по градовите во кои и денеска постојат маџирски маала, но се населувале и по селата. Меѓутоа, за време на Балканските војни и Првата светска војна одвоени и политички причини, најголем број од ова население ја напуштило Македонија и се преселило во Турција. Најголемо намалување на населението од турското малцинство во Македонија се јавило од 1953 година па наваму, кога тоа масовно се иселувало во Турција. Така денеска вистински Турци, односно оние коишто биле колонизирани уште во минатите векови, има мошне малку. Како такви се сметаат, на пример, Јуруците, специфична етничко-турска заедница кои живеат во околината на Радовиш, во таканаречената област Јуруклук.

Според најновите статистички податоци на територијата на Република Македонија како македонски Турци во 2002 година се декларирале вкупно 77.957 лица или 3,85% од населението во Македонија. Во однос на 1953 година, кога нивното присуство во Македонија било најголемо поточно изнесувало 203.938 жители или 15,6%, е намалено за 125.981 жител односно за 11,75%. Иако вака намалена бројност, статистички ова население се уште е доста застпено. Тоа е резултат на фактот што во групата македонски Турци статистиката евидентира и значаен дел од исламизираните Македонци, односно Торбешите. Како такви се изјаснуваат дел од Торбешите во Западна Македонија, потоа во сливот на Маркова Река во Скопската Котлина, во сливот на Тополка-Велешко и на други места. Како македонски Турци се запишува и доселеното муслиманско население од Санџак и околината на Иванград во Црна Гора, а кои имаат слично потекло како Торбешите. Од тие причини, денес застапеноста на македонските Турци е поголемо отколку што би требало да биде.

Македонските Турци просторно живеат во сите делови на Републиката. Според бројот, најмногу ги има во Скопје 8.549 лица или 11% од турското малцинство во Републиката. Потоа следуваат општината Гостивар во која живеат 7.991 лице или 10,2%, Дебар со 7.534 жители или 9,7%, Струмица со 4.949 жители, Радовиш 4.582 жители и др.

Следно малцинство кое по бројност го завзема третото место во Републиката се македонските **Срби**. Од нив во 2002 година во Македонија живееле 35.939 лица или во вкупното население на Републиката учествувале со 1,78%. Во поранешните години нивното присуство било поголемо, на пример во 1971 броеле 46.465 лица. Во последните години, особено по 1991 година нивната застапеност осетно се намалила. Денес најмногу живеат во Скопје во кој се регистрирани 14.251 жител или 40% од вкупниот број на македонски Срби во Републиката. Потоа доаѓаат општините, Куманово со 9.044 или 25,2%, Чучер Сандево со 2.462 или 6,9%, Старо Нагоричане со 944 жители и други.

Со пописот од 1994 година во Македонија се евидентираат како малцинство и македонските **Бошњаци**. Со тој попис како македонски Бошњаци се регистрирани 6.829 жители, додека со пописот од 2002 година нивниот број е зголемен на 17.018 жители или 0,84% од вкупното население во Републиката. Ваквото зголемување главно е резултат на прелевањето значаен дел од населението кое порано се изјаснувало само како муслимани. И македонските Бошњаци како и македонските Срби најбројни се во Скопје или 38,0% од вкупниот број на Бошњаци во Македонија. Доста се застапени во општините Велес - 2.406 жители, потоа во општините Долнени - 2.380 жители, Студеничани, Петровец, Сарај и други.

Од етничките групи (етнички заедници) во Македонија живеат Ромите, Власите и Русините. Меѓу нив македонските **Роми** се најбројни. За нив е познато дека по потекло се од Индија, поточно од индиската држава Пенџап. Во Македонија дошле преку Блискиот Исток, главно заедно со Турците, но овде, се претпоставува дека Роми живееле и пред нив. Нивното мигрирање е поттикнато од вечните причини: конфликти, нестабилност и потрага по подобар живот. На Блискиот Исток се нарекувале *Доми*, збор што значи човек. Со населувањето во Европа, Европејците почетната буква „д" при изговорот ја замениле со „р" и зборот станал Ром. Во Франција се именуваат како „*cigane*", а досега така се именуваа и кај нас како Цигани или Ѓупци. Во почетокот на 20 –от век, Ромите во Македонија броеле околу 20.000 лица или 2% од целокупното население. Нивниот број по Балканските војни опаднал, бидејќи дел од нив емигрирале заедно со Турците во Турција, така што во 1921 година во Македонија живееле помалку од 8.000 Роми. Од 1948 година наваму, постојано се во пораст и тоа главно преку природен прираст. Во 2002 година нивниот број изнесувал 53.875 лица, или 2.66% од целокупното население во Републиката. Најмногу ги има во Скопје 23.202, што претставува 43% во однос на сите Роми во Републиката. Од нив само во населбата Шуто Оризари живеат 13.311 жители што е најголема ромска населба во Македонија. Значителен број од оваа ет-

ничка група живеат и во општините: Куманово (4.256 жители), Прилеп (4.433 жители), Битола (2.599 жители), Тетово (2.375 жители), Гостивар (2.237 жители) и др.

Македонските Роми припаѓаат, во најголем дел, на групата не влашки или турски Роми, за кои е карактеристично што успеале да си го зачуваат јазикот, за разлика од нивните влашки сонародници, кои автентичниот јазик го замениле со романскиот. Интересно е што македонските Роми спаѓаат во групата урбанизирано население бидејќи 95% од нив живеат во градовите, а само 5% во село. Во многу градови тие живеат во свои маала. Биле познати како добри ковачи, кошничари, решетари, но и како интерпретатори на музиката.

Македонските **Власи** по застапеност претставуваат втора етничка група. Се сметаат како староседелско население на Балканскиот Полуостров. За нивното потекло постојат повеќе мислења, но нивната појава се уште претставува историска загатка. По мислењето на едни, Власите се романизирани жители на римската провинција Дакија, која се наоѓала на територијата на денешна Романија. Подоцна еден дел од тие жители, како номадски сточари, барајќи погодни пасишта се распрскале по Балканот. Според други, Романците се од дакијско, а Власите од тракиско-илирско потекло, што значи дека овие две групи настанале независно една од друга. Постои едно многу смело гледиште дека македонските Власи потекнуваат директно од античките Македонци.

Сепак за македонските Власи историски е утврдено дека водат потекло во најголем дел или од Москополе и неговата околина, или од планината Грамос. Нивното населување во Македонија станало, главно, кон крајот на XVIII –от и првата половина на XIX –от век поточно, во втората половина на XVIII –от век, откако во Албанија бил разурнат градот Москополе од страна на Али-Паша Тепелин (Јанински), голем број на влашко население се доселило во Македонија и се населило претежно во Западно-македонските градови како: Струга, Охрид, Ресен, Битола и Прилеп. Тогаш тие во заедница со Мијаците и неколку албански христијански семејства го основале и градот Крушево. Истовремено во околината на овие градови тие основале и повеќе селски населби како во Битолско: Трново, Магарево, Нижеполе, Маловиште и Гопеш; во Преспа: Јанковец; во Струшко: Горна Белица и други села. Од градовите, особено од Крушево, Власите потоа се населувале постепено и по останатите градови: Кичево, Гостивар, Тетово, Скопје, Куманово, Велес, Штип, Кочани, Струмица и други.

Другата влашка група која дошла од планината Грамос, продолжила да живее по македонските планини како номадски сточари-овчари. По Втората светска војна, по национализацијата на овците од страна на државата и тие постојано се населувале во градовите.

Како посебни влашки групи во Македонија се издвојуваат Мегленските Власи кои главно живеат во Мегленската област во Егејска Македонија, а во Република Македонија порано повеќе, а сега во сосема незначителен број живеат во три села: Коњско, Серменин и Хума во околината на Гевгелија. Потоа

меѓу народот уште се познати: *Карагуните* кои името го добиле, бидејќи носеле црни гуни, *Фаршериоти* наречени така според некогашното нивно седиште-Фрашери во Албанија и *Саракачаните*. Сите се познати под заедничко име Власи, а во некои краеви во Македонија и како *Цинцари*. Власите пак сами за себе го употребуваат етниконимот *Арм'ни*, а својот јазик го именуваат како *арманешчи*.

Македонските Власи сé до Втората светска војна биле многу побројни во Македонија. Така, во 1900 година нивниот број изнесувал 30.000 лица или 4% од целокупното население во Македонија. Подоцна еден дел од нив, главно, оние што биле номадски сточари се иселиле во Романија. Дел од нив што живееле во градовите, особено во Битола, емигрирале за Грција. По ослободувањето, според пописот на населението од 1948 година, Власите вкупно броеле 9.511 лица, потоа во следните пописи нивната застапеност се движела помеѓу 6.000 и 8.000, а во 2002 година повторно се регистрирани над 9.000 жители или поточно 9.695 лица, односно 0,48% од целокупното население во земјава. Најмногу ги има во Скопје - 2.546 лица или 26,3% од македонските Власи во Македонија. Потоа следуваат: општина  Штип во која живеат 2.074 жители или 21,8%, општина Битола со 1.270 жители, Крушево со 1.020 и Струга со 657 жители, додека во останатите општини како на пример во Охрид, Свети Николе, Кочани и уште некои други општини нивната застапеност е под  500 жители.

Според последниот попис во табелата, под останати, регистрирани се 20.993 жители или 1,04% од целокупното население во Републиката. Тоа се главно лица коишто национално не се изјасниле или се декларирани како малцинства, но со мала застапеност. Меѓу нив особено за одбележување се македонските Муслимани чија застапеност варира од 1.248 лица во 1971 година до 39.513 во 1981 година што покажува дека во нивното одредување имале улога некои политички моменти.

На крајот, да спомeнеме и тоа дека во Македонија порано живееле и **Черкези** кои се доселиле во XIX –от век од Кавказ, а подоцна се иселиле во Турција. Потоа, живееле и значителен број **Евреи**. Тие се вбројуваат во древни жители на Македонија. Кога Апостол Павле ја посетил Македонија нашол добро организирани еврејски општини во Солун и Филипини. Тука пристигнале во неколку бранови. Најмасовно се доселиле од Шпанија по шпанската инквизиција од 1492 година. Во 1990 година ги имало околу 8.000 лица, а најбројни биле во градовите: Битола, Штип, Скопје и други места. Насилно се иселени од Македонија за време на Втората светска војна од страна на фашистичкиот окупатор и уништени во концентрациони логори. По војната дел од преживеаните Евреи се вратиле во Македонија, но со формирањето на државата Израел тие доброволно се преселиле во неа. Денеска нивниот број е незначителен и главно живеат во Скопје. Во Скопје исто така, живеат и мал број на **Ерменци**, потоа **Русини** и други.

## 2.9. СТРУКТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОМАЌИНСТВАТА

Домаќинствата имаат важно значење во демографската структура на населението. Анализата за демографската структура на домаќинствата е значајна за потенцијалните вредности на целокупната популација, потоа за репродукцијата на населението, за неговиот животен стандард, како и за разни други социоекономски појави и проблеми. Со оглед на тоа што домаќинствата на одреден начин претставуваат производствени и динамични јадра и специфична демографско-социјална единица, од интерес е тие да се проучуваат не само на ниво на држава, туку и по одделни подрачја или населени места. Покрај бројот на членовите на домаќинството, нужно е тие да се анализираат и по пол, возраст, писменост, активност, потоа да се класифицираат по групи и како градски, селски и мешовити, бидејќи секоја група има различно социоекономско значење.

Во Република Македонија домаќинставата, особено во минатото претставувале поголеми заедници, односно биле составени од поголем број на членови. Тоа се патријахални домаќинства кои денеска се среќаваат во селските населби, особено во недоволно развиените краеви.

Постои разлика помеѓу домаќинство и семејство. Спрема статистиката **под домаќинство се смета секоја семејна или друга заедница на лица кои заедно живеат и заеднички ги трошат своите приходи**. **Под семејство пак се подразбира семејна заедница која се состои од брачен пар или родители и нивните деца.** Во градските населби домаќинставата се одликуваат, главно, во помал број на членови и карактеристична е појавата на таканаречените **самечки домаќинства**. Разбивањето на големите во ситни домаќинства, е предизвикано со развојот на урбанизацијата, преку миграциските движења, од промената на занимањето и др.

*Бројно движење на домаќинствата за периодот од 1948 до 2002 година*

| **Година** | **Вкупен број на население** | **Вкупен број на домаќинства** | **Просечен број членови на 1 домаќинство** |
|---|---|---|---|
| **1948** | 1.152.986 | 216.910 | 5,3 |
| **1953** | 1.304.514 | 246.263 | 5,3 |
| **1961** | 1.406.003 | 280.214 | 5,0 |
| **1971** | 1.647.308 | 352.034 | 4,7 |
| **1981** | 1.909.136 | 435.372 | 4,4 |
| **1991** | 2.033.964 | 505.852 | 4,0 |
| **1994** | 1.945.932 | 501.963 | 3,9 |
| **2002** | 2.022.547 | 564.296 | 3,6 |

Извор: СГРМ од 1997/2003 година. Скопје

Во нашата држава бројот на домаќинствата од 1948 до 2002 година е во постојан пораст. Тоа од една страна е резултат на порастот на вкупното население, а од друга, на раслојувањето на поголемите домаќинства на помали, како и појавата на голем број самечки домаќинства. Помеѓу 1948 и 2002 година, бројот на домаќинствата е зголемен за 347.386 домаќинства, а во истиот период намалена е големината на домаќинствата од 5,3 на 3,6 члена.




*Број на домаќинства по пописни години 1948-2002*

Според податоците од пописот во 2002 година, бројот на домаќинствата во Македонија изнесува 564.296, а просечниот број на членови во домаќинството 3,6.




*Просечен број членови по домаќинство 1948-2002*

Најголемо учество во вкупниот број домаќинства имаат општините: Кисела Вода 37.955 домаќинства или 6,7%, потоа следуваат Куманово 4,8%, Битола 4,7%, Прилеп 4,1% и Велес 3,1%, а останатите општини имаат помало учество од 3,0%. Најмал број на домаќинства има општината Старавина само 153 домаќинства, а после неа следуваат: Конопиште со 178, Бач со 267, Маврови Анови со 288 домаќинства и други.

Просечниот број на членови во домаќинствата во земјата е во постојано опаѓање и сега изнесува 3,6 лица. Тој се движи од 2,0 членови во општина Конопиште, до 5,0 во општините Дебар, Липково и Арачиново. Најголем просечен број на лица во домаќинство имаат општините: Дебар, Липково, Арачиново по 5,0, потоа Желино 4,7, Центар Жупа 4,5, Чегране 4,5 лица и други, а најмал: Старавина, Конопиште и Витолиште по 2,0, Богомила 2,4, Бач 2,8 лица и други.

Интересно е дека во Македонија постојат домаќинства со 10 и повеќе членови и тоа нивниот број изнесува 3.238 домаќинства. Многу се застапени во општина Тетово, 2.198 домаќинства. Се уште егзистираат и таканаречени *колективни домаќинства* кои спрема пописот од 2002 година бројат 59 домаќинства.

Домаќинствата во нашата држава спрема бројот на членови бележат различна динамика. Домаќинствата со еден, два, три и четири члена бележат пораст, а домаќинствата со пет, шест и повеќе членови бележат опаѓање. Најзабележително зголемување се јавува кај домаќинствата со четири члена. Кај нив учеството расте од 17,8% во 1961 година, на 28,4% во 2002 година. Домаќинствата пак, со шест и повеќе членови се намалуваат од 36,5% во 1961 година на 11,6% во 2002 година.

Од посебен интерес е да се знае каква е структурата на домаќинствата во однос на градските и селските населби. Во 2002 година градските учествувале со 53% и во однос на 1961 година, нивното учество е зголемено за 27%, додека селските домаќинства учествувале со 47% и нивното учество во однос на 1961 година е зголемено за 41%. Во градовите на бројниот пораст на домаќинствата, секако, влијаел порастот на самечките домаќинства, потоа доселените домаќинства од селата, станбените услови и друго. Бројот на селските домаќинства пак се зголемил главно поради делењето на големите семејни заедници за решавање на имотно правните односи на земјиштето. Во селата денес е карактеристична појавата на старечки домаќинства, што секако се одразува на земјоделското производство поради емигрирањето на младото и работоспособно население.

Од практичен аспект е многу важно да се познава состојбата на домаќинствата и во однос на нивните економски белези. Домаќинствата според изворите на приходите се делат на: **земјоделски, неземјоделски и мешовити**. Во нашата држава најбројни се неземјоделските домаќинства. Тие учествуваат

со над 60% во однос на вкупниот број домаќинства во државата. Потоа следат земјоделските домаќинства со учество околу 25%, и на крајот се мешовитите домаќинства кои учествуваат со околу 15%.

Во Република Македонија статистика се води и за бројот на семејствата. Според пописот од 2002 година, регистрирани се вкупно 574.159 семејства. Од нив без деца биле 149.342 семејства или 26,0%, односно 1/4 од семејствата биле брачни парови без деца. Со едно дете биле 26,6%, со две деца 35,6%, со три деца 8,3%, со четири 2,4% и со пет и повеќе деца 1,0%.

Се забележува дека најбројни биле семејствата со две деца (35,5%) и тие обезбедувале проста репродукција на населението, поточно нулти пораст или стагнација. Големото присуство на семејства со едно дете (26,6%), покажува дека не се обезбедува пораст на населението, туку негово намалување.

# 3. МИГРАЦИСКИ ДВИЖЕЊА

Миграциите ја означуваат географската динамика на населението и тие претставуваат многу значајна социо-географска појава. Движењето на луѓето секогаш предизвикувало бројни последици во просторот. Особено времето и правците на миграциите зависат од причините, кои се разновидни и различно се одразуваат врз динамиката и преразместувањето на населението. Всушност, најбитните услови односно фактори што ги предизвикуваат миграциите потекнуваат од **економски, социјален и демографски аспект, поточно од историско-психолошки и економски причини.**

Во Република Македонија од најстари времиња, па до денеска присутни се силни миграциски движења. Понекогаш тие имале одлики на масовни селења. Македонија, всушност, е една од најдинамичните миграциони зони на Балканот. Главна причина за тоа е нејзината поволна географска положба, поради што нејзината територија со векови била интересна сфера на разни освојувачи. Просторните, стратегиските и природните погодности на Македонија привлекувале население од многу подалечни области, кое се јавувало или како освојувач или се населувало за постојано живеење во неа.

Миграциите во нашата држава, во помал или поголем обем, се одвивале во разни временски периоди. Тие се појавувале уште со доселувањето на Словените во Македонија, потоа биле активни во средниот век, особено во Самоиловото време, како и во времето кога нашата територија потпаѓала под српска или бугарска власт. Бројни и разновидни миграции постоеле за време на турското владеење, потоа за време на Балканските војни и Првата светска војна, во периодот меѓу двете светски војни, а тие се разновидни и актуелни и денеска.

Последиците од миграциите се од различен карактер. Во минатото преку емиграцијата или имиграцијата во одредени простори се менувала етничката структура на населението. Со миграција на селското население во поново време се создадени повеќе депопулациони зони во Македонија. Некои села, на пример, во Мариово, Дебарца, Козјачијата, Лакавичката област и други, веќе сосема се раселени, а други се во фаза на наполно исчезнување. Со миграциите денеска доста е изменета демографската структура на нашето население. Тоа главно е концентрирано во градовите и котлините, а ридските планинските подрачја се испразнети.

Според правците, миграционите движења на населението се делат на внатрешни и надворешни миграции. Внатрешние миграции се одвиваат на релацијата село – село, село – град и град – град во Македонија. Надворешните миграции пак, се карактеризираат со доселување и иселување на населението и се познати како имиграција од другите држави во Република Македонија и емиграција од нашата држава во другите држави во светот. И кај доселувањето и кај отселувањата статистиката одделно ги регистрира

граѓаните на Република Македонија од странците. Миграционото салдо пак претставува разликата меѓу отселените и доселените и лица во Република Македонија[15]

Во 2002 година миграциското салдо за Република Македонија изнесувало 1.116 лица. Во тоа граѓаните на Република Македонија учествувале со 642 лица, а странските државјани со 474 лица.

*Миграциски движења на населението во Република Македонија*

| МИГРАЦИСКИ ДВИЖЕЊА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| **Внатрени миграции** | 11058 | 11495 | 11411 | 10740 | 9438 | 8964 | 7785 | 7276 | 7612 | 8334 | 7915 |
| **Надворешни миграции** | | | | | | | | | | | |
| **Доселени** | 1145 | 1381 | 1491 | 3273 | 2181 | 1609 | 1857 | 2715 | 3211 | 3787 | 3991 |
| **Граѓани на Република Македонија** | 567 | 543 | 524 | 545 | 366 | 219 | 259 | 303 | 349 | 396 | 490 |
| **Странци со привремен престој** | 578 | 838 | 967 | 1029 | 861 | 557 | 1000 | 1356 | 1747 | 2072 | 1941 |
| **Странци со продолжен престој** | - | - | - | 1699 | 954 | 833 | 598 | 1056 | 1115 | 1319 | 1560 |
| **Отселени** | 144 | 669 | 1300 | 1108 | 240 | 751 | 792 | 1007 | 1290 | 1415 | 1041 |
| **Граѓани на Република Македонија** | 122 | 656 | 1282 | 1073 | 224 | 740 | 769 | 923 | 1143 | 1330 | 945 |
| **Странци** | 32 | 13 | 18 | 35 | 16 | 11 | 23 | 84 | 147 | 85 | 96 |
| **Миграциско салдо** | 1001 | 712 | 191 | 2165 | 1941 | 858 | 1065 | 1708 | 1921 | 2372 | 2950 |

Извор: СГРМ/2003-2014

Во емиграцијата и имиграцијата покрај Македонците учествуваат и значаен број од малцинствата кои живеат во Македонија. Така позната е масовната миграција на Турците и другото муслиманско население за Турција. Со присилна емиграција за време на Втората светска војна целосно се иселени Евреите. Значително е доселувањето на Албанците од Косово и

[15] Се пресметува според формулата

муслиманското население од Санџак и сл. Денеска најдинамичен правец на движењето на нашето население е на релацијата село град и во странство, на привремена работа.

Според времето на траењето, миграциите во Македонија се јавуваат како: **дневни, седмични, сезонски, повеќегодишни и трајни миграции.**

## 3.1. ВНАТРЕШНИ МИГРАЦИИ

Внатрешните миграции ги опфаќаат преселбите на населението во границите на нашата земја. Тие биле активни во минатото, особено за време на владеењето на Турците, потоа по Балканските војни и во времето меѓу двете светски војни. Меѓутоа, внатрешните миграции на населението засилено се одвиваат и во најново време. Во последните години, а посебно по 2006 година нивниот број е стабилизиран на околу 9500 жители, односно се движи помеѓу 11058 лица во 2003 година и 7915 лица во 2013 година.

Во минатото голема динамика внатрешните миграции имале за време на долговековното турско владеење. Причините за тоа биле од различен карактер. Пред се, населението мигрирало поради разни зулуми, потоа поради колонизацијата на турското население, востанијата, исламизацијата, распаѓањето на тимарско-спахискиот систем и развојот на чифлигарството, и т.н. Со потчинувањето на Македонија од страна на Турците, во неа се извршени длабоки етнички промени. Тогаш дел од македонското население изгинало, дел било одведено во ропство, а дел побегнал во планинските, тешко достапни предели. Многу населби биле наполно раселени и опустошени.

Подоцна, во XVI век, Турците во Македонија почнале да го шират процесот на исламизација, со цел да извршат асимилација на македонското население. Во тоа време, особено во Западна Македонија, за да опстанат дел од Македонците биле принудени да го примат исламот. Така настанале Торбешите во долината на Радика. Подоцна како привилегирано население тие можеле слободно да се преселуваат, така што дел од нив оттаму и се преселиле во сливот на Маркова Река во Скопската котлина, потоа во сливот на Тополка во околината на Велес и на други места.

Во XVII век во Турската империја настанале значајни општествено–економски промени. Се напушта тимарско-спахискиот систем и почнува активно да се развива чифлигарството. Тоа меѓу македонското население предизвикувало силни преселнички движења. Со создавањето на чифлиците, насила или доброволно се јавува движење на работната сила, па и на цели домаќинства од чифлик на чифлик. Од историјата е познато дека голем број од чифлигарите биле насила населувани по чифлиците за да ја обработуваат земјата на беговите. Дел од Македонците, пак, коишто немале земја, за да опстанат, доброволно се населувале на чифлиците. Подоцна со распаѓање на чифлиците, некои од нив исчезнале, а други прераснале во населби, така што

денеска повеќе села во Македонија потекнуваат од некогашните чифлици, а некои од нив така и се викаат. Во овој век, поради силната експлоатација, зачестените насилства и несигурноста што владеела по селата, значителен дел од селското население почнало интензивно да се преселува во градовите. Тогаш нашите градови не само што почнале популациски да растат, туку се менувал и нивниот етнички состав, поточно се зголемува бројот на Македонците за сметка на Турците.

Следниот XVIII век, за Македонија е карактеристичен по тешките животни услови, особено во Западна Македонија, поради што многу македонски села опустеле, односно нивното население се преселило кон исток. Во овие села почнале да се населуваат Албанци од Албанија, такашто во овој дел на Македонија тогаш настанале значителни етнички промени. Истовремено во Македонија се активирало ајдутството, а се појавиле и многубројни крџалиски банди. Чифлигарството достигнало најголем расцут, но условите за живеење на село биле скоро неподносливи. Затоа имаме појава на повторно масовно преселување на селското население во македонските градови.

Интензивни внатрешни миграции во Македонија продолжуваат и во XIX и XX век. За време на Илинденското востание, Првата и Втората светска војна, поради нестабилната политичка ситуација активирани се миграционите движења. На пример, по задушувањето на Илинденското востание Турците почнале жестоко да се одмаздуваат на македонското население. Во тој злосторнички настап, палејќи населби и убивајќи луѓе, биле уништени околу 200 села, а 30.000 луѓе ја напуштиле Македонија.

За време на Втората светска војна, македонското население во окупираниот дел на Македонија од страна на Албанија, односно Италија, било изложено на силен терор поради што било принудено масовно да се иселува оттаму и да се населува по градовите во другиот дел на Македонија. Тогаш во Скопје е создадено Дебармаало.

Мигрирањето на населението внатре во Македонија не престанало многу ни во годините по ослободувањето до денеска. Причините за овие преселнички движења се различни, но основни се две, и тоа: засилениот развој на индустријализацијата и емигрирањето на Турците и другото муслиманско население во Турција. Со развојот на индустријализацијата во градовите настанало преразместување на населението од селата во градовите и од помалите во поголемите градови, а со иселувањето на Турците останале празни селата и дел од градовите во кои тие живееле, поради што се јавило внатрешно преселување главно на селското население. Во повоениот период најмасовни се миграциите кои потекнуваат од селските населби. Така, на пример, од вкупниот број мигранти, околу 75% потекнуваат од селските населби. Причините за преселувањето на селското население во градовите главно се последица од нерамномерниот економски и урбан развиток меѓу градските и селските населби, потоа од непогодноста на селските населби за

живеење и др. Поради миграцијата на селското население, од поранешните пописи до последниот во 2002 година се гледа дека сосема се раселиле 145 села, а само во периодот од 1981 до 1991 година се раселиле 25 села. Од вкупниот број села во 72% од нив бројот на населението се намалил, а само во 28% села се забележува зголемување. Карактеристично е и тоа што во структурата на селата, преовладуваат малите села и нивниот број постојано се зголемува.

Вкупниот пораст, пак, на градското население во Републиката, во основа, се должи на интензивните миграциски движења кон градските населби. Така, според показателите само за периодот 1971 - 1981 година, во 63% од општините, позитивното миграциско салдо било поголемо од природниот прираст, односно 45% од вкупниот пораст на градското население во овој период во Републиката се должи на миграциските движења.

Во нашата земја, денес особено се карактеристични дневните миграции на населението. Тие главно се упатени кон градските центри, а се условени од нивниот индустриски и воопшто полифункционален развој. Учесници во овој вид миграции се голем број работници, потоа ученици, студенти и други лица. Тие секој ден патуваат од местото на живеење до блиските градови и по завршената работа повторно се враќаат во своите домови. Најголема концентрација на дневни мигранти има во Скопје, но нивниот број е доста голем и во останатите индустриски центри на Републиката, како: Битола,Прилеп, Куманово, Штип и други.

Сезонските миграции се поврзани за работите кои се извршуваат само во одредено време од годината. Така, за време на летната сезона голем број работници од пасивните села се вработуваат како сезонски работници во развиените земјоделски региони. Во Тиквешијата тие се врботуваат во лозарството, во Преспа се оди на берба на јаболка и сл. Во оваа категорија спаѓаат и шумските работници на нашите планини. Големите сточарски движења во минатото, а во помала мера и денеска, со добитокот на планините заради користењето на летните пасишта спаѓаат, исто така, во сезонските движења. Во сезонските движења се вбројуваат и патувањата на годишни одмори, кога голем број од населението го напушта своето место на живеење и извесно време престојува во летните или зимските туристички места.

## 3.2 НАДВОРЕШНИ МИГРАЦИИ

### 3.2.1. **ИМИГРАЦИИ**

Доселувањето на население на нашата територија - имигрирањето, особено било изразено во историското минато, но тоа е карактеристично и за наше време. Бројот на имигрантите во Македонија во последните години се

стабилизирал на околу 3.000 лица. Во 2013 година вкупно во Републиката се вселиле 3991 лице. Од нив само 490 жители биле граѓани на Република Македонија.

Во минатото првото големо населување во Македонија го извршиле Словените. Тие дошле од задкарпатскитеобласти и во Македонија се населиле помеѓу 80-те години од **VI век** и 20-те од **VII век**. Во процесот на населувањето настанале доста значајни етнички промени. Тогаш дел од старото македонско население се повлекло во периферните планински подрачја, а другиот дел бил асимилиран од страна на македонските Словени.

Македонското население доста страдало во текот на **XI век**, кога на територијата на Македонија навлегле Норманите, Скитите, Печенезите, Крстоносците и др. Со цел да се оневозможи нормален етнички развој, византиските власти на територијата на Македонија населувале и несловенски народи. Така, во долна Струма населиле **Скити**, во Солунско Поле – покрстени Турци - **Вардариоти,** и др. Помеѓу 1045 и 1053 година, во Овче Поле се населиле одреден број **Печенези**, а во XII век, понасевер од нив во Кумановско - **Куманите**. Денешното име на реката Пчиња и градот Куманово се само спомени од нив.

Во **XIII век** во Македонија се доселуваат **Сасите** како рудари. Најмногу се населуваат во Осоговијата каде силно го развиле рударството. Нивното присуство оставило траги во рударската терминологија и во топонимијата, како што се селата Саса, Шлегово и сл.

Големи миграциски движења се јавуваат по доаѓањето на **Турците** во Македонија. Тие уште од почетокот имале намера да извршат колонизација и пристапиле кон доселување на голем број турско население во нашите краеви. Како најпогодни за населување во Македонија биле анадолските номади - **Јуруците и Коњарите**. Тие од Мала Азија се доселиле кон крајот на **XV** и во текот на **XVI век**, а во Македонија се населиле на западните ограноци на Плачковица, кој предел и денеска е познат под името Јуруклук, потоа во Овчеполието, во Тиквешијата, во околината на Валандово и др. Истовремено со Турците се доселиле и значаен број од Ромите кои денеска живеат низ целата територија на Македонија.

Во текот на **XVI век** во Македонија се доселува голема маса и **Евреи**. Понивното протерување од Шпанија и Португалија, дел од нив се доселиле и во Македонија, каде во сите наши поголеми градови формирале свои квартови. Така, на пример, во 1544 година во Битола биле населени 87 еврејски семејства, а доста се населиле и во Скопје, Штип и во останатите наши градови каде дале значаен придонес за развојот на трговијата.

Карпошевото востание, предизвикало масовно бегање од родните огништа, што придонело многу села да се запустат и многу плодни полиња во Македонија да останат необработени. Турските власти бргу согледале, дека во интерес на што побрзата стабилизација мора да се прекине со репресалиите и да се обнови производството, бидејќи, покрај другото и рудниците, особено

оние во Осоговијата, тогаш запустеле. За таа цел, во напуштените предели, особено во северозападна Македонија, започнало населување на **албанско население,** што од своја страна подоцна ќе предизвика значителни промени во етничкиот состав на населението.

Во својата студија за Македонија *К'нчов* ќе забележи дека пред доаѓање на Османлиите како граница меѓу албанските и македонските предели била реката Девол. Нејзиниот горен тек била населена со Словени, а градот Девол важел за словенска крепост. Меѓутоа веќе во првата половина на XIXвек во него и во околината на Костур почнало да се населува албанско население, а словенското да се отселува. Во контекстот на овие преселби била одбележена етнографската граница меѓу Албанците и Македонците која водела по вододелниците на горните текови на реките Бистрица и Девол (К'нчов, 1970).

Според Трифуновски, доселувањето на албанското население на територијата на Македонија започнало уште од крајот на **XVII век**, во рамките на преселбите предизвикани со Австро-турските војни 1683-1699 година, кога тие го заземале местото на иселеното македонско население. Меѓутоа,тие биле интензивирани во текот на **XVIII век**, кога после сојузот меѓу Австрија и Русија - во рамките на кој била направена поделба на Балканот на интересни сфери. Турците како реакција на овие спогодби започнале да ја менуваат етничката структура на цели региони преку поттикнување на три процеси:

1. Колонизација на Турци по потекло од териториите што биле принудени да ги напуштат,
2. Исламизација на словенското население и
3. Колонизација на муслиманските Албанци во териториите на западна Македонија. Таа колонизација својот најголем интензитет го достигнала во периодот 1780-1840 година, кога биле во тек ослободителните движења во Србија и Грција (Трифуновски, 1988).

Населувањето на Албанците во Македонија се одвивало до три правци, односно преку три струи. Првата била **северно-албанската** или **Дукаѓинска струја,** втората **средно-албанска** или **Шкумбиска струја** и третата **јужно-албанска** или **Тосканска струја**. Матица на првата струја биле областите: Дукаѓин, Миридит, Фанда, Лирија, Мат и др. Албанците од втората струја биле, главно, од Средна Албанија, поточно од областите во сливот на реката Шкумба. Населението на овие две струи припаѓало на Гегите и во Македонија се населиле во Дебарско, Струшко, Кичевско, Гостиварско, Тетовско, Скопско, Кумановско и стигнале до Велешко и Пелагонија. Јужно-албанската или Тосканската струја била најслаба. Преку неа во Македонија се населиле Тоските чија матица е во Јужна Албанија- областите Черменика, Колоња, Мокра, околина на Поградец, Корча, Елбасан и Берат. Тие, главно, се населиле во југозападниот дел на Републиката и тоа во околината на Струга (лево од Црни Дрим), Ресен и Битола. Меѓутоа, некои фамилии од Тоските се населиле и во другите области на Македонија, на пример, во Полог. Миграцијата,

односно доселувањето на Албанците во Македонија се одвивало во етапи и тоа главно во два силни брана. Првиот бран бил од 1780, и траел до 1800 година. Тогаш во Гостиварско, албанско население се населило во селата: Градец, Речани, Србиново и Чегране; во Кичевско: Аранѓел, Зајас и Србица; во Струшко: Долна Белица; во Тетовско: Боговиње, Гојре, Камењане, Мала Речица, Порој, Џепчиште и Шипковица; во Скопско: Брест, Гумалево, Ново Село и во неколку села во Дервен; во Битолско: Ниже Поле и Старо Змирнево, во Прилепско: Дебреште, Десово и Житоше.

Во текот на вториот бран на навлегување, кој траел од почетокот на XIX век до крајот на четвртата деценија на тоа столетие, албанско население се населило уште во околу триесетина македонски села. Меѓу другите, такви биле селата во Скопско: Алдинци, Вртекица, Д’лга, Тисовица, Шишево и др.; во Тетовско: Бозовце, Гргурница, Гермо, Нераште, Слатино, Шемшево и др.; во Гостиварско: Стровјане, Горјане и др.; во Струшко: Радолишта, Франгово и др.; во Битолско: Кишава и во Кумановско: Рополце и др. (Константинов, 1992).

Во периодот меѓу двете светски војни, а особено од ослободувањето па наваму, кон Македонија е насочена и четврта миграциска струја на албанско население, но сега не од Албанија, туку од Косово. Ова население претежно се населува во Скопско, Кумановско и Тетовско, со тенденција да се насели во Овчеполието и Велешко.

Населувањето на албанското население во Македонија не се одвивало спонтано. Бројни автентични сведоштва зборуваат дека истиснувањето на Македонците од родните села било вршено со многу сурови методи, како грабежи, киднапирања, убиства, опожарувања и сл.

Првите доселеници во Македонија се населувале на рабовите од котлините, за да бидат во состојба да се занимаваат главно со сточарство кое било нивна основна стопанска дејност. Меѓутоа, токму локацијата, која овозможувала и бавење со земјоделство, условила набрзо да почнат да се занимаваат и со него. Албанските доселувања не биле проследени со формирање на нови населби во Македонија. Имигрантите се населувале во постоечките населби, населени со Македонци. Ова, во самиот почеток не поттикнало конфликт. Тој се јавил подоцна, кога бројот на новодојденците пораснал до степен кој ги направил доминантно население. Тогаш тие започнале да применуваат притисок врз староседелското население за негово отселување, што разгорел конфликт кој траел со години. Врз јачината на тој конфликт голем придонес имала и една нова ситуација што се оформила по доселувањето на Албанците, а тоа е качаштвото, односно разбојништвото. Тоа постанало вистинска опасност за Македонците, населени во повеќе предели на Западна Македонија, што го забрзало неговото отселување. Тогаш биле напуштени најголем број села во кои веќе имало доселено албанско население. Оттаму, денеска и малиот број мешани села во пределите каде составот на населението е хетероген (Трифуновски, 1988). Преселувањето на Албанското население и во новодојдените територии не престанало. По пат на

внатрешно мигрирање покрај населувањето во градовите тие формирале и големи селски населби во близина на повеќе градови во Македонија како на пример Велешта кај Струга, Зајас кај Кичево, Голема Речица кај Тетово, Кондово, Студеничании Арачиново кај Скопје и др.

Во втората половина на **XVIII век**, откако во Албанија бил разурнат градот Москополе, голем број **влашко население** се доселило во Македонија, а најмногу се населиле во Битола и во некои села од нејзината околина, потоа во Крушево, Охрид, Велес и други градови во кои основале свои влашки маала.

Во 60-те години на **XIX век**, по Кримската војна, во Македонија биле населени значителен број **Татари и Черкези**. Се смета дека само во јужните делови на Македонија биле населени околу 26.000 Татари, а Черкезите биле населени низ цела Македонија. Тогаш само во Скопје биле населени околу 400 Черкези, а во близината на Катлановска Бања било формирано и посебно черкезско село, кое подоцна е раселено. Но затоа во Кумановско како спомен од тоа време и денеска постои селото Черкези.

Во втората половина на XIX век, поточно по Руско-турската војна во 1878 година, од ослободените територии на Србија и Бугарија, како и од окупираната од страна на Австрија, Босна и Херцеговина, во Македонија се населиле голем број Турци-повратници, наречени **Мухаџири**. Тие се населиле претежно по македонските градови кои територијално се проширувале бидејќи формирале посебни мухаџирски маала, чие име во некои градови и до денеска е задржано, како, на пример, Маџир-маало во Скопје, во Кочани и др. Освен во градовите Мухаџирите се населувале и во селата. Така, на пример, во 1878 година во некои села во Скопската котлина биле доселени 2.672 Мухаџири, во околината на Штип околу 3.500 лица итн.

По Првата светска војна, **населување на колонисти** се јавува и во вардарскиот дел на Македонија кој бил под окупација на Србија, односно Југославија. Со цел да се измени етничката структура на населението, во 1920 година била донесена специјална уредба за колонизација. Крајните резултати од оваа колонизација до крајот на 1940 година биле населувањето на 4.167 колонистички фамилии во 280 населени места во Македонија со вкупно околу 25.000 колонисти. Најголем дел од колонистите биле од Србија, а се населиле најмногу во Кумановско, Скопско, Тиквешко, односно Повардарието, Овче Поле и Пелагонија. Овде е интересно да се одбележи и тоа што Македонија не била одмината и од **Руско-белогардејската емиграција** од 1919 до 1921 година. Овие емигранти најпрво биле сместени на островот Лемнос и во 1921 година се префрлени и сместени во бегалски логор во селото Миравци, Валандовско. Од Миравци биле преселени во Србија каде останале до 1924 година. Потоа еден дел од нив се враќа повторно во Македонија и се населува во повеќе нејзини градови. Се претпоставува дека вкупниот број на руски емигранти бил околу 150 000. Од нив околу 50% се населиле и останале постојано да живеат во Македонија. Така позната руска колонија

била формирана во Ѓорче Петров, потоа кај Пиварницата во Скопје, како и во сите поголеми градови во Македонија. За руските доселеници во Македонија е специфично што најголем дел од нив биле високо-образовани интелектуалци. Тие во новата средина со сиот елан и знаење се дале на работа како да се во својата родна Русија и на тој начин овозможиле да се воспостават основите на повеќе стопански гранки и културни дејности во Македонија.

Во Република Македонија, во повоениот период, особено до времето на нејзиното осамостојување, имаме и забележливо доселување на население од другите републики на поранешна Југославија. Најголемиот број доселеници од другите републики потекнува од периодот 1953-1961 година, кога вкупно во нашата Република се доселиле 31.663 лица. Во следните години тој број значително опаѓа. Меѓу доселениците најголем број, поточно околу 70%, биле од **Србија.** Од неа особено паѓа во очи преселувањето на значителен број **муслиманско население од Санџак**. Тие најмногу се доселиле во Скопје и во Општината Велес. Така, на пример, во Општината Велес, само во селата Горно Оризари околу 2.032 муслимани се доселени од споменатата област и ги има уште и во некои други селски населби, како на пример во селото Батинци - Скопско, (1,660 лица), селото Лажани - Прилепско (1.054 лица) и сл.

Специфично е и присуството на бегалците кои претставуваат посебен вид мигранти. Бегалците се луѓе кои ја напуштаат својата земја од страв или закана дека ќе бидат прогонети, уапсени или физички ликвидирани, поради политички сфаќања и активности, расна, верска или национална припадност. Тие масовно се појавуваат за време на воени конфликти. Таков е случајот со косовската криза кога во Македонија се доселиле повеќе од 360 000 бегалци и во неа, во бегалските логори престојуваа неколку месеци. Некои од нив, како косовските Роми, останаа и повеќе години. Овој вид миграции се јавуваат и внатре во Македонија. Многу биле нагласени за време не Првата, па и Втората светска војна (за време на Граѓанската војна во Грција) нагласен интензитет имаа и за време на конфликтот во 2001 година. Тогаш дел од населението во тетовско, кумановско и скопското село Арачиново, биле приморани да ги напуштат своите домови и да се јават како бегалци.

### 3.2.2 ЕМИГРАЦИИ

Освен доселувањата, за Македонија се карактеристични и **иселувањата** од неа. Тоа се втор вид на надворешни миграции. Бројот на отселените лица спрема статистиката се движи помеѓу 144 лица во 2003 година и 1041 лица во 2013 година. Во 2013 година од вкупно иселените лица дури 945 биле граѓани на Републиката. Меѓутоа, овие податоци не се реални бидејќи вистинската состојба покажува дека емигрирањето на населението од Македонија има

многу поголеми димензии. Во минатото карактеристично е што иселувањата од Македонија во еден период биле насочени кон запад, кон Италија. Така, во 1461 година една група од 60 Македонци од Дебарско се преселиле на Апенинскиот Полуостров и се населиле во Апулија во околината на Таранто. Нешто подоцна во овој правец мигрирала и втора група Македонци од областа на Голо Брдо и се населиле во Калабрија.

Во втората половина на **XVII век**, поточно во 1689 година за време на Австро-турската војна, во Македонија се крева познатото Карпошово востание. По повлекувањето на австриските војски Карпошовото востание било задушено. Турците за да се одмаздат на македонското население почнале да вршат големи злосторства, така што од областите коишто биле зафатени од востанието, Македонците масовно се иселувале. За мнозина, особено за оние што зеле активно учество во борбите против османлиската војска, единствен спас бил напуштањето на својата земја и повлекувањето далеку на север зад Сава и Дунав, од каде што всушност и немало враќање. Дел од нив подоцна преминале дури и на територијата на Русија, каде што како и припадниците на другите балкански народи формирале свои војнички колонии и самостоен македонски полк, кој дејствувал во составот на регуларната руска војска. Наведениот факт јасно покажува колку била масовна оваа миграција која во историјата е позната уште како Вардарска струја. За неа е карактеристично што движејќи се на север таа постепено слабеела, бидејќи дел од населението останало во Шумадија. Така, познатиот географ Ј. Цвијиќ наведува дека во Ниска Шумадија и Поморавјето, освен Македонци од Полог, Скопско и Жеглигово има и од Велес, Битола, па дури и од селата под Олимп. Меѓутоа, старите доселеници од Тетово и горниот тек на реката Вардар, кои се населиле источно од Јастребац, постепено се асимилирале и помеѓу нив и старото население нема никакви разлики. При преселувањето тие ги донеле познатите тетовски јаболка кои и денеска таму се одгледуваат. Македонците што поминале преку Сава и Дунав се раширилe низ Панонската Низина и дошле дури до северна Унгарија. На пример, во историјата се наведува дека првиот старешина на доселениците во Коморан, кој го поставил австрискиот цар во 1691 година, бил капетан Јован Монастирлија, којшто бил од Битола.

Во текот на **XIX век**, печалбарството во Македонија се развило во масовна појава. Тогаш поради осиромашувањата и тешките економски и социјални услови на село, населението започнало масовно да ги напушта селата и заминувало на печалба во Цариград, односно во Турција, потоа во Бугарија, Романија, Србија, Грција, а еден значаен број и во Америка, и Австралија. Така кон крајот на споменатиот век, поради печалба, просечно годишно, од Македонија заминувале помеѓу 70.000 и 100.000 лица. Некои од нив се враќале, но најголем дел од нив си ги повлекувале и фамилиите и останале за секогаш да живеат таму.

Големо иселување на населението до Македонија се јавува за време на Балканските војни и Првата светска војна. Така, на пример, по Првата

балканска војна заедно со повлекувањето на турската војска се повлекло, односно мигрирало за Турција и значаен дел од турското население. Така во периодот од 1900 до 1921 година поради емигрирање, бројот на турското население во Македонија бил намален за 56.000 лица. Во тој период и илјадници Македонци, поради нестабилната политичка состојба и тешките економски услови ја напуштиле својата земја и емигрирале во странство. Се смета дека само во 1913 и 1914 година, околу 100.000 Македонци од Егејскиот дел на Македонија емигрирале во странство. По завршувањето на Првата светска војна, миграциите од Егејскиот дел на Македонија уште повеќе се засилени. Интензивно иселување на македонското население се јавува особено по потпишувањето на Нејскиот договор, склучен меѓу Бугарија и Грција за меѓусебна размена на населението во 1919 година, кога во Бугарија се преселиле 66.126 лица и по Лозанскиот договор, склучен помеѓу Грција и Турција, исто така, за меѓусебна размена на населението во 1923 година, по кој во Турција се преселиле 395.000 муслимани од кои најголем број биле Македонци, но само по вера муслимани. По истиот договор на нивно место биле колонизирани 640.000 доселеници од грчко потекло.

Во периодот меѓу двете светски војни значителен број печалбари од Македонија посебно од нејзиниот западен дел оделе на печалба по големите градови на Балканот како Белград, Софија, Будимпешта и др. Од нив еден дел таму и постојано останале да живеат. Во овој период значително се намалил и бројот на Власите. Тогаш неколку илјади, посебно номадски сточари се преселиле во Романија, а дел од градските власи се преселиле во Грција.

Мигрирањето на нашето население во странство не престанало ни по Втората светска војна. Така, по граѓанската војна во Грција, поради тешкиот терор над македонското население, тоа почна масовно да се иселува од Егејскиот дел на Македонија. Така, околу 50.000 Македонци се преселиле во источно европските земји и во Југославија, каде најголем број се населиле во Република Македонија-околу 14.000. Тие претежно се населиле во нашите градови, но дел од нив се населиле и во селските населби.

Од надворешните миграции по Втората светска војна, карактеристични се иселувањата на Турците и другото муслиманско население, особено на Македонците-муслимани во Турција. Нивното иселување главно започнуваво 1953 година и интензивно се одвива до 1960 година. Потоа значително се намалува. Ако се разгледаат податоците од 1953 до 1981 година, ќе се види дека бројот на Турците се намалил од 203.938 на 86.591 лице, што значи дека од Република Македонија во Турција емигрирале околу 117.000 Турци. Турците се селеле како од градските, така и од селските населби. Така, на пример, од повеќе десетина илјади Турци кои живееле во Скопје, денеска останале само неколку десетина домаќинства. Поточно, од пооделни подрачја денеска наполно се раселени бројни турски села. На пример, во општината Неготино се раселени 6 села со турско население, во општината Радовиш 8, во

општината Валандово 5, во општината Штип 10 села и.т.н. Некои села напуштени од турското население денеска се населени со Македонци.

Емиграцијата, пак, кон другите републики во Југославија од Македонија во повоениот период била секогаш пообемна отколку имиграцијата. Така, според пописот од 1961 година разликата помеѓу иселените и вселените лица изнесувала 4.828 лица, во 1971 година 6.205 лица и во 1991 година остварено е највисоко негативно миграциско салдо кое изнесува 8.195 лица. Во овој период во Републиката се доселиле 18.293 лица, а во другите републики се иселиле 26.488 лица. Најголем дел од иселеното население од нашата Република емигрирало во Република Србија-околу 80% потоа следува Република Хрватска, па Босна и Херцеговина итн.

Миграциските движења од Република Македонија спрема другите држави во Европа и светот се карактеризираат не само по обемот и динамиката, туку и според структурните белези, правците на мигрирањата и територијалната разместеност на мигрантите. Во современите меѓународни миграциски движења населението од Македонија поинтензивно се вклучува во периодот од 1964 година па наваму. Според обемот на привремената економска емиграција денес Македонија се вбројува во подрачја со изразита надворешна миграција на работната сила. Според пописот од 1981 година 100.919 лица престојувале во странство. Од нив 57.962 биле активни лица, а 42.957 лица во својство на членови на семејства. Од расположивите податоци за регистрираното иселување од Република Македонија, во периодот 1952-1986 година, бројот на трајно иселените лица изнесува околу 215.000 лица. Светската банка пак, објави податоци дека од Република Македонија заклучно со 2010 година се иселиле 447.000 македонски граѓани. Тоа е 22% отсто од вкупното население на Републиката. Највисок процент на економска емиграција се јавува во општините Ресен и Битола. По нив следат општините Демир Хисар, Охрид, Кичево, Струга, Гостивар, Тетово како и од општините на Источна Македонија.

Бројната состојба на нашето население во странство денеска тешко може прецизно да се одреди. Сепак, се знае дека од привремено вработените лица најмногу се наоѓаат во Европа, а ги има и во воневропските земји. Во Европа најмногу ги има во Германија и тоа околу 50% од сите наши работници во странство, потоа во Шведска, Австрија, Франција, Швајцарија, Холандија и во други европски земји. Во скандинавските земји се смета дека има околу 15.000 Македонци.




*Миграциски правци на иселеничките движења од Македонија.*

Како последица на иселеничките движења денес се смета дека околу 540.000 Македонци живеат во прекуокеанските држави. Најголем број од нив, околу 190.000 живеат во Канада, а потоа 180 000 во Австралија (според официјалниот попис од 2001 година, во Австралија со македонско потекло се изјасниле 81.891 жители. Од нив, 43527 навеле дека се родени во Македонија, а останатите биле родени во Австралија), 150.000 во САД, и околу 20.000 во Аргентина. Меѓу градовите најголема концентрација од македонско население има во Торонто – околу 90.000, потоа во Детроит и Сиднеј по 40.000. Њујорк – 20.000 и во Перт – 15.000, Гери. Аделаид и во други градови.

# II. НАСЕЛБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. ПОИМ И ПОДЕЛБА НА НАСЕЛБИТЕ

Населбите претставуваат самостојни агломерации во кои живее одреден број население на одреден простор. Во нашата службена практика за населба се смета секое постојано или привремено населено место, без оглед на бројот на куќите, но со посебно име. Самостојните населби имаат свој атар (територија) и своја стопанска и социјална самостојност. Населбите претставуваат највиден материјален одраз од човечката активност во просторот.

Создавањето на населбите во нашата држава, нивниот развој и обликувањето на мрежата на населбите е условено како од природно-географските карактеристики, така и од историско-економските настани и промени.

Следејќи го настанувањето на нашите населби, може да констатираме дека голем бој од нив потекнуваат уште од пред римскиот период. Нивниот развој продолжил за време на римскиот, византискиот и раbrowsословенскиот период, потоа во времето на средниот век, а значителни промени настанале во времето на турското владеење. Тогаш, преку миграциските движења или преку демографските промени, поочигледно почнале да се издвојуваат градските од селските населби. Сепак најјасно обликување доживеале во XX век и тоа, поконкретно, во втората половина од овој век, по создавањето на македонската Република. Тогаш градските населби значително ја промениле не само својата физиономија, туку влијаеле врз поширокиот простор, што се одразило и врз динамиката на развојот и на селските населби.

Според големината и според функциите што ги имаат, населбите се делат на **градски** и **селски**. Разликите меѓу нив се значителни и разновидни. Пред сé, селото од градот, или обратно, доста се разликува по физиономијата или типот, односно имаат различно градежно и урбанистичко обликување, потоа се разликуваат по бројот на населението, по занимањето на населението, по инфраструктурната опременост и т.н.

Во Република Македонија според податоците од 2002 година, статистиката има евидентирано 1.795 населби. Меѓутоа, овој број не може да се земе како реален, бидејќи од нив 145 населби се раселени и во нив не живее население. Нив статистиката ги евидентира за потребите на матичните и катастарските служби. Така, населби со население има 1.650. Од нив 34 се градски

населби и 1.616 селски населби. Нашата држава се одликува со ретка мрежа од населби. Во 2002 година на 100 $km^2$ доаѓаат по 6,4 населби и таа густина постојано се намалува бидејќи во 1961 година изнесувала 6,9 населби.

Сепак постојната мрежа на населени места се одликува со дисперзираност во просторот низ целата територија на Републиката. Меѓутоа, најголем број од нив го чинат малите населени места, до 99 жители. Нивниот број во 2002 година изнесувал 630, што преставува 38% од вкупно населените места во Македонија. Тоа се главно села во кои постои тенденција за целосно иселување на населението, што е во потполност неоправдано од демографски и општествено-економски аспект.

*Бројно движење на населбите, градското и селското население во Република Македонија*

| Населби | | | | Население | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Год. | Вкупно | Градски | Селски | Вкупно | Градско | % | Селско | % |
| **1900** | | | | 908.904 | 276.362 | 30,0 | 632.542 | 70,0 |
| **1921** | | | | 797.841 | 116.997 | 27,2 | 580.844 | 72,8 |
| **1931** | | | | 937.643 | 266.458 | 28,4 | 671.185 | 71,6 |
| **1948** | | | | 1.152.986 | 314.456 | 27,3 | 838.530 | 72,7 |
| **1953** | 1744 | 27 | 1717 | 1.304.514 | 390.944 | 30,0 | 913.570 | 70.0 |
| **1961** | 1732 | 27 | 1705 | 1.406.003 | 542.933 | 38,6 | 863.070 | 61,4 |
| **1971** | 1697 | 29 | 1668 | 1.647.308 | 803.238 | 48.8 | 844.070 | 51,2 |
| **1981** | 1669 | 29 | 1640 | 1.909.136 | 1.054.777 | 55,2 | 854.359 | 44,8 |
| **1994** | 1650 | 29 | 1621 | 1.945.932 | 1.157.647 | 59,5 | 788.285 | 40,5 |
| **2002** | 1650 | 34 | 1616 | 2.022.547 | 1.233.508 | 61,0 | 789.039 | 39,0 |

Извор: Македонија во бројки ДЗС, 2003 стр. 6, и Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 дефинитивни податоци, ДЗС, Скопје, 2003.

Во 34 градови во 2002 година живееле 1.233.508 жители, што претставува 61,0%, а во 1.616 села живееле 789.039 жители, или 39,0% од вкупното население во Република Македонија. Во еден македонски град во просек (без Скопје) живеат по 23.219 жители, а во едно село во просек по 488 жители.

## 2. ГРАДСКИ НАСЕЛБИ – ДЕФИНИРАЊЕ И ПОДЕЛБА

Постојат повеќе критериуми за дефинирање на градските населби како: урбанистички, економски, социолошки и други. Сепак, за дефинирање на градот доминантни се три обележја, и тоа: **популациско-демографско, функционално** и **физиономско-морфолошко обележје**. Преку популациско-демографското обележје (број на жители) се утврдува големината на населбата, односно демографската структура на населението. Функционалното обележје ја истакнува функционалната структура и значењето на населбата во просторот, до-

дека физиономското обележје ја дава карактеристиката на урбаната содржина на населбата, поточно начинот на изграденост на населбата, нејзиниот облик и лик со сета инфраструктура. Така, градот се дефинира како компактно изградена поголема населба со повеќе функции во кои доминираат секундарните и терцијалните дејности.

Во Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, градот е дефиниран како населено место кое: **„има повеќе од 3.000 жители, со развиена структура на дејности во кои над 51% од вработените се вон примарните дејности; има изградена урбана физиономија со зони за делување, стопанство, рекреација и јавно зеленило, плоштад, изграден систем на улици и комунални служби и претставува функционално средиште на населените места во окружувањето".**

Денес во Република Македонија мрежата на градски населби ја сочинуваат 34 градски населби. Нивниот број во минатото бил помал, но со порастот на нивното население и добивање на нови функции, повеќе населби, преминале во гратчиња како: Виница, Пробиштип, Македонски Брод, Демир Хисар, Македонска Каменица, Богданци и Демир Капија.

Вкупно 34-те градски населби во Република Македонија покриваат површина од 30.070 ha. Меѓу нив после Скопје (7.820 ha) следуваат Битола со 2.245 ha и Штип со 2.080 ha. Град со најмала градска површина од само 120 ha е Валандово. Градска населба со најголема општинска територија од 119.444 ha е Прилеп, а со најмала општинска територија од 11.454 ha е Богданци.

Според големината, односно според бројот на населението, нашите градови може да се групираат во три групи: **големи, средни** и **мали градови.**

За големи градови се сметаат оние во кои живеат над 50.000 жители. Такви се: Скопје, (467.000), Битола (74.000), Прилеп (69.000), Куманово (78.000) и Тетово (52.000).

Средните градови имаат од 10.000 до 50.000 жители. Во Македонија вакви има 18 градови. Тие се: Велес, Штип, Охрид, Гостивар, Струмица, Кавадарци, Кочани, Кичево, Струга, Радовиш, Гевгелија, Дебар, Свети Николе, Неготино, Крива Паланка, Делчево, Виница и Пробиштип. Од нив најголем е градот Велес, со 47.000 жители, а најмал градот Пробиштип со 10.800 жители.

Мали градови се оние кои имаат помалку од 10.000 жители. Кај нас 11 градови се сметаат за мали градови и тоа: Берово, Ресен, Кратово, Крушево, Валандово, Пехчево, Богданци, Демир Капија, Македонска Каменица, Македонски Брод и Демир Хисар. Од нив најголем број население има Ресен 8.700 жители, а најмал е Демир Хисар со 2.600 жители. Демир Хисар е всушност најмал град на територијата на Република Македонија.




*Панорама на Скопје со Камениот мост и реката Вардар*

- **ГОЛЕМИ ГРАДОВИ**

**СКОПЈЕ** е главен и најголем град во Република Македонија. Расположен е во Скопската Котлина, од двете страни на реката Вардар, на надморска висина помеѓу 220 и 400 метри. Зафаќа површина од 7.820 ha.

Има многу поволна сообраќајно-географска положба. Тој е гравитациски центар на целата држава. Од него водат современи патишта во повеќе правци како: автопатиштата Скопје-Куманово, Скопје-Велес и Скопје-Тетово-Гостивар, потоа, магистралниот пат Скопје-Блаце, како и регионалниот пат Скопје-Козјак-Македонски Брод. Скопје е железнички сообраќаен јазол во Македонија, а кај Петровец постои и современ аеродром.

Има умерено-континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 12,0°C, и просечна годишна количина на врнежи од 502 mm.

Скопје е стар град. Во античкиот период бил главен град на Дарданија. Под името Скупи Птоломеј го споменува во II век од н.е. Тогаш градот лежел под Зајчев Рид помеѓу денешните населби Бардовци и Злокуќани. За време на Римјаните имал големо стратешко значење и во него била сместена седмата римска легија. Во 518 година Скупи го затекнала голема природна катастрофа кога било разурнато од земјотрес. Населението не ја обновило старата населба, туку на просторот помеѓу Калето и Гази Баба, од двете страни на реката Серава подигнало нова населба. Таа брзо се развивала особено за времето на цар Јустенијан (527-565 г.), кога постанала повеќе илјаден и добро уреден град.

При крајот на VII век (695 година) го заземале Словените и му го дале името Скопје. За време на Самоиловата држава се споменува како епископско седиште. Кон крајот на XIII век (1282 година) Скопје влегло во состав на средновековната српска држава. Цар Душан го прогласил за своја престолнина и во него го донел познатиот Душанов законик. Од 1392 до 1912 година бил под Турција. Во тој период градот добил турско-ориентално обележје. Стопански брзо се развива особено во XVI и XVII век кога после Цариград станал еден од најразвиените и најголеми градови во Европска Турција, како и значаен занаетчиски и трговски центар. За сместување на трговците и нивната стока биле подигнати повеќе караван сараи и анови како Куршумли-ан, Сули-ан, Капан-ан и др. Патеписецот Евлија Челебија ја споредил скопската чаршија со таа во Цариград. Во Скопје имало 12.000 куќи со околу 60.000 жители, потоа 2.150 дуќани, еден безистен, 70 јавни амами (бањи), 120 џамии, повеќе беговски конаци и сараи. Трговските каравани редовно одржувале врски со Солун, Белград и Дубровник. Меѓутоа, во 1689 година за време на Австро-турската војна градот доживеал втора катастрофа, кога бил запален од страна на австрискиот генерал Пиколомини и целосно уништен. Населението го напуштило градот, при што, едни главно Турци се населиле дури во Цариград каде го основале Ускуб Маалото, а други најголем дел Македонци се придружиле на миграцискиот бран на Арсение Црноевиќ и се отселиле далеку на север во Панонската Низина. Од тие причини во текот на XVIII век градот опаднал така што патеписецот Божур наведува дека имал само 5-6.000 жители. Во XIX век Скопје започнал повторно да се развива. Веќе во средината на тој век станал голем трговски центар, а Хан забележал дека броел 20.800 жители.

Меѓу двете светски војни Скопје бил административен центар на тогашната Вардарска бановина. Од бугарската и германската окупација бил ослободен во 1944 година. Во него била прогласена првата народна влада на Федерална Македонија и Скопје постанува нејзин главен град. Во 1963 година градот ја доживеал последната катастрофа. На 26 јули го погодил силен земјотрес кој уништил 80% од станбениот фонд и загинале 1070 жители. Благодарение на самопрегорноста на своите жители и несебичната помош од цела Југославија како и од ООН и 87 земји од светот тоа било брзо обновено.

*Бројно движење на населението во Скопје по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 31 900 | 40 660 | 68 334 | 89 953 | 124 476 | 197 341 | 312 980 | 408 143 | 444 299 | 467 257 |

Во текот на XX век населението во Скопје со мали прекини скоро е во постојан пораст. Така во 1900 година во него живееле 31.900 жители, во 1953 година 124.476 жители, а во 2002 година 467.257 жители. Покрај Македонците, чии број според последниот попис изнесува 332.778 жители, во Скопје живеат и претставници на повеќе етнички заедници. Најголем број од нив 71.483 жители се од албанската етничка заедница, потоа следуваат Роми (23.202 жите-

ли), па Србите 14.251 жители, Турци 8.549 жители, Бошњаци 6.465 жители, Власи 2.546 жители и како останати се декларирале 7.983 жители. Градот административно-територијално е поделен на 10 општини кои зафаќаат вкупна површина од 57.146 ha, со 52 населени места во кои живеат 506.962 жители.

Скопје поради својата погодна географска положба, бурно историско минато и голема населеност денес претставува најразвиен стопански, културно-просветен и политички центар во Република Македонија. Во него е сконцентрирана повеќе од една третина од индустријата во Републиката. Тука од областа на црната металургија е Железарата, од областа на хемиската индустрија е „ОХИС" од областа на петрохемиската индустрија е рафинеријата за нафта „ОКТА", од областа на Фармацијата е „Алкалоид", од неметалната индустрија фабриката за цемент и др. Скопје е седиште на бројни политички, општествени, културно-просветни и здраствени институции како: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", МАНУ, повеќе музеи како: Музеј на Македонија, Археолошки, Етнолошки и Историски, Природнонаучен музеј, Музеј на град Скопје, Музеј на Старата скопска чаршија, Музеј на современата уметност, неколку уметнички галерии, театри и библиотеки. Од богатиот историско-урбан развиток на градот, а како сведоштво од културното минато, се сочувани низа значајни културно-историски споменици: античкиот град Скупи, Калето, Камениот мост, Аквадуктот, црквата Свети Спас, повеќе џамии, старата чаршија и бројни споменици од НОВ. Во околината на Скопје постојат исто така повеќе културно-историски споменици меѓу кои позначајни се: Св. Пантелејмон во село Нерези од 1164 година, Марков Манастир јужно од село Сушица, манастир Св. Никита кај село Бањани, манастир Св. Андреа на брегот на езерото Матка и др.

**БИТОЛА** се наоѓа во западниот дел на Македонија. Расположена е на преминот од источното подножје на планината Баба и Пелагониската Низина, од двете страни на река Драгор. Зафаќа површина од 2.245 ha. Низ градот поминуваат магистралниот пат Охрид-Битола-Прилеп (М-5) и железничката пруга која од Велес води преку Прилеп-Битола за Лерин и Солун во Грција.

Битола има умерено-континентална клима со просечна годишна температура од 11.4°C и просечна годишна количина на врнежи од 600 mm.

Името Битола доаѓа од старословенскиот збор „обитељ" што значи живеалиште или место со повеќе манастири. Како словенска населба за првпат се споменува во 1014 година, во времето на Самоиловото владеење, како седиште на епископија. По 1382/83 година Битола се развила во значаен стопански, културен и административен центар не само за Пелагонија, но и за поширокото подрачје. Во средината на XVII век станал и важен културен центар на европска Турција. Таа е седиште на Битолска нахија во која имало 150 населени места. Познатиот патеписец Евлија Челебија, Битола ја посетил во 1662 година и забележал: „градот има околу 3000 мали и големи куќи на приземје и кат, групирани во 21 маало, чаршија со 900 дуќани и безистен". Во 1805 година во Битола живееле околу 15.000 жители. Од стопанските гранки виден напредок доживеало занаетчиството. Во средината на XIX век бројот на занает-

чиските дуќани достигнал над 2.000 со околу 140 видови занаети, организирани во 70 еснафски организации. Виден придонес во развојот на Битола дале и дипломатските претставништва, конзулати на повеќе странски држави. Тоа довело Битола да стане „град на конзули” но и арена на странски пропаганди. Во периодот меѓу двете светски војни, Битола станала пограничен град. Ги изгубила гравитациските подрачја спрема Грција и Албанија. Сепак, во овој период градот за прв пат започнал плански да се гради и тоа според урбанистички планови.

Од 1948 година кога во Битола живееле 30.761 жители, во 1994 година тој бројот се зголемил на 77.464 жители. Меѓутоа во следните години населението започнало да се намалува, поради силен бран на иселување и тоа главно во прекуокеанските земји, така што во 2002 година во градот живееле 74.550 жители. Од нив 66.038 жители или 88.6% биле Македонци, 2.360 жители Албанци, 1.562 жители Турци, 2.577 жители Роми, 997 жители Власи, 499 жители Срби, 20 жители Бошњаци и 497 жители останати.

*Бројно движење на населението во Битола по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 37 000 | 28 420 | 33 024 | 30 761 | 37 564 | 49 001 | 65 035 | 78 507 | 77 464 | 74 550 |

Битола е седиште на општина која зафаќа површина од 78.795 ha, има 66 населени места со 95.385 жители.

Од индустриски објекти во градот постојат објекти од текстилната, металската, кожарската, прехранбената индустрија, електроиндустријата и др.

Битола после Скопје е најголем административно-политички, културно-образовен и здраствен центар во Република Македонија. Во неа и во минатото имало Конзулати, а денес 7 странски држави (Турција, Велика Британија, Франција, Грција, Словенија, Романија и Хрватска) имаат свои конзуларни претставништва.

Од областа на образованието, има 22 забавишта, 10 основни училишта и 7 училишта за средно образование. Во 1979 година во Битола бил основан Универзитетот „Св. Климент Охридски” кој денеска го сочинуваат 11 високообразовни наставно-научни институции од југозападниот дел на Република Македонија. Во градот постои Дом на културата, Матична и универзитетска библиотека, театар и кино, Историски архив, Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеј и галерија, Сеизмолошка станица, Зоолошка градина и повеќе здруженија со културно-уметничка и просветна функција. Доста е развиена мрежата на здравствени објекти. Во 1966 година бил формиран медицинскиот центар „Д-р Трифун Пановски” во кој денеска има 14 специјалистички одделенија, а постојат и повеќе приватни здравствени ординации и амбуланти.

Битола е богата со споменици од минатото како: античкиот град Хераклеа, црквата Св. Димитрија, Ајдар-Кадир џамија, Исак Челеби џамија, Безистенот и др.

**КУМАНОВО** се наоѓа во средишниот дел на Кумановско Поле (Жеглигово), од двете страни на Кумановска Река, на надморска висина од околу 330 метри. Зафаќа површина од 1.886 ha. Има умерено-континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 11,8°C и просечна годишна количина на врнежи од 543 mm.

Куманово претставува значаен сообраќаен јазол во северниот дел на Република Македонија. Преку него води меѓународниот пат Е-75 и меѓународната железничка пруга кои на север го поврзуваат со долината на Морава, а на југ со долината на Вардар. Современа сообраќајница води и кон исток и го поврзува Куманово со Крива Паланка и Софија, а таква сообраќајница постои и кон југоисток кон Свети Николе и Штип.

Како населба се споменува уште во XIV век. Името најверојатно потекнува од племето Кумани, дојдени од Кавказ (реката Кума), кон крајот на X век. Како градска населба Куманово почнало да се развива во XVII век. По описот на Евлија Челебија од 1660 година во него имало 600 куќи, џамија, текија, медреса, ан, амам и повеќе дуќани. За време на Австро-турската војна во 1689 година во него Карпош се прогласил за крал од Куманово. По крвавото задушување на востанието од страна на Турците бројот на населението во Куманово значително опаднал.

Се до крајот на XVIII век тоа имало претежно аграрна физиономија со околу 300 куќи. А. Буе во 1836 година забележал дека во Куманово живеат околу 3.000 жители, а било познато како богато сточно пазариште. Во развојот на градот значајно влијание имале изградбата на државното џаде Скопје-Куманово-Врање во седмата деценија од XIX век и посебно пуштањето во употреба на Моравско-Вардарската железница во 1888 година. Тогаш Куманово постанало значајно миграциско средиште. Во него се доселувале Грци од Јанина и Власи од Крушево, а еден кварт е наречен Велешки, бидејќи повеќе од семејствата овде биле дојдени од Велес. Во градот интензивно започнал да се развива занаетчиството и трговијата, така што во почетокот на XX век населението се наголемило на 14.530 жители. Од нив 7.700 биле Македонци, 5.800 Турци, 600 Албанци, 350 Цигани, 50 Власи и 30 Евреи. Во периодот меѓу двете светски војни Куманово многу не напреднало, во 1931 година неговото население броело 16.984 жители.

*Бројно движење на населението во Куманово по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 14 530 | 13 400 | 16 984 | 20 242 | 23 339 | 31 845 | 47 809 | 63 098 | 71 853 | 78 602 |

Градот забрзано почнува да се развива дури по годините од ослободувањето наваму. Во средината на минатиот век (1953 година) населението броело

23.339 жители, а во почетокот на 21 век (2002 година) изнесувало 78.602 жители. Од нив 49.198 жители биле Македонци, 18.825 жители Албанци, 5.394 жители Срби, 4.212 жители Роми, 256 жители Турци, 108 жители Власи и 609 жители се декларирале како останати.

Денес Куманово е општина која зафаќа површина од 50.948 ha, има 48 населени места со 105.484 жители. Градот спаѓа меѓу водечките стопански центри во Републиката. Најразвиена дејност е индустријата и тоа машинската, текстилната, кожарската и тутунската индустрија. Во пошироката околина на градот значително е развиено земјоделството. Во Куманово има Народен музеј, Меморијален музеј „Христијан Тодоровски Карпош", Уметничка галерија, Спомен костурница од НОВ, а во Кумановско се наоѓаат манастирот Матејче над с. Матејче, манастирот Крапино во близина на с. Орах, црквата Св. Ѓорѓи во с. Старо Нагоричане, споменикот на АСНОМ во с. Пелинце и др. Во градот има една факултетска институција, гимназија и две средни стручни училишта, потоа Здравствен дом, Дом на културата, Градска библиотека и други институции од областа на културата и спортот.

**ПРИЛЕП** е расположен во североисточниот дел на Пелагониската Котлина, на Прилепска Река, во подножјата на Мукос и Дрен Планина, на надморска висина помеѓу 620 и 680 метри. Зафаќа површина од 1.540 ha.
Има умерено-континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 11,2°C и просечна годишна количина на врнежи од 556 mm. Преку Прилеп поминуваат магистралниот пат М-5 и железничка пруга кои на југ го поврзуваат со Битола и на исток со Велес.

Се претпоставува дека Прилеп настанал од накогашното прифатилиште на патници Керамија што се наоѓало на местото Варош на важната комуникација Хераклеа-Стоби. При доселувањето во Македонија, Словените Прилеп го затекнале како градска населба, на која и го дале сегашното име, што етимолошки одговара на неговото местоположение (Прилеп - град прилепен за планинска страна). Во времето на Самоил, градот се споменува како утврдено место и негова престолнина. Во почетокот на XI век е забележен под името Прилепон. Во средниот век се јавува како значаен трговски центар и престолнина на кралот Волкашин и син му Крали Марко. По освојувањето на утврдениот град Турците ја поместиле населбата во рамничарскиот дел. Во XIX век Прилеп е познат по големиот панаѓур кој траел 25 дена, а градот имал 2.800 куќи, 1.100 дуќани, 26 анови, 10 џамии, 5 медреси и др. За време на Балканските војни во него живееле 22.000 жители. На 11 октомври 1941 година во Прилеп е кренато востанието против фашистичкиот окупатор. Во знак на сеќавање на осумте илјади борци и 15 народни херои од НОВ, во 1956 година е прогласен за град херој.

По ослободувањето брзо се развивил и популациски постојано расте. Во 2002 година во него живееле 69.704 жители и е четврт град по големина во Републиката.

*Бројно движење на населението во Прилеп по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 24 540 | 18 508 | 22 821 | 24 816 | 29 776 | 39 611 | 50 757 | 63 639 | 68 148 | 69 704 |

Најголем број од населението, односно 64.756 жители се Македонци, а од малцинствата најмногу се застапени Ромите 4.379 жители, Србите 162 жители и Турците со 123 жители.

Седиште е на општина која зафаќа површина од 119.444 ha и има 59 населени мета со 76.768 жители. Прилеп е познат како „град на тутунот“. Во неговата околина се произведува многу квалитетната ориентална сорта на тутун познат под името „Прилеп“. Во градот е подигната првата зграда за складирање на тутун во Македонија уште во 1873 година, а денеска има голема фабрика за цигари, потоа развиена текстилна, прехранбена, машинска и индустрија за преработка на неметали. Покрај гимназијата и средните стручни училишта има и економски факултет, Народен музеј, Меморијален музеј 11 „Октомври”, Музеј на НОБ, Музеј на тутун, Историски архив, Могила на непобедените, Алеја на народните херои и др. Секоја година во Прилеп се одржува Меѓународна ликовна колонија и театарски фестивал „Војдан Чернодрински”. Сочуваните културно-историски споменици и археолошки локалитети во Прилеп и неговата околина се доказ дека во минатото градот бил средиште на интензивен живот.

Прилеп е град на легендарниот јунак Крали Марко и на Марковото Кале од кое разрушените ѕидови гордо се издигаат над градот. Во подножјето на Калето е стариот град Варош во кој се сочувани црквите: Св. Никола, Св. Димитрие, Св. Атанасие, Св. Петар, Св. Богородица Причеста, а малку подалеку е манастирот Св. Архангел Михаил. Прилеп е роден град на Марко Цепенков, а во периодот на преродбата за Прилеп е поврзана просветната дејност на Димитар Миладинов, Јордан Константинов-Џинот и Григор Прличев.

**ТЕТОВО** се простира во Долни Полог, на допирот на Полошката рамнина и југоисточните падини на Шар Планина, од двете страни на река Пена, на надморска висина помеѓу 470 и 540 m. Зафаќа површина од 1.120 ha. Со соседните градови Скопје и Гостивар е поврзан со автопат и железничка линија.

Има умерено- континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 11,0°C и просечна годишна количина на врнежи од 470 mm.

Прв пат се споменува под името Хтетово во XIII век, кога во него постоел богатиот манастир Св. Богородица во чија чест се одржувал голем панаѓур. Во турско време бил именуван како Калканделе. Во XVI и XVII век Тетово е седиште на полошкиот владика, што значи дека имало развиена црковна функција. Во втората половина на XIX век во градот брзо се развиле занаетчиството и трговијата, а пријатната клима овозможила турските бегови во него да изградат повеќе сараи.

*Движење на населението во Тетово по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 19 200 | 15 119 | 16 359 | 17 132 | 20 209 | 25 357 | 35 745 | 46 523 | 50 344 | 52 915 |

Сепак, градот популациски и стопански најмногу напреднал од 1950 година наваму. Неговото население од 20.209 жители во 1953 година се зголемило на 52.915 жители во 2002 година. Од нив поголем дел или 28.897 жители се Албанци, 18.555 жители се Македонци, потоа следуваат Ромите со 2.352 жители, па Турците со 1.878 жители, Србите со 587 жители, Бошњаците со 156 жители и Власите со 13 жители.

Денес е седиште на општина која зафаќа површина од 26.189 ha, има 20 населени места со 86.580 жители. Градот претставува управен, стопански, културно-просветен и здравствен центар на Полог. Присутна е доста развиена текстилна индустрија и електрометалургија, потоа индустрија за неметали, дрвна и прехранбена индустрија. Има гимназија, средно медицинско училиште, два Универзитети, Дом на културата, Историски архив, Музеј и др.

- **СРЕДНО-ГОЛЕМИ ГРАДОВИ**

**ВЕЛЕС** се наоѓа во малата Велешка Котлина на двата брега на реката Вардар. Зафаќа површина од 1.100 ha и се протега на надморска височина од 155 до 270 метри.

Преку градот води магистралниот пат М-1, односно европскиот пат Е-75 кој на југ го поврзува со Гевгелија и Солун, а на север со Скопје. Велес е и железнички јазол во кој од вардарската пруга се одвојуваат пруги за Штип и Кочани кон исток и Прилеп и Битола кон запад.

Во Велес допира влијанието на изменета средоземноморска клима. Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13.3°C. Главен хидрографски објект е реката Вардар, а во околината езерото Младост.

Велес е стара населба. Прв пат под името Била Зора се споменува во 217 година пр.н.е. кога како град во Пеонија потпаднал под власта на македонскиот крал Филип Велики. Тогаш за македонската држава, градот кој лежел недалеку од вливот на реката Тополка во Вардар, имал големо стратегиско значење за одбрана на нејзините северни граници од Дарданците. Во средниот век веќе под името Велес се споменува во почетокот на XI век во една повелба на византискиот цар Василие II. За време на Душановото владеење Велес бил престолнина на деспот Јован Оливер.

Под Турците потпаднал во 1395 година. Тие му дале ново име Ќупурли или град на мостови. Во втората половина на XVII век поточно во 1689 година, Велес доживеал тешки денови, бил заземен од австриската војска која при повлекувањето го запалила. Од крајот на XVIII век па се до седумдесеттите години на XIX век брзо се развивал и станал значаен стопански, културен и

административен центар. Во втората половина на XIX век во градот живееле околу 20.000 жители и силно била развиена трговија со кожа, жито и вино. На широко бил познат велешкиот панаѓур на кој најмногу се тргувало со сахтијан. Во градот годишно се преработувале околу 400.000 парчиња кожа која главно се набавувала од Косово, а се извезувала во Будимпешта и Виена (Беч). Кога ослабнала трговијата со кожи, велешките трговци започнале да се занимаваат со трговија на жито. Таа се развила особено за време на Кримската војна (1853-1856 г.), кога цената на житото била многу висока. Во тој период Вардар станал пловна река по која житото од Велес со посебни сплавови наречени шајки, се пренесувало до Солун.

*Движење на населението во Велес по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 19 700 | 14 155 | 13 445 | 15 350 | 19 238 | 27 154 | 36 525 | 43 193 | 46 798 | 46 714 |

По изградбата на железничката пруга во 1873 година околу железничката станица започнал да се развива индустрискиот дел на Велес. Од 1900 до 1931 година неговото население било во опаѓање, а потоа започнало да расне. Тој пораст се задржал се до 1994 година, а потоа неговото население западнало во стагнација. Во 2002 година во Велес живееле 43.716 жители. Од нив 40.269 жители или 92.2% биле Македонци, 1.694 жители или 3.9 % Турци, 799 жители или 1.8% Роми, 340 жители или 0.8% Власи, 297 жители или 0.7% Срби, 91 жител или 0,2% Албанци, 36 жители Бошњаци и 190 жители се декларирале како останати.

Велес е седиште на општина која зафаќа површина од 42.745 ha, има 29 населени места со 55.108 жители. Поволната сообраќајна положба овозможила Велес во втората половина на минатиот век да се развие во значаен стопански и културно-просветен центар. Од индустриските објекти поважни се: текстилните фабрики „Нонча Камишова” и „Ветекс”, топилница за олово и цинк „Злетово”, фабриката за порцелан „Борис Кидрич”, фабриката за тули и керамиди „Киро Чучук”, фабриката за вештачки ѓубрива „Велес” во с. Згрополци, фабрика за крзно „Димко Митрев”, фабриката за металски приколки „Браќа Кошулчеви”, фабриката за поправка на вагони „Велес”, фабрика за масло „Благој Ѓорев”, фабриката за вар и др. Во периодот на транзиција најголем број од нив се затворени.

Меѓу позначајните културно-историски споменици се вбројуваат црквите Св. Димитрија и Св. Никола изградени во IX-от век, Саат кулата во центарот на градот, меморијалниот споменик од левата страна на Вардар во кој е сместен и музеј. Од Велес потекнува и еден од најголемите македонски поети од првата половина на XX век Коста Рацин. Неговата родна куќа е претворена во музеј. Велес е родното место на преродбеникот Јордан Хаџи Константинов Џинот, на Васил Главинов, на некои од Солунските атентатори (т. н. Гемиџии). Во градот има Гимназија, средно хемиско училиште, неколку основни учили-

шта, Дом на културата, театар, кино, музеј, локална радио станица, Сеизмолошка станица и Медицински центар со повеќе одделенија.

**ШТИП** е најголем град во источниот дел на Република Македонија. Се простира на ридест терен околу река Брегалница и повремениот водотек Отиња, на надморска висина помеѓу 260 и 320 метри. Зафаќа површина од 2.080 ha.

Со магистралниот пат М-5 на запад е поврзан со Велес и на исток со Кочани и Делчево, а со М-6 на југоисток со Радовиш и Струмица. Штип е железничка станица на пругата Велес-Кочани.

Има умерено-континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 12,8°C и 482 mm просечна годишна количина врнежи.

Се смета за еден од најстарите градови во Македонија. Бил формиран на местото на древниот римски град Астибус, кој за време на Византија се споменува под името Стипеон, по кое Штип го добил и денешното име. Како град тврдина под името Штип се наоѓал во составот на македонската држава на Цар Самоил. Турците го освоиле во 1395 година. За време на нивното владеење претставува важна населба на Серскиот пат, а во XVI и XVII век бил владичко седиште. Познатиот турски патеписец Евлија Челебија за Штип навел дека имал 2.240 куќи, 450 дуќани, голем безистен, караван сарај, 27 џамии и 7 ана, додека пак Францускиот конзул Божур забележил дека во 1800 година градот имал 3-4.000 жители.

*Движење на населението во Штип по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 20 900 | 11 173 | 11 895 | 11 361 | 13 845 | 20 269 | 27 224 | 36 230 | 41 730 | 43 652 |

Во XIX век, а посебно во неговата втора половина, градот стопански и популациски доста зајакнал и во 1900 година во него живееле 20.900 жители. За време на Балканските војни и Првата светска војна Штип се наоѓал во зоната на воени операции кои заедно со иселувањето на Турците негативно се одразиле врз развојот на градот, така што во 1931 година населението се намалило на 11.859 жители. Во периодот меѓу двете светски војни градот вршел улога на административен центар за Источна Македонија. И денес претставува главен крстопат и најголем град и индустриски центар во овој дел на Републиката. Населението од 43.652 жители, главно го сочинуваат Македонци 39.323 жители, а од малцинствата најбројни се Ромите 2.184 жители, потоа следуваат Власите 1.727 жители, Турците 877 жители и Србите со 272 жители.

Штип е седиште на општина која зафаќа површина од 58.324 ha, има 44 населени места со 47.796 жители. Од индустриските гранки во градот најзастапени се текстилната и индустријата за обувки, потоа металната и електроиндустријата. Во Штип има гимназија и три средни стручни училишта, Универзитет, Музеј, Завод за заштита на споменици на културата, Историски архив, Здравствен дом, а од културно-историските споменици: тврдината Исар со Мемори-

јален споменик на револуцијата, Безистен со уметничка галерија и црквите Св. Аранѓел, Св. Спас, Св. Јован, Св. Богородица и џамијата Хуса Медин-паша.

**ОХРИД** се наоѓа во југозападниот дел на Република Македонија. Расположен е покрај североисточниот брег на Охридското Езеро и на ридот Плаошник, на надморска висина помеѓу 696 и 797 m. Зафаќа површина од 1.230 ha.

Со Скопје преку Кичево, Гостивар и Тетово е поврзан со магистралниот пат М-4, со Велес преку Ресен, Битола и Прилеп со магистралниот пат М-5. Од градот спрема границата со Албанија водат две сообраќајници: една преку Струга и преминот Ќафа Сан и друга покрај источниот брег на Охридското Езеро и преминот Св. Наум. На северозапад од градот во Струшко Поле се наоѓа меѓународниот Охридски аеродром, кој го поврзува градот и Охридскиот регион со повеќе европски градови.

Има умерено-континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 11,2°C и просечна годишна количина на врнежи од 690 mm.

Охрид спаѓа во групата на најстари градови во Македонија. Уште во античко време овде постоела градска населба. Во III-от век пр.н.е. таа се споменува под името Лихнида. Сегашното име му го дале Словените, а значи „Во Хрид" или „Од Хрид". Во втората половина на IX век како резултат на мисионерската дејност на Климент и Наум Охридски, градот израснал во најразвиено културно-просветно и црковно средиште на Македонија. За време на владеењето на Цар Самоил Охрид бил негова престолнина и седиште на Охридската Архиепископија. Во XI век градот веќе бил комплексно оформен, така што се состоел од два територијално споени дела: тврдина која претставувала внатрешен град (акропол) и предградие, надворешен град.

*Движење на населението во Охрид по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 14860 | 9 587 | 9 754 | 11 169 | 12 640 | 16 492 | 26 369 | 39 093 | 41 146 | 42 033 |

Во почетокот на туското владеење и низ целиот XVI-ти век Охрид бил седиште на санџак и главен црковен центар. Забрзан развиток доживеал во средината на XIX век. А. Буе наведува дека тогаш градот имал 6.000 жители со 250 дуќани. Добро биле развиени кожарскиот и ќурчискиот занает, како и риболовот. По Балканските војни со иселувањето на Турците, населението се намалило, а градот и функционално ослабнал. Значаен просперитет Охрид доживеал во текот на втората половина од минатиот век. Неговото население од 12.640 жители во 1953 година се зголемило на 42.033 жители во 2002 година. Од нив Македонци биле 3.3791 жители, Албанци 2.959 жители, Турци 2.256 жители, Срби 331 жители, Власи 308 жители и Бошњаци 69 жители.

Седиште е на општина која зафаќа површина од 38.993 ha, има 29 населени места со 55.749 жители.

Денес Охрид претставува најразвиено и најатрактивно туристичко место во државата со повеќе модерни хотели, ресторани, автокампови и легла во

приватни домаќинства. Богатото природно и културно наследство овозможило во 1980 година, Охрид да биде прогласен за град на УНЕСКО. Охридското Езеро се смета за музеј на живи фосили. Културната стратиграфија на градот е извонредно богата со археолошки споменици како охридската крепост, античкиот театар, гробници, базилики и баптистериуми со раскошни мозаични ансамбли и декоративна камена пластика. Овде се наоѓаат и повеќе значајни културно-историски споменици како: црквата Св. Софија, катедралениот храм на Охридската архиепископија изграден и живоописан во првиите децении на XI-от век, потоа Св. Пантелејмон на Плаошник со гробот на Св. Климент, Св. Архангел со гробот на Св. Наум на јужниот брег на Охридското Езеро, црквите Св. Богородица Перивлепта (Св. Климент), Св. Јован Канео и др.

Во градот има развиено повеќе индустриски гранки како: металната, електротехничката, автомобилската, текстилната, индустријата за пластични маси и др.

Охрид е домаќин на Балканскиот фолклорен фестивал и на меѓународната манифестација Охридско Лето. Во Охрид постојат: Народен музеј, Музеј на словенската писменост, Музеј на икони, Дом на културата, Здравствен дом, гимназија, две средни технички училишта, Универзитет за информатички науки, Факултет за туризам и угостителство и др.

**ГОСТИВАР** лежи во котлинската рамнина на Горни Полог. Топографски се простира на левата страна на река Вардар на надморска височина од 550 метри. Зафаќа вкупна површина од 804 ha.

Со Скопје преку Тетово е поврзан со автопат кој како магистрален, понатаму продолжува за Кичево и Охрид. Од Гостивар преку Маврово и долината на Радика води регионален пат за Дебар и Струга. Гостивар е значајна станица на железничката линија Скопје-Кичево.

Климата во градот е умерено континентална. Средната годишна температура на воздухот изнесува 10.7°C. Главен хидрографски објект е реката Вардар и нејзиниот извор Вруток од каде градот се снабдува со вода.

Првите податоци за Гостивар укажуваат дека тој од почетокот бил селска населба која се формирала околу гостиварскиот манастир. Како таква се споменува во една повелба на Цар Душан од 1331-1340 година во која се наведува дека Гостивар е село на реката Велика (Вардар). Оттогаш, па се до XVII век за Гостивар малку се знае. Во наредните векови особено во XIX век Гостивар се развил како стопанско средиште на Горни Полог. Тогаш прераснал во гратче со мешана етничка структура. Населението го сочинувале Македонци, Турци, Албанци, Роми и мал број Власи.

*Движење на населението во Гостивар по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 3 735 | 4 701 | 5 952 | 10 224 | 12 402 | 15 966 | 24 012 | 35 279 | 35 600 | 38 917 |

Во осумдесетите години од XIX век Гостивар станал мидерлук и започнал да се развива како административно средиште. Таа функција му била зголемена во 1900 година кога од мидерлук бил претворен во кадилук. Во него постепено се населувале тетовски и велешки трговци, потоа призренски, кичевски и крушевски занаетчии кои ја формирале гостиварската чаршија. Покрај Беговската и Чинар Маалата, формирани се Каурското Маало, Батак Маалото, Дебар Маалото и Новото Маало.

За последните 100 години населението во Гостивар е зголемено скоро за десет пати. Како и порано, така и денеска тоа е со мешан етнички состав. Во 2002 година бројот на Македонците изнесувал 11.885 жители или тие учествуваат со 33.2%. Од малцинствата најзастапени се Албанците чиј број изнесува 16.890 жители или 47.1%, по нив следуваат Турците со 4.559 жители или 12.7% потоа Ромите со 1.899 жители или 5.3%, Србите со 146 жители или 0.4%, Бошњаците со 34 жители, Власите со 15 жители и останати 419 жители.

Денеска Гостивар е административен и стопански центар на Горни Полог. Седиште е на општина која зафаќа површина од 51.331 ha, има 35 населени места со 81.042 жители. Од индустриските објекти во градот поважни се: „Силика"-фабрика за огноотпорни материјали, „Мермери"-рудници и индустрија за украсен камен, „Готекс"-текстилна фабрика, индустриска кланица „Горни Полог" и др. Во околината на Гостивар се хидроцентралите „Вруток" и „Равен". Во градот има три средни училишта, Работнички универзитет, библиотека, кино и Здравствен дом.

**СТРУМИЦА** е град во југоисточниот дел на Република Македонија. Се наоѓа во југоисточното подножје на планината Смрдеш, под тврдината Цареви Кули на надморска висина помеѓу 225 и 300 m. Зафаќа површина од 896 ha.

Со магистралниот пат М-6 на запад е поврзана со Радовиш и Штип, а на исток со Петрич во Бугарија, додека регионален пат на север води до Берово и на југ до Валандово.

Има умерено- континентална клима со одредено медитеранско влијание. Просечната годишна температура на воздухот изнесува 12,9°C, а просечната годишна количина на врнежи 583 mm.

Струмица е стар град кој во античко време се споменува под името Астраеум. Во I век во градот престојувал римскиот император Тибериј и по него извесно време се вика Тибериополис. Во Струмица се наоѓа гробот на неговата керка Струма по која, подоцна, Словените им го дале денешното име. На сегашното место е обновена за време на Самоил, во почетокот на XI век. Во околината на Струмица во 1014 година се одиграла познатата битка помеѓу војските на цар Самоил и византискиот цар Василиј II, во која Самоиловата војска претрпела тежок пораз, биле ослепени 14.000 војници, а на секој стоти му било оставено по едно око за да ги води ослепените. Местото каде е извршен тој геноцид народот го одбележил со името Водоча. Поради поволната геополитичка положба во средниот век градот имал стратешко значење. Во периодот на турското владеење, особено во XVIII и XIX век Струмица, бидејќи

лежела на познатиот и доста прометен Серски пат, прераснала во стопанско средиште. Во неа секоја година во месец август се одржувал прочуениот петнаесетдневен панаѓур. При крајот на XIX век градот имал 10.160 жители.

*Движење на населението во Струмица по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 10 160 | 5 866 | 8 815 | 10 866 | 12 149 | 15 949 | 23 034 | 29 263 | 34 067 | 35 311 |

Меѓу двете светски војни, како погранично место, Струмица ги изгубила поранешните функции и во 1921 година овде живееле само 5.866 жители. Стопански и популациски започнала брзо да се развива дури во втората половина на минатиот век. Денеска најголем дел од населението во неа се Македонци 32.075 жители, а од малцинствата Турците 2.642 жители, потоа мал број има Срби 157 жители и Роми 130 жители.

Седиште е на општина која зафаќа површина од 32.149 ha, има 25 населени места со 54.670 жители. Градот преставува стопански, културно-просветен и управен центар на Струмичката котлина. Има развиена текстилна, керамичка, метална, дрвна и прехранбена индустрија.

Во Струмица постои гимназија, Виша земјоделска школа, Дом на културата, Народен театар, Народен музеј, Меморијален музеј „Благој Јанков-Мучето”, библиотека, Здраствен дом, а од од културно-историските споменици значајни се Царските кули над градот, Струмин Гроб и манастирите „Водоча” и „Вељуса” (XI век). Кај с. Банско е откриена една од најстарите римски бањи во Македонија и модерно уредена бања Банско.

**КАВАДАРЦИ** е расположено од двете страни на Ваташка Река во Тиквешката област на надморска висина од 270 m. Зафака површина од 866 ha. Преку Неготино е поврзано со автопатот Е-75, а до градот води и индустриски колосек како крак од меѓународната железничка линија Скопје-Атина.

Има изменета медитеранска клима со просечна годишна температура на воздухот од 13,6°C и просечна годишна количина на врнежи од 476 mm.

Како населба е формирана во втората половина на XVII век, а брз развој доживеал по изградбата на Вардарската железница, кога засилено се развила трговијата со вино и афион. Во почетокот била именувана како Велехан, а потоа го добила името Кавадарци.

Меѓу двете светски војни Кавадарци имало аграрно-занаетчиска функција. Во 1931 година во градот живееле 5.504 жители. Неговото население особено се зголемува од 1950 година па наваму. Во 1953 година во Кавадарци живееле 9.540 жители, а во 2002 година тој број се наголемил на 34.252 жители. Од нив Македонци биле 33.125 жители, додека од малцинствата најбројни биле Ромите со 606 жители, потоа Србите 184 жители и Турците 164 жители.

*Движење на населението во Кавадарци по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 1 808 | 5 522 | 5 504 | 7 990 | 9 540 | 13 688 | 21 047 | 28 359 | 32 773 | 34 252 |

Кавадарци денес е општина и центар на најпознатиот македонски лозарски реон-Тиквешкиот. Општината зафаќа површина од 99.244 ha, има 40 населени места со 38.741 жители. Покрај лозарството значително е застапено и одгледувањето на тутун. Во Кавадарци има голема винарска визба, комбинат за преработка на дрво, металургиски комбинат за фероникел, претпријатие за преработка на тутун, фабрика за бижутерија и др.

Кавадарци е културно-просветен и здравствен центар на Тиквешијата. Во него работат неколку основни и две средни школи, потоа има Дом на културата и Медицински центар. Кај с. Возарци на Црна Река, во 1968 година е изградена вештачка акумулација и хидроелектрана.

**КОЧАНИ** лежи од двете страни на Кочанска Река во просторот каде таа ја напушта планината Осогово и навлегува во Кочанската Котлина, на надморска висина од околу 350 метри.

Преку Кочани води магистралниот пат М-5 кој на запад го поврзува со Штип и Велес, а на исток со Делчево. Од Велес преку Штип до Кочани води железничка линија. Градот зафаќа површина од 770 ha.

Има умерено континентална клима со одредено медитеранско влијание. Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13°C, а просечната годишна сума на врнежи 522 mm.

Градот прв пат се споменува во една повелба на деспот Оливер во 1337 година. За него малку се знае од првите векови на турското владеење. Според Евлија Челебија, во втората половина на XVII век преставувал касаба со 600 куќи, имал џамија, ан и околу 15 дуќани. Кон крајот на XIX век градот станал познато пазариште на ориз и афион. Во него се населиле доста Турци од Мала Азија и прераснал во македонско-турска населба. Турците живееле во северниот, а Македонците во јужниот дел на градот. Одреден развој градот доживеал по изградбата на железничката пруга во 1926 година кога прераснува во главна собирна станица за овој дел на Источна Македонија.

*Движење на населението во Кочани по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 5 950 | 4 105 | 5 411 | 6 657 | 8 034 | 11 009 | 17 257 | 23 391 | 26 364 | 28 330 |

Кочани започнало брзо да се развива во втората половина на минатиот век. Во 1953 година во него живееле 8.034 жители, а во 2002 година тој број се зголемил на 28.330 жители. Од нив 25.730 жители биле Македонци, 1.951 жители Роми, 315 жители Турци, 193 жители Власи, 63 жители Срби и др.

Денес е седиште на општина која зафаќа површина од 36.036 ha, има 28 населени места со 38.092 жители.

Главна стопанска гранка е индустријата и тоа: прехранбената, автомобилската, дрвната, целулозно-хартиената и текстилната. Во градот има три основни и две средни школи, постои Дом на културата, кино, Градска библиотека и Здравствен дом. Од културно-историски споменици има сочувано две феудални кули од XVI и XVII век и споменик на ридот Локубија, подигнат во чест на жртвите во Илинденското востание и во НОВ.

Во с. Кучичино има фабрика за тули и кереамиди, а во с. Спанчево рудник за опалска бреча. Кочанската Котлина е позната по производство на ориз.

**КИЧЕВО** се наоѓа во јужниот дел на Кичевската Котлина, околу Калето, на составот на Зајашка и Тујнска Река, на надморска висина од околу 620 метри. Преку него поминува магистрален пат кој на север го поврзува со Гостивар, а на југ со Охрид. Со регионален пат на запад преку Јама е поврзан со Дебар и на исток по долината на Треска со Македонски Брод. Од Скопје преку Тетово и Гостивар до Кичево води и железничка линија. Градот зафаќа површина од 906 ha.

Има изменето континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 10,7°C и просечна годишна сума на врнежи од 762 mm.

*Движење на населението во Кичево по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 4 844 | 4 729 | 6 328 | 7 280 | 9 567 | 10 324 | 15 393 | 23 477 | 25 129 | 27 067 |

Прв пат под името Кицавис се споменува во 1018 година како населба во Охридската архиепископија. Се развил околу тврдина на која има остатоци од предсловенскиот период. Кичево доста напреднало во XVIII век кога станало седиште на каза. На почетокот на XX век населението нараснало на 4.844 жители. Меѓутоа, по Балканските војни, со иселувањето на Турците овде останале да живеат само околу 1.000 жители. Градот брзо се развил во втората половина на минатиот век, кога од 9.567 жители во 1953 година бројот на населението се наголемил на 27.067 жители во 2002 година. Од нив 15.031 жители се Македонци, 7.641 жители Албанци, 2.406 жители Турци, 1.329 жители се Роми и мал број на Власи и Срби.

Денес е седиште на општина која зафаќа површина од 4.914 ha, има 7 населени места со 30.138 жители. Главна стопанска гранка во градот е индустријата. Присутни се металната, електротехничката, дрвната, керамичката и текстилната индустрија. Во градот има Гимназија, Дом на културата, Музеј и Здравствен дом. Во с. Вранештица има фабрика за тули и керамиди, во с. Осломеј рудник за јаглен и термоцентрала, во с. Тајмиште рудник за железна руда, а во с. Цер рудник за мермер.

**СТРУГА** лежи покрај северниот брег на Охридското Езеро, на местото каде Црни Дрим истекува од езерото и на рамничарскиот дел од Струшко Поле, на надморска висина од 696 m. Зафаќа површина од 510 ha.

Магистралниот пат М-4 го поврзува градот преку Кичево и Гостивар со Скопје, а магистралниот пат М-5 со Охрид и Битола. На 7 km од градот се наоѓа Охридскиот аеродром.

Климата е умерено-континентална со просечна годишна температура на воздухот од 10,9°C и просечна годишна количина на врнежи од 812 mm.

Струга е стара рибарска населба од античко време. Првобитното име и е Енхалон што во превод значи јагула. Словените ја преименувале во Струга што значи ловиште или доаѓа од зборот „страга” што значи „премин”. Под името Струга за прв пат се споменува во едни византиски споменици од XI век. Тогаш била посетена од патеписецот Ана Комнена која населбата ја нарекла „Град на 100 мостови”, затоа што во времето на Цар Самуил било регулирано коритото на Црни Дрим, а за премин биле изградени повеќе мостови. За време на турското владеење била позната како пазариште за жито од каде тоа се извезувало за Албанија. Низа години во месноста Панаѓуриште во Струга два пати годишно се одржувал познатиот струшки панаѓур.

*Движење на населението во Струга по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 4 570 | 3 470 | 3 587 | 4 923 | 4 996 | 6 857 | 11 475 | 14 743 | 16 037 | 16 559 |

Меѓу двете светски војни како погранично место ги изгубила поранешните функции и во 1931 година во неа живееле 3.587 жители. Градот почнал нешто побрзо да се развива во втората половина на минатиот век. Денес Струга, во која живеат 16.559 жители има мешан етнички состав на население. Најголем број се Македонци 8.901 жители, потоа следуваат Албанците со 5.293 жители, па Турците со 907 жители, Ромите 97 жители и Власите 92 жители.

Струга е седиште на општина која зафаќа површина од 48.300 ha, има 51 населено место со 63.376 жители. Во стопански поглед градот претставува значајно туристичко место со повеќе модерни хотели и ресторани. Присутни се текстилната, металната и прехранбената индустрија. Има гимназија, Здравствен дом, Природно-научен музеј и модерен Дом на културата во кој се одржува меѓународната манифестација Струшки вечери на поезијата.

Струга е родното место на браќата Димитар и Константин Миладиновци и на академскиот сликар Вангел Коџоман. Во чест на нив во градот постои Спомен дом на „Браќата Миладиновци” и ликовна галерија „Вангел Коџоман”.

**РАДОВИШ** се наоѓа во северозападниот дел на Струмичко-радовишката Котлина, од двете страни на Радовишка Река на надморска висина од околу 380 m. Низ него поминува магистрален пат кој на запад го поврзува со Штип, а на исток со Струмица. Зафаќа површина од 477 ha.

Има умерено-континентална клима со изменето медитеранско влијание. Просечната годишна температура на воздухот изнесува 12,3°C, а просечната годишна количина на врнежи 520 mm.

Радовиш за прв пат се споменува во една повелба на Василие II од 1018 година како населба во Струмичката епархија. За него малку има податоци од времето на турското владеење. Понапреднат градот станал во текот на XIX век кога имал околу 4.000 жители и развиена чаршија со 150 дуќани. Аграрно-занаетчиска функција тој имал и во перодот меѓу двете светски војни.

Денес во него живеат 16.223 жители (2002 година), од кои најголем број се Македонци (13.991 жители), додека од малцинствата најбројни се Турците (1.927 жители) и Ромите (181 жители).

*Движење на населението во Радовиш по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 6 230 | 3 617 | 3 912 | 4 678 | 5 255 | 6 248 | 9 639 | 12 199 | 15 068 | 16 223 |

Радовиш е седиште на општина која зафаќа површина од 49.748 ha, има 36 населени места со 28.244 жители. Дел од населението се занимава со земјоделство и тоа особено одгледување на тутун, а дел се вработени во индустријата: текстилната и фармацевтската, како и во рударството во рудникот за бакарна руда Бучим. Во градот има гимназија и здравствен дом, а најмаркантен објект е црквата Св. Троица изградена во 2003 година.

**ГЕВГЕЛИЈА** се простира од десната страна на рекатa Вардар во рамничарскиот дел на истомената котлина, од двете страни на Коњска Река. Непосредно покрај градот од источната страна поминува Европскиот пат Е-75. Во ист правец води и железничката линија. Градот лежи на надморска височина од 60 m и зафаќа површина од 705 ha.

Има изменето средоземноморска клима со просечната годишна температура на воздухот од 14.2°C. На 4 km од градот, во с. Негорци се наоѓа Негорска Бања.

Денешниот град се развил од мала населба во втората половина на XIX век. Во 1863 година во населбата имало само околу 60 куќи. Името доаѓа од зборот ѕевгар-два вола или зевгелија-ораница. Нејзиниот брз развој започнал по изградбата на железничката пруга Солун-Скопје во 1873 година. Во 1886 година постанала каза и е прогласена за град. Во 1894 година во Гевгелија е изградена една од првите текстилни фабрики во Македонија, таа била фабрика за свила позната под името филатура. Располагала со 60 легени за точење свила и два казани за кожурци, а во неа работеле 180 работници. Свиларството било главно занимање на населението.

Кон крајот на XIX век Гевгелија имала околу 4.400 жители, од кои 3.000 жители биле Македонци, 1.200 Турци и Черкези и нешто малку Власи и Евреи. За време на Првата светска војна заради воените пустошења, а и во периодот

меѓу двете светски војни како погранично место, стопанството во градот опаднало и населението се намалило.

*Движење на населението во Гевгелија по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 4 175 | 2 878 | 3 514 | 4 967 | 5 777 | 7 327 | 9 414 | 12 359 | 14 974 | 15 685 |

Во 1921 година во Гевгелија живееле само 2.878 жители. Позабрзан развој градот доживеал од 1948 година наваму. Во 2002 година Гевгелија има 15.685 жители. Од нив 15.060 жители или 96% се Македонци. Меѓу малцинствата најзастапени со 292 жители или 1.9% се Србите, потоа следуваат Власите чиј број изнесува 201 жители или 1.3%, Турците 28 жители и Ромите со 12 жители.

Гевгелија е седиште на општина која зафаќа површина од 48.343 ha, има 17 населени места со 22.988 жители. Изградените хидросистеми овозможиле експанзивен развој на градинарството и лозарството. Од индустриските објекти во градот постои фабрика за конзервирање со ладилник „Зора", повеќе мали конфекциски фабрики, фабрика за високо фрекфентна керамика, винарска визба со капацитет за преработка на 8.000 тони грозје, живинарска фарма и други помали индустриски капацитети. Во Гевгелија има гимназија, Работнички универзитет, Народен музеј со етнолошки, историски и археолошки оддел. Во непосредна близина на градот од левата страна на Вардар, на Вардарски Рид е откриена стара македонска населба која постоела пред, во времето и по владеењето на Александар Македонски.

**КРИВА ПАЛАНКА** се наоѓа во североисточниот дел на Република Македонија. Лежи во крајниот источен дел на Славишката Котлина, од двете страни на Крива Река, на надморска висина од околу 620 m. Зафаќа површина од 400 ha. Има умерено континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 10,1°C и просечна годишна количина на врнежи од 633 mm.

Крива Паланка е основана од страна на везирот Бајрам-паша во 1633 година како тврдина на патот Скопје-Софија. Името го добила по Крива Река и во почетокот се викала Криворечка Паланка или на турски Егри Дере Паланка. По описот на Евлија Челебија од 1660 година градот се состоел од тврдина во која имало 50 куќи, магацин и џамија и предградие со 800 куќи, повеќе дуќани, караван сарај, три џамии и амам. Во XVII и XVIII век позната е како рударско место во кое се добивало мошне квалитетно железо и бил развиен ковачкиот занает. Кога ја посетил Ами Буе во 1836 година во неа имало неколку топилници за железна руда и самокови. По ослободувањето на Бугарија дел од Македонците од Крива Паланка се отселиле во Бугарија, а на нивно место се населиле Турци избеглици од Бугарија. Меѓутоа, по Балканските војни тие нагло се иселиле за Турција така што во 1921 година во Крива Паланка имало само 2.149 жители. Територијално и урбано градот доста е проширен во годините по Втората светска војна.

*Движење на населението во Крива Паланка по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 4 340 | 2 149 | 1 902 | 1 967 | 2 539 | 2 846 | 4 955 | 8 793 | 11 166 | 14 558 |

Во 2002 година во градот живееле 14.558 жители. Најголем дел од населението (95%) се Македонци, а од малцинствата единствено побројно се застапени Ромите (668 жители) и Србите (88 жители).

Крива Паланка е седиште на општина со површина од 48.081 ha, има 34 населени места со 20.820 жители. Населението главно е вработено во рударството и индустријата. Постои рудник за оловна и цинкова руда „Тораница", текстилна фабрика, Гимназија и Здравствен дом. Во непосредна близина на градот во месноста Сарандопор се наоѓа манастирот Св. Јоаким Осоговски.

**ДЕБАР** лежи во Дебарската Котлина, југозападно од планината Дешат на надморска висина од 700 m. Зафаќа површина од 360 ha.

Климата е изменето континентална со просечна годишна температура на воздухот од 11,8°C и просечна годишна количина на врнежи од 890 mm. Во близина на градот се наоѓаат бањите Бањиште и Косоврашка Бања и вештачкото езеро Шпиље, а во југоисточното подножје на Дешат е рудникот за гипс.

*Движење на населението во Дебар по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 15 500 | 7 125 | 7 198 | 4 698 | 5 520 | 6 323 | 8 823 | 12 454 | 13 340 | 14 561 |

Дебар како населба постоел уште за време на Римјаните под име Деборуса. За прв пат се споменува во една повелба на Василие II. Во средниот век бил значаен центар во Западна Македонија. Во првата половина на XIX век броел 4.200 жители, во 1900 година тој број се зголемил на 15.500 жители. Денеска етничката структура во градот е доста изменета. Така од 14.561 жители во 2002 година, Македоци се 1.059 жители, Албанци 10.768 жители, Турци 1.415 жители, Роми 1.079 жители и останати 245 жители.

Дебар е општина која зафаќа површина од 14.567 ha, има 18 населени места со 19.542 жители. Најголем број од населението е вработено во текстилната индустрија, потоа во рударството и во земјоделството. Во градот има Гимназија, Здравствен дом, Дом на културата, Сеизмолошка станица и други установи.

**СВЕТИ НИКОЛЕ** се наоѓа во средишниот дел на Овче Поле, од двете страни на Светиниколска Река на надморска височина од околу 275 метри. Зафаќа површина од 430 ha. Со регионален пат на север е поврзан со Куманово, а преку магистрален пат на југозапад со Велес и на исток со Штип. Има умерено-континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 12,5°C и просечна годишна количина на врнежи од 472 mm.

Свети Николе е стара населба која во почетокот се викала Клисали, а подоцна станала метох на црквата Св. Никола според која го носи и денешното

име. Статус на гратче добило во XIX век. Помеѓу двете светски војни имало аграрно-занаетчиска функција. Популациски започнал да расте по Втората светска војна. Во 2002 година во него живееле 13.746 жители. Населението главно го сочинуваат Македонци 13.367 жители, а од малцинствата има Власи 149 жители, Турци 80 жители и Роми 72 жители.

*Движење на населението во Свети Николе по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 1 910 | 2 340 | 2 734 | 3 468 | 3 621 | 4 330 | 7 438 | 10 841 | 13 292 | 13 746 |

Свети Николе е седиште на општина која зафаќа површина од 48.289 ha, има 33 населени места со 18.497 жители. Застапени се прехранбената, текстилната и хемиската индустрија. Во градот има гимназија, средно земјоделско училиште и здравствен дом.

**НЕГОТИНО** е град во средишниот дел на Република Македонија. Се наоѓа во Тиквешката Котлина, во непосредна близина на реката Вардар, на надморска висина од околу 150 m. Зафаќа површина од 360 ha. Има умерено-континентална клима со одредено медитеранско влијание. Просечната годишна температура на воздухот изнесува 13,6°C, а средната годишна количина на врнежи 477 mm.

Источно од градот поминува меѓународниот пат Е-75 и меѓународната железничка линија Скопје-Солун. На местото на денешниот град во античкиот период се наоѓал градот Антигона, која ја основал македонскиот крал Антигон Гонат (278-242 г.пр.н.е.). Како градска населба Неготино се развило од чифлигарско место во почетокот на XIX век, кога по изградбата на патот Штип-Прилеп, станало значајна раскрсница на патишта во долината на Вардар. Кон крајот на овој век населбата добила и неделен пазар со што и официјално станала град.

*Движење на населението во Неготино по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 2 395 | 2 118 | 2 349 | 2 683 | 2 820 | 4 086 | 7 139 | 10 295 | 12 516 | 13 284 |

Демографски пораст доживеал во втората половина на XX век. Во 1953 година имало 2.820 жители, а во 2002 година тој број се зголемил на 13.284 жители. Од нив 12.994 жители биле Македонци, 117 жители Срби, 74 жители Роми и 46 жители Турци.

Седиште е на општина која зафаќа површина од 42.646 ha, има 19 населени места со 19.212 жители. Во околината има развиено лозарство, а во градот прехранбена, текстилна и електро индустрија. Југоисточно од Неготино покрај реката Вардар постои термоелектрана. Во градот има Гимназија, Историски музеј, Дом на културата и Здравствен дом.

**ДЕЛЧЕВО** се наоѓа во Пијанечката Котлина. Лежи од двете страни на реката Брегалница, на надморска висина од 580 метри. Зафаќа површина од 350 ha. Има умерено-континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 10,5°C и просечна годишна сума на врнежи од 515 mm.

Под името Царево Село прв пат се споменува во една повелба на Цар Душан од 1347 година, а сегашното име го добило во 1951 година во чест на Гоце Делчев. Делчево како центар на областа Пијанец особено се развило во втората половина на минатиот век. Така додека во 1953 година во него живееле 5.520 жители, денеска тој број е зголемен на 11.500 жители. Од нив Македонци биле 10.761 жители, Роми 564 жители и Турци 97 жители.

*Движење на населението во Делчево по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 1 610 | 1 926 | 2 387 | 3 173 | 3 033 | 3 147 | 5 104 | 8 041 | 10 554 | 11 500 |

Делчево е седиште на општина која зафаќа површина од 42.239 ha, има 22 населени места со 17.205 жители. Главна стопанска гранка во градот е текстилната индустрија. Во Пијанец се откриени значајни резерви на јаглен од типот лигнит, но тие сеуште не се експлоатираат.

**ВИНИЦА** лежи на контактот помеѓу котлинската рамнина на Кочанската Котлина од север и северните падини на планината Плачковица од југ, од двте страни на Виничка и Градечка Река. Преку Виница поминува регионалниот пат Кочани-Берово. Градот зафаќа вкупна површина од 335 ha. Има умерено-континентална клима со одредено медитеранско влијание. Просечната годишна температура на воздухот изнесува 12.9°C.

На просторот на денешна Виница постоела населба уште во доцно античко време. Потврда за тоа е Виничкото Кале на кое се откриени Теракотни икони (1985 година), кои спаѓаат во рангот на најексклузивните дела од областа на ранохристијанската уметност во Македонија. Како поголема селска населба се развила во XIX век кога била формирана чаршијата и кога станала трговски и пазарен центар за селата од левата страна на Брегалница. Богатиот сточен пазар и одржувањето на два панаѓури годишно овозможило во населбата да постојат покрај повеќето трговски и занаетчиски дуќани и 10 анови. Како резултат на економскиот подем во 1858 година во Виница била изградена голема и убава црква посветена на Св. Арахангел Михаил. Сепак, населението во градот се до крајот на Втората светска војна стагнирало. Потоа почнало да се наголемува, а најголем пораст забележало во периодот по 1971 година кога населбата била прогласена за град. Од 10.863 жители во 2002 година, Македонци биле 9.246 жители или 85.1%, Турци 256 или 2.4%, Роми 1.209 или 11.1%, Власи 111 или 1.0%, Срби 20 и останати 21 жители.

*Движење на населението во Виница по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | - | - | - | 2568 | 3042 | 4048 | 5993 | 8494 | 9971 | 10863 |

Виница е седиште на општина која зафаќа површина од 43.267 ha, има 16 населени места со 19.938 жители. Во градот се присутни керамичката, металната, текстилната, прехранбената и дрвната индустрија. Дел од населението се занимава со одгледување на тутун и ориз, а голем број се заминати и на привремена работа во странство. Во Виница има гимназија, работнички универзитет и здравствен дом.

**ПРОБИШТИП** се наоѓа во западното подножје на Осоговските Планини, на надморска висина од околу 560 m. Зафаќа површина од 486 ha. Има умерено-континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 11,6°C и просечна годишна количина на врнежи од 700 mm. Таа е млада рударско-индустриска населба, формирана благодарение на постоењето во околината на богати резерви на олово-цинкова руда.

Израдбата на населбата започнала во 1937 година кога овде била подигната електрична централа, флотација на олово-цинкова руда и неколку станбени згради за рударите. Градот брзо се развил во годините по ослободувањето. Во 1953 година имал само 2.397 жители, а во 2002 година 10.806 жители. Скоро целокупното население (10.693 жители) се Македонци, а од малцинствата има Срби (83 жители) и Роми (35 жители).

*Движење на населението во Пробиштип по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | - | - | - | - | 2 397 | 2 970 | 4 807 | 7 116 | 10 201 | 10 816 |

Пробиштип е седиште на општина која зафаќа површина од 32.557 ha, има 36 населени места со 16.193 жители. Во близина на градот постои рудник за олово-цинкова руда. Освен флотацијата во градот има и фабрика за акумулатори и текстилна фабрика, потоа гимназија и здравствен дом.

**РЕСЕН** лежи во северниот дел на Преспанската Котлина, од двете страни на Голема Река, на надморска висина од околу 880 m. Зафаќа површина од 402 ha. Низ Ресен поминува магистрален пат кој на запад го поврзува со Охрид, а на исток со Битола. Има умерено континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 9,6°C и просечна годишна количина на врнежи од 717 mm.

Настанала од патна станица на римскиот пат Виа Игнација позната под името Скитријана. Прв пат се споменува во 1337 година во една повелба на Цар Душан. Како градска населба Ресен била формирана во текот на XIX век.

Во 2002 година во градот живееле 8.748 жители. Населението главно го сочинуваат Македонци 6.431 жители, а од малцинствата најбројни се Турците 1.369 жители, следуваат Албанците со 325 жители и Ромите со 169 жители.

*Движење на населението во Ресен по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 4 450 | 3 731 | 4 443 | 4 737 | 5 204 | 5 825 | 7 142 | 8 287 | 8 684 | 8 748 |

Денес е општина која зафаќа површина од 55.077 ha, има 44 населени места со 16.825 жители. Претставува административен и стопански центар на цела Преспанска Котлина. Вработеноста е најголема во овоштарството и тоа одгледувањето на јаболки, потоа во прехранбената и текстилната индустрија и во фабриката за грејни тела. Од 1971 година наваму секоја година традиционално во Ресен се одржува Ресенската керамичка колонија. Во градот има гимназија и здравствен дом, а највпечатлив објект е Сарајот изграден во почетокот на XX век.

## - МАЛИ ГРАДОВИ

**БЕРОВО** се наоѓа во Малешевската Котлина на крајните северни огранoци на Малешевските Планини од двете страни на река Брегалница. Зафаќа површина од 224 ha. Има умерено-континентална клима. Како населба почнала да се формира во средината на XVII век кога жителите од околните села во Малеш почнале да се „берат” во караванската станица по што таа го добила и името Берово.

Од 1900 до 1931 година населението во Берово стагнирало, потоа од 1948 година наваму бележи благ пораст и во 2002 година во градот живееле 7.002 жители. Од нив 6.404 жители или 91.5% биле Македонци, 459 жители или 6.5% Роми, 91 жители или 1.3% Турци, Срби 14 жители, Власи 6 жители, Бошњаци 3 жители и останати 25 жители.

*Движење на населението во Берово по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 2 940 | 2 507 | 2 918 | 3 619 | 4 176 | 4 288 | 5 092 | 6 058 | 6 752 | 7 002 |

Берово е седиште на општина која зафаќа површина од 59.807 ha, има 9 населени места со 13.941 жители. Од индустриските објекти во градот поважни се: фабриката за памучни ткаенини „Малешевка”, дрвниот комбинат „Огражден” и рудникот за јаглен „Ратевски Ширини”. Берово е центар на развиено овоштарство посебно одгледување на сливи.

Градот со околината располага со поволни услови за развој на туризмот. Тоа особено се однесува за климатските, хидрографските и пејсажните погодности. Познати се туристичките локалитети: Абланица, Лаките, Бреза, Ратевско Езеро и др. На брегот на Ратевско Езеро изграден е центар за одмор и рекреација „Малешево”, а во градот хотел „Македонија”. Во Берово се наоѓа манастирот Св. Архангел Михаил, со црква изградена во 1818 година. Ставен е под

заштита на законот и во него е сместен музеј. Во Берово има Гимназија, Библиотека, Дом за народно здравје.

**КРАТОВО** е град во североисточниот дел на Република Македонија. Лежи на западните падини на Осоговските Планини од двете страни на Кратовска Река, на дното на изгаснат вулкански кратер, по кој го добило и името, на надморска висина од околу 700 m. Зафаќа површина од 220 ha. Има умерено континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 11,6°C и просечна сума на врнежи од 700 mm.

Се смета за една од најстарите градски населби во Македонија. Под името Кратискара се споменува уште во римско време, а под името Коритос за време на Византија. Во средниот век бил значаен рударски и трговски центар во кој Дубровчаните имале своја трговска колонија. Покрај месното население и Дубровчаните во Кратово имало и Саси кои се занимавале со рударство. Од кратовските рудници се добивало олово, цинк, сребро, злато, бакар и железо. Престојот на Сасите го потврдуваат топографските имиња кои и денеска постојат како што е Шлегово, а за престојот на Дубровчаните (Латини) потокот Латишница. Интензивно рударење продолжило и за време на Турците. Во XVI и XVII век овде се ковале сребрени пари. По Австроунгарската војна од 1689-1690 година и Карпошовото востание, градот бил опустошен, а рударските окна затворени. Во почетокот на XIX век Злетово станало центар на рударството и во Кратово сосема престанала рударската дејност.

Кон крајот на XIX век во него живееле 4.500 жители од кои значаен број биле Турци. По 1912 година голем дел од Турците се иселиле, така што Кратово се претворило во мала градска населба која во 1931 година имала само 1.883 жители. И денеска тоа е мал град со 6.924 жители, во кој 97% од населението се Македонци. Од малцинствата има само Роми (151 жител).

*Движење на населението во Кратово по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 4 500 | 2 041 | 1 883 | 1 925 | 1 993 | 2 411 | 3 735 | 5 420 | 6 481 | 6 924 |

Кратово е седиште на општина која зафаќа површина од 37.544 ha, има 31 населено место со 10.441 жители. Населението главно е вработено во рударството и индустријата. Постои рудник за неметали, фабрика за брусеви, за пластични маси и текстилна фабрика. Има сочувано повеќе куќи со стара градска архитектура, атрактивни едносводни камени мостови и 6 средновековни кули. Во градот постои Гимназија, Уметничка галерија и Здравствен дом.

**КРУШЕВО** се наоѓа во западниот дел на Република Македонија. Сместен е на југоисточните падини на Бушева Планина, во изворишниот дел на Крушевска Река на надморска височина од 1250 m. Зафаќа површина од 180 ha. Има планинска клима со просечна годишна температура на воздухот од 8,5°C и просечна годишна количина на врнежи од 808 mm. Претставува највисока градска населба во Република Македонија.

Прв пат се споменува во 1468 година кога како мездра било дадено на спахијата Хусеин бег. Долго време била мала населба, на пример во 1670 година имало само 45 куќи. Дури при крајот на XVIII век со доселувањето на Власите, прераснало во градска населба. Првите влашки доселеници кои главно биле занаетчии и трговци, дошле од Москополе и неговата околина во периодот од 1769 до 1788 година и го основале Влашкото Маало. Во почетокот на XIX век во периодот од 1812 до 1821 година се доселила втора група Власи, но сега не од Москополе, туку од планината Грамос. Тие основале ново маало наречено Струнга. По занимање главно биле сточари и го развиле сточарството. Во исто време од Јужна Албанија во Крушево дошле и група православни Албанци кои лево и десно од Крушевска Река го основале Арнаутското Маало. Истовремено од околните села се доселиле и голем број Македонци сточари од мијачките села: Галичник, Лазарополе, Тресонче, Гари и др. кои го основале Мијачкото Маало.

Како занаетчиски и трговски центар многу брго се развивал и веќе во 1883 година во него живееле 12.000 жители. По задушувањето на Илинденското востание Крушево било запалено, а голем дел од населението се иселило. Во 1921 година градот имал 3.862 жители, скоро исто толку во 1953 година, а не е многу зголемен бројот и во 2002 година кога во градот живееле 5.330 жители. Најголем број од населението се Македонци 4.273 жители, потоа следуваат Власите со 1.020 жители и сосема мал број се Срби-26 жители.

*Движење на населението во Крушево по пописни години*

| **Година** | **1900** | **1921** | **1931** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 9 350 | 3 831 | 3 595 | 3 570 | 3 864 | 4 099 | 4 477 | 5 202 | 5 507 | 5 330 |

Крушево е седиште на општина која зафаќа површина од 19.068 ha, со 19 населени места во кои живеат 9.684 жители. Градот се развива како значаен климатски и зимско-спортски центар со неколку хотелски објекти, и голем број домаќинства кои издаваат станови за приватно сместување. Од индустријата присутна е текстилната и индустријата за преработка на тутун. Крушево е „Град музеј”, познат е по старoградската архитектура од која со закон се заштитени околу 80 куќи, потоа има споменик на Илинденското востание „Илинден”, споменик на претседателот на Крушевската Република Никола Карев, на војводата Питу Гули, Градски музеј, галерија на академскиот сликар Никола Мартиновски. На северозапад од градот е месноста Мечкин Камен. Позната по херојскиот подвиг на бранителите на Крушевската Република и др.

**ВАЛАНДОВО** се наоѓа во северниот крај на Гевгелиско-валандовската Котлина, во подножјето на планината Плавуш на надморска височина помеѓу 110 и 150 метри. Зафаќа површина од 120 ha. Западно од градот поминува магистрален пат, а преку станицата во с. Миравци е поврзано со железничката

линија Скопје-Гевгелија-Солун. Има изменето средоземноморска клима, со просечна годишна температура на воздухот од 14.2°С.

Откриените римски мозаици на неколку места во градот сведочат дека на територијата на денешниот град Валандово постоела римска градска населба. Како словенска населба за прв пат се споменува во 1349 година, кога е именувано како Алавандово, што значи цветен град. Турскиот патеписец Евлија Челебија, кој го посетил Валандово во втората половина на XVII век, во својата патеписна белешка за Валандово вели: „Тоа е касаба (мало градче), опколено со лозја и шуми. Има 150 куќи со 900 жители, чаршија составена од 50 дуќани, една мала џамија, амам, два ана и голем манастир со многу калуѓери“. Наоѓајќи се на „Солунското џаде” Валандово било карванска станица. Сепак и понатаму тоа останало мало градче во кое во 1931 година живееле само 1.410 жители. Истата година градот настрадал од силен земјотрес. Во 2002 година во Валандово живееле 4.402 жители. Од нив 4.279 жители биле Македонци или 97.2%. Меѓу малцинствата 58 жители се Срби, 26 жители се Турци и Роми се 13 жители.

*Движење на населението во Валандово по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **жители** | 1 195 | 1 069 | 1 410 | 1 992 | 2 178 | 2 202 | 2 779 | 3 801 | 4 357 | 4 402 |

Валандово е седиште на општина која зафаќа површина од 33.140 ha, има 29 населени места со 11.890 жители. Населението главно се занимава со земјоделство. Од индустриските капацитети присутни се објекти од текстилната и прехранбената индустрија, потоа тутунски комбинат и винарската визба. Во сферата на образованието и културата постои Гимназија, Градска библиотека, кино и локална радиостаница. Секоја година се одржува фолкфест „Валандово“. Во градот има хотел, Здравствен дом, и Сеизмолошка станица.

**ПЕХЧЕВО** е мала градска населба во источниот дел на Република Македонија. Се наоѓа во североисточниот дел на Малешево, во подножјето на планината Влаина, на надморска висина од околу 1000 m. Преку Пехчево поминува регионален пат кој на север го поврзува со Делчево, а на југ со Берово. Градот зафаќа површина од 168 ha. Има умерено континентална клима. За време на турското владеење било познато под името Османли. Како млада градска населба се развила во текот на XIX век. Тогаш бил главен управно-територијален центар на Малешево. Во 1900 година имало 4.070 жители. Во 1904 година населбата настрадала од силен земјотрес. По Балканските војни, со иселување на Турците популациски значително опаднало, така што во 1914 година во него живееле само 694 жители.

Во 2002 година имала 3.237 жители и е седиште на општина која зафаќа површина од 20.820 ha, има 7 населени места со 5.517 жители. Населението го сочинуваат Македонци, само мал број Роми 123 жители и Турци 31 жител.

*Движење на населението во Пехчево по пописни години*

| Година | 1900 | 1921 | 1931 | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 | 2002 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| жители | 4 070 | - | - | 1 687 | 1 750 | 1 827 | 1 878 | 2 433 | 3 032 | 3 237 |

Покрај земјоделството, во градот е присутна керамичката и дрвната индустрија, има основно училиште и здравствена станица. Во близина на градот постои значајно наоѓалиште на бакарна руда.

**БОГДАНЦИ**, град во јужниот дел на Република Македонија. Се наоѓа на источниот крај на Гевгелиската Котлина, од десната страна на Стара Река, на надморска висина од околу 80 m. Преку Богданци води регионален пат кој на југозапад го поврзува со Гевгелија, а на североисток со Нов Дојран и Дојранското Езеро. Зафаќа површина од 311 ha. Има изменето средоземна клима. За град е прогласен во 2004 година.

Населението кое брои 6.011 жители, главно го сочинуваат Македонци, а од малцинствата застапени се Србите со 176 жители, потоа Турците со 48 жители и останати 26 жители. Во стопански поглед Богданци се карактеризира со развиена аграрна функција. По изградбата на браната Паљурци и системите за наводнување се шири оранжериското производство на раноградинарски култури. Богданци е седиште на општина која зафаќа површина од 11.454 ha, има 4 населени места со 8.707 жители. Во него има фабрика за приколки, доста реномирано сообраќајно претпријатие, печатница и здравствена станица.

**МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА** се наоѓа од двете страни на Каменичка Река, десна притока на Брегалница, на надморска висина од околу 570 m. Има умерено-континетална клима. Таа е стара населба. Во минатото се споменува како Камена Река од која потекнува првиот македонски печатар Јаков кој во 1566 година печати свои книги во Венеција. Населбата забрзано почнала да се развива од 1966 година кога е отворен рудникот за олово и цинк „Саса“. Како град е прогласена во 2004 година и во него живеат 5.147 жители.

Населението го сочинуваат Македонци, додека од малцинствата има 20 жители Срби и 14 жители Роми. Од индустриски објекти има тексилна фабрика и фабрика за преработка на цинк. Седиште е на општина која зафаќа површина од 19.037 ha, има 9 населени места со 8.110 жители.

**МАКЕДОНСКИ БРОД** лежи во јужниот дел на областа Порече, од двете страни на реката Треска, на надморска висина од околу 530 m. Зафаќа површина од 170 ha. Има умерено-континентална клима со просечна годишна температура на воздухот од 10,5°C и просечна годишна количина на врнежи од 670 mm. Преку населбата поминува регионалниот пат Прилеп-Кичево. Името е добиено по скелата (бродот) со кој на ова место населението ја поминувала реката Треска на патот Прилеп-Кичево.

Македонски Брод е стара населба. Прв пат се споменува во една повелба на кралот Стефан Урош од 1300 година. Стариот дел на населбата се наоѓал на левиот брег на реката Треска. За град е прогласен во 2004 година и во него

живеат 3.740 жители. Нема национални малцинства, бидејќи 99,6% од населението се Македонци. Од индустриски објекти има текстилна фабрика и фабрика за мебел. Во с. Самоков има фабрика од областа на металната индустрија. Во Македонски Брод има гимназија и здравствен дом. Центар е на општина која зафаќа површина од 88.897 ha, има 51 населено место со 7.141 жители.

**ДЕМИР КАПИЈА** се наоѓа на влезот во Демиркаписката Клисура, на местото каде реката Бошава се влива во Вардар, на надморска висина од околу 100 m. Зафаќа површина од 160 ha. Има изменето медитеранска клима со средна годишна температура на воздухот од 13,6°C и просечна годишна количина на врнежи од 476 mm.

Во античкиот период се споменува под името Стенос, што во превод значи теснец или клисура. Словенското име на населбата е Просек, а се споменува во XI и XII век. Денешното име Демир Капија го дале Турците. За град е прогласен во 2004 година. Населението кое брои 3.275 жители главно го сочинуваат Македонци, а од малцинствата се застапени само Србите со 34 жители. Седиште е на општина која зафаќа површина од 31.106 ha, има 15 населени места со 4.545 жители. Главно занимање е лозарството и одгледувањето на раноградинарски култури, посебно пиперки. Во населбата има основно училиште, дом за хендикепирани и здравствена станица.

**ДЕМИР ХИСАР** се наоѓа во јужниот дел на областа Демир Хисар, на патот Битола-Кичево. Зафаќа површина од 250 ha. Се развил од поранешното село Мургашево. За градска населба е прогласен во 2004 година. Населението кое брои 2.593 жители, главно го сочинуваат Македонци и мал број Албанци (62 жители) и Турци (22 жители).

Седиште е на општина која зафаќа површина од 48.013 ha, има 41 населено место со 9.497 жители. Од индустриски објекти во градот постојат фабрика за пружини, текстилна фабрика и сачмара во с. Железнец. Помеѓу селата Жван и Слепче се наоѓа рудникот за железна руда. Во Демир Хисар има основно училиште, гимназија и болница.

## 2.1. ПОЛОЖБА И ТЕРИТОРИЈАЛНА СМЕСТЕНОСТ НА ГРАДСКИТЕ НАСЕЛБИ

Просторно гледано, а врз основа на природните, сообраќајните и другите услови, нашите градови се разликуваат како по регионалната, така и по локалната географска положба. Територијалната сместеност, односно регионалната и локална положба на градовите имала и има значително влијание врз функционалниот, физиономскиот и популацискиот развиток на нашите градови. Затоа некои градови прераснале во значајни централи места, како: Скопје, Куманово, Штип, Битола, Велес и други, а некои поради послабите погодности на географската положба, како: Берово, Пехчево, Кратово, Крушево и други градови, имаат ограничени можности за развој.

Секој град има своја одделна и специфична **микроположба.** Така, во котлини се простираат 24 градски населби, на ридско-долински релјеф-7 градски населби, планинско-градска населба е една - Крушево, додека Охрид и Струга се сметаат како крајезерски градови. Во едни котлини се сместени и по три градски населби. Така во Тиквешката Котлина се наоѓаат: Кавадарци, Неготино и Демир Капија, во Гевгелиско-валандовската Котлина: Гевгелија, Валандово и Богданци. Во други котлини се наоѓаат и по две градски населби, како Тетово и Гостивар во Полог, Битола и Прилеп во Пелагонија, Струмица и Радовиш во Струмичко-радовишката Котлина, Кочани и Виница во Кочанската Котлина и Берово и Пехчево во Малешево. Во останатите котлини се наоѓаат по една градска населба. Од населбите кои се сместени во ридско-долински релјеф, специфична положба имаат Штип, Велес, Кратово, Пробиштип, Крива Паланка, Македонски Брод и Македонска Каменица. Крушево е единствена планинска населба во Македонија која се наоѓа на надморска височина од 1.250 метри.

*Разместеност на градските населби и бројно движење на нивното население во поголемите просторни целини*

| **НАСЕЛЕНИЕ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Област** | **Бр. на градови** | **1931** | **1961** | **%** | **1981** | **Бр. на градови** | **2002** | **%** |
| **Повардарие** | 6 | 94.556 | 251.808 | 46,4 | 506.150 | 8 | 590.880 | 48,0 |
| **Западна Македонија** | 10 | 113.061 | 179.955 | 33,1 | 327.204 | 12 | 356.717 | 29,0 |
| **Источна Македонија** | 13 | 58.841 | 111.270 | 20,5 | 221.423 | 14 | 285.911 | 23,0 |
| **Вкупно** | 29 | 266.458 | 542.933 | 100,0 | 1.054.777 | 34 | 1.233.508 | 100,0 |

Најголем број на градски населби има во Источна Македонија, 14, а најголема концентрација на градско население има во Повардарието. Овде во осум градови (Скопје, Велес, Кавадарци, Неготино, Демир Капија, Валандово, Гевгелија и Богданци), живеат 590.880 жители. Потоа следува Западна Македонија во 12 градови (Тетово, Гостивар, Дебар Кичево, Македонски Брод, Крушево, Демир Хисар, Прилеп, Битола, Ресен, Охрид и Струга) живеат 356.717 жители. Во Источна Македонија иако има најголем број на градски населби-14, но во нив живее најмал број на население-285.911 жители.

Во однос на површината на нашата држава на 756 $km^2$ доаѓа по една градска населба. Во Западна Македонија се наоѓаат 12 градови, каде просечно на 912 $km^2$ доаѓа по една таква населба. Во Источна Македонија се наоѓаат 14 градови и просечно на 498 $km^2$ доаѓа по една градска населба, а во Повардариете има 8 градски населби, каде просечно на 940 $km^2$ доаѓа по еден град.

## 2.2. НАСТАНУВАЊЕ И РАЗВИТОК НА ГРАДСКИТЕ НАСЕЛБИ

За настанувањето и развитокот на градските населби во Македонија, освен нејзината географска положба, големо значење имале уште и историско-културните и општествено-економските настани и промени. Така, познато е дека на нашата територија градови постоеле уште во античко време. Во раната антика некаде во V-VI век пр. н.е. во Македонија се појавиле првите утврдени места, плански градени, кои заслужуваат назив град. Се подигале покрај позначајни патишта, земјиштето околу нив се обработувало, а во нив се создавала една побогата класа-племенска аристократија. Тие се утврдени со насипани бедеми од камен и земја врз кои се подигани ѕидови од камен. На највисокото централно место била некрополата која била најдобро укрепена и во неа живеела племенската аристократија. Во Македонија досега има утврдено повеќе од 450 вакви тврдини од кои само во Скопската Котлина 56. Тие најпрво биле подигани во повисоките места, а потоа се спуштиле на пониските места по ободот на котлините. На пример во Скопската Котлина првите тврдини се подигани на падините на Китка над селата Градовци и Црвена Вода, а потоа се јавуваат, кај селата Бразда, Средно Нерези, Говрлево, Студеничани, Скопското Кале и др. По ова следува римската епоха кога современите светски урбани принципи продреле и на Балканот. Така израснало римско Скупи како еден од најголемите урбани центри на целиот средно-балкански простор (Микулчиќ, 1982). Такви биле и Стоби, Хераклеа, Астибо, Лихнида, Пела, Идомена, Стубера и други, чии археолошки наоди и денес се добро зачувани.

Денеска во Македонија од **пред-словенскиот период** особено од времето на Римјаните, датираат пет градови, и тоа: Скопје, Охрид, Велес, Штип и Кратово. Тие тогаш, како и во средниот век, имале, главно, стратегиска функција, додека за време на турското владеење биле развиени административни, трговски и културни центри.

Од **средниот век** во Македонија датираат 10 градови: Битола, Прилеп, Струмица, Дебар, Радовиш, Кичево, Струга, Тетово, Гостивар и Кочани. И тие во прво време имале стратегиска функција, а подоцна нивните функции биле проширени така што и популациски нараснале. Во средниот век главни составни делови на градот биле: ѕидот, вратата, храмот, плоштадот и улиците. Градскиот ѕид имал одбранбена функција и тој ја означувал големината на градот. Иако имало повеќе врати, во градот се влегувало низ една голема порта и обично до неа биле трговските дуќани. Во градот црквите имале големо значе-

ње и биле градени на видно место. Улиците биле тесни, криви и обично завршувале слепо. Меѓу нашите градови, доста зачувани елементи од средниот век, како градски ѕид, горна порта, долна порта и слично, има Охрид.



*Хераклеа, познат антички град во Македонија, се наоѓал на западниот раб од Пелагониската Котлина, на големата балканска трансверзала Виа Егнација*

Во **турско време**, во градски населби прераснале или како такви се формирале 12 градови и тоа: Куманово, Крива Паланка, Делчево, Пехчево, Берово, Свети Николе, Кавадарци, Неготино, Гевгелија, Валандово, Крушево и Ресен. Основно обележје на градовите од тоа време им давала исламската религија и воените власти. Така, воениот заповедник задолжително живеел во градското утврдено место-*хисар*, а во градот се подигани џамии, медреси (училишта), амами, анови, текиња, караван сараи и др. Посебна физиономија на тогашните градови им давала чаршијата, а особено покриените делови или безистените. Такви безистени имало во Скопје, Штип, Битола и во други градови.

За најмлади наши градови се сметаат Пробиштип и Виница кои статус на гратчиња добиле во 1971 година и Богданци, Демир Капија, Демир Хисар, Македонска Каменица и Македонски Брод, кои во градски населби се преименувани во 2004 година.



*Охрид со Самоиловата тврдина, град музеј,*
*под заштита на УНЕСКО*

Движењето на градското население, како во целата држава, така и поодделните градски населби во изминатиот период покажуваат нееднаква динамика. До Втората светска војна масите на градската популација биле мали, а промените биле во зависност од политичките и економските услови. Така, на пример по Првата светска војна, поради иселувањето на турското население, градската популација се намалила од 276.000 во 1900 година на 214.000 во 1921 година.

Од Втората светска војна наваму населението во градовите бил во постојан пораст. Во 1948 година во македонските градови живееле 314.000 жители или 27,3% од вкупното население во Републиката. Во 1961 година тоа се зголемило на 543.000, а во 1981 година на 1.054.000 и ја надминало бројката на селското население, за во 2002 година да достигне популација од 1.233.000 жители или 61.0%. Додека во 1948 година имало само еден град Скопје со над 50.000 жители, во 2002 година такви се освен Скопје уште четири града.

Според сите пописи во периодот од 1948 година до 2002 година, нашите градови бележат зголемување на своето население. Додека 1948 година во Македонија само Скопје има над 50.000 жители, во 2002 година веќе пет града бележат население над оваа бројка. Сега 22 града имаат повеќе од 10.000 жители. Тоа покажува дека урбанизацијата во Македонија зафатила широки размери, но таа е придружена и со низа појави од просторен, економски и социјален карактер.

## 2.3. ФИЗИОНОМСКИ ОДЛИКИ И ФУНКЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Градовите во Република Македонија се одликуваат по својата физиономија обликувана во различни временски периоди, но и по функциите. На физиономските разновидности влијаеле низа фактори од кои позначајни се: физичко-географските услови, историско-политичките и економските прилики, разните културни влијанија, етничките фактори, материјалната база, занимањето на луѓето и сл.

Македонските градови спаѓаат во групата **ориентално византиски тип градови.** Познато е дека во средниот век градовите во Македонија имале поинаков изглед и функција. Тие претставувале утврдени места со предградија. За време на турското владеење тврдините биле разурнати, бидејќи нивната одбранбена улога немала важност за просторната територија на Турската Империја. Турците во нашите градови внеле ориентално градежни белези. Тие со помасовно населување во нашите градови ги наметнале своите етнички белези и значително ги модифицирале физиономските облици на населбите. Тоа било направено по пат на изградба на посебни типови куќи со високи огради и специфични одлики на чаршиските делови. И денес, речиси во сите градски населби, се запазени некои ориентално физиономски одлики. Тие најдобро можат да се видат во типот на куќите, маалата и чаршијата.



*Стари градски куќи во Охрид со оригинална македонска архитектура*

Старите градски куќи, главно се градени од послаб градежен материјал, на два ката, со голем број прозорци и отворени чардаци. Долниот кат или приземјето, е приспобен за чување разни предмети од домаќинството, а во минатото, кога земјоделството било развиено како занимање и на градското население, се чувале и разни алати, земјоделски производи и прехранбени продукти. Горниот кат имал повеќе соби со различна функција. Подоцна, со текот на времето македонските куќи со својата специфична архитектура и внатрешна организација се одделиле од муслиманските куќи. Во нив не се седело на земја или на миндерлаци, туку на столови, не се јадело на софра, туку на маса, а ориенталната арабеска била заменета со домашно копаничарство. Вакви стари куќи кои имаат архитектонско-градежна вредност како цели комплекси се зачувани во Кратово, Крушево, Велес, но најмногу во Охрид.

Градот бил поделен на маала, кои биле одвоени од чаршијата и служеле исключително за живеење. Секое маало имало свое име. Подоцна со територијалното ширење на градовите границите на маалата исчезнале, меѓутоа во повеќе градови нивните имиња и денеска се употребуваат.




**Прилепски поголеми МААЛА:**

О-Ортамаало-со улична мрежа,
Т - Трајко маало
Вр - Врбенско маало
Ѓ - Ѓогдере
В - Вишне маало
А - Аличаир
Тр – Тризла
Ва - Варошко маало
Д - Долно маало
М – Марино маало
К – Карабдалица
Ш - Шарена чешма
Пр - Под ридот
Р - Ридот
МС - Мртвачко сокаче

**Прилепски БЕЛЕЗИ**

:[] - ширина - пазариште
® - Саат кула 5" – црква
С* - џамија О- чешма
Шк-школо ф - фурна Т - Таксим Б - Стара бања
Гр - крстот – гробишта

*Прилеп, архитектонско-урбани морфолошки структури - маала и белези/по Петар Муличковски/*

Одликите на старата чаршија денес се доста изменети, но сепак во некои градови, како во Скопје, Прилеп, Велес и други, делумно се запазени.

Дуќаните во нив биле мали, збиени и со ќепенци, а стреите од едната и од другата страна на улицата на некои места толку се зближувале, што се имало впечаток како да се одело низ тунел. Во некои градови дуќаните биле концентрирани во поодделни улици по еснафи. Карактеристично е тоа што во повеќе градови пазарите биле одвоени по видови на производите и добитокот што се продавал. По својата физиономија и функција денес е зачувана Старата чаршија во Скопје.

Од Втората светска војна наваму, во сите наши градови извршени се големи физиономски промени. Во сите градски населби изградени се современи станбени комплекси, со повеќекатни згради и со нужната инфраструктура. Нивните станбени зони се одликуваат со блоковска структура, анови станбени згради и разни јавни објекти се градат и во старите делови на градовите коишто исчезнуваат на тој начин.

Нашите градови се разликуваат и по **формата**. Така градовите кои се наоѓаат во долини како Велес, Крива Паланка, Македонски Брод, Македонска Каменица и други имаат низна форма. Некој од нив со развојот излезени се од долините и се рашириле во просторот помеѓу Котлината и ридско-планинскиот дел. Такви се, на пример, Кочани, Тетово и сл. Градовите кои се развиле во рамнини како Битола, Прилеп, Свети Николе и други, имаат скоро кружна форма.



*Сателитска снимка на Битола на која се гледа кружната форма на градот*

Градови низ кои поминуваат значајни комуникации, се рашириле вдолж комуникациите и имаат издолжна форма. Оние градови пак низ кои помину-

ваат повеќе комуникации имаат неправилна форма, на пример Скопје, Куманово и др. или имаат ѕвездест изглед.

Неправилна форма имаат градовите, Штип, Кратово, Крушево и други кај кои релјефните услови го спречувале нивниот правилен развој. Формата кај крајезерските градови Охрид и Струга е условено од формата на езерските брегови, бидејќи тие се шireле покрај брегот на Охридското Езеро.

Градовите меѓу себе се разликуваат и по **надморската висина**.

Во градови кои лежат од 60 до 300 метри спаѓаат: Гевгелија и Богданци (60 m), Демир Капија (100 m), Валандово (110-150 m), Неготино (150 m), Велес (155-270 m), Кавадарци (270 m), Свети Николе (275 m), Струмица (225-300 m), Штип (260-320 m) и Скопје (230-380 m).

Во групата на градови што лежат од 301 до 600 метри надморска висина спаѓаат: Куманово (330 m), Кочани (350-450 m), Радовиш (380 m), Виница (400 m), Тетово (470-540 m), Гостивар (530 м), Делчево (580 m), Пробиштип (560 m) и др.

Третата група ја сочинуваат градови кои лежат помеѓу 601 и 900 метри надморска височина. Овде спаѓаат: Битола, Кичево и Крива Паланка на (620 m), Дебар (630-700 m), Прилеп (640-680 м), Охрид (695 m), Струга (695 m), Кратово (700 m) Ресен (885 m), Берово (825-880 m), Пехчево (1000 m), Крушево кое лежи на надморска висина помеѓу 1120 и 1260 m, е највисока градска населба во Македонија.

Значителни физиономски промени во градовите се одвиваат паралелно со нивниот **функционален развиток**. Познато е дека до Втората светска војна во повеќе наши градови имало сосема мал број на индустриски претпријатија. Во градовите главно биле присутни занаетчиството и трговијата. Денеска индустријата е присутна, повеќе или помалку, во сите наши градови. Меѓутоа, нашите градови не се само индустриски центри. Во нив се концентрирани повеќе разновидни функции. Така, тие пред се, преставуваат административни, потоа сообраќајни, трговски, индустриски, здравствени, културни и просветни центри. По своите функции, едни градови, како: Скопје, Битола, Куманово, Велес, Штип, Тетово, Прилеп и Охрид, се прераснати и во развиени централни места со широко регионално значење и вршат влијание врз својата широка околина. Други пак, како: Струмица, Кочани, Кичево, Гостивар и Гевгелија, се во фаза на таков развиток, додека трети, како: Кратово, Крушево, Берово и други, имаат локално значење.

По обемот и разновидност на функциите Скопје ги надминува сите градови во Републиката. Тој е главен град на државата и како таков со најразвиена административна функција, но и со најразвиена административно-управна, стопанска, здравствена и културно-образовна функција. Така, на пример, од 16.607 претпријатија, колку што имало во 1992 година во Македонија, во Скопје се наоѓале 7.422 претпријатија или 45%. Од нив 677 биле од области на индустријата, што претставува 38% од вкупниот број индустриски претпријати-

ја во Републиката. Потоа, трговската функција ја извршувале 4.871 претпријатие (48%), градежништвото 387 претпријатија (57%), угостителско-туристичката функција 157 претпријатија, занаетчиската 243 претпријатија, образовната 88, здравствената 44 претпријатија и сл. Втор центар со значајни концентрации на функции е градот Битола. Во него во 1992 година имало вкупно 1.248 претпријатија или 7,5% од вкупниот број претпријатија во Републиката. Од нив од областа на индустријата и рударството биле 30 претпријатија, од трговијата 785 претпријатија, здравството 87 претпријатија, угостителството и туризмот 69 претпријатија, образованието и културата 11, од здравството 7 претпријатија и сл. Со силно развиена индустриска функција се јавуваат и градовите Штип, Куманово, Охрид и Прилеп. Тие имаат по над 100 претпријатија од областа на индустријата.



*Велес, град со голема стратегиска функција во минатото денес со развојот на индустријата еден од најзагадените градови во Македонија*

Со развиена трговска мрежа се јавуваат градовите: Струмица, Куманово, Тетово, Прилеп и Охрид претпријатија. Со развиен сообраќај се истакнуваат, освен Скопје, Куманово, Велес, уште и Штип, Охрид, Струмица, Прилеп. Некои наши градови имаат посебни функции кои не се карактеристични за останатите градови. На пример, Охрид и Струга со по 30 угостителско-туристички претпријатија се познати центри на туризмот, а Пробиштип и Македонски Каменица се карактеристични рударски градови.

За сите физиономски, функционални и територијални промени на нашите градови, важна улога има урбанистичкото планирање. Само со добри урба-

нистички планови се овозможува развој на функциите како предуслов за оптимален просперитет не само на градот, туку и на неговото пошироко гравитациско подрачје.

## 2.4. ГРАДОВИТЕ КАКО ЦЕНТРАЛНИ МЕСТА И НИВНИТЕ ВЛИЈАТЕЛНИ СФЕРИ

Влијателните сфери на нашите градови ги одределе нивните природни, социо-географски, економско-географски и функционални карактеристики. Одредувањето на влијателната сфера не може да се изедначува со административно-територијалните граници на градот, или општината, бидејќи таа во голема мера зависи од неговата функционална улога како централно место.

Спрема влијателната сфера, градовите во Македонија може да се групираат во три групи: **национална**, **регионална и локална гравитациска сфера**.

Скопје, како главен град на државата, со влијателна сфера која ја покрива целата територија на Републиката, има национална влијателна сфера. Поконкретно, влијателната сфера на Скопје може да се разгледува од три аспекти. Прва како главен град на државата, Скопје има влијателна сфера од национален карактер. Во него се сместени сите институции од политичко-управно значење за државата, а тој е и најголем стопански центар и во него е сконцентриран голем дел од населението, (467.000 жители). Така неговата влијателна сфера ја покрива целата држава. Втората влијателна сфера на Скопје е од регионален карактер. Тоа ги опфаќа гравитациските сфери на околните градови и тоа Тетово, Куманово и Велес и има силно влијание врз нивниот просторен и економски развој, како и врз дневното движење на работната сила. Третата влијателна сфера на Скопје има локален карактер. Тоа е непосредна гравитациска зона на градот која е ограничена во Скопската Котлина, поточно сите населби кои лежат во неа.

Во групата на градови кои имаат влијателии сфери од регионален карактер спаѓаат Битола, Прилеп, Куманово, Тетово, Велес, Штип и Охрид. Тие имаат влијателен простор поголем отколку нивните непосредни зони на влијание. Непосредните гравитациски подрачја на сите 7 централни места зафаќаат површина од 9.170 km$^2$ или 35,6% од целокупната површина на Република Македонија. Меѓутоа нивниот влијателен простор е поголем отколку непосредните зони. Најгуста е мрежата на населбите во влијателната сфера на Битола каде лежат 123 населби, а најретка во Охрид, 57 населби. Овие градови, како развиени полифункционални средишта имаат контактни гравитациски зони кои ги опфаќаат и соседните области. Битола на пример има две контактни гравитациски зони - Демир Хисар и Преспанската Котлина, Куманово три: Славиште, Овче Поле и Кратовско, Велес две: Овче Поле и Тиквеш и сл.

Во групата на градови кои имаат гравитациско влијание со потесно регионално значење спаѓаат градовите: Струмица, Гостивар, Кавадарци, Кичево и Кочани. Вкупната површина на петте непосредни гравитациски подрачја кај овие градови изнесува 4.866 km$^2$, а вкупниот број на населени места 342. Најголемо непосредно гравитациско подрачје има Гостивар -1.356 km$^2$ и овде има најголем број на села, 91, а најмало непосредно гравитациско подрачје има Кочани, 571 km$^2$ и во него има најмал број на села, само 46.



*Кочани, главен стопански и културен центар во Кочанската Котлина*

Во третата група спаѓаат градови кои имаат помали просторно-гравитациски влијанија. Обично тие се второстепени централни места со локални влијателни сфери, но претставуваат урбани јадра. Нивниот број во Македонија изнесува 21 град и тоа: Струга, Гевгелија, Радовиш, Дебар, Свети Николе, Неготино, Крива Паланка, Делчево, Виница, Ресен, Пробиштип, Берово, Кратово, Крушево, Валандово, Богданци, Македонска Каменица, Македонски Брод, Демир Капија, Пехчево и Демир Хисар. Тие обично се наоѓаат во соседство на поголеми централни места. Непосредните гравитациски подрачја на оваа група централни места зафаќаат површина од 9.837 km$^2$ и овде лежат 504 населени места.

Од досега изнесеното за влијателните сфери на нашите градови може да се заклучи дека тие меѓу себе се преклопуваат и имаат силно влијание врз развојот на руралните населби што е важно за урбанистичкото и просторното планирање.

# 3. СЕЛСКИ НАСЕЛБИ

Селата по својата физиономија, функција, демографската структура на населението и неговото занимање се разликуваат од градот. Селските населби, чиј број во Македонија изнесува 1.616, претставуваат такви населени места во кои најголем дел од населението се занимава со земјоделство.

Според Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, селото е дефинирано како населено место со едно функционално значење во кое преовладува една дејност, а атарот е со аграрна физиономија и функција.

## 3.1. НАСТАНУВАЊЕ И РАЗВИТОК НА СЕЛАТА

По настанувањето и развитокот се смета дека селата се формирани пред градовите, односно дека тие се постари и од нив се развиле градовите. Во целина гледано, селото го сочинуваат неколку основни елементи, а тоа се: типот и функцијата на куќата, физиономијата на населбата, занимањето на населението и атарот на селото, односно земјоделската површина.

Во еволуцијата на нашите села се одделуваат главно четири фази: **пред-црковна, црковна, феудална и катастарска фаза.**

Во предцрковната фаза не постоеле села како што се денешните. Тогаш како села се сметале одделните куќи или мали селишта расфрлени по имотите, без атарски граници, поточно куќите се наоѓале таму каде што се обработувало земјиштето. Заедничко било само користењето на шумите.

Во црковната фаза започнува групирање на куќите во една целина. Врз ваквиот развоен процес најмногу влијаела црквата. Црквите главо се граделе на поважни локации и околу неа подоцна се групирале селските куќи.

Во феудалната фаза, познато е дека крупните поседи биле сопственост на феудалецот. Од тие причини селата, односно селаните кои имале сосема мал имот или немале ништо, биле разместувани по земјиштето на големопоседникот. Во нашата земја во која турскиот феудализам зафатил длабоки корени, чифлигарските села имале специфичен облик и организација на живеење на рајата. Имено во таквите населби во средишниот дел постоела куќа на чифлик сајбијата, а околу неа помошни простории, додека чифлигарите речиси сите живееле под еден покрив.

Денешната физиономија селата главно ја добиле во следната катастарска фаза. Во неа државата за да ги обезбеди потребните давачки од селаните вовела катастар со кој бил одреден атарот на селото, бројот на куќите и населението, категоријата и големината на обработливото земјиште, видот на полјоделските култури и др.

Со текот на времето, врз денешната мрежа на селските населби се случувале низа интересни трансформации. Имено, едни села по настанувањето се

доста стари, средновековни, па дури ги запазиле и тогашните имиња, други се формирале за време на турското владеење, трети – никнале меѓу двете светски војни како колонистички населби, а некои, иако во помал број, се формирале дури во денешно време.

За развојот на селата, како во минатото така и денес, најзначајна улога имале и имаат економските фактори. Со интензивниот развој на индустријализацијата, потоа урбанизацијата и сообраќајот, како и со примената на современи агротехнички средства во земјоделството, селата денеска добиваат нова физиономија. Во нив постепено исчезнуваат застарените методи во начинот на живеењето, а во земјоделството преовладуваат интензивни култури кои обезбедуваат високи приноси и доход.

## 3.2. ПОДЕЛБА НА СЕЛСКИТЕ НАСЕЛБИ СПОРЕД ПОЛОЖБАТА

Со оглед на тоа дека Република Македонија има мошне разновидна релјефна структура, од планинска до рамничарска, од ридска до долинска морфологија, нејзината населеност тесно е условена од орографските прилики. Според микроположбата на селото и простирањето на атарот селата во Македонија може да се поделат на: рамничарски, рамничарско-ридски, ридски, ридско-планински и планински. На пример, во Кочанската Котлина, селото Облешево е рамничарско, Тркање рамничарско - ридско, Бели ридско, Нивичани ридско-планинско, а Полаќе чисто планинско село. Сепак во праксата е усвоена поделбата на **рамничарски, ридски и планински села**. Бројот на селата и населеноста во овие три морфолошки целини е различна. Најнаселена е рамничарската, а најретко е населена планинската зона. Најголем број на села се наоѓаат на контактот помеѓу рамничарскиот дел и планинскиот обод. Релјефниот фактор влијаел врз типот на селата, градбата и функцијата на куќите, видот на занимањето на населението, начинот на живеењето и сл.

*Разместеност на селата според географската положба*

| година | Вкупно села | Број на рамничарски села | Број на ридски села | Број на планински села |
|---|---|---|---|---|
| **1961** | 1.705 | 824 | 563 | 318 |
| **1971** | 1.668 | 814 | 553 | 301 |
| **1981** | 1.640 | 804 | 541 | 295 |
| **2002** | 1.616 | 801 | 533 | 282 |

Најбројни се рамничарските населби, кои изнесуваат 50% од сите села во Републиката. Во мрежата на селските населби концентрацијата на рамничарските села е најголема во поголемите котлини и тие села имаат нагласено поволна географска положба. Од вкупниот број рамничарски села, 369 или

46% од нив се наоѓаат во Скопската Котлина, Пелагонија, Полог и Струмичко-радовишката Котлина. Не е мал бројот на рамничарските села и во повисоките котлини како Охридско-струшката, каде од 103 села, 51 се рамничарски населби, или Преспанската Котлина и други.

Ридските села изнесуваат 33,0% од сите села во Републиката. Во однос на 1961 година нивниот број се намалил за 31 село. Разместени се во сите подрачја на Република Македонија.




Сепак, најголем број од нив се наоѓаат во Западна Македонија, 260 или 48% од сите ридски села во Републиката.
Во Повардарието се наоѓаат 143 села или 27%, а најмалку ги има во Источна Македонија и тоа 128 села или 24%.

Положба и тип на села во источната подгорина на пелистер и пространата Пелагониска рамнина

Вкупно планински села во Македонија има 282 или 17,0% од сите села во Републиката. Нивниот број е најмногу намален, така што во 2002 година во однос на 1961 година раселени се вкупно 36 села. По поодделни подрачја најмногу планински села се наоѓаат во Западна Македонија и тоа 144 села или 51%, потоа во Источна Македонија 87 села или 31%, а најмалку во Повардарието, само 51 село или 18%.

### 3.3. ПОДЕЛБА НА СЕЛАТА СПОРЕД ГОЛЕМИНАТА И ФУНКЦИИТЕ

Според бројот на населението селата во Македонија може да се поделат на: **мали, средни и големи села.**

Во групата мали села спаѓаат оние села во кои живеат од 1 до 300 жители. Тие се најбројни, односно ги има вкупно 1.034 села, што претставува 64% од сите села во 2002 година во Републиката. Од вкупно 789.039 жители колку што живееле во сите села во земјава, во овие села живееле 126.246 жители или 16%. Односно имаат најголемо учество во бројот на села, но најмало во вкупниот број селско население. Во оваа група се издвојуваат сосема малите села во кои живееле од 1 до 50 жители. Спрема пописот од 2002 година нивниот број изнесувал 455 села во кои живееле 9.290 жители, што претставува само 2,8% од вкупното население во Републиката, всушност се наоѓаат во фаза на раселување.

Во групата средни села спаѓаат оние села во кои живеат од 301 до 800 жители. Вакви села во Македонија има вкупно 340, што претставува 21% од сите села. Во 2002 година во нив живееле 205.150 жители или 26% од вкупниот број на селско население во земјава. Најголем број од нив има во општините Битола, Струмица, Тетово, Прилеп, Охрид, Велес, Кочани и Радовиш. Во 1981 година нивниот број бил поголем, но поради иселување на селското население, дел преминале во групата на мали села.

Третата група села ја сочинуваат големите села во кои живеат по повеќе од 801 жител. Нив ги има 242 села, што претставуваат 15% од вкупниот број села во Републиката, но во нив живее најголем број селско население и тоа 457.642 жители или 58% од вкупниот број селско население. Најголем број од нив се во општините Струмица, Куманово, Скопје, Тетово, Битола, Струга, Прилеп и Гевгелија. Просечно во земјава, една голема селска населба има 1.890 жители и некои од нив веќе се аграрно пренаселени. Паѓа во очи дека во релативно мал број села има голема концентрација на селско население, додека во голем број мали села, односно на значително голем аграрен простор, бројот на селското население е мал. Оттаму може да се заклучи дека денес населението во селската средина во Македонија е нерамномерно разместено и тоа има силен одраз врз земјоделското производство.

По своите функции, најголем број од селските населби претставуваат класични села со земјоделска функција. Во атарите од оваа група села, кои учествуваат со 46% во вкупниот број на села во Републиката, доминираат површините на обработливото земјиште, а тоа се рамничарските села.

Значително помали од претходната група се селата со полјоделско-сточарска функција. Тие учествуваат со околу 20% во вкупниот број села. Тоа се главно ридски, а делумно и планински села, во чии атари големи површини заземаат пасиштата.

Следната група ја сочинуваат селата со таканаречената мешовита функција, во чии атари со мали разлики се застапени полјоделски површини, пасишта и шуми. Во оваа група спаѓаат 34% од вкупниот број села во земјава. Во однос на популацијата селата од оваа група се мали и нивните атари, главно, се ридско-планински.

Покрај наведените три групи во Македонија постојат и села што имаат и други функции. На пример, селата Пештани, Трпејца, Радожда и Калишта на брегот на Охридското Езеро имаат риболовна и туристичка функција. Приградските села се одликуваат со специјализирано земјоделско производство, наменето за обезбедување на градското население со зеленчук, свежо овошје, млеко, месо и сл.

## 3.4. ТИПОВИ НА СЕЛА ВО МАКЕДОНИЈА

Според  типот, односно според меѓусебната оддалеченост на куќите во селските населби, во Македонија главно се јавуваат два типа села: **села од збиен и села од разбиен тип.**

Во селата од збиен тип, куќите се доближени една до друга и селата зафаќаат мала површина.

Селата, пак, од разбиен тип, или како уште се нарекуваат раштркани села, се состојат од голем број маала, едно село има и до 20 маала кои меѓу себе се разликуваат по бројот на куќите, бидејќи некои од нив имаат 1-2 куќи, а други и до 40 куќи.




Село Безиково, разбиен тип на село на планината Осогово кое се состои од 23 маала (овде се назначени само 7 поголеми), а бројот на куќите во една маала првенствено е условен од големината на обработливата површина околу нив.

Овој тип села најмногу се застапенина планината Осогово, на која Т. Кондев наведува дека има 51 населба од разбиен тип и тие со право се наречени - **осоговски тип**. Ги има и по некои планини во Западна Македонија.

Од едниот до другиот крај на селото зафаќаат должина дури и до 10 километ-ри. Во споредба со селата од збиен тип, разбиените села зафаќаат значително поголема површина, поради што нивното урбанистичко и инфраструктурно уредување е многу отежнато.

Во време на турското владеење во Македонија биле формирани таканаречени **чифлигарски тип села**, кои биле специфични по типот и функцијата. Тоа биле збиени населби кои ги формирале Турците, односно чифлик-сајбиите и тие биле господари на селата. Чифлигарското село обично било заградено со плот или ѕид. Во средината на селото постоела кула во која повремено престојувал господарот или во неа живееле надзорниците. Околу кулата биле наредени приземни згради во кои живееле чифлигарите и нивните семејства. Тие често пати биле под еден покрив. Интересно е да се наведе дека во минатото и некои градови во Македонија биле од чифлигарски тип. Како за такви се наведуваат: Кавадарци, Неготино и Крушево.

Освен по типот, нашите села се разликуваат и по **типот на куќите**. Тие разлики главно се условени од локалните морфолошки услови, од расположивиот градежен материјал и занимањата на луѓето. Во минатото најголем број од куќите во нашите села биле приземни, кои во Македонија на пример се познати како ***поземички***. Се состоеле од едно одделение во кое во еден дел во „пондилото" се чувал добитокот, а во другиот дел „куќа" живееле луѓето. Обично овие куќи биле градени од керпич - земја, а во планинските села од камен. Најпрво биле покривани со слама или плочи, а подоцна почнале да се покриваат и со ќерамиди. Поразвиен тип на куќа од приземната, била куќата ***чардаклија***. Таа и денес доста е застапена во нашите села и тоа особено во Повардарието, поради што во литературта е позната и како ***Вардарска куќа***. Се состои од приземје, каде се чува добитокот, а на горниот дел е чардакот со соби за живеење на луѓето и други простории.

Освен куќата, во нашите села постојат и помошни згради како: плевна, амбар, трло, говедарник, свињарник (кочина), кокошарник, фурна и др.

Во втората половина од минатиот век, се јавила нова фаза во измената на физиономијата на нашите села и куќи. За разлика од минатото, сега селата брзо се развиваат и го менуваат својот изглед. Поголемите села главно се развиваат врз база на урбанистички планови, куќите се опремуваат со современи уреди за домаќинствата, се градат образовни објекти, здравствени и ПТТ станици, водоводна и канализациона мрежа, а селата се поврзуваат и со асфалтни патишта. Меѓутоа, во нашата земја и денес постојат заостанати и запустени села, а некои и без електрично осветление, што како проблем во иднина, секако, треба да се надмине.



*Амбар, една од најважните помошни простории околу селската куќа*



*Стара селска куќа во село Богомила*

# III. СТОПАНСКО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1. ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИТЕ ФАКТОРИ ЗА РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО

### 1.1. ВАЖНОСТА НА ГЕОГРАФСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРОСТОРНОТО ПОВРЗУВАЊЕ И ЕКОНОМСКО КОНТАКТИРАЊЕ СО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ

Расположена во Јужна Европа и централниот дел на Балканот, Република Македонија има многу поволна географска положба. Се граничи со пет држави и со нив контактира преку повеке долини, клисури и планински превои. На југ со границата со Република Грција, отворени се четири гранични премини, и тоа: „Меџитлија" во Пелагонија, „Богородица" и „Гевгелија" во Гевгелиската Котлина и „Стар Дојран" на јужниот брег на Дојранското Езеро. Преку три премини водат современи патишта, а преку премините „Гевгелија" и „Меџитлија" и железнички линии. На исток се граничи со Република Бугарија, на која постојат три гранични премини и тоа: граничниот премин „Ново Село" преку кој води патот Струмица - Петрич; граничниот премин кај Делчево преку кој води патот од Делчево за Благоевград и граничниот премин „Деве Баир" преку кој води патот од Крива Паланка за Ќустендил и понатаму за Софија. На север се граничи со Р.Србија на која функционираат граничните премини „Табановце" на автопатот и железничката линија Куманово-Врање; „Сопот" на стариот пат Куманово-Бујановац и „Пелинце" на патот Куманово-Св.Прохор Пчињски и Република Косово со граничните премини „Јажинце" на патот Тетово-Приштина; „Волково" на железничката линија Скопје-Приштина; и „Блаце" на патот Скопје-Приштина. На запад се граничи со Р. Албанија, преку која функционираат четири гранични премини: „Блато" кај Дебар, „Ќафа Сан" кај Струга, „Св. Наум" на јужниот брег на Охридското Езеро и „Стење" на западниот брег на Преспанското Езеро. Во овие граници зафаќа површина од 25.713 km². Целата нејзина територија е свртена и гравитира кон медитеранскиот басен. Ваквите просторни одлики даваат можности за широко географско контактирање и посредно поврзување.

Најблиски моriња до просторот на Република Македонија се: Егејското, Јадранското и Јонското Море, додека нешто подалеку е Црното Море. Егејско-

то Море, односно Солунскиот залив се наоѓа на само 80 km воздушна линија од македонско-грчката граница, а спрема патното растојание на 90 km.

*Растојание од Скопје и нашата граница до погодните пристаништа за Република Македонија на околните мориња (во km)*

| | Пристаниште | Скопје | Граница |
|---|---|---|---|
| 1 | Драч | 340 | 156 |
| 2 | Солун | 249 | 91 |
| 3 | Игуменица | 550 | 390 |
| 4 | Бургас | 600 | 488 |

Од македонско-албанската граница до Јадранско Море оддалеченоста во воздушна линија изнесува 110 km, а патното растојание од границата до Драч 156 km.

Медитеранската компонента има нагласено влијание не само врз природните карактеристики на Републиката, туку и врз нејзините цивилизациски текови. Така, тоа влијание особено се манифестира преку климата, потоа растителниот и животински свет, аграрното производство, типот на куќите, како и начинот на живеењето на луѓето. Денеска, значајни стопански текови и туристички движења од Северна, Западна и Средна Европа кон земјите на Источното Средоземје се одвиваат преку територијата на нашата земја, поточно по Вардарската Долина. Значењето на географската положба на Република Македонија, како централна балканска држава која се граничи со пет држави, различни по својот стопански потенцијал и развиеност, е тоа што тие се упатени на меѓусебна трговска размена и дополнување на своите економии, токму преку територијата на нашата држава.

## 1.2. ПРИРОДНИ УСЛОВИ И РЕСУРСИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Под природни фактори погодни за развој на стопанството во една земја спаѓаат елементите кои ја сочинуваат природната средина на таа земја. Во Македонија тоа се: геолошко-петрографскиот состав на земјиштето, релјефот, климата, водите, почвите, растителниот и животинскиот свет. Сите овие елементи меѓусебно се поврзани, зависат еден од друг и се условуваат еден со друг. Тоа се природни богатства на нашата држава кои човекот со својата активност ги менува, приспособува и искористува за своите потреби. Природно-

географските фактори имаат нагласено значење за развој на нашето стопанството.

Географската средина влијае врз начинот на живеење на населението. Така, на пример, различни се условите за домување, облекување и исхрана на луѓето во планинските предели од оние во ридчестите и рамничарските краеви. Всушност, секоја македонска област на одреден начин ја предодредува структурата на материјалното производство.

Методологијата за оцената на природните услови и ресурси е мошне сложена. Таа во себе содржи комплексни компаративни и квантитативни аспекти. Поконкретно, економско-географската валоризација на природните услови и ресурси не може да се реализира без примена на географската научна методологија. Само преку неа се овозможува најреална реонизација на територијалните единици со одреден обем на природни извори и погодни природни услови за производство и живот на населението во нив.

**а) ГЕОЛОШКИ СОСТАВ И РУДНИ НАСЛАГИ**

Република Македонија има доста сложена геолошка градба. Во нејзиниот геолошки состав се застапени скоро сите видови магматски, седиментни и метаморфни карпи, создавани во текот на геолошката историја од прекамбриум па се до најмладиот квартарен период. Поради сложената релјефна структура, а под дејство на тектонските движења, морфолошките масиви настанале во различни временски периоди од геолошката историја. Така се формирани Родопската зона со Краиштидите; Вардарската зона; Пелагониската зона и Западно-македонската зона со Цукали-карстната зона. Територијата на Македонија низ геолошката историја минала многу сложен пат, се сменувал геосинклинален со континентален развој, се сменувале трансгресиите со регресиите во Тетиското Море и истовремено наталожени се бројни видови на метаморфни, седиментни и вулкански карпи, како и повеќе видови на рудни суровини.

Метаморфните карпи се настанати по пат на метаморфизам при зголемени притисоци и температури со преобразба на седиментните или вулканските карпи. Врз основа на составот се издвојуваат шкрилести и масивни метаморфни карпи. Во шкрилестите метаморфни крапи спаѓаат: шкрилците, филитите, микашистите, гнајсевите и други метаморфни карпи. Масивните метаморфни карпи ги чинат: мермерите, кварцитите и др. На територијата на Република Македонија се јавуваат во сите геотектонски единици како: Западно-македонската, Пелагониската, Вардарската и Родопската маса.

Вулканските карпи се магматски карпи настанати со изливање на магмата во вулканските области. Во оваа група се издвојуваат карпите: гранити, базалти, андензити, риолити, трахити, латити и др. Се јавуваат во сите вулкански области на Македонија: Кратовско-злетовската, Сасо-тораничката, Бучимската,

Кожувската и др. Со овие карпи се поврзани орруднувањата на бакарот, злато-то, среброто, олово-цинкот, арсенот, антимонот, талиумот и други метали.



*Геолошко карта на Република Македонија, размер 1:200.000*
*/ Пенџерковски Ј. 1975/*

**ЛЕГЕНДА**

- прекамбриски високо-метаморфни карпи и гранитоиди (гнајсеви, микашисти.
- амфиболити, мермери, гранитоиди)
- рифеј-камбриски шкрилци и метабазити
- камбриско-ордовициски шкрилци и вулканити
- силурско-девонски шкрилци и варовници - гранитоиди
- тријаски кластични и карбонатни седименти
- јурски базични магматити и седименти
- горно-кредни кластични и карбонатни седименти
- палеогенски седименти
- олигоценско-миоценски вулканити
- плиоценски вулканити
- неогенски и квартерни седименти




*Преглед на карта на рудници и рудни наоѓалишта во Република Македонија*

Седиментни или таложни карпи се настанати по пат на седиментација односно таложење. Тука спаѓаат: варовниците, доломитите, лапорците, бигорот, мермерниот оникс, травертините, бречите, конгломератите, песочниците, лесот, глинците, туфовите, дијатомејската земја и др.
Во поширока смисла на зборот, рудните лежишта се гупирани во три основни групи и тоа: 1. лежишта на метални руди, 2. лежишта на неметални минерални суровини и 3. лежишта на минерални суровини.

Од картата на рудни наоѓалишта во Република Македонија може да се забележи дека нашата земја располага со повеке од десет видови на метални суровини како руди на: железо, хром, никел, олово, цинк, бакар, антимон, манган, злато, сребро, молибден, уран и други метали. Присуството на неметалните суровини е уште поголемо. Нив ги има повеке од 20, како мермери, травертини, варовници, цементни лапорци, гипс, глини, талк, азбест, дијатомејска земја, фелдспат, доломит, магнезит и др., и од групата на минерални горива: јаглен, тресет и нафтени шкрилци. Во локалитетите каде нивното присуство е пообемно и економски исплатливо отворени се и рудници како на пример за олово-цинковни руди рудниците „Злетово", „Саса" и „Тораница" за бакар „Бучим" или за неметални суровини како за јаглен „Суводол" во Пелаго-

нија и „Осломеј" во Кичевската Котлина, за мермер „Сивец" кај Прилеп, за цемент „Усие" кај Скопје и др., и тие метални, односно неметални суровини се експлоатираат.

**б) ЗНАЧЕЊЕ НА РЕЉЕФОТ ЗА СТОПАНСТВОТО**

Рељефот е еден од битните елементи на природната средина. Од него во голема мера зависи климата (температурата, врнежите, ветровите и сл.), формирањето и составот на почвата, распоредот на растителниот и животинскиот свет, правецот и брзината на водените текови и сл.

Според настанувањето, тектониката и геолошката градба на рељефот, територијата на Република Македонија е составена од планини, котлини, долини, клисури, превали и други рељефни форми. Во формирањето на рељефот учествуваат внатрешните (ендогени) и надворешните (егзогени) сили. Првите сили преку тектонски движења овозможиле создавање на големи рељефни форми како планини и котлини, а вторите - геоморфолошките агенси кои предизвикале процеси на абразија, флувијална ерозија, денудација и преку други начини на дејствување ги моделирале првобитните форми, создавајќи специфични рељефни облици како: абразивни, глацијални, карстни, флувијални и други облици. Така, во целина, територијата на Македонија претставува рељефен мозаик, односно личи на шаховска табла.

По своите рељефни карактеристики Република Македонија е планинско-котлинска земја. Најголем дел од нејзината територија 11.044 $km^2$ или 43,0% е планинско земјиште. Ридските терени зафаќаат 9.769 $km^2$ или 38,0%, додека на рамнините отпаѓа 4.900 $km^2$ или 19,0%.

Покрај морфогенетската, за глобална оцена на рељефот, како фактор за разместеност на производството, значајна е и неговата морфометриска структура. Така, земјиштето до 200 метри надморска височина во нашата држава зафаќа само 2,90%, додека такво во Европа има цели 60%. Земјиштето од 200 до 500 метри височина кај нас учествува со 22,4% и со тоа се приближуваме кон Европа, додека земјиштето со височина од 500 до 1.000 метри кај нас учествува со 44%, а во Европа само со 10%. Тоа значи дека 69,30% од територијата на Македонија се протега на надморска височина до 1.000 метри. Тоа претставува онаа височина до која се наоѓаат селските населби и до која постојат услови за одгледување на разни видови полјоделски култури. Но и другите повисоки предели на кои отпаѓаат останатите 30,7%, а кои ги претставуваат средновисоките и високите планини, не се безначајни од стопански аспект, бидејќи најголем дел од нив е покриен со шуми или со пасишта кои исто така, имаат свое стопанско значење (Стојмилов, 1976).

Од крупниот релјеф во Македонија најзначајни се планините. Тие се разликуваат по времето на настанувањето, висината, правецот на протегањето, геолошкиот состав и други свои особини.

Според времето на настанување**,** планините се делат на планини кои припаѓаат на Родопската маса формирани главно во херцинската орогена фаза и планини од Динарската маса како помлади формирани во алпската орогенеза.

**Родопската маса** од своето настанување, односно од карбонското набирање во каледонската орогена фаза, па се до радијалните движења во неогенот, претставувала едно пошироко копно. Тоа долго време не било пореметувано и на него се одвивале ерозивни процеси кои ги создале флувијалните рамништа. Со тоа се објаснува зошто планините од оваа маса се одликуваат со поблаги наклони и заоблени врвови. Подоцна за време на неогенот под дејство на неогените радијални движења Родопското копно било распарчено, така што едни делови се спуштиле, а други издигнале, односно се создале депресии или котлини и хорстови или планини. Во Македонија планини од Родопската маса се следните: **Беласица, Огражден, Плачковица, Малешевските Планини, Голак, Осогово** и планините **Герман** со **Козјак** и **Билино.**

**Динарската маса** била создадена од седиментите наталожени во геосинклиналата Тетис за време на алпската орогенеза. Овие планини се вбројуваат во млади верижни планини. По староста, тектониката и геолошкиот состав во склопот на Динарската тектонска единица спаѓаат планините од *Западно-македонската* или *Шарско-пелистерска група* планини, потоа планините од *Пелагонискиот хорстантиклинориум* и планините од *Вардарската зона.*

**Западно-македонската или Шарско-пелистерската група планини** настанале со раседнување и набирање во плиоценот.



*Шар Планина- панорама*

Шарско-пелистерската група ја сочинуваат следните планини: **Шар Планина, Кораб,** со **Дешат** и **Крчин, Бистра, Стогово** со **Караорман, Јабланица, Галичица, Пелистер (Баба), Илинска** со **Плакенска** и **Бигла Планина, Бушава Планина, Добра Вода, Сува Гора, Жеден** и **Водно.**

Планините од **Пелагонискиот хорст-антиклинориум** во почетокот претставувале голем блок кој во прекамбриумот заедно со Вардарската и Родопската маса претставувале една целина. Подоцна во палеозојската ера дошло до кршење на старата Родопска Маса и во Централниот дел на нашата земја се формирал голем тектонски ров, Вардарска зона која била потопена со вода од Тетисот, а Пелагониската маса останала како остров. Подоцна со раседнување била создадена големата Пелагониска Котлина и планините: **Јакупица** со планините **Голешница, Даутица, Караџица, Сува Планина** и **Китка,** потоа **Бабуна, Селечка** со **Дрен Планина, Ниџе** и **Козјак.**

**Планините во Вардарската зона** почнале да се создаваат уште во Тријасот, а се формирале главно со силни радијални движења во постолигоценот. Се протегаат од двете страни на Вардар почнувајќи од **Скопска Црна Гора** на север, па преку источните падини на Јакупица, планината **Клепа,** завршувајќи со **Кожуф,** од десната страна на Вардар, а од левата страна се редат уште **Градиштанска Планина, Манговица, Конечка Планина, Градешка** со **Плауш Планина, Смрдеш Планина** и завршуваат со ниската планина **Кара Балија** западно од Дојранското Езеро. Во групата на млади верижни планини спаѓа и планината **Влаина,** источно од Делчевскиот ров, по која води Македонско-бугарската граница. Таа е дел од Краиштидната зона која во Македонија доаѓа на север од Карпатидите.

Планините во Македонија се разликуваат не само по времето на настанување и тектониката, геолошкиот состав и правецот на протегање туку и по надморската височина. Познавањето на овој елемент има повеќе наменско значење. Од надморската висина на една планина директно е зависен нејзиниот растителен и животински свет, потоа климата, хидрографијата, разместеноста на населбите и сл. За планинските простори денеска забележителен интерес покажуваат повеќе стопански гранки и дејности. За некои од нив тие имаат егзистенцијално значење. Такви се рударството, шумарството, сточарството, туризмот и др. Покрај морфотектонските и орографските, без познавање на хипсометриските карактеристики, не е можно изготвување на квалитетни регионални просторни планови.

Според надморската висина, планините во Македонија се делат на три групи: **високи** - оние кои имаат над 2.000 метри надморска височина, кои во нашата држава ги има 14, **средновисоки** од 1.000 до 2.000 метри кои се застапени со 20 планински масиви и **ниски** планини до 1.000 метри висина од кои има само 6 планини. Средната висина на планините во Македонија изнесува 1.677 метри (Стојмилов, 1976).

*Распоред на површините кај високите планини според надморската висина*

| Планина | | Најголема висина во m | Вкупна површина | Површина во km² | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | над 1000 | над 1500 | над 2000 |
| 1, 2 | Кораб (со Дешат и Крчин) | 2764 (2373) | 290,2 | 258,0 | 161,2 | 31,8 |
| 3 | Шар Планина | 2747 | 912,8 | 795,0 | 500,4 | 182,8 |
| 4 | Баба | 2601 | 436,2 | 370,3 | 172,1 | 30,8 |
| 5 | Јакупица | 2540 | 1672,8 | 657,8 | 239,0 | 60,2 |
| 6 | Ниџе | 2521 | 689,4 | 357,4 | 82,2 | 10,8 |
| 7 | Стогово | 2273 | 522,0 | 371,2 | 144,1 | 12,4 |
| 8 | Јабланица | 2257 | 254,6 | 158,6 | 61,2 | 8,2 |
| 9 | Осогово | 2252 | 1167,2 | 505,5 | 100,9 | 2,8 |
| 10 | Галичица | 2251 | 387,2 | 291,4 | 86,4 | 7,6 |
| 11 | Кожуф | 2171 | 893,0 | 265,0 | 68,0 | 1,6 |
| 12 | Бистра | 2163 | 572,8 | 483,8 | 255,4 | 4,8 |
| 13 | Добра Вода | 2062 | 396,0 | 188,0 | 48,0 | 0,2 |
| 14 | Беласица | 2029 | 266,4 | 42,4 | 8,0 | - |
| Вкупно: | | | 8460,6 | 4744,4 | 1926,9 | 354,0 |
| **Република Македонија (25.713 km²)** | | | **32,9%** | **18,4%** | **7,5%** | **1,3%** |

После планините, во релјефната структура на Македонија најмаркантни се **котлините**. Нивниот број изнесува 23 и зафаќаат помала површина од планините, поточно нивните рамни делови кои се познати и како полиња покриваат 4.900 km² или 19,1% од територијата на Македонија.

Настанати се по пат на раседнување, односно се спуштени по должината на раседни линии. Раседнувањето и спуштањето, главно, било извршено во средината на терциерот, кога истовремено настанало и издигнување на планинските масиви, така што дошло до разделување и заградување скоро на сите котлини со планини. Главните морфолошки особини нашите котлини ги добиле во текот на плиоценот кога биле исполнети со вода и во нив се наталожиле големи наслаги на езерски седименти. Во постезерската фаза преку флувијалната ерозија и акумулација биле формирани денешните пространи алувијални рамнини. Во плеистоценот, посебно во квартерот, на контактот меѓу планините и котлините се наталожиле **плавини** со дебелина од неколку десетици до стотици метри.

Котлините во Македонија, иако имаат речиси заедничко настанување, се разликуваат како по пространството, така и по надморската висина, а под дејство на климатските фактори и хидрографските услови и по стопанското значење и населеноста. Просторно се разместени низ целата територија на државата, зафаќаат различна површина и се наоѓаат на различна надморска висина.

Рамните делови на котлините, односно полињата според големината може да се поделат на **големи, средноголеми** и **мали полиња.** Во групата на големи полиња спаѓаат оние кои имаат **над 20.000 ha** површина. Такви се Пелагонија, односно Прилепско и Битолско Поле, Горни и Долни Полог, Овче Поле, Скопско Поле и Струмичко Поле. Втората група - средно големи рамнини ја чинат полињата кои имаат површина **од 10 до 20.000 ha.** Нив ги чинат: Кумановското Поле, Охридско-струшкото Поле, Гевгелиско-валандовското Поле, Преспа и Кочанското Поле. Сите останати полиња во Македонија имаат рамни површини со големина **под 10.000 ha** и спаѓаат во групата на мали полиња. Некои од нив, како, на пример, Тиквеш, зафаќаат големо пространство, но во најголем дел тоа е брановидно ридско земјиште. Но има и такви кои зафакаат сосема мали површини,а сепак во народот се познати како полиња. Такви се на пример: Костуринско, Попчевско, Групчинско, Цапарско, Карбинско, потоа карстните полиња и сл.

*Хипсометриски карактеристики на големите котлини и полиња во Република Македонија*

| Котлина -Поле | | Надморска височина во метри | Вкупна површина во $km^2$ | Рамнина - поле | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Просечна надм. височ. во метри | Вкупна површина во хектари |
| **1.** | **Пелагонија** | 570-2600 | 4000 | 650 | 120.600 |
| **2.** | **Полошка** | 300-2747 | 1475 | 500 | 33.200 |
| **3.** | **Овче Поле** | 200-874 | 2162 | 350 | 31.700 |
| **4.** | **Струмичко-радовишка** | 200-1881 | 1482 | 280 | 29.000 |
| **5.** | **Скопска** | 225-2540 | 1924 | 300 | 26.100 |
| **6.** | **Кумановска** | 200-1651 | 1315 | 400 | 19.600 |
| **7.** | **Охридско-струшка** | 696-2254 | 1318 | 740 | 16.000 |
| **8.** | **Гевгелиско-валандовска** | 43-2166 | 1000 | 80 | 15.300 |
| **9.** | **Преспа** | 853-2186 | 737 | 880 | 12.500 |
| **10.** | **Кочанска** | 290-2252 | 1020 | 330 | 11.500 |

Котлините во Македонија, како посебни морфолошки целини имаат полифункционално значење. Во нив главно се одвива аграрното производство во земјата. Во котлините е сконцентриран најголем дел од населението и тука

се сместени сите градски населби. Низ котлините водат главните сообраќајни комуникации поради што тие се и најкомуникативни простори во државата. Во некои котлини како Пелагонија, Кичевската Котлина и други се наоѓаат главните лежишта на лигнит во Македонија што овозможува развој на рударството во нив.

Во комплексот на стопанството, релјефот особено е значаен за развојот и разместеност на земјоделското производство и шумарството, потоа за сообраќајот, енергетиката и рударството, а преку нив посредно влијае и врз разместеност на преработувачката индустрија. И структурата на земјоделското производство тесно е поврзана и условена од природните услови. На пример, одредени растенија, како: ориз, афион, памук и сл. може да се одгледуваат само таму каде одговараат релјефните, климатските, хидрографските и почвените услови во Македонија.



*Оризови ниви – најпрепознатлив пејсаж од Кочанско Поле*

Врз разместеност на замјоделското производство во Македонија, релјефот влијае непосредно и посредно. Непосредното влијание е во тоа што во рамничарските предели стопанската активност на човекот е поголема отколку во ридско-планинските. Ова, во прв ред, доаѓа оттаму што во рамнините е најголема концентрацијата на продуктивното земјиште, зашто рамните предели се поповолни за обработување и можно е примена на машини, потоа затоа што може полесно да се наводнуваат, зашто се покомуникативни и т.н. Сето тоа придонесува и концентрацијата на населението во нашите полиња денеска да е многу голема, а со тоа да е зголемена и стопанската активност на човекот во нив.

Сосема е поинаку во планинските предели. Нивните природни богатства потешко се користат поради непристапност. Планинските страни, често се

стрмни, изложени на интензивна ерозија и не се погодни за обработка. Планините природно се предодредени за шуми и пасишта, а со тоа и занимањето на населението овде е насочено кон искористувањето на овие богатства.

Посредно релјефот влијае врз разместеност на земјоделското производство, бидејќи од него во голема мера зависат климата и другите елементи на природната средина. Така, во нашите планини има рамнини на височина и над 1.000 метри, но поради острата планинска клима и специфичниот состав на земјиштето, тие не може да се користат за одгледување житни растенија.

Изградбата на патишта, железнички пруги и други инфраструктурни објекти во планинските предели е многу отежната. Потребно е често да се прокопуваат големи тунели или да се подигаат мостови што многу ја поскапуваат изградбата. На пример, при продолжувањето на железничката пруга од Гостивар до Кичево беше потребно под планината Буковиќ да се прокопа еден од најголемите тунели на Балканскиот Полуостров, а и продолжувањето на истата пруга до Охрид, меѓу другото, е условено и од прокопувањето на, исто така, голем тунел под превојот Пресека.

### в). КЛИМАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СТОПАНСТВОТО

Климата не само што е еден од најважните елементи на географската средина, туку е и значаен фактор за развојот и разместеност на сите производствени гранки, а особено на земјоделството, сообраќајот и туризмот. Таа посебно, преку хидрографијата, почвите, растителниот и животинскиот свет, влијае на човекот и неговата целокупна активност. Комплексот климатски елементи го сочинуваат: радијацијата, температурата на воздухот, влажност на воздухот, воздушниот притисок, ветровите, облачноста, траењето на сончевиот сјај и врнежите. Од нив особено нагласено значење имаат температурата на воздухот, врнежите и ветерот.

**Температурата на воздухот** спаѓа меѓу најглавните елементи на времето и климата. Средната годишна температура на воздухот во земјава изнесува 11,1°C. Најтопол месец во годината е јули со просечна температура на воздухот од 20,3°C, а најстуден е јануари со просечна температура од 0,3°C. Највисока температура на воздухот воопшто измерена во Република Македонија откако на нејзина територија се спроведуваат континуирани метеролошки мерења е забележана во Демир Капија на 24 јули 2007 година и изнесувала 45,7°C, а најниска во Берово на 27 јануари 1954 година и изнесувала -31,5°C.

Јужните делови на државата се одликуваат со повисоки температури во споредба со северните. Така, на пример, одејќи од југ кон север средната годишна температура на воздухот постепено опаѓа: Гевгелија 14,2°C; Кавадарци 13,6°C; Скопје 12,0°C; Тетово 11,0°C и Крива Паланка 10,1°C.

Температурата и според височината, по правило, опаѓа. Тоа опаѓање е просечно за 0,56°C за секои 100 метри височина. Така, додека просечната годишна температура во Полошката Котлина е 11,0°C, во Мавровската Котлина е за 4°C пониска и изнесува 7,1°C, на Попова Шапка е 4,8°C, а на Солунска Глава -0,4°C.

**Врнежите** како климатски елемент по температурата на воздухот претставуваат најважен фактор, којшто заедно со останатите елементи ја одредуваат климата на одредено подрачје. Гледано од поширок просторен аспект, област со најмалку врнежи во Македонија е просторот меѓу Тиквеш (Кавадарци 476 mm), Овче Поле (Свети Николе 471 mm) и Штип 482 mm. Овде средногодишното количество на врнежи е под 500 mm. Во овој простор нема високи планини, релјефот е разбиен со ниски ридови што условува на најнеповолен начин да се испреплетуваат медитеранските и континенталните климатски влијанија.

Од ова централно најсушно подрачје во државата во сите правци се зголемуваат средно-годишните количества на врнежите, бидејќи се зголемуваат или влијанијата на средноморската клима или влијанијата на надморската височина. Таква е Скопската Котлина (Скопје 501 mm), Кумановската Котлина (Куманово 542 mm), Кочанската Котлина (Кочани 522 mm), Струмичката Котлина (Струмица 583 mm) и северниот дел на Пелагонија (Прилеп 556 mm). Сите овие подрачја просечно годишно добиваат меѓу 500 и 600 mm врнежи.

Распоредот на врнежите во Македонија, како и нивниот тип е многу нерамномерен. Просечните месечни и годишни суми на врнежите не се воедначени. Така, просечното годишно количество на врнежи за целата територија на нашата земја изнесува 680 mm. **Апсолутниот годишен максимум на врнежи е регистриран во с. Жировница во долината на Радика во 1962 година и изнесува 2.792 mm,** што е резултат на присуство на влажни воздушни маси од Јадранското Море и конфигурацијата на теренот.

Апсолутно пак најмали годишни врнежи од само 163 mm се регистрирани во хидролошката 1948/49 година во населбата Градско, во долината на Вардар. Овие податоци евидентно покажуваат дека разликата меѓу најсушното Градско и најврнежливото место с. Жировница во Македонија е поголема од 13 пати.

Гевгелиско-валандовската Котлина (Гевгелија 694 mm) и јужниот дел на Пелагонија (Битола 602 mm) поради влијанието на Егејското Море, како и Малешево (Берово 631 mm) и Славиште (Крива Паланка 633 mm), поради влијанието на висинската компонента, просечно годишно добиваат помеѓу 600 и 700 mm.

Сите високи котлини во западниот дел на Македонија како Преспа (Ресен 717 mm), Кичевската Котлина (Кичево 761 mm) и Полошката Котлина (Тетово 737 mm), добиваат меѓу 700 и 800 mm врнежи во текот на годината.

Охридско-струшката (Струга 812 mm) и Дебарската Котлина (Дебар 889 mm) поради близината на Јадранското Море и присуството на водените басени, добиваат меѓу 800 и 900 mm просечно годишно врнежи.




*Режим на врнежите во Р. Македонија (Лазаревски, 1993)*

Во врска со врнежите во Македонија се јавуваат три плувиметриски режими**: медитрански**, **нарушен медитерански и нарушен континентален режим.**

**Ветерот** претставува исто така важен климатски елемент кој дава основно обележје на климатските карактеристики на одредени подрачја. Тој претставува хоризонтално воздушно струење кое настанува поради разликата на воздушниот притисок во некое место. Движењето на ветерот е насочено во правецот на паѓањето на воздушниот притисок и ги донесува временските обележја на подрачјата од каде ја донесува воздушната маса. Така, јужните ветрови во зимските месеци во нашата земја донесуваат затоплување, а северните заладување. Ветровите, значи, вршат размена на воздушните маси и имаат улога на огромни природни пречистувачи на населбите, посебно на големите градови. Меѓутоа, топлите и сувите ветрови ја сушат почвата што има негативно влијание врз растенијата.

Во Република Македонија, ветровите дуваат главно од север, но правецот што преовладува во поедини подрачја се менува во зависност од орографските услови. Така, преовладува ветерот кој дува во правец на речните долини и котлини или планинските масиви.

Најзначајни ветрови во Македонија се **Вардарецот и Југот.** Вардарецот дува во Повардариeто, односно по долината на реката Вардар и тоа главно во зимската половина од годината, а поретко во лето. Тоа е сув, слаповид и доста ладен ветер, кој претежно условува ведро и ладно време. Дува од север кон југ, од Шар Планина и Скопска Црна Гора, односно од места со висок воздушен притисок кон Солунскиот Залив или места со низок воздушен притисок, но се приспособува спрема правците на котлините, долините и клисурите. Така, во Полог дува од северен правец, во Скопската Котлина од северо-западен, во Тиквеш, Гевгелиската Котлина, Пелагонија, Преспанската, Охридската и Кичевската Котлина од север, во Кочанската Котлина и Славиште од североисток и сл. Средната годишна брзина му е 3 m/s, но максималната му е многу поголема. На пример, во Скопската Котлина таа изнесува 19 m/s, а во Гевгелиско-валандовската Котлина и над 23 m/s. Максимална брзина достигнува во Штип 38,2 m/sек.

Југот дува, исто така, по долината на Вардар, но во спротивен правец од Вардарецот, од југ-југоисток кон север. И кај него правецот на дување се приспособува спрема структурата на релјефот. Средната годишна брзина му се движи од 2,0 m/s во Гевгелиско-валандовската и Струмичката Котлина до 5,0 m/s во Овче Поле и Славиште. Максималната брзина му изнесува 15,5 m/s во Тиквеш и во Скопската Котлина. Најмногу дува во пролетните и во есенските месеци, а како топол ветер во зимските месеци осетно ја зголемува температурата.

Покрај овие ветрови што се јавуваат како последица на циклонската активност, во Македонија се јавуваат и ветрови што се последица на нееднаквата термичка состојба меѓу котлините, долините и езерските водени површини и околните планини. Тоа се локални ветрови со денонoќен период на траење, а познати се како деник и ноќник. Дневниот ветер дува од котлините кон планинските врвови, од долините нагоре по падините и од езерската површина кон копното. Ноќниот ветер има обратен правец, дува од планините кон котлините и долините и од копното кон езерските површини. Во одделните подрачја тие имаат локални имиња. Така, на Охридското Езеро се познати: Стрмецот, Јелашникот, Беличникот, Ноќникот и други, на Преспанското Езеро се Долникот и Безимениот.

Дневните, особено ноќните ветрови што се јавуваат во сите котлини, имаат освежително дејство, бидејќи почести се во топлите летни месеци кога дневната максимална температура е доста висока.

Во зависност од климатските и останатите природни фактори, на територијата на Република Македонија се јавуваат три климатски типови: **изменето-средоземноморска, умерено-континентална** и **планинска клима.**

**Изменето-средоземноморската клима** се одликува со топли и суви лета и со благи и врнежливи зими. Есента и пролетта не се подеднакво изразени. Есента е подолга и потопла, а пролетта е пократка и посвежа. Застапена е главно во долината на реката Вардар и тоа во Дојранската и Гевгелиско-валандовската Котлина до Демир Капија. Послаби нејзини влијанија се чувствуваат преку Тиквешката и Велешката до Скопската Котлина, како и по Брегалница до Кочанската Котлина. Таа е застапена и во Струмичко-радовишката Котлина каде што се пробива преку реката Струма и Струмица. Во западниот дел на нашата земја изменето-средоземноморската клима со поослабени влијанија од Јадранското Море се јавува во Дебарската и Охридско-струшката Котлина по долината на Црн Дрим и реката Деволи.

**Умерено-континенталната клима** се одликува со релативно студени и влажни зими и суви и топли лета. Пролетта е посвежа од есента. Оваа клима е застапена во Малешевијата, Славиште, Кумановско, Овче Поле, Скопската Котлина, Полог, Кичевската, Преспанската Котлина и Пелагонија. Умерено-континенталната клима во овие подрачја има специфични карактеристики. Таа е последица на пробивањето на ладните воздушни маси од север во зимскиот дел на годината и топлите воздушни маси во лето од југ, како и од релјефните особености, односно надморската височина на одделните котлини. Средната јулска температура е највисока во Овче Поле, додека средната јануарска температура е најниска во Малешевската Котлина. Годишното количество на врнежи се движи од 471 mm во Свети Николе, 602 mm во Битола до над 800 mm во Гостивар. Врнежите се во вид на дожд и снег, а честа е појавата и на град.

На планините во Македонија кои имаат поголема надморска височина од 1.000 метри владее **планинска клима.** Таа се одликува со долги, студени и снежни зими и со кратки и свежи лета. Пролетта е поладна од есента. Температурата на воздухот опаѓа со порастот на надморската височина, а спротивно на неа врнежите се зголемуваат. Најстудени месеци се јануари и февруари: на Попова Шапка, на пример, тие изнесуваат -3,7°C и -3,5°C, а најтопли месеци се јули 13,6°C и август 13,7°C. На планините во Македонија паѓа редовно поголемо количество врнежи. Најмногу врнежи паѓаат во планинското подрачје на западниот дел од Македонија над 1.000 mm, додека на планините во источниот дел од Македонија таа изнесува околу 700 mm. Најмногу врнежи паѓаат во текот на есенските и зимските месеци и тоа во вид на снег. Просечниот период на траење на снежната покривка е од ноември до април, но во повисоките планински делови снегот се задржува и до крајот на мај. Така климатските услови на нашите планини, особено на високите, даваат широки можности за развој како на летниот стационарен, така и на зимско-спортскиот туризам.

Разновидните и благопријатни климатски услови застапени во Републиката овозможуваат развој на разновидно земјоделско производство. Така, во областите со изменета средоземноморска клима успеваат многу видови суптропски култури, како: оризот, памукот, афионот, сусамот, кикириките, смок-

вите, калинките, како и одгледувањето на големи површини винова лоза и раноградинарски култури.

Во областите со умерено-континентална клима најдобро успеват житата, индустриските, градинарските и фуражните растенија.

На планините, каде владее планинска клима, најдобро успева компирот и некои видови жита, како р'жта и овесот, кои се отпорни на ниски температури. Планинската клима е благопријатна за одмор и рекреација на луѓето, односно за развој на зимските спортови, поточно, на туризмот воопшто.

Од климата зависи и географската разместеност на природната вегетација, а во врска со тоа и на одделните видови животински свет. На планините, поради поголемите количества врнежи, се јавуваат развиени шумски заедници и планински пасишта со кои е поврзан развитокот на шумарството и сточарството. Во тесна врска со разместенос на растителниот свет е и разместеноста на животинскиот свет.

Ветерот и сончевата енергија претставуваат и неисцрпен енергетски извор. Во услови на брз развој на енергетиката, а постојано намалување на нерегенеративните енергетски извори, искористувањето на сончевата енергија и енергијата на ветерот во светски размери постојано се зголемува.

Освен позитивното, климата има и негативно влијание врз развојот на стопанството. Така сушите, кои се честа појава во нашата земја, на земјоделството му нанесуваат големи, често и катастрофални штети. Снегот, освен што ги заштитува посевите од мрзнење, земјиштето го обезбедува со влага, а на високите планини го овозможува развојот на зимскиот туризам. Кога е наврнат во поголеми количества, често пати го отежнува и дури го запира одвивањето на сообраќајот. Тоа се јавува особено во планинските предели каде на сообраќајниците често се спуштаат и лавини. Сообраќајот често го отежнуваат и густите магли кои се појавуваат во котлините и во речните долини.

**г). СТОПАНСКО ЗНАЧЕЊЕ НА ВОДИТЕ**

Водата претставува важно природно богатство и еден од основните услови за опстанок на органскиот свет, а со тоа и на човекот. Развојот на земјоделството и индустријата многу зависи од резервите на вода. Чистата и здрава вода од изворите, реките и езерата е значајна, пред сé, за водоснабдувањето на нашите населени места. Денес, поради брзиот развој на нашите градови, проблемот за нивното водоснабдување е сé поактуелен, како за потребите на населението, аграрното производство, така и за потребите на индустријата. Во некои гранки на индустријата се трошат огромни количества вода која се употребува како суровина во процесот на производството, потоа за ладење на машините, за чистење, перење и сл. Така, за преработка на еден тон дрвна маса во хартија потребни се околу 250 тони вода. Исто така, вода се троши за добивање 1 тон челик, а за добивање 1 тон синтетички влакна потребно е од 2.000

до 8.000 тони вода и т.н. Проблемот со вода меѓу нашите градови особено е нагласен во Прилеп, Штип, Куманово и други градови.

На територијата на Македонија, во зависност од геолошкиот состав, релјефната структура, климата и биогеографските особености, како и од дејството на човекот, се среќаваат повеќе видови води. Едни се подземни води, извори и врутоци, други протечни води, а трети природни и вештачки езера.

Вкупното водно богатство на Република Македонија се цени на околу 26 милијарди $m^3$. Од тоа 18,8 милијарди $m^3$ е од врнежите, 6,22 милијарди $m^3$ е вода истечена од сливните подрачја со просек од 197,2 $m^3/s$, 0,52 милијарди $m^3$ е подземна вода и 0,42 милијарди $m^3$ е вода од поголемите извори. Според тоа, во просек Македонија би можела да се вброи во средно богатите земји, посебно со акумулираните води во трите природни езера, (Охридското, Преспанското и Дојранското) и подземните води, но според фондот на протечните води таа спаѓа во релативно сиромашните држави со води. Тоа посебно е нагласено во нивната нерамномерна распореденост, а што е резултат на различниот геолошки состав, релјефната структура и климатските особености. Така, посиромашни со вода се источните предели, а доста богати се северозападните и западните региони на државата.

Важна просторна појава е што 84% од водите во нашата држава се домицилни, а само 16% доаѓаат однадвор од нашата држава. Тоа упатува на констатација дека од нашиот однос кон нив ќе зависи и режимот на нивното користење и нивната загаденост. Влезни води во Македонија донесуваат реките: Лепенец, Пчиња, Радика и Елешка Река, а излезни води кои истовремено се и домицилни води изнесуваат реките: Вардар, Струмица, Црн Дрим, извориштето на Бинечка Морава и реките Цironска и Лебница. Реката Лепенец просечно годишно внесува во Македонија 274 милиони $m^3$ вода, а реката Пчиња 153 милиони $m^3$. Вардар пак од Македонија просечно годишно изнесува 457 милиони $m^3$, Црн Дрим 1. 640 и реката Струмица 132 милиони $m^3$.

Во земјава постојат вкупно 4.414 извори. Од нив 1.100 извори се со штедрост поголема од 1,0 l/s. Според водостопанската основа, 800 извори имаат штедрост од 1-5 l/s, 300 извори имаат штедрост поголема од 5 l/ s, меѓу кои 90 извори имаат штедрост поголема од 30 l/s, а 58 извори се со штедрост поголема од 100 l/s. Тие даваат 84% од вкупната количина изворска вода која од поголемите извори во Македонија се цени дека изнесува 0,42 милијарди $m^3$.

Гледано во целина, Македонија не е богата со извори. Најголем број од нив (80%) се наоѓаат во сливот на Вардар, посебно во горните планински и припланински подрачја. Значително помал број (15%) од изворите се распоредени во сливот на Црн Дрим и само 5% извори се во сливот на реката Струмица. Најбогати со изворска вода се планинските подрачја на Шар Планина, Јакупица, Бистра, Пелистер, посиромашни се Осогово и Плачковица, а најсиромашни со извори се средното сливно подрачје на Пчиња, долниот тек на Брегалница и Средното Повардарие.

Во Македонија до сега се откриени повеќе од 50 извори на минерални и термо-минерални води со вкупен капацитет од околу 1500 l/s. Сите тие главно се врзани за раседните зони, односно се јавуваат на дислокациските линии. Меѓу поважните бањи се вбројуваат: Катлановска бања, Струмичка Бања, Негорска Бања и Дебарските Бањи-Бањиште и Косовраска Бања. Тие претставуваат значајни туристички ресурси.



*Катлановска Бања- панорама*

Во Кочанската, Струмичката и Гевгелиско-валандовската Котлина за производство на ран зеленчук сé повеќе се користи и топлата минерална вода.

Во Република Македонија се јавуваат три видови на реки: постојани, периодични (сезонски) и повремени.

Според проучувањата што се извршени во нашата земја, за образување на постојан водотек потребно е средната годишна висина на врнежите да изнесува повеќе од 550 mm.

Настанувањето на нашите реки е во тесна врска со олиго-миоцените тектонски движења кога се формирале котлините и биле исполнети со вода и плиоцените тектонски нарушувања кога езерата од котлините истекле на југ кон Егејското Море. Тоа била водата од Егејските Езера, додека водата од Десаретските Езера истекувала кон север, односно кон Јадранското Море. На тој начин во исушените котлини почнала да дејствува флувијална ерозија, поточно се формирале речните текови и сливови. Со оглед на тоа што езерата меѓу

себе биле поврзани со езероузини, по езерската фаза овие езероузини се развиле во клисури, а котлините, по чии централни рамнини се формирале речните текови, станале проширени долини. Според тоа, денешните наши главни долини се со полигенетско потекло, составени се од клисури и котлини и претставуваат композитни долини. Таква е долината на реките Вардар, Брегалница, Црна Река и др.




*Речни сливови во Република Македонија*

Реките во Македонија припаѓаат на три речни слива: Егејски, Јадрански и Црноморски речен слив.

**Егејскиот речен слив** е најголем во Македонија. Зафаќа површина од 22.319 km$^2$ или 87% од вкупната територија на државата. Него го сочинуваат сливот на река Вардар, кој зафаќа површина од 20.535 km$^2$ (80% од територијата); сливот на реката Струмица со површина од 1.535 km$^2$ (7% до територијата); сливот на Циронска Река со површина од 129 km$^2$ и сливот на Дојранското Езеро со површина од 120 km$^2$.

Вардар е најголема и најзначајна река во Македонија. Извира од карстен извор кај с. Вруток, во југозападниот дел на Полошката Котлина, во подножјето на Шар Планина, на надморска височина од 683 m. Нашата земја ја напушта кај Гевгелија на кота од 43 m, потоа тече низ Егејска Македонија (Грција) и се влева во Егејското Море. Вкупната должина на реката изнесува 388 km, од кои на нашата земја и припаѓаат 301 km. Од изворот до влевањето зафаќа сливна површина од 28.588 $km^2$ од кои во Република Македонија се наоѓаат 20.535 $km^2$, во соседна Грција 6.843 $km^2$ и на север во Србија и Косово 1.210 $km^2$ (горните текови на Лепенец и Пчиња). Средниот проток на вода во Вардар при утоката изнесува 174 $m^3/s$.

На својот тек низ нашата земја, Вардар прима 37 притоки подолги од 10 km. Од нив 16 се слеваат од десната, а 21 од левата страна. Поголеми притоки од десната страна се: Треска, Маркова Река, Кадина Река, Бабуна, Тополка и Црна Река, додека од левата страна се: Пена, Лепенец, Пчиња, Брегалница и Анска Река.

**Јадранскиот речен слив** во Македонија го сочинува поречието на Црн Дрим. Преку него се одводнуваат западните и југозападните делови на Република Македонија, односно површина од 3.350 $km^2$ или околу 13% од територијата на нашата држава и според големината е втор слив во Република Македонија. На него му припаѓа и сливната површина на Охридското и Преспанското Езеро. Најзначајна река во овој слив е Црни Дрим.



*Истекот на Црн Дрим од Охридското Езеро*

Црн Дрим истекува од Охридското Езеро во Струга преку отока што народот ја нарекува *„уста"* на височина од 695 m, кон север, најпрво тече низ Струшкото Поле до с. Ташмаруниште од каде навлегува во заезерената Дримколска Клисура, односно во езерото Глобочица. Под браната Глобочица повторно се формира краток речен тек и повторно навлегува во соседното Дебарско Езеро. Него го напушта кај Шпилски Мост и натаму 12 km тече како гранична река, а потоа, во Дебарско Поле западно од с. Спас на кота од 746 m, влегува во Р. Албанија. Должината на Црн Дрим на нашата територија изнесува 56 km, со среден пад од 4‰ и среден проток од 56 $m^3$/s. Најзначајна притока на Црн Дрим е реката Радика (64,7 km.).

**Црноморското сливно подрачје** зафаќа незначителен дел од територијата на Македонија - 44 $km^2$. Тоа се наоѓа на северната страна на Скопска Црна Гора, поточно на Карадаг, каде што извира Бинечка Морава, којашто водите од ова подрачје преку Морава и Дунав ги носи во Црно Море.

Нашите реки располагаат со 6.436 милиони kwh енергетски потенцијал и се користат како енергетски извор. На нив денес се изградени 16 хидроцентрали со можно просечно годишно производство електрична енергија од 1.443 милиони kwh, односно од вкупниот искористлив хидроенергетски потенцијал во Републиката се користи само 22,5%, а останатиот сé уште е неискористен.

Големите тектонски езера во Македонија , особено Дојранското доста се богати со риби и на нив е развиен риболовот. Со риби се богати и некои наши вештачки езера, особено Мавровското. Риболовот е присутен и на нашите поголеми реки.

Водите во Македонија, особено езерата, термоминералните извори и планинските реки, се многу значајни и за развој на туризмот. Сепак, треба да се каже дека водните ресурси во нашата земја се прилично ограничени. Затоа тие треба да се користат рационално и да се чуваат од загадување.

### д). СТОПАНСКО ЗНАЧЕЊЕ И ГЕОГРАФСКА РАСПРОСТРАНЕТОСТ НА РАСТИТЕЛНИОТ И ЖИВОТИНСКИОТ СВЕТ

Растителниот и животинскиот свет имаат, исто така, големо значење за стопанството и за животот на луѓето во нашата држава. Од нив се обезбедуваат низа производи за исхрана на населението, како и разновидни суровини за потребите на индустријата. Растителниот и животинскиот свет отсекогаш на луѓето им служеле како единствен извор на храна. Притоа, луѓето чувствуваат потреба за храна како од растително, така и од животинско потекло.

Во биогеографски поглед Република Македонија се карактеризира со богат растителен и животински свет. Тоа е резултат на нејзината специфична географска положба и отвореност спрема јужните и северните климатски влијанија, потоа различната релјефна структура и геолошки состав, одредената изолираност на поодделните подрачја, како и влијанието на човекот. Разместеноста на флората и фауната по територијата на нашата држава не е подед-

наква. Таа се разликува како во хоризонтална, така и во вертикална смисла. Со безпланското уништување во минатото изменети се површинските состојби на одделни растителни видови, како што е намален, делумно истребен и просторно ограничен ареалот на дел од животинскиот свет. Така, поради потреба од обработлива земја и пасишта, листопадните шуми биле ископачени на големи површини. Од долната шумска граница нагоре копачењето се спроведувало со цел да се добијат обработливи површини, а од горната шумска надолу, палењето се вршело со цел да се добијат нови пасишни површини. На овој начин земјоделецот и сточарот во одредени подрачја се состанале и оставиле зад себе големи безшумни пространства. Покрај тоа во нашата земја се среќаваат и реликти, односно ендемични видови на флора и фауна, од кои некои се зачувани дури од терциерниот период. Тие имаат посебно значење за науката, а во просторите кои се прогласени за национални паркови и за развој на туризмот.

Република Македонија според географската положба се наоѓа меѓу две големи растително-географски области*:* медитеранската и евро-сибирската растителна област. Претставници од медитеранската се среќаваат во подрачјата од државата во кои се чувствуваат влијанијата на изменето-медитеранската клима, а тоа се Долното и Средно Повардарие и долината на Црн Дрим. Растителните претставници од евро-сибирската област се сретнуваат во останатите подрачја на Македонија. Меѓутоа, има и подрачја каде се преплетуваат растителни видови од двете области, како што е случај со Скопската Котлина. Во флората на Македонија учествуваат и голем број балкански терциерни реликти, како и претставници од малоазиската област.

Природниот растителен свет во Република Македонија го сочинуваат главно шумите и тревните заедници.

Се проценува дека во Македонија има околу 3.500 виши растенија. Прецизно е констатирано дека дендрофлората на Републиката ја сочинуваат 319 видови дрвја и грмушки со повеќе од 80 подвидови и вариетети во рамките на 119 родови и 54 фамилии. Од вкупниот број видови 16% се балкански ендемити или субендемити.

Шумите, кои покриваат 950.000 ha или 37,6% од вкупната територија на Републиката и се јавуват од 300 до 2.000 метри надморска височина, имаат повеќекратно значење. Од нив се обезбедува големо количества дрва, кое се користи за огрев, има примена во градежништвото, дрвната индустрија, рударството, во железничкиот и поштенскиот сообраќај. Потоа, од нив се добива смола, екстракт за производство на лекови и плодови за исхрана на луѓето. Шумите се значајни и за полјоделството, бидејќи ја спречуваат ерозијата, а со подигнувањето на шумски појаси, каков што е случајот во Овче Поле и Пелагонија, обработливите површини се заштитуваат од силните ветрови.

Широколисните шуми или како уште се викаат лисјари покриваат 539.600 ha или 57%, четинарските шуми 78.700 ha или 8%, а мешовитите лисја-

ри и мешовити четинарски шуми 335.000 ha или 35% од вкупниот шумски фонд во земјата.

Кај листопадните шуми најмногу е раширен **дабот**. Тој се јавува на површина од 275.000 ha и учествува со скоро 30% од шумската вегетација во нашата земја. Се среќава на сите ридови и планини во Македонија и се протега од подножјето на котлините до 1.100 m надморска височина.

Над појасот на дабовите шуми се јавува појасот на **буковите шуми.** Тие покриваат површина од 228.000 ha или 24% од вкупната површина под шуми во државата. Буковите шуми започнуваат од 1.100 m надморска височина и се протегаат до 1.650 m надморска височина.

**Субалпските елови шуми** (чисти или мешовити) се јавуваат на Западномакедонските планини и тоа на височина до 1.800 m. **Субалпските шуми од смрча** се јавуваат на мали површини на Шар Планина, често помешани со елата. Се сретнуваат на повлажни осојни експозиции на височина меѓу 1.700 и 2.000 метри. **Шумската заедница на кривестиот бор** се јавува во високите делови на Јакупица, а мали остатоци има и на Шар Планина. На Солунска Глава се јавува на височина и до 2.500 m.

Според разместеноста и структурата на шумите во Македонија се издвојуваат четири шумски региони (Беќар, 1971): **1. Горно-вардарски** (со 28,8% од шумскиот фонд); **2. Кичевски** (19,7%); **3. Брегалнички** (26,3%) и **4. Мариовски** (26,0%).

Во Република Македонија големо стопанско значење имаат и ливадите и пасиштата. Заедно се распространети на површина од 692.000 ha и претставуваат основа за развој на сточарството. Пасиштата се делат на: **високопланински, пасишта на планински рудини, ридски пасишта и рамничарски пасишта.** Во зависност од тоа каде се наоѓаат, се разликуваат по вегетациската покривка и по квалитетот на тревата. Низинските пасишта се најмалку застапени, повеќе се раширени ридските, а најзастапени се планинските пасишта. Тие зафаќаат површина од 192.500 ha, од кои 148.500 ha или 77% се простираат на високите планини во западниот дел на Македонија. Најголеми површини под овие пасишта се наоѓаат на Шар Планина 39.400 ha, а по неа следуваат Јакупица со 19.100 ha, Бистра со 17.100 ha, Осогово со 14.500 ha, Баба со 11.500 ha, Сува Гора со 11.000 ha и Галичица со 10.000 ha.

Во нашата држава е распространет и разновиден животински свет. Тој има свое стопанско значење бидејќи врз негова основа се развива ловот и риболовот, потоа ловниот туризам, а кожата на дивечот се користи и како суровина во кожарската индустрија.

Република Македонија претставува разновиден, богат и мошне сложен простор од зоогеографски аспект. Разновидната релјефна структура, испреплетените климатски влијанија, присуството на повеќе растителни области како и самиот човек, имаат силно влијание и врз животинскиот свет. Едни животни се врзани за рамните делови од котлините - полињата, други за езерата, трети за шумските подрачја, додека некои само за највисоките планински предели. За

денешната застапеност на животинскиот свет значајна улога има и човекот. Под негово влијание некои животински видови се раширени, други значително намалени или целосно исчезнале, а некои се зачувани само во одредени простори. Така, Македонија не е хомогена зоогеографска област. Животинскиот свет е составен од медитеранска и средно-европска фауна, а има претставници и од источностепската фауна. Медитеранската фауна навлегувала по долината на реката Вардар и нејзините претставници ги населиле рамнините и донекаде ридестото земјиште. Претставниците пак на средно-европската фауна навлегле од север и се рашириле по планините низ цела Македонија. Таков распоред на фауната настанал после ледениот период. Тогаш средноевропските типови животни, поради топлата клима, ги напуштиле низините, се повлекле во планинските делови, а во полињата од југ продреле медитерански врсти на животни. Како последица на таквото поместување, денеска на нашите планини има распространето средноевропски видови животни кои во Средна Европа живеат во низините.

**Медитеранската фауна** во нашата држава се состои од *егејско-медитеранска* и *јадранско-медитеранска фауна.* Егејско-медитеранската фауна главно се вселила по долината на Вардар од Солунската Низина и допрела до Скопската Котлина и Овче Поле во кои се меша со средноевропската низинска фауна, потоа по долината на Струма во Струмичко-радовишката Котлина, а се населила и во Битолското Поле во Пелагонија. Претставници на Јадранската-медитеранска фауна продреле по долината на Црн Дрим до Охридско-струшката Котлина каде се јавуваат и Средно-европските видови.

**Средноевропската фауна** е распространета во сите средновисоки и високи планини во Македонија. Од неа особено се карактеристични оние видови на животни, кои се врзани за шумските зони или високопланинските пасишта.

Меѓу најраширените животни во Македонија е **зајакот.** Тој ги населува сите рамничарски и ридски делови во државата, поточно на површина од околу 1.600.000 ha. Овде, особено на ридестиот терен се јавува и **лисицата,** а од птиците **врабецот, чавката, клукајдрвецот, гугутката** и др., додека од влечугите **зелениот гуштер, поскокот** и **шарениот смок.**

Во зоната на дабовиот и буковиот појас се јавува **дивата свиња** која најмногу е застапена околу Дојранското Езеро, Демир Капија, на Кожуф, Бистра, Кораб, Шара и Јабланица. На овие простори како и на останатите планини во земјата доста се раширени **волкот** и **верверичката.** Потоа, повеќе на планините од западниот дел, а помалку од источниот дел на Македонија се јавува **срната**. **Дивата коза** се јавува на Шара, Кораб, Бистра, Стогово, Јабланица и Јакупица. На овие планини се јавува и **мечката. Еленот** е застапен на планината Кожуф во сливот на река Дошница на површина од околу 10.000 ha.

Од птиците **полската еребица** ги населува сите површини чија надморска височина не е поголема од 1.000 метри. Најраспространета е во Овче Поле, Пелагонија, Повардарието, Полошката, Скопската, Кумановската Котлина и др. **Еребицата камењарка** е во ридскопланинските делови главно до 1.700 m над-

морска височина. **Фазанот** е растространет на површина од околу 30.000 ha и тоа покрај речните текови. Фазанеријата во Катланово е главен центар за негово размножување.

**Водената фауна** во нашата држава е речна и езерска. Во зависност од тоа кои претставници од ихтиофауната се застапени, истечните води се делат на две основни групи: салмониди (води населени со пастрмка) и циприниди (води населени со крап).

Во првата група спаѓаат нашите најубави планински реки: Радика, Пена, Кадина Река, Бошава и др., а втората група ја сочинуваат поголемите водени текови во државата како Вардар, Црна Река, Брегалница и др.

Животните заедници на животинскиот свет во водите се сконцентрирани претежно во нашите големи езера: Охридското, Преспанското и Дојранското, додека вештачките езера главно имаат видови што претходно живееле во речните води или се порибени по вештачки пат.

Во Охридското Езеро животинскиот свет припаѓа на западно-балканската фауна. Поради неговата географска изолираност и поволните хидрографски услови во езерото се зачувани и живеат околу 146 ендемични организми. Затоа со право е наречено музеј на живи фосили. Водните реликти на езерото потекнуваат од плиоцената слатководна фауна. До денеска се одржале благодарение на изолираноста на езерото во кое не можеле да продрат други видови на фауна и да предизвикаат изумирање на старите видови. Како резултат на тоа денеска во Охридското Езеро 60% од рибите се ендемични. Рибите припаѓаат на четири фамилии и тоа: салмониди, циприниди, кобитиди и ангулиди со вкупно 17 видови. Од нив најзастапени се салмонидите кои се претставени со **пастрмката** и **белвицата.**



*Преспански крап*

Во Преспанското Езеро живеат четири фамилии со 12 видови риби. Од кои најголемо стопанско значење имаат: крапот, скобусот, нивичката и др., а во Дојранското Езеро живеат шест фамилии со 17 видови риби како: крапот, црвеноперката, летницата, белвицата и др. Црвеноперката е најзастапена риба во Дојранското Езеро. Ваквото богатство на риби се должи на квалитетниот и по состав различен зоопланктон.

## ѓ).ПОЧВИТЕ КАКО ПРИРОДНО БОГАТСТВО

Почвите, исто така, се големо природно богатство на нашата држава. Тие се значајни за животот на човекот и за неговата стопанска активнсот, особено за развитокот на земјоделството, шумарството и сточаството. На плодните почви во котлините, речните долини и на благи ридско-планински страни се одгледуваат сите видови земјоделски култури кои виреат кај нас. Од нив се обезбедуваат неопходните производи за исхрана на нашето население, како и различни суровини за индустријата. Планинските почви, пак, се погодни за развој на планинските шуми и високопланинските пасишта, кои се база за развој на сточарството и дрвната индустрија.

На територија на Република Македонија се јавуваат повеќе од 30 типови на почва. Во тој поглед, Македонија претставува вистинска педолошка збирка на скоро сите видови почви што се распространети во Југоисточна Европа. Врз создавањето на ваквиот мозаичен почвен покривач влијаеле многу педогенетски фактори, а особено значајни се: геолошкиот состав, релјефната структура, климатските и хидрографските прилики и растителниот и животинскиот свет. На квалитетот, својствата и измената на почвите, влијаел и човекот со својата работа. Според тоа, почвите се резултат на комплексното влијание на сите фактори во географската средина. Во Република Македонија, сите овие фактори се одликуваат со голема разноликост, па за тоа се јавуваат и вака голем број разновидни типови почви.

Според географската распространетост во Македонија почвите се јавуваат во следните педогеографски реони: планински, брановидно-ридски, падински и рамничарски. Сите заедно покриваат вкупна површина од 2.571.300 ha. Најголемо пространство зафаќаат почвите на планинските терени (64,4%), потоа следуваат почвите на брановидно-ридските терени 21.53 %, почвите на рамничарските терени 7.88% и почвите на падинските терени 6,19%.

Според развиеност, почвите во Република Македонија се делат на неразвиени или атиписки и развиени или типски почви. Во неразвиените спаѓаат: еолските, елувијалните, делувијалните, делувијално-алувијалните и алувијалните почви. Сите тие се млади почви кои чинат преод меѓу матичниот супстрат и развиените почви. Во развиените или типски почви спаѓаат: циметните шумски почви, кафеавите почви врз варовници и доломити, црвеницата, кафеавите шумски почви, ливадските почви, тресетните почви, мочуришните почви, солените почви и други. Поради силните ерозивни процеси во нашите котлини доминираат неразвиените почви (64%) и тоа елувијалните, делувијалните и алувијалните почви.

Во планинските терени кои се од првостепено значење за шумарството, доминираат почвите образувани на силикатни карпи. Меѓу нив, најраширени се **кафеавите шумски почви.** Тие покриваат 729.618 ha или 28,38 % од територијата на Република Македонија. На голема површина  се јавуваат на Шар Планина, Кораб, Бистра, Стогово, Плакенска Планина, Јакупица, Бабуна, Селечка

Планина, Кожуф, Градешка Планина, Малешевски Планини, Огражден, Плачковица, Беласица и уште на неколку планини. Најраспространети се на терени изградени од кисели и силикатни карпи, а се среќаваат обично на надморска височина од 700 до 2.000 метри. Врз овие почви расте шумска вегетација и тоа букова и иглолисна шума. Содржината на хумусот опаѓа со длабочината. Во полјоделството се користат за одгледување на компири и 'рж, а од овошјето на нив успеваат јаболката, крушата и сливата.

Во почвите на брановидно-ридските терени доминираат **сироземните почви и смолниците.**

**Сироземните почви** се јавуваат на површина од 92.705 ha (3,6%), а најмногу се распространети во Овче Поле, Радовишко Поле и на други места. Тие се многу погодни почви за одгледување на винова лоза.




К-21. Педолошка карта на Р. Македонија

*Педолошка карта на РепубликаМакедонија /по Ѓ. Филиповски/*

**Смолниците** зафаќаат површина од 61.900 ha (2,41%). Најголем дел се јавуваат врз терциерни езерски глини и врз вулкански туф и тоа најмногу во Вардарската зона, каде преовладуваат такви седимети како во: Кумановската, Скопската, Велешката, Тиквешката Котлина и Овче Поле. На помали површини се јавуваат во Кривопаланечката, Делчевската и Беровската Котлина, Кратовско-злетовската област, потоа во Дојранската и Струмичката Котлина, во Мариово, Битолското Поле, Полог и Охридската Котлина, посебно во Љубанишкото Поле. Се среќаваат на надморска височина од 200 до 900 m. Смолниците имаат голема содржина на глина и колоиди и кога ќе се наводенат набабруваат, се раскалуваат, но истовремено слабо пропуштаат вода. Затоа тие се тешки за обработка. Меѓутоа, доста се плодни бидејќи содржат значајна количина на хумус. Погодни се за одгледување на земјоделски култури, посебно пченица, поради што се познати и како *„пченични почви"*. На смолниците добро успеваат и некои индустриски култури, како афионот, памукот, сончогледот, шеќерната репка и др. Со наводнување се погодни за одгледување на градинарски и фуражни култури. Смолниците се користат и за подигање насади со коскести овошја: праски, кајсии, бадеми и др.

Меѓу почвите на падинските терени најраширени се **делувијалните почви**. Тие се јавуваат на површина од 133.717 ha, или покриваат 5,2% од територијата на Република Македонија. Главно се лоцирани на допирот меѓу планинските терени и дната на котлините. Продукт се на ерозивните процеси и се образуваат од делувијалните и поројните води кои при влегување во котлината носат и таложат еродиран материјал. Тоа се млади почви кои и денеска се создаваат и на теренот формираат конусни микро-релјефни облици во вид на поројни наноси. Најмногу се распространети во Полог, Пелагонија, Преспа, Струмичко-радовишката Котлина, Гевгелиско-валандовската и Кочанската Котлина.

Четвртата група почви ја сочинуваат почвите од рамничарските терени. Тука спаѓаат алувијалните почви, скелетните почви од наносно потекло, ливадските и глејните почви и др. **Алувијалните почви** се најраспространети почви. Зафаќаат површина од 126.207 ha или 4,9% од територијата на Република Македонија. Главно се јавуваат во плавните ниски делови на големите реки: покрај Вардар во Полог, Скопската Котлина, Тиквеш и Гевгелиско-валандовската Котлина, Црна Река во Пелагонија, во Кочанската Котлина покрај Брегалница, во Струмичко-радовишката Котлина покрај реката Струмица и други места. Тоа се млади почви кои и денеска се создаваат и постојано се обновуваат со нови количини на речен нанос. Содржат доста хумус, органоминерали, глина и биогени елементи и се одликуваат со висока плодност.

Имајќи го предвид големото значење на почвите, тие треба грижливо да се штитат од ерозија, рационално да се користат, да се одржува нивната плодност и да се заштитуваат од загадување.

# 2. ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИ УСЛОВИ И РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО

## 2.1. РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Македонија, благодарение на својата извонредно поволна географска положба, уште во стариот век заземала значајно место во општествено-економскиот развој на Балканот. Таа уште во најраната историја се јавила како мост во поврзувањето на двете големи културни и стопански области кои тогаш егзистирале и тоа: Егејско-анадолската од една страна, која претставува жариште на најстарата развиена земјоделска култура и внатрешноста на Балканот, односно Средна Европа, од друга страна.

Така, уште во периодот на постариот неолит, за време на првобитното општество, територијата на Македонија била постојано населена, се јавило примитивното земјоделство и почетоците на сточарството, како и зачетоците на домашната преработка, особено грнчарството. Ширењето на материјалната култура, поточно земјоделството, главно доаѓало од Анадолско-тракиската област и тоа по пат на миграциското движења на населението кое барало нови обработливи површини. Уште тогаш од Анадолија во Македонија била пренесена пченицата која до денес останала главна земјоделска култура. Во помладиот неолит, се јавил втор бран на ширење на земјоделството од исток, со што тоа дефинитивно се зацврстило во Македонија.

Во бронзената епоха, која во Македонија траела од 1.900 до 1.200 година пр.н.е., се јавиле големи миграциски движења кои во неколку бранови доаѓале од исток, од Понтиските степи. Тоа биле индо-европски сточари кои извршиле индоевропеизација на Македонија, а во стопански поглед, освен земјоделството, се зацврстило и сточарството. Тогаш кај нас биле донесени и распространети коњите како домашни животни.

Малку се знае за економската состојба на древната македонска држава. Најголема територија и економски просперитет доживеала за време на Александар Македонски кој владеел од 336 до 323 година пр.н.е. Благодарение на него, Македонија од мала земјоделско-сточарска земја прераснала во голема држава, а како што ја нарекуваат античките автори и *„господарка на светот"*. Меѓутоа, обидот на Александар Македонски да создаде единствена светска држава не успеал зашто не постоеле потребните пред сѐ економски предуслови за тоа. Премногу големи биле економските разлики меѓу земјите што требало да се обединат. Во едни, робовладелските односи биле високо развиени, а во други, штотуку се распаѓало првобитното општество. Сепак, походите на оваа извонредна личност и владетел го рашириле и закрепнале името на Македонија до такви размери што тоа му се наметнало на целото културно човештво.

Следниот значаен период во стопанско-географскиот развој на Македонија претставува Римската епоха. Римјаните во 168 година пр.н.е. по неколку војни успеале наполно да ја потчинат Македонија и со неа владееле околу 500 години. За тоа време стопанството во Македонија доживеало низа падови, но и развој. Така, од историјата е познато дека, меѓу другото, особено се развивало рударството, потоа сообраќајот и трговијата. Низа денешни рудници, на пример, оние во Осогово, уште тогаш активно се експлоатирале. Значително пораснал бројот на градските населби, така што се смета дека тогаш во Македонија имало околу 90 градови. Низ неа биле изградени повеќе важни сообраќајници, меѓу кои како најважна била Виа Егнација која водела од Драч преку Охрид, Битола и Солун за Цариград. Тие патишта имале особено значење за транзитната трговија.

Населувањето на Словените во Македонија, кое се одвивало во VI и VII век постепено довело до асимилација на староседелското население и до промена не само на нејзиниот етнички состав, туку до промени и во општествено-економските односи. Почнал да се урива робовладителскиот поредок на тој начин што во прво време владеела воена демократија, а потоа почнало да се формира класно општество. Земјоделството и понатаму останало главно занимање на македонските Словени. Меѓутоа, во освојувањето на новите обработливи површини, освен стариот опожарувачки систем, се применувало и копачењето. Потоа во обработката на земјата македонските Словени освен донесеното искуство ги користеле и искуствата на староседелците, со што значително го прошириле одгледувањето на различни житни култури, а го прошириле и сточарството, пчеларството и лозарството.

За време на византиското владеење, Македонија била претворена во византиска провинција со воено-административно управување. Започнал силен процес на развиток на феудалните односи. Слободните селски општини, кои за време на Самоиловото Царство сѐ уште преовладувале, започнале масовно да се распаѓаат. Се јавиле крупни феудални земјопоседници кои слободното македонско население го претвориле во феудално зависно. Во XII и XIII век стопанството на Македонија ги имало сите белези на развиениот феудализам. Главна стопанска гранка било земјоделството. На феудалните имоти, особено на манастирските, кои биле доста големи, на пример, манастирот „*Св. Ѓорѓи*" кај Скопје имал 47 села, „*Трескавец*" кај Прилеп - 37 села, „*Св. Богородица Привлептис*" во Охрид - 24 села и сл., освен производството на житни култури, било раширено и овоштарството, особено лозарството.

Со доаѓањето на Сасите во XIII век, во Македонија рударството доживеало повторен развој, по оној во Римската епоха. Сасите, освен оспособувањето на старите рудници, откриле и отвориле низа нови наоѓалишта, особено во Источна Македонија во Осогово.

Македонија целосно потпаднала под турска власт во 1395 година. По заземањето, Турците воспоставиле ново државно устројство и во периодот на петвековното нивно владеење во Македонија настанале низа нови општестве-

но-економски, социјални, етнички, културни и други промени. Основна карактеристика на османлискиот феудализам бил тимарско-спахискиот систем. Во него, сопственик на земјата била државата која ја претставувал султанот. Земјата ја обработувале селаните, поточно рајата. Помеѓу султанот и селанецот бил феудалниот сопственик спахијата. Тој феудот го добивал од државата како награда за учество во воената служба. Меѓутоа, феудалецот својот феуд или лено, немал право да го оттуѓува и бил должен на државата да ѝ дава определен годишен приход, што го остварувал во вид на рента од рајата која го обработувала и живееле на феудот. Преку овој систем македонското население било подложено на голема економска експлоатација и тоа преку феудалната рента и разните даноци, Така, од натуралната рента познат бил *десетокот* (ушур), од работната рента - *ангаријата*, а од паричната рента – *арачот* или *џизието*.

Селското стопанство во овој период главно било натурално. Извесен напредок во него бил забележан бидејќи во Македонија биле воведени нови култури како: тутунот, памукот, оризот, афионот, сусамот, сланутокот, пченката, анасонот и некои зеленчуци. Одреден поттик за развој на сточарството дале Јуруците, кои од Мала Азија биле колонизирани како сточари во Македонија. Доселениците го донеле и новиот запрежен добиток -биволот, кој главно се користел за влечење тешки товари.

Спахискиот систем во Македонија се задржал до крајот на XVIII век. Во првата половина на XIX век се јавило засилено создавање на нов тип имоти, таканаречени *чифлици*. Со нивното формирање како крупни земјишни поседи по *„доброволен*" или насилен пат и со населување на рајата на нив, било извршено не само ново прегрупирање на земјата и раслојување на македонското село, туку биле создадени и нови општествено-економски односи бидејќи чифлиците имале своја специфична структура. Во нивната обработка учествувале четири категории на работници: исполичари (*јарамџии*), наемници (*кесимџии*), надничари (*ајлакчии*) и момоци.

Со создавањето на приватните чифлици и отежнатиот живот на село, се засилила емиграцијата на селското население кон градовите. Македонските градови започнале да се *„македонизираат*" и функционално да зајакнуваат. Занаетчиството и трговијата станале основни гранки на градското стопанство. Битола, Скопје, Охрид, Прилеп, Штип и уште некои градови во Македонија станале значајни занаетчиски центри. Во 1827 година во Битола имало 1.380 дуќани, во Скопје постоеле околу 60 видови занаети и сл. Паралелно со занаетчиството се развила и трговијата. Се тргувало со преработени кожи, тутун, свила, памук, ориз и сл. Во нашите градови почнале да се одржуваат големи панаѓури, а некои македонски трговци одржувале врски со Австрија, Германија и Русија.

Во втората половина на XIX век започнало ширењето и модернизацијата на сообраќајот во Македонија. Така, во 1859 година започнале работите за обновување и доизградување на патот од Солун до Битола. Во 1863 година бил

трасиран новиот пат од Битола до Ресен. Исто така, бил трасиран и пробиен нов пат од Велес преку Бабуна за Прилеп и Битола. Во шеесеттите години започнало осовременување на патиштата од Скопје преку Куманово за Врање и од Куманово до Гњилане. Тогаш биле поставени и првите поштенско-телеграфски линии во Македонија, а во 1869 година започнало трасирањето и изградбата на првата железничка линија во Македонија и тоа на релацијата од Солун до Скопје. Таа била пуштена во сообраќај во 1873 година, а во 1888 година била продолжена преку Куманово за Белград. Со неа низ средината на Македонија била поставена најважна сообраќајна артерија, која предизвикала значаен пресврт во нејзиниот натамошен економски развиток. Овие сувоземни патишта, ПТТ врски и железнички линии овозможиле потесно поврзување и зближување на македонските градови и села, но истовремено овозможиле и полесно навлегување на европскиот капитал во неа, кој извршил силно влијание врз промена на општествено-економските услови.

Така, во Македонија кон средината на XIX век се појавиле сите оние фактори што се карактеристични и ја условиле појавата на индустријата. Меѓу нив поважни се следниве:

1. Биле укинати феудалните односи и бил извршен премин од спахискиот кон чифлигарскиот систем,
2. Била засилена концентрацијата на населението во градовите и бил проширен пазарот,
3. Бил модернизиран стариот и се вовеле нови видови сообраќај,
4. Бил забрзан развојот на занаетчиството и се ширела трговијата,
5. Капиталот, акумулиран преку трговијата, даноците и лихварството, започнале да преминуваат во сферата на производството и др.

Индустријата во Македонија најпрво се јавила во оние гранки кои ги имале следниве специфичности:

1. Имале упростен технолошки процес на производството,
2. Едноставна организација на работа,
3. Барале мал број квалификувани работници,
4. Барале мали инвестициски вложувања и
5. Преработувале главно домашни суровини.

За да се обезбеди пласманот на готовите производи, индустриските објекти претежно се лоцирале во поголеми градови и тоа во Битола и Скопје, а меѓу одделните индустриски гранки најрано се јавиле прехранбената и текстилната индустрија. Така, првата индустриска мелница била изградена во 1880 година во Скопје, а првата текстилна фабрика во 1883 година во близината на Битола, во с. Дихово.

До крајот на турското владеење во Македонија веќе постоеле 9 индустриски гранки со 61 индустриско претпријатие. Меѓутоа, во Македонија, како и во цела Турција стопанските извори на земјата целосно биле подредени на интересите и целите на странскиот капитал. Сепак, целиот овој напредок, особено во занаетчиството, при крајот на минатиот век почнал да трпи силни

удари од прекумерниот прилив на индустриски стоки и полуфабрикати од Европа, поради што македонското занаетчиство и индустрија, кои биле во зародиш, почнале да стагнираат, а потоа и да пропаѓаат. И односите во чифлигарскиот систем во областа на селското стопанство, а во Македонија 80% од населението живеело во село и се занимавало со земјоделство, не само што не довеле до економско засилување на селото, туку, напротив, до крајна мера го осиромашиле селското население. Сето тоа довело до силен замав на печалбарството и емиграцијата на македонското население во странство.

## 2.2. РАЗВОЈ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТОПАНСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

По завршувањето на балканските и Првата светска војна во Македонија се создале нови политичко-економски услови. Започнал да се формира нов општествено-економски живот, поинаков од оној под турскиот режим, но доста обременет со остатоци од феудализмот. Македонија, која до 1912 година претставувала единствена економска целина, територијално била поделена меѓу балканските коалициски држави Србија, Бугарија и Грција. Со ваквата поделба, Македонија се распаднала, а деловите што им припаднале на овие балкански држави, станале погранични територии. Така, вардарскиот дел на Македонија, кој ѝ припаднал на Србија и подоцна на Југославија, од централна, станала периферна покраина. Со воспоставување на нови граници дотогашниот економски живот сериозно се менувал и претрпел преориентација која силно се одразила врз стопанството. Со приклучување кон Југославија, вардарскиот дел на Македонија, чие стопанство дотогаш било ориентирано кон Солун, сега било принудено да се насочува кон север и да се поврзува со стопанството на Србија, Хрватска и Словенија. Тие во однос на Македонија претставувале релативно развиени индустриски подрачја, особено Словенија и дел од Хрватска.

Голем број од македонските градови кои за време на турското владеење одржувале тесни врски со Солун, сега биле принудени да го преориентираат своето стопанство кон новоформираниот стопански центар Скопје и преку него да се снабдуваат со стоки и во него да ги пласираат своите пазарни вишоци, пред сè на земјоделски производи. Така, Битола од важен трговски и транзитен центар, преку кој комуницирала цела Западна Македонија со Солун, станала погранично место и грчевито се борела за својот опстанок. Скопје ја преземало улогата на Солун и Битола и преку него започнал да се одвива целокупниот стопански живот на Македонија. Сепак, и при ваквата преориентација, стопанството на Македонија во периодот меѓу двете светски војни може да се каже дека постигнало одреден напредок, но во однос на останатите делови на стара Југославија, тоа во многу заостанувало. Ова, секако, е последица на фактот што нејзината економска политика воопшто не водела сметка за некаков порамномерен развој, туку била така водена што овозможила поразвие-

ните покраини да се развиваат уште побрзо, а за покраините со наследено назадно стопанство, каква што била Македонија, не преземала скоро никакви мерки за нивен позабрзан развој.

Земјоделството на територијата на денешна Република Македонија во периодот меѓу двете светски војни останало како основна стопанска дејност. Според пописот од 1931 година, од вкупното население од 949.958 жители најголем број или 701.743 жители (73,9%) се занимавале и се издржувале од земјоделството и шумарството. Во индустријата и занаетчиството биле вработени 18,8%, во трговијата и сообраќајот 5,5% и во останатите дејности 9,8% од населението. Аналогно на ова, најголемиот процент од народниот доход произлегувал од земјоделството.

Во периодот меѓу 1935 и 1939 година од житните култури најмногу била застапена пченицата и тоа на површина од 143.303 ha со просечно годишно производство од 118.867 тони. На второ место доаѓала ‘ржта со 88.200 ha, со просечно производство од 64.554 тони. Со пченка биле засеани 73.420 ha и се добивало просечно по 80.575 тони. Ориз се сеел на површина од 3.537 ha и годишно се добивало по 4.740 тони.

Од индустриските култури најмногу се одгледувал тутунот. Со него просечно се сееле по 8.285 ha, а годишното производството изнесувало по 6.284 тони, со што Македонија давала до 60% од вкупното југословенско производство. Потоа следува афионот со просек од 8.170 ha засеани површини и производство од 59 тони афионов катран. Памук се сеело на 3.481 ha од кои просечно се добивало по 729 тони годишно. Останатите индустриски култури биле послабо застапени.

Развојот на сточарството во периодот меѓу двете светски војни бил мошне бавен. Начинот на сточарење бил екстензивен, односно од номадски и полуномадски тип. Со губењето на зимувалиштата во Солунската Котлина биле намалени природните можности за одржување на добиточниот фонд кој дотогаш егзистирал. Дури кај некои видови добиток се јавило и опаѓање. Добиточниот фонд во 1939 година се состоел од 1.691.000 овци, 615.000 кози, 325.000 говеда и 105.000 свињи.

Од останатите дејности за одбележување е развојот на свиларството. Тоа било помасовно присутно во Гевгелиската и Струмичко-радовишката Котлина. Развитокот на свиларството бил условен од поволните природни услови, од една страна и рентабилноста на оваа гранка, од друга страна. Благодарение на овие природни и економски фактори, производството на свилена буба во предвоениот период бележело постојан пораст и тоа сè до 1934 година кога достигнало максимум од 725.000 kg кожурци и цената била доста висока, а потоа почнува да опаѓа. Како резултат на масовното производство на кожурци, во 1938 година во Гевгелија била отворена и фабрика за нивна преработка.

Како заклучок за земјоделството во овој период можеме да наведеме дека во него преовладувала ситно сопственичката структура, а примената на механизација и хемизација била на многу ниско ниво. На пример, односот на

дрвеното рало спрема железниот плуг бил 70:30, а вкупно во Македонија имало само 7 трактори, што оневозможувало реализирање на поголеми приноси во него. Од друга страна, ниските цени на земјоделските производи, слабата и ограничена можност за вработување надвор од земјоделството ја намалувало и така слабата економска моќ на селата. Буржоазијата на стара Југославија не била заинтересирана да вложува во земјоделството, а останала недовршена и аграрната реформа. Македонскиот селанец добил само 39,5%, од аграрниот фонд, кој бил формиран за распределба со аграрната реформа, а останатото било дадено на колонистите доселени од другите краеви на Југославија.

Развитокот на индустријата во периодот меѓу двете светски војни може да се подели, главно, на две фази: **првата фаза** се јавува од 1918 година до светската економска криза, односно до 1930 година и **втората** од 1930 до 1941 година.

Првата фаза се карактеризира со приспособување на стопанството во Македонија кон новосоздадените услови во новоформираната југословенска држава. Од 32 индустриски претпријатија, колку што биле изградени во оваа фаза, најголем број биле од областа на тутунската индустрија - 11 претпријатија, потоа следува прехранбената индустрија со 9 претпријатија, електростопанството со 7 претпријатија и сл. Исклучувајќи ја тутунската индустрија, во која бил инвестиран државен капитал, најголеми инвестициски вложувања бележеле прехранбената индустрија и електростопанството. Изградените индустриски претпријатија биле мали по обем, вработувале мал број работници и производството главно било наменето за локални потреби. Меѓу новооснованите претпријатија како поголеми во тогашни услови биле: мелницата „*Балкан*" во Скопје (1922 година), фабриката за масло во Велес (1923 година), мелницата во Куманово (1925 година), а од електричните централи: хидроцентралата на реката Пена (1926 година) и термоелектричната централа во Куманово (1926 година).

Втората фаза на индустрискиот развиток започнала по 1930 година, односно по економската криза и траела сè до почетокот на Втората светска војна. Нејзина карактеристика е што се јавила за време на големата светска криза, кога поради влошената општа економска состојба развојот на индустријата значително бил забавен. Поинтензивен развој индустријата забележала во периодот од 1935 до 1940 година. Тогаш била изградена во значителна мера индустријата за градежни материјали, текстилната и голем дел од прехранбената индустрија, како и повеќе објекти од електростопанството во меѓувоениот период. Изградени се, на пример, пет електрични централи, меѓу кои хидроцентралата „*Матка*" на Треска, која била најголема и најмодерна во Македонија. Во овој период биле изградени вкупно 51 индустриско претпријатие, од кои 17 до 1935 година, а 34 од 1935 до 1940 година. Во 1940 година во Македонија вкупно имало 111 индустриски претпријатија. Од нив најголем број припаѓале на прехранбената индустрија - 28, потоа доаѓа електростопанс-

твото со 18 претпријатија, индустријата за тутун со 13, текстилната индустрија и индустријата за градежни материјали со по 12 претпријатија, а со најмалку претпријатија биле застапени дрвната, кожарската индустрија и експлоатацијата на јаглен.

Во поглед на територијалната разместеност на индустриските претпријатија во периодот меѓу двете светски војни, се забележува дека најголем број од нив се наоѓале во Скопје - вкупно 45. По Скопје следувала Битола со 9 индустриски претпријатија, Велес со 8, Куманово со 7, Кочани со 6, Прилеп, Гевгелија, Штип и Тетово со по 4, а останатите градови во Македонија со по помалку од 4 индустриски претпријатија.

Вредноста на производството на индустријата и рударството на територијата на денешната Република Македонија во 1940 година (без тутунската индустрија) изнесувала 314.930.000 динари. Од нив, на преработувачката индустрија изнесувала 263.864.000 динари или 83,5%, а на рударството - 51.066.000 динари или 16.5%, што покажува дека индустријата во Македонија имала претежно преработувачки карактер. Најголемо учество во вкупното индустриско производство имало прехранбената индустрија 41,7%, во која мелничката индустрија стоела на прво место по обемот во производството (Сидовски, 1980).

Ваквата структура на индустријата, во која преовладувале претпријатијата од прехранбената, текстилната и тутунската гранка, јасно ја карактеризирале индустријата на Македонија. Всушност, во овој период таа е ситно-преработувачка, од локален карактер, со минимален капитал во основни и обртни средства. Нејзиниот развиток е нерамномерен како во однос на типот на индустријализацијата, така и во однос на степенот на развитокот на одделните гранки. Прехранбената индустрија се развивала со подинамично темпо, текстилната со побавно, но со осетен пораст во самиот предвоен период. Релативен напредок бележело и електростопанството кое во 1940 година располагало со 18 електроцентрали, додека останатите гранки се развивале со многу побавно темпо. Ова посебно се однесува за дрвната и кожарската индустрија, како и на производството на јаглен.

Тутунската индустрија по застапенос и технолошка опременост се разликувала од другите гранки. Нејзината специфичност се состоела во тоа што не располагала со никакви машински постројки, а производството, односно манипулацијата и ферментацијата се вршеле исклучиво рачно, така што ангажирала повеќе од половината од вкупниот број вработени во индустријата.

Вработеноста во индустријата не била голема. Во 1940 година во индустријата биле вработени вкупно 10.853 работници. Од тоа најголем број - 7.210 лица биле вработени во тутунската индустрија, што изнесувало 66,4% од вкупниот број вработени. На второ место следела индустријата на обоени метали со 1.185 вработени или 11% и т.н.

## 2.3. РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО II СВЕТСКА ВОЈНА

Втората светска војна и окупацијата во Македонија оставиле тешки последици во нејзиното стопанство. Тоа во најголем дел било опустошено, разурнато и уништено. Поради големите потреби на воената индустрија, Германците покажале особен интерес за експлоатација на рудното богатство во Македонија. На пример, целокупните резерви на хромна руда во Радуша, до крај ги исцрпиле, а големо количество руда ископале и од злетовските рудници. Непријателот значајни штети нанел и на фабриките од кои скоро половината биле уништени, како и инфраструктурата, особено патиштата и мостовите биле доведени скоро во неупотреблива состојба. Според тоа, во првите повоени години во Македонија, како и во цела Југославија, во прв ред се поставувало прашањето за обнова на земјата. Тоа главно, било извршено во 1945 и 1946 година. Потоа во 1947 година е донесен првиот петгодишен план (1947-51 година) за развој на стопанството кој, поради влошените односи со останатите социјалистички земји во 1948 година, е прекратен. Од 1952 до 1956 година нашето стопанство се развивало врз база на годишни планови, а во периодот од 1957 до 1965 година бил донесен седумгодишниот општествен план за развој на Југославија, односно НР Македонија.

Така, анализирајќи го развојот на стопанството во Република Македонија во повоениот период, се доаѓа до констатација дека тој развој главно може да се подели на три периоди: **прв период од 1945 до 1950 година**, кој е познат како административно-централистички; **втор период од 1951 до 1990 година**, кој е познат како период на самоуправувањето и **трет период од 1991 година до денес**, познат уште како период на пазарно стопанство.

Во првата фаза, развојот на стопанството се карактеризира со тоа што државата била основен носител на стопанисувањето и негов главен организатор. Средствата за производство биле државни, а приватната сопственост требало што поскоро да се укине. Од државната сопственост произлегувало административното управување со претпријатијата и со целото стопанство, но и државата располагала со резултатите од работењето. Улогата на државата била толку сеопфатна, што државните органи го регулирале не само производството преку директно планирање, туку државните органи го регулирале и вработувањето и платите. Претпријатијата произведувале тоа што наредувале државните органи, а производството се собирало во државните складови, од каде се распределувало на населението со бонови.

Административниот стопански систем во практиката се покажал како многу неефикасен. Бил создаден голем бирократски апарат кој за себе обезбедил привилегирана положба во однос на другите луѓе, со што осетно биле нарушени демократските права и принципи.

Самоуправниот стопански систем во Југославија, а со тоа и во Македонија, бил воведен во средината на 1950 година. Неговото воведување во почето-

кот одело бавно; било воведено само во индустриските претпријатија, а потоа се проширил и на другите дејности, сѐ до културата и спортот. Всушност, самоуправувањето започнало како самоуправување во претпријатијата, но набргу прераснало во концепт на општествено самоуправување, како самоуправување со целокупниот општествено-економски и политички живот во кој работниците управуваат со претпријатијата, а граѓаните во општините – комуните.

Посебна карактеристика на самоуправувањето е што тоа претставувало комбинација меѓу пазарот и планирањето. Пазарот се признава, но во неговата ограничена улога и во комбинација со планирањето. Планирањето веќе не е сеопфатно, туку глобално, со општи пропорции на кои треба да се придружуваат претпријатијата. Меѓутоа, во практиката не се овозможи вистинско дејство ниту на пазарот ниту на планирањето. Претпријатијата кои работеле со загуби најчесто не пропаѓале, туку ги санирала државата.

Во почетокот на 70-тите години се оценило дека има потреба да се извршат нови промени во натамошниот развој на самоуправувањето. Тогаш се прифатила идејата за здружениот труд како основна клетка во која ќе се организира и остварува општествено-економскиот живот на луѓето. Според овој концепт работниците доброволно се здружувале во организации на здружен труд во кои работеле со средства во општествена сопственост. Наместо државата, сега работниците самостојно, со самоуправни спогодби и општествени договори, ги уредувале и решавале сите прашања од заеднички интерес во работењето.

Една од многу значајните новини била и формирањето на самоуправните интересни заедници (СИЗ). Нивната суштина била во изградувањето нов однос меѓу стопанските и нестопанските дејности, односно меѓу дејностите кои се *„даватели на услуги"* и дејностите кои се *„корисници"* на тие услуги. Поврзувањето се спроведувало врз принципот на самоуправно договарање и спогодување, но во практиката и овој систем не ги дал очекуваните резултати.

Во практичното функционирање на системот на здружен труд во 80-тите години се јавиле многу проблеми кои сериозно го загрозиле неговиот натамошен развој. Тој систем, како и социјализмот во целост, се покажал како економски многу неефикасен и нерационален. Овие проблеми довеле до голема нестабилност на сите стопански текови: до брз пораст на цените, до стагнација и опаѓање на производството, до голем дефицит во платниот биланс и до големо задолжување во странство. Стагнацијата и опаѓањето на вработувањето влијаело да се јави и голема невработеност која достигнала бројка од околу 150.000 лица.

Особено големи негативни последици врз стопанскиот развиток на Македонија имала и енергетската криза која почнала во 1973 година со значителното зголемување на цената на нафтата. Потоа, големото заостанување во развојот на некои гранки и дејности го кочела развојот на другите гранки и дејности. Така, на пример, со тоа што производството на енергија, на суровини и храна многу заостанувало зад потребите, се јавиле големи нарушувања на па-

зарот и цените. Врз стопанството на Македонија многу неповолно се одразил и високиот пораст на цените на репроматеријалите на светскиот пазар, бидејќи нашето стопанство било многу зависно од увозот на суровини.

Значајна причина за нестабилноста бил и начинот на кој било поставено и се остварувало самоуправувањето. На пример, социјалната сигурност била така поставена што кај вработените создавала голема работна недисциплина, а за тоа речиси никој не можел да биде отпуштен од работа. Доходот, работниците сами го делеле, а во случај на загуба, неа ја префрлувале на државата.

Кога зборуваме за овој период, кој се протега во време од 40 години, мора да се наведе дека во него македонското стопанство сепак се наоѓало во постојан раст, производствениот потенцијал интензивно се ширел и доживувал значајни структурни промени. Така, вкупното производство во Републиката, во овој период се зголемувало просечно годишно со стапка од 6%. Стопанскиот развој искажан преку остварениот општествен производ покажува дека тој во 1990 година, во однос на 1950 година, е поголем за повеќе од 8 пати.

Ваков, релативно висок, пораст во развојот на стопанството на Македонија, во прв ред, е резултат на големите инвестициски вложувања и изградбата на голем број нови стопански објекти, при што од особено значење се оние од областа на индустријата.

Движењето на општествениот производ по одделни стопански области во изминатите години се карактеризирал со значајни разлики. Така, на пример, општествениот производ во областа на индустријата и рударството во 1990 година во однос на 1950 година се зголемил за 24 пати и бележел просечна годишна стапка на пораст од 9%. Во областа на трговијата тоа зголемување е за 25 пати, кај сообраќајот за 9 пати, кај градежништвото за 8,5 пати, додека кај земјоделството е најмало и изнесувало само 2 пати и има најниска стапка на пораст 2,1% годишно. Во првите години по војната најголемо значење за стопанството имале примарните дејности. Нивното учество во општествениот производ во 1950 година изнесувало 60%. Притоа, земјоделството имало доминантно место и учествувало со 57% во вкупниот општествен производ. Во подоцнежните години тој удел на примарните дејности постојано се намалувал, така што во 1990 година изнесувало само 16%, а само земјоделството е застапено со 15% во вкупниот општествен производ на Републиката. Наспроти примарните дејности, секундарните дејности постојано го зголемувале своето учество во општествениот производ и тоа од 26% во 1950 година е зголемено на 54% во 1990 година. Притоа најголем пораст бележила индустријата. Нејзиното учество во вкупниот општествен производ на Републиката е зголемено од 15% во 1950 година на 47% во 1990 година. Во изминатите децении се забележуваат значителни измени и во развојот на терцијалните дејности. Нивното учество во општествениот производ на Републиката се зголемило од 13% во 1950 гоидна на 30% во 1990 година, при што најголем пораст забележала трговијата и тоа од 7% во 1950 година на 18% во 1990 година. Така, структурата на стопанството во 1990 година е таква што во неа најголемо зна-

чење имаат секундарните дејности. Нивното учество во општествениот производ изнесува 54%, по нив следуваат терцијалите дејности со учество од 30% и на крајот се примарните дејности со учество во вредноста на општествениот производ од само 16%.

## 2.4. РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ПО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО

Развојот на стопанството во Република Македонија по добивање на независноста започнува од 1991 година, односно од осамостојувањето и трае до денес. Досега, и покрај низата тешкотии, сепак се поставени основите на новиот стопански систем. Една од главните карактеристики на овој систем е воведувањето на пазарното стопанство и сите облици на сопственост. Општествената сопственост се остава да постои додека не се доврши процесот на нејзин премин во приватна или државна, односно мешовита сопственост. По завршувањето на трансформацијата, претпријатијата преминуваат во еден од следните облици на сопственост: приватни, мешовити, државни, јавни и задружни. Мешовитите претпријатија може да бидат акционерски друштва, потоа друштва со ограничена одговорност и сл.

По осамостојувањето, Република Македонија помина низ тешки транзициски години. Процесот на транзиција започна во тешки околности како: висока инфлација, голема невработеност, релативно голем внатрешен и надворешен долг, негативни стапки на движење на БДП и др. Пропаднаа големите земјоделски комбинати. Слична судбина ги погоди и големите текстилни комбинати. Рудниците за железна руда „Тајмиште“ и „Сапотница“ и тие за олово и цинк „Злетово“, „Саса“ и „Тораница“ престанаа со експлоатација на руда. Преструктурирањето на еден дел од големите претпријатија се одвиваше преку нивно продавање на странски стратешки инверститори како: Макстил, Фени, Југохром, Бучим и др. Слично се постапи и со рудниците за олово и цинк.

Сепак, реформите што се одвиваа со променлив успех и интензитет, постепено ја приближија земјата до крајната цел - изградба на функционална пазарна економија. Во транзицискиот период дојде до брз развој на малите и средни претпријатија и на претприемништвото. Зголемен беше бројот на деловни субјекти чии број во 2012 година изнесуваше 74.424, но високата невработеност од 292.502 лица (повеќе од 30%) и понатаму останува најтешкиот економски и социјалнополитички проблем на нашата држава.

Денес во Република Македонија најголем број на деловни субјекти има во трговијата на големо и мало 27.307, а најмногу вработени има во преработувачката индустрија 126.892 лица.

*Деловни субјекти и број на вработени во нив во 2012 година*

| | Деловни субјекти | Број на вработени |
|---|---|---|
| | | |
| **Земјоделство, лов и шумарство** | 3 072 | 112 |
| **Рударство и вадење камен** | 182 | 5 636 |
| **Преработувачка индустрија** | 8 251 | 126 |
| **Снабдување со електрична енергија и гас** | 98 | 10 |
| **Градежништво** | 321 | 41 |
| **Трговија на големо и мало** | 27 307 | 92 |
| **Транспорт** | 6 445 | 30 |
| **Објекти за сместување и сервиси** | 4 611 | 23 |
| **Информации и комунукации** | 1 515 | 11 |
| **Финансии и осигурувања** | 413 | 9 910 |
| **Дејности во врска со недвижен имот** | 493 | 813 |
| **Стручни, научни и технички дејности** | 5 707 | 16 |
| **Административни дејности** | 1 438 | 10 |
| **Јавна управа и одбрана** | 268 | 43 |
| **Образование** | 1 020 | 42 |
| **Здраство и социјална заштита** | 3 298 | 36 |
| **Уметност, забава и рекреација** | 1 176 | 10 |
| **Други услужни дејности** | 4 232 | 13 |
| **Дејности а домакинствата** | | 1 344 |
| **Дејности на екстериторијални организации** | | 1 080 |
| **Вкупно** | **74 424** | **650** |

Извор: Македонија во бројки ДЗС, стр. 35 и 65

Во последните години во стопанскиот развој на нашата држава, особено големо внимание се посветува во привлекуваето на странски инвестиции и отварањето на технолошко индустрики зони (ТИРЗ). За привлекувањето на странски инвестици во овие зони државата дава низа поволности како: Земјиштето се дава под закуп за период од 99 години по цена од 1 евро по квадрат. Потоа, инвеститорите добиваат бесплатен приклучок за гасовод, водоводна и канализациска мрежа. За период од 10 години целосно се ослободени од плаќањето данок на добивка, а ослободени се и од ДДВ и царински давачки при увоз на материјали и сл.

Државата има формирано четири вакви зони и тоа: две во Скопје - „Скопје 1“ и „Скопје 2“ во месноста Бунарџик и по една во Штип и Тетово. Меѓутоа, тие денеска се формираат скоро во сите општини. Во некои општини се градат по две, па и три вакви зони. Така, во Штип е изградена и втора инду-

стриска зона, во Велес покрај индустриската зона „Караслари“ се градат уште две „УЗУС“ и „Речани“, во Кавадарци исто така постојат три индустриски зони, во Битола е изградена „Жабени“, потоа индустриски зони има во Струмица, Прилеп, Гевгелија и други градови.

Наспроти бројното ширење, активирањето на овие зони се одвива со побавно темпо. Најмногу странски компании имаат отворено свои фабрики или погони во индустриската зона „Скопје 1“. Во неа веќе функционираат „Џонсон Контролс“ кој е и прва странска инвестиција и фабрика отворена во 2007 година, потоа, “Џонсон Мети“, „Ван Хол“, „Технозе“, „Кемет Електроникс“, „Протек груп“ и „Медерсон груп“. Во Штипската зона има свој погон „Џонсон Контролс“, во битолската зона „Жабени“ работи германската компанија „Кромбарт и Шуберт“, во Кавадраци исто така германска компанија „Дрекслмаер“, а во тетовската зона со која во јавно приватно партнерство управува норвешката компанија „Нормак инвест груп“ до сега нема ниту една инвестиција.

Странските компании во сите зони вложиле околу 220 милиони евра, а вработени се повеке од 2.000 работника. Најголем дел од странските компании во индустриските зони се ориентирани кон производство на делови од автомобилската ндустрија.

Во развојот на стопанството големо внимание се посветува врз привлекувањето на инвестиции од странство. Така, спрема податоците од НБМ, странските инвестиции во Република Македонија, во минатите неколку години изнесувале:

- 2009 година 145 милиони евра,
- 2010 година 160 милиони евра,
- 2011 година 136,8 милиони евра и во
- 2012 година 72 милиони евра.

На домашните и странските инвеститори од 2013 година државата ѝм нуди и така наречени *браунфилд инвестиции* или инвестици од нула. Понудена е листа од над 400 објекти, поточно фирми од најразлични дејности. Од нив некои не работат долги години, некои се ликвидирани, а некои се во тек на стечајни постапки. Меѓу познатите големи фирми такви се: „ЕМО“ од Охрид, фабрика за кабли од Неготино, „Газела“ од Скопје, „Јака Табак“ од Радовиш, „ Застава„ од Охрид, „Фротирка“ од Делчево, „Порцеланка“ од Велес и др.

Економската структура на Република Македонија во 2010 година во однос на 1991 година значајно е променета.Така, учеството на земјоделството во структурата на БДП во 1991 година изнесувала 11,4%, додека во 2010 година е намалено и изнесува 9,8%. Исто така и учеството на индустријата и градежништвото во БДП е намалено од 29,8% во 1991 година на 24,3% во 2010 година. Учеството пак на услугите е зголемено од 58,8% во 1991 година на 65,9% во 2010 година.[15]

[15] 20 години независна Македонија, ЗСРМ, Скопје, 2011

# 3. ЕВОЛУЦИЈА И ГЕОГРАФСКА РАЗМЕСТЕНОСТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО

## 3.1.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Земјоделството и во минатото и денес има важна улога во економијата на Македонија. Во 1948 година 72% од населението се занимавало со земјоделство. Во подоцнежните години бројот на земјоделското население постепено опаѓал и во 1994 година само 11,6% од населението се занимавало со земјоделство, но, сепак, тоа учество сè уште релативно е високо.

Основниот печат што го носи нашето земјоделство е неговата општа заостанатост која се манифестира како преку ниските приноси по единица површина и по едно грло добиток, така и во ниското вкупно производство и продуктивност. Заостанатоста најмногу се согледува преку фактот што активното население во земјоделството не е во состојба да ја обезбеди прехраната на останатото население, поради што еден дел од потребите во целиот повоен период се покривал со увоз. На пример, потребите на Републиката од пченица изнесуваат околу 300.000 тони, а годишно се откупуваат одвај 150.000 тони. Слична е состојбата и со месото кое, на пример говедското, годишно се троши по околу 18.000 тони, а се произведуваат само 9.000 тони, останатото се увезува.

Економската положба на земјоделството долго време не била на задоволително ниво, а во последните години и осетно е влошена. Голем број од работоспособното население го напушти земјоделството, што доведе до појава на старечки домаќинства неспособни за стопанисување и сезонски недостиг на работна сила.

Бројната состојба, потрошувачката моќ и разместеноста на населението се важни фактори за развој на земјоделството. За разлика од индустриското производство коешто се одвива главно во одредени центри, земјоделското производство се одвива скоро на целата територија на Републиката. Ваквата разместеност е во тесна врска со потребата за ползување на земјата како основно средство за овој вид производство. Притоа, природните услови и ресурси за земјоделството како сектор на примарната стопанска активност имаат големо, а во одредени случаи и решавачко значење. Како основа на земјоделското производство, земјишниот фонд во Републиката е доста ограничен и тој се јавува како детерминанта за развој на земјоделството.

Иситнетоста е следниот ограничувачки фактор за зголемување на аграрното производство. Познато е дека приватниот сектор располага со голем процент од обработливото земјиште (повеќе од 90%) кое е расцепкано и со неправилни форми, што создава големи тешкотии во организација и користење на

површините. Според пописот од 1994 година, во Републиката постоеле 178.087 инидивидуални стопанства со просечна големина на посед од 1.66 ha и просечна големина на парцелата од 0,14 ha. Само 3% од индивидуалните стопанства имаат посед поголем од 8 ha. Тие имаат можност за развој на модерно и ефикасно земјоделство.

Од потребите и интересот на индивидуалните сопственици директно зависи и застапеноста на определени култури. По правило, тие до денес останаа со мешовито производство, со првенствена ориентација кон одгледување жита, не се ориентираа кон специјализирано производство поради што и нерационално се користат постојните природни услови во поодделните региони.



*Аграрен пејсаж од Пелагонија.*

Индустријата, исто така, има свое влијание врз развојот на земјоделството. Пред се, таа е неопходен придружник на земјоделското производство, се развива паралелно со него или во одредени случаи му претходи и на тој начин го специјализира и интензивира. На пример, конзервната индустрија овозможува ширење на производството на градинарски култури и овошје и во оние подрачја коишто се географски оддалечени од потрошувачките центри. Индустријата за преработка на месо го поттикнува развојот на сточарството и сл.

Сообраќајот, кој ја одржува врската помеѓу производствените реони и пазарот, исто така, е важен фактор за развој на земјоделството. Од состојбата

и степенот на неговата организираност зависи дали производите од производните реони ќе можат брзо и лесно да се транспортираат до консумативните центри. Лошо организираниот сообраќај до одредени производствени реони во државата го дестимулира аграрното производство во нив, доведува дури и до напуштање на одгледувањето на определени култури, до промена на структурата на производството и до деградација на производството. Земјоделството во сообраќајно затворените реони, по правило, е со изразити натурални белези, на пример, Мариово, Порече и др.

За развој на земјоделството нагласено значење има и економската политика. Таа со својата насочувачка улога и инвестициите ја определува разместеноста на земјоделското производство, влијае врз специјализацијата и реонизацијата на тоа производство и сл.

За подобрување на состојбата, на земјоделството треба да му се обезбедат сите услови за стопанисување. Како на стопанска гранка со низа специфичности, потребно е разрешување на низа прашања. Меѓу нив е и прашањето за состојбата со проширувањето на обработливите површини и нивното искористување, наводнување, а и разрешувањето на проблемите во аграрно-поседовните односи се посебно значајни.

## 3.2. ЗЕМЈИШЕН ФОНД И НЕГОВАТА СТРУКТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Земјишниот фонд претставува основа за земјоделско производство. Од вкупната територија на Република Макеоднија, земјоделските површини[1] во 2010 година, зафаќаат 1.121.000 ha или 43,6%. Овој процент е понизок отколку во низа земји во Европа. Според тоа, основата за земјоделското производство, гледано низ земјишниот фонд во Македонија, е доста ограничена. Состојбата е уште понеповолна ако се набљудува само обрабтливата површина[2] која изнесува 509.000 ha или 45,40% од вкупната земјоделска површина во Републиката. Во однос на 1960 година кога таа изнесувала 703.000 ha намалена е за 2.000 ha, односно се наоѓа во постојано опаѓање.

Ваквата ограниченост на земјоделските површини е во директна зависност од релјефната структура на Македонија. Во неа ридско-планинските терени зафаќаат 78,8%, а рамничарските 19,1%, остатокот од 2.1% се водни површини. Меѓу рамнините само 7,7% се вистински рамнини, 5,2% се поплавливи терени и 6,25 ниски ритчиња и зарамнети терени. Кај ридско-планинското земјиште ридовите и ридско-планинското земјиште до 1.000 м.н.в. зафаќаат 48,1%, планинските терени до 2.000 м.н.в. зафаќаат 29,3% и планинските терени над 2.000 м.н.в. зафаќаат 1,4%.

[1] Под земјоделска површина се сметаат: ораниците и бавчите, овоштарниците, лозјата, ливадите, пасиштата, трскарниците и мочуриштата.
[2] Во обработлива површина спаѓаат: ораниците и бавчите, овоштарниците, лозјата и ливадите.

*Вкупна земјоделска и обработлива површина (во 000 ha)*

| Година | Вкупна земјоделска површина | Вкупна обработлива површина | % |
|---|---|---|---|
| **1950** | 1.119 | 591 | 52,8 |
| **1960** | 1.540 | 703 | 45,6 |
| **1970** | 1.367 | 676 | 49,4 |
| **1980** | 1.310 | 650 | 49.6 |
| **1990** | 1.320 | 666 | 50,4 |
| **2000** | 1.236 | 598 | 48.4 |
| **2010** | 1.121 | 509 | 45,4 |

Врз основа на деталните агропедолошки проучувања (Филиповски, 1996) утврдено е дека 38% од вкупната обработлива површина се наоѓа на брановидно-ридчестите терени во Републиката. На рамнинските терени се наоѓа 35%, а останатите 27% се наоѓаат на падинските страни. Ваквата разместеност всушност покажува дека приоритетни земјоделски површини претставуват 253.000 ha, кои имаат наклон до 10% и тие се погодни за одгледување на сите видови земјоделски култури.

*Површина по катастарски класи на земјиштето во Р. Македонија*

| Катастарска класа | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Површина во хектари** | 15.375 | 39.997 | 84.493 | 140.310 | 133.520 | 118.156 | 84.742 | 70.758 | 687.352 |
| **%** | 2,20 | 5,82 | 12,29 | 20,41 | 19,43 | 17,9 | 12,33 | 10,29 | 100 |

Најголем дел од земјиштето во Република Македонија спаѓа во IV класа - 20,41%, а најмалку во I класа само 15.375 ha или 2,20%. Всушност, релјефот на Македонија се карактеризира со скоро наизменично сменување на големи и високи планински масиви и пространи котлини настанати по тектонски пат, поради што се наоѓаат на поголеми или помали надморски височини. Во овие котлини е концентриран најголемиот дел од земјоделското производство.

Структурата на земјишниот фонд е доста променлива категорија. Таа е во тесна зависност од природно-географските услови и од општествено-економските состојби во минатото. Според категориите на ползувањето на земјишниот фонд: ораници и бавчи, овошни градини, лозја, ливади, пасишта и трс-

карници, највисоко е учеството на ораниците и бавчите. Тие во 2010 година зафаќале површина од 415.000 ha или 81,5% од вкупните обработливи површини. Со вака ограничениот фонд на ораниците, интензификација на земјоделското производство може да се оствари или со пораст на приносите по единица површина или со промена на структурата на сеидбените површини со високо доходни индустриски и градинарски култури како и со зголемување на површините под лозја и овоштарници. Меѓутоа, површините со кои се застапени сите овие култури се мали. Така во 2010 година под овоштарници биле 14.000 ha или 2,7%, под лозја 21.000 ha, или 4,1%, кои површини поради изразито добрите природни услови за одгледување на овие култури не се адекватно застапени. Причини за тоа има повеќе, а поважни се неразвиениот пазар, лошо организираниот откуп, како и потребата од високи инвестициски вложувања за ширење на овоштарството и лозарството.

*Земјоделски површини по категории на користење (во 000 ha)*

| Година | 1930 | 1950 | 1960 | 1970 | 1980 | 1990 | 2000 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно:** | 1.218 | 1.119 | 1.540 | 1.367 | 1.310 | 1.320 | 1.236 | 1.121 |
| **Обработлива површина** | 582 | 591 | 703 | 676 | 650 | 666 | 598 | 509 |
| **- ораници и бавчи** | 529 | 529 | 610 | 583 | 545 | 555 | 498 | 415 |
| **- овошни градини** | 2 | 7 | 16 | 20 | 22 | 22 | 16 | 14 |
| **- лозја** | 6 | 11 | 25 | 26 | 36 | 35 | 28 | 21 |
| **- ливади** | 44 | 44 | 52 | 47 | 47 | 54 | 56 | 59 |
| **- пасишта** | 603 | 524 | 831 | 689 | 658 | 651 | 636 | 611 |
| **- бари и трскарници** | 33 | - | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 |

Ливадите во 2010 година зафаќаат површина од 59.000 ha или 11,6% од вкупната земјоделска површина и речиси се на исто ниво како и во 1960 година. Пасиштата во однос на 1960 година бележат најголемо опаѓање. Нивната површина се намалува од 831.000 ha во 1960 година на 611.000 ha во 2010 година. Но тоа се сеуште доста големи површини, бидејќи зафаќаат 54,5% од вкупната земјоделска површина. Тоа е неповолна околност, бидејќи пасиштата претставуваат крајно екстензивен начин на користење на земјишниот фонд.

Од изнесеното се гледа дека користењето на земјишниот фонд кај нас сеуште е нерационално. Гранките што може да го интензивираат земјоделското производство се застапени на мали површини. Тоа особено се однесува на овоштарството за кое се смета дека интензивирано може да обезбеди над трипати поголема просечна вредност на производстовто по еден хектар, отколку индустриските култури.

## 3.3. МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

Природните услови на Македонија овозможуваат разновидно земјоделско производство. За нивно рационално искористување, а со цел осовременување и унапредување на земјоделството и зголемување на земјоделската продукција, се преземаат низа мерки. Меѓу нив особено се значајни: организацијата на земјишната територија од аспект на земјоделството, преземање агротехнички мерки за унапредување на земјоделството, селекционирање на семиња, посадочен материјал, и облагородени раси добиток, ветеринарна и друга заштита, стручни кадри и т.н.

Реонизацијата претставува, исто така, значајна мерка за унапредување на земјоделството. Со неа, а во зависност од природните услови, издвоени се реони во кои се одгледуваат одредени видови полјоделски култури, овоштарници, лозови насади или видови добиток. Во тој поглед во Македонија според досегашните истражувања се издвоени шест земјоделски реони:

I. **Медитерански** (Гевгелиско, Валандовско, Струмичко, Радовишко, Неготинско, Кавадаречко, Штипско, Кочанско, Виничко, Св. Николско и Велешко),

II. **Пелагониски** (Битолско, Прилепско, Демир Хисарско и Крушевско),

III. **Скопско-кумановски** (Скопско и Кумановско),

IV. **Западен реон** (Полог, Дебарско, Кичевско и Порече),

V. **Источен реон** (Малешево, Пијанец, и Славише) и

VI. **Големо-езерски реон** (Охридско-струшката Котлина и Преспа).

Во Медитеранскиот реон земјоделството е насочено кон лозарство, градинарство, индустриски култури и жита (меѓу другото и ориз).

Во Скопско-кумановскиот реон доминира производство на жита (главно пченица) и тутунот. Во останатите три земјоделски реони, земјоделското производство главно е насочено кон пасишно сточарско производство и овоштарство.

Според агроеколошката класификација (Лозановски, 1997), обработливите површини во Р. Македонија, припаѓаат на четири агроклиматски подрачја и тоа: 1. Субмедитеранско (Гевгелиско-валандовската Котлина - со 21.000 ha обработлива површина); 2. Континентално-субмедитеранско (Струмичко-радовишката, Кочанската и Скопската Котлина, Овче Поле и Тиквеш), со околу 320.000 ha обработлива површина; 3. Топло-континентало подрачје (Пелагонија, Полог, Кичевската Котлина, Преспа, Охридско-струшката Котлина, Дебарца, Дебарската Котлина, потоа Кумановската Котлина, Словиште и Пијанец, со вкупно обработлива површина од околу 300.000 ha) и 4. Ладно-континентално подрачје кое зафаќа околу 18.000 ha обработливи површини.

Растителното производство во сите четири подрачја има недостиг на влага што го намалува изборот на културите.

## 3.4. ПОЛЈОДЕЛСТВО

Полјоделството опфаќа производство на жита, индустриски, градинарски и фуражни култури. Според обемот на производството тоа е најважна земјоделска област, бидејќи зафаќа најмногу од обработливите површини, ангажира најбројна работна сила и голем дел од агротехничките средства и обезбедува егзистенција на најголем дел од селското население. Меѓутоа, задоволувачки количества за потребите на потрошувачката во Македонија и за пласман во извозот даваат само градинарството, од индустриските култури тутунот, а од житата оризот. Недоволно е производството на најважните жита: пченицата и пченката како и на индустриските култури: шеќерната репка и сончогледот.

Во повоените години во Македонија настанаа значајни промени во структурата на засеаните површини. Големата разнообразност од полјоделски култури, кои денеска се застапени во нашата земја, е резултат на различните климатски, педолошки и други фактори кои го условуваат нивното одгледување. Меѓутоа, и покрај застапеност на голем број разни култури, како по површина, така и по производство, доминираат житните култури. Тие на полјоделството му даваат белег на екстензивност и еднострaност.

*Користење на површините по видови полјоделски култури (во 000 ha)*

| Год. | Вкупно | Култури | | | | Угари и необ.ораници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | жита | индустр | градин. | фуражни | |
| **1930** | 529 | 392 | 24 | 17 | 6 | 90 |
| **1950** | 530 | 304 | 47 | 25 | 25 | 128 |
| **1960** | 610 | 372 | 56 | 35 | 30 | 117 |
| **1970** | 583 | 304 | 65 | 52 | 29 | 133 |
| **1980** | 540 | 241 | 56 | 60 | 31 | 152 |
| **1990** | 555 | 237 | 62 | 63 | 38 | 155 |
| **2000** | 522 | 222 | 32 | 64 | 30 | 174 |
| **2010** | 415 | 163 | 27 | 51 | 36 | 137 |

Житните култури во 2010 година биле посеани на површини од 163.000 хектари или зафаќаат 58,8% од посеаната површина. Во поранешните периоди нивната застапеност била уште поголема.

Во последните децении површините под жита се намалени и тоа од 372.000 ha во 1960 на 163.000 ha во 2010 година, а се намалени и површините под индустриски и градинарски култури. Во земјите со напредно земјодел-

ство, житните култури се застапени во поправилен соодноc спрема останатите групи култури. На пример, во Франција фуражните култури учествуваат до 30% во вкупната посеана површина, додека кај нас тој процент е само 8,7%.

### *а) Житни култури*

Поволните климатски услови овозможуват во нашата земја да се одгледуваат сите видови житни култури, а особено пченицата, пченката, јачменот и оризот, а во помала мера 'ржта и овесот.

*Површина и производство на житни растенија во Република Македонија*

| Година | 1930 | 1950 | 1960 | 1970 | 1980 | 1990 | 2000 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Пченица** | | | | | | | | |
| површина во ha (000) | 133 | 90 | 138 | 138 | 108 | 115 | 121 | 79 |
| производство во тони (000) | 73 | 83 | 215 | 303 | 273 | 213 | 299 | 243 |
| принос во t/ha | 0,5 | 0,9 | 1,0 | 2,2 | 2,5 | 2,0 | 2,4 | 3,5 |
| **2. Пченка** | | | | | | | | |
| површина во ha (000) | 68 | 57 | 71 | 55 | 42 | 42 | 37 | 28 |
| производство во тони (000) | 53 | 45 | 95 | 105 | 88 | 79 | 125 | 129 |
| принос во t/ha | 0.8 | 0,8 | 1,3 | 1,9 | 2,0 | 1,9 | 3,3 | 4,5 |
| **3. Јачмен** | | | | | | | | |
| површина во ha (000) | 77 | 46 | 55 | 44 | 55 | 52 | 50 | 42 |
| производство во тони (000) | 49 | 38 | 60 | 64 | 130 | 74 | 110 | 126 |
| принос во t/ha | 0,6 | 0,8 | 1,1 | 1,4 | 2,3 | 1,4 | 2,2 | 2,9 |
| **4. 'Рж** | | | | | | | | |
| површина во ha (000) | 83 | 70 | 71 | 37 | 18 | 13 | 58 | 35 |
| производство во тони (000) | 49 | 59 | 66 | 36 | 21 | 16 | 8 | 88 |
| принос во t/ha | 0,6 | 0,7 | 0,9 | 0,9 | 1,2 | 1,2 | 1,4 | 4,5 |
| **5. Ориз** | | | | | | | | |
| површина во ha (000) | 1,7 | 2,2 | 6,0 | 8,0 | 8,5 | 8,9 | 3,8 | 4,1 |
| производство во тони (000) | 2,3 | 5,0 | 21,7 | 32,1 | 41,5 | 27,5 | 18,4 | 25,7 |
| принос во t/ha | 1,3 | 2,3 | 3,6 | 4,0 | 4,9 | 3,1 | 4,8 | 6,2 |

Вкупната засеана површина со жита во 2010 година изнесувала 163.000 ha од која најголем дел била засеана со пченица и тоа 78.000 ha, а најмала површина под ориз, само 4.100 ha.

**Пченица -** Според големината на засеаната површина меѓу житните култури, пченицата е на прво место. Во 2010 година со пченица биле засеани вкупно 79.000 ha што претставува 48,4% од застапеност на сите житни култури. Тоа е последица на фактот што пченицата е најважно лебно жито кај нас. Потоа, пченичното зрно претставува и важна суровина во индустријата за тестенини: фиде, макарони, шпагети, бисквити, грисини, гриз и др. Сламата има широка примена во сточарството како простирка од која се добива квалитетно шталско ѓубре, потоа во индустријата за хартија и целулоза и др.

Пченицата се смета за најстара житна култура. Во Египет се среќава во записи уште од стариот век. Води потекло од Југозападна Азија, поточно од Персија и Месопотамија. Оттаму е раширена низ целиот свет. Во Македонија се смета дека е донесена од Анадолија и тоа уште во неолитот.

Почвените услови се многу значајни за одгледувањето на пченицата. Таа бара богати почви со лесно достапни хранливи материи, со добри физички својства и умерена влажност. Најдобри почви за пченицата се црноземот, алувијалните почви и побогатите дилувијални почви. Во наши услови пченицата постигнува висок род и на смолницата. Затоа доста е раширена во Пелагонија, Овче Поле, Тиквеш, Кумановска, Скопска и други котлини.

Вегетацискиот период кај пченицата е доста долг. Кај нас, есенската пченица се сее од почетокот на октомври до средината на ноември, а се жнее во јули, односно тој период трае околу 270 дена. Според времето на сеењето таа се дели на *есенска* и *пролетна пченица*. Потоа се дели на: *дива пченица, култивирана пченица со плевести зрна* и *култивирана пченица со голо зрно*.

Според особините на зрното, пченицата се дели на: *обична* или *мека пченица* и *тврда пченица*. Меката пченица е најраспространет вид во светот и кај нас. Разликата помеѓу меката и тврдата пченица е во содржината на глутенот, кој го има повеќе во тврдата, а помалку во меката пченица. Тврдата пченица апсорбира повеќе вода и дава поголемо количество леб од килограм брашно, а лебот е поголем, но полесен. Од меката пченица се добива меко лебно брашно, лебот е помал, но потежок. Тоа е многу погодно за правење печива, бисквити, слатки и др.

Меката пченица има поголемо стопанско значење и од неа постојат поголем број сорти. Најстари домашни сорти кои долго време се одгледувале во Македонија се: стара осатка, стара црвена осатка и стара бела. Оттука во некои краеви на нашата земја за пченицата се употребува само терминот осатка. Виден напредок во производството на пченицата е направен по Втората светска војна. Отпрвин се увезени повеќе странски сорти а подоцна се создаваат високородни сорти пченица како: оровчанка и скопјанка. Од тврдите пченици во Македонија се сеат неколку сорти, меѓу кои се познати: црвенка и каробошок од старите сорти и мина од новите сорти.

Производството на пченица директно е зависно од големината на засеаните површини и од приносот. Во повоениот пеирод засеаните површини кај

нас се движеле помеѓу 138.000 ha во 1970 година и 79.000 ha во 2010 година. Во 2010 година во Македонија се произведени 243.000 тони или 3.044 kg /ha. Најважен реон за производство на пченица е Пелагонија. Во неа се произведува скоро 30% од вкупното производство. Потоа следуваат: Скопската Котлина, Полог и др.

Сродна на пченицата е *тритикалето*. Увезена е последните години и е раширена во Полог. Се карактеризира со доста висок принос до 8.000 kg /ha.

**Пченка -** Според значењето е втора житна култура во Македонија. Во последните четириесет години површините под пченка се движат до 70 илјади хектари со тоа што од 1970 година наваму тие се во постојано опаѓање, односно се намалуваат од 55.000 ha во 1970 година на 28.000 ha во 2010 година.

Во минатото, пченката кај нас населението повеќе ја користело за исхрана и тоа особено во пасивните краишта, поради што се јавувала и болеста пелагра. Денеска главно се користи за исхрана на добитокот. За таа цел зрното служи за приготвување концентрациона храна, а за исхрана на добитокот се користат и пченковиците и тоа како сурови, суви или како силирани. Пченката претставува и првокласна индустриска суровина. Во индивидуалниот сектор често се одгледува заедно со грав и тикви и на тој начин се остварува поголем приход. Во услови на наводнување, таа може да се одгледува и како втора култура со што се добива голема зелена маса за силирање.

Пченката кај нас претставува понова култура. Се одликува со повеќе посебни карактеристики. Таа е топлољубиво растение чиј вегетациски период трае околу пет месеци. Се одгледува во оние подрачја кои имаат доста топлина, светлина и доволна влага, како и плодни, глинести почви.

По Втората светска војна под влијание на подоходовните култури, површините под пченка постојано се намалувале, а сувата клима и недоволната агротехника го оневозможувале постигнувањето на задоволителни приноси. Нискиот принос на хектар е резултат и на слаба примена на хибридните сорти пченка, поточно, поради производството на меѓукултури, особено гравот. Ова особено се однесува на Полошката Котлина каде и најмногу се произведува пченка во Македонија. Во неа се добива околу 30% од производството на пченка кај нас. Второто место по производство го зазема Струмичката Котлина, третото Кумановската и т.н. Во 2010 година вкупно во Македонија од 28.000 ha е произведено 129.000 тони пченка или по 4,5 t/ha.



*Нива со пченка во с. Шемшево, Долни Полог*

**Јачмен -** Во структурата на површините под жита, а и според количеството на производство, во нашата земја на трето место доаѓа јачменот. Во повоениот период површината под ова жито е константна и се движи до 55.000 ha. Така, во 1960 и 1980 година биле засеани по 55.000 ha, 52.000 ha во 1990 година, а во 2010 година 42.000 ha.

Јачменот поднесува како топла, така и ладна клима. Помалку страда од суша и има краток вегетациски период (околу 100 дена). Со овие особини не било тешко да се рашири низ сите наши краишта, а особено во оние со незначителни летни врнежи, какви што се тиквешкиот крај и Овче Поле, каде во извесна мера го компензира недоволното производство на пченка. И во однос на почвените услови, јачменот не е многу пребирлив. Сепак, како погодни почвени типови се сметаат; црноземот, алувиумот, делувиумот и смолницата. Јачменот се сее наесен, во пролет, а може и во зима, што зависи од климатските услови и од намената. Во наши климатски услови најдобри резултати се постигнуваат со есенската сеидба, а се сее само *плевестиот јачмен*. Помалку се користи како лебно жито и тоа во повисоките планински предели, а повеќе како добиточна храна.

Во Македонија јачменот успева во сите краеви. Во 2010 година со јачмен биле засеани 42.000 ha, од кои се добиени 126.000 тони јачмен, или 2,9 t/ha.

Најголем производител на јачмен е Пелагонија. Во неа се остварува околу 20% од производството, потоа следува Кумановскиот крај, Овче Поле и т.н.

**'Рж -** Во споредба со пченицата, 'ржта е понова култура. Нејзината застапеност и во светот и кај нас е мала и е во постојано опаѓање. Како лебно жито е постојано потискувана од пченицата. Во нашата земја, на пример, во 1960 година со 'рж биле посеани 71.000 ha, меѓутоа, оттогаш наваму застапеноста на оваа култура е во постојано опаѓање, така што во 2010 година со 'рж биле засеани само 3.590 ha, што е најмала површина меѓу сите лебни жита кои се одгледуваат. Тоа се должи на повеќе фактори, на ниските приноси што се остваруваат од овој вид жито, а и лебот добиен од брашно од 'рж е со послаб квалитет од пченичниот, слабо нараснува и има потемна боја.

За 'ржта, сепак, треба да се наведе дека е најскромно жито во однос на климатските и почвените услови. Поднесува прилично ниски температури и мразеви, додека големите горештини за неа не се погодни. Успева на многу сиромашни почви, може да се одгледува и на песокливи и суви почви. Во релјефен поглед со успех се одгледува на ридесто земјиште и на планинските падини. Може да се одгледува и на надморска височина од 2.000 метри. Благодарение на ваквите особини, 'ржта денес главно се задржала во сиромашните ридско-планински подрачја. Во посувите реони се одгледува раната сорта - *хана 'рж*, во повлажните - пролетната - *петкусна 'рж*.

'Ржта се одгледува заради зрното и сламата. Зрното се користи во прехранбената индустрија за производство на леб, кој има карактеристична арома и се користи за исхрана на дијабетичарите. Од зрното се добива и шпиритус. Покрај зрното, сламата има посебно значење. Населението од ридско-планинските предели нашироко ја користи за покривање на објекти, за изработка на рогозини, за правење јажиња, таканаречени важици за врзување снопје, за огрев и други цели.

Во 2010 година со 'рж вкупно биле засеани 3.590 ha од кои се добиени 8.850 тони, односно е остварен принос од 2,4 t/ha. Најраспространета е во Малешевската, Пијанечката и Славишката Котлина.

**Овес -** Овесот служи како висококвалитетна храна во сточарството. Зрното содржи големо количество белковини, скроб и масти, поради што овесот е квалитетен за исхрана на младите животни, особено за коњите. Покрај ова, од зрното се добива гриз и овесно брашно за исхрана на човекот. Нема некои специфични барања во однос на климата и почвите. Успева и на најсиромашни почви, во подрачја со малку топлина, но со повеќе влага. Се одгледува најмногу во планинските предели на Малешевијата, Осоговијата и Шар Планина.

**Ориз -** Оризот е една од најраспространетите житни култури во светот. Се смета дека потекнува од Североисточна Кина. На Балканскиот Полуостров и во Македонија го донеле Турците. Зрното од оризот е богато со хранливи материи што го прават погоден за исхрана на човекот. Во индустријата од него се добива скроб и се прават разни пудинзи. Сламата од оризот се користи во

сточарството за исхрана и за простирка, во индустријата од неа се произведува најквалитетната хартија, а плевата се употребува како горивен материјал.

Производството на ориз има мошне сложена технологија, од изградбата на мрежата за наводнување, преку обработката на земјата, па се до жетвата. Во Македонија неговото одгледување има долга традиција и специфичности во производството. Оризот во споредба со другите жита има и специфични барања. Тие барања главно се однесуваат на топлината и водата. Тој може да се одгледува ако 4-5 месеци во текот на вегетацијата има просечна дневна температура од 20°С. Тој период кај нас се протега од почетокот на мај до крајот на септември. Оризот бара и големо количество вода, бидејќи треба да се наводнува во текот на целата вегетација. И покрај ваквиот начин на одгледување, тој не е мочуришно растение. За неговото наводнување најдобри се проточните води, кои се богати со кислород. Од почвените услови, алувијалните почви се идеални за негово виреење. Наклонетоста на теренот, исто така, е важен фактор за одгледување. Погодни се само малку наклонетите терени, но не и потполно рамните, бидејќи во нив водата не може природно да поминува од една парцела во друга. Оризовите парцели мора секогаш да бидат исполнети со вода која се пушта од самата сеидба и останува до крајот на вегетацијата. Водата се регулира со отворање и затворање на вратите на парцелите, а нејзината висина треба да изнесува меѓу 10 и 15 cm. Во Македонија се сеат сорти од кинеско-јапонскиот ориз. Меѓу нив, најодгледувани сорти се: *марател, монтичели, сан доменико, орборио, осоговка* и др.

Оризот, поради специфичните услови што ги бара во одгледувањето, се произведува само во четири подрачја. Тие се: Кочанска Котлина во која е најмногу застапен, Струмичко-радовишката Котлина, Велешко и Неготинско. Иако порано бил многу повеќе застапен, во 2010 година под ориз биле засеани само 4.126 ha. Причина за намалување на засеаните површини главно е намалувањето на пазарот, бидејќи порано тој се продавал по целиот југословенски пазар, а сега само во Македонија.

*Застапеност на ориз по одделни подрачја во*
*Република Македонија во 1990 година*

| Подрачје | Површина во хектари | Принос во тони | Принос во тони/хектар |
|---|---|---|---|
| **Кочанска Котлина** | 8.444 | 26.489 | 3,1 |
| **Струмичко-Радовишка Котлина** | 41 | 92 | 2,4 |
| **Велешко подрачје** | 440 | 965 | 2,2 |
| **Неготинско подрачје** | 10 | 40 | 4,0 |
| **В к у п н о:** | **8.935** | **27.586** | **3,1** |



*Оризови парцели (кај месното население познато како ѓолови), во Оризарско Поле - Кочанско. Панорама кога оризот е во фаза на поникнување.*

## б) Индустриски култури

Индустриските растенија се раширени низ сите реони на нашата земја. Меѓутоа, иако има погодни природни услови за одгледување на овој вид растенија, климатски и педолошки, тие не се доволно искористени и не се адекватно застапени. Тоа го потврдува фактот што како во минатото, така и денеска со индустриски растенија се сеат само мал дел од ораничните површини. Во 1970 година се сееле на 65.000 ha, а во 2010 година се намалени на 27.000 ha.

Застапеноста на видовите индустриски култури кај нас е доста широка, но обемот на производство е мал. Тоа укажува не само на заостанатоста на земјоделството, туку и на заостанатоста на индустријата на која индустриските растенија и служат како суровина. На друга страна имаме и појава, индустријата голем дел од своите потреби да ги покрива со вакви суровини од увоз или, поради недостиг на суровини, капацитетите да ги користи само со мал процент.

Според својата намена и застапеност индустриските растенија се делат на: маслодајни, текстилни и други индустриски растенија. Од текстилните растенија кај нас се застапени памукот и конопот. Од маслодајните: сончогледот,

афионот, сусамот, сојата, маслодајната репка, кикиритките, рицинусот и анасонот, а од другите индустриски растенија: тутунот, индустриската пиперка, индустриските домати, шеќерната репка и хмељот.

*Површина и производство на индустриски растенија*

| Индустриски растенија | 1980 | 1990 | 2000 | 2010 |
|---|---|---|---|---|
| **1. Тутун** | | | | |
| површина во ha (000) | 26.556 | 20.841 | 22.785 | 20.300 |
| производство во тони (000) | 23.574 | 16.452 | 22.175 | 30.280 |
| принос во t/ha | 0,9 | 0,6 | 1,0 | 1,5 |
| **2. Сончоглед** | | | | |
| површина во ha (000) | 20.944 | 28.203 | 6.006 | 4.061 |
| производство во тони (000) | 25.195 | 13.419 | 7.351 | 7.592 |
| принос во t/ha | 1,2 | 0,5 | 1,2 | 1,9 |
| **3. Шеќерна репка** | | | | |
| површина во ha (000) | 2.590 | 4.022 | 2.022 | - |
| производство во тони (000) | 74.253 | 106.420 | 56.450 | - |
| принос во t/ha | 28 | 26 | 28 | - |
| **4. Памук** | | | | |
| површина во ha (000) | 707 | 374 | - | - |
| производство во тони (000) | 618 | 226 | - | - |
| принос во t/ha | 0,9 | 0,6 | - | - |
| **5. Афион** | | | | |
| површина во ha (000) | 1.912 | 915 | 201 | 413 |
| производство во тони (000) | 1.038 | 466 | 144 | 297 |
| принос во t/ha | 0,5 | 0,5 | 0,7 | 0,7 |
| **6. Индустриски пипер** | | | | |
| површина во ha (000) | 1.174 | 1.763 | 853 | - |
| производство во тони (000) | 3.225 | 2.868 | 3.932 | - |
| принос во t/ha | 2,7 | 1,6 | 4,6 | - |

**Тутун -** Тутунот е една од најзастапените и економски најважна индустриска култура во Македонија. Тоа се гледа од следново: Се одгледува на големи површини и на послаби почви. Во 2010 година со тутун биле посеани 20.300 ha или скоро 75% од површините засеани со индустриски култури; За негово производство, преработка, фабрикација и промет ангажирани се голем број жители; За голем број реони, особено за неразвиените, тутунот претставува главен извор за егзистенција на населението; Тутунот учествува со голем процент во создавањето на националниот доход на населението, а значаен е и за Републиката, бидејќи учествува во создавањето на државниот буџет и преку извозот (тутун или цигари) државата обезбедува значајни девизни средства и др.

На Балканскиот Полуостров тутунот бил пренесен од Турција, каде што во Истанбул пушењето било познато уште во 1571 година. Во Македонија се смета дека тутунот бил донесен во 1573 година, а почнал организирано да се произведува во 1873 година кога бил изграден и првиот магацин во Прилеп.



*Традиционално сушење на тутун во Прилепско. Фазата сушење во низи мора постојано да се надгледува*

Тутунот е едногодишно растение кое за одгледување бара специфични почвени, климатски и хидролошки услови. За одгледување квалитетен тутун, почвите имаат особено значење. Тие треба да се пропустливи, топли и да содржат воздух. По однос на хемискиот состав, почвите треба да содржат што помалку азот, односно треба да бидат со помалку хумус, бидејќи азотот негативно влијае врз квалитетот на тутунот. Според местоположбата, ориенталски-

те ситнолисни тутуни се одгледуваат на падински почви, додека крупнолисни-те, а особено вирџиниските сорти, кои се наводнуваат, на рамничарски почви.

Во однос на климата тутунот е топлољубиво растение и затоа бара топла клима. Тутунот во различни фази од развојот има и различна потреба од вода. Во фазата на производство на расад, растението има најмногу потреба од вода, а кога ќе се расади на нива, потреба за вода има при вкоренувањето, во брзиот раст и цветањето. Во случај на недостиг на вода, растението може брзо да процвета, со мал број лисја и притоа приносот да биде значително мал.

Во светот постојат над 70 видови тутун. Во нашата земја се одгледуваат следниве типови тутун: *ориенталски, полуориенталски* и *вирџиниски тип.*

Ориенталскиот тип е застапен со сортите: *прилеп, јака* и *џебел*. Сортата „прилеп" се карактеризира со изразена ситнолисност. Стракот е висок до 60 cm и на него се наоѓаат просечно по 30 густо подредени лисја. Вирее на лесни, растресити, топли и исцедени почви, не многу богати со хранливи материи. На ваквите почви оваа сорта дава ситен, многу ароматичен тутун со портокалова боја. Такви се почвите во северниот дел на Пелагонија, особено во околината на Прилеп, каде е и создадена оваа сорта и од каде го добила и името. Во однос на должината на вегетацискиот период тој е прилично долг и трае до 140 дена. Просечниот принос се движи од 700 до 1.100 kg/ha. Суровината до-биена од оваа сорта има висока употребна вредност, бидејќи е многу арома-тична, затоа е најзастапена од ориенталскиот тип тутун што се произведува во нашата земја.

Сортата јака има висок и тесен страк со висина до 120 cm, на кој има до 32 листа. Има покус вегетациски период од соратата прилеп, поотпорна е на суша, но е понеотпорна на ветер и на болести, особено на пепелницата.
Дава помали приноси отколку типот прилеп, бидејќи дава просечно од 600 до 1.000 kg/ha. Посебно нејзина карактеристика е што меѓу сите сорти содржи најмалку никотин во себе. Многу е раширена во Радовишко.

Сортата џебел има најкус вегетациски период во споредба со другите ориенталски сорти што се одгледуваат и тој изнесува околу 95 дена. Меѓутоа растението во однос на другите сорти има мал број лисја, поради што дава и помали приноси.

Од полуориенталските типови во Македонија се застапени сортите *отља* и *маја*. Сортата отља се карактеризира со страк висок до 70 cm на кој се јавуваат до 26 лисја. Има краток вегетациски период кој изнесува околу 60 дена и доста е отпорна на тутуновата болест пепелница. Просечно по хектар се добиваат 1.300 kg и се употребува како дополнителен материјал во фабрика-цијата на цигари. Одгледувањето на отља е најраширено во Кумановско од каде по селото Отља и го добила името.

Втората доста раширена сорта од полуориенталските типови е сортата маја. Расте во височина до 150 cm и на еден страк има до 30 лисја. Отпорна е на болести и во услови на наводнување дава високи приноси до 2.000 kg/ha.

Од вирџинискиот тип тутун се одгледуваат сортите *вирџинија бројт* и *вирџинија клејтон*. Тоа се широколисни тутуни кои во нашата земја почнаа да се произведуваат помасовно од 1970 година наваму и тоа најмногу во Полог, Кумановско и Охридско.

Тутунот за Република Македонија има национално обележје, а се смета и како национална култура. Неговото производство има долга традиција, но не е многу воедначено. Тоа во значајна мера е зависно од климатските услови, но и од финансиските мерки што ги обезбедува државата за кредитирање на производството и навремениот откуп. Во 2010 година под тутун биле засеани 20.300 ha од кои се добиени 30.280 тони или по 1.500 kg/ha. Се произведува низ целата територија на нашата земја. Нема општина во која тој не е застапен. Сепак, најголем дел од производството се остварува во Пелагонија (околу 50%) и во Струмичко-радовишката (околу 25%) и Кумановската Котлина.

Во нашата земја се одгледуваат голем број маслодајни растенија. Меѓу нив поголемо значење имаат: сончогледот, афионот, сојата, сусамот, маслодајната репка, кикиритките и рицинусот. Тие се карактеристични по тоа што содржат масло во семето.

**Сончоглед -** Сончогледот е наше најраширено и најважно маслодајно растение. Семето од сончоглед содржи од 45-54% масло, но при фабрикацијата обично се добива од 30-45% масло, а остатокот претставува ќуспе кое се користи како храна за молзните крави и младиот добиток.

Сончогледот е и корисно медоносно растение, бидејќи цветовите се богати со нектар и претставуваат одлична паша за пчелите. Стеблото од сончогледот обично се користи за ѓубрење, но бидејќи содржи големо количество калиум, тоа во индустријата се употребува за производство на калиумова поташа која понатаму се користи во производството на сапун. Тој се одгледува и како фуражна култура, бидејќи дава голема зелена маса. Неговото одгледување во нашата земја особено е раширено по Втората светска војна.

Засеаните површини под сончоглед главно се условени од откупната политика на производните претпријатија на масло, додека промената во обемот на производството е последица на климатските услови, главно на сушата. Така, додека во 1980 година под сончоглед биле засеани 20.944 ha и добиено 25.000 тони сончогледово семе, во 2010 година се посеани само 4.061 ha, од што резултирало и мало производство од 7.592 t. Производството на сончоглед главно е концентрирано со четири производни подрачја и тоа Пелагонија, во која се остварува скоро 50% од вкупното производството на сончогледово семе во земјава, потоа во Кумановско, Скопско и Овче Поле.



*Нива со сончоглед во Пелагонија.*

**Афион -** Афионот е маслодајно и важно лековито растение. Од него се добиваат два производа - семе и чушка. Семето служи за добивање масло, а чушките за собирање морфиум и други алкалоиди, кои се барана суровина во фармацевтската индустрија.



*Нива со афион*

Афионот е меѓу најбогатите маслодајни растенија, бидејќи неговото семе содржи 50-60% масло. Дел од ова масло (70%) се добива со студено пресување и тоа се користи како првокласно масло за јадење, додека останатите 30% се добиваат со топло пресување и тоа претставува полусушливо масло и се употребува за изработка на бои, лакови, сапуни и др.

Лушпата од афионовото семе - афионовото ќуспе, во себе содржи висок процент на лесно растворливи белковини, масло и јаглеродни хидрати и се употребува како храна за млечниот и гоениот добиток. Афионовото семе се користи во домаќинството и слаткарството за приготвување специјални јадења. Афионот во минатото бил многу раширена индустриска култура во Македонија. Со Законот од 1973 година се забранува производството на опиум (катран) со засекување на чушките, поради што се намалила економската исплатливост за негово одгледување, така што денеска површините под афион се сведени на минимум. Во 2010 година се посеани само 413 ha од кои се добиени 297 kg семе, додека индивидуалното производство на морфиум е најстрого забрането. (Македонскиот опиум со 14 морфиски единици се смета за еден од најквалитетните во светот. И не случајно, уште во средновековието, македонскиоте полиња „тежеле“ од афион кој највештите трговци со чунови по Вардар го испраќале кон Солун, а од таму ширум светот. Вториот по квалитет е Пакистанскиот со 7 морфиски единици, Колумбискиот е околу 3,5 и сл.  Има и такви што дури името на Македонија го поврзуваат со макот од афион. Така, рускиот лингвист Платон Кулашевич во етимолошкиот речник на рускиот јазик дава повеќе верзии за потеклото на името Македонци, а една од нив ја поврзува за макот, семето од афионот. Според овој речник, поимот Македонец е изведен од изразот „мак-јадин“, односно човек што јаде мак. Платон смета дека тоа не е случајно, бидејќи поимањето за Македонецот како човек што се прехранува со афион го пренеле античките записи. Во еден од нив пишувало дека во Македонија житото не родило седум години, па Македонците јаделе само афион за да преживеат. Во 1936 година во Македонија е отворена прва фабрика за преработка на суров опиум. Дури и Грбот на Македонија е симбол со богатството на Македонската земја, житното класје, плодовите на афионот и листовите од тутун.

**Памук -** Меѓу растенијата за производство на влакна, памукот во светот и кај нас зазема најважно место. Во тропските краишта, од каде води потекло, тој е многугодишно растение, додека во нашиот умерен појас е едногодишно.

Памукот е многу стара култура и во Египет, бил одгледуван уште 3.000 години п.н.е. Во Европа први започнале да го одгледуваат Грците во XI век п.н.е.  и најверојатно, тогаш е раширен и во Македонија.

Со цел што повеќе да се ослободиме од увозот на памук, а и брзиот развој на текстилната индустрија, во повоените години, создадена е поволна конјунктура за нашето памучно производство, формиран е посебен Институт за памук во Струмица. Во седумдесеттите години на минатиот век памук се

сеел на значителни површини, меѓутоа, евтиниот увоз на памукот придонел и таа конјунктура брзо да се задуши, а површините под оваа важна култура осетно да се намалат, така што од 2000-та година наваму статистиката не евидентирала ниту еден хектар под памук.

**Индустриска пиперка -** Одгледувањето индустриска пиперка во Македонија особено се рашири од 1950 година наваму. Во 2000 година во нашата земја со индустриска пиперка вкупно биле засеани 853 ha од кои се добиени 3.932 t или по 4,6 t/ha. Најголеми површини под индустриски пиперки се јавуваат во Струмичко-радовишката Котлина, каде се добива 35% од оваа суровина, потоа следуваат Тиквеш и Пелагонија. Најдолга традиција во одгледувањето индустриска пиперка има во Демиркаписко.

## *в) Градинарски култури*

Во светот се познати околу 140 видови растенија кои се користат како градинарски култури. Во Македонија се одгледуваат околу 50 видови, додека другите, поради несоодветните климатски услови, слабата продуктивност или нивното непознавање не се застапени. Меѓу нив компирот, бостанот, пиперките и доматите се најраширени, а останатите се сеат на помали површини.

*Површина и производство на градинарски култури во Република Македонија*

| Година/култура | 1960 | 1970 | 1980 | 1990 | 2000 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Домат** | | | | | | |
| Површина ha | 2.500 | 4.866 | 6.656 | 7.685 | 6.778 | 5.676 |
| Производство t | 50.400 | 90.610 | 111.648 | 137.443 | 134.658 | 168.010 |
| Принос t/ha | 20,1 | 18,6 | 16,9 | 18,0 | 19,8 | 29,6 |
| **2. Пипер** | | | | | | |
| Површина ha | 2.840 | 5.850 | 8.284 | 8.985 | 7.702 | 8.475 |
| Производство t | 33.400 | 80.500 | 126.734 | 86.580 | 116.597 | 168.150 |
| Принос t/ha | 11,7 | 13,7 | 15,3 | 9.7 | 15,1 | 19,8 |
| **3. Бостан** | | | | | | |
| Површина ha | 10.600 | 14.770 | 15.420 | 11.779 | 8.422 | 5.743 |
| Производство t | 114.000 | 137.354 | 131.727 | 107.589 | 124.968 | 134885 |
| Принос t/ha | 10,7 | 9,3 | 8,6 | 9,3 | 14,8 | 23,5 |
| **4. Грав** | | | | | | |
| Површина ha | 2.970 | 4.287 | 5.237 | 6.247 | 7.145 | 4.615 |
| Производство t | 2.440 | 3.923 | 4.371 | 3.320 | 6.154 | 5.447 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Принос t/ha | 0,8 | 0,9 | 0,8 | 0,5 | 8,6 | 1,2 |
| **5. Леќа** | | | | | | |
| Површина ha | 594 | 573 | 365 | 340 | 295 | 72 |
| Производство t | 420 | 374 | 274 | 139 | 192 | 90 |
| Принос t/ha | 0,7 | 0,7 | 0,7 | 0,4 | 0,6 | 1,2 |
| **6. Компир** | | | | | | |
| Површина ha | 7.000 | 9.956 | 10.444 | 13.097 | 13.210 | 13.044 |
| Производство t | 69.700 | 81.977 | 71.954 | 73.683 | 160.444 | 200.125 |
| Принос t/ha | 7,0 | 8,2 | 6,9 | 5,6 | 12,1 | 15,3 |
| **7. Кромид** | | | | | | |
| Површина ha | 2.200 | 4.697 | 4.202 | 4.651 | 4.026 | 3.559 |
| Производство t | 19.900 | 43.647 | 39.549 | 22.537 | 36.336 | 47.432 |
| Принос t/ha | 9,0 | 9,3 | 9,0 | 4,8 | 9.0 | 13,1 |
| **8. Лук** | | | | | | |
| Површина ha | 721 | 1.166 | 1.204 | 1.267 | 1.266 | 1.011 |
| Производство t | 1.860 | 3.925 | 5.830 | 2.662 | 4.079 | 5.015 |
| Принос t/ha | 3,9 | 3,3 | 5,0 | 2,1 | 3,2 | 5,1 |
| **9. Зелка** | | | | | | |
| Површина ha | 1.010 | 1.918 | 2.519 | 3.218 | 3.439 | 3.707 |
| Производство t | 17.600 | 28.936 | 34.223 | 46.090 | 64.708 | 106.767 |
| Принос t/ha | 17,4 | 15,0 | 13,6 | 14,3 | 18,8 | 28,8 |

**Домат -** Доматот е едногодишно градинарско растение. Потекнува од тропските реони на Америка. Во Македонија, како зеленчук се користи од XIX век. Интересно е што долго време кај нас се користеле само зелените плодови, а зрелите се сметале за отровни и се фрлале. Според кажувањето на населението од југоисточниот дел на Македонија, во текот на Првата светска војна француските војници ги научиле домашните жители да ги користат зрелите плодови. Затоа во Гевгелиско-валандовската и Струмичко-радовишката Котлина населението и сега доматите ги вика френки, додека пошироко во Македонија се познати како патлиџани.

Доматите се топлољубива и светлољубива култура. Успешно се одгледуваат во сите реони каде што просечната дневна темепратура е над 15°C во период од 150 дена. Поволниот режим на почвената влага е од посебно значење за одгледување на оваа култура. Во наши услови, поради недостиг на влага во почвата се одгледува со наводнување. Може да се одгледуваат на сите видови

почви, но најдобри резултати дава на длабоки оцедливи, топли и плодни почви.

Кај доматовата култура се смета дека постојат над 700 сорти. Сите тие главно се поделени во две групи: *високи* и *ниски сорти*. Од високите сорти кај нас најмногу се одгледува сортата *јуџере* или кај народот позната како *јаболчар*, а од ниските сорти *камбел*. Јаболчарот главно се одгледува за домашна употреба, додека доматите од ниските сорти се одгледуваат за индустриски цели. Доматите се одгледуваат на отворено и во заштитени површини-пластеници и оранжерии. На отворено домати се одгледуваат на површина од околу 7.000 ha. Годишното производство се движи околу 130.000 тони или по околу 19 t/ha. Најголемо производствено подрачје е Струмичката Котлина (околу 25% од вкупното производство во Републиката), потоа следуваат Гевгелиската, Скопската Котлина и др. Во последните години во Македонија доста е раширено пластеничното производство на домати. Оранжериско производство се одвива на површина од околу 250 ha, а во нив домати се одгледуваат на околу 70% од таа површина. При одгледувањето на отворено, во поле, приносот на домати е од 40-60 t/ha, во пластенично производство од 60-80 t/ha, а во оранжериското производство од 80-120 t/ha.

**Пиперки -** Пиперката кај нас се одгледува како едногодишно растение, додека во тропските предели претставува повеќегодишно растение. Води потекло од Средна Америка. Во Европа е пренесена во XV век, а во Македонија се претпоставува дека се одгледува од XVI век. Се консумираат свежи, приготвени, конзервирани и преработени. Во вид на мелен пипер се користат во многу јадења и во кулинарската индустрија.

Пиперката е топлољубива и светлољубива култура. Најдобро успева во реоните со долг вегетациски период и топло сончево време, како и добри услови за наводнување. Не поднесува високи подземни води, а бара лесни и исцедливи почви, но богати со хумус. Кај нас се одлгедуваат повеќе сорти пиперки. Сите тие се делат на: *јадро-плодни долги пиперки, јадро-плодни широки пиперки* и *ситно-плодни пиперки*. Освен увезените сорти пиперки, во Македонија се одгледуваат и повеќе локални сорти. Така, на пример во Демиркаписко најмногу се одгледува *Демиркаписката куртовка*, во Струмичко - *ајварката*, во Скопската Котлина сортата *стајковски каварџик* (името го добила по селото Стајковци), во Пелагонија е раширена *романката*, а во Полог - *тетовска жолта пиперка.*

Пиперот се одгледува на отворено и во заштитени површини, односно под пластеници и во оранжерии. Пиперот што се одгледува на отворено, главно е наменет за преработка и дава приход од 10-20 t/ha, приходот под пластеници се движи и помеѓу 20 и 30 t/ha, и кај оранжериите достигнува и до 50 t/ha. Вкупно се одгледува на површина од околу 8.000 ha, а годишното производство се движи 80 и 120 тони односно со просечен принос од 15 t/ha. Оваа градинарска култура, иако бара специфични услови, сепак е раширена и

се одгледува во сите котлини во Републикава. Најголемо производствено подрачје претставува Струмичката Котлина. Во неа се остварува скоро половина од вкупното производство во Македонија.

**Бостан -** Поимот бостан го опфаќа одгледувањето на лубеници и дињи, а во некои краеви во Македонија кон нив се додаваат и тиквите. Сите тие во индивидуалниот сектор се одгледуваат заедно, на една нива, под името бостан. Обично се сеат најмногу лубеници, помалку дињи, а најмалку тикви кои редовно се сеат по краевите на бостанот.

Тоа се градинарски култури кои бараат многу светлина и топлина. Во поглед на почвата највисоки приноси се остваруваат на плодни глинести и песокливи почви.

Од лубениците најмногу се одгледуваат сортите *мраморка* и *струмичанка*. Од дињите најраширени се сортите *медена роса* и *персиска*, а од тиквите: *сакаска, добиточна тиква, печенка, стамболка, костенка* и др. Бостанот во Македонија се одгледува на површина од 8 до 15.000 ha. Во зависносот од површините, варира и приносот. Тој се движи помеѓу 100.000 и 130.000 тони или од 8 до 15 t/ha. Најголемо производство на бостан се остварува во Струмичката Котлина.



*Пазарна понуда на лубеници*

**Компир -** Компирот е едногодишно растение кое спаѓа во групата репкасти зеленчукови култури. Води потекло од Јужна Америка. Во Европа е пре-

несен во втората половина на XVI век, а во Македонија се одгледува од почетокот на XIX век. Освен со ова име, во некои краеви на Македонија е познат и под името патати, картофи и кртол, и сл. Се користи за исхрана на населението, а претставува важна индустриска суровина и за добивање скроб, алкохол и низа други производи.

Компирот не поднесува високи температури, Најдобро вирее во области со умерено влажна клима. Подеднакво е осетлив како на ниски температури, така и на многу високи температури. Не е многу пребирлив на почвените услови. За него се најпогодни влажни и длабоки, но ровки почви, богати со хранливи материи. Во нашата земја компирот најдобро вирее во планинските и поважните предели со надморска височина од 800 до 1.500 m. Вакви терени има во Полог, Беровско, Кривопаланечко, Битолско (с. Дихово, с. Нижеполе и др.), Скопско (с. Танушевци, с. Брест) и др. Производството на ран компир е раширено во рамничарските предели на Гевгелиската, Струмичката и Скопската Котлина. Во Македонија се одгледува на површина од 10.000 до 13.000 ha. Годишното производство се движи од 70.000 до 200.000 t (во 2010 година 200.125 t или по околу 12 t/ha). Приносот многу зависи од сортата, квалитетот на посадочниот материјал и од примената на агротехника.

**Грав -** Гравот е едногодишно зелјесто растение кое има големо стопанско значење. Потекнува од Средна Америка. Во Европа е пренесен кон крајот на XVI век, а во Македонија се одгледува од пред 300 години. Тоа е култура која бара умерено топла клима. Има скромни потреби од влага, но во однос на почвата доста е пребирлив. Најдобро успева на топли, глинести, песокливи почви, лесни црноземи, речни наноси и богати почви со вар.

Во светот постојат околу 300 разни сорти грав. Врз основа на формата на стеблото сите тие се групирани во две групи: *висок* и *низок* грав. Во нашата Република се застапени и високите и ниските сорти на грав. Сортите од високиот грав се поквалитетни, се одгледуваат како меѓукултура со пченката во услови на наводнување. Најпознати се следниве сорти: *тетовски, жвански, долгач* и др. Низок грав се одгледува низ целата држава, бидејќи успева и без наводнување, а од него се познати сортите: *кумановски пешак, градиштанец, собра, ерфусул* и др. Гравот како чиста култура се одгледува на површина од околу 7.000 ha (во 2010 година 4.615 ha). Вкупното производство се движи помеѓу 3.000 и 6.000 t (во 2010 година 5.447 t), со просечен принос од 2 t/ha. На поголеми површини кај нас гравот се одгледува како меѓукултура. Во 2010 година ваков грав бил посеан на површина од 8.673 ha и се добиени вкупно 6.623 тони грав. Така, вкупното производство на грав се доближува до 15.000 тони годишно. Поглавни реони за производство на грав како чиста култура се: кумановски, скопски, струмички, овчеполски и прилепски реони, а за производство како меѓукултура се: Полог, охридски, струмички, кичевски, демирхисарски и други реони.

**Зелка -** Зелката е двегодишо градинарско растение и претставува едно од најстарите култивирани растенија што човекот го користи од предисториско време. Се смета дека потекнува од средоземноморското крајбрежје и кај нас се одгледува од најстаро време. Нашиот народ во исхраната ја употребува преку целата година и тоа како свежа, приготвена, конзервирана, односно кисела зелка и сушена. Се одгледува во сите реони на Македонија и тоа во дворните места, бавчите, како и во полињата на големи површини за комерцијални цели. Кај нас во топлите реони во Струмичката и Гевгелиско-валандовската Котлина, најдобро успева како рана пролетна, а во поладните и повлажни реони, на пример Полог, како доцна есенска култура. За рано производство најдобри се лесни и песокливи, а за доцно производство потешки и поплодни почви кои држат влага.

Зелката е доста доходовна култура, поради што и површините што се сеат со неа постојано се шират. Така, во 1980 година со зелка биле посеани 2.519 ha, во 2010 година тие се наголемуваат на 3.707 ha. Заедно рана и доцна зелка во 2010 година е произведено скоро 150.000 тони, со што се задоволуваат домашните потреби, а од раната зелка дел се извезува.

**Кромид -** Кромидот е двегодишно растение кое води потекло од Средна Азија. Во Македонија е донесен од Мала Азија и тоа многу рано, така што кога дошле Словените тој веќе бил присутен на овие простори. Денеска кромидот е едно од најраширените култивирани растенија кое се одгледува во сите земји на светот.

Кромидот се одгледува заради сочните луковици и лисја. Тие се консумираат во свежа, приготвена, конзервирана и преработена состојба. Во последниве години многу се цени сушениот кромид, потоа брашно од кромид, екстракт од кромид и сл. Кај кромидот мошне голема стопанска вредност има и семенскиот материјал - кокарот. Тој служи како пазарен производ баран како на домашниот, така и на странскиот пазар.

Кромидот е студоотпорно растение, но има мошне големи барања кон влагата, па затоа во наши услови високи и стабилни приноси се обезбедуваат само со наводнување. Кромидот е светлољубиво растение, не поднесува засенување и не може да се одгледува како поткултура. Најдобро успева на плодни, оцедни и богати почви со хумус кои добро ја задржуваат влагата.

Според начинот на одгледувањето се дели на: *арпаџик кромид*, од кој во првата година се произведува *арпаџикот-кокар*, а во наредната година луковиците и *аршлама кромиди* кај кои во една година се произведува и расад и луковици. Арпаџик кромидите спаѓаат во групата лути кромиди, а аршлама кромидите во групата слатки кромиди.

Во Македонија се одгледува во сите нејзини делови. Површините се скоро стабилизирани на околу 4.000 ha. Меѓутоа, приносот многу варира, така што во 1990 година е остварено вкупно производство од 22.537 тони, а во 2010 година 47.432 тони или по 13,1 t/ha. Тоа, секако, е резултат на непогодните

климатски услови што во одредени години се јавуваат кај нас, како и од лошо организираниот откуп.

Најголеми производствени подрачја за кромид се Скопското, Кумановското, Полошкото, Битолско-демиркапиското и Охридско-струшкото подрачје. Во скопско и кумановско главно се одгледува *арпаџик кромид*, а во останатите подрачја, кромидот *аршлама*. Во скопското село Бразда и во неколку околни села силно се развило производството на семенскиот материјал за кромид – *кокарот*. Од тука тој се продава низ цела Македонија. И во селото Бучин, Демирхисарско, секое домаќинство се занимава со одледување на кромид. Овде од садењето, во месец март, до берењето во месец септември почвата со кромид се полева на секој седум дена. По вадењето луковиците се чуваат на отворено по дворовите на купови покриени со слама, сѐ до продавањето на пазарот. Во Башино Село - Велешко, добро е усовршено пак производството на зелен кромид, односно кромид за пролетна салата. Сеидбата се врши во првата половина на август и тоа во бразди кои редово се полеваат до првата половина на октомври кога се врши расадување на кромидот. Преку зимата растението добро се вкоренува и во рана пролет брзо се развива. Бербата и продажбата на зелениот кромид се одвива од почетокот на март и трае до средината на мај.

### *г) Фуражни култури*

Одгледувањето на фуражните култури: луцерка, детелина, граор, крмен грашок, крмна пченка, добиточна репка и уров е од многу големо значење за земјоделството и сточарството.

За добитокот тие претставуваат одлична храна, а некои од нив со своите особини го апсорбираат азотот од воздухот и го натрупуваат преку коренот во почвата и на тој начин, одлично ги хранат почвите, така што културите што се сеат по нив редовно даваат повисоки приноси. Најзастапени фуражни култури кај нас се: луцерката, граорот и крмната пченка кои зафаќаат околу 70% од вкупната површина под фуражни култури.

**Луцерка -** Луцерката е една од најважните и најраширените фуражни култури кај нас. По приносот таа ги надминува сите многугодишни фуражни растенија. По потекло спаѓа меѓу најстарите фуражни растенија. Се смета дека е одгледувана уште пред 3.000 години во Средна Азија. Во Европа е раширена во XV и XVI век, а кај нас ја донеле Турците, поради што во некои места, на пример во Кочанско, уште е позната и под турското име „јонџа".

Луцерката се карактеризира со висока хранлива вредност и се користи за исхрана на добитокот како во зелена состојба, така и како сено, луцерно брашно, брикети и пелети. Стопанското значење и доаѓа од способноста брзо да регенерира и да дава 3-4, а во услови на наводнување 5-6 и повеќе косидби, како и во нејзината долговечност која се движи до 7 и повеќе години. Таа има и големо агротехничко значење. Има развиен коренов систем преку кој

како азотофиксатор ја збогатува почвата со азот, на засолени почви ја намалува соленоста, поради што се користи и како култура за мелиорирање на солените почви.

*Површина и производство на фуражни култури*

| Година | 1960 | 1970 | 1980 | 1990 | 2000 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Луцерка** | | | | | | |
| Површина ha | 7.490 | 13.122 | 18.848 | 19.706 | 18.034 | 19.507 |
| Производство t | 47.900 | 83.110 | 117.270 | 94.963 | 132.265 | 124.145 |
| Принос t/ha | 6,4 | 6,3 | 6,2 | 4,8 | 6,2 | 6,3 |
| **2. Детелина** | | | | | | |
| Површина ha | 922 | 893 | 1.528 | 1.594 | 2.573 | 3.065 |
| Производство t | 3.740 | 4.151 | 5.363 | 4.463 | 9.533 | 13.657 |
| Принос t/ha | 4,0 | 4,2 | 3.5 | 2,8 | 3,7 | 4,5 |
| **3. Граор** | | | | | | |
| Површина ha | 7.610 | 7.800 | 4.708 | 4.940 | 3.543 | 2.450 |
| Производство t | 20.400 | 15.006 | 8.783 | 7.804 | 8.323 | 7.792 |
| Принос t/ha | 2,7 | 1,9 | 1,8 | 1,6 | 2,3 | 3,2 |
| **4. Добиточен грашок** | | | | | | |
| Површина ha | 3.960 | 1.510 | 1.378 | 2.626 | 1.463 | 1.867 |
| Производство t | 10.000 | 3.952 | 3.417 | 5.195 | 5.248 | 5.863 |
| Принос t/ha | 2,5 | 2,6 | 2,5 | 2,5 | 3,5 | 3,2 |
| **5. Крмна пченка** | | | | | | |
| Површина ha | 2.210 | 576 | 2.154 | 3.097 | 2.655 | 2.669 |
| Производство t | 29.300 | 7.561 | 48.398 | 51.228 | 55.993 | 64.870 |
| Принос t/ha | 13,2 | 13,1 | 22,5 | 16,5 | 21,0 | 26,1 |
| **6. Добиточна репа** | | | | | | |
| Површина ha | 652 | 150 | 224 | 248 | 514 | 513 |
| Производство t | 14.700 | 2.634 | 4.536 | 3.455 | 5.795 | 5.754 |
| Принос t/ha | 22,5 | 17,6 | 20,2 | 14,0 | 9,5 | 11,2 |

Луцерката е растение кое бара топло и умерено влажно поднебје. Вирее на сите почвени типови, но најдобро успева на алувијалните почви. Во Македонија се одгледува на околу 18.000 ha и се добива просечен принос сено од 6 t/ha. Најголеми површини под луцерка има во Полог, Струмичко-радовишката Котлина, Пелагонија и Охридско-струшката Котлина.

**Крмна пченка -** Покрај за зрно, пченката во поново време има се поголемо значење за добивање квалитетна добиточна храна од нејзиниот лист, стебло и кочан. Се користи за исхрана на добитокот како зелена добиточна храна, во летните месеци, или за приготвување силажа за зимските месеци. Посебна погодност е и тоа што силажната пченка може да се одгледува и како втора култура. Вкупното производство на фуражна пченка се движи околу 60.000 тони, односно по 26 t/ha. Главно производствено подрачје е Пелагонија. Во неа се остварува околу 50% од производството на фуражна пченка во нашата земја. Посебно  е раширено производството во Овче Поле и Скопско.

Покрај наведените фуражни култури во помала мера се застапени уште добиточниот грашак (1.800 ha), детелината (3.000 ha), добиточната репка и др.

**Ливади и пасишта -** Под ливади се подразбираат површините за производство на сено кои претежно се користат по пат на косење, додека под пасишта се подразбираат површините чија трева добитокот ја користи по пат на пасење. Ливадите и пасиштата имаат многукратно и големо стопанско значење бидејќи обезбедуваат евтина храна за сите видови добиток.



*Стогови сен ( традиционален начин за чување на сеното за зимска исхрана на стоката)*

Во Европа, на пример, во земјите со развиено сточарство, 50-70% од добиточната храна се обезбедува од ливадите и пасиштата.  Во Република Маке-

донија, одделни сточарски гранки како овчарството, 90% се базираат врз природните пасишта. Добитокот чуван на пасиштата е поздрав и дава подобри и поквалитетни производи. Застапеноста на големи површини под ливади и пасишта кај нас овозможува да се чува повеќе добиток. Природните пасишта, особено оние на стрмните страни, како и на потполно обесшумените ридови, се единствени и многу значајни фактори кои ја штитат почвата од деструктивното дејство на ерозијата. Површините под пасишта претставуваат и големи резерви на добиточна храна, но доколку не се користи од страна на добитокот таа пропаѓа, бидејќи за друга намена не може да се користи.

Постојат повеќе поделби на природните пасишта и тоа: според застапеност на тревната растителност се делат на *обични, степски* и *мочурливи*; според времето на користење се делат на *зимски* и *летни* пасишта, а според местото каде што се наоѓаат се делат на: *високопланински, шумски, ридски* и *низински* пасишта.

Во нашата земја се јавуваат сите видови пасишта, само што нема типични степски пасишта туку полустепски во Повардариeто и во Овче Поле. Тие се карактеризираат со тревна растителност, составена од треви издржливи на суша или таканаречена *ксерофилна тревна вегетација*. Низинските пасишта се разместени по најниските делови на котлините и ридестите предели во Средно Повардарие. Важноста им се состои во тоа што служат како зимски пасишта главно на овците. Шумските пасишта во најголем дел ги заземаат стрмните падини на планините. Особено многу се раширени во појасот на дабовата шума. Во минатото, поради присуството на дабовиот желад, во овој појас многу било раширено свињарството. Високопланинските пасишта се разместени во подрачјата што се наоѓаат над горната граница на шумите. Тие заземаат површина од околу 150.000 ha, од кои најголем дел се наоѓа на планинските масиви во Западна Македонија. Најголемо пространство зафаќаат на Шар Планина, Бистра, Пелистер, Јакупица, Кораб и Стогово. Во Источна Македонија најзастапени се на Осогово.

Ливадите според географската разместеност се делат на *низински* и *планински* ливади. Низинските ливади се најраспространети во Пелагонија и во Полог. Главно се раширени покрај мочуриштата и поплавените терени, кои поради големата влага не можат да се користат за други цели. Планинските ливади се наоѓаат во планинските предели покрај коритата на реките и по влажните падини свртени кон север.

Во Македонија под ливади во 2010 година имало 59.000 ha, а под пасишта 611.000 ha. Покрај релативно големите површини под ливади и посебно под пасишта приносите од нив се ниски. Кај ливадите изнесуваат 1,2 t/ha сено, а кај пасиштата 0,4 t/ha сено. Тоа е последица на неповолните климатско-почвени услови на реоните во кои се наоѓаат ливадите и пасиштата, потоа од нивното неправилно и несистематско користење, како и од слабата примена на мелиоративни и агротехнички мерки.

## 3.5. ОВОШТАРСТВО

Македонија располага со добри природни услови за развој на овоштарството и тоа, како специфична земјоделска гранка, има посебно значење за нејзиното стопанство. Бројните ниски и средновисоки котлини, заштитени од ладните ветрови, располагаат со значајни површини под дилувијални и алувијални почви извонредно погодни за одгледување разни видови овошје. Високите летни температури, особено во ниските котлини овозможуваат одгледување не само на богатото со витамини и шеќер средно-европско овошје, туку и на некои видови средоземно овошје, како што се смокви, калинки и бадеми. Падините на планинските предели, како и долините што минуваат низ нив, исто така, се погодни за развој на овоштарството. Непогодности за овоштарство во извесна мера претставуваат сушите, како и појавата на доцни пролетни мразови од што во некои години многу страдаат овошките.

Во Македонија се одгледуваат повеќе видови овошје. Сите овошни видови според плодовите можат да се групираат во пет групи, и тоа: Јаболчесто овошје: јаболко, круша, дуња, мушмула и оскоруша; Костенесто овошје: слива, кајсија, праска, цреша и вишна; Јаткасто овошје: орев, костен, бадем и леска; Јагодесто овошје: јагода, рибизла, малина, капина, боровинка и црница и Јужно овошје: смоква, калинка и др. Во пракса постои уште една поделба и тоа на *средноевропско овошје* кое успева во умерената и умерено-континенталната клима: јаболко, круша, слива, орев, цреша, вишна, кајсија, праска и *јужно овошје*, и она кое успева само на подрачјата со изменета средоземноморска клима: смоква, калинка и др.

Овоштарството во Македонија и покрај поволните природни услови е релативно млада гранка. За време на турското ропство тоа било сосема слабо застапено. Зачетоците на организиран развој на овоштарството се јавуваат во периодот меѓу двете светски војни.

Така од 1921 до 1939 година во Македонија биле формирани 18 овошни расадници и особено е зголемен бројот на крушите, праските и оревите, помалку бројот на јаболковите стебла и кајсиите, додека кај сините сливи кои биле нападнати од вирусната болест „шарка" бројот на стеблата е намален.

Во повоениот период благодарение на настојувањата за подобрување на структурата на земјоделското производството, површините под расадници, овоштарници и бројот на овошките се до 1990 година бил во постојан раст, а потоа запаѓа во стагнација или опаѓа.

*Овошни стебла и производство на овошје во Република Македонија*

| Вид овошје | Број на стебла (во 000) | | | | | | | Принос во (000-t) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1939 | 1960 | 1970 | 1980 | 1990 | 2000 | 2010 | |
| **1.Јаболки** | 184 | 1.220 | 2.452 | 3.291 | 3.016 | 3.446 | 4.491 | 121,3 |
| **2. Сливи** | 453 | 1.150 | 1.542 | 1.700 | 1.757 | 1.497 | 1.601 | 38,4 |
| **3. Круши** | 162 | 801 | 716 | 1.115 | 1.384 | 547 | 384 | 7,6 |
| **4. Црешни** | 48 | 159 | 170 | 159 | 180 | 168 | 192 | 5,7 |
| **5. Вишни** | - | 29 | 115 | 1.009 | 1.440 | 1.060 | 696 | 5,2 |
| **6. Праски** | 51 | 312 | 327 | 926 | 834 | 635 | 505 | 10,2 |
| **7. Кајсии** | 62 | 382 | 271 | 386 | 785 | 279 | 150 | 3,0 |
| **8. Ореви** | 102 | 214 | 169 | 259 | 263 | 183 | 181 | 5,7 |
| **9. Дуњи** | - | 55 | 50 | 55 | 88 | 56 | 54 | 1,4 |
| **Вкупно** | **1.212** | **4.449** | **5.893** | **8.949** | **9.802** | **7.911** | **8.254** | |

**Јаболко - С**поред бројот на стебла и распространетост е на прво место меѓу сите овошки во Македонија. Со скоро 4.500.000 стебла, на него се паѓа 55% од вкупниот број овошни стебла во 2010 година. Динамиката на движењето на вкупниот број стебла во периодот од 1960 до 2010 година покажува постојан пораст што на своевиден начин ги одразува тенденциите за интензивирање на нашето овоштарство.

Јаболкото кај нас, се одгледува од најстари времиња. Тоа е библиско овошје. Во Македонија во средниот век главно се одгледувало околу манастирите. Кај нашиот народ тоа се смета за симбол на внимание, љубов и здравје. Затоа низа народни обичаи се поврзани со јаболкото, а често тоа се споменува и во народните песни. Во Македонија се одгледуваат повеќе сорти на јаболки. Меѓу нив најзастапени се: *златен и црвен делишес, ајдаред, џоногол, гренисмит, мелорозе, муцу, јонатан, калвир, шампањ* и други.

Поради особините да се приспособува на разни климатски услови, јаболкото има голем ареал на простирање. Но, сепак, тоа бара повеќе влажна (со врнежи околу 700 mm) и не толку топла клима, додека во однос на почвите не е голем пребирач. Овие барања во Македонија ги задоволуваат повеќе области и благодарение на тоа се формирале неколку поизразени производствени подрачја. Едно од нив, кое е и главно производствено подрачје на јаболка е Преспа. Во оваа Котлина се наоѓаат 1/4 од вкупниот број јаболкови стебла кај нас. Најзастапени сорти јаболка овде се делишесот и јонатанот.



*Како основоположници на современото овоштарство се сметаат Андреја Зограф и учителот Милан Марковски од село Јанковец*

*Ајдарет од Преспа. Почетоците на организирано одгледување на јаболка во овој крај потекнуваат од дваесетитте години на минатиот век.*

Второ важно производствено подрачје на јаболка е Полог. Во него се наоѓаат околу 15% од вкупниот број јаболкови стебла во Македонија. Порано најмногу се одгледувала познатата сорта *тетовка*, а денес *делишесот*. По Полог во Западна Македонија следуваат Охридско- струшката Котлина и Пелагонија, а во Источна Македонија тоа се Славиште, Пијанец и Малеш. При одгледувањето јаболка се применуваат агротехнички мерки и на тој начин се остваруваат добри приноси. Во 2010 година се добиени 124 илјади тони јаболка, што претставува 50% од целокупното производство на овошје во Републиката, а тоа истовремено и го потврдува значењето на јаболкото во македонското овоштарство.

**Слива -** Сливата според бројот на стеблата доаѓа на второ место помеѓу овошките. Меѓутоа, таа во минатото била најзастапен вид овошје. Македонија во 2010 година располагала со 1.600.000 стебла сливи што изнесува околу 30% од вкупниот број овошни стебла. Вака големата застапеност на сливите, иако навидум позитивно, всушност, ја покажува негативната страна на нашето овоштарство, бидејќи тоа е одраз на неразвиеност на овоштарството во целост. Бројот на стеблата и уште повеќе просечните приноси по едно стебло, покажуваат многу големи колебања за одделни години. Така, во 1980 година од 1.700.000 стебла се добиени 24.457 тони, а во 2010 година од 1.600.000 стебла вкупно 38.400 тони. Големата променливост на приносите доаѓа како резултат од честите болести што ги напаѓаат сливите. Структурата на нашето сливарство, исто така, е непогодна. Во неа доминира една сорта - *пожегача* која е уште позната под името *сина слива*, а остатокот отпаѓа на други сорти за ракија, како: *метлаш, црвена ранка, трнинка* и најмногу *џанката*.

Одгледувањето сливи е застапено низ целата територија на Македонија, но најмногу во Источна Македонија: Сливиште, Осогово, Пијанец и Малеш, потоа во Пелагонија, Охридската Котлина и Полог.

**Круша -** Крушата во Македонија е застапена со 384.000 стебла и во 2010 година е добиено 7.600 тони круши. Таа е почувствителна од јаболкото и бара главно умерена клима. Се одгледува на значително помали надморски височини (до 600 m) отколку јаболкото. Поголем пребирач е и во однос на почвите, но, сепак, се одгледува во истите реони во кои се одгледуваат сливата и јаболкото.

Кај нас крушата е старо овошје. За нејзиното ширење видна улога одиграла Климентовата школа во Охрид и во средниот век најмногу е одгледувана по манастирските имоти. За време на турското владеење нешто повеќе е одгледувана по чифлиците и оттаму за одредени сорти се рашириле и турските имиња *караманка, ерибоска, охче* и др. Денес се одгледува низ целата територија на Р. Македонија, но според застапеност првото место го зазема Скопската Котлина, потоа следува Пелагонија со главен центар с. Бистрица, каде се одгледува прочуената сорта *калуѓерка* или *кантарка* и во Мариово каде крушите успеваат како растенија самоници и потоа се калемат и облагородуваат.

**Цреши и вишни** - Црешите и вишните, исто така, се доста раширено овошје во Македонија. Со застапеност од 696.000 стебла во 2010 година, вишната се наоѓа на трето место меѓу овошките во земјава. Тоа доаѓа оттаму што одгледувањето на ова благородно овошје е многу рентабилно. Според времето на зреењето вишните, а особено црешите се наше прво овошје, поради кое е многу барано како на домашниот, така и на странскиот пазар. Црешите и вишните се одлична индустриска суровина, која служи за призводство на џем, сокови, сирупи и друго, а дрвото од црешата, исто така, е многу ценето во дрвната индустрија. Позитивната страна за нив е што лесно се одгледуваат, бидејќи релативно се отпорни кон болести и штетници, се приспособуваат во предели со малку врнежи (до 500 mm), а успеваат на надморска височина и до 1.500 m. Многу се отпорни на студ и не се многу пребирливи во однос на почвите.

Раните сорти на цреши најмногу се раширени во Струмичко, а доцните во Охридско. Главен центар за одгледување цреши во Охридско е село Велгошти. Во неговата околина се одгледуваат прочуените по квалитет домашни сорти *охридска бела* и *охридска црна цреша*.

Додека црешите на територијата на Републикава се застапени со 192.000 стебла и даваат годишен род од околу 5.700 тони, вишните се застапени со 696.000 стебла и годишно од нив се добива род од околу 5.200 тони. Во најголем дел се одгледуваат на плантажен начин. Најголеми плантажи под вишни има во Битолско, Беровско и во Кратовско.

**Праска -** Праските спаѓаат во групата на десертно овошје, кое има широка примена и во домашната преработка и во индустријата. Праската е конти-

нентално овошје со поголеми барања кон топлина, што е во врска со нејзиното источноазиско потекло. Природните услови за варење на праската во Македонија се многу поволни, особено во Повардарието, односно во средна ниска Македонија. Овде се произведуваат висококвалитетни праски кои се одликуваат со голема сочност, арома и вкус. За праската е карактеристично што има голем вегетативен потенцијал, брзо се развива и рано дава плод, но има негативна страна што е кратковечна, а тоа наложува честа обнова на насадите.

Со изградбата на повеќе фабрики за преработка на овошје и зеленчук праската стана барана суровина во индустријата. Зголемениот интерес за ова овошје влијаеше и за зголемување на површините, односно бројот на стеблата. Така, од 327.000 во 1970 година нивниот број се зголеми во 2010 година на 505.000 стебла, а производството изнесувало 10.200 тони. Одгледувањето праски најмногу е раширено во Тиквешијата, по неа доаѓа Скопската, Струмичко-радовишката, Гевгелиската Котлина и Кумановскиот крај.

**Кајсија -** Кајсиите главно се одгледуваат во топлите предели. Успеваат на песокливи земјишта во услови на топла клима. И нивното одгледување е доста рентабилно, бидејќи се јавуваат рано на пазарот и за нив се формираат добри цени. Најмногу се раширени во Скопската Котлина, Тиквешијата, Кумановскиот и Велешкиот крај.

**Орев -** Оревот е овошка која има големо стопанско значење. Виреe во реон со доста влага и светлина и на длабоки и пропустливи земјишта. Многу е чувствителен на мразеви и не поднесува високи температури. Со овие особини тој се приспособил кон подрачјата со повлажна клима, а тоа е битолскиот дел на Пелагонија, Охридско-струшката Котлина, Полог и Славиште.

**Костен -** Костенот во нашата земја се јавува во вид на природни насади и тоа често во вид на вистински шуми. Најмногу е раширен во јужното подножје на Шар Планина, и тоа во непрекинат појас од Вруток, па сѐ до источно од селото Вратница, што претставува најголем комплекс од костени на целиот Балкански Полуостров. Доста е раширен и во долината на реката Радика, во Порече и Скопска Црна Гора.

Од средоземното овошје најзначајно е производството на бадеми, смокви и калинки. Тие се јавуваат само во котлините во кои навлегува изменетата медитеранска клима. Бадемот најмногу е раширен во Струмичко-радовишката Котлина и Овче Поле, а смоквите и калинките во Гевгелиско-валандовската Котлина. Во поново време во Македонија започна да се одгледуваат и некои ретки овоштија како: кивито, јапонското јаболко, аронијата и др.

**Јагодестото овошје (јагоди, малини, рибизли, капини, боровинки и црници)** е доста раширено во Македонија. Тие се мошне погодни за зголемување на доходот на индивидуалните производители при што се обезбедуваат и значителни пазарни вишоци, како и суровини за преработувачката индустрија. За нив е карактеристично што се јавуваат и како самоници во планинските по-

драчја. Како култивирани најмногу се одгледуваат јагодите и тоа околу поголеми градски населби особено во околината на Скопје.



*Костени од с. Љубанци - Скопска Црна Гора, каде костенот се јавува како самоникло, се сретнуваат стебла стари и по неколку века*



*Калинки од Валандово. Се одгледува во Гевгелиско-валандовската и Дојранската Котлина*

## 3.6. ЛОЗАРСТВО

Лозарството во Македонија е важна стопанска гранка. Од лозата се добива грозје кое претставува многу здрава храна за луѓето, потоа значајна суровина за производство на алкохолни и безалкохолни пијалаци, како и за низа други индустриски производи.

Климатските и почвените услови во Македонија се вонредно погодни за одгледување на виновата лоза. Таа успева на ридести терени, на песокливи, чакални и каменити земјишта кои се сиромашни со хумусни материи и на кои често не успеваат или не е економично одгледувањето на други култури. Ваквите терени и земјишта во Македонија ги има во голем процент и со одгледувањето на виновата лоза се овозможува рационално ползување на нивните природни услови и обезбедување на поголем доход.

Лозарството во Македонија датира уште од античката епоха. Македонското население има богата традиција во одгледување на виновата лоза и преработка на грозјето. Кон крајот на XIX и почетокот на XX век лозарството во Македонија ја достигнало својата кулминација со вкупна површина под лозја од скоро 20.000 ha. Периодот од 1912 до 1928 година бил катастрофален за македонското лозарство. Под налетот на филоксерата во 1912 година, лозјата во Македонија, практично, биле уништени. Површините под лозја од година во година се намалувале и во 1928 година биле сведени на околу 5.000 ha. По таа година лозјата почнале да се обновуваат врз калемени садници на американската подлога и површините под лозја почнале да се зголемуваат, така што во 1939 година веќе имало над 8.000 ha под лозја.

Лозарството во Македонија значително проширување на површините и многустрани промени во структурата доживува од 1945 наваму. Се јавуваат и значителни промени во начинот на одгледувањето на виновата лоза, па така во 1952 година започнува подигањето на првите плантажни лозја врз шпалирска основа и во наредните години постојано се шират. Се прави голем пресврт во структурата на лозарството со тоа што се преминува кон одгледување на сеповеќе квалитетни десертни сорти. На новоподигнатите плантажни лозја скоро половината отпаѓа на среднораните десертни сорти, како што е сортата кардинал, една четвртина на раните сорти, а една четвртина на доцните сорти меѓу кои доминира сортата бело винско.

Старите домашни вински сорти како *кичибук* и други се напуштаат, а место нив се садат поквалитетни сорти, како *жилавка, ризлинг, бургунец* и др. Автохтона македонска сорта претставува *станушината*. Таа се одликува со добра родност, касно зрее и е една од најотпорните сорти на суша.



*Лозја од околината на Велес*

*Традиционален начин во одгледувањето на виновата лоза во чокоти на ридест терен*

*Површина под лозја и производство на грозје во Република Македонија за периодот од 1930 до 2010 година*

| Година | Површина во 000 ha | Број на родни пенушки (во 000) | Принос во t | Принос по пенушка во kg |
|---|---|---|---|---|
| **1930** | 6 | - | 3.127 | - |
| **1950** | 11 | 61.238 | 34.927 | 1,7 |
| **1960** | 25 | - | 78.800 | - |
| **1970** | 26 | - | 182.166 | - |
| **1980** | 36 | 131.835 | 320.000 | 2.4 |
| **1990** | 35 | 123.133 | 192.807 | 1,6 |
| **2000** | 26 | 91.356 | 264.456 | 3,0 |
| **2010** | 20 | 76.3437 | 253.372 | 3.0 |

Во 1980 година вкупно во нашата земја под лозови насади се наоѓале 36.000 ha со 132 милиони пенушки. Од овие површини било добиено 320.000 t

грозје или по 2,4 kg од една пенушка. Од тогаш наваму површините под лозја почнуваат да се намалуваат и во 2010 година изнесуваат 20.000 ha. Сепак, во просек годишно се произведуваат по околу 240.000 тони грозје. Околу 30% од производство е трпезно грозје, а останатите 70% е винско грозје. Половина од трпезното грозје се пласира на домашниот пазар, а остатокот се извезува во земјите со кои имаме склучено преференцијални трговски договори. Од производството на вино, 80% се извезува, од што две третини се пласира на европскиот пазар.

Врз база на природните погодности во Македонија се формирале три лозарски реони: вардарски, источен и западен реон. Во нив се издвојуваат 16 лозарски подрачја и тоа: Тиквешко, Гевгелиско-валандовско, Струмичко-радовишко, Овчеполско, Штипско, Скопско, Велешко, Кумановско, Битолско, Прилепско, Кочанско-виничко, Кратовско, Преспанско, Охридско, Кичевско и Полошко подрачје.

*Површина под лозови насади по лозарски подрачја во 1996 година*

| Лозарско подрачје | Површина во ha | Учество во % |
|---|---|---|
| **1. Тиквешко** | 7.222 | 24.68 |
| **2. Гевгелиско-валандовско** | 3.850 | 13,14 |
| **3. Скопско** | 3.292 | 11,24 |
| **4. Струмичко-радовишко** | 2.490 | 8,50 |
| **5. Овчеполско-штипско** | 2.438 | 8,32 |
| **6. Велешко** | 2.329 | 7,95 |
| **7. Кумановско** | 2.100 | 7,17 |
| **8. Битолско** | 1.449 | 4,95 |
| **9. Охридско-струшко** | 1.116 | 3,81 |
| **10. Кочанско-виничко** | 1.052 | 3.59 |
| **11. Прилепско** | 977 | 3,39 |
| **12. Преспанско** | 353 | 1,20 |
| **13. Кратовско** | 320 | 1,09 |
| **14. Полошко** | 232 | 0,70 |
| **15. Кичевско** | 70 | 0,24 |
| **Вкупно:** | **29.298** | **100,оо** |

Во Вардарскиот реон постојат скоро идеални услови за одгледување на виновата лоза. Остатоците од езерските тераси по рабовите на котлините, потоа абразивните терцијарни ридови со погодни експозиции, кои се препокриени со еродирани смолници кои содржат доста калциум, а сиромашни со органски материи, како и со надморски височини од 180 до 320 m, претставуваат идеални терени за виновата лоза. Во медитеранскиот дел од овој реон, кој се протега на југ од Велес со температури од 10°C во март, кога започнува вегетацијата на лозата, до 10$^{0}$C во првата декада на ноември, кога завршува нејзината вегетација, или вкупен вегетациски период од 225 дена со збирно топлинско количество просечно од 4.500°C, се задоволуваат сите барања на раните, средните и доцните сорти на лоза. Во овој реон се остварува околу половината од производството на грозје, а главни носители се Велешкото, Тиквешкото и Гевгелиско-валандовското подрачје. Меѓу нив, секако, најзначајно е Тиквешкото во кое лозјата зафаќаат скоро 15% од обработливата површина и ова подрачје дава околу 17% од производството на грозје во Македонија. Се истакнува по вонредно високите приноси на грозје, кои на наводнуваните површини изнесуваат 4,2 kg по пенушка, што е трипати повеќе отколку просекот во Републикава.

Западниот реон, исто така, располага со погодни површини за винова лоза како пространи и терасести плавини, потоа езерски тераси и сл. Меѓутоа, овие терени се наоѓаат на поголеми надморски височини и повлажната клима придонесува грозјето и вината да бидат со послаб квалитет, отколку што тоа го овозможува Повардарието.

Источномакедонскиот лозарски реон е најмал. Во него се наоѓаат само околу 20% од родните лозови прачки во Македонија. Лозјата главно се концентрирани во околината на Штип, Кратово и Виница.

Денешниот сортимент на грозјето доста е изменет и тоа во корист на трпезните и квалитетни вински сорти. Изменет е и начинот на одгледување и тоа во корист на шпалирскиот и одринскиот систем, но, се уште е задржан и стариот начин на одгледување. Од трпезните сорти најмногу се застапени сортите *афусали, хамбург, кралица* и др., а од винските сорти: *прокупец, смедеревка, жиловка* и др. Сепак, пред лозарството и понатаму останува присутен проблемот на сортиментот и проблемот со наводнувањето. Поради честите суши што го зафаќаат Повардарјето родот кај лозјата кои не се наводнуваат осетно се намалува, додека лозовите површини кои се под системи за наводнување даваат високи приноси. На пример во лозовите плантажи кои се наоѓаат во околината на Велес кај езерото Младост од каде тие се наводнуват се добиваат највисоки приноси во Републиката, во просек по 5 kg од пенушка.

## 3.7. СТОЧАРСТВО

Сточарството по полјоделството е најраспространета земјоделска гранка во Македонија. Сточарските производи заземаат важно место во исхраната на населението. Тие се истовремено и значајни индустриски суровини, но и важни извозни производи. Во селските домаќинства добитокот се користи и за пренос на товар, а со добиточното ѓубре значајно се подобрува родноста на обработливите површини. Затоа скоро секој земјоделски производител, ако има услови, истовремено се занимава и со полјоделство и со сточарство.

Спротивно на полјоделството, сточарството во досегашниот развој бележи мал напредок, а во последните децении, неговата бројна состојба и осетно се намалува. Во земјите со развиено земјоделство учеството на сточарството во вредноста на земјоделското производство се движи помеѓу 60 и 80, а кај нас помеѓу 15 и 20%. Нашето сточарство главно се развивало во природни услови. Затоа е заостанато, со мал број добиток и слаби производни својства. Недоволниот број на добиток и ниската продуктивност доведуваат до слаба снабденост на нашето население со млеко, месо и месни производи.

Спротивно на изобилството во пасишта, кои заземаат 611.000 ha или 54,5% од земјоделската површина, Македонија има сосема малку ливади, само 59.000 ha или 5% од земјоделската површина. Тоа се главно природни ливади кои не се во состојба да ги задоволат потребите од сено за зимска исхрана на добитокот. Не е подобра состојбата ни со застапеноста на фуражните култури. Тие во структурата на ораниците и бавчите учествуваат само со 8,6% што не е задоволително и не обезбедуваат поголемо производство на евтина добиточна храна. Недостатокот на храна доведува до тоа добитокот зиме да гладува, а поради недостиг на сено во исхраната останува со мал раст. Последици од ваквата исхрана се појавата на разни болести, голема смртност, јаловост, ниска продуктивност, слаб квалитет на сточарските производи и др.

И расниот состав на нашиот добиток не е во согласност со барањата на современото сточарство. Во целост кај нас преовладуваат домашните раси со ниски производни својства. Во минатото добиточниот фонд се намалувал и со административни мерки, на пример со принуден откуп во административниот период, а добитокот масовно се колел за време на двете светски војни. Во првите години од повоениот период најмногу настрадало козарството. Со закон козите биле забранети за одгледување и нивниот број од 516.000 во 1947 година во 1950 година е намален на само 41.000, така што во следните години како штетни за шумарсвото тие биле уништени. Од табелата може да се види дека бројната состојба на добитокот во Македонија значително се намалува.

*Бројна состојба на добитокот во нашата земја за периодот од 1939 до 2010 година (во 000)*

| Година | 1939 | 1950 | 1960 | 1970 | 1980 | 1990 | 2000 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. овци** | 1.691 | 1.750 | 2.132 | 1.828 | 2.057 | 2.297 | 1.250 | 778 |
| **2. говеда** | 325 | 387 | 347 | 287 | 382 | 287 | 265 | 260 |
| **3. коњи** | 92 | 81 | 91 | 90 | 95 | 66 | 56 | 26 |
| **4. свињи** | 105 | 124 | 136 | 106 | 167 | 179 | 204 | 190 |
| **5. живина** | 1.242 | 1.002 | 1.534 | 2.136 | 4.690 | 5.729 | 3.713 | 1.994 |

**Овчарство -** Овчарството е водечка гранка во сточарството на Македонија. Во структурата на продуктивниот добиток учеството на овците, како екстензивен вид добиток е многу поголемо од учеството на интензивниот, односно високопродуктивниот, говедата и свињите. За тоа придонес имаат големите површини под пасишта со кои располага нашата земја, бидејќи само овцата е способна најдобро да ги ползува нив.

Од овците се добиваат повеќе важни производи како месо, млеко, волна, кожа, крзно, лој и ѓубре. Затоа народот со право вели: се што дава овцата луѓето го користат. Денес овчото месо и млеко се уште заземаат значајно место во исхраната на нашето население, особено на селското. Оттаму секое незначително намалување на бројот на овците негативно се одразува врз здравјето на населението.

Бројот на овците во Македонија во целиот повоен период е во стагнација, односно се движи околу 2 милиони. Во одредени години се намалува, на пример, во 1970 година, во однос на 1960 година, а оттогаш наваму постепено расте и во 1990 година достигнал максимум, односно изнесувал 2.297.000, а во 2010 година се намалил на 778.000.

Во Македонија, главно се одгледува таков тип овца која може да обезбеди комбинирано производство: месо, млеко и волна. Тоа е примитивната овца *праменка*. Ваквата состојба донекаде е подобрена со меринизација на овците, но тој процес бавно се одвива, бидејќи се уште само секоја трета овца е меринизирана. Во структурата на стадото домашните, нископродуктивни раси (праменка) учествуваат со 65%. Меѓу нив најмногу се застапени домашните соеви на праменка и тоа *овчеполска, шарпланинска* и *каракачанска* овца. Од увозните високопродуктивни соеви најзастапена е *мерино-овцата* со учество во вкупното стадо од 35%.



*Високопродуктивна раса мерино овци. Во Македонија започнува да се одгледуваат по 1950 година*



*Бачило на Бистра. Посебно се сместени овците молзници, додека јагнињата и шилежињата се во соседните аргачи*

Во Македонија повеќе во минатото, помалку денес, кај овчарството се одржале посебни облици на сточарење и тоа: сточарство од *номадски тип* и сточарство од *бачилски тип*. Номадскиот тип главно го применувале Власите - сточари кои во минатото во потрага за храна овците ги држеле во постојано движење во текот на целата година. Зимно време главно биле во Солунската Котлина или Албанското Приморје, а летно време по пасиштата на високите планини низ Македонија. Кај македонските сточари преовладува бачилскиот тип на сточарење.

По Првата светска војна во повлекување на границата према Грција сосема е пропаднат стариот начин на номадско сточарење, а со тоа е зададен и голем пад на овчарството, бидејќи зимувалиштата на овците останале во Грција. Денес овој вид сточарење се уште го применуваат големите стопанства кои за зимување ги користат потоплите котлини во Македонија.

Преку лето, од април до доцна есен, овците престојувале на бачило во високо-планинските пасишта на Шар Планина, Бистра, Стогово, Јакупица, Малешевските Планини каде во бачилата се произведувале разновидни млечни производи. Со приближување на зимата овците се спуштале околу селата во пониските региони.

**Козарство -** Козарството станува се позначајна сточарска гранка во Македонија. Познато е дека судбината на козарството, кое со милениуми во минатото претставувало основна стопанска гранка посебно во планинските региони, била запечатена во 1947 година кога била донесена Уредбата за забрана на чување кози. Во текот на 1948 гдина по административен пат, биле ликвидирани сите кози во Република Македонија.



*Кози од расата „алпина". Во минатото покрај сивите, биле раширении белите сански кози,а денеска тоа место го зазема кафената алпина.*

Статистиката забележила дека во 1947 година на територијата на Македонија се напасувале околу 528.000 кози. Од вкупниот број домаќинства (97.251), со козарство се занимавале 37.548, со просечен број од 14 кози по домаќинство.

Во 1989 година, козата повторно го добила атрибутот омилено домашно животно благодарение на донесениот Закон за одгледување кози. Оттогаш наваму бројот на овие благородни животни е во постојан пораст, а нивното одгледување е засновано врз фармерски тип. Се проценува дека денес во нашата држава се одгледуваат повеќе од 200.000 кози.

**Говедарство -** Говедарството во Македонија претставува типично екстензивна сточарска гранка. Тоа го потврдува високата застапеност на воловите во вкупниот број говеда. Ако се следи динамиката на бројното движење кај говедата во повоениот период, ќе се забележи една стагнантна состојба, а во последните десет години и нагло опаѓање и тоа од 382.000 во 1980 година на 260.000 во 2010 година. Причина за ова е опаѓањето на економската моќ на селскиот посед, кој со преселување на селското население во град останал без работна сила, а со тоа и неспособен да држи крупен добиток. На целата територија на Македонија главно е застапено автохтоното домашно говедо *буша*. Се одликува со мал раст, мала тежина и слаби производни способности.



*Шталско одгледување на говеда од фризиска раса во Пелагонија*

**Коњарство -** Поради специфичните стопански, орографски и комуникациски услови, во Македонија коњот пртставува важно транспортно и работно животно. Меѓутоа, со оглед на земјоделскиот карактер на стопанството, коњарството во Македонија не бележи некој особен развиток. Во последната деценија бројот на коњите нагло се намалува. Така, вкупниот број на коњи во 2010 година во однос на 1980 година е опаднат од 95.000 на 26.000 грла. Од расите најмногу е раширен домашниот *ридски коњ*. Се сретнува во сите делови на Републикава, но најмногу во ридско-планинските подрачја. Освен коњот, во Македонија особено во пасивните краеви, доста е раширено одгледувањето на: *мулето, маската* и *магарето*.

**Свињарство -** Како сточарска гранка во Македонија, свињарството има богата историја. Широката распространетост на дабовите шуми со изобилни количества желади се првобитните подрачја на свињарството. Подоцна низинските подрачја каде што се раширило производството на пченка, како основна храна за свињите, овозможило да се рашири свињарството и во тие реони. Денес свињарството е раширено насекаде низ Републикава. Исклучок од ова прават селата со муслиманско население кое од верски причини не консумира свинско месо.

Меѓутоа, свињарството во Македонија е релативно слабо развиено. Главна причина за тоа е што полјоделството не е во состојба да обезбеди храна потребна за развој на оваа сточарска гранка. Сепак, во последните триесет години свињарството се наоѓа во постојан подем. Така, додека во 1970 година во Македонија имало 106.000 свињи, во 2010 година тој број се наголемил на 190.000, што е значаен пораст. Изградени се повеќе свињарски фарми чие годишно производство се движи околу 200.000 гоени свињи. Приватните домаќинства главно одгледуваат слабо продуктивни раси, како: *моравка, мангулица* и *туރополка*.

**Живинарство** - Во Македонија постојат поволни услови за развој на оваа гранка, пред се поради топлата клима која овозможува мала потрошувачка на енергија за затоплување на малите пилиња, одгледување под настрешници, како и одгледување на патки и гуски во бројните акумулации. Долго време живина одгледувале само индивидуалните сопственици. Развојот на индустриското живинарско производство во Македонија започнува од 1960 година. Оттогаш е забележан брз пораст во бројната состојба на живината, како и производството на јајца и месо. Меѓутоа во последната декада тоа значително опаѓа. Така, додека во 1960 година во Македонија бројот на живината изнесувал 1.534.000, во 2000 година 3.713.000, во 2010 година неговата бројност се намалила на 1.994 грла. На таквата состојба многу влијаела состојбата на пазарот посебно увозот на евтино месо од други држави.

Во структурата на живинарството доминира кокошкарството. Тоа учествува со над 90% во бројот на живината во Републиката. Патките и гуските послабо, а мисирките најслабо се застапени.



*Свилена буба и кожурци од кои се добива природната свила*

**Бубарство -** Одгледувањето на свилени буби и производство на свилени кожурци е стопанска гранка, која во минатото во Македонија била доста развиена и на производителите им обезбедувала високи приноси

Климатските и другите природни услови за бубарството се поволни во повеќе подрачја на Македонија, како: Гевгелиско-валандовската, Струмичката и Кочанската Котлина. Но, и покрај тоа, оваа дејност со години е во опаѓање, а денес е во фаза на целосно исчезнување.

**Пчеларство -** Македонија располага со добри услови за развиток на пчеларството. Релјефната структура, потоа различите климатски услови развиената хидрографска мрежа, шумите, тревите од пасиштата и ливадите, овоштарниците, липите, багремите и костените, како и индустриските и крмните растенија овозможуват добри услови за пчеларството. И покрај поволните природни услови и големата доходовност што ја дава пчеларството, тоа кај нас се уште е неразвиено и многу заостанато. Бројната состојба на пчелните семејства во Македонија во последните 20 години доста осцилира. Тие се движат помеѓу 75.000 и 120.000, а со тоа се менува и производството на мед кое се движи помеѓу 800 и 1100 тони.

**Риболов и рибарство -** Слатководното рибарство во нашата држава има долга традиција. И денес во одредни подрачја тоа е значајна стопанска гранка. Производствената база на нашето рибарство ја сочинуваат околу 48.780 ha водна површина на езерата и реките. Главни риболовни објекти се езерата,

реките и вештачките рибници. Во нив просечно годишно се лови по околу 1.800 тони риби меѓу кои најзастапени се: пастрмката и крапот.



*Охридска пастрмка. Ендемичен вид риба, која во вистинска смисла е „охридска", бидејќи живее само во Охридското Езеро и тоа уште од пред ледената доба*

Риболовот во Македонија се одликува со некои свои специфичности. На Охридското Езеро ловењето на риби се изведува со „пештанскиот влак", а на реката Дрим во „даљани“.

На Дојранското Езеро, на пример, риболовот се изведува на три специфични начини и тоа: 1. во мандри, 2. во насеки и 3. во градежи.



*Скица на Мандра во Дојранското Езеро*

Риболовот на Дојранското Езеро во мандри со помош на птици е најстар и единствен во Европа, а во светот се сретнува само уште во Кина, поради што е и многу атрактивен. Мандрите се градат во делот од езерото кој најгусто е обраснат со трска. Се подигаат во месец октомври, а риболовот се изведува во месеците, јануари, февруари и март, а мандрите се градат во делот од езерото кој најгусто е обраснат со трска.

*Улов на слатководна риба во Р. Македонија 1939 - 2000 година (во тони)*

| Година | Пастрмка | Крап | Други видови риба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **1939** | 89 | 93 | 553 | 735 |
| **1960** | 102 | 40 | 725 | 867 |
| **1970** | 84 | 104 | 823 | 1.011 |
| **1980** | 555 | 308 | 1.326 | 2.189 |
| **1990** | 677 | 476 | 890 | 1.973 |
| **2000** | 836 | 263 | 735 | 1.834 |

*Поголеми рибници за крап и пастрмка во Република Македонија*

| Име на рибпикот | Површина во м$^2$ | Капацитет во тони |
|---|---|---|
| **I Рибници за крап** | | |
| „Бел камен" с. Егри -Битолско | 200 | 200 |
| „Долнени"-Прилепско | 180 | 180 |
| „Дуброво" – Неготино | 140 | 140 |
| „Ресен" – Ресенско | 140 | 140 |
| „Каменица" – Битолско | 70 | 70 |
| **II Рибници за пастрмка** | | |
| „Вруток", „Бањица" - Гостиварско | 5.050 | 150 |
| „Извор" – Кичево | 3.305 | 100 |
| „Белица" – Бродско | 3.805 | 110 |
| „Тетекс" – Тетовско | 520 | 35 |
| „Момин Преслап" - Виничко | 900 | 25 |
| „Вински" – Виничко | 900 | 20 |
| „Крива Река" - Кривопаланечко | 1.500 | 35 |
| „Белица" – Струшко | 800 | 30 |
| „Дошница" – Демиркаписко | - | 20 |
| „Бабино" – Демирхисарско | - | 25 |
| „Белица" – Кичевско | - | 10 |
| „Цапарица" – Битолско | - | 20 |
| **В К У П Н О:** | **18.215** | **1.300** |

Околу 80% од пастрмката и 90% од крапот се произведува во вештачките рибници. Со тоа вештачките рибници, всушност, претставуваат главни објекти и за одгледување риби во Републикава.

**Лов.** Покрај риболовот, во Македонија и ловот е прилично застапена стопанска гранка. Тоа е едно од најстарите занимања со кое се занимавало нашето население И за ловот постојат добри природни услови. По нашите планини, котлини, реки, бари и трстеници живее голем број крупен, ситен и прелетен дивеч кој може многу рационално да се користи. Во Македонските ловишта најмногу се ловат: зајаци, диви свињи, еребици и фазани, како и уште многу други штетни диви животни како: волци, лисици, јазовци и др. Познати низински ловишта се наоѓаат во Овче Поле и Пелагонија, а планински на Осогово, Бистра и Шар Планина.

Тргнувајќи од природните услови во Македонија се издвојуваат 11 ловно-стопански подрачја. Тие се: Пелагониско, Охридско-преспанско, Кичевско-бродско, Полошко, Скопско, Средновардарско, Славишко, Брегалничко, Пијанечко, Малешевско, Струмичко-радовишко и Гевгелиско-валандовско.

*Ловно-продуктивни површини во Република Македонија по видови на дивеч*

| Крупен дивеч | Површина (ha) | Ситен дивеч | Површнa (ha) |
|---|---|---|---|
| **Елен** | 269.876 | **Зајак** | 1.034.625 |
| **Срна** | 984.709 | **Полска еребица** | 447.910 |
| **Дива коза** | 90.555 | **Еребица камењарка** | 212.230 |
| **Дива свиња** | 688.033 | **Фазан** | 75.220 |

Поради значајната корист, а со цел да се развие ловството, дивечот денес се повеќе се заштитува, се размножува и преку зима се прихранува. Меѓутоа, за развој на оваа дејност кај нас се уште не се искористени сите можности.

## 4. ШУМАРСТВО

Шумарството е стопанска дејност која опфаќа одгледување и искористување на шумите. Одгледувањето на шумите опфаќа природно и вештачко подмладување, нега на шумските површини, мелиорација на шумските површини, пошумување и заштита на шумите од болести, добиток, дивеч, луѓе, елементарни незгоди и др. Искористувањето на шумите, во потесна смисла, опфаќа добивање производи од шумарството, како: дрво, смола, шумски плодови,

а во поширока смисла значењето на шумите за рекреација, заштита на земјиштето од ерозија и др. Всушност од шумите имаме повеќекратна полза. Тие влијаат врз формирањето и изгледот на географската средина во која живее и работи човекот, потоа влијаат врз кондензацијата на водената пара, го зголемуваат количеството врнежи и влијаат на нивното рамномерно површинско истекување, впивање и испарување. Тие ја спречуваат забрзаната ерозија, ги ублажуваат топлотните разлики на воздухот, ја смалуваат брзината на ветровите. Шумите го прочистуваат воздухот од прав и произведуваат кислород без кој не може да се замисли живот на Земјата, поволно влијаат врз здравјето, разонодата и одморот на човекот. Тие се голем извор на дрвна маса која човекот ја користи за огрев, како градежен материјал и како индустриска суровина. Врз база на дрвото, како суровинска основа, се развивала индустријата за преработка на дрво, индустријата за целулоза и хартија и уште низа други индустриски гранки.



*Букова шума од Лешничка река на Шар Планина*

Природните услови во Македонија се погодни за развиток на шумите. Климатските и почвените услови овозможиле во неа да успеваат разни видови дрвја и тоа од суптропски преку видовите на умерениот појас, на пример, буката, па се до оние видови што се карактеристични за студените зони. Природните услови на нашите планини се особено погодни за европските видови дрвја: бука, даб, ела и др., а покрај реките и за меките лисјари, особено тополата. Во составот на одделните шумски заедници во Македонија учествуваат

голем број видови дрвја: приближно околу 90 видови дрвја и 170 видови грмушки. Меѓу нив значаен број се реликтни видови, главно терцијарна флора, а повеќе видови се јавуваат и како ендеми.

Денес во Република Македонија шумите покриваат површина од 981.812 ha што изнесува 39%, од вкупната територија на Републикава. Меѓутоа сите шуми во Републиката не се еднакви. Тие се разликуваат според видот, односно ги има *ниски* и *високостеблести шуми*. Ниските шуми се пораширени и зафаќаат површина од 642.800 ha или 65%, но тие стопански малку се значајни. Високостеблестите шуми заземаат 262.800 ha или 35% од вкупните шуми во Републикава и на нив се базира дрвопреработувачката индустрија.

Шумската растителност во Република Македонија е јасно издвоена во четири шумско-вегетациски појаси.

Првиот е *субмедитеранскиот појас* кој се простира до 500 м.н.в. и зафаќа површина од околу 160.000 ha или 16% од вкупната шумска површина на Републиката. Најмногу се застапени во средишниот и источниот дел на Македонија. Од растителните видови во него се раширени белиот и црниот габер и дабот прнар. Се карактеризираат со ниска продуктивност до 20 $m^3$/ha дрвна маса. Појасите од 500 до 1000 м.н.в. ги зафаќа *континенталната зона* во која се застапени главно дабовите шуми, а се јавува и подгорската бука. Овие шуми зафаќаат околу 290.000 ha или 30% од вкупната површина под шуми. Нивните производствени можности се движат околу 50 $m^3$/ha дрвна маса. Од 1000 до 1500 м.н.в. се простира *предпланинската* и *планинската зона*. Овде најмногу е застапена буката со 87%, потоа шуми од ела, црн бор, смрека и молика кои покриваат 13% од зоната. Во оваа зона се застапени најпродуктивните високостеблени шуми каде дрвната маса се движи од 150 до 250 $m^3$/ha. Над 1500 м.н.в. се јавува *субалпската шумска зона* која зафаќа површина од само 2.800 ha или 0,5% од вкупната шумска површина во земјава. Покриена е со букови шуми, шуми од смрека и ела, молика бел бор и борот кривуљ, но сите се одликуваат со мали дрвни резерви.

Според видовите на дрвото, Македонија е земја на *листопадните шуми.* На нив отпаѓаат 569.000 ha или 58%, а на *иглолисните* 75.500 ha или 8% додека останатите 337.300 ha или 34% се *мешовити шуми*. Во листопадните шуми доминантно место му припаѓа на дабот (275.300 ha), што не е поволна појава, бидејќи тој во однос на другите шумски видови помалку се цени, поради тоа што дава мал процент техничко, а поголем процент огревно дрво.

Буката се јавува на површина од 232.600 ha со што го зазема второто место меѓу листопадните дрвја. Меѓу иглолисните насади најраширен е црниот бор. Тој како чисти насади покрива површина од 60.900 ha, што претставува скоро 80% од иглолисните дрвја. Кај шумскиот фонд неповолен е и односот помеѓу младите, средно-добните и зрелите шуми. Учеството на зрелите шуми, кои доаѓаат предвид за преработка е мало и тоа многу влијае врз рентабилност на пиланите.




*Разместеност на листопадните и иглолисните шуми (Милевски, 2007)*

### 4.1. ДРВНА МАСА НА ШУМИТЕ

Дрвната маса на шумите во Македонија изнесува околу 87 милиони $m^3$. Годишниот прираст изнесува скоро 2 милиони $m^3$. Врз забележителното зголемување на прирастот влијаеле повеќе фактори. Меѓу нив посебно се значајни подобрувањето на составот на шумскиот фонд, подобрувањето на дебелинските структури на дрвната маса, особено кај високите шуми, примена на современите методи во стопанисувањето со шумите и сл. Сепак, големината на дрвната маса не е задоволителна, бидејќи 1 ha шума средно се паѓа во 100 $m^3$ дрвна маса, додека во Словенија тоа изнесува над 200 $m^3$. Во тој поглед наша-

та Република ги има сите карактеристики на медитерански шумски регион, со деградиран шумски фонд и низок процент на продуктивни шуми.

*Учество на високостеблените и нискостеблените шуми во вкупната дрвна маса*

| Вид шума | Дрвна маса | | |
|---|---|---|---|
| | $m^3/ha$ | $m^3$ | % |
| **1. Високостеблени** | 214,9 | 51.627.742 | 59,6 |
| **2. Нискостеблени** | 58,4 | 33.947.934 | 39,1 |
| **3. Шумски култури** | 34,4 | 1.160.710 | 1,3 |
| **Вкупно дрвна маса** | 101,4 | 86.736.386 | 100,0 |

Структурата на дрвната маса според зачуваноста на шумите покажува дека зачуваните шуми во вкупната дрвна маса учествуваат со 85%, а деградираните шуми кои покриваат повеќе од една третина од шумската површина учествуваат само со 13%. Друга мошне значајна карактеристика на шумскиот фонд за дрвните ресурси се шумите според видот на одгледувањето. Така, високите шуми, кои учествуваат со околу една третина во шумската површина, располагаат со дрвна маса од 51,6 милиони $m^3$, односно 59,6% од дрвната маса во Републикава. Ниските шуми кои покриваат 71% од шумските површини, располагаат со 34 милиони $m^3$ дрвна маса или 39,1% од вкупната дрвна маса во Македонија. За шумското стопанство од особено значење е учеството на одделннте видови состојки во дрвната маса. Структурата на дрвната маса покажува дека чистите состојки во вкупната дрвна маса учествуваат до 70%, а мешовитите состојки со 30%.

За економската оценка на шумскиот фонд особено е важно кои видови дрвја главно ја сочинуваат дрвната маса. Учеството на иглолисните дрвја во тој поглед особено е значајно, меѓутоа нивната дрвна маса е мошне мала. Таа изнесува само околу 42 милиони $m^3$, односно во вкупната дрвна маса учествува со околу 6%. Меѓу иглолисните дрвја најголемо учество во дрвната маса има борот 4,7%, а од листопадните - буката 57,6%. По неа следува дабот со учество од 26,7% што покажува дека учеството на буката, која дава релативно малку технички сортименти во однос на исечената дрвна маса е многу нагласено. За оценување на ресурсите на дрвото и снабденост на дрвопреработувачката индустрија во Републикава, особено се значајни и главните сортименти коишто можат да се добијат од годишната сеча на буката, дабот, борот и елата, како најзастапени видови дрвја во нашите шуми. Годишниот обем на главните сортименти коишто можат да се добијат од нашите шуми покажува дека трупците од „Г“ класа за производство на фурнир и трупците од „Л" класа за произ-

водство на шперплочи, како и трупците од I до III година, за бичење учествуваат со околу 30% што не ги покрива потребите на капацитетите во примарната преработка, а која изиесува над 180 илјади m$^3$. Тоа покажува дека преработувачките капацитети во нашата држава се предимензионирани и не се во согласност со ресурсите на дрвото. Од друга страна, поради отсуството на капацитетите за производсво на целулозно дрво, кое учествува со 27%, во главните сортименти, тоа главно се користи за дрвни плочи или се извезува.




*Високи, ниски и деградирани шуми во Македонија*
*(Просторен план на РМ)*

## 4.2. ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ШУМИТЕ

Прирастот на дрвната маса на шумите во Македонија изнесува околу 1.970.000 $m^3$. Тоа се наедно и максималните годишни количества што можат да се исечат без опасност да се наруши и нормалниот развиток на шумите. Во последните години обемот на сечата во шумите се движи помеѓу 700 000 и 1 милион $m^3$ бруто дрвна маса и има смирена динамика на пораст. Тоа е под годишниот прираст на дрвната маса, односно изнесува скоро 50% од неа. Меѓутоа, ова се однесува само за евидентираната сеча на дрвната маса, а она што не се евидентира, секако, е поголемо поради бесправна сеча особено за потребите на селското население.

Динамиката на сечењето покажува дека во предвоениот приод, а и во првата деценија по ослободувањето се сечело поголемо количество дрвна маса. Обновата на опустошената земја од војната, развојот на индустријата и потребата од девизи кои се обезбедувале со извоз на дрво, се основните причини за интензивното сечење во овој период. Но, веќе од 1951 година, со постепена стабилизација на стопанството, постојано се намалува и сечењето, за по шеесеттите години да се спушти под 700 илјади $m^3$, а тоа благотворно се одразило и врз развитокот на македонското шумарство.

*Искористување на шумскиот фонд*

| Година | Искористување на шумите во илјади $m^3$ исечена бруто дрвна маса | | |
|---|---|---|---|
| | Вкупно | Листопадни | Иглолисни |
| 1960 | 620 | 576 | 44 |
| 1970 | 664 | 607 | 57 |
| 1980 | 833 | 775 | 58 |
| 1990 | 999 | 962 | 37 |
| 2000 | 1.148 | 1.072 | 76 |
| 2010 | 871 | 811 | 60 |

Во структурата на сечата доминираат листопадните шуми кои учествуваат со 93%, а во нив буката со учество од 60%, и дабот со 33% имаат нагласено место. Иглолисните дрвја даваат главно индустриско дрво со високо-квалитетни сортименти и во сечата учествуваат до само 7%. Ваквата структура на сечата е во согласност со расположливите ресурси на дрво во шумите. Обемот на сечата според структурата на сортиментите, во изминатиот период не пока-

жува битни промени. Доминантен сортимент е огревното дрво на кое отпаѓа 61% од нето-дрвната маса, додека дрвото за индустриска преработка учествува со една третина, односно 30%.

Денеска најголем обем на сеча се остварува во Кичевско, Малешево и во Мариово.

Во структурата на годишното користење на дрвните производи преовладува огревното дрво со учество од 75,5%, потоа следува техничкото дрво со учество од 15% и на отпадното доаѓа 10% од вкупната бруто исечена дрвна маса во Републиката.

Еден од мошне важните фактори за повеќекратно и рентабилно користење на шумите и ресурсите на дрвото е сообраќајната отвореност на шумските комплекси. Таа кај нашите шуми е незадоволителна, изнесува 6.230 km. Односно 6,5 km на 1000 ha површина под шума. Ваквата патна мрежа не е во состојба, ниту по обем, ниту по квалитет да овозможи рационално стопанисување, особено на експлоатацијата на ресурсите на дрвото во висина на сечата. Понатаму, тоа овозможува експлоатација само во сушниот период од годината, што негативно влијае врз целогодишно снабдување на дрвопреработувачката индустрија со суровини.

## 4.3. ПОДИГАЊЕ И ОБНОВА НА ШУМИТЕ

Шумовитоста во Македонија во минатото била многу поголема. Таа особено е намалена со развојот на рударството во средниот век, како и за време на владеењето на Турците, кога не постоеле законски прописи за заштита и одгледување иа шумите. Тогаш населението бесплатно ги ползувало шумите и шумските производи. Шумите прекумерно се сечеле за огревно дрво, за печење вар, за правење дрвен јаглен, а најмногу се палеле за ширење на пасиштата и обработливите површини, со што постојано се намалувал фондот на шумите. Тој процес е продолжен и во периодот меѓу двете светски војни, така што негативните реперкусии се чувствувале и низа години по војната. И денес се сретнуваат големи деградирани или целосно обесшумени подрачја, како сливовите на Крива Река и Пчиња, Тиквешкото подрачје, Мариовското подрачје и др.

По војната на целата територија на нашата земја отворен е широк процес за пошумување. Овој процес трае до денес и на тој план се постигнати задоволителни резултати. Сепак, пошумувањето не се одвивало со еднаква динамика. Така, додека во 1970 година е пошумено вкупно 1.518 ha, во 1980 година таа површина се зголемува на 9.527 ha, а во 2010 година се намалила на 2.969 ha.

Досега претежно се пошумувани еродирани и голи терени. Поради неповолните климатски и педолошки услови пошумувањето е доста отежнато, а

добри резултати сепак се постигнати со подигањето на заштитните појаси на некои места и под мошне тешки природни услови, на пример, во Овче Поле. Покрај реките се подигани насади на плантажни тополи кои брзо растат и имаат големо индустриско значење. Најголем дел од подигањето и обновата на шумите се врши со иглолисни, а сосема малку со листопадни видови дрвја. Во 2010 година, на пример, во пошумувањето иглолисните дрвја учествувале со 58%, а листопадните дрвја со 42%. Денес веќе имаме пространи борови насади кај Вогословец во Овче Поле, во околината на Берово, во Тиквешијата и т.н.

Во последните години големо влијание се посветува и врз уредувањето на шумите. Така, околу 80% од шумскиот фонд се смета за уреден, а според намената околу 90% е категоризиран во стопански шуми. Шумите во националните паркови и заштитените шуми учествуваат со скоро 7% во вкупниот шумски фонд, што зборува дека за заштита на шумите се води особена грижа.

# 5. РАЗВОЈ, ГЕОГРАФСКА РАЗМЕСТЕНОСТ И ДЕНЕШНА СТРУКТУРА НА ИНДУСТРИЈАТА

## 5.1. ПОЈАВАТА И РАЗВОЈ НА ИНДУСТРИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Појавата и развојот на индустријата на денешната територија на Република Македонија е во тесна врска со општествено-економските услови во минатото и расположливата суровинска база. Таа е млада стопанска гранка и за разлика од останатите дејности, на пример, земјоделството и сточарството, се јавува релативно доцна. Зачетоците на организирано машинско производство кај нас се јавуваат во втората половина на XIX век, односно сто години по појавата на ваквото производство во западно-европските земји. Меѓутоа, карактеристично е што и во нашата земја, појавата на одделни индустриски гранки ја имаат истата или слична условеност како и во подрачјето каде што тие порано се појавиле и развивале.

Појавата на индустријата во Македонија е условена од повеќе фактори. Меѓу нив укинувањето на феудалните односи и преминувањето од спахискиот кон чифлигарскиот систем претставуваат значаен настан и фактор кој ја условил појавата на индустријата во Македонија. Во чифлиците, меѓу кои имало и со големи површини, земјоделското производство било значително зголемено, така што еден дел од тоа производство бил наменет и за пазар. Потоа, кон средината на минатиот век, во Македонија значаен замав земало и одгледувањето на индустриски култури, како што се: тутунот, памукот и афионот. И додека зголеменото производство на жито претставувало база за развој на мелничката индустрија, расположливиот добиточен фонд, особено овци, биле солидна основа за развој на текстилната индустрија и преработката на кожа.

Развојот на занаетчиството и трговијата се следниот значаен фактор кој ја условил појавата на индустријата. Кон средината на минатиот век, занаетчиството и трговијата станале главни стопански гранки во градовите на Македонија. Македонското занаетчиство доживеало полн расцут. Во Скопје егзистирале околу 60 видови занаети, во Битола имало околу 1.400 дуќани, а во Охрид во 1863 година биле основани 150 кожарски работилници во кои работеле над 800 работници. Почнале да се јавуваат и првите форми на проста капиталистичка кооперација. Богатите трговци и занаетчии почнале да го вложуваат својот капитал во отворање мануфактурни работилници. На тој начин станувале организатори на производство на повисок процес од оној што постоел дотогаш. Тоа, всушност, го претставувало следниот и многу важен услов за појавата на индустријата. Македонските трговци одржувале врски и вршеле размена на стоки со повеќе европски земји, а во некои отворале и свои претставништва.

Многу значаен поттик во развојот на трговијата дале и панаѓурите. Во Македонија големи панаѓури се организирале во Солун, Прилеп, Охрид, Скопје, Дојран, Струга и други градови. Се тргувало со преработени кожи, свила, жито, памук, тутун и др.

Зголеменото земјоделско производство и развиената трговија барале и соодветен сообраќај. Така што кон средината на XIX век почнал и тој да се модернизира и развива. Во 1873 година е изградена железничката линија Солун-Скопје, која во 1889 година е продолжена до Белград. Неколку години подоцна, поточно во 1894 година, предадена е во употреба и пругата од Солун до Битола.

Акумулираниот капитал во македонското занаетчиство и трговија, иако скромен, почнало да се трансформира во банковен капитал. Стопанството, особено трговијата барале се повеќе кредити, така што Отоманската банка уште во 1863 година отворила свои филијали во Битола и Скопје. Отворањето на финансиските институции, исто така, било многу важен предуслов за појавата на индустријата. Релативно добрата суровинска база, зголемената побарувачка на индустриски стоки и акумулираниот финансиски капитал одиграле своевидно влијание врз појавата и развојот на индустријата во Македонија. Таа најпрво се појавила во оние гранки кои се карактеризирале со следниве специфичности: 1. Имале упростен технолошки процес на производство; 2. Функционирале со едноставна организација на работа; 3. Барале мал број квалификувани работници; 4. За започнување со работа не биле потребни големи инвестициски вложувања и 5. Преработувале главно домашни суровини.

За да се обезбеди пласман на готовите производи и да се избегне скапиот транспорт, индустриските објекти главно биле лоцирани во градовите или во нивната близина, односно непосредно до потрошувачите. Така, првите фабрики се појавуваат во поголемите градови во Македонија - Битола и Скопје, а меѓу одделните индустриски гранки најрано се појавиле прехранбената и текстилната индустрија. Подоцна кон нив се придружиле металската и кожарската индустрија, индустријата за градежни материјали, графичката индустрија и електростопанството.

Следејќи го развојниот пат на индустријата во Македонија може да се констатира дека тој развој може да се подели во четири поголеми периоди и тоа: I. период до Првата светска војна, II. период меѓу двете светски војни, III. период по Втората светска војна до осамостојувањето на Македонија и IV. период од осамостојувањето во 1991 година до денес.

Првата индустриска мелница со поголем капацитет и производство наменето за пазар била изградена во 1880 година во Скопје, а првата текстилно-трикотажна фабрика во 1883 година во с. Дихово - Битолско. Таа како погонска сила ја користела водата од Диховски Драгор, поради што и фабриката била токму таму изградена, а за суровина користела волна, и тоа од домашно потекло. Располагала со 210 машини за штофови, 240 машини за плетење и 4 машини за предење. Во неа работеле околу 500 работници, а се произведувало

шајак, чоја, појаси, гајтани, фанели и чорапи. Во тоа време таа била една од најголемите вакви фабрики на Балканот. Скоро половината од производството било наменето за потребите на турската војска, а останатото производство се пласирало во поголемите градови на Балканот. Интересна е историјата на овој првенец на македонската текстилна индустрија. Имено, фабриката непрекнато работела до 1915 година, кога бугарските окупаторски власти со цел да ги „зачуваат" машините од воените разурнувања ги демонтирале и ги пренеле во Сливен и Габрово во Бугарија.

Од областа на кожарската индустрија, првото вакво претпријатие било основано во 1908 и тоа во Скопје, од областа на металската индустрија во 1910 година, исто така, во Скопје, од областа на електростопанството, првата термоцентрала била изградена во 1909 година во Скопје.

Следејќи го развојниот пат на индустријата на денешната територија на Република Македонија до крајот на турското владеење, во Македонија функционирале 9 индустриски гранки со 61 индустриско претпријатие. Од нив 28 биле од областа на прехранбената индустрија, 13 од областа на текстилната индустрија, 6 од областа на графичката индустрија и сл. Во однос на географската разместеност, 18 претпријатија се наоѓале во Скопје, 16 во Битола, 6 во Велес, по 3 во Штип, Прилеп, Тетово и Охрид, а во останатите градови по помалку од три индустриски претпријатија.

Од изложеното за развојот на индустријата во Македонија во оваа прва фаза може да се заклучи дека е создадена не многу силна, но сепак солидна база за понатамошниот развој на индустријата. Меѓутоа, војните што следеле и грабежите што ги презел окупаторот (особено во текстилната индустрија), не само што го стопирале тој развој, туку и сосема го уништиле нејзиното понатамошно постоење.

Развојот на индустријата во периодот од 1918 до 1940 година се карактеризирал со повеќе специфичности: изградени се вкупно 36 нови индустриски претпријатија, така што со наследените од претходниот период, во Македонија во 1940 година постоеле вкупно 111 индустриски претпријатија. Најголемиот број индустриски претпријатија и припаѓале на прехранбената индустрија - 28, или во вкупниот број на новоосновани претпријатија таа учествувала со 25%. Потоа доаѓа електростопанството со 18 претпријатија, па индустријата за градежни материјали и текстилната индустрија со 12 претпријатија, дрвната индустрија била застапена само со едно претпријатие, потоа кожарската индустрија и производството на јаглен со 2 претпријатија. Вкупно биле застапени 11 индустриски гранки и тоа: експлоатација на руди, производство на електрична енергија, металска, хемиска, дрвна, текстилна, кожарска, прехранбена, графичка, тутунска индустрија и индустријата за градежни материјали. Многу индустриски гранки се уште не биле застапени (Сидоски К. 1980).

Во поглед на географската разместеност на индустриските претпријатија во овој период се забележува дека најголем број од нив биле лоцирани во Скопје - 45 индустриски претпријатија. По Скопје следува Битола со 9, Велес со

8, Куманово со 7, Кочани со 6, Прилеп, Гевгелија, Штип и Тетово со по 4 индустриски претпријатија и т.н.

Индустријата од овој период се одликува со појава на голем број главно мали претпријатија со локално значење и занаетчиски карактер на производството. Производството главно било ориентирано кон преработка на индустриски култури и тоа оние кои се произведувале кај нас. Бројот на вработените бил мал, вкупно изнесувал 10.853 работници и од нив најголем дел (7.210 работници) биле ангажирани во тутунската индустрија, што е резултат на тоа што преработката на тутунот во државните монополи главно се вршела рачно.

Како заклучок може да се каже дека структурата на индустријата пред Втората светска војна во Македонија била неповолна. Повеќе индустриски гранки не биле застапени, а и разместеноста на постојната индустрија не била добра.

Третиот период, односно развојот на индустријата од 1945 до 1990 година се карактеризира со голема динамичност. Првите повоени години главно биле посветени на обновување на разурнатите и оштетени фабрики од војната. Подоцна, политиката за брза индустријализација, користејќи ја концентрацијата на инвестициите, се остварувала со релативно брзо темпо. Тоа се манифестирало преку изградбата на нови фабрики, зголемен број на вработени и обемот на производството. Индустријализацијата фактички започнала со првиот Петгодишен план во 1947 година и во 1952 година бројот на индустриските претпријатија бил зголемен од 90 во 1945 година на 157 во 1952 година. Истовремено бил зголемен бројот на вработените во индустријата и тоа од 10.780 вработени во 1945 година на 20.678 работници во 1952 година.

Меѓу индустриските гранки најголемо внимание било посветено на развојот на електростопанството и текстилната индустрија. Така, од хидроцентралите изградени се „Зрновка“ во 1949 година и „Сапунчица" во 1951 година. Тогаш биле поставени и темелите на текстилната индустрија. Била започната изградбата на три големи текстилни комбинати, и тоа: „Македонка“ во Штип, која подоцна станала база за развој на памучната текстилна индустрија, „Тодор Циповски - Мерџан“ во Тетово, која е базирана врз широката суровинска база од домашна волна, и таа подоцна ќе стане главен носител на развојот на волнената текстилна индустрија и Фабриката за свила „Нонча Камишова" во Велес.

Во следните години, значаен напредок во развојот доживуваат повеќе индустриски гранки, а некои од нив за првпат се воведуваат во Македонија. Така, во развојот на електостопанството треба да се одбележи изградбата на мавровскиот хидросистем во 1957 година, потоа хидроцентралите „Глобочица“ во 1965, „Тиквеш“ во 1968 година и „Шпилје“, во 1969 година, потоа во 1978 година била изградена термоцентралата на мазут „Неготино“ и термоцентралата на јаглен „Осломеј“. Со откривањето на јаглен во Пелагонија кај с. Суводол изградени се термоцентралите Битола, I, II и III.

Со изградбата на „Југохром" кај Јегуновце во 1957 година се поставени основите на обоената металургија во нашата земја, додека со изградбата на Железарницата „Скопје" во 1967 година биле поставени темелите на црната металургија во Македонија.

Големи инвестициски вложувања биле насочени и кон развојот на хемиската и петрохемиската индустрија. Од овој вид индустрија во 1965 година била пуштена во производство „ОХИС“ кај Скопје, потоа Фабриката за вештачки ѓубрињa „Велес“ кај Велес, а во 1982 година изградена е и Рафинеријата за нафта „13 Ноември“ кај Скопје.

Со значително брзо темпо се развивала текстилната индустрија и уште неколку индустриски гранки, а некои и за првпат се јавиле во Македонија. Меѓу нив собено се значајни Фабриката за целулоза во Кочани, индустријата за автомобилски делови во Кочани и Охрид, индустријата за пластични маси во Скопје, Дебар и Струга, индустријата за електроника во Охрид и други.

Во 1990 година вкупно во Македонија имало 874 индустриски претпријатија во кои работеле 206.000 работници. Најголем број од претпријатијата (124) биле од областа на прехранбената индустрија, по неа следуваат претпријатијата од текстилната индустрија (121), па металопреработувачката и индустријата за преработка на дрво со 55 претпријатија и т.н. Најголем број од индустриските претпријатија, и тоа 355 или 38%, биле лоцирани во Скопје. На второ место со 63 индустриски претпријатија е Прилеп, на трето со 57 е Битола и т.н. Најмалку индустриски претпријатија имало во Македонски Брод-3 и Валандово - 4. Учеството на индустријата во општествениот производ е зголемено од 15% во 1947 година на 47% во 1990 година и таа е најважна дејност во стопанството на Македонија.

Во периодот од 1991 година па наваму индустријата и рударството се наоѓаат во фаза на стагнација и опаѓаање. Тоа е период на транзиција кога голем број на фабрики престанаа да работат, а рудниците како „Злетово“, „Саса“, „Тораница“, „Бучим“ и други до 2004 година беа затворени. „Тајмиште“ и „Демир Хисар“ се уште не се активирани. Учеството на индустријата и градежништвото во БДП осетно е намалено и во 2010 година изнесува 24,3%.

## 5.2. РАЗВОЈ И ДЕНЕШНИ СТОПАНСКО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕНЕРГЕТСКОТО СТОПАНСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

Енергетиката претставува основа за развој на секоја земја. Денешното производство и целиот стопански и културен живот неможат да се замислат без погонска енергија. Таа е основа на индустријата, има примена во рударството, сообраќајот, земјоделството, угостителството и воопшто во подигање на животниот стандард на населението. Се засновува на низа енергетски извори чие значење во одредено време и во одреден степен на развојот на производните сили различито се користени.

Главни извори за производство на енергија во Република Македонија се: јагленот, водените сили, нафтата, гасот и дрвото. Од нив Републиката располага со јаглен, водени сили, и дрво додека нафта и гас сé уште не се откриени.

Во вкупното производство на електрична енергија во 2010 година, кое изнесува 7.115.979 MWh јагленот учествувал со **79,7%, а хидроенергијата со 21,3%.** Меѓутоа, производството и потрошувачката на енергија не е во склад ниту со потребите, ниту со реалните можности и резерви на одделните видови енергенти. Во последните години, особено по енергетската криза, се пристапи и кон користење на некои извори на енергија кои досега не се користеа. Меѓу нив посебно за одбележување е користењето на ветерот, на сончевата енергија, потоа користењето на биомасата и др. Сепак главни домашни енергенти остануваат јагленот и водените сили.

### 5.2.1. ОБЕМ И РАЗМЕСТЕНОСТ НА ХИДРОЕНЕРГЕТСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ

Водата сé уште претставува најевтин извор на енергија, меѓутоа, веднаш мораме да констатираме дека хидроенергетскиот потенцијал на македонските реки е мошне скромен.

Ваквата состојба е последица на повеќе комплексно поврзани фактори и тоа пред се на неповолниот плувиометриски режим и на релјефот. Неповолниот плувиметриски режим е последица на климатските влијанија. Така во поглед на климата Македонија е подрачје со медитерански и континентални климатски влијанија. Количината на врнежите е мошне мала, а и нивниот годишен и територијален распоред не е рамномерен. Ваквата состојба со врнежите има соодветни реперкусии врз водените протоци, а преку нив и врз хидроенергетскиот потенцијал на речните токови. Македонските реки главно имаат пороен карактер и се одликуваат со нерамномерни водени протоци. На пример во летниот период, Брегалница има минимална вода и нејзиното корито кај утоката во Вардар се случува да биде и суво, а при високи води овде максималниот проток достигнува и до 640 $m^3$/sek.

Најспроти негативното влијание на врнежите и поројноста врз водниот проток и хидроенергетскиот потенцијал, релјефот низ кој течат реките во нашата Република, дава можности за подобрување на состојбата со водните сили, бидејќи во клисурестите делови на речните токови може да се изградат водени акумулаци со што во голема мера се отстранува нерамномерноста во протокот, а се зголемува нивниот хидроенергетски потенцијал. Вкупниот енергетски потенцијал на сите реки во земјава изнесува 8.913 GWh. Тоа е далеку на пример под хидропотенцијалот на реката Дрина со притоките, а се приближува на хидропотенцијалот на реката Драва.

Спрема водената сила и можностите за нејзиното искористување хидроенергетскиот потенцијал на речните сливови во Македонија е следниот:

*Бруто и технички искористлив хидроенергетски потенцијал на речните сливови во Република Македонија (во GWh)*

| Речен слив | Бруто хидроенергетски потенцијал | Технички искористлив хидроенергетски потенцијал | Инстал. снага (mw) |
|---|---|---|---|
| **1. Слив на река Вардар** | 6.660 | 5.193 | 1.381 |
| **2. Слив на река Црн Дрим** | 2.203 | 1.208 | 233 |
| **3. Слив на река Струмица** | 50 | 35 | 10 |
| **Вкупно** | 8.913 | 6.436 | 1.624 |

Најголем дел од хидроенергетскиот потенцијал во Република Македонија е сконцентриран на реката Вардар - 1,75 милијарди KWh. Низ нашата Република реката Вардар протечува во должина од 301 km. Долината им е композитна и поминува низ пет котлини и четири клисури. Во целина средниот пад изнесува 2,1 ‰, а средниот проток при утоката 174 $m^3$/sek. Дервенската, Таорската, Велешката и Демиркаписката Клисура се најпогодни потези на акумулација на водите. Во нив наклоните на речното корито се најголеми, а погодни се и условите за негово преградување.

*Хидроенергетски потенцијал на река Вардар во големите клисури (во мил. KWh)*

| Клисура | Должина во km | Наклон во % | Техн. искористлив потенцијал |
|---|---|---|---|
| **1. Дервенска Клисура** | **21** | **4,48** | **220** |
| **2. Таорска Клисура** | **31** | **2,00** | **420** |
| **3. Демиркаписка Клисура** | **20** | **1,35** | **1.300** |

Покрај во клисурестите делови, енергетичарите проценуваат дека Вардар може да се преградува и да се користи за производство на електрична енергија и во останатите делови од неговиот тек.

Вкупно се цени дека по целата должина на Вардар во Република Македонија, може да се изградат 15 хидроелектрани. Меѓутоа, до сега нема изградено ниту една, од причина што долината на Вардар преставува главен сообраќаен коридор во државата, посебно што во непосредна близина на речниот тек води железничката линија, а и тоа што Вардар е меѓународна река поради кое на неа се што се гради мора да биде и во согласност на соседна Грција.



*Демиркаписка Клисура. Со енергетски потенцијал на реката Вардар во неа од 1300 KWh, таа се уште останува неискористена*




*Локалитети за можни хидроцентрали на реката Вардар*

*По текот на Вардар од Таорската Клисура до границата со Грција во должина од 200 km постојат услови за изградба на 12 хидроелектрани.*

Според големината на хидроенергетскиот потенцијал во сливот на Вардар на второ место после Вардар доаѓа Црна Река. Нејзината можна продукција на енергија во средно влажна година изнесува 738 милиони KWh. Тоа е околу 10% од вкупното количество сили во Македонија или 42% од водните сили на сливот на реката Вардар. Се цени дека во сливното подрачје на Црна Река можно е да се изградат вкупно 25 хидроцентрали (големи и мали). Од големите хидоцентрали до сега е изградена само хидроцентралата Тиквеш, а чекаат за изградба хидроцентралите Чебрен и Галиште во Мариово.

Втора по големина притока на Вардар е Брегалница. Таа одводнува најголем дел од Источна Македонија, кое е инаку најдефицитарно подрачје во однос на расположивиот хидроенергетски потенцијал во земјава. Во средна влажна година нејзините водни сили се проценуваат на 415 милиони kWh енергија или 6,0‰ од вкупните водни сили во Македонија. Во целиот слив на Брегалница се цени дека е можна изградба на 12 хидроцентрали. Од нив денеска се изградени само две: Калиманци и на Зрновска Река.

Третата голема притока на Вардар е Треска. Ре}ефните и хидролошки услови на неа овозможуваат, во средна влажна година хидроенергетски потенцијал во износ од околу 380 мил. KWh енергија. Во сливот на оваа река се цени дека е можно да се изградат вкупно 8 хидроцентрали. За сега се изградени хидроцентралата Матка I, која во средно влажна година дава годишно производство од 16 милиони KWh, Козјак со годишно производство од 150 милиони KWh и Матка II.

Следната поголема притока на Вардар е Пчиња. Во нејзиниот слив се цени дека постојат релјефни и хидрографски услови за изградба на 12 хидроцентрали, односно вкупната годишна продукција на хидроенергија да изнесува околу 260 милиони KWh. Досега од сите овие локалитети хидроцентрала е изградена само кај езерото Липково и тоа со минимална јачина од 0,40 KW или годишно производство од 30.000 KWh, што претставува искористеност на потенцијалот од само 1%.

И на крајот од притоките на Вардар уште една река се јавува со поголем хидроенергетски потенцијал, тоа е реката Пена. Нејзиниот енергетски потенцијал се цени дека изнесува околу 110 милиони KWh енергија. Погодните релјефни и хидролошки услови овозможиле токму на неа кај Тетово да се изгради првата хидроцентрала во Македонија и тоа уште во 1927 година, меѓутоа, подоцна таа престанува со работа така што денеска на оваа река не постои ни една хидроцентрала и целиот хидропотенцијал стои неискористен. Останатите реки, притоки на Вардар располагаат со релативно мал хидро-енергетски потенцијал.

Од реките што припаѓаат на Јадранскиот слив во Р. Македонија се Црн Дрим со притоката Радика. Овој речен слив се карактеризира со поголеми хидролошки услови бидејќи се наоѓа во близината на Јадранското Море поради што врнежите се пообилни, но и релјефните услови се погодни односно реките течат низ клисурести долини и имаат релативно голем пад. За Црни Дрим

е од значење и тоа што неговиот проток во текот на годината може да се израмнува и тоа со водите од Охридското Езеро кое служи како природна акумулација. Вкупниот хидро-енергетски потенцијал на нашиот дел од Црни Дрим изнесува 630 милиони KWh и изградените две вештачки акумулации Глобочица и Шпиље, со двете хидроцентрали кои веќе целосно го користат овој расположлив хидроенергетски потенцијал (Глобочица 250 и Шпиље 380 милиони KWh). Инаку, вкупниот енергетски потенцијал на целото сливно подрачје е оценето дека изнесува 2.203 GWh. Од можните 17 денеска се изградени само 4 хидроцентрали (Глобочица, Шпиље, Песочани, Рамне) со вкупно годишно производство од околу 500 милиони KWh, што претставува искористеност на потенцијалот од 22,3%. Со изградба на Мавровското Езеро собрани се водите од горниот тек на Радика, Леуновска и Никифорска Река. Тие порано преку Радика течеле во Јадранско Море а сега преку ХЕЦ, „Вруток" и „Равен" се свртени кон Егејското Море. Всушност Мавровската акумулација овозможила да се изгради систем хидроцентрали кој се состои од три хидроцентрали: „Врбен", „Вруток" и „Равен". Хидроцентралата Врбен е проточна и ги користи водите од Врбенска Река пред нејзината утока во Мавровско Езеро. Можниот капацитет на овие три хидроцентрали по воведување на Шарските води, изнесува околу 630 милиони KWh енергија.

Останатите реки кои течат на територијата на Република Македонија, имаат и мал хидроенергетски потенцијал.

### 5.2.2. НАОЃАЛИШТА И УТВРДЕНИ РЕЗЕРВИ НА ЈАГЛЕН

Појавите на јаглен во Р. Македонија се врзани за езерските седименти односно за котлините кои во плиоценот биле заезерени. Тој е формиран од тресетиштата и бујната вегетација која во минатото овде постоела. Всушност јагленовите пластови тесно се порзани со геолошката еволуција на котлинските басени, односно со формираните слатководни седименти. Денеска скоро во сите котлини е констатирано присуство на јаглен но со не така големи резерви.

Откриено присуство и утврдени резерви на јаглен во Република Македонија има во: Пелагониски, Кичевски, Струшки, Ресенски, Мариовски басен, Тиквешки, Скопски, Беровски и Делчевски басен.

Количината на јаглен во нив не е голема, а и самиот јаглен спаѓа во класата на нискокалорички лигнити. Меѓутоа, тие сепак претставуват значаен енергетски потенцијал бидејќи можна е употребата на овој лигнит во термоелектраните за производство на електрична енергија, во термотопланите за добивање на топлотна енергија, а дел и за широка употреба во домаќинството за затоплување (Стојановиќ, 1987.)




*Рудници и наоѓалишта на јаглен, хидроцентрали и термоцентрали во Република Македонија*

## а) Наоѓалиште на јаглен во Западна Македонија

**Пелагониски басен.** Пелагониската котлина во плиоценот била исполнета со вода на плиоценското езеро и во него се наталожени дебели наслаги, од околу 600 метри, на плиоценски седименти. Меѓу нив се јавува и една продуктивна глиновито-јагленовита фација со слоеви на јаглен. Јагленосниот ревир главно е откриен во Јужниот дел на котлината и тоа во околината на селата: Суводол, Гнеотино и Живојно.

Рудникот „Суводол“ се наоѓа во подножјето на Селечка Планина на околу 16 km источно од Битола. Вкупните рудни резерви се проценети на

околу 200 милиони тони, со можност за зголемување на резервите. Јагленот се експлоатира со површински коп, а годишниот производствен капацитет е 6 милиони тони. Се користи во термоелектраната „Битола I, II и III", за добивање на електрична енергија.

Наоѓалиштето „Гнеотино"лежи источно од Битола помеѓу селата Гнеотино и Брод. Вкупните рудни резерви изнесуваат 120 милиони тони. Наоѓалиштето не е во експлоатација. Наоѓалиштето „Живојно" лежи југоисточно од Битола на потегот помеѓу селата Живојно, Гермијан и Македонско-грчката граница. Вкупните рудни резерви изнесуваат оклу 100 милиони тони јаглен од лигнитен тип. Наоѓалиштето порано било експлоатирано додека денеска не е во експлоатација.

**Кичевски басен**. Во Кичевската котлина, јаглен досега е откриено во повеќе наоѓалишта и тоа: Осломеј, Поповјани, Стргомиште, Ѓубрино и Аранѓел, со вкупни резерви на јаглен од околу 100 милиони тони.

Кај рудникот Осломеј изградена е термоелектрана „Осломеј" со инсталирана сила од 120 MW, односно можно производство од 660 милиони киловат часови електрична енергија годишно.

Во околината на Струга јаглен е откриен кај селото Пискупштина. Резервите се проценети на околу 3,5 милиони тони. Наоѓалиштето се експлоатира, а истиот се користи за широка потрошувачка и за добивање на топлотна енергија во фабриката за керамиди и тули кај с. Вевчани.

**Мариовски басен.** Мариово во плиоценот било исполнето со вода и претворено во езеро. Меѓу седиментите таложени во ова езеро се јавува една продуктивна глиновито-јагленовита фација, претставена со глини, јагленови глини и јаглен. Главното наоѓалиште на јаглен се јавува во околината на селото Витолиште, со вкупни резерви од околу 110 милиони тони. Наоѓалиштето не се експлоатира.

**б) Наоѓалишта на јаглен во Повардариeто**

Јаглен се јавува и во котлините на Средна Македонија Скопскиот басен, во Тиквешијата и во помали количини во Гевгелиската Котлина.

**Скопски басен.** Во Скопската котлина јаглен се јавува на повеќе места и тоа во околината на селата: Катланово, Булачани, Нерези, Свилари и др. Меѓутоа карактеристично е што на сите овие места резервите се неиспитани со исклучок на овие во околината на селото Катланово, со вкупните резерви од околу 18,6 милиони тони јаглен. Наоѓалиштето не се експлоатира.

**Тиквешки басен.** Тиквешкиот басен претставува тектонски грабен кој е исполнет со неогени седименти и квартарен прирокластичен материјал. Појави на јаглен се откриени кај Неготино. Овде резервите се оценети на 138 милиони тони. Наоѓалиштето не е во експлоатација.

### в) Наоѓалишта на јаглен во Источна Македонија

На територијата од Источна Македонија јагленот се јавува во помал број наоѓалишта, а и откриените резерви не се така поголеми. Денеска е утврдено дека оваа значајна суровина се јавува во Малешевскиот басен, во Пијанечкиот басен во околината на Виница и Свети Николе.

**Малешевски басен.** Нешто поголеми наоѓалишта на јаглен во овој басен се откриени во околината на селото Ратево, поточно во месноста Ратевски Ширини со вкупни резерви од околу 2,5 милиони тони јаглен, кој е од типот лигнит. Наоѓалиштето се експлоатира преку површински коп. Годишниот капацитет на рудникот изнесува околу 120.000 тони, а лигнитот главно се употребува за добивање на топлотна енергија во одделни индустриски објекти и тоа преди се во Берово и Кочани.

**Пијанечки басен**. Јаглен во Пијанечкиот басен (Делчевско) е откриено во два локалитета и тоа: на потегот Делчево- Истевник-Панчарево и на потегот помеѓу селата Стамен и Звегор

Вкупните рудни резерви се оценети на околу 70 милини тони (40 во првото и 30 милиони тони во второто наоѓалиште). Наоѓалиштата не се експоатираат. Останатите појави на јаглен во овој дел на Македонија и тоа во околината на Виница и Свети Николе не се доволно истражени.

Како заклучок можеме да наведеме дека до сега во Македонија се откриени следните десет поголеми наоѓалишта на лигнит и тоа:

*Наоѓалишта и утврдени резерви на јаглен во Република Македонија*

| Наоѓалиште | Утврдени резерви во милиони тони | Годишна експлоатација во милиони тони |
|---|---|---|
| **1. „Суводол"** | 200 | 6,0 |
| **2.„Гнеотино"** | 120 | - |
| **3. „Живојно"** | 100 | - |
| **4. „Осломеј"** | 63 | - |
| **5. „Пискупштина"** | 3,5 | до 1,2 |
| **6. „Мариово" (Витолиште + Манастир)** | 220 (110 + 110) | - |
| **7. „Катланово"** | 18 | - |
| **8. „Неготино"** | 138 | - |
| **9. „Стамен-Звегор" и „Истевник-Панчарево"** | 70 | - |
| **10. „Ратевски Ширини"** | 2,5 | до 0,2 |
| **В К У П Н О:** | 915 | 7,4 |

Вкупните резерви на јаглен во Македонија изнесуваат до 1 милијарда тони. Кон овие резерви може да се додадат и околу 700.000 тони на тресет, кој се јавува на повеќе места во земјава. Меѓутоа, заради малите резерви и нискокалоричност тој не се експлоатира. Во 2000 година јаглен се експлоатирал од 4 наоѓалишта (Суводол, Осломеј, Пискупштина и Ратевски Ширини), со вкупна годишна колична до 7,4 милиони тони (Нацрт-просторен план на Р.М).

Во зависност од степенот на истраженост и степенот на подготвеност за експлоатација на наоѓалиштата на јаглен може да се поделат во четири групи и тоа:

I. Рудници во експлоатација: Осломеј, Суводол и Гнеотино, Ратевски ширини и Пискупштина.

II. Рудници односно наоѓалишта со изготвена или во фаза на изготвување техничко економска документација за експлоатација: Неготино, Живојно, Витолиште, Катланово и Звегар - Стамен.

III. Наоѓалишта со истражени и потврдени геолошки резерви: Стар Иственик, Костин Дол, Преспа.

IV. Лежишта кај кои се регистрирани појави на јаглен: Овче Поле, Пробиштип, Славиште и др.

Заеднички карактеристики на наоѓалиштата на лигнит во Република Македонија се след ните: Лигнитот се наоѓа на просечна длабочина помеѓу 10 и 170 m; дебелината на јагленовите слоеви се движи во просек од 1 до 17 m со исклучок на Суводол каде дебелината достигнува и до 56 m. Односот на откривката према јагленот е доста неповолен и се движи од 3,2:1 до 26:1 (за наоѓалишта со површинска експлоатација, економска исплатливо е експлоатацијата кога тој сооднос не е поголем од 6:1), а сулфур 0,29-1,48%.

Нашите лигнити во просек ги имаат следните карактеристики: Влага 29,0-48,0%, пепел 11-47%, топлотната вредност од 6.356-11.720 кј/kg.

За економично и рационално искористување на лигнитот потребно е да се задоволат три основни услови:

1. Лигнитот во природен облик може да се искористува во рамките на својот економски радиус на транспорт кој за лигнитните лежишта не треба да биде подолг од 50 km.
2. За рудниците со површинска експлоатација треба да се овоможи концентрација на производство на лигнит во примена на високопродуктивната механизација.
3. Во непосредна близина на рудникот мора да постои голем потрошувач кој ќе овозможи рамномерна потрошувачка во текот на целата година.

**5. 2. 3. ПРОИЗВОДСТВО НА ЈАГЛЕН**

Експлоатацијата на јаглен во Македонија нема долга традиција. Првиот рудник за јаглен бил отворен во 1927 година, а се наоѓа во близината на селото Катланово-Скопско. Рудникот бил сопственост на Милан Поповиќ и Андреј

Шимец од Белград. Експлоатацијата на лигнитот се вршела сезонски со мал број на вработени околу 30, на примитивен начин, поради што и годишното производство било мало. Во последните 3 години пред II светска војна изнесувало просечно годишно по околу 2.000 тони. Произведениот лигнит, кој содржел околу 4.300 калории, со камиони се транспортирал во Скопје, каде се ползувал за огрев или во индустриски цели.

Вториот рудник за јаглен бил отворен во 1929 година и тој се наоѓал во Скопската Котлина, поточно во близината на селото Нерези. Сопственици на рудникот биле Милан Перишиќ од Белград и Јаначко Хаџи-Николаевиќ од Крагуевац. Во рудникот работеле помеѓу 20 и 30 работници, а дневното производство на лигнит се движело помеѓу 10 и 30 тони, односно годишно, помеѓу 3.500 и 10.000 тони. Рудникот со Скопје бил поврзан со индустриски колосек од 0,60 cm, а лигнитот кој во себе содржи до 4.800 калории се употребувал за огрев или во индустријата.

Тоа се единствено два рудника за јаглен кој постоеле во периодот меѓу двете светски војни. Тие главно имале локален карактер и не биле во состојба да ги задоволат потребите за јаглен во Македонија и тој главно се обезбедувал од другите рудници на Југославија и тоа особено од рудникот за јаглен кај Алексинац и кај Обилиќ.

За време на окупацијата овие рудници престанале со работа. На територијата на Македонија единствено Италијаните правеле обиди да отворат рудник во околината на с. Пискупшина - Струшко, но и тој бил од локален карактер.

Експлоатацијата на јаглен во Р. Македонија и во повоениот период долго време била минимална. Поради отсуство на детални геолошки истражувања се сметало дека таа не располага со јаглен. Единствено во Осломеј, кај Кичево, имало мала експлоатација на лигнит. Овде тој се експлоатирал до 1965 година кога, поради слабата механизираност, а и лошиот квалитет на лигнитот, производството изнесувало само 10 илјади тони и истата година тоа прекратило. Во наредните петнаесет години, поточно до 1979 година, во Македонија јаглен воопшто не е експлоатирано. Таа година повторно се реактивирал рудникот Осломеј, но сега веќе со солидно утврдени резерви, потоа со површински коп, потполно механизирано и со единствена цел јагленот да се користи за производство на електрчна енергија. Во наредната 1980 година кога е изградена и термоцентралата во непосредна близина на рудникот, производството на јаглен изнесувало 1.200.000 тони. Во 1982 година започнува со работа и рудникот Суводол чие годишно производство од почетокот изнесувало околу 2.000.000 тони додека подоцна со пуштање во работа и на „Битола II и III" тоа се зголемило за уште 4.000.000 тони. Во 1985 година се отвориле уште два рудника за јаглен во Македонија, тоа се Пискупштина кај Струга и Ратевски Ширини кај Берово. Годишното производство на првиот изнесува 100.000 тони, а на вториот 120.000 тони. Така вкупно во 1986 година во Македонија јаглен е произведено 5.420.000 тони и тоа производство на наредниот период расне и тоа особено со пуштањето на термоелектраната Битола III. Само за неа производството на јаглен се зголеми за уште 2.000.000

тони, така што во 2000 година вкупното производство на јаглен изнесуваше 7.427.000 тони.

## 5.2.4. ПОЈАВА НА НАФТА И ПАРАФИНСКИ ШКРИЛЦИ

На територијата на Р. Македонија нафта за сега не е констатирана. Терцијарните басени се претпоставувва, поради тоа што располагаат со доста дебели седименти, дека може да бидат нафтоносни. Меѓутоа досега се вршени само претходни истражувања и тоа нешто пообемни во Овче Поле, но позитивни резултати не се добиени.

Наспроти нафтата, парафински шкрилци во Македонија се откриени во пет локалитета: с. Плешинци кај Пробиштип, с. Бељаковце кај Куманово, с. Црцорија кај Крива Паланка, с. К'шиње кај Свети Николе и с. Смојмирово. Меѓу нив најперспективно е наоѓалиштето кај с. Плешинци каде што парафинските шкрилци се јавуваат во должиа од 4,5 km и средна широчина од 1 km. Дебелината на шкрилценосниот слој изнесува до 100 метри. Вкупните резерви се цени дека изнесуваат околу 250 милиони тони со просечна содржина на уље (масленост) од 6,9‰. Таа е ниска содржина поради што тие за сега и не се експлоатираат.

## 5.2.5. НУКЛЕАРНИ СУРОВИНИ

На територијата на Р. Македонија веќе долго време се вршат испитувачки работи за откривање на нуклеарни суровини. За Републиката се смета дека тие имаат посебно значење. Појава на нуклеарни суровини, посебно уранов оксид, се забележани во следните локалитети: Злетовска Река, Подареш, Витолиште, Куклиш и Селце. Рудните резеви се проценети на 1.507.000 тони руда односно 760 тони уранов оксид. (Нацрт-просторен план на РМ).

## 5.2.6. ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА

Присуство на геотермална енергија во Македонија е констатирано во повеќе подрачја. Благодарејќи на младиот вулканизам, во нив се јавуваат видни траги на поствулкански појави манифестирани, пред се, со појавата на топли извори и кисељаци. Вдолж длабоките дислокациски линии каде се вршено излевање на младите вулкански маси се јавуваат термални води кои денес се користат како бањски лекувалишта (110 регионални појави на термални извори со 8 активни бањи). Кај сите нив јасно се манифестирани индикаторите за постоење на акумулирана геотермална енергија во подлабоките зони. Меѓутоа, со исклучок на Кочанско, Струмичко и Гевгелиско, геотермалната енергија во Македонија се уште нема обезбедено позначајно место меѓу енергетските извори.

Вкупната количина на термална вода во Р. Македонија се цени дека изнесува 922 l/s, а вкупната топлинска моќност при температурата од 30$^{0}$C изнесува, 115,6. Најголем проток од 300 l/s, има геотермалното поле во Долни Подлог-Кочанско. Неговата вода има и највисока температура 75°C, и располага со најголема топлинска моќност од 56,5 kwt.

*Геотермални експлоатациски резерви во Р. Македонија*

| Геотермално поле | Проток (l/s) | Темепература (°C) | Топлинска моќност т=30°C (kwt*) |
|---|---|---|---|
| 1. Д. Подлог-Кочани | 300 | 75 | 56,5 |
| 2. Истибања-Виница | 73 | 65 | 10.7 |
| 3. Кратовско Поле-Кратово | 20 | 48 | 1,5 |
| 4. Стрновец-Куманово | 47 | 40 | 1,9 |
| 5. Кумановска Бања | 4 | 31 | - |
| 6. Добрево-Злетово | 8 | 28 | - |
| 7. Бањско-Струмица | 50 | 70 | 8,4 |
| 8. Смоквица – Гевгелија | 120 | 65 | 17,6 |
| 9. Негорска Бања | 80 | 50 | 6,7 |
| 10. Бања – Кежовица | 20 | 60 | 2,5 |
| 11. Раклеш Радовиш | 1 | 26 | - |
| 12. Мрежичко-Ржаново | 2 | 27 | - |
| 13. Катлановска Бања | 13 | 50 | 1,1 |
| 14. Волково-Скопје | 20 | 25 | - |
| 15. Горничет | 5 | 24 | - |
| 16. Бања Бањиште-Дебар | 100 | 40 | 4,2 |
| 17.Бања Косоврасти-Дебар | 60 | 48 | 4,5 |
| В к у п н о: | 922 | - | 115,6 |

Извор: Нацрт-просторен план на РМ стр. 239.

Од досегашните сознанија за начините на користење во светот може да се заклучи дека геотермалната енергија е погодна покрај користењето без трансформации и како топлотна енергија за греење. Во Р. Македонија под оранжерии се наоѓаат 260 ha, од нив со геотермалната енергија се затоплуват вкупно 27 ha од кои 18 во Кочанско, 3 во Струмичка и 6 во Гевгелиска. Можностите за искористување на геотермалната енергија се далеку поголеми.

### 5.2.7. ДРУГИ ВИДОВИ НА ЕНЕРГЕНСИ

Од останатите енергенти во Македонија од интерес е да се спомене искористувањето на силата на ветерот и сончевата енергија. Во врска со енер-

гијата на ветерот според едни истражувања констатирано е дека во одделни простори во Републиката има од 130 до 170 ветровити денови во годината со брзина на ветерот од 3,5 m/s. Тоа е основна брзина за придвижување на ветерници од 250 киловати. Исто така, е утврдено дека ветер со брзина од над 8 m/s се јавува во повеќе од 100 дена во годината, што упатува на економска исплатливост на инвестициите во секторот на искористување на енергијата на ветерот за производстово на струја. Поголем зафат на тој план еднствено е направено во околината на Богданци каде е изграден парк од ветроелектрани. Во Македонија постои и традиција за користење на енергијата на ветерот, бидејќи во минатото биле градени и работеле воденици на ветер или како народот ги викал „ветерни воденици“. Меѓутоа, поради неусовршената технологија и слабиот материјал тие престанале да се градат и денеска такви нема.

Во последните години доста се зборува и за користење и на сончевата енергија. Тоа особено се однесува за нејзините јужни делови и средното Повардарие во кои сончевите денови се побројни. Меѓутоа за користењето на овој вид енергија до сега се преземени само некои вид експериментални истражувања, така што поголеми зафати на тој план сеуште нема. Единствено сончевите панели помасовно се користат во приватните домакинства.

### 5.2.8. ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ

Развитокот на електростопанството во Македонија тешко може да се прикаже систематизирано по години бидеќи за периопдот меѓу двете Светски војни, не постојат соодветни статистички податоци. Сепак според одредени податоци презентирани во литературата се доаѓа до сознание дека во периодот од 1909 година кога е изградена првата електроцентрала, во Скопје, па до 1940 година во Македонија се изградени 18 електрични централи, од кои 7 биле хидроелектрични и 11 биле калорични електрични централи. Меѓу нив, со исклучок на хидроцентралата „Матка“ кај Скопје и хидроцентралата на реката Пена кај Тетово, сите биле со мала јачина градени исклучиво за задоволување на локалните потреби на одделните градови. Така по скопската, следната електрична централа била изградена во Битола и тоа во 1924 година, потоа во 1926 година се изградени електричните централи во Куманово и Тетово во 1928 година во Кочани и Виница и т.н.

Во 1940 година 17 града во Македонија имале електрично осветление односно, во 17 места на Македонија имало по една електрична централа со исклучок на Скопје, во кое работеле две вакви централи.

После ослободувањето во Р. Македонија се јавува силен полет во изградба на енергетски објекти. Така во 1950 година била пуштена во производство проточната хидроелектрана „Зрновка“ во с. Зрновци кај Кочани Во 1951 година била пуштена во производство хидроелектраната „Сапунчица“

во с. Дихово кај Битола. Во следната 1952 година била изградена хидроелектраната „Дошница“ близу Демир Капија со годишно производство од 22,40 GWh електрична енергија и од 1953 година започнала со работа хидроелектраната „Песочани“ кај селото Песочани во Дебарца со производство од 13 GWh електрична енергија годишно. Покрај овие мали хидроелектрани биле изградени голем број на сосема мали така наречени - селски хидроцентрали особено во западна Македонија. Напоредно со изградбата на овие мали хидроцентрали во 1948 година отпочнала изградбата на големиот хидроенергетски систем на Мавровските хидроелектрани. По деветгодишната изградба во 1957 година бил пуштен првиот дел од овој хидросистем и тоа хидроцентралата „Вруток“, а две години подоцна поточно во 1959 година пуштени се и останатите две хидроцентрали „Врбен“ и „Равен“. Просечното годишно производство на хидроцентралата „Вруток" изнесува 390,10 GWh, на „Врбен“ 44,20 GWh „Равен“ 53,20 GWh годишно.

*Основни карактеристики на поголемите хидроцентрали во Р. Македонија*

| Име на ХЕ | Река | Год. на изградба | Тип | Прос. год. производ. (мил. Кт) |
|---|---|---|---|---|
| 1. „Пена“ | Пена | 1926 | Проточна | 12 |
| 2. „Рамне“ | Рамне | 1937 | Проточна | 0,5 |
| 3. „Матка“ | Треска | 1938 | Акумулациона | 20 |
| 4.„Зрновци“ | Зрновка | 1950 | Проточна | 6 |
| 5. „Песочани“ | Сатеска | 1951 | Проточна | 13 |
| 6. „Сапунчица“ | Сапунчнца | 1952 | Проточна | 11 |
| 7. „Дошница“ | Бошава | 1953 | Проточна | 22 |
| 8. „Вруток“ | Маврово | 1957 | Акумулациона | 390 |
| 9. „Липково“ | Липковска | 1958 | Акумулациона | 3 |
| 10. „Врбен“ | Маврово | 1959 | Проточна | 44 |
| 11. „Равен“ | Маврово | 1959 | Проточна | 53 |
| 12.„Глобочица“ | Црни Дрим | 1965 | Акумулациона | 187 |
| 13. „Тиквеш“ | Црна Река | 1968 | Акумулациона | 185 |
| 14. „Шпиље“ | Црни Дрим | 1969 | Акумулациона | 305 |
| 15. „Калиманци“ | Брегалница | 1970 | Акумулациона | 36 |
| 16. „Козјак“ | Треска | 2004 | Акумулациона | 156 |
| **Вкупно просечно годишно производство:** | | | | **1.443,5** |

Од прегледот се забележува дека до денес се изградени вкупно 16 поголеми хидроелектрани во Републикава. Од нив 9 се проточни, а останатите 7 акумулациони. Нивното можно просечно годишно производство на електрична енергија изнесува 1.443 милиони KWh, а имаат инсталирано снага од 1.624

MW, односно од вкупниот технички искористив хидроенергетски потенцијал на Р. Македонија, искористено е 25,0%, а 75,0% отекнува сеуште неискористен.

Во Република Македонија постојат услови и потреби за изградба на повеќе вештачки акумулации и на нив изградба на околу 400 мали хидроелектрани. До крајот на 2013 година изградени се 32 мали хидроцентрали. Од нив треба да се добиваат околу 50 GWh електрична енергија годишно.

Освен хидроелектраните во Македонија постојат и термоелектрани. Првата термоелектрана после ослободувањето била изградена е во 1949 година во Скопје. Тоа е термоелектранаата „Маџари“ која располагала со два агрегата со вкупна снага од 5,8 MW. Термоелектранаата со јаглен се снабдувала од Ибарските рудници и од Крека – Бановиќи, поради непостоење на јаглен во поблиското нејзино подрачје.

Првата поголема термоелектрана во Р. Македонија е изградена во 1969 година. Тоа е термоелектранаата „Неготино“, кај Неготино со погон на мазут, односно нафта, со јачина од 1186 GWh годишно. Следната е изградена до 1980 година. Тоа е термоелектроцентралата „Осломеј“ кај Кичево која е со капацитет од 653 GWh годишно производство на електрична енергија.

*Постојни термоелектрани во Р. Македонија*

| Име на ТЕ | Година на изградба | Работи врз база на: | Годишно производство во GWh |
|---|---|---|---|
| 1. ТЕ „Неготино“ | 1969 | Мазут-нафта | 1.186 |
| 2. ТЕ „Осломеј“ | 1980 | Лигнит | 653 |
| 3. ТЕ „Битола I“ | 1982 | Лигнит | 1.132 |
| 4. ТЕ „Битола II“ | 1984 | Лигнит | 1.132 |
| 5. ТЕ „Битола III“ | 1988 | Лигнит | 1.132 |
| **Вкупно годишно производство** | | | **5.235** |

Следните три електрани се изградени врз база на лигнитот во околината на Битола. Тоа се термоелектраните „Битола I, II и III“ изградени во 1982, 1984 и 1988 година со јачина од по 1.132 GWh електрична енергија годишно.

Денеска во Р. Македонија постојат пет термоелектрани со можно просечно годишно производство од 5.235 GWh. Меѓутоа реалното годишно производство е помало бидејќи термоелектраните работат со помал капацитет, а таква е „Неготино“ која се вклучува во производство само во исклучителни случаи поради високата цена на погонското гориво. Затоа таа се води како интервентна термоелектрана.

Вкупното производство на хидроелектраните и термоелектраните во 2000 година изнесувало 6.797.517 MWh. Во ова производство 16-те хидроелектрани учествувале со 20%, а 5-те термоелектрани со 80%.



*РЕК ,,Битола“ претставува стожерник на македонското електростопанство.*
*Годишно обезбедува по 3.400 GWh електрична енергија.*

### 5.2.9. ПРОИЗВОДСТВО И ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Почетоците во производството на електрична енергија во нашата Република датираат од 1909 година. Тогаш била изградена првата електрична централа која била наменета за осветлување на Скопје. Првобитно оваа мини централа се состоела само од една парна машина со јачина од 60 KV и нејзиното производство на електрична енергија било многу мало. Подоцна со изградбата на „поголемите“ хидроцентрали како онаа на реката Пена кај Тетово во 1926 година и „Матка“на Треска во 1938 година како и поголемиот број мали термоцентрали во поголемите градски населби производството на електрична енергија постепено се зголемува и во 1939 година 87,5% ја давале хидроцентралите, додека термоцентралите иако биле повеќе на број (7:11), обезбедувале само 12,5%, од електричната енергија во Македонија.

*Движење на производството на електрична енергија (во милиони MWh)*

| Година | Вкупно | Хидроенергија | % | Термоенергија | % |
|---|---|---|---|---|---|
| **1939** | 8 | 7 | 87,5 | 1 | 12,5 |
| **1950** | 45 | 24 | 53,3 | 21 | 46,7 |
| **1960** | 412 | 340 | 82,5 | 72 | 17,5 |
| **1970** | 1.220 | 1.112 | 91,1 | 108 | 8,9 |
| **1980** | 1.956 | 1.455 | 74,4 | 501 | 25,6 |
| **1990** | 5.754 | 490 | 8,5 | 5.264 | 91,5 |
| **2000** | 6.797 | 1.365 | 20,0 | 5.432 | 80,0 |
| **2010** | 7.115 | 1.515 | 21,3 | 5.670 | 79,7 |

Брзиот полет во динамиката на производството на електрична енергија започнува по ослободувањето и тоа со изградбата на новите енергетски објекти. Така од 1.220 во 1970 година, во 2010 година достигнува 7.115 милиони MWh.

Република Македонија се уште се карактеризира со висока динамика во порастот на потрошувачка воопшто на енергија и посебно на електрична енергија. Во вкупната енергија предадено на потрошувачите во Републиката во 2000 година, електричната енергија учествувала со 28 %, течните горива со 42 %, цврстите горива со 22 %, а 8 % останати. Се забележува дека динамиката на движењето на производството на електрична енергија во изминатиот период не е континуирано. Така, на пример во годините од 1945 до 1960 година, производство на секои пет години се зголемувало во просек за по околу три пати. Значајно зголемување се јавува во периодот од 1980 д 1990 година кога вкупното производство било покачено од 1956 на 5.754 MWh, додека производството од 2000 до 2010 година скоро стагнира.

Следната карактеристика е невоедначената структура во производството на електрична енергија. Имено, долги години по ослободувањето најголем дел од електричната енергија се добивал од хидроелектраните. Учеството на хидроенергијата е во постојан пораст, почнувајќи од 1950 па сè до 1970 година. Во 1950 година хидроенергијата во вкупното производство на електрична енергија учествувала со 53,3%, а во 1970 година тоа учество се зголемило на 91,1%. Наспроти хидроенергијата, учеството на термоенергијата е во постојано опаѓање и тоа од 46,7% во 1950 година на само 8,9% во 1970 година. Од 1970 година наваму настанува обратен процес, се смалува учеството на хидроенергијата и се зголемува учеството на термоенергијата. Во 2010 година учеството на хидроенергијата се симнува на 21,3%, а на термоенергија се зголемува на скоро 80,0%.

Од следењето на досегашниот развој на производството на електрична енергија може да се заклучи дека тоа е придружено и со големи временски растојанија во изградбата на енергентски капацитети. Така на пример од 1970 година до 2004 година во нашата земја не е изградена ниту една хидроцентра-

ла. Дури во 2004 година е изградена брана „Козјак" на реката Треска со хидроелектрана која годишно произведува 156 милини KWh електрична енергија. Всушност, неконтинуираната изградба на енергетски објекти имала свој одраз и врз континуитетот на зголемувањето на производството.

Основна карактеристика во потрошувачката на електрична енергија, е неусогласеноста помеѓу производството и потрошувачката. Само до 1960 година имаме помала потрошувачка од производството. Во подоцните години постојано потрошувачката е поголема од производството. Интензивниот пораст на потрошувачката е резултат на динамичниот развој на сите сектори на општеството, а особено на стопанството. При тоа најголемо учество во потрошувачката имаат приватните домаќинства, индустријата и сообраќајот. Главна одлика на потрошувачката на енергија во индустријата е нејзината висока концентрација во мал број индустриски гранки. Така, како главни носители на потрошувачката се издвојуваат црната металургија, производството и преработката на обоени метали, производството на градежни машини и преработката на неметални минерали. Меѓу индустриските објекти како најголеми потрошувачи на електрична енергија се јавуваат железарата во Скопје, Југохром во Јегуновце и Фени во Кавадарци.

Следниот значаен потрошувач на електрична енергија во Р. Македонија се приватните домаќинства. Тие во 1960 година учествувале со 19%, исто толку и во 1970 година, додека во последните години тоа учество се зголемува на 25% од вкупната потрошувачка на електрична енергија. Недостиг особено се чувствува во зимскиот период од годината кога недостасуваат помеѓу 500 и 700 милиони KWh електрична енергија. Главно се увезува од Бугарија, Албанија или Србија и Црна Гора.

Проблемот со енергија доста е ублажен со изградбата на рафинеријата за нафта во Скопје, со која годишно се преработуваат над 1 милион тони нафта. За потребите на рафинеријата е изграден нафтовод од Солун до Скопје во должина од 214 и има капацитет од 2,5 милиони тони сурова нафта. Состојбата е подобрена и со изградбата на гасоводот Софија - Скопје.

## 5.3. ЦРНИ МЕТАЛИ И ЦРНА МЕТАЛУРГИЈА

Црната металургија претставува фундаментална гранка на тешката базична индустрија. Таа го опфаќа производството на сурово железо, феро-легури, челик и валани производи. За развој на црната металургија потребни се: железна руда, руди облагородувачи на челикот, јаглен, кварцит, доломит, големо количество енергија и вода.

**Железото** е основен метал во црната металургија. Негови комерцијални видови на руда се: магнетит, хематит, сидерит и лимонит. Македонија спаѓа во групата земји што се релативио богати со железна руда. Вкупните резерви изнесуваат околу 150 милиони тоии со просечна содржина на железо во

рудата од околу 36%. Железни руди во Македонија се откриени на повеќе места. Така, според видовите на рудите, во Македонија се издвојуваат четири видови и тоа: Шамозитно-сидеритни руди; Магнетитно-хематитни руди; Лимонитни руди и Никлоносни железни руди. Шамозитно-сидеритните руди најмногу ги има во Западна Македонија, а значајни наоѓалишта се: **Тајмиште** и **Демир Хисар.**

**Тајмиште** се наоѓа на источните падини на планината Бистра во атарот на селото Тајмиште. Рудните пластови се јавуваат во шкрилци кои се од палозојска старост. Вкупните резерви на железна руда се ценат на околу 100 милиони тони, а просечната содржина на железо во рудата изнесува 36,9%. Рудникот е пуштен во експлоатација во 1969 година, а експлоатацијата е вршена со површински коп. Во последните години неработи.

Рудникот Демир Хисар се наоѓа помеѓу селата Жван од северната и селото Слепче од јужната страна во Демир Хисар. Рудата лежи на простор со должина од 2.200 и широчиниа од 600 до 1.100 метри. Се јавува во шкрилеста серија и има просечна содржина на железо од 37%. Рудникот е изграден и пуштен во експлоатација во 1964 години, а експлоатација е вршена со површински коп, но и тој денеска не работи.



*Рудник за железна руда ,,Тајмиште"- Кичевско*

Магнетитно-хематитните руди на железо се јавуваат во околината на селото Дамјан, недалеку од Радовиш. Овде вкупните резерви на железна руда изнесувале околу 9 милиони тони со учество на метал во рудата и до 55%. По отворањето на Железарницата во Скопје рудата од овој рудник интензивно е експлоатирана така што во 1988 година резерите целосно се исцрпени и рудникот е затворен.

Лимонитното железо е откриено во Малешевијата, поточно во околината на Пехчево на планината Буковик. Резервите се оценети на околу 10 милиони тони, а содржината на железо во рудата е просечно околу 39%. Досега не е вршена експлоатација на оваа руда.

Никлоносно-железните руди се откриени во Вардарската зона и тоа на просторот од Велес, па се до грчката граница, но со поголеми резерви кај селото ‘Ржаново - Кавадаречко и месноста Грохот кај Велес. Минералошкиот состав на никлоносно – железната руда овде е 31% железо и 1% никел. Рудните резерви се оценети на 56 милиони тони. Врз база на овие резерви во 1982 година е изградена Топилницата „Фени“ во Кавадарци.

**Хром -** Од рудите на хром во Македонија се познати повеќе лежишта, но најмногу се концентрирани во три подрачја: Радуша, Лојане и Раброво. Најголемите лежишта на хромна руда во Македонија се наоѓаат во рудникот Радуша во Дервенската Клисура. Овде интензивно хромна руда се вади над 100 години. Вкупните резерви се проценети на околу 100.000 тони. Денеска рудникот не работи.

**Манганот -** доста се користи во црната металургија како метал за легирање. Експлоатација на манганот се вршела во рудникот Цер кој е отворен во 1939 година и пред војната биле извадени околу 6.000 тони манганова руда. Експлоатацијата продолжила и по војната кога годишно се вадело околу 3.000 тони и тоа траело до 1964 година, од кога поради сиромашните лежишта оваа руда во Македонија не се експлоатира.

Појава на **молибден** во Македонија има на повеќе места и тоа во еден долг појас од Шар Планина до Преспанската Котлина, се среќава и кај бакарните рудишта кај Бучим и Боров Дол во Радовишко, но поради малите резерви во ниту еден локалитет не се експлоатира.

Пишани податоци за експлоатацијата на железо во Македонија нема многу. Познат е податокот дека во Кратовско-злетовската област, освен, олово и цинк, било копано и железо, некаде во XII век. Од средината на XVIII до средината на XIX век, во поширокото подрачје на с. Самоков - Бродско, интензивно се плакнел песок кој содржел магнетит. По војната експлоатација на железна руда во Македонија започнува со подготовките за започнување со работа на Железарницата во Скопје. Така, поголемо количество железна руда започнува да се добива со отворањето на рудникот во Демир Хисар во 1964 година, кога вкупно во Републиката биле добиени 68.000 тони руда. Потоа тоа производство постепено се зголемувало по целосното доврешување и пуштање во работа на рудникот Тајмиште во 1969 година, така што во 1970 година веќе било евидентирано производство од 845.000 тони, а максимум достигнува во 1974 година кога биле произведени 875.000 тони.

Почетокот на црната металургија, односно добивањето на железо, челик и лимови во Македонија датираат од 1967 година кога била изградена и пуштена во погон Железарницата во Скопје. Таа година е произведено: 27.000 тони сурово железо, 4.000 тони челик и 15.000 тони лимови. Потоа производ-

ството во следните години постепено се зголемува за да достигне максимум во 1974 година, кога во Железарницата работеле сите 5 печки и е остварено производството од 284.000 тони железо, 398.000 тони челик и 436.000 тони разни лимови. Ваквото производство, со извесни осцилации, се задржува до денес, на пример во 2000 година биле произведени 335.000 тони челик.

Продукцијата на феролегури во Македонија има подолга традиција од производството на железо и челик. Така, производството на ферохром започнува уште со изградбата на комбинатот „Југохром“ во Јегуновце во 1957 година. Од почетокот производството на ферохром се движело околу 9.000 тони, потоа производството се зголемува, особено во годините по пуштањето во производство на комбинатот „ФЕНИ“ во Кавадарци. Во периодот помеѓу седумдесеттите и осумдесеттите години вкупното производство на феролегури како: ферохром, феросилициум, фероникел и т.н., во Македонија изнесувало до 60.000 тони, а во последните години се движи помеѓу 60.000 и 80.000 тони.



*Хемиско-електрометалуршки комбинат „Југохром фероалојс“, Јегуновце, Тетовско (поранешен ЈУГОХРОМ)*

Производител на феросилициум е компанијата „Југохром фероалојс“ (поранешниот „Југохром“). Во рамките на „Југохром фероалојс“ функционираат 9 печки, а капацитетот на годишното производство изнесува околу 75.000 тони феросилициум. Тоа е полупроизвод кој се користи како редуцент и додаток за легирање при топење на челик кој понатаму се користи во електротехниката, во производството на федери, челик отпорен на крозија и др. Компанијата „Југохром фероалојс“ спаѓа меѓу најголемите европски производители на оваа легура и присутна е на целиот европски пазар. Се цени дека потребите на феросилициум во Европа се движат помеѓу 400 и 500 илјади тони, што значи дека Македонија задоволува околу 20 % од тие потреби.

Од црната металургија во Македонија се добива уште еден производ - тоа се рабните, односно заварените цевки и профили. Нивното производство, започнува, уште во 1956 година, кога е изградена и пуштена во работа Фабриката за рабни цевки во Куманово. Производството од почетокот се движи

околу 16.000 тони, потоа постепено се зголемува за да достигне максимум во 1988 година од 134.000 тони, а потоа се намали и денес се движи околу 50.000 тони.



*Металуршки комбинат за фероникел „Фени" во Кавадарци*

Така во Македонија денес од областа на црната металургија постојат капацитети за производството на: сурово железо, челик, валани лимови, феролегури и заварени цевки и профили. Производството е концентрирано главно во четири капацитети и тоа: „Југохром фероалојс“ во Јегуновце, Железарница „Скопје“ во Скопје, Топилницата „Фени“ во Кавадарци и Фабриката за заварени цевки и профили во Куманово.

## 5.4. ОБОЕНИ МЕТАЛИ И ОБОЕНА МЕТАЛУРГИЈА

Обоената металургија опфаќа добивање и збогатување на рудите од обоените метали, како што се: олово, цинк, бакар, злато, сребро, антимон, кадмиум и др., топење на таа руда и добивање метали. За разлика од црната, обемот на производство на обоената металургија е далеку помал, но неговата вредност на светскиот пазар е неспоредливо поголема. Една од основните карактеристики на обоената металургија е што содржината на обоените метали во нивните руди, по правило, е мала (често и под 1%), така што процесот на флотација и збогатување, односно производството на концентрати има посебно значење. Бидејќи рудите од обоените метали имаат полиметален карактер, покрај основните руди тие содржат и повеќе секундарни производи. Асортиманот на производите на обоените метали и нивните легури е доста широк, а видовите и областите на употреба, практично, неограничени. Сепак, заедно со производите од црната металургија, обоените метали најмногу се употребуваат како основни суровини во машинската и металопреработувачката индустрија.

Македонија располага со повеќе видови руди од групата на обоените метали. Меѓу нив особено се значајни оловно-цинковите руди, бакарните и антимонско - арсенските руди.

**Олово -** Оловото е мек, но тежок метал со сивкаста боја, кој лесно се кове и вала и доста е отпорен спрема корозијата. Има широка примена во производството на разни легури, инсталации и во воената индустрија. Денес најмногу се користи за изработка на акумулаторски батерии и во графичката индустрија. Најчесто се јавува заедно со цинкот во рудите *галенит* и *сфалерит*. Содржината на олово во рудата е од 1 до 6%.

**Цинк -** Цинкот е метал со синобела боја, кој исто како и оловото лесно се кове и вала. Се употребува како лим или жици и за премачкување на железото, поради заштита од корозија. Цинковата руда содржи од 2 до 8% метал.

Вкупните резерви на оловно-цинковите руди во Македонија се ценат на околу 45 милиони тони. Најмногу ги има на Осоговските Планини и тоа во три области: Кратовско-злетовската област, Саса и Тораница. Во сите три области денес постојат рудници и рудата активно се експлоатира.

Рудникот *„Злетово“* се наоѓа на југозападните падини на планината Осогово кај с. Добрево, оддалечен 7 km од Пробиштип. Рудните резерви се ценат на околу 11 милиони тони, а рудата во себе содржи 4,40% олово и 2,00% цинк. Овде интензивната рударска и топилничарска активност се одвивала уште за време на Римјаните, а подоцна продолжила и за време на средниот век. Денешниот рудник е отворен во 1928 година од страна на англиското акционерско друштво „ЛИМИТИД“, првата флотација била изградена во 1938 година, а денешната во 1972 година.

Вториот рудник за олово и цинк во Македонија *„Саса“* се наоѓа на југоисточните падини на планината Осогово на 12 km од Каменица. Вкупните резерви се ценат на околу 22 милиони тони оловно-цинкова руда, а рудата во себе содржи 3,80% олово и 3,10% цинк. Зачуваните преданија и остатоците од примитивното рударење укажуваат дека и овде експлоатација на руда вршеле уште Римјаните. Сепак, голема рударска активност се јавила во XIII век, со доаѓањето на познатото рударско племе Саси, по кои и денес го носи името селото Саса, а и рудникот го носи истото име. Денешниот рудник и флотација е изграден и отворен во 1966 година.

Рудникот *„Тораница“* се наоѓа на северните падини на планината Осогово, близу Македонско-бугарската граница на 18 km од Крива Паланка. Вкупните резерви на оловно-цинкова руда се ценат на околу 10,5 милини тони. За разлика од претходните два рудника, рудата од овој рудник е посиромашна, бидејќи содржи 3,16% олово и 2,18% цинк. „Тораница“ е еден од најмладите рудници во Македонија, бидејќи заедно со флотацијата со полна експлоатација започнал да работи во 1989 година.

Отворањето на новите рудници значело и зголемување на производството на оловно-цинковата руда во Македонија. Нејзиното производство од 1945 до 1965 година се движи околу 250.000 тони. Со отворањето на рудникот

„Саса“ во 1966 година, тоа производство се наголемило на 375.000 тони, за во периодот од 1975 до 1985 година стабилизирало на околу 350.000 тони. Следното зголемено производство се случило по пуштањето во експлоатацијата на рудникот „Тораница“ во 1989 година кога производството на оловно-цинковата руда се наголемило на 1.330.000 и максимумот се достигнал во 1990 година кога биле произведени 1.357.000 тони. Денеска се движи околу 1 милион тони.



*Сепарација на рудникот за олово и цинк ,,Саса“ во Македонска Каменица*

Значаен настан во обоената металургија претставуваа изградбата и пуштањето во погон на Топилницата за цинк и олово „Злетово“ во Велес во 1976 година, кога биле производени 17.000 тони сурово олово и 37.000 тони суров цинк. Во подоцнежните години тоа производство постепено се зголемувало така што во 2000 година изнесувало 30.000 тони сурово олово и 50.000 тони суров цинк. Во следните години поради непогодната локација во самиот град Велес, таа е затворена и денеска не работи.

**Бакар -** Бакарот е метал со светлоцрвена боја и е многу погоден за обработка. Главните руди од кои се добива се: *халкопирит, борнит, халкозин* и *куприт*. Македонија располага со многубројни појави на бакарни руди. Досега се познати околу 40 места во кои се јавуваат бакарни руди, од кои најзначајни лежишта се наоѓаат на територијата на Општина Радовиш кај Бучим и месноста Боров Дол. Создавањето на рудите главно е извршено со андензитските пробиви кои подоцна доста хидротермално се изменети. Кај Бучим рудните резерви се утврдени на околу 120 милиони тони со просечна содржина

на бакар од 0,3%, на злато 0,6 g/t и на сребро 1,1 g/t. Резервите во Боров Дол се ценат на околу 30 милиони тони со 0,3%, бакар и 0,2 g/t злато. Останатите појави на бакарни руди се со помали резерви или не се доволно истражени. Вкупните потенцијални резерви на бакарна руда во Републиката се проценети на околу 800 милиони тони.

Единствено од сите овие рудни наоѓалишта, рудник за експлоатација на бакарна руда е отворен кај с. Бучим - Радовишко. Рудникот и флотацијата се пуштени во експлоатација во 1979 година. Производството на бакарна руда се движи помеѓу 2.500.000 и 3.700.000 тони.



*Рудник за бакар ,,Бучим"- Радовишко*

**Антимонско-арсенските руди** се мошне ретки, а нивните метали-антимонот и арсенот имаат широка примена, особено антимонот во воената и автомобилската индустрија за производство на батерии. Најзначајните лежишта се наоѓаат во Кумановско кај селото Лојане, каде резервите се утврдени на околу 600.000 тони. На второ место е Алшар - Кавадаречко со утврдени резерви од околу 300.000 тони.

Рудниците „Алшар" и „Лојане" во минатото биле активни. За „Алшар" е познато дека е еден од нашите најстари рудници кој бил отворен уште во 1880 година, со годишно производство од околу 1.000 тони антимонова и околу 200 тони арсенова руда. Рудникот „Лојане" бил отворен во 1928 година, но не за експлоатација на антимонова руда, туку за хромна руда. По војната започнала и експлоатацијата на антимонова руда од која годишно се добивале по околу

15.000 тони. Тоа производство се одвивало до 1966 година кога поради нерентабилност рудникот е затворен.

Од благородните метали, во Македонија се застапени златото, среброто и платината. **Златото** се јавува како редовна појава заедно со лежиштата на бакар, како што е случај кај Бучим каде се јавува со 0,6% g/t, во Боров Дол и на други места. Овој метал се среќава и во наносите на некои реки, како во: Пчиња, Маркова Река, Крива Лакавица, Анска Река, Конска Река и т.н. Според податоците од „Бучим“, злато во Македонија се произведува од 1979 година, наваму. Рекордно производство од 894 kg е забележано во 1983 година. Последните години производството се движи околу 500 kg годишно.

**Среброто** се јавува како редовна појава во лежиштата на оловно-цинкови руди, и од нив се добива. На пример, во Рудникот „Злетово“ тоа се јавува со 48 g/t, во „Саса“ со 31 g/t и сл. Во 2000 година биле добиени 23.700 kg рафинирано сребро.

Од ретките метали, кои во нашата држава се јавуваат на повеќе места и во поголеми количества, најзначан е **кадмиумот.** Тој е поврзан со оловно-цинковите руди и се експлоатира во трите наши рудници за овој вид руди; „Злетово“ „Саса“ и „Тораница“. Со посебен технолошки процес се издвојува од споменатите руди. Во поголеми количества започнува да се произведува од 1976 година, денес неговото производство се движи околу 250.000 kg.

При општиот осврт врз развојот на обоената металургија во Македонија за последните 50 години, може да се констатира дека едно од основните постигања е зголемувањето и проширувањето на суровинската база. Отворени се два нови рудника за оловна и цинкова руда и еден рудник за бакарна руда. Воведена е соодветна механизација во рудниците и се зголемени капацитетите за преработка на рудата во концентрат. Изградени се фабрики за рафинирање на металите и тоа за добивање хром во Јегуновце и олово и цинк во Велес. Останува и понатаму нерешено прашањето за добивање бакар, а со него и на меѓупроизводот-златото, односно концентратот од бакарната руда и понатаму се преработува во топилници надвор од земјата. Со затворањето на топилницата во Велес и олово цинковата руда се топи во топилници во други држави, а најмногу во Бугарија. Производството на обоени метали од рудата добиена во нашата држава, останува во иднина како цел која во обоената металургија неминовно треба да се разрешава.

## 5. 5. НАОЃАЛИШТА, ПРОИЗВОДСТВО И ПРЕРАБОТКА НА НЕМЕТАЛНИ МИНЕРАЛИ (ИНДУСТРИЈА НА НЕМЕТАЛИ И ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ)

Неметалите се многу распространети во природата. Од шеесетина колку што се познати во светот, во Македонија се јавуваат околу 46 видови. Досегашните истражувања покажуваат дека неметални минерали се сретнуваат во сите делови иа Републиката. Поголем број од неметалите денес интензивно се

експлоатираат и се користат во градежништвото, хемиската, фармацевтската, текстилната, стакларската индустрија и други индустриски гранки. Лежиштата главно се експлоатираат површински и во однос на металните суровини побрзо се испитуваат и изградбата на рудник и придружни објекти е поевтина.

Поважни неметали се: цементните лапорци, азбестот, глините, дијатомејската земја, фелдспатите, талкот, гипсот, кварцниот песок, опалитот, доломитот, магнезитот, момирокот, графитот, баритот, сулфурот, лискунот, туфот, перлитот, дистенот, мермерите, варовниците, базалтите, бигорот, травертинот, чакалот, песокот и др.

**Цементните лапорци** претставуваат значајна суровина за производство на цемент. Содржината на $CaCO_3$ варира од 52 до 80%. Од сите наоѓалишта во Македонија најголеми резерви и најдобра примена имаат лапорците во близина на селото Усје кај Скопје. Овде резервите се ценат на околу 50 милиони тони. Производството на цемент во Македонија започнува во 1957 година кога била изградена и Фабриката за цемент „Усје“ во Скопје. Од почетокот производството изнесувало околу 200.000 тони, потоа со модернизација и ширење на фабриката тоа се зголемувало и максимум бил остварен во 1974 година кога биле произведени 1.580.000 тони. Во 2010 година производството изнесува 766.000 тони.



*Фабрика за цемент „Усје“, Скопје*

**Глините** се јавуваат на повеќе места во Македонија и се со висок квалитет. Од физичките особини зависи нивната индустриска примена. Глините со повеќе примеси се користат во туларската индустрија. Нив ги има во сите котлини и скоро нема крај во Македонија во кој не постои поголема или помала фабрика за тули. Познати наоѓалишта на туларски глини се во околината на Катланово, Велес, Неготино, Куманово, Св. Николе, Виница, Струмица, Битола, Ресен, Гостивар, Струга и др. Сепак, со поголеми наоѓалишта се наоѓаат во околината на Велес и Скопје. Инаку вкупното годишно производство на тули во Републикава порано изнесувало до 400 милиони парчиња, а на ќерамиди помеѓу 15 и 30 милиони парчиња. Меѓутоа, денеска тоа е многу намалено.

Висококвалитетните *каолински или елитни глини* се користат за производство на порцелан, електропорцелан и фина керамика. Овие глини се јавуваат во околината на Пехчево со резерви од 2 милиони тони, потоа во околината на Велес кај с. Теово, во околината на Кичево кај с. Вранештица и други. Позната фабрика за порцелан беше „Борис Кидрич" од Велес. Вкупното производство на керамички производи за домаќинствата се движеше околу 2.000 тони, а на керамички плочки до 10.000 тони. Моментално не работи.

Меѓу глините особено се значајни уште и *бентонитските глини* или како што се познати во народот под името *ума*. Се јавуваат на повеќе места, но најзначајни се лежиштата во селата Гиновце и Ранковце во Славишко Поле.



*Рудник за производство на бентонитски глини ,,Бентомак“*
*во село Гиновци-Крива Паланка*

Во Гиновце работи рудник за производство на бентониски глини „Бентомак“, во кој, покрај суров, се произведува и преработен бентонит со годишен капацитет од околу 90.000 тони. Поголемиот дел од производството се продава во странство.

**Дијатомејската земја** е составена од микроорганизми дијатомеи од силициумски лушпи и сл. Откриена е на неколку локалитети во Мариово со најголемо лежиште помеѓу селата Манастир - Бешиште и Зовиќ, како и кај селото Дисан-Неготинско. Се експлоатира во рудникот „Манастир“ во Мариово кој располага со резерви од 1 милион тони, а се преработува во Фабриката „Партизан“ во Прилеп, која е изградена во 1956 години.

**Фелдспатите** во Македонија се среќаваат главно во вид на калиумски и натриумски фелдспати. Калиумските фелдспати најмногу се наоѓаат во Мариово и на Селечка Планина. Се експлоатираат во локалитетот *Рамна Нива* во Мариово. Натриумски фелдспат најмногу има во лежиштето „Амзали“ кај селото Дрвош на планината Огражден. Ова лежиште според своите резерви и квалитет на фелдспатот спаѓа во редот на најголемите во Европа. Рудникот е отворен во 1956 година, а фабриката за преработка на фелдспатот „Огражден“ се наоѓа во Струмица. Нивното годишно производство се движи околу 10.000 тони и е наменето главно за извоз.

**Талкот** во Македонија се јавува на повеќе места. Позначајни резерви се јавуваат во Касандра-Кавадаречко и Извор-Велешко. Вкупните резерви на талк се ценат на околу 200.000 тони, додека годишното производство се движи околу 6.000 тони и тоа се добива во фабриката за талк во Велес.

Македонија е доста богата со **гипс.** Големо лежиште на гипс има во долината на Радика, и тоа се протега од Бошков Мост, па се до излезот од клисурата во должина од 8 km со резерви од околу 20 милиони тони. Овде се јавува *алабастер, кристален гипс* и *анхидрит*. Во самото рудиште изградена е фабрика за преработка на гипсот која работи во состав на фирмата „КНАУФ“. Во неа годишно се преработуваат и до 100.000 тони гипс.

**Кварцот** е еден од најраспространетите минерали во Земјината кора. Се јавува скоро во сите видови карпи, но за индустриска примена значаен е ако се јавува како кристален кварц, жичен кварц, кварцен песок и кварцит. Најголеми количества и по квалитет најдобри кварцни песоци има во околината на Долно Соње и Маркова Река-Скопско. Врз база на овие лежишта чии резерви се проценети на над 600.000 тони во 1956 година е изградена фабриката за стакло во Скопје, која сега не работи.

Кварцитите главно се јавуваат во околината на Гостивар со резерви над 2.500.000 тони и врз база на нив во 1957 година во Гостивар е изградена фабриката за силико-опеки. Годишното производство на „Силика“ се движи околу 10.000 тони. Во околината на Кратово во лежиштето Црн Врв се јавуваат таканаречени *силекс кварцити*. Тие служат за добивање на кугли кои се неопходни во индустријата за мелење на тврди материјали, а кварцитите воопшто

служат и како главна суровина во производството на феросилициум во „Југохром“-Јегуновце.



Фабрика за производство на стакло „Стаклара“, Скопје. Изградена е во 1956 година како доста перспективна, меѓутоа денеска не работи

Покрај кварцитите, особено се значајни *опалитот и опалската бреча*. Тие се јавуваат кај с. Бељаковце-Кумановско и с. Спанчево-Кочанско. Опалитот од рудникот кај с. Спанчево се експлоатира и се користи како додаток во производството на цемент, потоа во производството на терацо-плочки и како суровина во керамичката индустрија.

**Доломитот** се јавува во вид на карпести маси и тоа на повеќе места во Републикава. На пример, планината Сува Гора скоро 50% е изградена од оваа карпа. Доломитите се експлоатираат во околината на Гостивар кај с. Чајле, Дервен кај село Јегуновце и во рудникот „Сивец“ кај Прилеп. Се употребуваат за изработка на синтер-доломитни тули, а од него се добива и метален магнезиум.

Република Македонија располага со значаен суровински материјал за развој на градежништвото и на индустријата за украсен камен. Познати се многубројни појави и лежишта на мермер и тоа во околината на Прилепско, Гостиварско и Кичевско, потоа лежишта на варовници, бигори, травертини, покривни шкрилци, оникс, базалти, гранити, габрокарпи, андензити, дацити, туфови и други.

# 5.6. МЕТАЛСКА ИНДУСТРИЈА

Металската индустрија на територијата на денешна Република Македонија се појавила многу доцна, дури во првата деценија на XX век. Првата фабрика за изработка на металски производи била основана во 1910 година во Скопје. Подоцна, во периодот меѓу двете светски војни во Македонија се основани уште три фабрики. Сите тие биле лоцирани во Скопје, а произведувале главно металска стока за широка потрошувачка. По Втората светска војна на овој вид индустрија се обрнува посебно внимание и таа доживува брз развој.

Од неа како самостојни гранки се издвојуваат металопреработувачката, машинската и електроиндустријата.

## а) МЕТАЛОПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА

Во нашата земја во металопреработувачката индустрија се произведуваат повеќе производи, меѓу кои поважни се: металните полуфабрикати, металните градежни и други конструкции, разните видови заварени цевки и профили, металната амбалажа, уредите за централно греење, садови за домаќинството и угостителството, прибор за јадење и други производи.

Развојот на металската индустрија во Републикава започнува уште во првите години по ослободувањето. Од постојните фабрики во Скопје, кои биле формирани пред војната, во 1958 година бил формиран Металскиот завод „Тито“, потоа во 1948 година биле формирани фабриките „Браќа Кошулчеви“ во Велес и „Метална“ во Штип, а во наредните години Фабриката „11 Октомври“ и „Искра" во Куманово, „Братство“ во Охид, „Борис Кидрич“ во Струга, „Благој Давков“, „Алумина“ и „Факом“ во Скопје, „Металец“ во Прилеп, „Б. Т. Чичето“ во Кавадарци, „Алгрета“ во Ресен, фабриката за преработка на цинк во Македонска Каменица и др.

Големо значење за развојот на метало-преработувачката индустрија имаат *леарниците*. Со концентрација на квалификувани кадри, со проширување, реконструкција, како и изградба на нови леарници за челик и сив лим, создадени се погодни услови за зголемено производство на разновидни одливки од железо и челик. Најголем дел од ова производство се остварува во Леарницата на МЗ „Тито“ во Скопје.

Брзиот развој на градежништвото во нашата земја предизика и брз развој на фабриките за производство на железни конструкции. Нивното производство од 5.600 тони во 1970 година се зголемува на околу 20.000 тони во 2000 година. Голем дел од тоа производство се остварува во фабриките „ФАКОМ“ во Скопје, „11 Октомври“, „Искра" и „КЕН“ во Куманово и „Металец“ во Прилеп.

Засиленото градежништво беше основниот стимул и за развојот на индустријата за арматури, санитарни уреди, котли и радијатори за центално греење. Фабрика за санитарни уреди постои во Струмица, за амбалажа од

алуминиум и конструкции од обоени метали во Скопје, Тетово и Штип, а за радијатори во Ресен. Фабрика за емајлирани садови постои во Струга, додека прибор за јадење се произведува во Фабриката „Братство“ од Охрид.

Како општа оценка за металската индустрија може да се каже дека таа просторно се јавува не само во големите, туку и во помалите градови, но актуелно е прашањето за освојување и производство на поширок регистар на производи.

**б) МАШИНСКА ИНДУСТРИЈА**

Машинската индустрија во Р. Македонија е недоволно развиена, односно не постојат некои поголеми позначајни капацитети на овој вид индустрија. Тие во изминатиот период главно се граделе во другите делови на поранешна Југославија.

Денеска егзистираат фабрики од областа на машиноградбата и за производството на сообраќајни средства или делови за нив. Така, машини работилки се произведуваат во фабриките на М.З. „Тито“, а приклучните машини за обработка на земјата како плугови, сеалки, брани, валци и друго се произведуваат во Куманово, Кавадарци, Виница и Струмица.

Во последните години многу се разви индустријата за делови на моторни возила. Така големи светски компании отворија свои производни погони за делови за моторни возила во Скопје, Штип, Велес, Битола, Охрид и Кочани.

Од сообраќајните средства денес се произведуваат автобуси, шински возила и приколки за камиони. Автобуси се произведуваат во Скопје, а шински возила во Велес.

**в) ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈА**

Електроиндустријата во Македонија е млада индустриска гранка, но таа веќе се одликува со разновидно и сложено производство. Главно е ориентирана кон производство на опрема за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија и производство на апарати за домаќинствата. Застапена е со повеќе капацитети во кои се остварува производство на електромашинска опрема за низок, среден и висок напон, кабли, електроизолациски материјали, апарати за заварување, акумулатори и разни апарати за домаќинството како замрзнувачи, светлечки тела и сл.

До ослободувањето во Македонија не постоело никакво електроиндустриско производство. По ослободувањето во 1954 година во Прилеп била изградена фабриката за електроизолациски материјали „11 Октомври“. Три години подоцна, поточно во 1957 година, е изградена Фабриката за фрижидери „Ѓорѓи Наумов“ во Битола, која денес работи под фирмата „Фринко“. Електроиндустријата во Македонија особено брз развој доживува по 1972 година, со основањето на Фабриката „Електромонтажа“ во Охрид. Во нејзин состав со

текот на времето се изградени 18 фабрики од областа на електориндустријата познати под името „ЕМО“, кои се лоцирани не само во Охрид туку и во повеќе градови низ Републикава. Во рамките на електроиндустријата денес брзо се развива електрониката. Носители на овој вид производство се фабриката за композитни материјали и печатени плочи „11 Октомври“ од Прилеп, Фабриката за електронска опрема „Видео инженеринг“ од Охрид, „Семос“ од Скопје и други. Во 2013 година од производство на електрична опрема во земјата остварен е извоз од 146,2 милиони евра или 4,57 % од вкупниот извоз од Р. Македонија.

## 5.7. ХЕМИСКА И ФАРМАЦЕВТСКА ИНДУСТРИЈА

За развојот на хемиската индустрија во Македонија постои разновидна суровинска база,. Меѓутоа, таа е недоволна за целосно подмирување на нејзините потреби. Освен тоа, постои и високо-квалификувана работна сила која е неопходна поради сложеност на производствените процеси во оваа индустриска гранка.

Во светот хемиската индустрија се јавува кон крајот на XVIII век и тоа најпрво во Велика Британија. Во Македонија започнала да се развива дури во периодот меѓу двете светски војни и тоа во ограничени размери.

Првото индустриско претпријатие за производство на сапун било основано во Куманово во 1914 година. По 11 години, во 1925 година, биле основани уште три фабрики за сапун и тоа две во Битола и една во Скопје. Во 1933 година во Скопје била основана уште една фабрика за сапун „Аеро“, која била и најголема. Од останатите дејности на хемиската индустрија карактеристично е што во 1936 година е изградена фабриката за алкалоиди, хемиски и фармацевтски производи во Скопје, а пред Втората светска војна во 1939 година, е пуштена во производство и фабриката за оксиген во Ѓорче Петров.

Во 1940 година хемиската индустрија во Македонија располагала со 6 претпријатија, од кои четири биле за производство на сапун, една за производство на лекови и една за производство на гас.

По ослободувањето се остварени значајни инвестициски вложувања во хемиската индустрија. Со нив се изградени нови големи комбинати, значително е проширен асортиманот на производите и создадена е хемиска основа за непречена работа и развој на нови други индустриски гранки. Во 1957 година изграден е Хемиско-електрометалургискиот комбинат „Југохром“ во Јегуновце, во 1965 година Органско-хемиската индустрија „ОХИС“ во Скопје, во 1976 година. Топилницата за олово и цинк „Злетово“ во Велес, каде се произведува и сулфурна киселина врз база на која е изградена Фабриката за вештачки ѓубриња „Велес“ во с. Згропалци кај Велес и на крајот во 1982 година е изграден и последниот голем комбинат од областа на хемиската индустрија Рафинеријата за нафта „13 Ноември“ кај Скопје. Со неа се поставени основите на петрохемијата во Републикава. Освен големите комбинати изградени се уште низа

помали фабрики во повеќе градови во кои се произведуваат разни хемиски производи. Меѓу нив најраспространети се фабриките за пластични маси кои ги има во сите поголеми градови. Во овие претпријатија во 2000 година вкупно биле вработени околу 9.000 работници. Најголем број од нив биле вработени во фабриките „ОХИС“, сега под стечај и „Алкалоид“ во Скопје.

Производството на пластични маси особено е раширено по 1970 година. Тие имаат широка примена во сите индустриски гранки, градежништвото, здравството, занаетчиството и сл. Ги нема готови во природата и се добиваат по вештачки пат од нафта, јаглен целулозата и други суровини. Заедничка особина им е тоа што во одредена фаза се течни и лесно може да им се дава форма во финална фаза кога се стврднуваат. Освен во „ОХИС“, пластични маси се произведувале и преработувале и во „Депласт“-Дебар, „Лихнида“-Охрид, „Преспапласт“- Ресен, „Кабли“- Битола, , „Колектив“ во Скопје и уште во неколку помали претпријатија. Денеска сите тие се во фаза на транзиција.

Македонија располага со широка суровинска база за развој на фармацевтската индустрија. Нашата територија е исклучително климатски поволна за култивирање лековити билки. Во тој поглед особено се издвојува просторот помеѓу Демир Капија - Гевгелија и Дојранско Езеро. Научно е утврдено дека во Македонија растат над 210 лековити билки, меѓу кои афионот се смета за најквалитетен во светот. Тој во себе содржи повеќе од 25 алкалоиди.

Синтетичкото производство на фармацевтската индустрија е застапено во повеќе фабрики. Меѓу нив позначајни се: „Алкалоид“ и „Реплек“ во Скопје, и др. Во Републикава вкупно годишно се произведуваат околу 12 тони суровини за фармацевтската индустрија и повеќе од 3 милиони килограми готови лекови.

„ОХИС" во Скопје бил главен производител на бои и лакови и на средства за заштита на растенијата во Републикава, додека компримирани технички гасови се произведуваат во „Техногас“ во Скопје, а производство на хемиски материјали во градежништвото во претпријатието „Адинг“ исто така, во Скопје.

Како заклучок може да се каже дека хемиската индустрија бележи значаен развој, како во вкупниот обем на производство, така и во однос на асортиманот. Со тоа е зголемено и нејзиното учество во целокупното индустриско производство. Нашата хемиска индустрија, посебно фармацевтската индустрија, во значителна мера извозно е ориентирана, меѓутоа на низа хемиски производи се уште не е усвоено производството и тие недостасуваат на домашниот пазар.

## 5.8. ИНДУСТРИЈА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ДРВО И ЗА ДОБИВАЊЕ ХАРТИЈА

Дрвната индустрија во Република Македонија е релативно стара стопанска гранка и има подолга традиција. Меѓу првите пилани се споменуваат оние во Малешево, потоа во с. Извор - Кичевско, во с. Смоларе - Струмичко, во

с. Лаки-Виничко и околу пет пилани во Мариовско. Тоа биле пилани „поточари“ чиј погон бил на вода и главно работеле во пролетните и есенските месеци кога имало доволно вода. Модерна индустриска пилана била основана во 1922 година и тоа под името Претпријатие за трговија и преработка на дрво „Треска“ во Скопје.

По војната индустријата за преработка на дрво значајно се развила. Биле формирани претпријатијата за стопанисување со шумите во сите краеви каде што постои шумски фонд и тие главно се занимаваат со експлоатација на шумите и производство на валчест градежен материјал и трупци и во неколку поголеми градови се подигнати поголеми дрвни комбинати кои се ориентирни кон производство на финални производи од дрво, како куќен и канцелариски мебел, паркет, шперплочи, дрвена амбалажа и елементи за монтажни куќи.

Околу седумдесеттите години се јавува еден значаен период за дрвната индустрија. Тогаш се создаваат два големи дрвно-индустриски комбинати „Треска“ во Скопје и „Црн бор“ во Прилеп. Тие во себе интегрираат низа претпријатија од овој вид, кои дотогаш работеле како самостојни организации во повеќе градови. Меѓутоа, овие два система подоцна се покажале како нефункционални и постепено се распаднале.

Денеска примарната преработка на техничко дрво ја вршат следните инсталирани капацитети: пилани (околу 100), куќен мебел (27), производство на амбалажа (9), производство на фурнир, производство на целулози (1) и брикетирање (5)

Бичената граѓа се произведува во фабриките во Берово, Струга, Радовиш, Кичево и с. Жировница-Гостиварско. Најголем дел од неа и тоа околу 80% е букова граѓа, учеството на иглолисната граѓа изнесува 19%, а на дабовата бичена граѓа само 1%. Производството на фурнир, шперплочи и лесонитни плочи главно е концентрирано во Фабриката „Страшо Пинџур“ во Кавадарци и се базира врз лозовите прачки кои останува как отпад при кроењето на лозјата.

Финални производи од дрво се произведуваат во 27 поголеми фабрики. Тие главно се лоцирани во Скопје, Кавадарци, Кочани, Виница, Гостивар, Струмица и уште во неколку други фабрики.

Најголем дел од производите на дрвната индустрија е наменет за домашниот пазар. На странските пазари главно се извезува бичена граѓа и тоа во Грција, Египет и Италија.

**Индустријата за хартија и целулоза** е млада индустриска гранка во нашата држава. Производството на целулоза и хартија се одвиваше единствено во Фабриката за целулоза и хартија во Кочани, која е изградена врз суровинска база на оризовата слава, а во редовно производство е пуштена во 1965 година. Производството е во тесна врска со обезбедувањето на фабриката со суровинска база-слама, чие производство од година во година доста варира. Амбалажна хартија се произведува во Фабриката „Комуна“ во Скопје, додека прет-

пријатијата за изработка на амбалажа од хартија се наоѓаат во: Штип, Куманово, Скопје, Делчево, Битола и други градови.

## 5.9. ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА

Текстилната индустрија е една од најстарите и денеска најзастапена индустриска гранка во Република Македонија. Првите текстилни фабрики се основаат уште во осумдесетите години на XIX век и тие ја имале пионерската улога во индустрискиот развој на Македонија. Во својот развоен пат таа доживува и успони, но и забележителни падови како што се оние во годините на двете светски војни. Во тој поглед маркантен е примерот со текстилната и трикотажна фабрика во с. Дихово - Битола, изградена во 1883 година, која пред крај на турското владеење се развила во своевиден текстилен гигант на европска Турција. Располагала со машински парк од 460 машини и во неа работеле околу 500 работника. За време на Првата светска војна, поточно во 1915 година, бугарските окупаторски власти со цел да ги „сочуваат" ги демонтирале машините и ги пренеле во Сливен и Габрово во Бугарија.

Одредениот просперитет во времето помеѓу двете светски војни е прекинат со Втората светска војна, така што по ослободувањето во 1945 година во Македонија останале само некоку текстилни фабрики во Скопје и Битола.

Темелите на современата денешна текстилна индустрија поставени се во првите години по ослободувањето. Развојот на оваа гранка е започнат врз основа на постојната сопствена суровинска база. Тогаш биле изградени трите големи текстилни комбинати и тоа: „Македонка" во Штип за памук, „Тетекс" во Тетово за волна и „Нонча Камишова" во Велес за преработка на свила. Во следните години тие не само што се развиле во најголеми организации од областа на текстилната индустрија, туку станале и главни носители во развојот на оваа индустриска гранка во останатите делови на Републиката. Така текстилни фабрики се изградени во сите градови на Републиката.

Разгледувајќи го нејзиниот релативно долг и интересен развоен пат се забележува дека тој бил доста динамичен и има силен одраз врз целокупниот стопански развој на Републиката. Тој развој може да се подели главно во четири периоди и тоа: а) период од појавата на првата голема текстилна фабрика во 1883 година до Прва светска војна, б) период од Првата до Втората светска војна, в) период од 1945 година до 1990 година и г) период од 1990 година до денес.

Во секој од овие периоди може да се диференцираат и меѓупериоди, но заедничка карактеристика за сите е дека текстилната индустрија од својот почеток до денес, наспроти сите тешкотии успеала да опстане и секогаш да претставува значајна гранка во стопанството на Македонија.

*а) Развој на текстилната индустрија од појавата на првата голема текстилна фабрика во 1883 година до Првата светска војна.*

На денешната територија на Р. Македонија текстилната индустрија се јавува меѓу првите индустриски гранки. Нејзината рана појава е резултат на повеќе фактори. Еден од нив е секако влијанието на Западна Европа каде таа веќе била силно развиена. Потоа постоењето на доста солидна суровинска база. На пример кон крајот на XIX век само Битолскиот вилает располагал со 1.750.000 овци и кози. Домашната волна одговарала за производство на оние артикли кои во тоа време се произведувале (како шајак, чоја, волнени гајтани и сл.) и конечно пространата турска држава со големи воени гарнизони во Битола, Скопје и др. градови, нудела широк пазар за готовите производи.

Првите текстилни индустриски претпријатија се јавуваат во осумдесеттите години на XIX век и тоа во околината на Битола поточно во селата Дихово, Магарево и Трново. Тоа биле претпријатија за преработка на волна, а нивната појава била во тесна врска со економско-географските околности под кои се развивала Битола и нејзината околина. Имено познато е дека во Битола во тоа време, по Солун, бил најважен адмнистративен, економски и културен центар на европска Турција и како таква претставувала значаен дистрибутивен и консумативен центар. Потесната локација на овој вид индустрија била условена и од енергетските можности што ги овозможувале пелистерските реки кои се полноводни преку целата година и располагаат со доволно падови, односно имаат механичка моќ за движење на текстилните машини. Освен во околината на Битола подоцна текстилни фабрики се формирале и во други градови на Македонија како Тетово, Гевгелија и други места.

*Локација, година на изградба, број на машини и број на вработени во позначајните текстилни фабрики во Македонија до Првата светска војна*

| Име на фабриката | Место | Год. на изградба | Бр. на машини | Бр. на вработени |
|---|---|---|---|---|
| Текстилна и трикотажна фабрика на Г. Икономов и др. с. Дихово | Битола | 1883 | 460 | 500 |
| Фабрика за штофови и гајтани на С. Пикулис с. Магарево | Битола | 1890 | 40 | 80 |
| Фабрика за гајтани П. Лекиќ | Тетово | 1905 | 10 | 80 |
| Фабрика за свила (Филатура) | Гевгелија | 1894 | лег.60 | 180 |

Извор: ( Сидоски К. 1980)

Од изложеното за појавата и развојот на текстилната индустрија во овој прв период може да се заклучи дека тогаш во Македонија била поставена релативно добра база за развој на овој вид индустрија. Постоеле четири поголеми фабрики и поголем број мали работилници. Во нив вкупно биле вработени

над 800 работника, што за тоа време не било малку, посебно ако се има во предвид дека само во една фабрика работеле околу 500 работника. Меѓутоа, Првата светска војна која следела и грабежите што ги презел окупаторот не само што го стопирале тој развој, туку и сосема ја уништиле оваа индустриска гранка.

*б) Период меѓу двете светски војна*

По завршувањето на Првата светска војна, биле обновени и продолжиле да работат само две текстилни фабрики. Тоа биле фабриката за штофови и гајтани на Стерјо Пикулис во с. Магарево, Битолско и фабриката за гајтани на Петар Лекиќ во Тетово. Преку нив на одреден, иако симболичен начин, е продолжен континуитетот на текстилната индустрија во Македонија.

Првата нова фабрика на територијата на денешна Република Македонија меѓу двете светски војни била отворена во 1925 година во Струмица. Таа била предилница за памук, но имала и еден разбој за ткаење на селско памучно платно. Сите други фабрики што се градени во наредниот период биле или ткајачници или од областа на трикотажната текстилна индустрија. Во 1940 година активно работеле 12 претпријатија од разни области на текстилната индустрија (Сидоски К., 1980). Од нив четири биле ткајачници за памук и сите биле лоцирани во Скопје, три биле за преработка на свила ( Битола, Скопје и Гевгелија), една била ткајачница за јута во Скопје, една предилница за памук во Струмица, една била ткајачница за памучни и волнени ткаенини и производство на гајтани во Битола и две биле од областа на трикотажната текстилна индустрија (Битола и Скопје).

Асортиманот на текстилното производство во овој период е доста скромен и главно е наменет за пазарот во Македонија. Памучната текстилна индустрија главно произведувала: алаџа, догама, пештамели, народно платно, порхет, асе, кепер, шефшапур платно, фротир, пешкири и др. Во фабриките за преработка на волна се произведувало: клашни, шајак, чоја и др. Во фабриките за преработка на свила се произведувало: крепдешин, крепжоржет, крепмаракет, крепсатен и др. Од позамантеријата се произведувало: волнени, свилени, памучни и срмени гајтани и шнурови др., додека од трикотажата главно се произведувало: долна трико облека од волна, памук и свила, потоа чорапи и џемпери.

*в) Развој на текстилната индустрија од 1945 до 1990 година*

Текстилната индустрија, како и целокупната индустрија во Македонија својот вистински развој и просперитет го доживува во годините од ослободувањето наваму. За време на Втората светска војна капацитетите на оваа индустрија заедно со другите постојни индустрии се во значајна мера оштетени. Меѓутоа, веднаш во првата година по војната таа целосно била обновена и со *Указ на Народното собрание на НР Македонија* од 10 септември како индус-

триски претпријатија од текстилната индустрија биле прогласени 10 фабрики од кои 7 во Скопје, 2 во Битола и една во Гевгелија.



*Фабрика за свила „Нонча Камишова“ во Велес, изградена во 1950 година*

Во 1950 година и во следните неколку години поставени се темелите на современата текстилна индустрија. Така, во 1950 година била изградена и пуштена во редовно производство фабриката за свила „Нонча Камишова“ во Велес, а во следната 1951 година, фабриката за преработка на волна „Тодор Циповски Мерџан“ во Тетово и фабриката за преработка на памук „Македонка“ во Штип. Со тоа била извршена дисперзија на текстилната индустрија и наместо нејзината дотогашна концентрација во Скопје, сега како центри се јавуваат уште Тетово, Штип и Велес. Всушност до 1952 година поставени се основите на текстилната индустрија уште во некои други градови во Републиката. Така уште во 1945 година била основана е модната конфекција „Герас Цунев“ во Струмица, а во следната 1947 година била изградена и фабриката за конфекција „Киро Фетак“ во Куманово фабриката за теписи „Единство“ во Дебар.

Покрај изградбата на наведените големи текстилни комбинати, во овие први години по ослободувањето се јавила и заземала доста широк замав и една специфична гранка на текстилната индустрија, а тоа е килимарството. Имено, уште во 1946/47 година за мошне кусо време ширум Македонија биле отворени околу 50 килимарници.

Наредниот втор импулс во развојот на текстилната индустрија во Македонија се јавува околу 60-тите години на минатиот век, поточно помеѓу 1958 и 1966 година. Во овие години вкупно биле изградени 22 текстилни фабрики и тоа скоро во сите делови на Републиката. Интензивната изградба на нови фабрики од областа на текстилната индустрија започнало со отворањето на

„Преспатекс“ во Ресен во 1958 година, продолжува преку фабриката „Отекс“ во Охрид и „Наше дете“ во Скопје во 1959 година, потоа „Партизанка" во Делчево и така отворањето на нови текстиллни фабрики се ширело во сите градови на Републиката.



*Фабрика „Тодор Циповски Мерџан“ во Тетово*

Третата фаза во развојот на текстилната индустрија во Р. Македонија се јавува од 1970 до 1985 година. Максимум во изградбата на нови текстилни комбинати бил остварен во 1976 година кога биле пуштени во производство пет нови фабрики и тоа по една во Струмица, Берово, Велес, Штип и Прилеп.

При анализата на овие фази се забелележува дека секоја од нив има свои специфичности. Така во првата фаза се поставени основите на индустријата за преработка на памук, волна и природна свила. Во втората фаза значајно место зазема изградбата на конфекциската текстилна индустрија, како и основањето на предилниците за памучно предиво, додека третата фаза се карактеризира со општо ширење на сите видови текстилни гранки преку отварање на нови погони, но посебно внимание е посветено врз ширењето на текстилната индустрија која се базира врз преработка на синтетички влакна. За отварањето на нови погони е специфично што тоа е вршено не само во местата на постојните фабрики туку се јавува и дисперзија во помалите градски населби особено од неразвиените општини, како и отварање на погони во поголемите селски населби. Со какво темпо се развивала и како се ширела текстилната индустрија во Македонија најдобро се гледа до порастот во бројот на вработените,

бидејќи тој број од ослободувањето па до денеска се до 1990 година е во постојан порат.

*Движење на вработеноста во текстилната индустрија на Р. Македонија и нивно учество во бројот на вработените во индустријата и рударството*

| **Вкупно вработени во:** | **години** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1950** | **1960** | **1970** | **1975** | **1980** | **1985** | **1990** |
| **Индустрија и рударство** | 20.919 | 52.642 | 86.583 | 121.254 | 156.007 | 197.836 | 213.525 |
| **Текстилна индустрија** | 3.000 | 10.500 | 21.535 | 31.159 | 41.715 | 54.751 | 61.000 |
| **%** | 14,3 | 19,9 | 24,8 | 25,7 | 26,7 | 27,6 | 28,5 |

Во оваа стопанска гранка се јавуваат повеќе претпријатија во кои работат по над 1000 работника. Така од 55 претпријатија колку што во 1985 година постоеле во Република Македонија, во 16 работеле по над 1000 работника. Во нив вкупно работеле 39.570 работника што е 72,2% од вкупниот број на вработени во текстилната индустрија, во Македонија.




*Географска разместеност на главните гранки од текстилната индустрија во Република Македонија во 1985 година*

Една од основните карактеристики на текстилната индустрија во оваа фаза е нејзината рашireност низ целата Република. Скоро да нема општина ниту општински центар во кој не е присуатен овој вид на индустрија. Во некои градови има и по повеќе текстилни фабрики, на пример, во Битола, Скопје, Струмица, Делчево, Штип и др., а присутна е и појавата за ширење на текстилна индустрија во подрачјето на една општина преку отворање на погони во поголеми селски населби, како и отворање на погони во неразвиените општини.

Во Штип 86,3% од вкупно вработените во индустријата, во Тетово 65,9% и во Струмица 60,7% се вработени во текстилната индустрија. Тие се заедно со Битола и Охрид се најголеми центри на текстилната индустрија во Македонија.

За Р. Македонија е карактеристично што од ослободувањето наваму се развиле скоро сите видови и гранки на текстилната индустрија. Потоа значително е нагласена специјализација во сегашното производство, а има и појава

кога големите комбинати да обединуваат во себе повеќе производни активности и имаат погони како за предење, така и за ткаење, па и за конфекционирање. Кај нив всушност е заокружен процесот на производството од суровина до готов производ.

*Учество на вработените во текстилната индустрија во вкупниот број на вработените во индустријата кај развиените текстилни центри во Република Македонија во 1985 година*

| **О п ш т и н а** | **Штип** | **Тетово** | **Струмица** | **Битола** | **Охрид** |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно вработени во индустријата | 12.156 | 13.038 | 6.749 | 14.050 | 9.437 |
| Вработени во текстилната индустрија | 10.500 | 8.600 | 4.100 | 4.400 | 3.000 |
| Учество на вработени во текстилната индустрија во вкупно вработени во индустријата (%) | 86,3 | 65,9 | 60,7 | 31,3 | 31,8 |

Во 1990 година во Р Македонија постоеле 93 текстилни претпријатија, во кои работеле 61.000 работника. Од нив 33 претпријатија биле за производство на предива и ткаенини, а 60 за производство на готови текстилни производи.

*Застапеност на текстилните претиријатија во 1985 година според суровините што ги преработуваат и видот на производите што ги произведуваат*

| **Вид на текстилна индустрија** | **Број на застапеност** | **%** |
|---|---|---|
| 1. Памучна индустрија - предилници и ткајачници | 16 | 21,0 |
| 2. Волнарска индустрија - предилници и ткајачници | 4 | 5,0 |
| 3. Свиларска индустрија | 2 | 2,5 |
| 4. Конфекциска индустрија | 37 | 48,5 |
| 5. Трикотажна индустрија | 13 | 18,0 |
| 6. Теписарска индустрија | 4 | 5,0 |
| **В к у п н о:** | **76** | **100,0** |

Најмногу застапен вид на текстилната индустрија во Република Македонија била конфекциската индустрија. Од неа постоеле 37 претпријатија и тие учествувале во вкупниот број на текстилни претпријатија со 48,5%. Во областа на готовите производи најголем пораст бележи конфекцијата на облека чие производство е зголемено од 18.227.000 $m^2$ на 42.084.000 $m^2$ во 1985 година.

Порастот на производството на текстилната индустрија има значително влијание врз вкупниот пораст на индустриското производство на Македонија. Тоа доаѓа од таму што во структурата на општественоиот производ на целокупната индустрија, текстилната индустрија во 1985 година учествувала со 20% (Стојмилов А., 1984 и 1987).

*г) Период од 1990 година до денес*

Во четвртиот период, кој започнува со осамостојувањето на Македонија, и трае до денеска, текстилната индустрија како и останатите индустриски гранки се наоѓа во транзиција. Зафатена е од силни трасформациски процеси и приватизација. Значаен број од големите текстилни комбинати го намалија обемот на производството, а некои и престанаа да функционираат. Наместо сложените текстилни комбинати во градовите со развиена текстилна индустрија, масовно се формирани бројни мали текстилни претпријатија, главно од конфекциската дејност, кои работат на лон систем. Како илустрација да го наведеме Штип, во кој комбинатот „Македонка“ веќе не работи, а во градот функционираат повеќе од 80 мали текстилни претпријатија, во кои се вработени околу 8.000 работника. Во Битола такви има повеќе од 20, а е слична состојбата и во Гевгелија, Струмица, Велес, Скопје и други градови. Од скоро 60.000 вработени во текстилната индустрија во претходниот период, во 2013 година тој број се намалува на околу 42.000. Тоа најдобро ја илустрира стагнацијата и опаѓањето на оваа индустриска гранка.

Сепак текстилната индустрија и понатаму остана важна индустриска гранка во македонското стопанство. Таа во 2013 година остварила извоз од 700 милиони долари, со што учествувала во извозот на Републиката со 16,4 %. Најголем извоз е регистиран во Германија. Додека втор трговски партнер за нашите текстилни призводи се САД.

Посебна специфика, но не и позитивна страна, е што доминантно учество во извозот имаат лон доработките со над 90 %, каде што странците носат се -од моделот, ткаенината, копчињата па дури и конците. Домашна е единствено работната рака. Соодветно на тоа е и цената што може да се постигне на пазарот. А таа е исклучително ниска. Потоа, големи притисоци доаѓаат од ефтината работна сила од земјите на Далечниот Исток, кои особено го чувствуваат малите текстилни компании. Излезот секако треба да се бара во преминувањето од лон во класично производство, како и во создавањето на сопствен македонски бренд, обновување на технологијата и подмладување на работната сила.

## 5.10. ИНДУСТРИЈА ЗА КОЖА, ГУМИ И ОБУВКИ

За развој на оваа индустриска гранка Македонија располага со суровинска основа, а има и одредена традиција. Суровини за производството на обув-

ки и кожна галантерија се кожата, гумата, вештачката кожа и пластичните маси. Благодарение на развиеното сточарство во Македонија, уште во минатото била застапена преработката на кожа. Во минатиот век во повеќе градови постоеле бројни занаетчиски работилници (табани) во кои на примитивен начин се преработувале кожи во големи количества. Такви градови биле Скопје, Тетово, Велес и особено Охрид. Во Охрид во 1863 година се наведува дека имало 150 работилници кои преработувале и тргувале со кожи. Во Велес особено се преработувале кожи од кози и бил прочуен *велешкиот софијан*, кој директно се извезувал во Пешта.

Потоа овој занает почнал да пропаѓа и во периодот меѓу двете светски војни речиси целосно исчезнал. Но, не се појавила и развила кожарската индустрија. Индустријата за преработка на кожи и обувки главно почнала да се развива по ослободувањето. Првата фабрика за кожа била основана во 1947 година во Скопје, а 6 години потоа, во 1953 година, во Битола била изградена и специјализирана фабрика за преработка на ситна кожа која подоцна прераснала во комбинат за кожа, крзно и кожна галантерија.

Индустријата за обувки почнува поинтензивно да се развива од 1960 година наваму. Ова производство особено се зголемило по изградбата на Чевларско-индустрискиот комбинат „ЧИК" во Куманово и Фабриката за чевли и гумени производи „Газела" во Скопје. Потоа биле изградени повеќе мали фабрики или биле отворени погони на поголемите комбинати во повеќе градови.

Од 1991 година наваму, присутен е процес на отворање мали приватни фабрики, додека големите комбинати престануваат со работа. Индустријата за кожа, гуми и обувки главно е концентрирана во Скопје Куманово, Штип и други градови. Во Куманово, на пример, постојат повеќе мали претпријатија кои се формирани во најново време како; „Центро", „Шевро", „Шустер" и други, а такви се основаат и во останатите градови како: Велес, Делчево и Крива Паланка, а од областа на производството на обувки во Штип, Прилеп, Охрид, Тетово и др.

Денеска во Македонија постојат повеќе од 100 фабрики за чевли. Меѓу нив како најголема се јавува фабриката „Баргала" во Штип, која вработува 1.300 работника и остварува годишно производство од 1,2 милиони чифта чевли. Карактеристично за оваа фабрика е што речиси 95 % од производството го пласира во земјите на ЕУ и во Америка. Индустријата за кожа, гуми и обувки, годишно произведува околу 400 илјади $m^2$ кожа и 2,5 милиони чифта кожни обувки, а годишно се трошат околу 4,5 милиони обувки.

Примарното производство на кожа и крзно, како и производството на обувки и кожена галантерија во структурата на вкупното индустриско производство во Р. Македонија учествува со 1,5%. Во 2013 година од извозот на обувки е остварено 70,2 милиони долари, а на кожа и производи од кожа 1,9 милиони долари. Во истата година во земјата биле увезени обувки во вредност од 39,1 милион долари, а од кожа и производи од кожа во вредност од

41,3 милиони долари. Во оваа преработувачка дејност лон производството е застапено со над 90 отсто и тоа скоро целосно се извезува.

## 5.11. ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА

Прехранбената, заедно со текстината индустрија спаѓа во старите индустриски гранки во Македонија. Таа директно е поврзана со земјоделството од кое обезбедува основни суровини. Низа производи што ги дава земјоделството и сточарството не можат да служат како храна за луѓето се додека не се преработат и не се облагородат. Освен тоа, некои производи можат да се користат само во одредено време, а потоа стануваат неупотребливи. Други производи не поднесуваат долг транспорт. Овие непогодности ги отстранува прехранбената индустрија, која со преработување ги претвора суровините од растително и животинско потекло во концентрирана храна и тоа за подолг временски период. Со тоа прехранбената индустрија обезбедува разновидна континуирана и рамномерна исхрана на населението во текот на годината, а влијае и врз подобрувањето на неговиот животен стандард. Освен тоа, оваа индустрија обезбедува и разни производи кои другите индустриски гранки ги користат како суровини. На пример, таа го овозможува одгледувањето на низа култури, и со тоа го забрзува развојот на земјоделството. Некои меѓупроизводи на прехранбената индустрија, како маслени погачи, резанки и др., се одлична добиточна храна која го интензивира развојот на сточарството.

Значењето на прехранбената индустрија е големо и по тоа што таа како и текстилната индустрија е трудоинтензивна гранка и во прв ред вработува женска работна сила. Прехранбената индустрија денес се развива, поради се поголемата внатрешна побарувачка, но и од нараснатите потреби за извоз на прехранбени производи на странскиот пазар.

Врз база на разновидните суровини од растително и животинско потекло. Во Македонија се развиле повеќе гранки од овој вид индустрија како: *мелничко-пекарска индустрија, индустрија за масло, за шеќер, конзервна индустрија, индустрија за преработка на млеко, на месо* и *индустрија за алкохолни и безалкохолни пијалоци.*

Релативно раниот развој на прехранбената индустрија во Македонија (првата индустриска мелница е изградена во 1880 година во Скопје), се должи во прв ред на расположливата суровинска база и на фактот дека за ваков вид индустрија не било неоходно инвестирање на голем капитал, како и од едноставниот технолошки процес на производството, кој не барал вработување на голем број високо-квалификувани работници. По завршувањето на Балканските војни, од 19 индустриски претпријатија, колку што сме наследиле од Турската империја на денешната територија на Република Македонија, 12 претпријатија биле од областа на прехранбената индустрија.

И во перидот меѓу двете светски војни, прехранбената индустрија претставувала најразвиена гранка на индустријата. Од 111 претпријатија во

1940 година, 28 биле од областа на прехранбената индустрија, а сите други индустриски гранки биле застапени со помал број претпријатија. Од нив најголем број - 12 биле мелници, 6 лупилници за ориз, 3 за производство на бонбони и чоколади, 2 пиварници и сл.




*Просторна разместеност на одделните гранки од прехранбената индустрија во Р. Македонија*

Сепак најголем број од фабриките на прехранбената индустрија се изградени во периодот по Втората светска војна. Географската разместеност на фабриките од оваа индустрија непосредно е поврзана со оние предели на нашата земја каде што се произведуваат доволно суровини за нивна преработка. Денес вкупно во прехранбената индустрија постојат повеќе од 170 претпријатија. Во овие претпријатија вкупно се вработени околу 13.500 работници.

**Мелничко-пекарската ипдустрија** најмногу е развиена во нашите житородни краеви или во поголеми градови како најголеми потрошувачи на нејзините производи. Тоа се Скопје, Битола, Свети Николе, Куманово, Прилеп и други градови. Една од поголемите компании од мелничко-пекарската индустрија е „Жито Лукс“  во Скопје. Формирана е во 1946 година. Поседува сопствена мелница со капацитет од 50.000 тони брашно, додека производството на леб се одвива во пет производствени линии.

За производството на брашно во Македонија е карактеристично што во одредени години недостасуваат суровини, бидејќи производството на пченица осетно варира, така што таа мора да се увезува.

Лупилниците за ориз главно се наоѓаат во Кочани и Кочанско, Штип, Струмица и Велес, поточно, таму каде што се одгледува оризот. Вкупно во Македонија има 20 фабрики за лупење на ориз. Некои од нив се лоцирани и во поголемите селски населби како: Оризари, Подлог, Прибачево, Градовци, Зрновци, Облешево (2), Чешиново (3) и др.

**Индустријата за масло,** постојано страда од недостиг на суровини. Нашите главни маслодајни растенија, сончогледот и афионот ниту се одгледуваат во доволни количества, ниту во одделни години даваат доволни приноси. Афионот во осумдесеттите години на минатиот век веќе и целосно престана да се одгледува. Затоа и производството на масло варира од 15.000 до 25.000 t.

Покрај фабриката „Благој Горев" во Велес, фабрики за масло постојат уште во Св. Николе, Струмица и Штип. Во 1910 година рафинирано сончогледово масло во Р. Македониа е произведено во количина од 31. 347 t. Натамошниот развој на оваа прехранбена гранка е во тесна врска со обезбедувањето доволно суровини.

**Шеќер** во Македонија се произведува единствено во Фабриката за шеќер во Битола. Годишното производство на шеќер се движи од 7.000 t во 1995 година до 32.000 t во 2000 година. Вака зголеменото производство, се должи на зголемениот увоз на нерафиниран шеќер кој во нашата шеќерана само се рафинира. Порано шеќерот главно се произведувал од домашна шеќерна репка, меѓутоа таа денеска воопчшто не се одгледува.

**Индустријата за месо и сувомесни производи** се базира врз сточарството. Во нашта земја има 15 поголеми кланици разместени во поголеми индустриски и потрошувачки центри како: Скопје, Битола, Гостивар, Куманово, Штип, Стурмица и други градови. Фабрики за сувоместати производи има во Св. Николе, Скопје, Штип, Куманово, Велес и други места.

Во Македонија годишно се консумираат околу 17.000 t преработки од месо. Од тоа само половината се произведува во Републиката, а останатото е од увоз. Македонија е значаен производител и извозник на јагнешко месо, меѓутоа таа е дефицитарна со сувомесни производи и нив во значајна мера ги увезува. Слична е состојбата и со говедско месо. На пример, потрошувачката на говедско месо изнесувала околу 15.000 t, а се произведени 7.287 t, потоа на живинско месо, (бројлерско), 22.000 t, а се произведени само околу 5.000 t. Тоа покажува дека потребите за развој на фармерското сточарство се значајни, а за тоа постојат можности, но како главен проблем се јавува недостатокот од сточна храна.

**Индустријата за преработка на млеко и млечни производи е** во постојан подем. Главните преработувачки капацитети од оваа индустрија се наоѓаат во Скопје, Битола, Тетово, Охрид, Прилеп и уште во неколку други градови. Го-

дишно се произведува по над 260.000 тони млеко, од кои 220.000 кравјо млеко, со кое во значајна мера се задоволуваат домашните потреби.

**Конзервираната индустрија**_главно е ориентирана кон конзервирање овошје и градинарски производи. Денес фабрики од конзервната индустрија постојат во Скопје, Тетово, Охрид, Ресен, Прилеп, Гевгелија, Неготино, Струмица, Штип, Свети Николе и уште во некои градови. Вкупното производство на конзервирано овошје изнесува околу 15.000 тони, а на конзервиран зеленчук околу 10.000 тони.

**Кондиторската индустрија**_е застапена главно во Скопје, Битола, Неготино, Виница, Штип и други градови. Ориентирана е кон производство на бонбони, чоколадни производи и слатки. Вкупното годишно производство на овие производи се движи од 12.000 до 20.000 тони.

**Индустријата за алкохолни и безалкохолни пијалоци.** Меѓу пријалоците, производството на вино и ракија во Македонија има долга традиција. Тие порано се произведувале на примитивен начин. Секое домаќинство произведувало за своите потреби, додека денес производството се одвива во специјални визби, иако многу е раширено и домашното производство.

Големи винарски визби за производство на вино постојат во: Кавадарци, Неготино, Гевгелија, Велес, Охрид, Битола, Штип и Скопје, а за производство на ракија во: Кавадарци, Неготино, Струмица, Штип, Охрид, Битола и други градови. Овие производи се добиваат од домашни суровини и во значителна мера се наменети за извоз. Меѓутоа, производството од година во година доста варира, главно зависи од родност на годината. Во 2000 година биле произведени 123,7 милиони литри вино и 5,8 милиони литри комова ракија.

Околу 80 % од вкупното домашно производство на вино се извезува. Меѓутоа, во извозот мало е учеството на флашираното вино, бидејќи нашето вино главно се извезува во наливна форма.

Од ракиите најпозната е „Струмичката мастика“. Таа се произведува од високо-квалитетни вински дестилати, збогатени од мед, анасон и сакс, додаток кој се увезува од островот Иос во Грција, бидејќи само таму ова растение успева во Европа. Годишното производство на Струмичката мастика изнесува околу половина милион литри.

**Производство на пиво.** Првата пиварница во Македонија е подигната уште во 1890 година во Битола. Подоцна во 1905 година била изградена пиварница и во Скопје, а во 1924 година во Прилеп. Тие, модернизирани и проширени, постојат и денес.

Производството на пиво е во постојан пораст. Тоа се зголемува од 107 илјади хектолитри во 1960 година на над еден милион хектолитри денеска. Со ваквото производство целосно се задоволуваат домашните потреби и значаен дел се извезува.

Безалкохолни освежителни пијалаци се произедуваат во повеќе градови во Републикава, но најмногу во Скопје, Прилеп, Ресен, Охрид, Струмица,

Кавадарци и Штип. Нивното производство се движи околу 800.000 хектолитри. Сето тоа производство главно се троши на домашниот пазар.

## 5.12. ИНДУСТРИЈА ЗА ТУТУН

Од индустриските растенија, тутунот останал до денес најзастапена култура во Македонија и како таков станал солидна основа за развој на индустријата за тутун. Нејзината појава започнува со воведувањето на монополот на тутунот и изградбата на складовите за откуп, во Прилеп во 1873 година и тоа од страна на државата. До крајот на своето владеење, Турците изградиле склад за тутун и во Гевгелија во 1890 година. Природно, овие два магацина не можеле да ги задоволат нараснатите потреби во периодот меѓу двете светски војни, така што тогашната држава пристапила кон изградба на нови складови и тоа во повеќе градови на територијата на денешна Република Македонија, а такви се градени и по ослободувањето. Така што денес во нашата земја во 23 града има тутунски складови. Меѓу градовите во кои постојат складови за тутун, најголеми се складовите во Скопје, Прилеп и Куманово. Во овие три града се изградени и фабрики за цигари.

Производството на ферментиран тутун во 2010 година, изнесува приближно 20 илјади тони, а на готови цигари околу 17 милиони парчиња. Значаен дел и од производството на ферментиран тутун, а посебно од производството на цигари, се извезува на странските пазари. Во одредени години, од овој извоз се остварува висок девизен прилив. Ако се има предвид дека во Македонија се произведува квалитетен тутун, може да се заклучи дека тутунската индустрија и во иднина ќе игра важна улога во македонското стопанство.

## 5.13. ГРАФИЧКА ИНДУСТРИЈА

Првите печатници на територијата на денешна Република Македонија датираат од втората половина на минатиот век. Првата печатница е основана во Битола во 1889 година и таа во почетокот работела за потребите на Битола, а подоцна ја проширила својата дејност на целиот битолски вилает. Подоцна, во 1908 година, била основана печатница и во Скопје. Во периодот меѓу двете светски војни печатарството како рентабилна дејност го привлекувала трговскиот капитал, така што кон крајот на овој период во Македонија веќе имало 4 печатници, меѓутоа сите биле основани во Скопје. Тие биле индустриски печатници, додека во Битола, Прилеп, Велес, Куманово и Тетово постоеле занаетчиски печатници кои ги задоволувале локалните потреби.

Развојот на просветата, науката и културата во повоениот период имал силно влијание врз ширењето и модернизацијата на графичката индустрија. Како главен проблем за оваа индустрија и порано и денес претставува обезбедувањето со печатарска хартија.

Денес во Македонија постојат повеќе печатници, од кои најголем број се мали. Графичките претпријатија главно се ноаѓаат вопоголемите градови итоа во: Скопје, Битола, Охрид, Тетово, Куманово и други градови.

# 6. СООБРАЌАЈОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 6.1. КРИТЕРИУМИ, ПРИНЦИПИ И ПОГОДНОСТИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СООБРАЌАЈНАТА МРЕЖА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Сообраќајот е една од основните стопански гранки и претставува доминантен фактор на скоро сите човечки активности. Тој не е производствена дејност бидејќи не создава нови производи, но без развиен сообраќај не може да се замисли ниту развојот на стопанството, ниту опстанокот на државата. Сообраќајот го опфаќа превозот на патници и стоки и пренесувањето на вести од едно на друго место; врши превоз на суровини од наоѓалиштата до индустриските центри, а потоа готовите производи ги транспортира до пазарот. Без учество на сообраќајот, производството останува недовршено. Тоа значи дека процесот на производство започнува и завршува со сообраќајот. Совладувајќи го просторот сообраќајот ги поврзува одделните производствени гранки, потоа производствените со потрошувачките реони и на тој начин создава една целина во национални и пошироки размери. Овозможувајќи го меѓусебното поврзување на одделните региони и земји тој ја овозможува териоријалната поделба на работата и создава услови за оптимално користење на природните, економските и другите ресурси. Истовремено во развојот на недоволно развиените земји, како што е и нашата Република, сообраќајот има улога на иницијален фактор кој придонесува за активирање на природните богатства, а сообраќајната инфраструктура игра улога на мултипликатор во целокупниот стопански развој.

За разлика од индустриското и земјоделското производство, во просторната локација сообраќајот воглавно има линеарен тип. Со тоа во голема мера е одреден и географскиот аспект на оваа стопанска гранка. Во просторните системи сообраќајниците претставуваат врски кои што влијаат врз промената на целокупната просторна организација.

Според просторот во кој се создаваат сообраќајниците може да бидат:
- природни кои се формираат под дејство на природните погодности, а такви се најчесто речните долини и
- вештачки создадени кои се формираат со интервенција на човекот врз природата.

Меѓутоа, во праксата формирањето на сообраќајниците, обично е преку комбинација на двата фактора.

Појдовни критериуми за формирање на сообраќајната мрежа во една држава има повеќе. Меѓу нив како поважни се истакнуваат следните:

- Задоволување на потребите за превоз на стока и патници во државата,
- Формирање на единствен пазар,

- Поттикнување стопански развој на стопански недоволно развиените подрачја,
- Оптимализација на рентабилноста и стабилизација на стопанството,
- Намалување на вкупните трошоци во репродукцијата,
- Заштита на животната средина,
- Подобрување на безбедноста во сообраќајот,
- Рационална потрошувачка на енергија,
- Јакнење на одбранбената способност на државата и
- Ефикасно вклучување на државата во меѓународната поделба на трудот.

При реализирањето на овие во основа економски критериуми, при формирањето на сообраќајната мрежа треба да се почитуваат и следните *принципи:*

- Принципот на оптимално користење на природно-географските и економските услови,
- Принципот на интегрално единство и поврзаност помеѓу стопанството и сообраќајот,
- Принципот на единство на сообраќајниот систем,
- Принципот на задоволување на побарувачката во меѓународната стоковна размена на нашата земја,
- Принципот на ефикасно извршување и стимулирање на транзитот преку Република Македонија и
- Принципот на задоволување на потребите кои произлегуваат од туристичките движења во внатрешниот и меѓународниот сообраќај и др.

Преку сите овие принципи се цели адекватно да се изгради и прилагоди сообраќајната мрежа кон побарувачката на сообраќајните услуги во Република Македонија и да се елиминираат негативните последици кои се создадени во досегашниот развој.

За развојот на сообраќајот во Република Македонија од посебно значење се нејзината географска положба, природните особености (релјефот, климата, хидрографијата, геолошкиот состав и сл.), населението и развиеност на стопанството. Наоѓајќи се во југоисточниот дел на Европа и во централниот дел на Балканскиот Полуостров, Македонија има услови за широко географско контактирање и квалитетно сообраќајно поврзување. На добрата сообраќајна положба се надоврзуваат и добрите природни погодности на долините, котлините и превалците низ кои и преку кои водат важни комуникации и создаваат услови за формирање на квалитетна сообраќајна мрежа, како и релативно малата оддалеченост на трите околни морива: Егејското, Јадранското и

Црното Море[15]. Гледано од морфолошки аспект рамнините, долините, клисурите и превоите се главните релјефни форми кои ја овозможуваат проточноста низ просторот во Македонија. По нив по природен пат се насочуваат сообраќајниците, додека планинските масиви и нивните била ја оневозможуваат проточноста и претставуваат препреки за ширење на сообраќајната мрежа.

**Котлините** претставуваат најповолни морфолошки структури за формирањето на сообраќајната мрежа во Републиката. Во нив и во минатото и денеска водат главните сообраќајници, а во некои се вкрстуваат и најважните патишта во земјава. Такви се Скопската Котлина, Пелагонија, Велешката Котлина и др. Во котлините се наоѓаат најголем број од руралните населби и скоро сите градски населби во Македонија. Всушност во нив е сконцентрирано најголем дел од населението во државата. Во овие просторни целини се одвива и најголем дел од аграрното производство. Затоа, како нужност се наметнува во иднина тие да бидат поврзани меѓу себе со современа сообраќајна инфраструктура и преку нив да водат и најважните сообраќајни коридори во државата.

**Долините** во Македонија претставуваат природни погодности низ кои водат важни комуникации во државата. При трасирањето и изградбата на пат во речните долини, секогаш мора да се земат во предвид следните карактеристики на реката .

- на која страна од долината ќе биде положена трасата,
- каква ќе биде ориентацијата на патот кон југ,
- каков е геолошкиот состав на теренот,
- водостојот на реката,
- меандрирањето на реката,
- нивото на подземните води,
- присуството и големината на клисурите и сл.

Меѓу долините со мердијански правец на протегање за нашата држава најзначајни се: Вардар, Црн Дрим, Пчиња и Лепенец. Долината на Вардар која на север преку Кумановско-прешевскиот преслап (459 m) се надоврзува со долината на Морава и заедно ја сочинуваат познатата Вардарско-моравска долина по која води една од најважните надолжни балкански сообраќајници. Таа ја поврзува Средна Европа преку Македонија со Средоземното Море.

Од попречните долини во Македонија нагласено значење во сообраќаен поглед имаат реките: Брегалница, Крива Река, Црна Река, Треска, Крива Лакавица и реката Струмица. При тоа треба да се нагласи дека Брегалница, Црна Река и Треска во своите долни теченија поради тешко достапните клисурести долини до денеска останале сообраќајно неповрзани.

**Клисурите** претставуваат природни, а често пати и единствени врски помеѓу одделните котлини и важно влијаат врз комуникациската способност на просторот во целата држава. Низ некои од нив веќе поминуваат трасите на ва-

[15] За ова види иовеќе во трудот: Стојмилов А. (1996): Природни предиспозиции за формирање на сообраќајни коридори во Република Македонија - воведен реферат. I Меѓународен симпозиум, Македонски сообраќајни коридори, Технички факултет. Битола.

жни патни и железнички линии, ПТТ инсталации и други инфраструктурни системи. Вкупната должина на клисурите во Македонија изнесува околу 300 km или по 11,3 km на секој $km^2$ од нејзината површина. Од тоа може да се извлече заклучок дека комуникативноста на просторот значително е отежната и природно насочена од големото учество на клисури во вкупната морфолошка структура на државата.

И **превалците** кои се јавуваат како природни врски помеѓу одделните просторни целини ја зголемуваат комуникациската способност на нашата Република. На пример, често од проодноста во зимскиот дел на годината, на Плетвар или Стража зависи пристапноста на цела Западна Македонија. Превалците, чии број изнесува повеќе од 65, се сретнуваат во сите делови на Македонија и имаат различна надморска височина. Така, превалецот Костурино, кој се наоѓа помеѓу Валандовската и Струмичката Котлина, има надморска височина од 457 m, додека превалецот Ливада на Галичица, преку кој води патот од Трпејца за Отешево се наоѓа на надморска височина од 1.568 m. Денеска сите превалци сообраќајно активно се користат, а се очекува и во иднина да ја вршат таа функција.

**Климата** претставува исто така значаен фактор за безбедно и непречено одвивање на сообраќајот. Во тој поглед особена важност имаат следните метеоролошки елементи: врнежите, ветровите, маглата и мразот.

а) *Врнежите,* на пример од дожд предизвикуваат лизгавост на коловозот и негативно влијаат врз безбедноста во сообраќајот, додека оние од снег во простори каде тој достигнува поголема височина од 50 cm, во потполност ја оневозможува сообраќајната проточност.

б) *Маглата,* со тоа што ја намалува видливоста, во голема мера го отежнува нормалното одвивање на сообраќајот.

в) Од *ветровите,* посебен проблем за состојбата на патиштата претставува Вардарецот. Тој како сув и слаповит ветер во зимскиот период често пати прави снежни наноси на определени делници и тоа не само во високо планинските делови затрупувајќи ги превалците, туку и во рамнинските делови на Републиката. На пример, во Овче Поле во кое во одредени зими токму поради снежни наноси сообраќајот се прекинува.

Зависноста и условеноста на сообраќајот од природните погодности се одразува преку повеќе различни влијанија. Сепак сите тие можат да се сведат во две основни групи и тоа:

- Влијанија релевантни за изградба на поедини сообраќајни објекти и сообраќајната мрежа во целина и
- Влијанија присутни во доменот на експлоатацијата на сообраќајната мрежа и возниот парк.

Поедините природни услови (геолошката градба, релјефот, климата, хидрографијата и биогеографските одлики), имаат различни влијанија во изградбата и експлоатацијата на објектите и мрежата на одделните сообраќајни гранки. Важно е уште при планирањето на сообраќајната мрежа да се настојува оптимално да се искористат позитивните својства на природните услови, но истовремено максимално да се одбегнуваат или неутрализираат нивните не-

гативни влијанија. Како заклучок може да се наведе дека природните услови на Република Македонија во голема мера ја детерминираат разместеноста и експлоатацијата на сообраќајната мрежа.

Равојот на сообраќајот многу е зависен и од бројни општествено-економски фактори. Меѓу нив како особено важни се:

1. Степенот на стопанската развиеност на Република Македонија,
2. Географската разместеност на производните сили,
3. Регионалните биланси на производството и потрошувачката,
4. Комплексниот развој на производните сили и концентрацијата на производството,
5. Нерамномерната разместеност на населението и др.

Сите тие треба да се набљудуваат не само од аспект на нивните денешни карактеристики туку треба да се следи и нивниот историско-еволутивен развој. На пример, нерамномерната разместеност на населението и неговата потреба за патување поради економски, политички, етнички, културни, туристички и други цели, сето тоа во голем дел е под влијание на општествено-историските услови.

Диференцирањето на сообраќајните гранки може да се врши врз база на повеќе критериуми. Затоа постојат и повеќе поделби, како на пример:

- традиционален и современ сообраќај,
- копнен, воден и воздушен сообраќај,
- патнички и товарен сообраќај,
- градски, приградски, регионален и меѓународен сообраќај,
- патнички, железнички, поморски, речен, езерски, воздушен, цевоводен, поштенско-телекомуникациски и други видови сообраќај.

Во Република Македонија денес се застапени патничкиот, железничкиот, воздушниот, водениот (езерски), ПТТ сообраќајот, цевоводниот и градскиот сообраќај. Во ридско-планинските подрачја се уште постојат и некои традиционални видови на сообраќај, како колскиот, превозот со влакови и санки, товарниот, па дури и пешачко-носечкиот сообраќај.

## 6.2. ПАТЕН СООБРАЌАЈ

Патната мрежа денес претставува основа на целокупниот сообраќаен систем во Македонија. Тоа не толку поради тоа што е најразвиен вид сообраќај во Републикава, туку поради тоа што во сообраќаен поглед тој ги поврзува најзафрлените подрачја во државата, а исто така, ги поврзува и експлоатациските површини во земјоделството и шумарството. Патната мрежа во Македонија започнала да ја добива својата физиономија многу рано. Уште Римјаните изградиле неколку важни сообраќајници кои, со неопходните поправки и реконструкции, служеле многу долго време. Интересно е што по тие траси и

правци често минуваат и денешните патишта. Најважен римски пат во овој дел на Балканскиот Полуостров бил патот Виа Егнација, кој го поврзувал Рим преку Охрид и Битола со Солун и Цариград. Имајќи го предвид големото значење на патиштата за развојот на стопанството, уште во првите повоени години се пристапило кон нивната обнова. Во првите години реконструкцијата била извршена со камени коцки, а од 1956 година се започнало со асфалтирање на одредени делници.

*Патишта и категоризација на патишта во Република Македонија (2004-2012)*

| ПАТИШТА | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Магистрални | 906 | 911 | 911 | 911 | 911 | 911 | 911 | 911 |
| *а) Автопати* | *216* | 216 | 221 | 237 | 251 | 251 | 259 | 259 |
| *б)Меѓународни Е пат* | 548 | 548 | 553 | 553 | 553 | 553 | 553 | 553 |
| Регионални | 3806 | 3830 | 3774 | 3771 | 3771 | 3771 | 3772 | 3772 |
| Локални | 8566 | 8995 | 9155 | 9240 | 9258 | 9252 | 9300 | 9355 |
| **Вкупно** | **13278** | **13736** | **13840** | **13922** | **13940** | **13934** | **13983** | **14038** |
| **Според видот на коловоз** | | | | | | | | |
| Асфалт и коцка | 7285 | 7464 | 7773 | 7872 | 8024 | 8091 | 8140 | 8308 |
| Макадам | 1262 | 1293 | 1238 | 1218 | 1227 | 1204 | 1231 | 1181 |
| Земја или непросечени | 4731 | 4979 | 4829 | 4832 | 4689 | 4639 | 4612 | 4549 |

Извор: Државен завод за статистика: Транспорт и други услуги, 2012: Transport and other services, 2012. Статистички преглед: Транспорт, туризам и други услуги. бр. 8.4.13.02 765. стр.49

Сегашната состојба на патната мрежа во Република Македонија ја сочинуваат патишта со вкупна должина од 14.038 km (2012 год.) од кои на магистрални патишта отпаѓаат 911 km (6,5%), регионални 3.772 km (26.8%) и локални 9.355 km (66,6%). Како меѓународни или Е патишта се опфатени 553 km.

### 6.2.1. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПАТНАТА МРЕЖА

Според „Законот за јавни патишта”, патиштата во Република Македонија се категоризирани како:

- автопат,
- експресен пат,
- меѓународен пат

- магистрален пат,
- регионален пат од прва и втора категорија,
- општински пат.

**„Автопат"** е јавен пат специјално проектиран и изграден за сообраќај на моторни возила, означен со пропишан сообраќаен знак, со физички раздвоени коловози по насоки, кој има најмалку две сообраќајни ленти и по една лента за принудно застанување во секоја насока, со раскрсници вон ниво, без вкрстување со друг пат, железничка пруга или со пешачка патека, на кој сообраќајот може да се вклучи, односно исклучи само на одредени места и посебно изградени приклучоци на јавните патишта на соодветна коловозна лента на автопат и кој е заштитен од пристап надвор од овие површини и има места за одмор на патници и сервиси за возила;

**„Експресен пат"** е јавен пат кој е специјално изграден и наменет исклучиво за сообраќај на моторни возила, означен со пропишан сообраќаен знак, со најмалку по една лента за секоја насока и лента за застанување, на кој сообраќајот може да се вклучи, односно исклучи само на одредени и посебно изградени приклучоци и кој е заштитен од пристап надвор од овие површини;

**„Меѓународен пат"** е јавен пат кој со меѓународен договор или спогодба што ги ратификувала Република Македонија е распореден во мрежата на меѓународни патишта;

**„Магистрален пат"** е јавен пат кој поврзува поважни региони на државата и кој се надоврзува на соодветните патишта на соседните држави;

**„Регионален пат од прва категорија"** е јавен пат кој поврзува подрачја на две или повеќе општини во државата и е од посебно значење за државата;

**„Регионален пат од втора категорија"** е јавен пат со функција на општински пат, а кој поради значењето за државата е категоризиран како државен пат;

**„Општински пат"** е јавен пат кој поврзува населени места на општината и е од значење за сообраќајот во општината;

**„Макадамски пат"** е пат со изградена коловозна конструкција без асфалтирана или бетонирана засторна површина;

**„Земјен пат"** е пат без изградена коловозна конструкција.

**- Магистралните патишта** се главен 'рбетник на патната мрежа на Република Македонија. Основна задача на магистралните патишта е да го поврзуваат просторот на државата, внатрешно и надворешно. Внатрешното поврзување се однесува на стопански и големи агломерациски центри, а надворешното поврзување се однесува на поврзувањето на државата со просторите надвор од границата на државната територија. Нашата држава е покриена со 4 магистрални патни правци.

*Магистрални патни правци во Република Македонија*

| Тип на пат | Патен правец |
|---|---|
| **А1** | Граница со Србија (ГП Табановце)-Куманово-Велес-Неготино, Демир Капија-Гевгелија-гр.со Грција (ГП Богородица) и делница Градско-Прилеп (врска со А3) |
| **А2** | Граница со Бугарија (ГП Деве Баир)-К.Паланка-Страцин-Романовце-Куманово)-Миладиновце-обиколница Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево-Требениште-Струга-гр.со Албанија (ГП Ќафасан) |
| **А3** | Крстосница Требениште (врска со А2)-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-гр.со Бугарија (ГП Рамна Нива), и делница Битола (крстосница Кукуречани)-гр.со Грција (ГП Меџитилија); делница Косел (врска со А3)-Охрид-гр.со Р.Албанија (ГП Љубаништа) |
| **А4** | Граница со Косово (ГП Блаце)-Крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Св.Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија (ГП Ново Село) |

Извор: Закон за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011 и 53/2011).

Најголемо значење за нашата земја имаат патните правци А1 и А2, кои се поклопуваат со трансевропските транспортни коридори Коридор 10 и Коридор 8. За Република Македонија неспоредлива е важноста и проточноста на патниот правец Табановце-Куманово-Миладиновци-Велес-Гевгелија, кој претставува важна сообраќајна врска на земјите од Западна Европа со Грција, а преку неа со Африка. Овој магистрален патен правец со целата своја должина од 173,36 km - лев коловоз и 178.43 km - десен коловоз е и меѓународен пат (Е-75) и учествува со 19,1% од должината на магистралните патни правци. Најоптоварена делница од овој магистрален патен правец е на мерниот пункт Петровец - Велес каде просечно годишен дневен сообраќај (ПГДС) изнесува над 11.000 возила.

Денеска според својата оптовареност за домашниот стопански развој големо значење има магистралниот пат А2. Овој патен правец има вкупна должина од 308 km и располага со најголема должина на меѓународните патни правци (т.н. Е патишта). Се состои од три меѓународни патни правци (Е-65 со вкупна должина од 153 km, Е-852 - 19.8 km и Е-871 - 73.75 km). Неговото значење е од посебен интерес, бидејќи ги поврзува големите стопански реони во нашата земја, а се надоврзува на меѓународните патни правци: Е-65, Е-852 и Е-871, што секако му дава дополнително значење и оптовареност. Овој магис-

трален пат претставува генерички фактор за развој, создавајќи услови за оформување, трансформација и развој на поголемите просторни целини. Најоптоварена делница од овој магистрален патен правец е на мерните патни правци Скопје - Тетово (ПГДС 10.820) и Тетово - Гостивар со над 10.630 возила.[16]

- **Регионални патишта** се јавни патишта кои поврзуваат стопански подрачја на два или повеќе региони во државата или се од посебно значење за државата.

Регионалните патишта за примарна задача го имаат поврзувањето на помалите географски и стопански подрачја, заедно со системот на населби кој во нив постои или се развива.

Меѓу регионите со најдолга патна мрежа во Макеонија располага Полошкиот регон (1.381 km). Во него, најдолги се и патиштата со асфалт и коцка (910 km), додека најдолги земјени и непросечени патишта се наоѓаат во Источниот регион.

*Локална патна мрежа во Република Македонија по региони*

| | **2012** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Асфалт и коцка** | **Макадам** | **Земјани** | **Непросечени** |
| **Република Македонија** | **9 355** | **4 629** | **740** | **2 774** | **1 212** |
| **Вардарски** | 989 | 345 | 81 | 451 | 112 |
| **Источен** | 1 180 | 429 | 22 | 484 | 245 |
| **Југозападен** | 1 276 | 691 | 143 | 317 | 125 |
| **Југоисточен** | 957 | 318 | 43 | 365 | 231 |
| **Пелагониски** | 1 208 | 627 | 93 | 370 | 118 |
| **Полошки** | 1 381 | 910 | 147 | 190 | 134 |
| **Североисточен** | 1 026 | 441 | 100 | 370 | 115 |
| **Скопски** | 1 338 | 868 | 111 | 227 | 132 |

**- Општински патишта** се јавни патишта кои поврзуваат населени места во општината или кои се од значење за сообраќајот во општината. Општинските патишта се патиштата кои ги поврзуваат населените места на општините или кои се од значење на општините. Нивното одржување го обезбедуваат општинските органи. Меѓутоа, државата постојано донесува посебни програми за поттикнување на изградбата и реконструкцијата на локалната патна мрежа и нејзино поврзување со магистралните и регионалните патишта.

[16]Извор: Државен завод за статистика: Транспорт и други услуги, 2012: Transport and other services, 2012. Статистички преглед: Транспорт, туризам и други услуги. бр. 8.4.13.02 765. стр.94.

### 6.2.2. МЕЃУНАРОДНИ ИЛИ Е-ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Централната позиција на Република Македонија во однос на целокупното непосредно опкружување, детерминирана како простор сместен во централниот дел на Балканскиот Полуостров преставува значајна погодност за интеграција со европските сообраќајни системи.

За сообраќајната положба на нашата држава посебно значење има нејзиното опкружување, односно петте околни држави: Србија, Бугарија, Грција, Албанија и Косово како и близината на околните мориња. Република Македонија спаѓа во групата на „географски хендикепирани“, односно држави без излез на море, што има големо негативно влијание врз нејзиниот економски развиток. За таа цел од големо значење претставува потребата за постоење на квалитетна патна мрежа за сообраќајно поврзување на нашата земја со најблиските пристаништа од соседните држави и интеграција на сообраќајните системи како можен генератор за развој.

Вкупната должина на меѓународни или „Е“ патишта во Република Македонија изнесува 553 km. Низ Македонија поминуваат следните меѓународни патишта:

Е-65: Малме - Шќеќин - Прага - Брно - Братислава - Рајка - Загреб - Риека - Сплит – Дубровник-Подгорица - Бело Поле - Приштина - Скопје - Охрид - Битола - Ники - Лариса - Ламија - Итеа - Рион - Егион - Триполи - Каламата - Кисамос - Чанија. Вкупната должина на овој меѓународен патен правец изнесува 4.400 km, а во Македонија се протега во должина од 279,8 km.

Е-75: Варде - Ивало - Кеми - Лахти - Хелсинки - Гдањск - Варшава -Катовице - Братислава - Будимпешта - Суботица - Нови Сад - Белград - Ниш - Скопје - Солун - Атина - Чанија - Ираклион – Ситија. Вкупната должина на овој пат изнесува 5.639 km, а во Македонија неговата делница е долга 174,2 km.

Е-852: Бриндизи (Италија), Драч, Охрид (врска со Е-65), со вкупна должина во нашата земја од 20,2 km и

Е-871: Софија (врска со Е79, Е80 и Е83), Куманово (врска со Е-75) со вкупна должина во Македонија од 73,8 km.

Меѓународните патни правци се исто така делови од магистралните патни правци или се поклопуваат со нив на целата должина, Таков е случајот со магистралниот пат А-1, кој на целата своја должина од 174,2 km се поклопува со меѓународниот пат Е-75. На овој патен правец се наоѓаат и двата најфреквентни гранични премини кон Р. Србија (Табановце) и кон Р. Грција (Богородица). Во 2011 година низ граничниот премин Табановце влегле 591.229 домашни и 1.209.863 странски патници, додека низ граничниот премин Богородица истата година влегле 544.997 домашни и 1.554.541 странски патници. Ваквата состојба укажува за значењето на овој патен правец и за развој на транзитниот туризам.

Ист е случајот и со магистралниот пат А-2, кој делумно се поклопува (73,8 km) со меѓународниот пат Е-871 кој од Куманово преку Деве Баир води за Софија. Третиот меѓународен пат во Македонија е Е-65. Тој поаѓа од Шведска и води преку Швиноушчие во Полска, Прага во Чешка, Братислава во Словачка, потоа преку Загреб-Риека-Дубровник во Хрватска, поминува низ Подгорица и Приштина во Србија и Црна Гора, влегува во нашата земја кај Блаце преку магистралниот пат А-4 и поминува низ Скопје-Тетово-Охрид-Битола излегува преку Меџитлија, при што навлегува на територија на Република Грција, поминува преку Ламија и избива на Каламатија на Пелопонез.

Четвртиот меѓународен пат е Е-852, кој поаѓа од Бриндизи во Италија, води преку Драч во Албанија, на нашата граница влегува кај Ќафа Сан и преку Струга води до Подмоље кај Охрид во должина од 20 km.

Овие четири меѓународни патишта (Е-65, Е-75, Е-871 и Е-852) имаат посебно значење во поврзувањето на нашата Република не само со соседните држави, туку и со меѓународните патишта во Европа.

### 6.2.3.ТРАНСПОРТНИТЕ КОРИДОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО СОСТАВЕН ДЕЛ ОД ЕВРОПСКАТА ТРАНСПОРТНА МРЕЖА

Развојот на регионалната и меѓународната мобилност е во голема мера условена од транспортната инфраструктура која претставува клучен елемент за стимулирање на економскиот развој на различните региони, балансирањето на нивото на развој и меѓурегионална соработка. За да ја стимулира трговијата и останатите економски и социјални врски со земјите партнери од источна и југоисточна Европа, ЕУ го подржува развојот на физичките врски и транспортни мрежи, како 'рбетник со кои би се формирале паневропските транспортни коридори (патен, железнички, воден) дефинирани на паневропските транспортни конференции на Крит и Хелсинки. Овие десет коридори претставуваат и врски на трансевропската транспортна мрежа од ЕУ со земјите од источна и југоисточна Европа.
Денеска во Централна и Источна Европа се идентификувани 10 паневропски транспорти коридори и тоа:

1. Талин-Рига-Варшава,
2. Берлин-Варшава-Минск-Москва,
3. Берлин-Вроцлав-Лвов-Киев,
4. Берлин-Прага-Будимпешта-Крајова-Софија-Солун,
5. Трст-Љубљана-Будимпешта-Лвов,
6. Гданск-Варшава-Зилина,
7. Дунав-Воден коридор,
8. Драч-Тирана-Скопје-Софија-Бургас-Варна,

9. Хелсинки-Киев-Кишињев-Букурешт-Пловдив,
10. *Салцбург - Љубљана - Загреб - Белград - Ниш - Скопје – Атина*

Карактеристика на овие коридори е можноста за нивно проширување и надополнување во зависност од понатамошните потреби и соработка од заинтересираните страни. Сите проекти за дизајнирањето на овој транспортен модел се одобрени од државите членки на ЕУ и земјите од Централна и Источна Европа. Од степенот на нивното реализирање се гледа како на еден модел за идна погуста транспортна мрежа или пак како алтернативни врски меѓу земјите од Централна и Источна Европа и Европската Унија. Со овој транспортен модел и формирањето на 10-те транспортни коридори се предвидува изградба на 15.000 km нови патишта, модернизирање на 58.000 km веќе изградени патишта, комбинирање на транспортни коридори и терминали; 70.000 km железници, вклучувајќи при тоа 22.000 km нови железнички пруги и приспособени за сообраќај на доста брзите возови, 267 аеродроми кои се од заеднички интерест, мрежи со внатрешни водени патишта и морски пристаништа. Во Република Македонија како составен дел од европската транспортна мгежа се коридорот 8 и коридорот 10.

**Коридорот 8** опфаќа должина од 1.220-1.350 km во зависност од специфичните карактеристики на патната или железничката мрежа. Започнува од брегот на Јадранско Море на италијанската територија, поминува низ Албанија, Македонија и Бугарија, поврзувајќи ги градовите Бари/Бриндизи, потоа Драч/Влора со Тирана, Ќафасан-Струга-Кичево-Скопје-Софија-Пловдив и Бургас/Варна на Црното Море. Како дел од паневропската транспортна мрежа, овој коридор се поврзува со патиштата на три останати коридори: коридор 4 (Берлин/Нинберг – Прага - Будимпешта-Констанца/Софија - Солун), коридор 9 (Хелсинки - Киев/Москва - Одеса/Кишињев – Букурешт-Пловдив) и коридор 10 (Салцбург – Љубљана - Загреб – Белград – Ниш – Скопје - Солун - Атина).

Коридорот 8 претставува мултимоделен инфраструктурен коридор, кој вклучува повеќе видови на транспортна инфраструктура: пристаништа (на Јадранско и Црно Море), друмски патишта, железнички линии, аеродроми, гасоводи, нафтоводи и сл. За овој коридор фирмата Behtel Internacional inc од Сан Франциско (САД), изработи проект по кој Коридорот 8 на територијата на Република Македонија, треба да се развие во два крака, односно како автопатот на целата должина на делницата: Ќафасан - Струга - Кичево - Скопје - Куманово - Крива Паланка - Деве Баир – граница со Р. Бугарија, со вкупна должина од 304 km, и како алтернативна понуда уште еден крак, на делницата: Ќафасан - Струга - Охрид - Битола – Прилеп - Велес - Кочани - Делчево - граница со Р. Бугарија, со вкупна должина од 311 km.

**Коридорот 10** на целата своја должина се протега на 2.360 km и претставува комбиниран патен железнички коридор. Започнува од Салцбург (Австрија) продолжува преку Љубљана - Загреб - Белград - Ниш – Скопје - Велес - Солун и завршува во Атина. Во Република Македонија се протега од границата со Србија кај Табановце до границата со Грција кај преминот Богородица во должина 173,36 km - лев коловоз и 178,43 km - десен коловоз. Предвидено е на главниот коридор да се дополнат уште четири крака:

- Грац - Марибор – Загреб
- Будимпешта - Нови Сад - Белград;
- Ниш - Софија;
- Велес - Битола - Флорина – Игуменица

Општите состојби на инфраструктурната екипираност (градежно техничките карактеристики) на коридорот 10 се со големи варијации. Патната мрежа се движи од макадамски коловози со две ленти со широчина помала од 7 m, до модерни автопатишта со 4 ленти. Потребни се одредени интервенции на одделни делници, во првата фаза со цел да се обезбеди сигурен и непречен проток, за во наредната фаза целиот коридор да се моделира со автопатни решенија. Што се однесува до состојбата со железницата, во овој момент таа е во состојба да одговори на сегашниот сообраќаен волумен. Меѓутоа, самиот факт што само 11% од железницата од коридорот 10 којашто поминува низ балканските земји, е класифицирана како поволна состојба, додека останатиот дел поседува средни или неповолни услови, укажува на потребата за нејзино реконструирање.

Инфраструктурниот развој на овој коридор опфаќа: одржување, изградба, надополнување на главни и помошни инфарструктурни објекти, кои ќе овозможат целосна операционализација во поглед на поттикнување на ефикасни транспортни модели (патен, железнички, воден, воздушен, со соодветна помошна инфраструктура и сигнализација).

### 6.2.4. СТЕПЕН НА МОТОРИЗАЦИЈА

За утврдување на нивото на развиеност на патниот сообраќај на ниво на држава, регион, општина или град, еден од основните показатели е општиот степен на моторизација. Степенот на моторизација се дефинира како однос помеѓу бројот на жители и вкупниот број на регистрирани моторни возила.

За практични потреби, доста често се користи и парцијалниот степен на моторизација, што е дефиниран како однос помеѓу бројот на жителите и бројот на регистрираните патнички моторни возила. Во праксата најчесто постои тесна поврзаност помеѓу парцијалниот степен на моторизација и големината на сообраќајните текови, особено оние изворно-целните, односно екс-

терните текови. Во градските средини, мошне силна корелација постои помеѓу бројот на регистрираните моторни возила и локалниот сообраќаен проток на возила. Но, со сигурност може да се потврди, дека извесни отстапувања можат да се појават во зависност од некои економски показатели, како што е висината на националниот доход по жител. Тоа значи, доколку постојат стабилни економски услови и доколку општествениот и личниот стандард на граѓаните постојано е во пораст, соодветно на тоа расте и степенот на моторизација, а со тоа соодветно растат и локалните сообраќајни протоци.

Во 2012 година биле регистрирани 301.761 патнички автомобили, односно вкупно биле регистрирани 350.762 патни моторни и приклучни возила. Според степенот на моторизација нашата земја доста заостанува во тој поглед и анализите укажуваат дека на 1.000 жители се паѓало 130 возила, или на 7 жители доаѓа едно патничко возило. Најмногу моторни возила по глава на жител има во САД или на 1.000 жители се паѓаат 755 возила, односно 1,3 жители на едно возило, а просекот на ЕУ-27 изнесува 464 возила на 1.000 жители (во 2007 година биле регистрирани 230 милиони патнички возила), каде се издвојува Луксембург со 675 возила на 1.000 жители, следи Италија со 603/1.000 жители и др.

Меѓутоа, додека степенот на моторизацијата од година во година се подобрува, дотогаш превозот на патници и стока значително е опаднат. Така додека во 1987 година кога бил остварен максимум, а биле превезени 61 милион патника, дотогаш во 2012 година тој број опаднал на 15 милиони патници. Превозот на стока е уште по драстично намален. Така ако порано во Македонија преку патниот сообраќај се превезувале и до 23 милиони тони стока (максимум во 1980 година), во последните години таа количина се намалила на околу два милиони тони. Тоа сигурно е последица од опаѓањето на производството и стагнацијата во целото стопанство.

Сепак, патничкиот сообраќај, со учество од 85% во вкупниот превоз на патници, меѓу останатите видови сообраќај го зазема првото место, додека во превозот на стока со учество од 40% го зазема второто место по железничкиот сообраќај кој учествува со 60.3%.

## 6.3. ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

Изградбата на железничката мрежа во Македонија започнала во втората половина на XIX век. Првата железничка пруга е изградена во 1873 година на релацијата Солун-Скопје (250 km). Таа е резултат на заинтересираноста на тогашните големи сили посебно на Австро-Унгарија за нејзино поврзување со Турција. Затоа пругата се градела како дел од железничката линија Цариград-Солун-Скопје-Косовска Митровица-Бања Лука. Во следната 1874 година била продолжена од Скопје до Косовска Митровица. Меѓутоа, бидејќи од Белград на југ пругата веќе била изградена до Врање, во 1889 година била изградена

пругата Скопје-Врање, а била откажана изградбата на пругата Косовска Митровица-Бања Лука. На тој начин Македонија се поврзала наместо со Австро-унгарските пруги преку Босна со српските, а преку нив и со железничките пруги во Средна и Западна Европа. Во 1894 година била изградена пругата Солун-Битола. Вкупната должина на трите железнички пруги изнесувала 262 km. Со пуштањето во сообраќај на овие пруги бил извршен револуционерен пресврт во транспортот на патници и стока на нашата територија. На место дотогашниот карвански и колски сообраќај, превозот на патници и стока го презела железницата.

Вториот период во изградбата на железнички пруги во Македонија започнал за време на Првата светска војна и траел до почетокот на Втората светска војна. Така на почетокот на Втората светска војна на територијата на денешна Република Македонија постоеле железнички пруги со вкупна должина од 711,3 km од кои 477,3 km биле со нормален колосек, а останатите 234 km со тесен колосек.

По Втората светска војна настапил третиот период во развојот на железничката мрежа во Македонија. Тој главно се карактеризира со модернизација на веќе постојната мрежа, а во помала мера изградба на нови пруги.

*Развој на железничката мрежа во Македонија*

| Година | Должина на пруги во км | Нормален колосек | Тесен колосек | Електриф. |
|---|---|---|---|---|
| 1900 | 262,0 | 262,0 | / | / |
| 1941 | 711,3 | 477,3 | 234,0 | / |
| 2000 | 925,0 | 925,0 | / | 234 |

Подолг период во втората половина на минатиот век, железничкиот сообраќај во нашата земја имал апсолутна доминација во превозот на патници што е последица на неразвиеност на патниот сообраќај. Подоцна таа состојба се изменила така што во 2000 година со железница биле превезени 1,8 милиони патници или 10.2% од вкупниот број патници и 3.2 милион тони стока или 60.3% од вкупно превезената стока во Македонија. Најголем дел од железничкиот превоз се остварува преку скопскиот железнички јазол.

Општа констатација за развојот на железничката мрежа во Македонија, во последните 50 години е дека не може да се одбележи како екстензивен, туку повеќе како стагнантен. Денеска, едноколосечната железничка мрежа на која се одвива железнички сообраќај на отворени железнички линии изнесува 700 km (696 km). Покрај тоа постојат и 225 km станични и 102 km индустриски колосеци. Најголем дел од железничкиот превоз се остварува преку скопскиот железнички јазол.




*Железничка мрежа во Република Македонија*

Железничкиот сообраќај во Република Македонија се карактеризира со значителна заостанатост во однос на европските железници. Во прв ред тука е малата густина на железничката мрежа која изнесува 0,027 km/km$^2$ или 27,06 km на 1.000 km$^2$. По однос на број на жители густината на железничката мрежа изнесува 0,344 km/1.000 ж или 344 km/1 милион жители. Ако се спореди должината на железничката мрежа во однос на должината на патната мрежа (во 2012 година должината на патната мрежа изнесувала 14.038 km) таа изнесува 4.95%. Во споредба со високоразвиените земји, Македонија далеку заостанува како во однос на квалитетот на железничките пруги, така и во однос на густината на железничката мрежа. На пример во Германија густината на железничката мрежа е 122/1.000 km$^2$, во Јапонија 72,3, Велика Британија 70, Франција 62,6, Италија 64,7 на 1.000 km$^2$.

Во Република Македонија железнички пруги со магистрален карактер кои истовремено се и меѓународни линии се следните:

1. Табановце-Скопје-Гевгелија- 213,5 km
2. Велес-Битола-Кременица- 145,6 km

3. Скопје-Генерал Јанковиќ - 31,7 km

Железнички пруги со регионален карактер се:

1. Ѓорче Петров-Тетово-Гостивар-Кичево (со крак до Тајмиште)-103,6 km;
2. Велес-Штип-Кочани - 85,6 km
3. Куманово-Белаковце - 30,3 km
4. Бакарно Гумно-Сопотница -29,4 km
5. Градско-Шивец -16,3 km

Железнички пруги со локално значење

1. Скопски железнички јазол- 37,0 km

*Должина на железничката мрежа и опрема во Република Македонија*

| година | вкупно | Нормален колосек | Електриф. | локомотиви | Моторни возови |
|---|---|---|---|---|---|
| 2012 | 925 | 925 | 234 | 43 | 10 |

Извор: Државен завод за статистика: *Транспорт и други услуги, 2012: Transport and other services, 2012. Статистички преглед: бр. 8.4.13.02 765. стр.16*

Додека на најголемиот дел од магистралните железнички линии во високоразвиените земји, (т.н.„куршум“) возовите развиваат брзина помеѓу 250-300 km/h, железничките линии во Република Македонија не дозволуваат брзина поголема од 120 km/h. Најголем дел од должината на пругите (495 km) е адаптирана за брзина помеѓу 81-100 km/h, но што е уште полошо, околу 1/3 од пругите овозможуваат брзина само до 80 km/h, односно 74 km до 60 km/h и 127 km од 61-80 km/h.

Во однос на критериумите за дозволен осовински притисок, потребни се инфраструктурни вложувања за прилагодување кон инфраструктурните потреби на европските железници. Денес европските железници не дозволуваат осовинско оптоварување под 22 тона, а кај нас осовинскиот притисок само на половината од железничката мрежа (388 km) е до 22,5 тони, останатите се со осовински притисок од 16 до 18 тони (вкупно 164 km) и на 30 km должина до 16 тони.

Железничката мрежа располага со 124 железнички станици, една ранжирна станица и 6 депоа. Сите станици се патничко-товарни освен станицата во Скопје која е наменета само за патнички сообраќај.

Македонските железници во 2012 година располагале со 107 влечни средства од кои 43 локомотиви (во 2005 година имало 56) и 10 моторни возови и шинобуси (во 2005 имало 17), 124 патнички и 1.011 товарни

вагони (во 2005 година биле регистрирани 1.525 вагони). Ваквите податоци укажуваат на лошите состојби во македонските железници, особено во возниот парк, за што се неопходни итни стратешки промени за поттикнување на конкурентноста на оваа сообраќајна гранка.

Железничката мрежа во Република Македонија се карактеризира со нецелосна поврзаност како внатрешно, така и надворешно. Во внатрешниот сообраќај голем број на градски центри кои се лоцирани на крајниот југоисточен (Радовиш, Струмица, Валандово и населбите Стар и Нов Дојран) и југозападен дел на државата (Охрид, Струга, Дебар) се без железничка поврзаност. Ваквите неповолни состојби се одразуваат и во поглед на превозот на патници преку овој вид на сообраќај. Имено во превозот на патници, овој вид на сообраќај значително заостанува зад патниот сообраќај.

Надворешно, состојбата со железничкиот сообраќај се карактеризира со нецелосна поврзаност со соседните земји. Имено, нашата земја со опкружувањето е поврзана само лонгитудално со северниот и јужниот сосед (Србија и Грција), додека трансверзалните врски завршуваат со „слепи“ краци. Останатите железнички линии завршуваат слепо - Кочани, Шивец, Бељаковце, Сопотница, Тајмиште и Кичево. Поврзувањето на постојниот железнички систем со соседните железнички системи на Р. Бугарија и Р. Албанија претставува функционална рационалност и неминовна потреба што мора да се реализира. Приклучувањето на нашата земја со бугарските железници треба да се изврши со изградбата на нова пруга (која е во изградба) во должина од 46 km помеѓу Бељаковце и границата со Бугарија, а со железницата на Албанија со изградба на нова пруга од Кичево до Ќафа Сан во должина од 65 km. Со тоа ќе се воспостави железничкиот коридор исток-запад чија должина ќе изнесува 295 km и Македонија со железница на запад ќе се поврзе со Јадранското, а на исток со Црното Море.

Голем недостаток кај нашите железници се чувствува во поглед на техничката заостанатост и малата пропусна моќ на пругите, потоа недостатокот на специјални вагони, слабата механизираност при утоварот и истоварот, недостатокот на сигнално-сигурносни системи и др. Голем проблем претставува и малиот капацитет и лошата опременост на железничките јазли и ранжирната станица во Скопје. На територијата на македонските железници има 304 патни премини на ниво. Со автоматска сигнализација се 22%, со браници 7% и со сообраќајни знаци 71%. Ова обезбедување е далеку под потребното современо ниво на безбедност во железничкиот сообраќај. Кога кон ова ќе се додаде фактот дека организациската поставеност на железничкиот транспорт кај нас не овозможува ефикасен комбиниран транспорт, односно квалитетна интеракција со патниот и воздушниот сообраќај, тогаш јасно се доаѓа до заклучокот зошто нашите железници се наоѓаат во тешка состојба.

## 6. 4. АВИОНСКИ СООБРАЌАЈ

Авионскиот сообраќај е најмлада сообраќајна гранка во Република Македонија. Неговата појава датира од третата деценија на XX век. Првиот аеродром во Македонија е изграден во Скопје во 1928 година, кога била отворена и првата воздушна линија на релацијата Скопје-Белград.

Денеска, во Републиката се изградени два нови аеродроми во Скопје и Охрид и се воспоставени повеќе меѓународни воздушни линии. Двата аеродроми располагаат со полетно-слетна патека што може да ги прими, сите видови авиони, вклучувајќи ги и оние најтешките.

Покрај овие два аеродроми за јавен сообраќај во Македонија постојат уште 5 спортски и 8 стопански аеродроми, односно Републиката располага со вкупно 15 аеродромски објекти. Сепак, за поцелосна територијална покриеност се чувствува потреба за изградба на аеродроми во Пелагонискиот и Гевгелиско-струмичкиот регион.

Воздушниот сообраќај во Република Македонија, набљудуван како глобален систем, условно може да се подели на три подсистеми: аеродроми, воздушни превозници и контрола на летање. Секој од овие подсистеми се состои од повеќе функционални елементи; корисник на системот, инфраструктура, управувачки елементи, технички и кадровски ресурси, законска регулатива и др. Географската положба на нашата држава ги диктира правците на сообраќајот кој се одвива во нејзиниот воздушен простор, кои се протегаат во линија југоисток - северозапад.[17]

Удобноста, брзината на превозот и сигурноста се главните одлики на воздушниот сообраќај, затоа на неговиот развој се посветува посебно внимание. Во Републиката се изградени два аеродроми во Скопје и Охрид и се воспоставени повеќе меѓународни воздушни линии. Двата аеродроми располагаат со полетно-слетна патека што може да ги прими, под определени услови (ограничувања како полетување, намален број на патници или со намалено количество на гориво во резервоарите), сите видови авиони, вклучувајќи ги и оние најтешките.

Во воздушниот превоз над Република Македонија функционираат пет воздушни коридори. Четири од нив имаат ориентација север-југ: B-1, B-5, G-18 и L-617, а еден и тоа W-31 со правец исток-запад и обратно. Воздушните вкрстувања се јавуваат над градовите Кочани, Скопје и Гостивар.

Примената на радарските норми за раздвојување на авионите во воздух, квалитетот на услугите, техничката опременост и континуираното осовремнување и модернизација допринесуваат за висок рејтинг на систе-

[17] Тунтев Т., Бабиќ О. ,,Воздухопловната инфраструктура во Република Македопнија". Сообраќај и комуникации на прагот на XXI век. Охрид 23-25.09.1999. Сојуз на сообраќајните инженери на Македонија: Министерство за сообраќај и врски на Република Македонија. стр. 12

мот за контрола на летањето во европски рамки. Тоа придонесе Македонија да стане членка на Европската конференција за цивилен воздушен сообраќај (ECAC) во 1997 година и на Европската организација за безбедност во воздушниот сообраќај (EUROCONTROL) во 1998 година. Во воздушниот простор на Републиката се воведени и директни (RNAV) маршути, кои се составен дел на стандардната европска рутна шема (SRS), со што во значајна мера се врши скратување на маршутите во прелет, во однос на конвенционалните маршути[18].

Вкупниот број на патници во авионскиот сообраќај е во пораст, особено со вклучувањето на повеќе странски авиокомпании во превозот на патници. Статистичките податоци во 2010 година регистрирале 756.088 превезени патници, во 2011 година бил забележан пораст на 834.958 и во 2012 година 902.497 патници. Најголем дел од нив се однесуваат на комерцијалниот превоз со 80% или 717.717 патника. Што се однесува до прометот на товар на домашни и странски воздухопловни компании на аеродромите, состојбите се следни: во 2010 година бил остварен промет од 2.079.798 kg, во 2011 година бил присутен благ пораст на 2,185.073 kg, а во 2012 година 2,095.574 kg. Најголемиот удел има комерцијалниот превоз со 99.7%, во однос на транзитниот превоз со незначителни 0.3%.

## 6.5. ОСТАНАТИ ВИДОВИ СООБРАЌАЈ

Меѓу другите видови сообраќај кои постојат во нашата Република посебно за одбележување се: водниот, градскиот и цевоводниот сообраќај.

**Водниот сообраќај** е развиен на нашите големи езера: Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро. Тој главно се користи за превоз на патници, во најголем дел туристи, и е од сезонски карактер. Превозот се реализира со неколку поголеми и помали бродови, иако државната статистика регистрира само 3 (2012 год) кои располагаат вкупно со околу 400 патнички места. Покрај бродовите, во Републиката се регистрирани и околу 2.200 моторни чамци со просечна носивост од 8-10 патнички места. Од нив 150 вршат превозничка дејност (такси превоз) и 150 се рибарски чамци. Во текот на годината престојуваат и 40-50 хидроглисери од странство. Превозот на патници и стока во езерскиот сообраќај бележи констатно намалување (во 1985 година биле превезени 30.000, во 2008 година - 55.460 патници, додека во 2012 година само 17.690 патници) во рамките на вкупниот превоз во Републиката има маргинално значење и бележи постојано опаѓање.

[18] Тунтев Т., Бабиќ О. „Воздухопловната инфраструктура во Република Македопнија“. Сообраќај и комуникации на прагот на XXI век. Охрид 23-25.09.1999. Сојуз на сообраќајните инженери на Македонија: Министерство за сообраќај и врски на Република Македонија. стр. 12

**Цевоводниот сообраќај** во Република Македонија има исто така значително место во севкупниот сообраќај, а во последните години добива и се поголема важност. Таков е случајот со гасоводот кој доаѓа од Бугарија и преку Крива Паланка и Куманово води до Скопје. Гасоводот од село Жидилово (Деве Баир) до Скопје има вкупна должина од 120 km и овозможува посигурни и поквалитетни услови за работа на енергетскиот комплекс во Република Македонија.

Изградбата на нафтоводот Солун-Скопје во голема мерка го олесни транспортот на сурова нафта до рафинеријата ОКТА. Нафтоводот се протега во должина од 143 km и има можност за годишен транспорт на 2.500.000 тони нафта. Од останатите видови на цевоводен сообраќај ќе ги споменеме и регионалните водоводи како што се: Кичево-Прилеп, Рашче-Скопје, Росоки-Дебар, Вакав-Тетово, Лукор-Кавадарци, Брана Липково-Куманово, Водоча-Струмица, Градче-Кочани и др.

Меѓу посебните видови на транспорт за одбележување е и присуството на транспортните ленти во Републиката. Таква една транспортна лента е онаа за превоз на руда од рудникот 'Ржаново до топилницата Фени во Кавадарци која спаѓа меѓу најдолгите на Балканот.

# 7. ТРГОВИЈА

## 7.1. ОПШТО ЗА ТРГОВИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Трговијата претставува посебна стопанска дејност која има за задача со своето посредување во прометот да ја организира размената помеѓу производството и потрошувачката. Нејзиното посредување е корисно двострано, бидејќи на производителите им ја олеснува реализацијата на производството, а на потрошувачите им ги задоволува потребите.

Трговијата овозможува производителите да се посветат исклучиво на производството, а нејзе да ѝ ја препуштат продажбата на стока. Таа го усмерува производството спрема потребите на потрошувачите во поглед на видовите и квалитетот на стоката. Поврзувајќи ги произведувачите со потрошувачите во национални и меѓународни размери го забрзува процесот на циркулација на стоката.

Врз развојот и експанзијата на трговијата влијаеле повеќе фактори. **Прво,** развојот на производството во сите сфери на стопанските дејности му дава на пазарот големо количество на производи, средства за работа, предмети за работа и средства за потрошувачка и со тоа силно влијае врз обемот, интензитетот и структурните промени во целата сфера на стоковниот промет и трговијата. **Второ**, заедно со материјалните фактори, човечкиот фактор е одлучувачки во развојот на трговијата. Неговото значење и влијание е повеќекратно и тоа не само како фактор на потрошувачката, туку и како фактор на општата вработеност и како работна сила во трговијата. Порастот на населението како потрошувач, промените во разместувањето, структурата и куповната моќ, како и порастот на моторизацијата и сообраќајната поврзаност довеле до квантитативни и квалитативни промени во трговијата. И **трето**, пазарот како институционален фактор има големо значење за развој на трговијата, бидејќи меѓу трговијата и структурата на пазарот постои тесна меѓусебна зависност. Така структурата на пазарот и движењето на пазарот влијаат врз развојот и функционирањето на трговијата и повратно трговијата влијае врз развојот и структурата на пазарот.

Функциите што трговијата ги извршува главно се групираат во три подрачја:

**Посреднички функции**: просторно посредување, временско посредување, посредување помеѓу понудувачот и потрошувачот, посредување во израмнување на цените и нивна стабилизација и посредување во кредитирањето;
**Стоковни функции**: квалитативна функција, квантитативна функција и функција на прибирање на асортиман на стоки;
**Функции на посредување** при продажба на пазарот: пропагандна функција, функција за заштита на интересите и советодавна функција.

Со наведените функции трговијата ги наголемува разликите меѓу понудата на стоки од страна на производителите и побарувачката на стока од страна на разни категории на потрошувачи. Тие се однесуваат на просторни, временски, квалитативни и квантитативни разлики меѓу понудата и побарувачката на пазарот (Јаќоски, 1993).

Од географски аспект, меѓу овие функции две заслужуваат посебно внимание, а тоа се **просторното** и **временското посредување**.

**Просторното посредување** се јавува како последица во регионалните разлики кои се јавуваат во производството и потрошувачката. Поради различниот распоред на производните сили, во едни реони се појавува вишок, а во други недостаток на поедини производи. Со својата посредничка улога трговијата доведува до поврзување и израмнување на понудата и побарувачката во различните делови на една земја и во светот како целина.

**Временското посредување** во трговијата пак, произлегува од временската несовпадливост помеѓу производството и потрошувачката која се јавува воглавно од две причини:

- Одредено производство има сезонски карактер (на пример земјоделско-прехранбени производи), додека потрошувачката е континуирана, и

- Производството е континуирано, а потрошувачката е со сезонски карактер (на пример некои видови на градежен материјал).

За да се совлада временската несовпадливост помеѓу производството и потрошувачката, трговијата ја набавува стоката во време на производството, ја лагерира и ја продава преку целата година. На тој начин отвора простор за ново производство, а на потрошувачите им обезбедува сигурност и континуитет во снабдувањето.

Во зависност од местото каде што се врши или поточно во однос на државната територија, трговијата се дели на **внатрешна** и **надворешна**. **Внатрешната трговија** се одвива на нашиот домашен пазар, а **надворешната трговија** ја опфаќа размената на стоки меѓу нашата и други држави во светот.

Според правецот на движењето на стоката разликуваме **извоз** (експорт) и **увоз** (импорт). Според обликот на трговската размена трговијата се дели на **трговија на големо** (гросистичка) и **трговија на мало** (деталистичка). Спрема видот на стоката што се продава трговијата се дели на **трговија за промет со прехранбени, текстилни, хемиски и други производи.**

Стоковниот промет се врши на пазарот. На него трговските претпријатија ги вршат двете прометни активности - **набавката и продажбата.**

Како пазарни институции кои ја сочинуваат трговската мрежа се: откупните станици, стовариштата и продавниците во потесна смисла, а во поширока смисла како пазарни институции се јавуваат и пазарите на големо, пазарите на мало, трговските центри, саемите, стоковните берзи, стопанските изложби и аукциите. На аукциите продажбата на добра на трговски производи се врши по пат на наддавање. Според видот на производите кои се предмет на аукциска продажба се разликуваат три вида на аукции: **1. аукции на ретки**

**предмети** (како што се уметнички дела и сл.); **2. аукции на суровини** (чај, кафе, тутун, дрво, волна и др.) и **3. аукции на брзо расипливи производи** (овошје, зеленчук, риба и сл.).

## 7.2. ВНАТРЕШНА ТРГОВИЈА

Внатрешната трговија претставува организирана размена на стока на територијата на Република Македонија. Предмет на тргување е сета стока од домашно потекло, потоа увезената и национализираната стока. Содржината на работата и задачите на внатрешната трговија се многубројни. Таа треба преку трговските претпријатија да овозможи брз и адекватен промет на производите помеѓу сите стопански субјекти и со тоа да го реализира производството. За таа цел се организирани трговски претпријатија на големо и трговски претпријатија на мало. Посебна задача на трговијата е да развие мрежа на продавници насекаде каде населението живее и работи со цел да го снабдува благовремено и со потребните количина на стока. За извршување на овие задачи во развојот на внатрешната трговија од географски аспект многу е значајно адекватно димензионирање и лоцирање на трговските капацитети. Така, мрежата на трговските претпријатија на големо главно се организира во градовите, а се лоцира на раскрсниците кај големите сообраќајници, додека мрежата на малопродажните капацитети треба рамномерно да се распоредува во просторот во зависност од бројноста и куповната сила на населението.

Трговијата во Македонија спаѓа во групата на стари дејности. Особено просперитет доживеала во XIX век, кога трговската размена во широк обем се вршела во сите градски населби каде за тоа постоеле и услови како чаршии, пазаришта, концентриран капитал и поголем број потрошувачи. Во некои градови, како Прилеп, Охрид, Скопје, Дојран, Струга и други, се одржувале и големи панаѓури. Најголема циркулација во размената имале занаетчиските и земјоделските, односно сточарските производи.

Меѓутоа, овој напредок на трговијата во втората половина на XIX век бил запрен од напливот на индустриски стоки од Европа. Тоа влијаело врз македонското занаетчиство кое почнало да пропаѓа, а поради несигурност на патиштата замрела и трговијата. Како последица на тоа престанале да се одржуваат и панаѓурите.

Периодот меѓу двете светски војни не дал некои посебни импулси за развој на трговија. Територијата на Македонија како периферно подрачје на тогашна Југославија немала никаква предност, напротив, била изложена на многу ограничувања во целокупниот развој, а посебно во трговијата.

Со развојот на низа стопански дејности, а особено на индустријата, како и урбанизацијата, трговијата станала многу подинамична и подоходовна од ослободувањето па наваму. Сите градови денес, повеќе или помалку, имаат функција на трговски центри. Поновиот развој на трговијата во Македонија може да се подели на два периода:

**- од ослободувањето до осамостојувањето на Македонија и**

**- од осамостојувањето па наваму.**

Во првите години по ослободувањето посебна грижа била посветена на изградбата на магацинскиот простор така што биле изградени 60 магацински и 7 индустриски ладилници. Истовремено била ширена и мрежата на продавници и во 1955 година во Македонија веќе имало 2.619 продавници во кои работеле 7.000 работници. Во следниот период и бројот на продавниците и вработените бил во постојан пораст. Во 1970 година веќе имало 5.370 продавници со 21.240 вработени во нив, а во 1990 година бројот на продавниците се наголемува на 10.952 во кои работеле 43.530 работника. Од нив 33.400 биле вработени во трговијата на мало, а 12.130 работника во трговијата на големо.

Вториот период од осамостојувањето на нашата држава во 1991 година па наваму се јавиле нови состојби во трговијата. Нагло се зголемил бројот на продавниците, така што веќе во Македонија има 23.100 продавници, меѓутоа бројот на вработените се намалил на 38.900. Од нив во трговијата на мало биле 30.800, а во трговијата на големо 8.100 работника. Најголем дел од продавниците се наоѓаат во Скопје-5.400 или 23% од вкупниот број на продавници во Републиката. На второ место е Битола со 1.300 продавници, на трето Тетово со 1.200 продавници и на четврто Куманово со 1.100 продавници. Останатите градови имаат под 1.000 продавници. Во овие години брзо се шири трговската мрежа и во селата. Меѓу нив најголем број продавници има во Богданци-85, што е повеќе отколку во Кратово и Крушево кои имаат по 73 продавници, односно најмалку меѓу градските населби. На второ место меѓу селските населби се наоѓа Лабуниште (Струшко) со 72 продавници, на трето Врапчиште (Гостиварско) со 40 продавници и сл.

Вкупниот продажен простор во Републиката во 1996 година изнесувал 1.024.500 $m^2$, односно на секој жител доаѓале по скоро 2 $m^2$, или на една продавница се паѓале по 84 жители.

Според типот на продавници најзастапени се класичните продавници-19.664 или 85% од вкупниот број на продавници. После нив следуваат самопослугите-1.709 или 7%, па киосците-1.150 или 5%, бутиците-203, пумпните станици-192, салоните за автомобили-130 и стоковните куќи-55. Во однос на 1990 година единствено бројот на стоковните куќи бил намален и тоа од 73 на 55, што за трговијата е негативна појава (ЗСРМ, 1998).

Освен продавниците, во составот на трговската мрежа во поширока смисла на зборот влегуваат и цела низа на посебни пазарни институции. Од нив кај нас се застапени **пазарите на мало, пазарите на големо и трговските центри.**

**Пазарите на мало** претставуваат традиционални пазарни институции за промет на стоки на мало. Тие уште од минатото претставуваат место за собирање на понудувачите на стока (најчесто земјоделски производители и занаетчии) и населението како купувачи. Во сите градови од средниот век постоеле пазари, а постојат и денеска. Организирани се како комунални претпријатија кои за вршење на промет на мало обезбедуваат простор и опрема (тезги, ваги, и сл.). Во секој град постои најмалку по еден пазар на

мало, а во големите градови и повеќе, на пример во Скопје покрај Бит Пазар постојат уште десетина вакви пазаришта на мало.



*Пазарен ден во Струга*

**Пазарите на големо** претставуваат претпријатија од понов датум. Тие, според нашите прописи, претставуваат посебно организирани и уредени места на кои се продаваат земјоделски производи на големо. За разлика од традиционалните пазари, пазарите на големо располагаат и со складишта и со други објекти кои се потребни за вршење на прометот. Такви пазари кај нас постојат во Скопје и Струмица.

Во нашата држава застапени се и **трговските центри**. Тие претставуваат просторна групација на голем број продавници од разни типови и големини. Освен продажните, трговските центри во својот состав имаат уште и угостителски и занаетчиски објекти и објекти за разонода. Најпрво се појавиле во САД (shopping centers) од каде се прошириле и во другите земји во светот. Во Македонија вакви центри има вкупно 55 со 1.615 продавници. Од нив 32 трговски центри се во Скопје со 1.126 продавници. Потоа 5 има во Битола, по 3 во Охрид, Тетово и Струга и по 1 во останатите поголеми градови како Прилеп, Куманово, Штип, Велес и др. (ЗСРМ, 1998). Во големите трговски центри се присутни голем дел од светските брендови главно за облека, обувки и соодветна модна галантерија.

## 7.3. НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

Надворешната трговија ја опфаќа размената на стоки и услуги меѓу Република Македонија и други држави во светот. Таа се одвива во вид на увоз, извоз и транзит на стоки и услуги преку нашата територија. Се дели на стоков промет или т.н. „видлив“ увоз и извоз на стока и нестоковен промет или т.н. „невидлив“ извоз и увоз на услуги. Според тоа, надворешната трговија го опфаќа увозот и извозот на стока, сообраќајните услуги, услугите за осигурување, патувањето на населението (туристичките услуги), разните други услуги од интелектуален карактер, како трансфер на технологии, авторски права и сл., како и тековниот прилив и одлив на средства по основа на инвестиции во странство. Надворешната трговија е условена од повеќе фактори, пред сѐ, од тоа што географскиот распоред на суровината во светот не е рамномерен. Ниту една земја не располага со сите суровини потребни за самостоен економски развој. Различните поднебја условуваат најразновидно растително производство, рудното богатство не се јавува во сите делови на светот. Затоа сите земји во светот, во поголема или помала мера, за да обезбедат нормален развој на сопственото стопанство, се упатени на увоз на суровини и други добра и извоз на готови производи, капитал и сл. Надворешната трговија во една земја зависи и од влијанието уште на низа историско-општествени фактори било да се надворешни или внатрешни за една земја.

Увозот и извозот на стока нашата статистика го води според економската намена и според степенот на обработката на стока.

Според **економската намена** стоката се евидентира како:

1. материјали за репродукција (суровини, гориво и готови производи за репродукција);
2. средства за работа (машини, транспортни средства и др.) и
3. стока за широка потрошувачка (храна, пијалоци, облека, мебел и др.).

Според **степенот на обработка** стоката во надворешната трговија се дели на:

1. необработени производи;
2. производи од обична преработка и
3. производи од висока преработка.

Досегашниот развој на стопанството во Република Македонија јасно укажува дека меѓу производството, увозот и извозот постои широка меѓузависност. Во земјава работат голем број претпријатија чие производство главно е ориентирано кон извоз. Од друга страна, и производителите кои немаат потреба за извоз, меѓутоа производството го базираат на материјали кои не се произведуваат кај нас, имаат постојана потреба нив да ги увезуваат. Како резултат на тоа, размената на стоки меѓу нашата земја и другите држави во еден подолг временски период бележи константен пораст. При тоа, основни карактеристики на надворешно–трговската размена се:

1. мал обем на извозот;
2. висока увозна зависност, односно поголем обем на увозот на стоки и

3. дефицит во размената со странство.

***Извоз и увоз на стоки за период од 1980 до 2010 година (во милиони САД долари)***

| **Година** | ***1980*** | ***1990*** | ***2000*** | ***2010*** |
|---|---|---|---|---|
| **Извоз** | 419 | *577* | *1326* | *3351* |
| **Увоз** | 787 | *1128* | *2063* | *5474* |
| **Дефицит** | -368 | *-551* | *-737* | *-2123* |

*Извор: Завод за статистика на Република Македонија, Народна Банка на Република Македонија и Дирекција за платен промет.*

За вака високиот дефицит кој во 2010 година изнесува -2.123 милиони САД долари има повеќе причини. Со распаѓањето на поранешна Југославија, и осамостојувањето на Република Македонија, внатрешниот пазар се намалил од над 20 милиони на 2 милиони жители, со необезбеден надворешен пазар. Така, на една страна, сите наши позначајни индустриски, аграрни и други производствени и услужни стопански капацитети изградени според потенцијалот на поранешниот југословенски пазар, изложени се на тешкотии со пласманот на голем дел од своето производство. На друга страна, сегашниот македонски пазар не е во состојба да ги апсорбира производите на металургијата, металопреработувачката, хемиската, градежната, текстилната, кожарската, тутунската и други индустриски гранки. Без извоз на значаен дел од ова производство, производните капацитети принудени се да го намалуваат своето производство.

Втора фундаментална причина за високиот дефицит е широката листа на дефицитарни суровини и репродукциски материјали од кои се зависни голем број индустриски преработувачки гранки, па и аграрното производство во поширок план. Тука пред сé спаѓаат дефицитарни енергенти: нафта и гас, потоа базичните хемиски производи, волната, кожата, агрохемиски препарати, семен или раседен материјал и др. Особено значење за осовременување на постојната индустриска и аграрна продукција има и постојаната потреба од увоз на современа опрема, бидејќи сегашната е застарена, како машини, транспортни средства, земјоделска и градежна механизација и сл. На крајот, но не и помалку важно е и постојаната потреба од увоз на неопходни прехранбени производи, како што се пченицата, пченката, шеќерот, маслата за јадење, речиси сите видови месо и месни производи и др. Плаќањето на сите овие производи без кои не може да се замисли нормалното функционирање на стопанството и подобрување на благосотојбата на населението, треба да се обезбеди главно од девизниот прилив што се остварува со извозот на наши стоки и услуги чиј обем не е така голем.

Во услови на ниско ниво на извозот и едновремено на висока увозна зависност во надворешно-трговската размена на земјата се формира хроничен дефицит чие финансирање претставува сериозен проблем, со лимитирачки ефекти врз вкупната стопанска активност и развој (Стратегија, 1999), но и врз формирањето на резервите на злато во државата.

## 7.3.1. СТРУКТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАДВОРЕШНО - ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА

Структурата на надворешно -трговската размена на Република Македонија е во тесна врска со структурата на индустријата и земјоделството. Оние гранки кои најмногу учествуваат во структурата на индустријата и земјоделството се и главни носители на надворешно-трговската размена.

Ако ги анализираме структурните промени што настанале во индустријата за еден подолг временски период, ќе констатираме дека тутунската индустрија низа години учествувала со повеќе од 55% во нашиот извоз. Потоа нејзиното учество почнало да опаѓа, а се појавиле и низа нови гранки, како црната металургија, автомобилската индустрија, електроиндустријата, текстилната, индустријата за кожа и чевли и др.

Денеска извозот на стока го остваруваат повеќе стопански сектори со над 1.550 производи. Тоа укажува на широка дисперзираност, а како главни носители се неколку индустриски комплекси и одреден број на производи. Од индустриските комплекси доминантно учество во извозот имаат производите од автомобилската идустрија, текстилот, кожата и основните метали.

Покрај овие групи производи позначајно место имаат и преработките од земјоделски производи во кое водечко место и припаѓа на преработката на тутун, вино и други пијалоци, свеж зеленчук и овошје, јагнешко и овчо месо и др.

Во структурата на увозот според меѓународната трговска класификација доминантно место имаат разните готови производи, машините и транспортните средства. По нив следуваат минералните горива посебно нафтата, а високо учество завземаат и производите за храна како жито, месо, кафе и сл.

## 7.3.2. ГЕОГРАФСКА СТРУКТУРА НА НАДВОРЕШНО -ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА

Регионалната насоченост на извозот и увозот на нашата земја се карактеризира со доминантно учество на земјите од Европската Унија, потоа релативно високо е учеството и на републиките од поранешна Југославија и на земјите од Централна и Источна Европа.

Причините за ваквите состојби лежат во структурата на македонскиот извоз која е неповолна и опфаќа категорија на производи за кои пазарот, на пример, во ЕУ е особено лимитиран, било поради заштитните инструменти кои ги спроведува Унијата како што се квотите, увозните ограничувања, а во последно време и поради постоењето на остра конкуренција од земјите на ЦИЕ.

Севкупните сосотојби во стопанството имаат свое влијание и во надворешно-трговската размена на нашата земја. Таа се карактеризира со мал број странски партнери.

***Трговската размена на Република Македонија со поважни трговски партнери во 2010 година (во илјади САД долари)***

| | Извоз | Увоз |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **3 351 429** | **5 474 485** |
| **Европа** | **3 161 663** | **4 315 419** |
| **Албанија** | 72 384 | 22 917 |
| **Австрија** | 36 976 | 94 235 |
| **Белгија** | 80 755 | 31 485 |
| **Бугарија** | 294 035 | 301 962 |
| **Словачка** | 34 380 | 23 273 |
| **Чешка** | 15 337 | 51 343 |
| **Данска** | 4 587 | 20 680 |
| **Украина** | 21 271 | 117 624 |
| **Франција** | 13 923 | 85 034 |
| **Грција** | 246 197 | 448 933 |
| **Германија** | 712 424 | 613 482 |
| **Холандија** | 70 407 | 68 691 |
| **Италија** | 235 357 | 335 214 |
| **Босна и Херцеговина** | 84 951 | 49 141 |
| **Словенија** | 69 099 | 165 123 |
| **Хрватска** | 123 729 | 113 286 |
| **Унгарија** | 8 606 | 47 640 |
| **Полска** | 24 219 | 69 828 |
| **Романија** | 54 312 | 126 816 |
| **Русија** | 26 739 | 552 537 |
| **Шпанија** | 73 674 | 60 405 |
| **Швајцарија** | 18 790 | 99 370 |
| **Шведска** | 13 162 | 33 822 |
| **Велика Британија** | 59 288 | 285 641 |
| **Србија** | 271 817 | 419 443 |
| **Црна Гора** | 27 435 | 1 439 |
| **Други земји** | 464 094 | 74 667 |
| **Индија** | 2 382 | 34 500 |
| **Јапонија** | 934 | 45 377 |
| **Кина** | 89 178 | 288 782 |
| **Кореја** | 1 803 | 43 380 |
| **Турција** | 50 909 | 261 652 |
| **САД** | 14 237 | 102 599 |

Имено концентрацијата на надворешно-трговската размена се сведува само на 5-6 земји од ЕУ-28 кои можат да се сметаат како стратешки (Германија, Грција, Бугарија, Италија, Хрватска и Словенија).

Од останатите земји најголем трговски партнер на Република Македонија се Србија (втор најзначаен партнер во трговската размена со нашата земја) и Косово.

Следна неповолна карактеристика претставува трговскиот биланс во надворешно-трговското работење. Нашата држава во целиот период од осамостојувањето бележи дефицит во надворешно-трговската размена. Последните години проблемите со платно-билансната нерамнотежа доаѓаат до се́ поголем израз, а негативниот тренд на дефицит во трговскиот биланс во 2010 година изнесува 2.123 милиони USD $.

Денеска Република Македонија трговски врски одржува со повеќе од 60 земји во светот. Меѓутоа преку 85% од својот извоз и скоро 80% од својот увоз го остварува само со 14 земји.

# 8. ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Туризмот претставува сложена стопанска, општествена и културна дејност. Тој меѓу сите општествени движења најјасно е определен со одредени просторни релации, а тоа се: местото од каде што тргнуваат туристите, правците по кои се движат и местата каде што доаѓаат и престојуваат туристите. Овие просторни релации се одраз на квалитетно различните географски средини. Туризмот во современиот свет се карактеризира со голема динамичност и масовност во развојот. Таа масивност се однесува и на меѓународниот туризам и на развој на туризмот во одделните земји и региони.

Масовниот развој на туризмот се јавува од една страна како последица на брзата индустријализација и урбанизација која доведува сè повеќе до загадување на животната средина и од друга страна е резултат на низата значајни економски, социјални промени како што се: зголемувањето на заработувачката, порастот на слободното време, користењето на надоместокот за годишен одмор, здравствено осигурување, стекнување на право на пензија кај се поголем број луѓе и сл.

Туризмот како стопанска дејност претставува економска појава со нагласено влијание во просторите каде се јавува преку вршење на основната функција-прифаќање и сместување на туристите, задоволувајќи истовремено голем број нивни барања и желби.

Во вкупната туристичка понуда, тој преку мултипликативното влијание во процесот на стопанисувањето посредно и непосредно, вклучува и поттикнува повеќе гранки и дејности. Ова пред сè се однесува на угостителството, чие вклучување е целосно, потоа сообраќајот, трговијата, полјоделството, градежништвото, занаетчиството, индустријата, здравството како и голем број разни видови услуги. Исто така, преку туристичката понуда, во туризмот се остваруваат приходи и од нематеријални вредности кои се однесуваат на природните убавини, климатските и хидрографските погодности, културно-историското наследство, етнолошкото богатство, спортско-рекреативните активности и др.

Со развојот на туризмот се активираат неразвиените краеви, се овозможува искористување на непродуктивните појави и блага, се забрзува целокупниот стопански развој и развојот на културата во туристичките места, влијае врз зголемувањето на вработеноста и подигање на животниот стандард на населението и сл. Туризмот овозможува „продавање" на убавите езерски пејсажи, чистиот планински воздух, уредените галерии и музеи и др. Тој претставува „невидлив извоз" во кој стоката не патува кон купувачот, туку купувачот доаѓа во земјата и тука ја купува и троши стоката. Преку туризмот се забрзува циркулацијата на парите, тој учествува во создавањето на националниот доход и го намалува дефицитот на платниот биланс. Од овие причини сите

земји во светот, па и нашата, на туризмот му посветуваат посебно внимание и преземаат низа мерки за негов развој.

## 8.1. ФАКТОРИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Развојот на туризмот се врши под влијание на бројни и разновидни фактори. Такви се состојбата со животната средина, слободното време, расположливите финансиски средства, традицијата и навиките на луѓето за туристички патувања и сл. Со оглед на сложеното влијание на овие фактори и нивната бројност и комплексност тие главно се групирани во четири групи: **иницијативни** или **поттикнувачки**, **комуникативни, рецептивни** и **посредувачки**.

За развој на туризмот во Македонија особено значење има нејзината туристичко географска положба. Преку неа се искажува туристичката вредност на туристички ресурси, а во одредени случаи, географската положба има и туристичка вредност.

Во функционален поглед туристичко-географската положба на Република Македонија се дефинира како: **транзитна, контактна** и **поливалентна.**

Транзитната положба особено е нагласена со тоа што Македонија претставува значајна крстосница и природен мост меѓу балканските држави. Транзитноста посебно е нагласена во правецот север-југ односно по Коридорот 10. Од Средна Европа еден значаен туристички тек е насочен кон Балканскиот Полуостров, односно кон Егејското Море и Источното Средоземје. Тој директно минува низ Македонија и создава поволни услови за развој на странскиот транзитен туризам. Во иднина со изградбата на Балканската трансферзала односно Коридорот 8 кој го поврзува Јадранското со Црното Море водејќи од Драч преку Тирана-Скопје-Софија до Варна, се очекува транзитот да се зголеми и во овој правец. Затоа сè што ќе биде направено на туристичко-урбанистичкото оформување на овие коридори ќе има силен одраз не само на зголемување на обемот на туристичкнот промет, туку и на економските ефекти од него.

Контактната туристичко-географска положба на Македонија е изразена преку нејзините пет гранични земји: Бугарија, Србија, Косово, Албанија и Грција. Контактноста ја зголемува фактот што голем дел од Македонците живеат во соседните држави, посебно во Грција и Бугарија. Тоа има нагласено значење за развој на малограничниот туристички промет.

Поливалентноста пак се манифестира преку постоење на бројни и разновидни туристички ресурси како: планини, езера, бањи, културно-историски споменици и сл., кои кон себе привлекуваат различни видови на туристички движења.

Од изнесеното следува заклучок дека туристичко-географската положба на Република Македонија поседува посебни туристички вредности и претставува важен фактор за развој на туризмот.

### 8.1.1. АТРАКТИВНА ОСНОВА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Атрактивноста на туристичките ресурси е еден од најважните елементи во формирањето на туристичката понуда во Република Македонија. Туристичко-ресурсниот потенцијал на нашата држава по составот, богатството, просторната разместеност и атрактивност е многу разновиден. Меѓутоа, таквиот потенцијал сè уште во потполност не се одразува врз обемот и темпото на порастот на туристичкиот промет. Денешната туристичка коњуктура на Македонија, иако е мала, сè уште е последица на општата туристичка експанзија во Европа, а не на афирмацијата на нашето туристичко ресурсно богатство. Во последно време поврзаноста на атрактивноста на туристичките ресурси со масовноста на туристичките движења е се поочигледна. Затоа се наметнува неминовна потреба од детално запознавање, проучување и афирмација на целокупната атрактивна рекреативна база врз која се засновува развојот на туризмот во Републиката.

#### а) ЕЗЕРАТА ГЛАВЕН ПРИРОДЕН ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛ НА МАКЕДОНИЈА

Езерата претставуваат најатрактивни туристички ресурси во нашата земја. Тие денеска се најпосетени и истовремено се главен туристички потенцијал. Во зависност од атрактивноста, тие се јавуваат како самостојни или комплементарни туристички простори. Како самостојни се издвојуваат големите тектонски езера: Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, од природните и Мавровското од вештачките езера, а во комплементарната група ги вбројуваме глацијалните езера и сите останати вештачки езера. Меѓу глацијалните езера особено се истакнуваат: Боговинското, Црно и Бело Езеро на Шар Планина, Големо и Мало Езеро на Пелистер, Подгаречкото и Вевчанското Езеро на Јабланица и Големо и Мало Езеро на Јакупица. Од вештачките езера посебно туристичко значење имаат оние кои се изградени во близината на градските населби, а такви се: Матка кај Скопје, Младост кај Велес, Тиквешко Езеро кај Кавадарци, Градче кај Кочани, Шпиље кај Дебар и др.

Големото туристичко значење на македонските езера е резултат пред сè на нивната висока атрактивно-рекреативна вредност, како и на мошне квалитетните физичко-хемиски и биолошки карактеристики на водата. Така само четирите големи езера: Охридското, Преспанското, Дојранското и Мавровското располагаат со вкупна водена површина од 679,2 km² од која на територијата на Република Македонија се наоѓа 447.5 km². За развој на туризмот мошне

важен елемент е должината и разгранетоста на нивните брегови. Во тој поглед нашите големи езера имаат вкупна должина на бреговата линија од 250 km, а од неа на територијата на Република Македонија се наоѓаат 145.1 km, односно приближно колку што изнесува и должината на Црногорското приморје без Бока Которскиот Залив.

Со најголема брегова линија располага Охриското Езеро - 56.7 km, потоа Преспанското - 50.4 km, па Мавровското - 23 km и со најмала Дојранското Езеро - 15 km.

Следниот важен елемент при оценувањето на погодностите за развој на туризмот од морфолошки аспект кај езерата е присуство на плажи и површини погодни за изградба на туристички објекти и туристичка инфраструктура. Од тој аспект големите езера располагаат со вкупна должина на плажи од 43.5 km, односно површина од 161.5 ha. Со примена на нормата од 600 капачи на 1 ha плажа, се добива вкупниот капацитет на езерските плажи и тој изнесува 97.000 капачи.

Најголемите плажи се наоѓаат на брегот на Охриското Езеро. На него постојат 10 поголеми плажи со вкупна површина од 82.2 ha и тие имаат најголем капацитет од 49.320 капачи. Меѓу нив најдолга е плажата кај Св. Стефан 4 km, меѓутоа најголема по капацитет е плажата „Андон Дуков". Таа може да прими по 10.500 капачи, додека најквалитетна е плажата кај Св. Наум.



*Автокамп „Градиште" на брегот на Охридско Езеро*

По Охриското следуваат плажите на Преспанското Езеро. На него постојат 6 поголеми плажи со вкупна површина од 67.8 ha и на нив може истовремено да се сончаат 40.680 капачи. Меѓу нив најголема е плажата Крани-Наколец, која е и најдолга плажа на македонските езера-8 km, а се простира на површина од 40 ha. На неа одеднаш може да се сончаат и капат по 24.000 капачи.

Со најмал број 4 и со најмала површина од 11.50 ha се плажите на Дојранското Езеро. На нив може да престојуваат по околу 7.000 капачи.

Положбата со должината на туристичката сезона која е резултат на физичките особини на водата, пред сè на температурата, на поеделните езера е поинаква. Гледано од тој аспект можност за најдолга сезона овозможува Дојранското Езеро. На него времетраењето на летниот стационарен капалишен туризам трае скоро 160 дена во годината. На Охридското Езеро капалишната сезона изнесува 120 дена, додека на Преспанското Езеро таа се движи помеѓу 90 и 100 дена (Стојмилов, 1972).

### б) ЗНАЧЕЊЕТО ПА ТЕРМОМИНЕРАЛНИТЕ И ДРУГИТЕ ХИДРОГРАФСКИ ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Од другите хидрографски туристички ресурси со кои располага земјава, а кои по своето значење доаѓаат веднаш по езерата, се термоминералните извори. Тие како посебни хидрографски објекти се мошне распространети. Вкупно во Република Македонија се јавуваат повеќе од 50 извори на минерални и термоминерални води со вкупен капацитет од околу 1500 l/s. Туристичките вредности на овие извори врзани се за амбиентално-пејсажни карактеристики и здравствено-рекреативната функција. Тие играат важна улога во развојот на туризмот, особено во омасовување на домашниот туризам.

До сега како самостојни бањски туристички места се формирани следните 8 бањи: Катлановска Бања, Бања Бањиште, Косоврашка, Негорска, Струмичка Бања, Бања Кежовица, Кумановска Бања и Кочанска Бања. Сите тие се разликуваат помеѓу себе како по положбата, хемискиот состав на водата така и по лековитост. Така на најмала надморска височина се наоѓа Негорска Бања (60 m), а на најголема бањата Бањиште кај Дебар (на 870 m). Потоа според количината на водата со која располагаат нивните извори, со најмала количина располага Кумановска Бања 6 l/s, а со најголема бањата Бањиште (сите извори околу 100 l/s). Водата од Кумановската Бања е и со најниска темиература од 30°C, додека највисока темиература има водата од бања Бањско од 72°C. Во поглед на хемискиот состав водата кај најголем дел од нашите бањи е сулфурна, односно сулфурно-алкална - Катлановска Бања, потоа сулфурно-карбонатна - бањата Бањиште и Косоврашка Бања или сулфурно-радиоактивна-бањата Кежовица кај Штип. Две бањи имаат натриумско-сулфурна вода: Негорска

Бања и бањата Банско и две бањи имаат магнезиумско-хидро-карбонатна вода: Кумановска и Кочанска Бања.

Освен овие елементи кои ги даваат главните својства на водата, таа во нашите бањи содржи и поголем број ретки елементи како: литиум, цезиум, берилиум, радиум и др. кои влијаат врз зголемување на лековитите својства на водата.



*Косоврашка Бања-хотел „Термал"*

Водата од некои бањи содржи и поголема количина на растворени гасови. Во тој поглед особено се истакнува Косоврашка Бања која по содржината на сулфурводородот од 31 mg/l го зазема третото место меѓу бањите во Европа. Водата од оваа бања се карактеризира и со значајна застапеност на животински свет во себе. Тоа се повеќе видови сулфурни бактерии и алги. Тие во некои бањи во Европа, особено во Франција се користат за лекување на разни кожни заболувања. Водата од бањата Кежовица се смета за радиоактивна, а во Негорска Бања покрај водата за лекување се користи и термалната кал за **пелоидна терапија**. Сето тоа покажува дека нашите бањи даваат широки можности за развој на бањскиот или како уште е познат како здравствен туризам.

Македонските реки, покрај нивното повеќекратно значење, важни се и за развој на туризмот. Како и езерата и тие според туристичко-атрактивните и рекреативни својства се делат на самостојни и комлиментарни туристички ресурси. Како самостојни туристички ресурси се јавуваат оние реки кои се одликуваат со значителни атрактивно-рекреативни својства. Такви се Радика, Треска, Кадина Река, Вардар и други. На нив најмногу е развиен рекреативниот риболов, а нивните текови посебно се атрактивни во клисурестите делови.

Многу повеќе се застапени реките како комплементарни туристички ресурси. Нивната атрактивност се вклопува во пејсажниот амбиент на околината и на тој начин ја зголемува атрактивноста на поширокиот простор. Такви се скоро сите планински реки во Македонија. На некои од нив како на пример

на Шарските, Корабските, Беласичките и други реки се јавуваат и водопади кои со својата убавина како што е на пример Колешинскиот водопад на Беласица кој е заштитен и со закон, му даваат посебно обележје на пејсажот.

**в) ПЛАНИНИТЕ КАКО КОМПЛЕКСНИ ПРИРОДНИ ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ**

Република Македонија е главно планинска земја. Во неа на релативно мал простор се издигаат околу 40 високи, средно-високи (20) и ниски планини (6). Меѓу нив најголеми погодности за развој на туризмот имаат високите планини. Нивна главна туристичка карактеристика е што располагаат со погодна експозиција, благи наклони, голема пошуменост и квалитетна планинска клима, така што овозможуваат развој како на летниот стационарен планински туризам, така и за развој на зимско-спортскиот туризам.

За атрактивност на нашите планини од посебно значање се релјефните погодности. Така со детални проучувања на терените за зимски спортови утврдено е дека на високите планини во Македонија може да се формираат вкупно 30 зимско-спортски центри.

*Преглед на постојаните и перспективни зимско-спортски центри со нивниот денивелационен капацитет*

| Планини | | Број на скијачки центри | Вк. денивелација (m) |
|---|---|---|---|
| **1** | **Шар Планина** | 8 | 48 650 |
| **2** | **Пелистер** | 5 | 22 500 |
| **3** | **Јакупица** | 2 | 8 960 |
| **4** | **Бистра** | 3 | 7 200 |
| **5** | **Ниџе** | 1 | 7 140 |
| **6** | **Стогово** | 1 | 4 790 |
| **7** | **Кораб** | 1 | 4 200 |
| **8** | **Осогово** | 1 | 2 750 |
| **9** | **Галичица** | 1 | 2 650 |
| **10** | **Кожуф** | 1 | 2 100 |
| **11** | **Плачковица** | 1 | 1 500 |
| **12** | **Малешевски Планини** | 2 | 1 100 |
| **13** | **Бушева Планина** | 2 | 1 100 |
| **14** | **Скопска Црна Гора** | 1 | 500 |
| Вкупно | | 30 | 115 140 |

Извор: Стојмилов А (1974): Туристички вредности на Македонските планини, Докторска дисертација (во ракопис) одбранета на ПМФ, 1974

Нивната вкупна денивелација (висинска разлика на скијачките патеки) изнесува 115 km. Со примена на меѓународни норми во користење на скијачките патеки (1 метар денивелација према 1 скијач) се доаѓа до заклучок дека максималниот капацитет на нашите зимски спортски центри (постојани и перспективни) изнесува 115.000 скијачи кои може да се скијаат во исто време.

Најголем број на скијачките центри може да се формираат на Шар Планина - 8. Таа располагаа со најголеми денивелациски можности на скијачките патеки кои изнесуваат 48.650 метри. На второ место е Пелистер. На него може да се изградаат 5 зимско-спортски центри со вкупна денивелација од 22.500 метри. Овие две планини учествуваат со преку 60% во вкупната денивелација на скијачките патеки во Македонија. Се забележува исто така дека 9 планински масиви располагаат со 23 погодни терени за зимско-спортски туризам и имаат поголеми денивелациски можности на скијачките патеки од 2.500 метри. Тоа се високо квалитетни зимско-спортски терени кои можат да ги задоволат сите барања што ги поставуваат спортските центри во Европа.

Денеска на нашите планини постојат 7 зимско-спортски центри и тоа: Попова Шапка на Шар Планина, Маврово на Бистра, Крушево на Бушева Планина, Ниже Поле на Пелистер, Пониква на Осогово, на Кожув и на Галичица.




*Зимско-спортски центар Попова Шапка*

Во биоклиматски поглед планините се карактеризираат по тоа што со зголемување на височините опаѓа воздушниот притисок, се смалува количест-

вото на кислород, а се смалува и процентот на прав и бројот на микробите во воздухот. Утврдено е дека над 1.000 метри надморска височина правот и микробите скоро исчезнуваат. За планинската клима во целост може да се каже дека на човечкиот организам делува стимулативно и ја зголемува неговата отпорност. Тоа делува врз зголемување на црвените крвни зрнца, а во помала мера и врз зголемување на хемоглобинот. Планинската клима поволно делува на психата, а преку зголемената инсолација и на пигментацијата. Затоа е забележано дека на планина и под сенка може да се поцрни.

Медицинските стручњаци планинските места во зависност од климата што владее на нив ги делат на планински места со: **Алпска** (1.200-2.000 м.н.в.), **Субалпска** (600-1.200 м.н.в.) и **Субпланинска** (до 600 м.н.в.).

Од туристички аспект планините се групираат во три групи: **излетничко-рекреативни, спортско-манифестациски** и **планини со комбинирано значење.** Излетничко-рекреативните планини се карактеризираат со својата положба, односно се наоѓаат во близина на градските населби. Такви се Водно и Скопска Црна Гора до Скопје, Баба до Битола, Бабуна до Прилеп, Галичица до Охрид и др.

Втората група ја сочинуваат планини на кои постојат можности за организирање на зимско-спортски манифестации. На нив бројот на посетителите се зголемува особено кога се одржуваат разни натпревари, шампионати и сл. Такви се на пример: Шар Планина, Бистра, Пелистер, Бушева Планина, Осогово и други планини.

Третата група се планини со комбинирано значење. На нив е застапен и излетничко-рекреативниот и спортско-манифестациски туризам. Такви се на пример Шар Планина на која Попова Шапка преставува зимско-спортски центар од европско значење, а во исто време и рекреативно-излетнички за Тетовчани. Сличен карактер има планината Баба за Битолчани, Бистра за Гостиварчани и сл.

За планините е карактеристично што претставуваат простори во кои нормално функционираат и двете туристички сезони (летната и зимската), во текот на годината. Која ќе доминира, зависи од повеќе фактори при што материјалната база и функционалната опременост играат многу значајна улога.

Во релјефот на Македонија, покрај планинските има и други морфолошки форми кои имаат нагласено туристичко значење. Такви се на пример пештерите, клисурите, кањоните, вулканските форми и сл. Како земја во која доста е застапен карстот во неа се развиени скоро сите карстни форми, од кои пештерите туристички се најатрактивни. Вкупно во Републиката до сега се регистрирани и испитани околу 250 спелеолошки објекти. Со подолги пештерски канали и побогати со сталактити и сталагмитите се пештерите: Бела Вода во Демир Капија (950 m), Слатинска пештера кај Македонски Брод (805 m),

Алилица на Бистра (615 m), Дона Дука на Жеден (600 m), Ѓоновица на Буковиќ (580 m), Калина Дупка на Бистра (408 m) и други.

Флората и фауната во Македонија имаат исто така значителни туристички вредности и овозможуваат широки можности за нивно користење во туристичките цели. Меѓу растителниот свет, од физиолошките типови, шумите се најзначајни за туризмот. Во Република Македонија тие зафаќаат површина од 953.000 ha или 37% од вкупната територија на државата. Од нив за туризмот посебно се важни оние заштитените кои покриваат површина од 71.300 ha.

Шумите во националните паркови, како посебно атрактивни туристички простори покриваат 43.590 ha, а шумите во излетничките места 1.100 ha. Доста е голема и површината и на заштитените шуми кои се надвор од националните паркови (17.617 ha), како и на шумите со посебна намена 9.000 ha кои имаат исто така нагласено место во развојот на туризмот.

Голем интерес кај туристите побудуваат заштитените растенија. Денеска вкупно во Републиката со закон се заштитени повеќе од 50 видови растенија. Освен во националните паркови Маврово, Пелистер и Галичица тие се заштитени и во специјални резервати како: резерватот на платан во Иберлиска Река, меѓу селата Иберлија и Челевец во Демир Капија; Резерватот на Црн Бар во локалитетот „Менкова ливада" во Мариово; резерватот на бука и ела во локалитетот „Тумба" исто така во Мариово; резерватот на бел бор во изворишниот дел на Бистричка Река во Мариово; резерватот на смрека во близина на Попова Шапка на Шар Планина; резерватот во локалитетот „Рупа" кај с. Брајчино на планината Баба, резерватот на бреза во локалитетот „Напртка" на планината Баба, резерватот на бука во локалитетот „Калојзана“ на Баба Планина; резерватот на бел бор во локалитетот „Чаи Чифлик“ во близина на езерото Водоча кај Струмица; резерватот на кривуљ, северно од Солунска Глава на планината Јакупица, кој се јавува на површина од 1.000 ha и е најголем резерват од овој вид во Македонија (Зиков, Атанасовски, 1993).

Од животинскиот свет во Република Македонија посебна туристичка вредност има ловниот дивеч и ендемичките видови на животни. Ловот често претставува самостоен мотив за привлекување на туристи и оние простори кои располагаат со ловен дивеч претставуваат значајни потенцијални подрачја за развој на туризмот. Вакви ловишта и ловни зони постојат скоро во сите општини во земјава, а нивната вкупна површина изнесува околу 3 милиони хектари.

Од ситниот ловен дивеч во Македонија е најраширен зајакот. Тој се сретнува на површина од околу 700.000 ha. Од крупниот дивеч најзастапени се дивата свиња, дивата коза, срната и еленот, а од прелетнот дивеч полската горска еребица, дивиот гулаб и фазанот. Како поуредени ловишта во Републиката се сметат: *Дојран* за диви свињи, *Богославец* за еребици, *Катланово* за фазани, *Моздрача* на Шар Планина за диви свињи и диви кози, *Брзовец* на Бистра за диви кози и др.

Риболовот на нашите езера како и оној на реките, претставува исто така своевидна туристичка атракција. Вкупната погодна површина за рибарење во земјава изнесува 55.000 ha. Од неа најголем дел се однесува на природните езера - 46.400 ha, потоа следуваат вештачките акумулации - 5.670 ha, па речните текови - 2.200 ha и рибниците - 860 ha.

Посебно туристички е атрактивна реликтната фауна. Скоро половина од животните видови во Охридското Езеро постојат уште од пред леденото доба. За тоа ова Езеро е познато како музеј на живи фосили и претставува најбогато езеро со фаунистички ендеми во Европа. Во нашите глацијални езера се задржал ендемичниот тритон. Дојранското Езеро пак спаѓа меѓу најбогатите езера со риби во Европа, на кое риболовот се одвива со птици, кои се сретнуваат единствено во светот само на уште некои кинески езера.

**г) АНТРОПОГЕНИ ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ**

Република Македонија се карактеризира со изобилство од антропогени творби кои се мошне атрактивни и претставуваат значајна погодност за развој на туризмот. Динамичкиот историски развој на Македонија од времето на древните Македонци па сè до најновиот период оставил низа траги во материјалната и духовната култура на македонскиот народ и малцинствата што живеат во неа.

Антропогените туристички ресурси кај нас главно можат да се карактеризираат во три групи и тоа: **културно - историски споменици, етнографски вредности** и **манифестациите како туристички привлечности.**

Културно-историските споменици поради бројната застапеност и знаменитости имаат посебно значење за развојот на туризмот. Нив на територијата на републиката ги има повеќе од 700, од кои околу 20 се од времето на праисторијата, 40 од античкиот период, 70 од средовековието, 100 од времето на преродбата и од НОВ и 300 од областа на народната архитектура. Ова споменичко богатство се сретнува низ целата територија на Македонија. Сепак најголем број на споменици се јавуваат околу Охридското Езеро, повеќе од 180, потоа следува скопската област - 120, па гостиварското подрачје со 70 и др.

Од аспект на туризмот посебно значење имаат археолошките локалитети како: Стоби, Скупи, Хераклеа, Баргала кај Штип, Марвинци кај Валандово, Вардарски вир кај Гевгелија и др.

Бројни и атрактивни се спомениците од среден век. Од тоа време се сочувани повеќе цркви и манастири како Св. Софија во Охрид, Св. Наум и Св. Јован на брегот на Охридското Езеро, Св. Јован Бигорски во долината на реката Радика, Св. Архангел Михаил или Лесновскиот Манастир кај Пробиштип, Св. Јоаким Осоговски кај Крива Паланка, Св. Богородица во с. Велуса кај Струмица, Св. Пантелејмон во с. Нерези кај Скопје и др.

Не помало внимание кај туристите побудуваат и објектите од исламската архитектура - џамиите и посебно од народната архитектура. Објектите од народната архитектура се сконцентрирани како во градовите: Охрид, Крушево, Струга, Велес, Кратово и други градови, така и во селата од повеќе краеви - долината на Радика, Дримкол, Малешевијата и други места.



*Манастирот Св. Јован Бигорски, познат по генијално изработениот иконостас од прочуените резбари П. Филиповски - Гарката и М. Фрчковски*

Етнографските специфичности со кои Македонија се карактеризира, претставуваат значаен привлечен фактор за туристите. Тие се однесуваат на начинот на живеењето на македонскиот народ и малцинствата во Македонија, потоа на нивната материјална и духовна култура, на фолкорот, исхраната, носијата, поточно сето она што го чини животот на ова население, нашето фолклорно богатство: обичаите, игрите, песните, носиите и сл. Се карактеризираат како по својата атрактивност така и по својата содржајност и суптилност. Своето уметничко творештво и талент нашиот народ го внел во сите предмети кои го користи во секојдневната употреба. Со тоа на еден оригинален и рустикален начин е соединето убавото со практичното. Сепак, во поглед на атрактивноста и туристичката привлечност на прво место се нашиот музички фолкор и носијата. Добар дел од оваа фолкорно богатство е собрано и се чува во околу 50 музеи кои се наоѓаат скоро во сите поголеми градови на Македонија, и се посетуваат од страна на туристите.

Погоден начин за презентирање на овие обичаи, песни и игри се и одржувањето на разни фолкорни манифестации како што се „Галичката свадба", во с. Галичник, „Балканскиот фестивал на народни песни и игри" во Охрид,

„Илинденски денови" во Битола, „Тиквешкиот гроздобер" во Кавадарци, карневалите во Вевчани и Струмица и други. Не помало значење за привлекување на одредена туристичка клиентела се и другите манифестации како од областа на културата така и стопанските манифестации - саемите и изложбите и посебно спортските манифестации, особено ако се од повисок ранг. Сите тие со својата привлечност и условите што ги нудат за посета на масовна туристичка клиентела ја збогатуваат туристичката понуда на Републиката.

### 8.1.2. УГОСТИТЕЛСТВОТО КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Еден од најзначајните елементи во туристичката рецептива и основен фактор во туристичката понуда во одредено туристичко подрачје е угостителството. Капацитетите за сместување и исхрана ги одредуваат димензите на туристичкиот промет и директно влијаат врз неговиот обем. Посветувањето сѐ поголемо внимание врз развојот на туризмот од страна на поголем број чинители, овозможи туристичкото стопанство во Македонија да се здобие со солидна материјална база. Основна карактеристика на вкупната туристичка понуда на сместувачките капацитети е што нивниот обем во еден подолг временски период во минатото е во постојан пораст. Само во годините од осамостојувањето на Република Македонија се забележува одредено паѓање.

*Развој на угостителството во Република Македонија*
*од 1940 до 2010 година*

| година | Број на легла | Број на седишта | Број на вработени |
|---|---|---|---|
| **1940** | 910 | - | - |
| **1955** | 4.191 | - | - |
| **1960** | 10.626 | 38.296 | 3.800 |
| **1970** | 20.127 | 71.095 | 6.995 |
| **1980** | 52.400 | 137.470 | 12.645 |
| **1990** | 82.400 | 187.928 | 13.633 |
| **2000** | 73.759 | 129.959 | 10.403 |
| **2010** | 69.102 | 115.309 | 12.250 |

Развојот на угостителството во нашата земја започнал уште во почетокот на минатиот век. Првиот помодерен хотел бил изграден во Охрид во 1911 година и се викал „Ориент". Во периодот меѓу двете светски војни посебно вни-

мание било посветено во изградбата на одморалиштата и планинарските домови. Така во 1926 година на Пелистер било изградено одморалиштето „Штампаревац" кое имало четири згради со 200 кревети и базен за пливање. Името го носело по неговиот градител. Истата година било изградено одморалиште во Крушево со шест павилиони и 200 кревети под име „Шула Мина" и тие денеска сеуште постојат.

Изградбата на планинарски домови започнала во 1930 година кога бил изграден планинарскиот дом „Љуботен" на Љуботен на Шар Планина со 15 кревети. Во 1931 година биле изградени планинарските домови на Попова Шапка и Кајмакчалан со по 20 кревети. Во 1937 година бил изграден туристички дом со 70 кревети во Маврово, а во 1938 година биле изградени планинарските домови „Копанки" и „Бегова чешма" на Пелистер со по 10 кревети. Во овој период од хотелските објекти биле изградени во Охрид хотелите: „Велика Србија", „Белви", „Турист" и „Српски краљ". Во 1934 година во Катлановска Бања бил изграден хотелот „Пчиња" со 64 соби, односно 156 кревети, а на Дојранско Езеро одреден број вили.

Голема динамика во развојот на сместувачките капацитети се јавила во годините по Втората светска војна и тоа скоро во целиот период од 1950 до 1990 година. Така, првите сместувачки објекти во овој период започнале да се градат во 1952 година кога биле изградени два одморалишни објекти во Охрид, две туристички населби: „Отешево" и „Царина" во Преспа и по еден хотел во Крушево и Попова Шапка. Со тоа капацитетот на одморалишни објекти од 250 во 1945 година бил зголемен на 1.300 кревети, а вкупниот број на легла во угостителството во 1953 година изнесувал 3.744 легла. Во 1960 година Републиката располагала со 10.626 легла. Во наредниот период најголем подем во изградбата на нови угостителски капацитети бил остварен во годините од 1970 до 1988 година. Тогаш условите за изградба биле и најповолни. Рокот на отплатата на кредитите бил над 20 години, немало потреба од обезбедување на сопствено учество на инвеститорите, каматните стапки биле до 3%, а од страна на банките се обезбедувала и дополнителна поволна камата. Во овој период биле изградени повеќе од 65.000 легла или секоја година во просек угостителството се проширувало за по 3.620 легла. Во 1988 година Македонија располагала со максимален број од 85.284 легла. Тогаш биле изградени и најголемиот дел од хотелските сместувачки капацитети како хотелите „Метропол" и „Десарет" во Охрид, „Дрим" во Струга, „Континентал" и „Олимписко Село" во Скопје, како и хотелите во Битола, Крушево, Штип, Кичево, Свети Николе, Берово, Радовиш и уште во неколку други градови.

Во следните години од 1988 година наваму бројот на леглата во угостителството стагнира, а во некои години и опаѓа, така што во 2010 година нивниот број изнесувал 69.102 легла. Денеска најголем број на легла се наоѓаат во приватните домаќинства и куќите за одмор (26.132 легла), потоа следуваат

кампoвите со 8.971 легла, хотелите со 12.374 легла, додека кампoвите со 8.971 легла го заземаат третото место.

*Застапеност на леглата по видови на објекти во 1990, 2000 и 2010 година*

| Вид на објекти | | 1990 г. | 2000 г. | 2010 г. |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Хотели** | 13 000 | 14 468 | 12 374 |
| **2** | **Пансиони** | 22 | 46 | 71 |
| **3** | **Пренојќевалишта** | 89 | 159 | 195 |
| **4** | **Мотели** | 549 | 1 018 | 406 |
| **5** | **Туристички населби** | 852 | 456 | |
| **6** | **Кампови** | 18 295 | 12 608 | 8 971 |
| **7** | **Бањски лекувалишта** | 1 743 | 1 225 | 1 217 |
| **8** | **Планинарски домови** | 110 | 204 | |
| **9** | **Одморалишта** | 8 358 | 7 561 | 4 056 |
| **10** | **Детски и младински летувалишта** | 7 645 | 7 976 | 6 668 |
| **11** | **Прувремени сместувачки капацитети** | 1 564 | 1 900 | 1 537 |
| **12** | **Приватни соби** | 29 895 | 26 138 | 26 132 |
| **Вкупно** | | **82 400** | **73 759** | **69 102** |

Во поглед на просторната разместеност на угостителските капацитети, карактеристично е што повеќе од 80% од вкупниот број на легла во Републиката се наоѓаат во езерските туристички места. На второ место е Скопје со учество од околу 5%, на трето се планинските туристички места со учество од 4% и на крајот бањските туристички места со учество од само 2%.

Досегашниот развој на угостителството не упатува на заклучок дека ако тоа сака да го следи развојот на туризмот и ги задоволува неговите потреби, тоа мора перманентно да се модернизира, шири и приспособува кон современите барања на гостите. На нашиот туристички пазар скоро редовно е присут-

на неусогласност помеѓу побарувачката, посебно на современи угостителски објекти кои во нашите туристички места не се така забележително присутни.



*Хотел"Метропол" на брегот на Охридско Езеро*

## 8.2. РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Традицијата за патување на населението кое живеело во Македонија постоело од најстари времиња. Од едно во друго место главно се патувало за задоволување на здравствено-рекреативните, културните или религиозните потреби. Откриениот модерен објект од Римска Бања, во бањата Бањско кај Струмица или топонимот Римска Бања во околината на Катлановска Бања, јасно укажуваат дека овие наши бањи активно се користеле за здравствено-рекреативни цели од тогашното население кое живеело во Македонија.

Постоењето на големи амфитеатри во македонските градови од римскиот период како во Стоби, Скупи, Хераклеа, Лихнидос и други, потврдуваат дека тие се посетувани од бројно население кое тежнеело да ги задоволи своите културно-забавни потреби. Преку археолошки ископувања во овие древни градови откриени се извонредни убави мозаици со кои биле украсувани најчесто религиозните објекти. Присуството на бројни вакви објекти зборува дека кон овие места се одвивале значајни патувања за задоволување на верските потреби на населението.

Масовни патувања со религиозна содржина имало и во средниот век. Тие главно имале локално обележје, но постоењето на бројни цркви и манастири од тоа време упатуваат дека тие биле и масовно посетувани. Посетата на бањските места не престанала ниту за време на турското владеење. Напротив,

Турците негувале посебен култ кон бањските места и на нивната изградба посветувале посебно внимание. Пишани споменици за нивната грижа кон нашите бањи (во мермерни плочи) имаме за Катлановска Бања, за бањата Бањиште кај Дебар и сл. Сместувачките капацитети биле во вид на анови кои ги имало во сите поголеми населени места или на одредени растојанија на патните правци меѓу градовите. Во одредени градови, како на пример во Скопје, Битола, кои имале развиена трговска функција имало и повеќе анови, што покажува дека кон нив се патувало и во нив се престојувало од деловен карактер.

Сепак тоа се само аналогни појави на туризмот. Современите туристички движења во Македонија се јавуваат дури после Втората светска војна.

Во 1918 година во Македонија имало само 9 објекти за сместување од кои 6 биле хотели и 3 преноќевалишта, со вкупен број на легла од околу 400. Тие служеле само за задоволување на основните потреби, односно за сместување на патниците, а не и за развој на туризмот од пошироки размери.

За помасовни туристички движења може да се зборува дури по изградбата на поголемите сместувачки капацитети од за тоа време модерен тип како што било Детското одморалиште на Пелистер и во Крушево во 1926 година со капацитет од по 200 легла, како и неколкуте хотели во Охрид. Првата организирана туристичка дејност во Македонија се јавила во 1927 година. Тогаш во Скопје било основано туристичко друштво „Југ". Во почетокот неговата активност не била голема, но за понатамошниот развој на туризмот во Македонија таа има нагласено значење. За да си ја подобри својата материјална положба таа во 1930 година станала акционер на тогашен „Путник" од Белград откупувајќи 25 акции од него. Со тоа друштвото „Југ" се здобило со право да отвори во Скопје филијала на „Путник" и билетарница, да прифаќа туристи и да врши туристичка пропаганда.

Во 1930 година бил основан Советодавен одбор за развој на туризмот во кој влегле претставници на најголемите стопански и најпознатите научни установи. Подоцна, развивајќи ја својата дејност туристичкото друштво „Југ" формирало туристички друштва во повеќе градови како: во Охрид „Билјана", во Тетово „Шар Планина", во Крушево „Корија", во Штип „Брегалница" и уште некои во други градови, а друштвото прераснало во Сојуз на туристички друштва. Широка активност Сојузот на туристичките друштва развил во ширењето на пропагандата. Така, на пример во негова реализација биле отпечатени неколку туристички водачи како: „Скопје и неговата околина", потоа „Охрид", водичот „Туризмот во Вардарската бановина", „Бањите во Вардарската бановина" и други. Во тој поглед треба да се одбележат и изложбите кои имале силен пропаганден ефект. Таква една забележителна изложба на фотографии за убавините на Македонија била организирана во Скопје во 1933 година.

Сојузот на туристичките друштва посебно внимание посветил во изградбата на сместувачки капацитети. Така, во периодот меѓу двете светски војни биле изградени повеќе угостителски објекти во Охрид, вили во Дојран, хотел

во Катлановска Бања и повеќе планинарски домови на неколку планини во Македонија. Се проценува дека од 1919 до 1940 година во Македонија биле изградени 50 објекти за сместување кои располагале со околу 2.000 легла (Ка-ранфиловски, 1967).

Најголем туристички промет во овој период бил забележан во 1938 година кога во Македонија престојувале 67.060 туристи кои оствариле 165.178 ноќевања. Од нив 61.632 биле домашни, а 5.428 странски туристи. Домашните туристи оствариле 152.042 ноќевања, а странските 13.136 ноќевања (Стојми-лов, 1993).

### 8.2.1. РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Развојот на туризмот во Македонија од Втората светска војна наваму, е во дирекна зависност од општествено економската условеност и развојот на целокупното стопанство. Притоа треба да се има предвид дека непосредно по војната била наследена мала по обем и квалитетно слаба материјална база за развој на туризмот. Потоа, во периодот на обновата на македонското стопанство, кое било дел од југословенското, целокупните напори биле насочени кон оние гранки на стопанството кои обезбедувале поголема акумулација. На туризмот не му се обрнувало доволно внимание. Всушност, областа на услужните дејности во економската политика, долго време не спаѓала во т.н. приоритетни гранки на стопанскиот развој на земјата што имало силен одраз и врз развојот на туризмот како дел од услужните дејности.

Во подоцнежниот период на туризмот од страна на државата започнало да му се посветува поголемо внимание, а со тоа се забрзал и неговиот развој. Сепак, глобалната анализа на туристичкиот промет укажува дека неговиот развој не бил воедначен, бидејќи стапката на порастот на прометот во одделни временски периоди била различна.

*Движење на вкупниот турстички промет од 1950 до 2010 година (во 000)*

| Година | Посетители | Ноќевања | Просечен престој |
|---|---|---|---|
| **1950** | 311 | 495 | 1.6 |
| **1960** | 302 | 868 | 2.9 |
| **1970** | 465 | 1282 | 2.7 |
| **1980** | 970 | 3081 | 3.2 |
| **1990** | 974 | 3099 | 3.2 |
| **2000** | 632 | 2434 | 3.8 |
| **2010** | 586 | 2020 | 3.4 |

Во зависност од општествено економските услови, развојот на туризмот во Македонија може да се подели во три периода и тоа: **1. административен период, 2. период на работничко самоуправување** и **3. период на пазарно стопанисување.**

Во првиот период, кој е познат како период на административно управување со стопанството и кој траел од 1945 до 1952 година, главно се развивал домашниот туризам. Напорот на заедницата бил насочен кон истакнување на здравствено-рекреативната и културно-воспитната функција на туризмот. Економските ефекти од туризмот биле занемарени. Сепак кон крајот на овој период, односно во 1952 година биле предадени во употреба два административни објекта во Охрид, две туристички населби во Преспа и по еден хотел во Крушево и на Попова Шапка. Во 1952 година во Републиката престојувале 294.000 туристи од кои 4.500 биле од странство.

Во вториот период, кој траел од 1953 до 1990 година и е познат како самоуправно-социјалистички период, домашниот туризам постепено се поставил на економска основа, а се посветило и поголемо внимание врз развојот на странскиот туризам. Од година во година во туризмот се вложувале се позначајни инвестициски средства со што постојано се подобрувала неговата материјална база, а се зголемувал и туристичкиот промет. Тоа особено се однесува за времето од 1965 до 1987 година. Така, додека во 1965 година во Македонија престојувале 330.000 туристи кои оствариле 967.000 ноќевања, во 1987 година бројот на посетителите се зголемил на 1.183.000, а бројот на ноќевањата на 3.978.000. Тоа е во целиот досегашен развој на туризмот во Македонија најпосетена година. Во следните години, сѐ до 1990 година туристичкиот промет стагнира, бидејќи во 1990 година е реализиран ист промет како и во 1980 година. Тоа е последица како на нафтената криза која имала силно влијание на туристичките патувања, но и на стопанската стагнација што го зафатила нашето стопанство.

Третиот период од 1991 година наваму е специфичен по тоа што Македонија станува самостојна и суверена држава и туризмот како и целокупното стопанство, отпочнува да се развива во услови на пазарно стопанисување. Општествените туристички агенции, особено оние кои беа од југословенски размери, се трансформирале во самостојни претпријатија, а се формирале и голем број приватни агенции, кои се карактеризираат со мал број на вработени.

Обемот на сместувачките капацитети се намалил од 82.000 во 1990 година на 69.000 во 2010 година. Опаднал и туристичкиот промет и тоа од 974.000 на 586.000, а се намалил и бројот на ноќевањата од 3.099.000 во 1990 година на 2.020.000 ноќевања во 2010 година. Тоа главно е резултат на традиционалното преструктуирање на целокупното стопанство, но и последица на распадот на југословенската федерација со што се смалил опсегот на туристичкиот пазар во Македонија.

*Обем и динамика на туристичката посетеност и ноќевања на домашните и странските туристи од 1960 до 2010 година (во 000)*

| **Год.** | **Туристи** | | | | | **Ноќевања** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **вкупно** | **Домаш.** | **%** | **Стран.** | **%** | **вкупно** | **Домаш.** | **%** | **Стран.** | **%** |
| **1960** | 302 | 164 | 54.3 | 138* | 45.7 | 868 | 541 | 62.3 | 327 | 37.7 |
| **1970** | 465 | 194 | 41.7 | 271 | 58.3 | 1282 | 716 | 55.8 | 566 | 44.2 |
| **1980** | 970 | 392 | 40.4 | 578 | 59.6 | 3081 | 1879 | 60.9 | 1202 | 39.1 |
| **1990** | 974 | 412 | 42.2 | 562 | 57.8 | 3099 | 1928 | 62.2 | 1170 | 37.8 |
| **2000** | 632 | 408 | 64.5 | 224 | 35.5 | 2434 | 1941 | 79.7 | 493 | 20.3 |
| **2010** | 586 | 324 | 55.3 | 262 | 44.7 | 2020 | 1461 | 72.3 | 559 | 27.7 |

Извор: Туризам во Република Македонија, Статистички преглед, Скопје, 2011

Најголем дел од туристичкиот промет го реализирале туристите од Македонија. Тоа особено се однесува за бројот на ноќевањата. Во целиот анализиран период тие во бројот на ноќевањата учествуваат помеѓу 40 и 55%.

*Посетители и ноќевања по видови туристички места во 2010 година (во 000)*

| **Вкупно** | **Скопје** | **Бањи** | **Планински** | **Езерски** | **Нетур. места** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Посетители вкупно** | | | | | |
| 586 | 126 | 28 | 71 | 263 | 96 |
| **Домашни** | | | | | |
| 324 | 16 | 24 | 58 | 181 | 44 |
| **Странски** | | | | | |
| 261 | 110 | 4 | 13 | 82 | 52 |
| **Ноќевања вкупно** | | | | | |
| 2020 | 229 | 216 | 160 | 1.250 | 163 |
| **Домашни** | | | | | |
| 1461 | 24 | 189 | 131 | 1.045 | 70 |
| **Странски** | | | | | |
| 559 | 205 | 27 | 28 | 205 | 93 |

Извор: Статистички годишник на Република Македонија, 2011

Нашиот домашен туризам се одликува со повеќе карактеристики. Меѓу нив поважни се просторната нерамномерност и нагласената сезонска концен-

трација. Така, туристите од Македонија најмногу ги посетувале езерските туристички места, потоа следува Скопје како главен град на државата, додека прометот во другите туристички места е значително помал.

Во однос на сезоната, најголем дел од домашниот промет се одвива во летниот период од годината и тоа од месец мај до септември. Само во месеците јули и август се остварува повеќе од половината ноќевања во Македонија.

За домашниот туризам карактеристични се и доста масовните патувања на нашите туристи во други земји. Во тој поглед нашите граѓани најмногу патуваат на одмор во Грција, Бугарија и Турција. Специфично за овој вид туризам, за кој нема прецизни статистички податоци е што со зголемување на бројот на патувањата се зголемува и одливот на девизи по таа основа, а тоа негативно влијае врз туристичкиот биланс на државата.

Странскиот туристички промет за нашата Република има посебно значење. Тој на Македонија како рецептивна земја и донесува девизи при што ни стоката ни услугите не ја минуваат државната граница, туку потрошувачите односно странските туристи доаѓаат и ги консумираат на лице место. Ефективно ништо не се извезува, а се реализира девизен приход. Затоа странскиот туризам се именува и како „невидлив извоз”.

*Земја на потекло на странските туристи за 1990, 2000 и 2010 година*

| Земја | | 1990 | | 2000 | | 2010 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | посет. | ноќев. | посет. | ноќев. | посет. | ноќев. |
| 1 | **Германија** | 62 853 | 86 385 | 10 349 | 25 222 | 9 573 | 22 767 |
| 2 | **Бугарија** | 47 071 | 68 417 | 27 623 | 59 027 | 15 513 | 29 098 |
| 3 | **Грција** | 24 909 | 43 636 | 21 304 | 39 229 | 26 843 | 40 043 |
| 4 | **Србија** | | | | | 35 840 | 74 959 |
| 5 | **Холандија** | 15 803 | 78 841 | 6 809 | 11 159 | 6 612 | 17 417 |
| 6 | **Италија** | 14 202 | 17 095 | 4 410 | 9 476 | 6 181 | 13 381 |
| 7 | **В. Британија** | 10 282 | 35 770 | 6 693 | 14 051 | 5 647 | 14 406 |
| 8 | **Франција** | 8 747 | 10 734 | 4 768 | 7 887 | 4 856 | 9 909 |
| 9 | **Албанија** | | | 24 747 | 65 141 | 17 710 | 43 269 |
| 10 | **САД** | 5 335 | 8 222 | 15 312 | 39 337 | 7 655 | 21456 |

Во минатото најбројни странски туристи во Македонија, низа години биле туристите од Германија и Холандија. Потоа состојбата значително се менува така што во последните години нашата држава најмногу ја посетуваат ту-

ристи од околните земји: Бугарија, Грција, Албанија и Србија кои претставуваат скоро половина од странските посетители.

Во 2010 година по бројот на посетители и по реализираните ноќевања на прво место се туристите од Србија. Од нив во Македонија престојувале 35.843 туристи кои реализирале 74.959 ноќевања. На второ место по посетеност се туристите од Грција 26.843, а по бројот на ноќевањата туристите од Албанија 43.269 и сл.

Ако се анализира просечниот престој на странските туристи ќе се забележи дека тој е обично мал и во просек изнесува 3,4 дена. Тоа покажува дека странскиот туристички промет во нашата Република во најголем дел има транзитно обележје. Следната карактеристика на овој вид туристички промет е неговата нагласена сезонска концентрација. Странските туристи кај нас најмногу престојуваат во летните два месеца јули и август, додека во останатите месеци, нивното учество е незначително. Тоа е негативна карактеристика што доведува до нерамномерно користење на сместувачките капацитети, нерационално користење на работната сила и воопшто работење со ниска рентабилност. Невоедначената просторна дистрибуција е исто така значајно обележје на странскиот туризам во Македонија. Во тој поглед најголем број на туристи и ноќевања се остваруваат во Охрид и Скопје.

*Структура на посети од странски туристи според нивната цел (во %)*

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Работа (службени патувања)** | 42.71 |
| 2 | **Одмор и рекреација** | 35.3 |
| 3 | **Конгрес или конференција** | 4.95 |
| 4 | **Транзит** | 4.65 |
| 5 | **Кратка посета** | 4.15 |
| 6 | **Заобиколно патување** | 1.38 |
| 7 | **Здравје** | 1.26 |
| 8 | **Религиозен собир** | 0.38 |
| 9 | **Останато** | 5.28 |
| **Вкупно** | | 100.0 |

Извор: ДЗС Анкета на сместувачки објекти во 1998

При анализата на странскиот туристички промет мошне важно е да се познава и целта на посетата, превозните средства со кои тие доаѓаат во наша-

та земја како и нивната организација на патувањето. Така, од анкетата која е спроведена во 1998 година од страна на Државниот завод за статистика се гледа дека службените патувања (работа) се најзначајна причина за посета на Македонија. Ваквата застапеност на патувањата за одмор и рекреација од службените патувања (во развиените туристички земји патувањата за одмор и рекреација се најзастапени), јасно укажува на тоа дека Македонија како туристичка дестинација сè уште е малку развиена.

Странските туристи во Македонија најмногу патуваат индивидуално 43.72%. Индивидуално со предходна резервација патуваат 33.79%, а организирано во групи и со туристички аранжман патувааат 16.58%.

Во однос на користењето на превозните средства утврдено е дека најмногу во патувањата се користи автомобил 40.08%. Многу е високо и користењето на авион (редовен лет) во туристичките патувања на странските туристи 38.94%. Патувањата со автобус редовен (8,17), автобус туристичка тура (6,28), како и авион чартер лет (4,40) е помала, а со воз е сосема малку застапеноста само 2.01% (ДЗС, анкета, 1998).

### 8.2.3. СТРАНСКИОТ ТУРИЗАМ И ДЕВИЗНИОТ ПРИЛИВ ОД НЕГО

Туризмот како полифункционална дејност има нагласено влијание врз зголемувањето на националниот доход и општествениот производ во една земја. Негови многу значајни економски функции се: мултипликативност, индуктивност, конверзивност, урамнотежување на стоковно-паричните односи, а кај странскиот туризам е особено нагласена улогата во зголемувањето на меѓународната економска размена. Економската функција на туризмот најмногу е забележлива во прелевањето на доходот од едно подрачје во друго, а кај меѓународниот туризам во прелевањето на доходот од една земја во друга. За рецептивните туристички земји тоа прелевање на доходот има важно и многукратно значење. Се работи пред сè за дополнителна потрошувачка која без присуство на странскиот туризам не би се реализирала. Таа дополнителна потрошувачка бара и производство на стоки и услуги над нивото кое е неопходно за подмирување на потребите на постојното население во една земја. Странскиот туризам всушност предизвикува и овозможува прелевање на потрошувачката од една земја во друга. За подмирување на оваа потрошувачка потребни се и одредени финансиски средства кои туристите ги донесуваат од своите земји. Така се реализира потрошувачка преку која се остваруваат девизи за кои претходно не е извезена стока. По правило ефективно ништо не се извезува, а се реализира девизен приход.

Една од основните карактеристики на овој вид извоз е што преку странскиот туризам во меѓународната размена се вклучуваат и такви стопански и нестопански дејности кои без туризмот би останале неискористени. Со тоа стр-

анскиот туризам денеска стана мошне значаен извор на девизен приход. Затоа скоро нема земја во светот, независно од степенот на развиеност, големината и акумулираното општествено богатство, која не го поттикнува развојот на странскиот туризам.

Во Република Македонија, девизниот прилив од туризмот во еден подолг временски период беше во пораст. Така тој од 1966 година кога ја преминал границата од 1.5 милиони долари, во 1989 година достигнал 64.6 милиони долари, потоа стагнирал, за да од 2003 година почнал повторно да расте и во 2006 година (во анализираниот период), достигнал максимум од 129 милиони долари. Според евиденцијата што ја води Народната банка на Македонија, учеството на туризмот во вредноста на нестоковната размена во подолг период била значителна. Тој постојано бил зад градежништвото, но пред сообраќајот. Во последните години тоа учество е значајно намалено. Во 2000-та година приходите од странските туристи изнесувале 1.1% од националниот производ (БНБ) на Република Македонија. Во соседните земји тој процент се движи од 4-8% од националниот производ.

*Девизен прилив и одлив (во милиони УСД) по основ на туризмот во Република Македонија од 1993 до 2006 година*

| година | Прилив | Одлив | Нето |
|---|---|---|---|
| **1993** | 13,0 | 13,0 | 0,00 |
| **1994** | 29,00 | 22,00 | 7,00 |
| **1995** | 19,45 | 27,25 | -7,80 |
| **1996** | 20,61 | 26,25 | -5,64 |
| **1997** | 15,16 | 27,20 | -12,04 |
| **1998** | 16,70 | 31,15 | -14,83 |
| **1999** | 38,88 | 32,15 | 7,73 |
| **2000** | 37,94 | 34,28 | 3,65 |
| **2001** | 25,95 | 38,58 | -12,56 |
| **2002** | 39,02 | 44,53 | -5,51 |
| **2003** | 56,68 | 47,95 | 8,73 |
| **2004** | 71,81 | 54,47 | 17,34 |
| **2005** | 83,90 | 59,65 | 24,25 |
| **2006** | 129,17 | 70,72 | 58,45 |

Извор: Народна Банка на Република Македонија: Билтен на надворешно-трговски и девизен сектор, Скопје, 2008 година, стр.85.

Наспроти забележливо намалениот обем на странскиот туристички промет и девизниот прилив што се остварува по тој основ, патувањето на македонското население во други држави е доста масовно. Така, според релевантните статистички показатели од 1981 до 1998 година, 25.6 или просечно годишно 1.4 милиони македонски граѓани патувале во странство. Најмасовно вакво патување е забележано во 1993 година 2.9 милиони, а најмало од 0.2 милиони во 1983 година. Значи, во анализираниот период (1981-1998) просечно годишно на 100 жители е остварено 71 патување на граѓаните од Македонија надвор од земјата. Со тоа се одлеваат и значајни девизни средства по тој основ што влијае и врз нашиот девизен туристички биланс. Во таа година се јавил и најголем одлив на девизи по основ на туризмот, односно 14,83 милиони САД долари домашните туристи изнеле повеќе долари отколку што странските туристи внеле во нашата земја. Тоа јасно покажува дека странскиот туризам кај нас се наоѓа на ниско развојно ниво и во оваа сфера Македонија сè уште малку ги користи расположливите компаративни предности.

### 8.2.4. ТУРИСТИЧКА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на природните и другите особености како: туристичко- географска положба, разместеност и атрактивност на туристичкото богатство, состојбата на материјалната база, обемот и структурата на туристичкиот промет, во Македонија јасно се издвојуваат три поголеми просторни туристички целини. Тоа се следните региони: **источен, средишен** и **западен туристички регион**. Потоа регионите се делат на туристички подрачја, подрачјата на туристички зони, а зоните на туристички места, односно локалитети.

Туристичкото место, иако е најмала просторна единица, опфаќа повеќе видови туристички ресурси и објекти со формите на туристичките активности што во нив се одвиваат. Според нашата статистика за туристичко место се смета секое место кое ги исполнува следните услови:

**1. атрактивност** (природни убавини, лековити извори, разновиден растителен и животински свет, културно-историски споменици, културно-забавно-спортски настани и слично);

**2. комуникативност** (можност за пристап, сообраќајни врски и слично);

**3. рецептивност** (да располага со објекти за сместување и помошни објекти за давање разни услуги како на пример: трговски, занаетчиски, ПТТ услуги и слично, потоа базени, паркови, шеталишта и друго).

Во основа туристичкото место претставува просторен комплекс во кој се одвива туристичкиот феномен.

Врз база на овие услови, а особено на атрактивноста, туристичките места во Македонија се поделени во четири групи и тоа:

1. **Скопје**, кое ги привлекува посетителите како административно- политички центар на државата, потоа располага со културно-историски, етнички, стопански и слични особености;

2. **Бањски места** кои располагаат со извори на лековита вода;

3. **Планиниски места** кои по правило се места што се наоѓаат над 500 метри надморска височина или пак лежат во територијата на планината и

4. **Други туристички места** во кои спаѓаат места што поседуваат атрактивни фактори (на пример: климатски, културно-историски и сл), како и места покрај реките и природните и вештачките езера (Охридското, Преспанското, Дојранското, Мавровското и други). Со оглед дека во оваа група езерските се најзастапени места тие се евидентираат и како езерски и други туристички места.

Туристичкиот промет се евидентира и во таканаречените нетуристички места, или други места кои не располагаат со атрактивни фактори, поради што не може да се распоредат во претходните групи, а располагаат со угостителски објекти за сместување (Статистички преглед бр. 8. 4. 2. 01/ 409).

Во поглед на туристичките активности туристичките места може да бидат со една или повеќе функции односно монофункционални и полифункционални. И како што туристичките објекти, врз чие искористување се базира туристичкото стопанство, се разликуваат од индустриските, рударските, аграрните и други категории на стопански објекти, така и туристичките места се специфични по физиономијата и функциите. При тоа естетската компонента во физиономијата и услужност во функциите, претставуваат основно обележје на туристичките места.

**Туристичката зона претставува просторна целина која обединува повеќе туристички места, повеќе зони формираат туристичко подрачје, а повеќе подрачја туристички регион.**

При систематизацијата на просторот на Република Македонија за потребите на туризмот земени се во предвид следните поставки: 1. Максимално искористување на природните и останатите потенцијали погодни за развој на туризмот, 2. Активирање на нови простори и отварање можности за развој на неразвиените подрачја, 3. Формирање на оптимална туристичка понуда преку интегрирање на туристичките простори, 4. Создавање можности за усогласување на туристичката понуда со туристичката побарувачка, 5. Запазување на барањата за заштита и унапредување на животната средина, 6. Откривање на колизиите до кои може да дојде помеѓу туризмот и останатите стопански дејности и 7. Формирање на интегрални целини (внатре помеѓу самите локалитети во општината и надвор преку зоните со туристичките подрачја, регионите и Републиката во целина) и други.

Врз база на сите релевантни фактори за развој на туризмот, а со примена на изнесените критериуми во Македонија издвоени се **172 туристички локалитети, 58 туристички зони, 14 туристички подрачја и три туристички региони.**

Преку проучување на просторните можности на езерата, утврдено е дека на сите езера во Републиката може да се формираат (38) туристички места. На Охридското Езеро се формирале и развиле најголем број на туристички локалитети и тоа: на источниот брег се Охрид, Горица, Св. Стефан, Лагадин, Пештани, Градиште, Трпејца, Љубаништа и Св. Наум; на северниот брег Струга, Евротелската населба „Андон Дуков" и на западниот брег Калишта и Радожда. Во крајбрежјето на Преспанското Езеро: Царина, Отешево, Претор, Асамати, Крани, Наколец и Долно Дупени. На Дојранското Езеро: Стар Дојран, Нов Дојран и Ачикот. А на Мавровско Езеро населба Маврово, с. Маврово, Никифорово и Леуново.




*Диференцирање на туристичките простори и туристички локалитети во Република Македонија (Просторен План на РМ)*

На нашите планини вкупно може да се формираат (75) туристички места. Денес туристички промет се реализира во 26 локалитети. Меѓу нив најпосетена е Попова Шапка, по неа следува Маврово, па Крушево, Пелистер и Пониква на Осогово. Останатите туристички места како Голак кај Делчево, Туртел на Плачковица, Љуботен на Три Води на Шар Планина, Корито на Галичица, Клинцови Ливади на Кожуф и други се многу послабо посетени.

Иако потенцијални услови за развој на бањскиот туризам во Македонија овозможуваат околу 50 термоминерални извори, само 8 бањски места имаат застапен бањски туризам. Најголем туристички промет се остварува во Катлановска Бања, по неа следуваат Дебарските Бањи-Бањиште и Косоврашка Бања, па Струмичка Бања и Негорска Бања. Во останатите бањи туристичката посетеност е со помал обем.

Меѓу градовите во земјава најголем туристичкни промет се остварува во Скопје. Тој е центар на деловниот туризам, а се карактеризира и со високо учество на странскиот туризам. Во просек странските посетители на Скопје во вкупниот туристички промет на Републиката учествуваат со околу 40%.

Од вкупно можните туристички места во Република Македонија, денес се активирани само 25%. Тоа покажува дека туризмот во иднина има сè уште големи просторни потенцијали за развој.

ЛИТЕРАТУРА


1. Андоновски Т. (1995): „Карактеристики на релјефот во Република Македонија", Географски разгледи, кн. 30, Скопје;
2. Андоновски Т. (1996): „Влијанието на природно-географските фактори врз трансформацијата на просторот во Република Македонија", Зборник од Прв Конгрес на географите од Република Македонија, Скопје, стр. 29-36;
3. Апостолов А. (1966): Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Скопје;
4. Апостоловска-Тошевска Б. (2011): Индустриска географија, ПМФ, Скопје;
5. Bajec J.(1991): *Savremeni privredni sistemi: uvod u komparativno izu~avanje.* Beograd: Ekonomski fakultet, str. 13;
6. Baletic Z., Padjen J.(1995): *Strategija i politika gospodarskog razvitka Republike Hrvatske s posebnim osvrtom na strategiju i politiku razvitka prometa,* Međunarodno savjetovanje: "Zagreb-Rijeka-Hrvatska u evropskim prometnim tokovima". Gospodarska komora Zagreb. Zagreb, 28 i 29.09.1995. str. 475;
7. Baldwin Robert E..(1995): *Economic Evaluation for the Uruguay Round*, The World Economy, Global Trade Policy. Oxford: Blackwell Publishers Ltd;
8. Башески И (1976): Прилеп и околината, Природно-географски и социо-економски карактеристики, ДНУ, Прилеп;
9. Башевски И (1983): Мариово-социоекономско географски карактеристики, докторска дисертација (во ракопис), одбранета на ПМФ, Институт за географијаво Скопје;
10. Битоски К. (1982): Прилог кон прашањето на националниот состав на населението во Македонија во почетокот на XIX век. Гласник ИНИ, бр. 1 Скопје;
11. Бег Д., Фишер С., Дорнбуш Р.( 2001): *Економија*, Ник Лист, Скопје;
12. Биљаноска Ј. Гогоски Р. (2003): *Надворешно-трговско и девизно работење.* Битола: Факултет за туризма и угостителство;
13. Borruso G.(1999): *The Adriatic Corridor.* International Adriatic Conference "Vision Planet project INTERREG II". Trieste, Italy - 1,2 1999. pp 1;
14. Vresk M. (1975): *O primenjeni teorije grafa u analizi nodalne regije*. Savez geografski drustava Hrvatske. Geografski glasnik: Geographical Bulletin. XXXVI-XXXVII 97-103;
15. Гашевски М. (1979): „Основни хидрографски особености на главните притоки на Вардар во СР Македонија", Скопје, Географско друштво на Република Македонија, „Географски разгледи", кн. 17;
16. Граматниковски В. (1965): Влијание на социоекономските фактори врз трансформацијата на просторот во Република Македонија, Зборник на трудови од Првиот конгрес на географите од Република Македонија одржан во Охрид од 26-28.10. 1995 година;
17. Граматниковски В. (1969): Основни географски карактеристики на населбите во северна Преспа и можноста за нивно преуредување, Географски разгледи кн. 7;

18. Горѓиевски М. (2012): Општо градинарство, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2012;
19. Граматниковски В. (1974): Природно-географски и социо-економски процеси во Преспанската Котлина како фактори што го условуваат идниот стопанскиразвиток на Котлината, Докторска дисертација (во ракопис), одбранета на ПМФ, Институт за географија во Скопје;
20. Граматниковски В. (1975): Некои карактеристики на повоеното движење наморталитетот во СРМ, Географски разгледи кн. 13;
21. Граматниковски В. (1976): Природно движење на населението во СРМ, Географски разгледи кн. 14;
22. Граматниковски В. (1976): Развој на сообраќајот и туризмот во Преспанската Котлина, Годишен зборник кн. 22;
23. Група автори (1977): Местото на Скопје во регионалниот развој на СРМ (Дали е Скопје голем град?), Економски факултет, Скопје;
24. Група автори (1984): Мариово - комплексни географски проучувања, Географски факултет, Скопје;
25. Група автори (1984): Радовиш и радовишко, Собрание на општина Радовиш, Радовиш;
26. Група автори (1985): Малеш и Пијанец, МАНУ, Скопје;
27. Група автори (1989): Потенцијални можности за развој на Козјачијата и Средорек, Просвета, Куманово;
28. Gregory P.R, Stuart R.C.(1989): *Comparative Economic Systems*. Boston: Princeton;
29. Габер С.Б.(2003): *Меѓународни организации и интеграции*. Скопје: Економски факултет;
30. Дамев О (1973): Состојба, проблеми и перспективи на електропроизводството во СР Македонија, Географски разгледи кн. 11
31. Дамев О (1979): Ресурсите на дрво и иреработувачката индустрија во СР Македонија, Географски разгледи кн. 17;
32. Дамев О (1990): Деаграризација и процесите на урбанизацнја на селото во СРМ,НИО Студенскн збор, Скопје; Дамев О, Стојановски М (1995): Производството навино во Република Македонија, извозот и структурните промени на потребите наконзумот на Западна Европа и другите пазари, Географски разгледи кн. 30;
33. Дамев О. (1996): Индустријата за олово и цинк во Реиублика Македонија воуслови на транзиција, Зборник на трудови од Првиот конгрес на географите одРепублика Македонија одржан во Охрид од 26-28. 10. 1995 година;
34. Дамев О. (1996): *Комерцијално светско стопанство, производство, просторна организација и прометни текови,* Скопје : Економски Факултет;
35. Даскалов П. (1965): Географска монографија на Крива Паланка, Географски разгледи кн. 2-3;
36. Даскаловски В. (1979): Миграциони белези на малите градски населби во СР Македонија, Географски разгледи кн. 17;

37. Даскаловски В. (1982): Движењето на населението во СР Македонија во периодот 1971-1981 година, Географски разгледи кн. 20;
38. Даскаловски В. (1984): Динамика на движењето на основните компоненти напопулацискиот развиток на градовите во СР Македонија, Годишен зборник кн.27-28;
39. Даскаловски В. (1984): Просторно-морфолошка структура и популациски развиток на населените места во Скопската Котлина, Докторска дисертација (воракопис), одбранета на ПМФ, Инстнтут за географија, Скопје;
40. Даскаловски В (1987): Градовите како имиграциони центри, Географски разгледи кн. 25;
41. Даскаловски В. (1989): Некои социогеографски специфичности на урбанизацијата во СР Македонија, Географски разгледи кн. 27;
42. Даскаловски В. (1990-1991): Број и промени во големината на селата во ридско-планинскиот простор во Република Македонија, Географски разгледи кн. 28-29;
43. Даскаловски В. (1993): Миграциони процеси во руралната средина во Скопската Котлина, Годишен зборник н. 31-32;
44. Даскаловски В. (1995): Миграциони белези на општините во Република Македонија, Зборник на трудови од Првиот конгрес на географите од РепубликаМакедонија, одржан во Охрид од 26-28. 10. 1995 година;
45. Даскаловски В. (1995): Демографски развој на населението во Република Македонија, Географски разгледи кн. 30;
46. Даскаловски В. (1996):Социо-географски развој на руралната средина во Република Македонија, Географски разгледи кн. 31;
47. Даскаловски В. (1998): Процесот на демографското стареење на населението во Република Македонија, Географски разгледи кн. 32-33;
48. Даскаловски В. (1999): Нето миграцискиот биланс на селското население во Република Македонија (1948-1994), Географски разгледи кн. 34;
49. Даскаловски В. (1999): Демографскиот развој на руралната популација во Скопската Котлина, Годишен зборник кн. 33-34;
50. Даскаловски В. (2000): Тенденции во демографскиот развој на Р. Македонија, Зборник на трудови од Вториот конгрес на географите на Р. Македонија, Охрид 3-5. 11. 2000 год.
51. Даскаловски В., Маџевиќ М. (2000): Процесот на демографска транзиција во Р. Македонија, Зборник на трудови од Вториот конгрес на географите на Р. Македонија, Охрид 3-5. 11. 2000 год;
52. Даскаловски В. (2002): Актуелни промени во вкуиното движење на насленението во Република Македонија, 1994-2002 год., Географски разгледи кн. 37;
53. Димитров Н. (1998): Битола-урбано-географски развој, ДНУ,Битола.
54. Кајдамов К. (1995): Имињата на градовите во Р. Македонија, од антиката до денес, Дојран;

55. Danielle B. Van Veen-Groot, Peter Nijkamp, Jeroen C.J.M. Van Den Bergh (2002): *A Scenario Study of Globalization Impacts on International Transport and Environmen*t: An Application to the Dutch Paper Industry. "Journal od Environmental Planning and Management". 44 1. pp.21-40;

56. Дирекција за просторно планирање: *Просторен план на СР Македонија: методологија и истражувачка програма*. Охрид: Дирекција за просторно планирање, 1976;

57. Dicken Peter, Öberg Sture (1996): *The global context: Europe in a world of dynamic economic and population change*. European Urban&regional studies.Vol.3 nr.2. p.101;

58. DruzicI. (1999):*The role of the New Adriatic Highway in the economic development of Croatia*. "International Adriatic Conference: Vision Planet Project INTERREG II", Tieste, 1-2 July 1999.Conference proceedings;

59. Државен завод за статистика: Номенклатура на територијалните единици за статистика на Република Македонија - НТЕС. Скопје: Државен завод за статистика;

60. Државен завод за стистика: *Национална класификација на дејности - НКД Рев.1: класификации, номенклатури, методологии и стандарди*. Скопје: Државен завод за стистика, 2006;

61. EC: White paper: *European transport policy for 2010: time to decide*. Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2001. pp. 10-11;

62. Enciklpedija Leksikografskog zavoda. Zagreb: Izdanje i naklada leksikografskog zavoda, MCMLIX;

63. Energy, transport and environment indicators. Luxembourg: Eurostat; European Commission, 2009;

64. Економски факултет: *Центрите (половите) на развој во СР Македонија*. Скопје: Економски факултет, 1977. стр. 4-5;

65. European Commission: European Economy: The Western Balkans in trasition. Brussels. p. 1;

66. European Investment Bank: *EIB Steps Up and Diversifies its Finansing in the Western Balkans: EUR 320 million in 2001*. Luxembiurg: EIB: Annual Press Conference, 2002. No.8. p3;

67. European Commission: *Geonumenclature: Theme 6, External trade.* Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2003. p.43;

68. Ефтимоски, Д.(2003): *Економија на развојот.* Скопје: Економски институт;

69. Жиков А. (1998): *Меѓународната економска соработка на Република Македонија: проблеми и насоки*. "Економски развој на Република Македонија: перспективи, проблеми, дилеми". Трудови презентирани на научниот собир по повод 25-год.... Скопје: Економски факултет, 1998. стр. 71;

70. Жиков А., Спасов С., Петковски Д. (1977): *Стопанските врски на СР Македонија со соседните подрачја*. Скопје: Економски факултет, 1977. стр. 74;

71. Жиков А., Кикеркова И (2000): *Надворешна трговија*. Скопје: Економски факултет;

72. Завод за Урбанизам и архитектура на град Скопје друштво Доксијадис-консултанти за развиток и екистика: *Скопје просторен план: том 1: разгледување на регионот, постојна состојба и проблеми*. Скопје: Градско собрание. 1965;
73. Zachary Karabell: "Superfusion (2009): How China and America Became One Economy and Why the World's Prosperity Depends on It." New York, Simon & Schuster;
74. Zelic N.(1982): *Efikasnost jugoslovenskog privrednog sistema.* Beograd: IIC;
75. Зиков М. (2005): *Просторно планирање: теорија и методологија*. Скопје;
76. Ивановски З., Станковска А. (2006): *Девизна политика*. Скопје: ЕУРМ;
77. Иконовић В., Живковић Д. (2008): *Методолошко-картографски алгоритам*. Гласник српског географског друштва LXXXVIII бр. 3;
78. Институт за просторно планирање: *Просторен план: Развој на основната патна мрежа до 2000-та година (извод). [Охрид*]: Институт за просторно планирање, 1982;
79. *Историја на Македонскиот народ*.: книга втора. Скопје: Институт за национална историја, 1969. стр. 21;
80. Ивановски З., Станковска А.: *Девизна политика*. Скопје; ЕУРМ, 2006;
81. Jobes C. Patrick: *Globalisation and Regional renewal revisted*. "Australian Journal of Social Issues". Vol. 38(2003). p.78;
82. Johansson E.: *EU and its near Neighbourhood: Subregionalization in the Baltic Sea and in Mediteranean.* Papers presented at the ECPR Summer School : Assessing European Union's External Capability and Influence (Geneva, August 28-September 9, 2000)p. 190.
83. Јолески З. (2006): *Светски трговски систем*. Скопје: Матица македонска;
84. Јовановски П (2006). *Финансиски пазари и институции*. Скопје: ЕУРМ;
85. Јовановски, П. (2009): *Принципи на економија//Principles of Economics*. Скопје: Европски универзитет, 2009;
86. Јовановски Т. (1979): *Девизен систем и девизна политика*, Скопје: Култура;
87. Јовановска - Ристевска, С., Јаќовски Б. (1993): *"Економика на внатрешна трговија*";
88. Jovanović V. (2002): Globalna geografija. Beograd: Megatrend univerzitet primenjenih nauka;
89. Јолески З. (2006): Светскиот трговски систем, Матица Македонска, Скопје, стр.46;
90. Каранфиловски Д. (1973): Некои проблеми на урбанизацијата во СР Македонија, Географски разгледи кн. 11;
91. Кондев Т. (1963): Осоговија, Годишен зборник кн. 14, св. 2;
92. Кондев Т. (1966): Нов Дојран - изразито рибарска и Стар Дојран-туристичка населба, Географски разгледи кн. 4;
93. Кондев Т. (1966): Осоговијата како сточарско-шумарска и рударска област, Годишен зборник кн. 15, св. 3;

94. Кондев Т. (1967): Македонија како важен производител на индустриски култури, Географски разгледи кн. 5;

95. Кондев Т. (1968): Развиток и географска разместеност на градинарските култури во СР Македонија, Годишен зборник кн. 16, св. 4;

96. Kafkala sG. (1999): *Prospects of Spatial Integration and the Overcoming of Peripherality in Southeast Europe*. "International Adriatic Conference: Vision Planet Project INTERREG II", Tieste, 1-2 July 1999.Conference proceedings;

97. Kenneth B. *International transport: Linking Europe's future to the rest of the world. Innovation*: "The European Journal of Social Sciences". Vol. 10(1997) 3. p. 231.

98. Кироски П. (1981): *Економска географија*, Савремена администрација, Белград;

99. Кироски П. (1967): Проблеми на производството и територијалната разместеност на земјоделството во СР Македонија, Географски разгледи кн. 5;

100. Кироски П. (1968): Економско-географски аспекти на индустријата во Македонија, Зборник на 8-ми Конгрес на географите од СФРЈ во Македонија од 9. 09до 14. 09. 1968 г, Скопје;

101. Кироски П. (1969): Енергетски извори и производство на енергија во Македонија, Географски разгледи кн. 7;

102. Кироски П. (1970): Дебарско - од аграрно кон индустриско аграрно подрачје, Географки видик кн. 1, Скопје;

103. Кировски П. (1959): Охридско - струшка област, економско-географско истражување, Посебно издание на Економски факултет во Скопје;

104. Кикеркова И. (2003): *Меѓународна економија*. Скопја: Економски Факултет;

105. Кикеркова И. (1999): *Состојби во надворешно-трговската размена во Република Македонија*. Скопје: Економски факултет. Годишник на Економскиот факултет. Том 34 (1999), стр. 229-338;

106. Костовска Љ. (1999): *Балканот и вклучувањето во Европската унија.* “Годишник на Економскиот факултет”.Скопје. Том 34 (1999), стр. 154;

107. Крешиќ И. (1981).: *Просторна економија: основе теорије локације, размештаја и организације у простору*. Загреб: Информатор, стр. 20;

108. Kurnol J. (1998): *Perspectives and Strategies of Spatial Development. Policy in the Central European, Adriatic and Danubian Area*. Proceedings "European Space and Teritorial Integration Alternatives. Thessaloniki 16-18 October 1998. pp.3-6.

109. Lawson S., Heacock D., Stupnytska A. (2006): Building the BRICs: Infrastructure opportunities;

110. Lopandic D. (2002): *Gutachten Regional Initives in the Balkans-Autonomous Initiatives*. "Balkan forum: Regionale Kooperation und europaische Integration des Westbalkans". 3. Sitzung, Berlin, 13. Mai 2002. str. 2-3;

111. Lucka L. (1999): *The Economic transition of Slovenia in the process of globalization*.Vo "Geografski zbornik". XXXIX(1999)39;

112. Малески Д. (1986): *Современи политички системи*. Скопје: НИО “Студентски збор”;

113. МАНУ: *Национална стратегија за економскиот развој на Република Македонија: развој и модернизација*. Скопје: МАНУ, 1997. стр. 20;

114. МАНУ: *Стратегија за извоз на Република Македонија*: (истражувачки проект). Скопје: МАНУ, 1999. стр. 54;

115. Massey, D.: *Globalisation: What Does it Mean for Geography*. "Geographical Association Annual Conference", UMIST, 2002.p. 1;

116. Measuring Globalization: *Who's Up, Who's Down*? A.T. Kearney/Foregn Policy Magazine, 134 (2003) pp. 60-73;

117. Michalopoulos C. (2002): The Western Balkans in World Trade: Some Implications for Greece. In Southearn European and Black Sea Studies. London: Published by Frank Cass. Vol.2. pp. 102;

118. Министерство за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина: *Просторен план на Република Македонија: работна верзија*. Скопје: ЈП за Просторни и урбанистички планови. 1998.

119. Миљовски К (1977).*: Основите на регионализацијата и контурите на идните региони во СР Македонија: книга прва*. Скопје: Економски факултет, стр.37;

120. Михајлов Љ., Трајкова Ф.: Полјоделство. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, 2011. стр.7.

121. Константинов М. (1992): Македонци. Кн. 6. Скопје.

122. Лазаревски А. (1993): „Климата во Македонија", Скопје, „Култура".

123. Лимановски Н. (1993): Исламизацијата и етничките промени во Македонија.Македонска книга, Скопје.

124. Маркоски В (1993): Развојни карактеристики на индустријата во општинаКрушево, Годишен зборник кн. 31-32;

125. Маркоски В, Герасимовска Ц (1996): Раселените населби во Република Македонија, Зборник на трудови од Првиот конгрес на географите од РеиубликаМакедонија одржан во Охрид од 26 до 28. 10. 1995 година;

126. Милески Г (1955): Струга, Годишен зборник на Филозовскиот факултет кн.8, Скопје;

127. Милески Г (1965): Езерата во СР Македонија како важни риболовни итуристички подрачја, Докторска дисертација (во ракопис), одбранета на ПМФ,Инстнтут за географија во Скопје;

128. Маџевиќ М (1995):Сточарството во Република Македонија, Географски разгледи кн. 30;

129. Маџевиќ М, Апостоловска-Тошевска В(1999): Промени во структурата навработените во Р Македонија, Географски разгледи кн. 34;

130. Маџевиќ М (2000): Демогеографска анализа на природното движење на населението во Република Македонија, Докторска дисертација (во ракопис), одбранета на ПМФ, Инстнтут за географија во Скопје;

131. Маџевиќ М (2000): Природен прираст на населението во Реиублика Македонија, Географски разгледи кн. 36;

132. Маџевиќ М(2000) :Некои специфичности на природниот прираст на населението во Република Македонија, Географски разгледи кн. 35;
133. Маџевиќ М (2002): Образовна структура на населението во Република Македонија, географски разгледи кн. 37;
134. Мијалов Р (1995): Природни одлики, аграрно-просторни обележја и функционална класификација и трансформација на населбите во сливот на река Струмица, Докторска дисертација (во ракопис), одбранета на ПМФ, Инстнтут за географија во Скопје;
135. Мијалов Р (1999):Појава и проблеми на аграрната пренаселеност во Република Македонија, Годишен зборник кн. 33-34;
136. Мијалов Р (2000): Промени во аграрната структура во Р. Македонија, Зборникна трудови од Второит конгрес на географите на Р Македонија одржан во Охридод 3 до 5. 11. 2000 год.
137. Миленковски Љ (1981): Актуелни проблеми на сточарството во ридско-планинските подрачја на СР Македонија, Зборник на трудови од Републичкиотсимпозиум „Природни и социо-географски проблеми на ридско-планинскитеподрачја", Берово 13-15 јуни, 1980 год.;
138. Миленковски Љ (1982): Социо-географски и аграрни карактернстпкн на Гевгелиско-Валандовската Котлина, Докторска дисертација (во ракопис), одбранетана ПМФ, Инстптут за географија во Скопје;
139. Миленковски Љ (1987): Природно-географските услови како фактор за ра-звој на земјоделството во Гевгелиско-валандовската Котлина, Географски ра-згледи кн. 25;;
140. Микулчиќ И. (1974): За големината на доцноантичките градови во Македонија, Историја Бр.2, Скопје.
141. Муличкоски Т.(2002): Духот на македонскиот град, БИГОС,Скопје;
142. Недков В (1972): Штип, Географски видик кн. 2-3, Географско друштво на СРМакедонија, Скопје;
143. Недков В (1974): Свети Николе, Географски видик кн. 5, Географско друштвона СР Македонија, Скопје;
144. Николовска Н.: *Регионална економија*: постојан учебник. Скопје: Економски факултет, 2000, стр.24.
145. Nikolovska, Natalija, Sundać, Dragomir: Globalization and economic downfall of countries in transition. Скопје: ИМПРЕСУМ: Magor, 2002.
146. Николовски А.: Сообраќај. Скопје: Александар Николовски, 1999.
147. Oxford economics: *The New digital economy: how it will transform business*. Oxford Economics, 2011.
148. Панов М.: *Социјална географија*. Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј, 1987.
149. Панов М (1956): Радовиш, Годишен зборник на Филозовскиот факултет кн. 9,Скопје; стр. 163-193
150. Панов М (1963): Природни одлики, население и стопанство во сливнитеподрачја на Крива Лакавица и Отиња, Годишен зборник на ПМФ кн. 14 св. 2, Скопје; стр. 197-252;

151. Панов М (1967): Популациски развиток на градските населби во СРМ, Географски разгледи кн. 5;
152. Панов М (1968): Некои методолошки принципи за проучување на градскитенаселби во Македонија, Географски разгледи кн. 6;
153. Панов М (1975): Демографски карактеристики на Струмичко-радовишкатаКотлина. Годишен зборник кн. 21, св. 9;
154. Панов М. (1976): „Географија на СР Македонија", кн. I, Скопје, „Просветно дело".
155. Панов М (1975): Промени и проблеми во населеноста на планинските подрачјаво СРМ, Географски разгледи кн. 13;
156. Панов М (1976): Рурални промени и проблеми на населеноста на рамничарскитеподрачја на СР Македонија, Годишен зборник кн. 22, св. 10;
157. Панов М (1979): Разместеност на населбите и населението во СР Македонијапо микро и мезорегиони и во однос на централните места, Годишен зборник кн. 23;
158. Панов М (1979): Просторни и популациски карактеристики на раштрканитесела во СР Македонија, Географски разгледи кн. 17;
159. Панов М (1982): Број и големина на селата во СР Македонија во периодот1971-1981 година, Географски разгледи кн. 20;
160. Панов М (1984): Некои белези на населеноста на општините во СР Македонија, Годишен зборник кн. 27-28; ;
161. Панов М (1984): Динамика и разместеност на населението по народноснаструктура во СР Македонија, Географски разгледи кн. 21-22;
162. Панов М ( 1993): Селата во Реиублика Македонија 1 и 2, НИО Студенскизбор, Скопје;
163. Панов Н (1994): Комплески истражувања на резиденционалниот туризам воРепублика Македонија, Докторска дисертација (во ракопис), одбранета на ПМФ,Инстнтут за географија во Скопје;
164. Панов Н (1996): Развој на туризмот во Реиублика Македонија, Зборник натрудови од Првиот конгрес на географите од Република Македонија одржан воОхрид од 26-28. 10. 1995 година;
165. Пурковиќ М. (1940): Попис села у средновековној Србији. Годишник Скоп-ског филозофског факултета. Скопје.
166. Панов Н (1998): Туристичка валоризација на манастирите во Република Македонија, Вато и Дивајн, Скопје;
167. Панов Н (2000): Потенцијални можности за развој на селскиот туризам воРепублика Македонија, Зборник на трудови од Вториот конгрес на географитена Р Македонија, Охрид 3-5. 11. 2000 год.
168. Petrakos G.: *Patterns of Regional Inequality in Transition Economies*. "European Planning Studies". Vol. 9 (2001) No.3. p. 360.
169. Петковски М. *Инструментите на макроекономската политика во Република Македонија.* Зборник на трудови: “Макроекономската политика во областа на финансиите” (научен собир): По повод 80 години од животот и 50

години наставна и научна дејност на академик Ксенте Богоев. Скопје: МАНУ, 2001. стр. 242.

170. Пиха Б.: *Основе просторног планирања*. Београд, 1979

171. Pjanic Lj.: *Prostorna ekonomija*. Beograd: Slu`beni list, 1972. str. 114

172. Поповски Н.: *Економија на развојот*. Скопје: Европски универзитет, 2010. стр.

173. Porter, M.E.: *O konkurenciji*. Beograd: Fakultet za ekonomiju, finansije i administraciju, 2008.

174. Портер Е. Мајкл: *О конкурентности*. Београд: Факултет за економију, финансије и администрацију, 2008. стр. 171.

175. Радке Д.: *Пазарно стопански модели: Социјално пазарно стопанство во Сојузна Република Германија*. Берлин: Германски институт за развојна политика, 1995.

176. *REBIS transport Joint Venture: Regional Balkans Infrastructure Study*: Transport (Draft final report), 2003.

177. Ристески С.: “*Економска статистика*”. Скопје: Економски факултет, 1997. стр.34.

178. Richard J. Lewis, *Hawley's Condensed Chemical Dictionary;* (14thEdition) John Wiley&Sons, New York, USA, 2002.

179. Радовановиќ В (1924): Тиквеш и Рајец, Насеља и порекло становништва, Београд.

180. Русиќ В (1964): Некашње ветерњаче у Македонији. Словенски етнографXVI-XVII. Љубљана.

181. Seybert H. (2011): Industry, trade and services. European Commision: Eurosata. 66/2011.Sowell T.: *Applied Economics. thinking beyond stage one* . New York: Thomas Sowell, 2004.

182. Stojanovic R.: *Veliki ekonomski sistemi: problemi optimizacije velikih ekonomskih sistema*. Beograd: "Savremena administracija"; Institut za ekonomska istra`ivanja, 1983.

183. Stojkov B.: *Metode prostornog planiranja*. Beograd: Geografski fakultet, 2000.str. 8.

184. Стојмилов А.: *Економска географија*. Скопје: Просветно дело, 1996.

185. Светиева А. (2000): Предавања во ракопис.

186. Селмани А (1981): Социо-географски и економски одлики и проблеми наопштината Дебар со посебен осврт на функцијата на централно место, Докторскадисертација (во ракопис), одбранета на ПМФ, Институт за географија во Скопје;

187. Селмани А (1984): Некои карактеристики на демографскиот развој наопштина Дебар, Географски разгледи кн. 21-22;

188. Селмани А (1993): Историско-географски развој на населбите во општинаДебар, Годишен зборник кн. 31-32;

189. Сидовски К (1958): Текстилната индустрија во НР Македонија во периодотпомеѓу двете светски војни, ГЛАСНИК на Институтот за Национална историјана НР Македонија бр. 1;

190. Сидовски К (1958):Преглед на прехранбената нндустрија во Македонија 1912-1940, ГЛАСНИК на Инстптутот за Национална историја на НР Македонија бр. 2;

191. Сидоски К. (1980): Развој на индустријата на територијата на денешна Македонија во периодот меѓу двете светски војни. МАНУ, Скопје.

192. Синадиновски Ј (1971): Некои карактеристики на повоениот процес на деаграризација и индустријализација во СР Македонија, Географски разгледи кн. 8-9;

193. Соколовски М. (1980): Развојниот пат на некои градови во Македонија во XV и XVIII век, Историја, Скопје.

194. Стојмилов А (1970): Кочани -физичкогеографски и антропогеографскиосврт, Монографија на Кочани, Скопје;

195. Стојмилов А (1972): Основни стопанско-географски карактеристики нанадворешно-трговската размена на СР Македонија, Географски разгледи кн. 10;

196. Стојмилов А (1974): Туристички вредности на Македонските планини, Докторска дисертација (во ракопис) одбранета на ПМФ, 1974;

197. Стојмилов А. (1996): „Глацијални езера на планината Јабланица", Скопје, Географско друштво на Републпка Македонија, „Географски разгледи", кн. 31.

198. Стојмилов А. (1998): „Глацијални езера на Јакупица", Скопје, Географскодруштво на Републпка Македонија, „Географски разгледи", кн. 32-33.

199. Стојмилов А. (1969): „Катлановска бања", Скопје, Македонско Географскодруштво, „Географски разгледи", кн. 7.

200. Стојмилов А. (1971): „Дебарски Бањи", Скопје, Македонско Географскодруштво, „Географски разгледи", кн. 8-9.

201. Стојмилов А. (1971): „Струмичка Бања - Банско", Скопје, Македонско Географско друштво, „Географски разгледи", кн. 13.

202. Стојмилов А. (1978): „Негорска Бања", Скопје, Македонско Географскодруштво, „Географски разгледи", кн. 13.

203. Стојмилов А. (2001): „Географија на Република Македонија", Скопје, „Просветно дело".79.Станковиќ С. (1957): „Охридско Језеро и његов живи свет", Скопје, „Култура".

204. Стојмилов А (1975): Струмичка бања Банско, Географски разгледи кн. 13;

205. Стојмилов А (1975): Туристичките вредности на планините во СР Македонија, Годишен зборник кн. 21, св. 9;

206. Стојмилов А (1976):Атрактивно - рекреативни карактеристики и туристичкилокалитети на планината Осогово, Годишен зборник кн. 22, св. 10;

207. Стојмилов А (1977): Туристички вредности на Пелистерскиот и Јакупичкиот планински турнстпчкн регион, Годишен зборник кн. 22;

208. Стојмилов А (1984): Појава, развиток и стопанско - географски карактеристики на поодделните индустриски гранки на територијата на денешна СР Македонија до почетокот на Првата светска војна, Географски разгледи кн. 21-22;

209. Стојмилов А (1985): Просторни фактори за развој на туризмот во КожувскоНиџескиот регион, Годишен зборник кн. 25;

210. Стојмилов А (1985): Основни карактеристики на становите за одмор и рекреација и нивна концентрација по општини, Годишен зборник кн. 21;

211. Стојмилов А (1987):Развој и денешни стопанско-географски карактеристикина текстилната индустрија во СР Македонија, Географски разгледи кн. 25;

212. Стојмилов А (1995): Развој на индустријата во Реиублика Македонија, Географски разгледи кн. 30;

213. Стојмилов А (2000): Вероисповедна структура на населението во РепубликаМакедонија, Географски разгледи кн. 35;

214. The Royal Swedish Academy of Sciences (2008): The Prize in Economic Sciences 2008 3(4).

215. Ташков Н., Кузелов А.: Познавање на стоката. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, 2012. стр.13.

216. Temjanovski Riste: *Corridors 8 and possibility influence to Economic Development In Republic Of Macedonia*. Sofia: BAN, 2001, p. 54.

217. Темјановски Р.: *Економски системи и економски политики*. Скопје: Европски универзитет, 2006.

218. Тодоров Т.: *Економски теории и економски мислители.* Прилеп: Економски факултет, 2002.

219. Тодоров Т., Атанасовски С.: *Анатомија на светскиот поредок*. Прилеп: Економски факултет; Битола: АД "Киро Дандаро", 2003.

220. Точковски В, Костовски В (1970): Битола-стопански и културен центар во Пелагонија, Географски видик кн. 1, Географско друштво на СР Македонија,Скопје; стр. 86-95;

221. Точковски В (1982): Структурните промени на населението и просторнотериторијален и фуикциоиален развој на населбите во Пелагонија (Битолско иПрилепско Поле), Докторска дисертација (во ракопис), одбранета на ПМФ, Ин-стнтут за географија во Скопје;

222. Тишковиќ В (1979): Типови земјоделства во СР Македонија, Географски разгледи кн. 17;

223. Трифуновски Ј. Ф (1947): Гостивар, Гласник географског друштва, св. XXVII,Научна књига, Београд, стр. 94-107;

224. Трифуновски Ј. Ф (1955): Варошица Крушево-прилог проучавању варошицеу НР Македонији, Гласник Етнографског Института Српске Академије, књ. IV,Београд;

225. Трифуиовски Ј. Ф (1957): Дебар-антропогеографска испитивања, Гласник Етнографског Инстптута, САН БШ, Београд;

226. Трнфуновскн Ј. Ф (1964): Рударско насеље Пробиштип, Географски хори-зонт бр. 4, год. X, Загреб, стр. 50-51;

227. Трнфуновски Ј. Ф (1967): Охрид, његов туристички значај, Географски хоризонт бр. 1-2, год. XIII , Загреб, стр. 26-41;

228. Трифуновски Ј. (1988): Албанско становништво у Социјалистичкој Републици Македонији. Књижевне новине Београд.

229. The International competitivness of economies in transition. The untapped potential: a challenge for business and government. Albania: National competitiveness issues, constraints and strategic implications. Sofia, 2003.

230. The Federal Government: *Facts about Germany*. Franfurkt/Main: Societäts Verlag, 2000. pp 343.

231. Transport infrastructure in the European Union and Central European Countries 1990-2010. Statistics in focus: Transport, Theme 7 23.08.2012

232. Узунов Н.: Стопанството на Република Македонија: 1945-1990. Скопје: МАНУ, 2001.стр.26.

233. Узунов Н.: *Економската наука и макроекономската политика*. Скопје: МАНУ, 2005. стр. 51-52.

234. Узунов Н., Костовска Љ. (2000): *Современите економски системи*, Економски факултет, Скопје;

235. Узунов Н., Георгиев А., Недановски П. (2003): *Применета економија*. Економски факултет, Скопје;

236. Uvalic M. *Regional cooperation and economic integrationin South-Eastern Europe*. "Southeast Europe and Black Sea Studies". Volume 1, Number 1, Summer 2000, pp 64-68;

237. U.S. Energy Information Administration | International Energy Outlook 2011;

238. Курчиев А. (1975): Трајните миграции на населението во Р. Македонија - Проблеми на демографскиот развој на СР Македонија, МАНУ, Скопје;

239. Урошевиќ А (1949): Куманово, Годишен зборник на Филозовскиот Факултет кн. 2, Скопје, стр. 6-44;

240. FAO Statistical yearbook 2013: *World food and agriculture*. Rome: Food and agriculture organization of the United Nations, 2013. p.128;

241. Филиповски Ѓ и др. (1996): „Карактеристики на климатско-вегетациско-почвените зони во Република Македонија", , МАНУ, Скопје, стр. 43-97;

242. Филиповски Ѓ. (1974): „Педологија", II издание на Уннверзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје;

243. Филиповски Ѓ., Поповски Д. (1978): „Почвите на СРМ од гледиште на просторното планирање", Институт за просторно планирање, Просторен план Скопје;

244. Филиповски Ѓ. (1995-1997): „Почвите на Република Македонија", том I, II, III. МАНУ, Скопје;

245. Фити Т. (2006): Економија: основи на економијата, Економски факултет, Скопје;

246. Фити Т. (2001): *Современите макроекономски концепции и економските политики*, Економски факултет, Скопје;

247. Фити Т. (2003): Макроекономија: основи на макроекономијата, Економски факултет, Скопје;

248. Фити Т. (2004): Макроекономската стабилност и растот. Во “Отворени предизвици на македонската економија”, Зборник на трудови од научен собир, МАНУ, Скопје;

249. Чипан Б. (1978): Македонските градови во XIX век и новата урбанистичка перспектива, МАНУ, Скопје:

250. Hagget P. (1965): Locational analysis in Human Geography, London;

251. Husted, Steven; Melvin, Melvin (2007): International Economics. Boston: Pearson;

252. Chandler Alfred D.Jr. (2005): Shaping the Industrial Century: The Remarkable Story of the Evolution of the Modern Chemical and Pharmaceutical Industries; Harvard University Press, London, UK;

253. Campbell, John J. (2005): Understanding Pharma; Pharmaceutical Institute, Raleigh, USA;

254. Wackermann G. (2001): Transport, trade, tourism and the world economic system. Oxford: Blackwell Publishers, p. 28;

255. World trade Organization: International trade Statistics 2011.

Интернет страници:

http://www.fas.usda.gov/grain/Current/#Wheat

http://faostat.fao.org/

http://usda.mannlib.cornell.edu/MannUsda/homepage.do

**SUMMARY**

The paper “Socioeconomic geographic the Republic of Macedonia” contains the entire, demographic, and economic-geographic issues of Macedonia. It has been written on the basis of a modern geographic conception and material from the author’s perennial teaching and scientific experience, acquired during the scientific research on the Macedonian geography and university teaching, has been presented here. The latest geography results and the results of the related disciplines have been used during the writing of the same. The geographic objects, processes, phenomena and problems have been monitored and shown from a spatial and temporal aspect in the text. All of which are accompanied by sufficient facts. The material is laid out in three parts, sociogeographic, and economic-geographic part.

*Population* and *Settlements*; The chapter on population deals with the settling on the territory of the Republic of Macedonia and the ethnogenetic processes that have taken place in this area in the past. Whereby, the focus is on the population and population density in Macedonia during separate historic periods and the ethnogenetic influences, in order to explain the ethnogenesis of the Macedonian nation and the great number of minorities living here at present. The demographic characteristics of the population in the Republic of Macedonia are elaborated in detail, through data from all official censuses including the latest census carried out in 2002. The migratory movements, including both internal and external migrations, are separately presented.

The second chapter involves the settlements in the Republic of Macedonia. The development and division of settlements is elaborated, and the characteristics and distinctive features of urban and rural settlements are presented in the same.

The following is presented in the material of the third part:

1. Agriculture;
2. Forestry;
3. Industry and Mining;
4. Traffic;
5. Trade; and
6. Tourism in the Republic of Macedonia.

At the begging of this part, besides the natural-geographic factors, the socioeconomic  conditions in Macedonia in the past have been presented, as well as their significance for the development of the economy. The development has

been analyzed according to separate historical periods whereby the greatest focus is on the period after World War II.

In the chapter on agriculture, the geographic allocation and production of cereal crops, industrial crops, vegetables and fodder, as well as fruit-growing, vine-growing and stock-breeding have been presented separately. Regarding forestry in the Republic of Macedonia, the natural conditions for the development of forestry have been reported first, and later the type of forests; whereas special attention is places on the raising and renewal of the forest fund.

The geography of industry and mining are represented in the largest part of this paper. First of all, the historical development of the industry in the Republic of Macedonia is described most extensively here. Further, this is followed by the development and characteristics of the energy economy, the black and colored metallurgy, the production and processing of non-metallic minerals, the metal industry with all of its branches, the chemical industry, the wood processing and paper production industry, the textile industry, the leather, rubber and footwear industry, the food industry, the tobacco and the graphic industry. An attempt has been made to display each industrial branch's development, from the moment of establishment of the first factories to date. The energy, as a condition for the development of the entire economy, has been presented at first and it has been clearly stressed that the Republic of Macedonia has insufficient energy resources. Mining was not elaborated separately because in the contemporary geographic approach it is connected to the industrial branches where it appears as their comprising part.

In the chapter about traffic, the geographic principle is being maintained in a way that first states the traffic development factors, and later it states the traffic branches and their territorial outspread in the country.

In the end, the geographic characteristics of trade and tourism of the Republic of Macedonia have been presented. In the part on trade, special emphasis is placed on the domestic trade. However, appropriate attention has been given to international trade as well. Regarding tourism, the development factors have been elaborated first and later, the historical aspect has been presented, followed by the current condition; and the separate tourist destinations in the Republic of Macedonia have been described lastly.

## Содржина

I. НАСЕЛЕНИЕ И НАЦИЈА ........................................................................ 5
1. НАСЕЛУВАЊЕ И ЕТНОГЕНЕТСКИ ПРОЦЕСИ ............................................. 5
1.1. НЕОЛИТСКО НАСЕЛЕНИЕ И НАСЕЛБИ ................................................ 6
1. 2. НАСЕЛУВАЊЕ НА ДРЕВНИТЕ МАКЕДОНЦИ И ФОРМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ........................................................................ 8
1.3. МАКЕДОНИЈА ПОД ВЛАСТ НА РИМЈАНИТЕ ...................................... 12
1.4. НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ ........................................................ 13
1.5. СОЗДАВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА САМОИЛОВАТА ДРЖАВА (978-1018) ...... 16
1.6. ПРОМЕНИ КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО И НАСЕЛБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ТУРСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ ........................................................ 20
1.7. ЕТНОПОЛИТИЧКИ И СОЦИОЕКОНОМСКИ СОСТОЈБИ ВО МАКЕДОНИЈА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ .................................................... 24
1.8. ФОРМИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИЈА ...................................... 26
2. НАСЕЛЕНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2.1. ВКУПНО ДВИЖЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ............................................ 29
2.2. ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ ............................................................. 33
2.3. СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО СПОРЕД ПОЛОТ ................................ 36
2.4. СТАРОСНА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО ........................................ 38
2.5. ПРИРОДНО ДВИЖЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ......................................... 43
2.5.1. НАТАЛИТЕТ НА НАСЕЛЕНИЕТО .................................................... 43
2.5.2 МОРТАЛИТЕТ НА НАСЕЛЕНИЕТО .................................................... 47
2.5.3.ПРИРОДЕН ПРИРАСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ........................................ 50
2.5.4. ПОРАСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ........................................................... 53
2.6. СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО СПОРЕД ОБРАЗОВАНИЕТО ................ 55
2.7. ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО ...................................... 59
2.8. ЕТНИЧКА СТРУКТУРА НА НАСЕЛЕНИЕТО ........................................... 62
2.9. СТРУКТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДОМАЌИНСТВАТА ...................... 69
3. МИГРАЦИСКИ ДВИЖЕЊА ..................................................................... 73
3.1. ВНАТРЕШНИ МИГРАЦИИ ................................................................. 75
3.2. НАДВОРЕШНИ МИГРАЦИИ .............................................................. 77
3.2.1. ИМИГРАЦИИ .................................................................................. 77
3.2.2 ЕМИГРАЦИИ .................................................................................. 82

II. НАСЕЛБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ...................................................... 87
1. ПОИМ И ПОДЕЛБА НА НАСЕЛБИТЕ ............................................................ 87
2. ГРАДСКИ НАСЕЛБИ – ДЕФИНИРАЊЕ И ПОДЕЛБА ..................................... 88
2.2. НАСТАНУВАЊЕ И РАЗВИТОК НА ГРАДСКИТЕ НАСЕЛБИ ...................... 120
2.3. ФИЗИОНОМСКИ ОДЛИКИ И ФУНКЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ ....................... 123
2.4. ГРАДОВИТЕ КАКО ЦЕНТРАЛНИ МЕСТА И НИВНИТЕ ВЛИЈАТЕЛНИ СФЕРИ ........................................................................................................ 128
3. СЕЛСКИ НАСЕЛБИ ........................................................................................ 130
3.1. НАСТАНУВАЊЕ И РАЗВИТОК НА СЕЛАТА ............................................ 130
3.2. ПОДЕЛБА НА СЕЛСКИТЕ НАСЕЛБИ СПОРЕД ПОЛОЖБАТА ................. 131
3.3. ПОДЕЛБА НА СЕЛАТА СПОРЕД ГОЛЕМИНАТА И ФУНКЦИИТЕ ............ 132
3.4. ТИПОВИ НА СЕЛА ВО МАКЕДОНИЈА ..................................................... 134
III. СТОПАНСКО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................................................................................ 137
1.ЗНАЧЕЊЕТО НА ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИТЕ ФАКТОРИ ЗА РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ........................................................................................ 137
1.1. ВАЖНОСТА НА ГЕОГРАФСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРОСТОРНОТО ПОВРЗУВАЊЕ И ЕКОНОМСКО КОНТАКТИРАЊЕ СО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ ................................................ 137
1.2. ПРИРОДНИ УСЛОВИ И РЕСУРСИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ....... 138
2. ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИ УСЛОВИ И РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО .... 166
2.1. РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА ........................................................................................................ 166
2.2. РАЗВОЈ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТОПАНСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ ................................................. 170
2.3. РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО II СВЕТСКА ВОЈНА ......................................................................................... 174
2.4. РАЗВОЈ НА СТОПАНСТВОТО ПО ОСАМОСТОЈУВАЊЕТО ..................... 177
3. ЕВОЛУЦИЈА И ГЕОГРАФСКА РАЗМЕСТЕНОСТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ......................................................................................... 180
3.1.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ........................... 180
3.2. ЗЕМЈИШЕН ФОНД И НЕГОВАТА СТРУКТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ............................................................................................ 182
3.3. МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО .......................... 185

3.4. ПОЛЈОДЕЛСТВО ........................................................................ 186
3.5. ОВОШТАРСТВО ........................................................................ 210
3.6. ЛОЗАРСТВО ........................................................................ 216
3.7. СТОЧАРСТВО ........................................................................ 220
4. ШУМАРСТВО ........................................................................ 229
4.1. ДРВНА МАСА НА ШУМИТЕ ........................................................................ 232
4.2. ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ШУМИТЕ ........................................................................ 235
4.3. ПОДИГАЊЕ И ОБНОВА НА ШУМИТЕ ........................................................................ 236
5. РАЗВОЈ, ГЕОГРАФСКА РАЗМЕСТЕНОСТ И ДЕНЕШНА СТРУКТУРА НА ИНДУСТРИЈАТА ........................................................................ 238
5.1. ПОЈАВАТА И РАЗВОЈ НА ИНДУСТРИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................................................ 238
5.2. РАЗВОЈ И ДЕНЕШНИ СТОПАНСКО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕНЕРГЕТСКОТО СТОПАНСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА .................. 242
5.2.1. ОБЕМ И РАЗМЕСТЕНОСТ НА ХИДРОЕНЕРГЕТСКИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ 243
5.2.2. НАОЃАЛИШТА И УТВРДЕНИ РЕЗЕРВИ НА ЈАГЛЕН ......................... 247
5. 2. 3. ПРОИЗВОДСТВО НА ЈАГЛЕН ........................................................................ 251
5.2.4. ПОЈАВА НА НАФТА И ПАРАФИНСКИ ШКРИЛЦИ ........................... 253
5.2.5. НУКЛЕАРНИ СУРОВИНИ ........................................................................ 253
5.2.6. ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА ........................................................................ 253
5.2.7. ДРУГИ ВИДОВИ НА ЕНЕРГЕНСИ ........................................................................ 254
5.2.8. ИЗГРАДБА НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ ............................. 255
5.2.9. ПРОИЗВОДСТВО И ПОТРОШУВАЧКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА 258
5.3. ЦРНИ МЕТАЛИ И ЦРНА МЕТАЛУРГИЈА ........................................................................ 260
5.4. ОБОЕНИ МЕТАЛИ И ОБОЕНА МЕТАЛУРГИЈА ..................................... 264
5. 5. НАОЃАЛИШТА, ПРОИЗВОДСТВО И ПРЕРАБОТКА НА НЕМЕТАЛНИ МИНЕРАЛИ (ИНДУСТРИЈА НА НЕМЕТАЛИ И ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ) .. 268
5.6. МЕТАЛСКА ИНДУСТРИЈА ........................................................................ 273
5.7. ХЕМИСКА И ФАРМАЦЕВТСКА ИНДУСТРИЈА ........................................ 275
5.8. ИНДУСТРИЈА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ДРВО И ЗА ДОБИВАЊЕ ХАРТИЈА .. 276
5.9. ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА ........................................................................ 278
5.10. ИНДУСТРИЈА ЗА КОЖА, ГУМИ И ОБУВКИ ........................................ 286
5.11. ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА ........................................................................ 288
5.12. ИНДУСТРИЈА ЗА ТУТУН ........................................................................ 292

5.13. ГРАФИЧКА ИНДУСТРИЈА ........ 292
6. СООБРАЌАЈОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 294
6.1. КРИТЕРИУМИ, ПРИНЦИПИ И ПОГОДНОСТИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СООБРАЌАЈНАТА МРЕЖА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 294
6.2. ПАТЕН СООБРАЌАЈ ........ 298
6.2.1. КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ПАТНАТА МРЕЖА ........ 299
6.2.2. МЕЃУНАРОДНИ ИЛИ Е-ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 303
6.2.3.ТРАНСПОРТНИТЕ КОРИДОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАКО СОСТАВЕН ДЕЛ ОД ЕВРОПСКАТА ТРАНСПОРТНА МРЕЖА ........ 304
6.2.4. СТЕПЕН НА МОТОРИЗАЦИЈА ........ 306
6.3. ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ ........ 307
6.4. АВИОНСКИ СООБРАЌАЈ ........ 312
6.5. ОСТАНАТИ ВИДОВИ СООБРАЌАЈ ........ 313
7. ТРГОВИЈА ........ 315
7.1. ОПШТО ЗА ТРГОВИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 315
7.2. ВНАТРЕШНА ТРГОВИЈА ........ 317
7.3. НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА ........ 320
7.3.1. СТРУКТУРНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАДВОРЕШНО - ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА ........ 322
7.3.2. ГЕОГРАФСКА СТРУКТУРА НА НАДВОРЕШНО - ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА ........ 322
8. ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 325
8.1. ФАКТОРИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ........ 326
8.1.1. АТРАКТИВНА ОСНОВА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 327
8.1.2. УГОСТИТЕЛСТВОТО КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ...... 337
8.2. РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........ 340
8.2.1. РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ........ 342
8.2.3. СТРАНСКИОТ ТУРИЗАМ И ДЕВИЗНИОТ ПРИЛИВ ОД НЕГО ........ 347
8.2.4. ТУРИСТИЧКА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ ВО РЕПУБЛИКА ........ 349
МАКЕДОНИЈА ........ 349
ЛИТЕРАТУРА ........ 353
SUMMARY ........ 367